1.16.	Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал и кои имаат произведен и продаден предосновен и основен семенски материјал за житни култури во 2017 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија; -Висината на директните плаќања за произведен и продаден семенски материјал, вклучително и употребениот за сопствени потреби предосновен семенски материјал изнесува 20,00 денари по килограм и основен семенски материјал изнесува 8,00 денари по килограм.
1.17	Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови	- Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на саден материјал кои имаат произведено и продадено младо растение од родот Орхидеи вид Phalaenopsis во инвитро услови во период од 1 јануари до 15 мај 2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 70,00 денари по продадено младо растение кое е произведено во инвитро услови со микроразмножување и користење на хранливи агарски подлоги кои имаат желатинска структура во санитарно-исправни услови -Максимален број на млади растенија е 88.000 по корисник.
1.18.	Дополнителни директни плаќања од подмерки 1.5., 1.9. и 1.11. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства регистрирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства кои се корисници на подмерките 1.5., 1.9. и 1.11. на оваа уредба со сите евидентирани парцели во единствениот регистар на земјоделски стопанства, а кои во претходните три последователни години добивале финансиска поддршка исклучиво за житни култури од подмерка 1.1. на оваа уредба. -Висината на директните плаќања изнесува дополнителни 30% од поддршката обезбедена за подмерките 1.5., 1.9. и 1.11. на оваа уредба. -Финансиската поддршка ќе се исплаќа во времетраење од пет последователни години од годината на преминување од производство од подмерка 1.1. во производство од подмерките 1.5., 1.9. и 1.11. на оваа уредба.

(3) Побликите критериуми во сточарското производство од дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година по грло добиток и висината на директните плаќања во зависност од видот на добитокот се следни:

Бр. на под-мерка	Име на подмерката	Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања
2.1.	Директни плаќања за обележани грла говеда	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 2.800,00 денари по грло. Бројот на обележани грла се пресметува скалесто и тоа: од 1 грло до 100 грла 100%, од 101 грла до 150 грла 70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20%.
2.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда и се корисници од подмерка 2.1 на оваа уредба, имаат минимум 30 грла говеда обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда, и воедно не се корисници на директните плаќања од подмерка 2.4. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 1.500,00 денари и се исплаќа за женско грло говедо кое е на возраст од 12 до 24 месеци на 30.09.2017 година.
2.3.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за грла говеда од автохтона раса Буша	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од расата Буша и се корисници од подмерка 2.1 на оваа уредба и имаат најмалку пет уматичени грла говеда од расата Буша обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на говеда од расата Буша на денот на поднесувањето на барањето; -Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на говеда од расата Буша и во 2016 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша; -Висината на директните плаќања изнесува 1.500,00 денари и се исплаќа за уматичено грло говедо од расата Буша и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2017 година.
2.4.	Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство и го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко за период од октомври 2016 година до септември 2017 година, запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи; -Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) за произведеното млеко за период од октомври 2016 година до септември 2017 година, за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи; -Висината на директните плаќања изнесува 3,5 денари по литар произведено и предадено млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.
2.5.	Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран клanичен капацитет	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2016 година до април 2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.500,00 денари по продадено или заклано грло говедо.
2.6.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.5 за одгледани и заклани грла говеда во регистриран клanичен капацитет за производство на месо	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло и се корисници од подмерка 2.5 на оваа уредба, грлата говеда да не се помлади од осум месеци и да не се постари од 18 месеци на денот на колење и да се од следните раси: симменталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, буша и мелези; -Висината на директните плаќања изнесува 4.000,00 денари по продадено или заклано грло говедо.
2.7.	Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на регистрирани говеда и се корисници од подмерка 2.1 од оваа уредба кои имаат оплодена крава/јуница по пат на В/О и добиено и регистрирано теле во период мај 2016– април 2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.200,00 денари по добиено и регистрирано теле.
2.8.	Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои поседуваат минимум 30 грла овци од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло за сите категории и возрасти.
2.9.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.8 за задржано женско јагне	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на овци и се корисници од подмерка 2.8. од оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 700,00 денари по грло и се исплаќа за женско јагне кое на 30.09.2017 година е на возраст од шест до 18 месеци.
2.10.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.8 за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска)	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои сеодгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) и се корисници од подмерка 2.8 од оваа уредба и имаат минимум 50 уматичени грла овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска), обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) на денот на поднесувањето на барањето; -Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на

		овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) и во 2016 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска); -Висината на директните плаќања изнесува 500,00 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло овца и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2017 година.
2.11.	Директни плаќања за обележани грла кози	-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози кои поседуваат најмалку 10 грла кози од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на кози и истите ќе ги чуваат до 30.09.2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло за сите категории и возрасти.
2.12.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за задржано женско јаре	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози и се корисници од подмерка 2.11 од оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 700,00 денари по грло и се исплаќа за женско јаре кое на 30.09.2017 година е на возраст од шест до 18 месеци.
2.13.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за грла кози од автохтона раса Балканска коза	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои се одгледувачи на кози од расата Балканска коза и се корисници од подмерка 2.11 од оваа уредба и имаат минимум 50 уматичени грла кози од расата Балканска коза, обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и кози и запишани во матична книга на Признатата организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза на денот на поднесувањето на барањето; -Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза и во 2016 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза; -Висината на директните плаќања изнесува 500,00 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло кози и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2017 година.
2.14.	Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски приплодни грла-маторици и поседуваат минимум две грла маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло маторица.
2.15.	Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале најмалку 5 гоеници во период од мај 2016 година до април 2017 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања за гоеници со тежина од 90 до 120 килограми по грло изнесува 1.000,00 денари по грло. Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80% и над 15.000 грла 40%. - Висината на директните плаќања за гоеници со минимална тежина од 121 килограми по грло изнесува 2.000,00 денари по грло.Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80% и над 15.000 грла 40%.
2.16.	Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани бројлери во период од мај 2016 година до април 2017 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања изнесува 30,00 денари по пиле.
2.17.	Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани амортизирани несилки во период од мај 2016 година до април 2017 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања изнесува 25,00 денари по несилка.
2.18.	Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни бројлерски пилиња во период од мај 2016 година до април 2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 3,00 денари по пиле за сопствени потреби и -Висината на директните плаќања изнесува 5,00 денари за продадено пиле.
2.19.	Директни плаќања за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди во период од мај 2016 година до април 2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 3,00 денари по пиле за сопствени потреби и -Висината на директните плаќања изнесува 5,00 денари за продадено пиле.
2.20.	Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои поседуваат минимум 35 регистрирани презимени пчелни семејства; -Висината на директните плаќања изнесува 600,00 денари по пчелно семејство. -Задолжително одржување на бројот на пријавените презимени пчелни семејства е до 30.09.2017 година.
2.21.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.20. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистерот на одгледувалишта на пчели и се Одобрени институции (одгледувалишта на пчелни матици) -Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по пчелно семејство кое е во контрола и е вклучено во селекција за производство на пчелни матици.
2.22.	Директни плаќања за фармерско одгледување на ноеви	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат ноеви, имаат регистрирано одгледувалиште и одгледуваат минимум четири возрасни единки ноеви; -Висината на директните плаќања изнесува 1.700,00 ден по возрасен ној.

2.23.	Директни плаќања за фармерско производство на полжави	-Корисници на оваа подмерка се семејни земјоделски стопанства кои одгледуваат полжави, имаат регистрирано одгледувалиште и одгледуваат полжави на минимум 0.2 хектари вкупна производна површина на фармата; -Висината на директните плаќања изнесува 90.000,00 денари по хектар.
2.24.	Директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат овци и кози, кои поседуваат најмалку 50 грла овци и/или кози евидентирани во Регистарот на овци и кози, и се сопственици на педигрирани кучиња од расата Шарпланинец на кои е извршена идентификација со микрочип на денот на поднесување на барањето; -Максимален број е седум пријавени кучиња по земјоделско стопанство; -Висината на директните плаќања изнесува 2.500,00 денари по куче и се исплаќа за куче од расата Шарпланинец кое е на возраст над шест месеци на 30.09.2017 година.
2.25.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за грла говеда од раса Бивол	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од раса Бивол, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 30.09.2017 година; -Висината на директните плаќања изнесува 2.500,00 денари по грло.
2.26.	Директни плаќања за несилки внесени во капацитет за производство на јајца	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства -производители на јајца, кои се запишани во Регистарот на одгледувалишта на животни; -Висината на директните плаќања изнесува 100,00 денари за купена и внесена несилка во одгледувалиште на кокошки несилки за производство на јајца во период од октомври 2016 година до септември 2017 година, односно за внесени несилки кои се одгледани од еднодневни пилиња на самото стопанство.

(4) Поблиските критериуми за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство од дел II, код на мерка 211 и за органското производство од дел II, код на мерка 215 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година, како и висината на директните плаќања се следни:

1) За директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои вршат земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и се корисници од подмерките 1.1., 1.2, 1.3., 1.4., 1.5., 1.7., 1.9., 1.10. и 1.11. од став (2) и подмерките 2.1., 2.2., 2.3., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.20., 2.22., 2.24., 2.25 и 2.26. од став (3) од овој член.

-Висината на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство е 15% од директни плаќања утврдени во оваа уредба и се доделува на следниот начин:

-директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4, 1.5, 1.9. и 1.11. од став (2) од овој член.

-директни плаќања по единица земјоделски производ од растително потекло кој е произведен на земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерки 1.7. и 1.10. од став (2) и точка 4) од овој став.

-директни плаќања по грло добиток и пчелно семејство за регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерки 2.1., 2.2., 2.3., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.20., 2.22.., 2.24., 2.25. и 2.26. од став (3) од овој член.

2) За дополнителни директни плаќања за подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

-Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во став (2) на овој член во подмерки 1.3., 1.4., 1.8., 1.13., 1.14., 1.15. и 1.16.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 50% во однос на директните плаќања предвидени во став (2) на овој член во подмерка 1.1. алинеја 3 и во ставот (3) на овој член во подмерките 2.1., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.10., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.18., 2.19., 2.20., 2.21., 2.22., 2.23. и 2.25.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 70% во однос на директните плаќања предвидени во став (2) на овој член во подмерки 1.1 алинеја 4, 1.7., 1.9., 1.10. и 1.11. за овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха 100%, од 10,1 ха до 40 ха 60%, од 40,1 ха до 60 ха 30% и над 60 ха 10%.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 100% во однос на директните плаќања предвидени во ставот (2) на овој член во подмерки 1.5. и 1.6.

3) За директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

-Оваа мерка се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се остават за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина.

-Висината на директните плаќања изнесува 3.500 денари по хектар.

4) За директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло)

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

- Висината на директните плаќања изнесува 2% од вредноста на произведените и продадени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

5) За директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

- Висината на директните плаќања изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

б) За посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2017 година.

- Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2017 година.

7) За посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материи на почва и во органски производи во 2017 година.

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материи на почва и во органски производи во 2017 година.

- Висината на директните плаќања изнесува 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000,00 денари по земјоделско стопанство.

(5) Утврдениот минимум површина земјоделско земјиште и број на минимум грла добиток вклучително и минимум пчелни семејства во оваа уредба се намалува за 50% и тоа:

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели и се применува за подмерки 1.1., 1.5., 1.9. и 1.11. од став (2) од овој член.

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 и се применуваат за подмерки 2.8. и 2.11., со исклучок на подмерка 2.15. од став (3) од овој член за која утврдениот минимум е 2 грла и подмерка 2.20. од став (3) од овој член за која утврдениот минимум е 15 пчелни семејства.

(6) Корисници на директни плаќања се земјоделски стопанства кои ги исполнуваат барањата согласно Правилникот за Листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

(7) Во случај на несообразност со задолжителните барања или условите и посебните минимални услови за вкрстена сообразност од членот 49 на Законот за земјоделство и рурален развој, намалувањата или исклучувањата на корисниците од директните плаќања ќе се врши согласно член 57 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Член 3

Начин на директни плаќања

(1) Директните плаќања во земјоделството за 2017 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата со исклучок на подмерката 1.12. од член 2 став (2) од оваа уредба.

(2) Реализацијата на подмерката 1.12. од член 2 став (2) од оваа уредба ќе се врши според списоци за откупени количини на суров тутун од реколта 2016 година доставени до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, најдоцна до 31.03.2017 година од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун.

(3) Административните проверки и контроли потребни за реализација на директните плаќања се вршат врз основа на податоци евидентирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(4) Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Максималната дозволена површина на катастарските парцели за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство. Административните проверки се вршат врз основа на податоците за површината на катастарските парцели евидентирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба на 15 март 2017 година и со податоците за површините евидентирани во Системот за идентификација на земјишните парцели со состојба на 25 март 2017 година. При контролата на самото место утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната парцела евидентирана во Системот за идентификација на земјишните (СИЗП) и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства и кои се наведени во барањето.

(5) Спроведување на мерките на директните плаќања во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци, кози и презимени пчелни семејства се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето, а утврдување на бројна состојба на матории, ноеви и полжави врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва.

(6) Спроведување на директните плаќања од член 2 став (3) за подмерките 2.3., 2.10. и 2.13. на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се вршат врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на одгледувачи, потврдени од Призната организација на одгледувачи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(7) Спроведување на подмерката 2.21. од член 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од Регистарот на одгледувалишта на пчели во Агенцијата за храна и ветеринарство, Регистарот на одобрени институции– Одгледувалишта на пчелни матици во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и податоци потврдени од вршителот на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(8) Спроведување на подмерката 2.24. од член 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од педигрето издадено од Кинолошки Сојуз на Република Македонија.

(9) Спроведување на подмерката 2.26. од член 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на:

- влезен ветеринарен документ издаден од официјален ветринар на граничен премин и ветеринарен здравствен сертификат издаден од надлежни служби на земјата на потекло при увоз на несилки и
- документ за движење на животните издаден од страна на овластено ветеринарно друштво за несилките продадени на територијата на Република Македонија, како и за несилките одгледани од еднодневни пилиња на самото стопанство при нивно префрлање од објект за одгледување на јарки во објект за одгледување на кокошки несилки.

(10) Кога барателот ги нема намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност на барателот со под-

несена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(11) Изјавата од став (10) на овој член барателот е должен да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставување на известувањето за ненамирени финансиски обврски од став (10) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(12) Во случај кога барателот нема да достави согласност во рокот од став (11) од овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(13) Доколку одобрениот износ на финансиска поддршка на корисникот не е доволна за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во став (10) од оваа уредба, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,
2. склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. обврски по однос на неплатен воден надомест и
4. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(14) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2017 година за следните основи:

- неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште и
-склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(15) Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2017 година по основ за неплатен воден надоместок.

(16) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2017 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(17) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија податоците од ставовите (14), (15) и (16) на овој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(18) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненамирени финансиски обврски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија.

(19) Податоците од ставовите (15), (16) и (17) од овој член кои ги доставуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да ги содржат видот на обврската, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската и истите треба да бидат целосни, комплетни и валидни за да се сметаат за основ за вршење на пребивање.

Член 4

Рокови за поднесување на барања

Крајните рокови за поднесување на барањата од член 3 на оваа уредба по одделни подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година се следни:

1. До 30 јуни 2017 година за следните подмерки од член 2 став (2): 1.1., 1.3., 1.4, 1.5., 1.6., 1.8., 1.9., 1.11., 1.12., 1.13, 1.14., 1.15., 1.16., 1.18. член 2 став (3) подмерки 2.1., 2.2., 2.3., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.18., 2.19., 2.20., 2.21, 2.22., 2.23., 2.24., 2.25. и член 2 став (4) точки 1), 2) и 3) од оваа уредба.
2. До 31 октомври 2017 година за подмерка 1.2. од оваа уредба.
3. До 25 декември 2017 година за подмерките од член 2 став (2) точки: 1.7., и 1.10., член 2 став (4) точки 4) 5), 6) и 7) од оваа уредба.
4. За подмерките 2.4. и 2.26. од член 2 став (3) од оваа уредба крајните рокови за поднесување на барања се според следните периоди:

-до 16 мај 2017 година во период од 1 октомври 2016 година до 31 декември 2016 година,
-до 15 јуни, како и од 25 јуни до 30 јуни 2017 година во период од 1 јануари 2017 година до 31 април 2017 година,
-до 5 ноември 2017 година во период од 1 мај 2017 година до 30 септември 2017 година.

5. За подмерката 1.17. од член 2 став (2) од оваа уредба крајниот рок за поднесување на барања е 20 мај 2017 година.

Член 5

Правните лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи и услуги за колење, потребните податоци за реализирање на директните плаќања согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година, на барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8035/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

Прилог 1

Табела за минимално употребени количини семе по хектар

Вид	Минимална употребена количина на семе во кг./ха
Пченица	180
Јачмен	160
Тритикале	180
Рж	180
Овес	120
Ориз	170
Пченка	15
Сирак	10

Прилог 2

Листа на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Valeriana officinalis – мачкина трева (валеријана)
2. Inula helenium L. – оман (голем корен, волско око)
3. Ocimum basilicum L – босилек
4. Trigonella foenumgraecum L – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. Angelica archangelica L. - ангелика
6. Digitalis lanata Ehrh. – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomilla recutita L. /Matricaria chamomilla - камилица
8. Centaurea cyanus L. – синчец
9. Silybum marianum L. – (сикавица, дива артичока, бадељ)
10. Petroselinum crispum Mill. - магдонос
11. Calendula officialis L. - невен
12. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
13. Echinacea purpurea (angustiflia) – сончев шешир
14. Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
15. Hissopus officinalis L. - изоп
16. Pimpinella anisum L. - анасон
17. Foeniculum vulgare var. dulce Mill. – сладок анасон (феникулум)
18. Arnica montana - арника
19. Urtica dioica L. - коприва
20. Gentiana lutea L. - линцура
21. Verbascum phlomolides и Verbascum densiflorum – лопен
22. Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
23. Althaea officinalis L.– бел слез
24. Saturea hortensis (montana) L.– чубрица
25. Anetum graveolens L. - копар
26. Artemisia dracunculus– естрагон,
27. Coriandrum sativum L. – кориандер
28. Sinapsis alba L. – бел синап
29. Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
30.Cuminum cyminum L. –кумин
31. Carum carvi L -ким
32. Laurus nobilis L.-ловор

Прилог 3

Листа на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Lavandula angustifolia L. - лаванда
2. Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
3. Mentha piperitae L - нане
4. Salvia officinalis L. - жалфија
5. Hipericum perforatum L. - кантарион
6. Majorana hortensis (Origanum majorana) L. – мајоран
7. Thymus vilgaris L. - тимјан
8. Thymus serpyllum L.-мајчина душичка
9.Rosmarinus officinalis L.-рузмарин
10. Origanum vulgare - оригано
11.Helichrusum italicum - смиље
12. Galeopsistetrahit L. - конопица

Прилог 4

Табела на декоративни и брзорастечки садници

Р. Бр	Декоративни садници
1	Cerdus spp.
2	Chamaecyparis law. allumi
3	Chamaecypariselwodi
4	Chamaecyparis law. columnaris
5	Cupressus spp.
6	Criptomeria japonica
7	Juniperusretinospora
8	Juniperus com hibernika
9	Juniperushorizontalis
10	Juniperusskyrocel
11	Juniperus chin. blue variety
12	Pinusmugo
13	Pinus spp.
14	Piceapungens
15	Piceaexcelsa
16	Sequoin gigantean
17	Taxus spp.
18	Thuja occ. plicata
19	Thuja occ. rozentalie
20	Thuja occ. wudvordii
21	Thuja occ. reingold
22	Thuja occ. plicata
23	Thuja occ. berkman
24	Thuja occ. Smaragd
Брзорастечки растенија	
1	Paulownia
2	Paulownia Elongata
3	Paulownia Tomentoza

Прилог 5

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови

Ред. број	Овошен вид	Прифатливиот број на садници по хектар е над
1.	јаболка	400
2.	круши	330
3.	дуњи	500
4.	мушмула	550
5.	слива	330
6.	праски	330
7.	кајсија	400
8.	цреши	240
9.	вишна	500
10.	орев	70
11.	бадем	330
12.	лешник	500
13.	питом костен	200
14.	актинидија (киви)	550
15.	маслинка	330
16.	калинка	620
17.	јапонско јаболко	330
18.	смоква	500
19.	аронија	1400
20.	боровинка	2200
21.	шип	1660
22.	рибизла	3330
23.	малина	8000
24.	капина	1250
25.	јагода	31000
26.	гоци бери	2500

4273.

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за информатичко општество и администрација, се даваат на трајно користење, без надомест, дел од недвижни ствари - деловни простории на ул. „Кеј Димитар Влахов“ бб во Скопје, и тоа дел од зграда број 3, влез 1, кат 13, деловен простор со површина од 58,7 м2 од вкупно 1211 м2, и тоа просторија со број 13.13 со површина од 13,90 м2, просторија број 13.14 со површина од 30,90 м2 и просторија број 13.19 со површина од 13,90 м2, на КП 12231, КО Центар 1, запишани во Имотен лист број 9157, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6374/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4274.

Врз основа на член 47 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНА СТВАР - ТУТУН

Член 1

Да се изврши продажба на движна ствар - тутун сопственост на Република Македонија кој го користи Агенцијата за стоковни резерви и тоа:

Класа	Проценета тежина тутун на лице место од соодветни и други класи, кг
Отља 1	125.000
Отља 1/3	69.000
3-та класа	1.620
4-та класа	600
Вкупно	196.220

Член 2

Продажбата на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процена од Биро за судски вештачења СВ V-144/2016 од 19.09.2016 година и СВ V- 144/2016-2 од 27.9.2016 година.

Почетна цена за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност и истата изнесува 19.425.800,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6412/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4275.

Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2016 година, бр. 01-106/6, донесен од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата, одржана на 13.10.2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-7027/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4276.

Врз основа на член 35 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ИЗГРАДБА НА МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА НА ЛОКАЦИЈА СО РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ 234 НА БЕЛА РЕКА

1. Со оваа одлука се доделува концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на хидроелектрична централа на локацијата со референтен број 234 на Бела река, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за производство на електрична енергија од 35 мали хидроелектрични централи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/16, 82/16 и 111/16) на конзорциумот составен од Бела Вода Елинг ДОО Скопје и Алфа Инжинеринг Радовиш со понуда број 11-4366/13 од 27.06.2016 година.

2. Од сите понудувачи на Јавниот повик, понудувачот конзорциумот составен од Бела Вода-Елинг ДОО Скопје и Алфа Инжинеринг Радовиш, за доделување на концесија за користење на вода за произвоство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа на локацијата со референтен број 234 на Бела река, ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

3. Предмет на концесијата од точка 1 на оваа одлука е користење на вода од водотекот река Бела Река слив на Црна Река, за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, како што е дадено во табелата, и тоа:

Ред. Бр	Референтен број	Водотек	Моќност Kw	Инсталиран проток (m3/s)
1.	234	р.Бела река	330	0,496

4. Концесијата за користење на вода за производство на електрична енергија од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од 23 години сметано од датумот на склучување на договорот за концесија.

5. Најповолниот понудувач конзорциумот составен од Бела Вода-Елинг ДОО Скопје и Алфа Инжинеринг Радовиш е должен да регистрира друштво во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука. Регистрираното друштво треба да биде во форма на Друштво со ограничена одговорност ДОО Друштво со ограничена одговорност од единечно лице ДООЕЛ, или Акционерско друштво АД. Висината на основачкиот влог во новооснованото друштво треба да изнесува од најмалку 10.000 евра за ДОО, односно 30.000 евра за АД при што непаричниот влог не може да учествува со повеќе од 15% од основната главнина.

6. Друштвото регистрирано во согласност со точка 5 од оваа одлука е должно во согласност со одредбите од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), а пред потпишување на Договорот за концесија, да обезбеди дозвола за користење на водата.

7. Надоместокот за доделената концесија се состои од еднократен и годишен надоместок. Еднократниот надоместок определен висина од вкупно 1.490.000,00 денари концесионерот е должен да го плати во рок не подолг од 15 дена од потпишувањето на Договорот за концесија.

Годишниот надоместок за концесија за вода утврден согласно Одлуката за утврдување на начинот на определување на висината на еднократниот и годишниот надоместок за концесија за користење на водата, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/14) изнесува 2% од остварената просечна цена на произведената електрична енергија за секој произведен киловат час на прагот од електраната во секоја година на користење.

Концесионерот е должен годишниот надомест да го плати најдоцна до 15 март во тековната година, за претходната година.

8. Договорот за концесија помеѓу Владата на Република Македонија од една страна и новото друштво, од друга страна ќе се склучи најкасно во рок од 270 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

9. Договорот за концесија во име на Владата на Република Македонија ќе го склучи министерот за животна средина и просторно планирање.

10. Ако најповолниот понудувач не ги исполни условите од точките 5, 7 и 8 од оваа одлука, Концедентот ќе ја активира банкарската гаранција доставена од најповолниот понудувач од точка 1 на оваа одлука.

11. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука.

12. Надзор на начинот на вршењето на концесиската дејност и реализација на Договорот за концесија ќе врши Министерството за животна средина и просторно планирање.

13. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-7189/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4277.

Врз основа на член 35 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ИЗГРАДБА НА МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА НА ЛОКАЦИЈА СО РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ 364 НА РЕКА ШТАЛКОВСКА

1. Со оваа одлука се доделува концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на хидроелектрична централа на локацијата со референтен број 364 на река Шталковска, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на

концесија за производство на електрична енергија од 35 мали хидроелектрични централи („Службен весник на Република Македонија'' бр. 21/16, 82/16 и 111/16) на конзорциумот составен од Симао БЖ Солар ДОО Скопје и ЦС Актуел ДОО Скопје со понуда број 11-4366/15 од 27.6.2016 година.

2. Од сите понудувачи на Јавниот повик, понудувачот конзорциумот составен од Симао БЖ Солар доо Скопје и ЦС Актуел ДОО Скопје, за доделување на концесија за користење на вода за произвоство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа на локацијата со референтен број 364 на река Шталковска, ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

3. Предмет на концесијата од точка 1 на оваа одлука е користење на вода од водотекот река Шталковска слив на река Злетовска, за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, како што е дадено во табелата, и тоа:

Ред. Бр	Референтен број	Водотек	Моќност Kw	Инсталиран проток (m3/s)
1.	364	р.Шталковска	300	0,300

4. Концесијата за користење на вода за производство на електрична енергија од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од 23 години сметано од датумот на склучување на договорот за концесија.

5. Најповолниот понудувач конзорциумот составен од Симао БЖ Солар ДОО Скопје и ЦС Актуел ДОО Скопје е должен да регистрира друштво во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Регистрираното друштво треба да биде во форма на Друштво со ограничена одговорност ДОО Друштво со ограничена одговорност од единечно лице ДООЕЛ, или Акционерско друштво АД. Висината на основачкиот влог во новооснованото друштво треба да изнесува од најмалку 10.000 евра за ДОО, односно 30.000 евра за АД при што непаричниот влог не може да учествува со повеќе од 15% од основната главнина.

6. Друштвото регистрирано во согласност со точка 5 од оваа одлука е должно во согласност со одредбите од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), а пред потпишување на Договорот за концесија, да обезбеди дозвола за користење на водата.

7. Надоместокот за доделената концесија се состои од еднократен и годишен надоместок. Еднократниот надоместок определен висина од вкупно 1.351.000,00 денари концесионерот е должен да го плати во рок не подолг од 15 дена од потпишувањето на Договорот за концесија.

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за ажурирање на податоци во Катастарот на недвижности по службена должност за 2017 година, бр. 0102-22040/1 од 7.10.2016 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7753/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4377.

Врз основа на член 34, став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), а во врска со член 3 од Законот за основање на Универзитет за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев“ во Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/16 и 132/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ „ДР. ХРИСТО ТАТАРЧЕВ” ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТ И МИР „ДАМЈАН ГРУЕВ“ ВО СКОПЈЕ

1. За претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Медицински факултет „Др. ХристоТатарчев” во состав на Универзитетот за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев“ во Скопје, се именуваат:

а) за претседател
- Живко Попов;

б) за членови
- Виктор Камиловски и
- Лидија Крстевска Дојчиновска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8117/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4378.

Врз основа на член 34, став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), а во врска со член 3 од Законот за основање на Универзитет за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев“ во Скопје („Службен весник на РепубликаМакедонија" бр.120/16 и 132/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ „БОРИС САРАФОВ” ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТ И МИР „ДАМЈАН ГРУЕВ“ ВО СКОПЈЕ

1. За претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Економски факултет „Борис Сарафов” во состав на Универзитетот за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев“ во Скопје, се именуваат :

а) за претседател
- Нинослав Марина;

б) за членови
- Горан Велинов и
- Елена Готовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8117/2
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4379.

Врз основа на член 34, став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), а во врска со член 3 од Законот за основање на Универзитет за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев“ во Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/16 и 132/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ПАВЕЛ ШАТЕВ” ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТ И МИР „ДАМЈАН ГРУЕВ“ ВО СКОПЈЕ

1. За претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Правен факултет „Павел Шатев” во состав на Универзитетот за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев“ во Скопје, се именуваат:

а) за претседател
- Александар Климовски

б) за членови
- Иван Бимбиловски и
- Јасминка Васкова-Ташкова

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-8117/3
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4380.

Врз основа на член 99 став (7) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ПРОДАЖБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИОТ ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" број 7/2016) во Вториот дел, Глава I, точка I.2, подточка I.2.1, во ставот 1 број „„35" се заменува со бројот „42", бројот „1.645" се заменува со бројот „1.859", бројот „100.532,97" се заменува со бројот „117.372,97", бројот „21.324,83" се заменува со бројот „19.786,83", бројот „29.611,17" се заменува со бројот „22.611,17", бројот „558" се заменува со бројот „934" и бројот „3.227,53" се заменува со бројот „6.187,53".

2. Во Глава II, точка II.2, подточка II.2.1, во ставот 1 износот „4.917.898.824,00" се заменува со износот „5.367.241.054,00", износот „4.903.833.140,00" се заменува со износот „5.353.175.371,00" и износот „4.895.830.372,00" се заменува со износот „5.345.172.602,00".

3. Во точка II.5, во ставот 3 износот „304.000.000" се заменува со износот „292.000.000".

Алинеја 1 се брише.

4. Во Глава III, во ставот 1 износот „1.427.576.273,00" се заменува со износот „1.415.576.273,00". Во ставот 2 алинеја 1 се брише.

5. Прилозите 2.1, 8 и 9 се заменуваат со нови Прилози 2.1, 8 и 9 кои се составен дел на оваа програма.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-7244/1
12 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

I. 2.1. Повеќегодишни проекти за изградба на објекти со станови наменети за продажба — **Прилог 2.1**

Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми		Локација		
				број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)	КП	површина (m2)	КО
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Скопје	ГП 4.44 Букурешка бб	П+3	1	20	1.050,00		480,00			3060/2	596	Карпош
	ГП 16.11 ДУП Дебар маало 2	П+3+Пк	1	10	600,00		150,00			10056/1	309	Центар 1
	ГП 2.1 ДУП Дебар маало 1	П+4	1			6.104,00	3.060,00			5175, 5180	2359	Центар1
	ГП 3.1 ДУП Дебар маало 1	П+4	1			9.412,80	3.922,00			5175, 5176, 5179	3299	Центар1
	ГП 2.58 Локалитет Клинички блок Димитар Мирчев бб	П+4+Пк	1	46	4.200,00		1.400,00			403/2, 415, 416, 414, 413, 417/1, 417/3, 410, 404/2, 412, 421/4	1469	Центар 2
	Г.П.6.5. Локалитет Црква-УЕ Б	П+12+Пк	1	182	10.920,00	420,00	2.725,00			755/19	2712	Кисела Вода 2
	Објект 1.2 МЗ Тафталиџе 30 УБ Здравко Цветковски	П+4+Пк	1	51	2.685,60	671,40	671,40			2789,2790, 2791/1, 2792	3104	Карпош
	Објект 1.3 МЗ Тафталиџе 30 УБ Здравко Цветковски	П+4+Пк	1	34	2.103,66	120,69	1.115,49			2788, 2787/2, 2785, 2775/3, 2787/1, 2776/3, 2786, 2776/5, 2783, 2784	1548	Карпош
	Максим Горки бр.9	П+3+Пк	1	9	463,50	329,60		9	220,00	11961	393	Центар 1
Битола	АРМ четврт 1 Блок 2 објект 2.1	П+5	1	83	5.130,00		2.210,00			17595/1 дел	44360	Битола
	АРМ четврт 1 Блок 2 објект 2.2	П+5	1	59	3.300,00		1.912,00					
	Довлеџик 3 Ламела 1,2,3,4 и 5	П+5 и П+6	1	134	8.380,81	377,92		134	318,74	5876/9 6034/4 6035/2 6034/6 5877/5 6033/2	4088 1827 882 2834 697 26	Битола
	Довлеџик 4 Ламела 1,2,3,4 и 5	П+5 и П+6	1	134	8.380,81	377,92	1.262,50	134	318,74			
	Булевар 1 Мај бб П2	П+4+Пк	1	42	2.251,46	309,70		42	309,70	4725/2	1261	Битола
Охрид	Бејбунар блок 7.10	П+5+Пк	1	62	3.692,00		633,78			6605/1 6606/1	2306	Охрид
	Бејбунар блок 7.11	П+5+Пк	1	63	3.752,00		644,00			6605/1 6606/1	2306	Охрид
	ГП 2.18 ул. Железничка бб	П+3+Пк	1	20	1.200,00	320,00		20	320,00	8819	907,8	Охрид 2
Кочани	Гр. Парцела 2.1 за КП бр. 12948/1 КО Кочани Блок 2	П+4+Пк	1	33	1.958,00			33	354,66	12948/1	1559	Кочани
Штип	Г.П. 19 Енгелсова бр. 2 и 4	П+12	1	116	7.200,00		1.400,00			4447 4431/1	1464	Штип 3
	Центар Г.П. 2.7 Михајло Апостолски бр. 5 и 6	П+2+Пк	1	9	473,63	157,00		9	157,00	8336/1	351,13	Штип

Кавадарци	ГП Б.41	П+3+Пк	1	10	476,25			10	95,25	11601/1 11601/2 11601/3 11601/4 11601/5 11601/6 11601/7	226	Кавадарци2
	ГП Б.42	П+3+Пк	1	10	731,25			10	146,25	11602	325	Кавадарци2
Струмица	ГП 20-15	П+6	1	41	2.460,00		1025,00			7377	1337	Струмица
	УРБАН БЛОК 36-10	П+6	10	500	35.500,00	0,00	0,00	500	3.500,00	7034/20	18072,1	Струмица
Тетово	Т.107.1 Гостиварска Ламела 3	П+6+Пк	1	33	2.415,00			33	220,00	8670	4064	Тетово 2
Гостивар	Урбан Блок 1 Гр. Парцела А1 .486	П+3	1			908,80			227,20	4576/1 4576/2 4569/3 4577/4	310	Гостивар
Струга	Плитишта	П+2	4	8	549,00	277,00				2832/1 3189/1 3188/2 2831/6	7377	Струга
Изградба на објекти на локации кои не се задржуваат согласно важечки ДУП, а на локациите е планирана станбена изградба												
Скопје	ул. Никола Тримпаре бр. 29											
	ул. Шитска бр. 32											
	ул. Иво Лола Рибар бр. 125А											
	Бул. 3-та Македонска бригада бр. 3/49											
	ул.Симеон Кавракиров бр. 22											
Битола	ул. Јане Сандански бр. 30											
	Вкупно I.2.1		**39**	**1.709**	**109.872,97**	**19.786,83**	**22.611,17**	**934**	**6.187,53**			

Прилог 8

Група на објекти	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми	
		број	површина (m2)	површина (m2)	површина (m2)	број	површина (m2)
1	2	3	4	5	6	7	8
I.1. Довршување на станови во градба од предходни програми, наменети за продажба	2	146	10.772,16	438,82	2.486,03	0	0,00
I.2.Изградба на објекти со станови наменети за продажба за 2015 година	4	203	13.087,22	2.049,08	3.448,80	52	296,87
I.2.1. Повеќегодишни проекти за изградба на објекти со станови наменети за продажба	39	1.709	109.872,97	19.786,83	22.611,17	934	6.187,53
I.3 Станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица)	4	108	7.209,31	549,87	0,00	108	824,07
I.4 Изградба на објекти за индивидуално домување	18	54	3.718,74	0,00	0,00	0	0,00
I.5.Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи	33	1.741	71.942,90	2.160,94	353,97	1.697	10.357,24
I.6. Изградба на станови за реализација на Законот за денационализација	4	57	3.112,20	386,08	10,22	56	464,08
ВКУПНО	**104**	**4.018**	**219.715,49**	**25.371,61**	**28.910,19**	**2.847**	**18.129,80**

прилог 9

ГРУПА НА ОБЈЕКТИ	Земјиште (експропријација) (ден)	Геомеханички работи (ден)	Проектирање урбанистички, идеен основен проект (ден)	Ревизија (ден)	Надоместот за уредување на градежно земјиште (ден)	Вредност на градежно, градежно занаетски работи и инсталации (ден)	Надворешни приклучоци, партерно уредување, подигнување, контрола на бетон (ден)	Трафостаници (ден)	Дополнителни непредвидени работи и разни такси (ден)	Вкупно чинење на објектите (ден)	Исплатено до крај на 2015 год. (ден)	Потребни средства за вкупно довршување (ден)	Потребни средства само за 2016 год. (ден)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
II.1 Довршување на станови во градбаод предходни програми наменети за продажба	0	286.000	13.542.939	120.870	88.052.508	398.582.629	539.690	5.789.560	5.957.475	512.871.671	416.049.072	96.822.599	96.822.599
II.2 Изградба на објекти со станови наменети за продажба	71.951.066	487.450	15.649.668	1.447.489	101.116.839	481.527.867	1.961.245	8.111.559	11.091.675	693.344.858	10.394.131	682.950.728	163.824.167
II.2.1 Повеќегодишни проекти за изградба на објекти со станови наменети за продажба	115.592.000	6.702.242	87.855.087	5.171.427	629.348.714	4.077.152.238	16.762.147	86.836.412	83.755.757	5.109.176.025	14.065.683	5.095.110.341	8.002.769
II.3 Станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица)	0	452.590	4.007.923	674.131	27.633.955	227.482.566	1.005.059	7.307.547	4.698.930	273.262.702	764.387	272.498.314	38.806.074
II.4 Изградба на објекти за индивидуално домување	0	0	1.437.729	0	10.779.925	116.500.000	873.706	1.660.500	2.330.000	133.581.860	112.633	133.469.227	133.469.227
II.5 Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи	6.839.551	4.703.124	41.927.629	2.248.621	236.540.648	2.557.429.583	10.847.154	81.035.715	49.383.810	2.990.955.834	1.243.918.075	1.747.037.759	292.000.000
II.6. Изградба на станови за реализација на Законот за денационализација	0	141.720	2.247.411	7.643	9.600.715	109.816.635	445.979	3.641.600	2.098.296	128.000.000	207.553	127.792.447	2.000.000
II.7 Довршување на објекти по Одлуки на Влада на РМ										3.956.180.341	1.410.536.221	3.071.469.120	680.651.436
СЕ ВКУПНО	**194.382.617**	**12.773.127**	**166.668.387**	**9.670.180**	**1.103.073.304**	**7.968.491.519**	**32.434.980**	**194.382.893**	**159.315.943**	**13.797.373.291**	**3.096.047.755**	**11.227.150.536**	**1.415.576.273**

4381.

Врз основа на член 19 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИТЕ И РЕПРЕЗЕНТАТИВНИТЕ ОБЈЕКТИ И СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ВО 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се определуваат активностите што ќе се преземат, висината на средствата на репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените згради и службените простории кои што подлежат на инвестиционо одржување.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат за:

1. Подобрување на функционалните услови на Комплекс Вили Охрид.
2. Подобрување на функционалните и безбедносни услови во Вила Дојран.
3. Подобрување на функционалните услови во Вила Попова Шапка.
4. Подобрување на функционалноста на системот за топловодно греење и ладење на објектот Влада на Република Македонија.
5. Подобрување на безбедносните услови на објектот Влада на Република Македонија.
6. Подобрување на функционалноста на системот за ладење на објектот Нова Македонија.
7. Подобрување на функционалноста на лифтовите во објектот Македонска радио телевизија.
8. Подобрување на функционалноста на системот за топловодно греење на објектот Македонска радио телевизија.

II

Средствата за извршување на мерките и активностите од дел I од оваа програма се обезбедени од следните извори:

1. Буџет на Република Македонија за 2017 година, согласно со Раздел 040.02 Потпрограма 1А – Реконструкција на згради на владини органи
- ставка 481 – Градежни објекти 26.100.000

III

Средствата од дел II од оваа програма ќе се користат за следните намени:

СТАВКА 481 – ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

А. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ, РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ И УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Резиденцијални објекти во Охрид, Дојран, Попова Шапка

1. Реконструкција на систем за наводнување и изградба на пумпна станица за техничка вода во Комплекс Вили Охрид 1.900.000

2. Реконструкција на Комплекс Вили во Охрид 1.400.000

3. Реконструкција на санитарни јазли и дворно уредување на Вила Дојран 2.000.000

4. Реконструкција на систем за видео надзор во Вила Дојран 100.000

5. Реконструкција и ентериерно уредување на Вила Попова Шапка 800.000

Б. СЛУЖБЕНИ ЗГРАДИ И ПРОСТОРИИ

1. Набавка и монтажа на систем за климатизација во Кула 2/II кат и реконструкција на дел од цевна инсталација и опрема во подрумскиот простор на објектот Влада на Република Македонија 8.300.000

2. Реконструкција на дел од ПП инсталација во објектот Влада на Република Македонија 2.000.000

3. Генерален ремонт на чилер тип HIACHI во објектот Нова Македонија 1.000.000

4. Реконструкција на лифтови бр.6 и 9 во објект Македонска радио телевизија 6.300.000

5. Реконструкција на системот за дополна и хемиски третман на вода во инсталацијата и монтажа на изменувачи на топлина во објект Македонска радио телевизија 2.300.000

ВКУПНО 481: 26.100.000

IV

За спроведување на оваа програма се грижи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7684/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4382.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните препријатија (во понатамошниот текст:МСП) во вкупен износ од 3.900.000,00 (три милиони и деветстотини илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, раздел 10001, програма 4, потпрограма 40 – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во понатамошниот текст: АППРМ), ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа програма ќе се користат за следните намени:

1. Ваучерски систем на советување

Имплементација на ваучерски систем за советување за советодавни услуги кај 30 клиенти со цел давање поддршка на зајакнувањето на конкурентноста на постоечките мали и средни претпријатија и основање на нови претпријатија, ширење на ваучерскиот систем за советување како инструмент за подобрување на работењето на секторот на МСП и оддржување на веб страната за консултанти. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија за аплицирање на оваа програмска активност. При поддршката на потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност. 900.000 денари

2. Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри

Поддршка на деловните центри во активностите поврзани со понатамошно функционирање на мрежа на центри и имплементација на програми за помош, информирање и советување на мали и средни претпријатија, со цел давање на информативна, промотивна, советодавна и логистичка поддршка на 400 МСП и потенцијалните претприемачи кои сакаат да се самовработат, како и дистрибуција на релевантни и корисни информации за МСП и потенцијалните претприемачи.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавен повик за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото објавен на веб страната на АППРМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми. 300.000 денари

3. Претприемачко образование

Реализирање на пет работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе (150 учесници - студенти и ученици), како и развој на претприемничкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис. 300.000 денари

4. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Организање на најмалку десет обуки (со вкупен опфат од 300 учесници) на различни теми за подготовка на бизнис план, наменети за студенти и ученици од средните училишта. 300.000 денари

5. Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис

Организирање на две еднодневни обуки за најмалку 100 професори од средните училишта и од факултетите кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, со цел зголемување на нивните капацитети за најновите претприемачки трендови, проширување на нивните знаења и здобивање со нови вештини поврзани со претприемачкото учење. 300.000 денари

6. Организирање на обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа

Организирање на пет обуки за студенти (со вкупен опфат од 150 учесници) за аплицирање за работа – подготовка на резиме и мотивациско писмо, однесување за време на интервју, како и информирање за документите потребни при аплицирање за работа, а со цел подигање на свеста на младите луѓе за полесно пристапување кон пазарот на трудот. 300.000 денари

7. Кофинансирање на Европска недела на МСП

Поддршка при организирање на Европска недела на МСП со цел зголемување на мотивираноста и партиципацијата на малите и средните претпријатија, младите и потенцијалните претприемачи. 150.000 денари

8. Организарање на менторство помеѓу искусни претприемачи и старт-ап фирми

Организирање на три работилници на кои искусни претприемачи ќе го презентираат своето искуство во соочувањето на предизвиците од моментот кога го отвориле својот бизнис до моментот кога истиот станува самоодржлив. Целта на овие настани е да се охрабрат новите претприемачи да не се откажуваат во првите години од постоењето на нивните бизниси како и да се подигне нивната свест и самодоверба при менаџирање на претпријатието. 200.000 денари

9.Организирање на обука за локални консултанти

Организирање на тридневна обука за најмалку 25 локални консултанти за здобивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во регионов и во Република Македонија. 250.000 денари

10. Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија

Организирање на пет еднодневни обуки за малите и средните претпријатија со вкупен опфат од 150 учесници, со цел подигање на конкурентноста, зголемување на инвестициите за воведување на иновации и истражувачки активности, зајакнување на интернационализацијата, како и зголемување на капацитетите на вработените. 300.000 денари

11. Подготовка на годишен извештај - Опсерваторија за МСП

Подготовка на годишен извештај за состојбата кај малите и средните претпријатија и трендовите на овој сектор во 2016 година. Извештајот опфаќа споредба на бројот на малите и средните претпријатија, нивното учество во бруто домашниот производ, во извозот итн. 200.000 денари

12. Организирање на обуки за општествена одговорност и промоција на социјалното претприемништво

Организирање на три еднодневни обуки за вкупно 60 претпријатија, за подигање на свеста за спроведување на општествено одговорни практики и покажување на интерес за подобро функционирање во насока на општествената одговорност, како и промоција на концептот за социјално претприемништво. 200.000 денари

13. Поддршка за женско претприемништво

Организирање на обуки за жени претприемачи согласно анализите за потреби од обуки подготвени на национално и регионално ниво. Во рамките на оваа активност ќе се организираат две обуки на различни теми се со цел да се подигне нивото на конкурентост кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи. На обуките ќе можат да присуствуваат и жени претприемачи кои штотуку го основале својот бизнис. 100.000 денари

14.Кофинансирање на донаторски проекти

Подобрување на конкурентноста на МСП преку учество на донаторски проекти. Имплементација на регионалниот проект "Воспоставување и промоција на менторинг услуги за мали и средни претпријатија во Западен Балкан", во соработка со ЈИЦА – Јапонската агенција за меѓународна соработка, како и учество и кофинансирање на два предлог проекти во рамките на Транснационалната програма за соработка ИНТЕРЕГ, "Балканско – медитеранска програма 2014-2020", каде АППРМ учествува како проектен партнер .

100.000 денари

Член 3

Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија до 31.1.2018 година, да достави извештај до Владата на Република Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кои ќе бидат опфатени постигнатите резултати како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7719/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4383.

Врз основа на член 5, став (2) од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија", бр.120/09, 53/11, 41/14 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Вовед

Согласно Законот за акредитација Институтот за акредитација на Република Македонија (во понатамошниот текст: ИАРМ) е јавна установа која ги врши работите и задачите на единствено национално тело за акредитација, согласно пропишана постапка за акредитирање врз основа на овој и други закони и врши надзор над исполнувањето на барањата за акредитација.

Акредитацијата е постапка за формално признавање на оспособеноста за извршување на одредени дејности во смисла дека определено тело за оцена на сообразност ги задоволува барањата предвидени со националните, европските и меѓународните стандарди, соодветната правна регулатива, процедурите на ИАРМ, како и препораките на европската и светските организации за акредитација. Имајќи ја предвид нејзината улога како алатка на регулаторите и државата, во одредени области акредитацијата е пропишана како законски услов кој одреден субјект мора да го исполнува, доколку за своето работење треба да се здобие со одредено овластување издадено од надлежен државен орган.

Основни области во кои се изведуваат постапките на акредитација се:

- лаборатории за тестирање и калибрација,
- медицински лаборатории,
- тела кои вршат сертификација на производи, процеси и услуги
- тела кои вршат сертификација на системи за управување и
- тела кои вршат инспекција.

Акредитацијата е меѓународно призната алатка со која посредно се: обезбедува и гарантира безбедност и квалитет на производите и услугите, слободен развој на меѓународната трговија, се намалуваат трошоците и грешките во работењето, на сметка на зголемување на ефикасноста и економичноста во искористеноста на материјалните и човечките ресурси.

Акредитацијата обезбедува олеснување на светската трговија. Ова од причина што нејзиното примарно значење или придобивка се состои во тоа што еднаш испитаните/сертифицираните производи и услуги под знакот на акредитацијата, немаат потреба од повторно испитување. Имајќи го предвид фактот дека ИАРМ е потписник на три значајни меѓународни договори со кои се обезбедува оваа придобивка, таа важи и за домашните производи и услуги кога се пласираат во и надвор од земјата.

Имено, ИАРМ како полноправен член Европската и Светските организации за акредитација е потписник на меѓународните Договори за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со нив, и тоа:

- со Европската организација за акредитација (ЕА) е потписник на ЕА-MLA (Multilateral agreement – MLA[1]),
- со Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории (ILAC) е потписник на ILAC-MRA (Mutual Recognition Arrangement- MRA[2]) и
- со Меѓународниот форум за акредитација (IAF) е потписник на IAF-MLA Multilateral agreement – MLA[3]).

Со нивното потпишување, ИАРМ ги отвори вратите за домашните производи и услуги на европскиот и светскиот пазар, согласно принципот „еднаш акредитиран, насекаде прифатен".

Потпишувањето на Договорите значи дека издадените документи од македонските акредитирани тела за оцена на сообразност, согласно стандардите МКС EN ISO/IEC 17025 за лаборатории за тестирање и калибрација, МКС EN ISO/IEC 17020 за инспекциски тела, МКС EN ISO 15189 за медицински лаборатории и МКС EN ISO/IEC 17065 за сертификациски тела за производи, процеси и услуги се признаваат на светско ниво.

Досегашното успешно реализирање на клучните определби на ИАРМ на меѓународен план, се само дополнителен поттик, но воедно и обврска, за исполнување на стратешкиот интерес и визија на ИАРМ во правец на одржување и зајакнување на статусот на полноправен член во меѓународните организации за акредитација.

II. Цели на Програмата за работа на ИАРМ за 2017 година

Примарна цел на ИАРМ е континуирано одржување и зајакнување на системот на акредитација кој ќе обезбеди доверба во компетентноста на телата за оцена на сообразност (сертификациските тела, лабораториите за тестирање

---

[1] ЕА-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ЕА, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификациски, инспекциски, калибрациски сертификати и извештаи од тестирање низ цела Европа.

[2] ILAC-MRA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ILAC, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните инспекциски сертификати и извештаи од тестирање низ светот.

[3] IAF-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на IAF, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификати издадени од акредитираните сертификациски тела за производи во светот.

и калибрација, медицинските лаборатории и инспекциските тела) и во нивните издадени документи и воедно ја обезбедува слободната трговија со домашните производи и услуги на пазарите во Европа и светот.

Акредитацијата, како во светот, така и во Република Македонија игра важна улога во јакнењето на внатрешниот пазар и квалитетот на живеење, а приматот во нејзината улога е развој на домашното стопанство и негово интегрирање во светски рамки. Но, за Република Македонија таа е особено важен инструмент и како поддршка за нејзиното интегрирање кон Европската Унија.

Имајќи ги предвид придобивките од реализацијата на претходно зацртаните планови и цели на ИАРМ, кои се признание за успешно вршење на акредитацискатa дејност, како и потенцијалите што произлегуваат од нив, мора да се има предвид и нивното повеќенаменско значење.

Оттука, главните активности на ИАРМ во 2017 година ќе бидат насочени кон редовни активности за одржување и надградба на системот за управување со квалитет, како основен услов за одржување на договорите. Истите ќе бидат надополнети со активности и подготовки за вториот редовен надзор од страна на ЕА, што следи по потпишувањето на Договорот ЕА-MLA. Согласно правилата, плановите и програмата за работа на Европската организација за акредитација, вториот редовен надзор треба да се реализира во декември 2017 година.

Посебни цели за реализацијата на програмата се:

- зголемување на бројот на акредитирани тела од страна на ИАРМ,
- институционално зајакнување преку нови кадровски и организациски решенија и координирање на акредитациските активности преку зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИАРМ,
- постојано залагање за олеснување на глобалната трговија преку прифаќање на резултатите од акредитираните тела за оцена на сообразност,
- промовирање на услугите на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРМ,
- реализација на владините проекти кои се поврзани со работата на ИАРМ,
- давање техничка поддршка на министерствата и останатите институции за сите прашања поврзани со постапките за акредитација,
- активна соработка со европските и меѓународните организации за акредитација,
- постојани активности за стекнување поголема доверба кај заинтересираните страни,
- продолжување на веќе воспоставената соработка со Стопанските комори во Македонија, Организацијата на потрошувачи на Македонија и економските оператори,
- продлабочување и проширување на соработката со националните тела за акредитација од регионот и светот и
- учество во реализација на меѓународни проекти.

Реализацијата на програмските цели ќе се обезбеди преку средствата обезбедени во Буџетот на РМ за 2017 година, како и преку учество во проекти како на пр.: Проектот за зајакнување на инфраструктурните капацитети за квалитет за земјите од Западен Балкан, TAIEX Инструментот на Европската комисија и др.

III. Предвидени активности за реализација на Програмата

Во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 51 – ИАРМ, за категориите 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48 – капитални расходи, планирани се финансиски средства во износ од 30.780.000,00 денари.

За одржување на ефикасноста и за надградба на воспоставениот национален систем за акредитација согласно Законот за акредитација, стандардот МКС EN ISO/IEC 17011, правилата на Европската организација за акредитација, Светската организација за акредитација на лаборатории и Меѓународниот форум за акредитација (ЕА, ILAC и IAF) и интерните документи на ИАРМ, потребно е да се реализираат следниве активности:

1. Акредитациски активности

ИАРМ досега има акредитирано 194 тела за оцена на сообразност и има 17 нови пријави за акредитација. Во 2017 година ќе се извршат редовни надзори на веќе акредитираните тела, а воедно ИАРМ ќе работи и на новодоставени пријави за акредитација, што ќе значи зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност.

Согласно Законот за акредитација, како и обврските што произлегуваат од потпишаните меѓународни договори, ИАРМ континуирано ќе го одржува и подобрува целокупниот систем за акредитација. Во рамките на развојните активности, ИАРМ ќе развива нови шеми и области за акредитација, согласно специфичните потреби на Република Македонија, како на пример: акредитација на тела за сертификација на персонал и на организатори на тестирање на оспособеност. Развојот на овие шеми и области е во соработка со заинтересираните страни, потпомогнати со работата на Техничките комитети.

Приоритет во работата на ИАРМ во текот на 2017 година ќе биде натамошната реализација на проектите на Владата на Република Македонија кои се директно поврзани со постапките за акредитација.

Имено, ќе се продолжи со работа на проектот за акредитирање на преостанатите лаборатории во рамки на "Проектот за лабораториско опремување на 80 државни високообразовни институции", со кој е предвидено акредитирање на околу 50-тина новоформирани лаборатории.

Исто така, ќе се продолжи со реализација на постапките за акредитација на планираните 8 медицински лаборатории во јавното здравство во соработка со ресорното Министерство за здравство. Паралелно, ИАРМ ќе ги обработува тековните и новите пријави за акредитација на медицински лаборатории и од приватниот сектор, по стандардот МКС EN ISO 15189.

Во текот на 2017 година се очекува пораст на бројот на пријави за акредитација на сертификациски тела за системи за управување, за која што област ИАРМ ќе пријави проширување на опсегот на ЕА-МЛА договорот во рамки на втората редовна надзорна посета од страна на ЕА.

Исто така, во текот на 2017 година ќе продолжат активностите за изведување на акредитациски активности и во странство, почитувајќи ги правилата за прекуграничната акредитација.

Потребни средства.....20.900.000,00 денари

2. Втор редовен надзор што следи по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (ЕА-MLA)

Согласно правилата, плановите и програмата за работа на Европската организација за акредитација (ЕА), вториот редовен надзор по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (ЕА-MLA) треба да се реализира во декември 2017 година.

Надзорната оцена ќе опфати и оцена на системот за акредитација и за нова област-сертификација на системи за управување, а ќе биде реализирана од страна на осумчлен меѓународен тим делегиран од ЕА. Севкупната организација и трошоци за реализација на надзорот се на товар на ИАРМ (патни трошоци, трошоци за храна и сместување).

Одржувањето на важноста на Договорот надополнето со проширување на неговиот опсег во нова област, преку презентација и одбрана на воспоставениот систем за акредитација и исполнување на обврските што произлегуваат од него преку најразлични активности, е од суштинско значење за дејноста на ИАРМ, за македонското стопанство и за државата.

Потребни средства .....600.000 денари

3. Организирање на обуки

Одржувањето и надградувањето на компетентноста како на вработените, така и на надворешните лица-соработници на ИАРМ е неопходна потреба, но и примарна обврска што за ИАРМ произлегува од меѓународните договори, бидејќи е основен предуслов за квалитетно и правилно изведување на постапките за акредитација.

Во време на подготовка на Програмата, Листата на оценувачи ја сочинуваат: 20 водечки оценувачи, 50 технички оценувачи, 10 оценувачи во обука, 8 кандидати за оценувачи и 71 експерти. Десетмина од водечките оценувачи се од редот на вработените во ИАРМ, а останатите се надворешни соработници. Во листите покрај оценувачи и експерти од Република Македонија, има оценувачи и експерти од други тела за акредитација, кои се членки на ЕА или со кои ИАРМ има потпишан договор за соработка. Имено, со цел да бидат задоволени барањата на стандардите за акредитација, како и да се одговори на пројавените потреби за акредитација, околу 18% од ангажираните технички оценувачи и експерти при спроведувањето на постапките за акредитација се од странство. Но секако, ИАРМ и натаму ќе настојува да ја зголеми компетентноста на домашните оценувачи и експерти, преку нивно обучување, со цел да се зголеми нивниот ангажман во постапките за акредитација.

Оттука, и во 2017 година посебен акцент ќе се стави на организација и учество на обуки, семинари и работилници со учество на кандидатите за оценувачи и техничките оценувачи и обуки со вклучување во оценувања под надзор.

Во 2017 година ИАРМ планира да ги организира следниве обуки/работилници:

- Обуки на вработените за стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 - Општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразноста, стандард по кој работи ИАРМ (задолжително, заради одржување на системот за акредитација)

- Обуки за стандардот за акредитација на медицински лаборатории ISO 15189:2012

- Тренинг за Point-of-care testing (POCT), Барања за квалитет и компетентност (ISO 22870:2006)

- On-site оценка за лаборатории што тестираат стационарни извори на емисија TS EN (15675)

- Обука за хармонизација во оценувањето на водечките и техничките оценувачи на ИАРМ

- Обука за водечки и технички оценувачи за стандардот МКС EN ISO/IEC 17020:2012

- Обука за водечки и технички оценувачи за стандардот МКС EN ISO/IEC 17065

- Обука за оценувачи – on site assessment за МКС EN ISO/IEC 17025 во лаборатории за микробиолошко тестирање на храна

- Обука за оценувачи – on site assessment за стандардот МКС EN ISO/IEC 17021

- Обука за стандардот МКС EN ISO/IEC 9001:2015

- Обука за стандардот МКС EN ISO/IEC 14001:2015

- Обука за Заштитена ознака за потекло, Заштитена географска ознака, Гарантиран традиционален специјалитет.

На овие обуки ќе учествуваат вработените од ИАРМ и надворешните соработници, оценувачи и експерти.

Дел од теоретските обуки ќе бидат организирани во ИАРМ, а дел во странски акредитациски тела, членки на ЕА и потписнички на MLA.

Исто така, во рамки на Годишниот План за обуки на вработените во ИАРМ ќе се реализираат и генерички и специјализирани обуки, согласно законските барања за надградба на професионалноста и компетентноста на административните службеници.

Потребни средства .....1.500.000,00 денари

4. Соработка со државни органи

ИАРМ ќе продолжи со активна соработка со државните органи преку учество во работата на повеќе работни групи формирани од страна на Владата на Република Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во оваа насока ќе се продолжи со започнатите владини проекти за акредитација преостанатите лаборатории при високо-образовните институции опремени од Владата на Република Македонија и за акредитација на медицински лаборатории определени од страна на Министерството за здравство.

Исто така, ИАРМ ќе продолжи со активностите во рамките на Комитетот за надзор на пазарот и соработката со Стопанските комори во Република Македонија, како и учество во работата на Техничките комитети при Институтот за стандардизација на Република Македонија.

Потребни средства .....100.000,00 денари

5. Спроведување интерна проверка

Согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 реализирањето на редовната интерна проверка на вработените во ИАРМ е задолжителна обврска и потреба заради одржување и унапредување на системот за управување со квалитет во ИАРМ.

6. Преиспитување на раководството

Согласно Политиката за квалитет и Процедурите за работа на ИАРМ и барањата на МКС EN ISO/IEC 17011 еднаш годишно се реализира преиспитување на раководството на ИАРМ (директор, претседател на Совет, менаџер за квалитет, раководители на сектори и одделенија). Целта на преиспитувањето е преку анализа на документи, извештаи, жалби, приговори, забелешки и несообразности да се дефинираат и редифинираат политиките и целите на ИАРМ и да се испита ефективноста на системот за управување со квалитет на ИАРМ.

7. Промовирање на системот на акредитација

Согласно препораките на Владата на Република Македонија, ИАРМ се стреми кон поголемо промовирање на потребата од акредитирани и овластени тела со седиште во Република Македонија. Промоцијата на системот на акредитација е од клучно значење за реализацијата на погоре споменатите владини проекти.

За целосна реализација на овие препораки, неопходно е информирање за начинот на аплицирање, како и за начинот на добивање статус на акредитирано тело, односно приближување до условите за акредитација. Исто така, ИАРМ ќе организира нови промотивни настани со кои сите заинтересирани страни ќе бидат запознати со придобивките и корисноста од потпишувањето на меѓународните договори EA-MLA, ILAC-MRA, IAF-MLA и употребата на знаците со кои се докажува потписничкиот статус на истите.

Во рамките на промовирање на системот за акредитација, ИАРМ ќе ги преземе следниве активности:

- Подготовка и издавање на промотивен и едукативен материјал од областа на акредитацијата, на теми препорачани од европската и светските организации за акредитација,
- Медиумска промоција на акредитацијата,
- Издавање на Годишен извештај за работата на ИАРМ за 2016 година,
- Промоција за доделување на сертификати на акредитираните тела 2016/17 година, по повод 9ти Јуни „Меѓународниот ден на акредитацијата“,
- Организирање на прес конференции,
- Организирање на заеднички настани со Организацијата на потрошувачи во Република Македонија,
- Организирање на средби со Стопанските комори во Република Македонија,
- Организација и учество на Трета Меѓународна Конференција „Квалитет и компететност 2017” во соработка со Македонското здружение на акредитирани лаборатории и инспекциски тела – МАКЛАБ,
- Организирање на средби со стопанственици во повеќе градови низ Република Македонија и
- Одржување и надградба на официјалната интернет страница на ИАРМ.

Потребни средства.....1.220.000,00 денари

8. Работа на Советот на ИАРМ и Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРМ

Советот на ИАРМ го сочинуваат 11 члена, а Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРМ 3 члена.

Потребни средства.....1.700.000,00 денари

9. Меѓународни активности

ИАРМ е полноправен член на: Европската организација за акредитација (ЕА), Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории (ILAC) и Меѓународниот форум за акредитација (IAF).

Како полноправен член на трите организации, ИАРМ задолжително треба да учествува на годишните состаноци на Генералните собранија на ЕА, ILAC и IAF, бидејќи е член со активно право и должност да учествува и гласа за нови мерки и резолуции од областа на акредитацијата во светски рамки, а кои потоа вертикално треба да се транспонираат на национално ниво во соодветна правна форма.

По основ на полноправното членство, ИАРМ е задолжен да плаќа соодветен износ на име годишна членарина за 2017 година, и тоа:

- по основ на полноправно членство во ЕА и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРМ треба да плати годишна членарина во износ од 14.000,00 евра,
- по основ на полноправно членство во ILAC и статус на потписник на MRA Договорот, ИАРМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 3.000,00 австралиски долари,
- по основ на полноправно членство во IAF и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 1.306,00 американски долари.

ИАРМ ќе ја одржува и надградува соработката со националните тела за акредитација од регионот согласно потпишаните билатерални договори со: Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Хрватска, Турција, Косово, Босна и Херцеговина и Молдавија.

Исто така, ИАРМ ќе ги одржува и надградува договорите за соработка склучени со Акредитацискиот сервис на Велика Британија (UKAS), Германското тело за акредитација (DAkkS) и Федералната служба за акредитација на Руската Федерација (RusAccreditation).

Целта на овие договори е организација на заеднички обуки за оценувачи, размена на експерти и оценувачи на регионално ниво, прекугранична акредитација што севкупно ќе придонесе за изградба на ефикасен систем за акредитација. Во рамки на договорената регионална соработка ќе се продолжи со започнатата активност на взаемно учество на набљудување при изведување на оцени од националните тела за акредитација од регионот.

Потребни средства.....2.800.000,00 денари

10. Менаџмент и тековно работење на ИАРМ

За непречено одвивање на тековните активности на ИАРМ, во Буџетот на ИАРМ за 2017 година обезбедени се средства за одржување на хардверската и софтверската опрема (софтвер за спроведување на постапките за акредитација (Data management system), софтвер за сметководствено, благајничко и архивско работење), одржување на просториите, одржување на патнички моторни возила и за набавка на информатичко-комуникациска опрема.

Потребни средства .....1.960.000,00 денари

IV. Завршни одредби

1. Заклучно со 31.3.2018 година, ИАРМ ќе достави Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за работа на ИАРМ за 2017 година до Владата на Република Македонија, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиските показатели, како и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7720/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4384.

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ НА ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УРБАНИСТИЧКО – ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ ЗА 2017 ГОДИНА

I

1. Со оваа програма се утврдува изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации во

2017 година. Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Македонија, раздел 13001 Министерство за транспорт и врски – Програма 3 – урбанизам и градежништво, Потпрограма 30 – урбанизам и градежништво, ставка 425 – договорни услуги, потставка 425640 – изработка на просторни и урбанистички планови, со вкупен износ од 30.000.000,00 денари, и тоа:

1.1. Урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за кои се прифатени предлози доставени во електронска форма преку информацискиот систем е - урбанизам или во писмена форма, од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во текот на јавниот повик од член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15,193/15, 31/16 и 163/16);

1.2. Урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес за кои е донесена одлука од Владата на Република Македонија;

1.3. Изработка на урбанистички планови и урбанистичко - планска документација за Технолошки индустриски развојни зони и урбанистички планови и урбанистичко - планска документација за индустриски зони;

1.4. Изработка на урбанистичко плански - документации за придружно услужни објекти на магистрални и регионални патишта;

1.5. Изработка на заштитно конзерваторски основи;

1.6. Изработка на ажурирани геодетски подлоги;

1.7. Изработка на студии или елаборати за стратешка оценка на влијанието врз животната средина;

1.8. Изработка за услови за планирање за урбанистичките планови и урбанистичко-планските документации од точките 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4 од оваа програма;

1.9. Изработка на услови за планирање за урбанистичките планови и урбанистичко планските документации чија изработка е финансирана од Буџетот на Република Македонија, согласно член 25, став 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

1.10. Исплата на средства по доставени фактури за урбанистички планови, урбанистички планови за четврти и урбанистичко - плански документации, чие изготвување е започнато согласно Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/13, 69/13, 130/13 и 163/13), Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/14, 143/14, 161/14 и 182/14), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација, урбанистичко планска документација за туристичка развојна зона, урбанистичко планска документација за автокамп и проект за инфраструктура во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/14 и 62/15) и Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.215/15) и Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/16, 29/16 и 68/16), а согласно условите утврдени со програмата, договорот и протоколот.

2. Изработката на урбанистичките планови, регулациските планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планската документација и урбанистичко - проектната документација од оваа програма се врши од страна на Агенцијата за планирање на просторот на Република Македонија. Реализација на оваа програма се врши врз основа на договор меѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за планирање на просторот како и договор меѓу Министерството за транспорт и врски и подносителот на предлогот за изработување на урбанистички план или урбанистичко планска документација во случаите на финансирање од нивна страна или кофинансирање.

3. Исплатата на средствата од точка 1 на оваа програма ќе ја изврши Министерството за транспорт и врски за секоја задача одделно во зависност од степенот на извршување на задачата, а врз основа на барање за исплата со приложени: програма, договор, протокол, и извештај за степенот на извршената задача доставено од Агенцијата за планирање на просторот, при што исплатата ќе се врши на следниот начин:

- за урбанистичките планови 50 % од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, а 50% по изработување на предлогот на урбанистичкиот план;

- за регулациските планови на генерални урбанистички планови 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по одобрување на планска програма, а 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по обезбедено позитивно мислење од надлежната комисија за урбанизам;

- за државна урбанистичка планска документација 50 % од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, а 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по обезбедување на позитивен извештај од стручна ревизија на државната урбанистичка планска документација;

- за локалната урбанистичка планска документација 50 % од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, а 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по обезбедување на позитивен извештај од стручна ревизија на локалната урбанистичка планска документација;

- за урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, а 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по обезбедување на позитивен извештај од стручна ревизија на урбанистичко планска документација;

- за урбанистичка планска документација за туристичко развојна зона и урбанистичко планска документација за автокамп 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по одобрување на планска програма, а 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по обезбедување на позитивен извештај од стручна ревизија на урбанистичко планската документација;

- за урбанистичко – проектните документации 100% од вредноста на задачата ќе се исплати по нивно изработување и доставување во информацискиот систем е - урбанизам.

- заштитно конзерваторските основи, ажурираните геодетски подлоги, студиите или елаборатите за стратешка оценка на влијанието врз животната средина како и елаборатите за услови за планирање за урбанистички планови и урбанистичко-плански документации ќе се исплатат по нивно изработување.

4. Министерството за транспорт и врски за реализираните буџетски средства доставува извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија, заклучно со 31.1.2018 година.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7751/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4385.

Врз основа на член 99 став (7) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ПРОДАЖБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИОТ ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

ПРВ ДЕЛ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се уредува изградбата, продажбата и одржувањето на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2017 година, преку утврдување на глобалната и посебните цели на програмата, физичките и финансиските показатели за станбената изградба, изворите на финанасирање, продажбата на станбениот простор, стопанисувањето со станбениот простор, одржувањето, подобрувањето на условите на домувањето, утврдувањето на висината на закупот, евидентирањето, организирањето и изградбата на станбен и деловен простор каде инвеститор е Република Македонија.

Проектирани цели на програмата

Глобална цел на програмата:

- Интензивирање на стопанската активност на глобално ниво со проектирани инвестициони активности на полето на градежништвото, изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи и контролирано намалување и одржување на цената на становите наменети за продажба и станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица), како и релаксирање на условите на продажба со цел поголема достапност на становите за задоволување на станбените потреби на граѓаните на Република Македонија, како и одржување на станбени згради и станови во сопственост на Република Македонија.

Посебни цели на програмата

- Довршување на почнатите програми за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија;
- Отпочнување на изградба на нови објекти со станови наменети за продажба, како и повеќегодишни проекти за ваков вид на објекти;
- Изградба на станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица);
- Изградба на објекти за индивидуално домување,
- Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи;
- Реализација на обврските на Република Македонија, согласно законски прописи: - обезбедување станбени единици, која произлегува од важечките законски прописи (станови за службени потреби, станови кои се доделуваат согласно Законот за денационализација);
- Изградба, адаптација и реконструкција на објекти согласно донесени Одлуки на Владата на Република Македонија;
- Изградба на источна и западна трибина на Национална Арена Филип II Македонски, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Национална Арена Филип II Македонски, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште) на Национална Арена Филип II Македонски, довршување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Национална Арена Филип II Македонски (борилиште и поттрибинскиот простор) и учество во изградбата на инфраструктурна мрежа и објекти;
- Реализација на програми на Владата на Република Македонија со цел обезбедување на станови за посебна категорија на граѓани;
- Процентуално учество на Акционерското друштво за изградба и одржување на станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје во заедничка изградба на објектот Административен објект на ул. Бихачка бр. 2 во Скопје
- Изградба на објект за потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје
- Изградба на катна гаража во Охрид
- Стопанисување со станбен и деловен простор;
- Инвестиционо и тековно одржување на станбен и деловен простор;
- Подобрување на условите на домувањето во постојните станбени згради и станови;
- Утврдување на висината на закупот и политиката на склучување договори за закуп на станбен и деловен простор;
- Водење на единствена евиденција на станбен и деловен простор со кој стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје;
- Организирање и изградба на станбен и деловен простор чиј инвеститор е Република Македонија;
- Продажба на станови сосптвеност на Република Македонија;
- Локациите се обезбедени на земјиште во сопственост на Република Македонија

Во оваа програма се дадени физички и финансиски показатели на објектите со станбен и деловен простор.

Сите станови кои се наоѓаат на локации кои не се задржуваат со ДУП и истите не се внесени во оваа годишна програма, за истите потребно е да се продолжи постапката за продажба на лицата – носители на станарско право на тие станови;

Становите наменети за продажба во новопредвидените објекти за изградба, во целост ќе се финансира од продажба на станбениот и деловен простор во изградба.

ВТОР ДЕЛ

ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ТЕКОТ НА 2017 ГОДИНА

ГЛАВА I

ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

I.1. Довршување на станови во градба од предходни програми наменети за продажба

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје на територија на Република Македонија во претходните години има во градба

вкупно 1 објект со 25 стана со вкупна површина од 1.315,31 м2 и гаражи со површина 493,33 м2.

Завршување и предавање во употреба на објектите се предвидува во 2018 година. Досегашниот физички напредок на овој објектот изнесува 19,62%, во 2017 година ќе се реализираат 40,19%, а останатите 40,19% ќе се реализираат во 2018 година. Довршувањето на становите во градба од претходните годишни програми наменети за продажба се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

I.2. Изградба на објекти со станови наменети за продажба

На територија на Република Македонија во 2017 година се планира да започне изградба на вкупно 3 нови објекти со 178 стана со вкупна површина од 11.771,91 м2, деловен простор со површина од 2.049,08 м2, гаражи со површина од 2.955,47 м2 и 52 подруми со површина од 296,87 м2

Завршување и предавање во употреба на објектите се предвидува во 2018 - 2019 година. Досегашниот физички напредок на овие објекти изнесува просечно 0,81%, во 2017 година ќе се реализираат 21,22%, а останатите 77,97% ќе се реализираат во 2018 - 2019 година. Становите ќе се продаваат по пазарни продажни цени и тоа 100% од продажната цена во тек на градбата.

Изградбата на објектите со станови наменети за продажба се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

I.2.1. Повеќегодишни проекти за изградба на објекти со станови наменети за продажба

На територија на Република Македонија во наредниот период се планира изградба на вкупно 44 нови објекти со 1.939 стана со вкупна површина од 122.397,97 м2, деловен простор со површина од 20.850,83м2, гаражи со површина од 23.673,17 м2 и 944 подруми со површина од 36.287,53 м2.

Завршување и предавање во употреба на објектите се предвидува во 2018 - 2020 година. Досегашниот физички напредок на овие објекти изнесува просечно 0,40%, во 2017 година ќе се реализираат 0,25%, а останатите 99,35% ќе се реализираат во 2018 - 2020 година. Становите ќе се продаваат по пазарни продажни цени и тоа 100% од продажната цена во тек на градбата.

Повеќегодишните проекти за изградба на објектите со станови наменети за продажба се дадени во Прилог 2.1, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

Предвидена е и изградба на 5 (пет) објекти во Скопје и 1 (еден) објект во Битола на локации на кои постојат објекти во кои живеат лица со станарско право, кои не се задржуваат согласно важечки ДУП, а на локациите е планирана станбена изградба, За лицата кои имаат станарско право ќе се обезбеди решавање на станбеното прашање.

Адресите на овие станови се прикажани во Прилог 2.1

I.3 Станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица)

Со оваа програма се предвидува продолжување на активностите, односно изградба на станови наменети за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидзирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица) на 4 објекти со 108 стана со вкупна површина од 7.209,316 м2, деловен простор со површина од 549,87 м2 и 108 подруми со површина од 824,07 м2. Просечната површина на становите изнесува 66,75 м2

Завршувањето на овие објекти се очекува во текот на 2018-2020 година. Досегашниот физички напредок на овие објекти изнесува просечно 4,02%, во 2017 година ќе се реализираат 16,04%, а останатите 79,94% ќе се реализираат во 2018-2020 година.

Физичките показатели се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

I.4. Изградба на објекти за индивидуално домување

Продолжување на активностите за изградба на 100 објекти за индивидуално домување на целата територија на Република Македонија со околу 300 стана со површина од околу 21.000,00 м2. Во реализација се 18 објекти со 54 стана со површина од 3.718,74 м2 и тоа во општина Илинден во населба Илинден 8 објекти со 24 стана и површина од 1.874,28 м2 , во општина Горче Петров во населба Горче Петров 5 објекти со 15 стана и површина од 964,38 м2 и во општина Гази Баба во населба Мацари 5 објекти со 15 стана и површина од 880,08 м2.

Физичките показатели се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

I.5. Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи

Со оваа програма, се планира продолжување на активностите за изградба на објекти со станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи и тоа 33 објекти со 1.741 стан со вкупна површина од 71.942,90 м2, деловен простор со површина од 2.160,94 м2, гаражи со површина од 353,97 м2 и 1.697 подруми со површина од 10.357,24 м2.

Деловниот простор ќе биде издаден под закуп, а од закупнината ќе се одвојуваат средства за одржување по претходно изготвена програма.

Објектите се рализираат во период на градба 2007-2019год.

Досега се изградени 15 објекти со 721 стан и тоа еден објект во Македонска Каменица со 29 стана, два објекти во Скопје објект 3.1 и 3.2 Горче Петров Јурија со вкупно 102 стана, еден објект во Кавадарци со 30 стана, еден објект во Охрид со 71 стан, еден објект во Кичево со 32 стана, два објекти во Кочани со 72 стана, еден објект во Крива Паланка со 46 стана, еден објект во Битола со 78 стана, еден објект во Штип со 91 стан, еден објект во Берово со 51 стан, еден објект во Ресен со 18 стана, еден објект во Демир Хисар со 25 стана и еден објект во Прилеп со 76 стана.

Во градба се 2 (два) објекти со 80 стана и тоа еден објект во Македонски Брод со 10 стана и еден објект во Гостивар со 70 стана.

Во 2017 година со градба ќе отпочнат 6 (шест) објекти со 528 стана и тоа еден објект во Пехчево со 34 стана, еден објект во Виница со 39 стана, еден објект во Струмица со 41 стан, еден објект во Свети Николе со 54 стана, еден објект во Скопје со 312 стана и еден објект во Пробиштип со 48 стана.

Останатите 412 стана во Шуто Оризари, Сарај, Гевгелија, Куманово, Неготино, Тетово, Велес и Дебар ќе се реализираат во периодот 2018-2019 година.

Просечната цена на чинење за изградба изнесува 526 Евра/ м2 плус ДДВ.

Распределбата на овие станови под закуп се врши согласно Одлуката за распределба на социјалните станови како и условите за нивно користење изградени по програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија

Досегашниот физички напредок на целиот проект изнесува просечно 41,59%, во 2017 година ќе се реализираат 9,76%, а останатите 51,35% ќе се реализираат во 2018-2019 година.

Физичките показатели се дадени во Прилог 5, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

I.6. Изградба на станови за реализација на Законот за денационализација

Заради спроведување на Законот за денационализација, се врши изградба на 57 стана, со вкупна површина од 3.112,20 м2 и тоа 7 стана во Скопје, 48 стана во Битола , еден стан во Охрид и еден стан во Тетово.

Физичките показатели се дадени во Прилог 6, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

I.7. Довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија

Согласно донесените Одлуки на Владата на Република Македонија, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во текот на 2017 година ќе ги довршува со градба или ќе отпочне со градба на следните објекти:

Ред. бр.	Објект	Предмет на работа	Реализација
1	2	3	4
1	Национална Арена Филип II Македонски	Изградба на источна и западна трибина на Национална арена Филип II Македонски во Скопје, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Национална арена Филип II Македонски во Скопје, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште) Национална арена Филип II Македонски во Скопје, довршување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Национална арена Филип II Македонски во Скопје (борилиште и поттрибинскиот простор) и учество во изградбата на инфраструктурна мрежа на објекти	Изградба
2	Паркинг за репортажни коли ,,TV COMPOUND"	Изградба на паркинг за репортажни коли – за Национална арена Филип II Македонски во Скопје	Изградба
3	Палата Емануел Чучков (Административен објект на ул. Бихачка бр. 2 во Скопје - зграда на Државен завод за ревизија)	Процентуално учество на Акционерското друштво за изградба и одржување на станбен простор и деловен простор од значење за Републиката –Скопје во заедничка изградба на објектот	Изградба
4	Објект државни институции ГП 7.1.1 ДУП Централно градско подрачје на Град Скопје - Мал Ринг во Скопје.	Изградба на објект за потребите на Акционерското друштво за изградба и одржување на станбен простор и деловен простор од значење за Републиката –Скопје	Изградба
5	Катна Гаража ГП 1.2 (Центар за култура Григор Прличев) во Охрид	Изградба на катна гаража во Охрид	Изградба

Физичките показатели се дадени во Прилог 7, кој е составен дел на оваа програма, односно финансиските показатели се дадени во Прилог 9, на оваа програма.

Рекапитуар на предвидената станбена изградба која се очекува да се одвива во текот на 2017 - 2020 година претставуваат: 4.102 стана со вкупна површина од 221.468,33 м2, деловен простор со површина од 25.996,80 м2, гаражи со површина 27.486,16 м2 и 2.857 подрум со површина од 18.229,80 м2.

Рекапитуларот на предвидената станбена изградба е даден во Прилог 8 кој е составен дел на оваа програма.

ГЛАВА II

ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ СО ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И СРЕДСТВАТА

II.1. Финасиски показатели за довршување на станови во градба од претходни програми наменети за продажба

Вкупното чинење на објектот со станови во градба од поранешните програми, наменети за продажба, изнесува 58.134.048,00 денари плус ДДВ. До крајот на 2016 година вложувањата во овој објект изнесува 11.409.943,00 денари плус ДДВ, а потребните средства за негово целосно завршување изнесуваат 46.724.105,00 денари плус ДДВ од кои во 2017 година ќе се вложат 23.362.053,00 денари, кои ќе ги финансира Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 23.362.053,00 денари ќе се вложат во текот на 2018 година

Објектот се очекува да биде завршен со градба во 2018 година.

II.2. Финасиски показатели за изградба на објекти со станови наменети за продажба за 2017 година

Вкупното чинење на објектите со станови наменети за продажба изнесува 658.617.595,00 денари плус ДДВ. До крајот на 2016 година вложувањата во овие објекти изнесуваат 5.321.422,00 денари плус ДДВ, а потребните средства за нивно целосно завршување изнесуваат 653.296.173,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2017 година ќе се вложат средства во висина од 139.818.534,00 денари плус ДДВ, кои ќе ги финансира Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 513.477.639,00 денари ќе се вложат во текот на 2018-2019 година.

За овие објекти се очекува нивно квалитетно довршување и давање во употреба во 2018-2019 година.

II.2.1. Финасиски показатели за повеќегодишните проекти за изградба на објекти со станови наменети за продажба

Вкупното чинење на објектите со станови наменети за продажба од повеќегодишните проекти изнесува 5.603.571.836,00 денари плус ДДВ. До крајот на 2016 година вложувањата во овие објекти изнесуваат 14.065.683,00 денари плус ДДВ, а потребните средства за нивно целосно завршување изнесуваат 5.589.506.152,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2017 година ќе се вложат средства во висина од 22.280.127,00 денари плус ДДВ, кои ќе ги финансира Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 5.567.226.026,00 денари ќе се вложат во текот на 2018-2020 година.

За овие објекти се очекува нивно квалитетно довршување и давење во употреба во 2018-2020 година.

II.3 Финансиски показатели за изградба на станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица)

Вкупното чинење на објектите со станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица) изнесува 259.150.588,00 денари плус ДДВ. До крајот на 2016 година вложувањата во овие објекти изнесуваат 10.423.160,00 денари плус ДДВ. За нивно целосно завршување потребни се средства во висина од 248.727.428,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2017 година се очекува да се вложат средства во износ од 41.588.689,00 денари плус ДДВ, кои ќе ги финансира Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 207.138.739,00 денари плус ДДВ ќе бидат вложени во текот на 2018-2020 година.

II.4. Финансиски показатели за изградба на објекти за индивидуално домување

Вкупното чинење на објектите за индивидуално домување кои што се во реализација изнесува 133.581.860,00 денари плус ДДВ. До крајот на 2016 година вложувањата во овие објекти изнесуваат 112.633,00 денари плус ДДВ. За нивно целосно зав-

ршување потребни се средства во висина од 133.469.227,00 денари плус ДДВ. Во текот на 2017 година се очекува да се вложат средства во износ од 20.000.000,00 денари плус ДДВ, кои ќе ги финансира Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, а ќе се обезбедат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма. Останатите 113.469.227,00 денари плус ДДВ ќе бидат вложени во текот на 2018 година.

II.5. Финансиски показатели за изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи

Вкупното чинење објектите со станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи (изградба на социјални станови) изнесува 2.990.955.834,00 денари со ДДВ. Вредноста на чинење без ДДВ, но со вклучена вредност на градежното земјиште на локациите предвидени за изградба на објектите, како и вкалкулирани 4% за имплементација на Проектот изнесува околу 50,7 милиони Евра. 50% (25,35 милиони Евра) се обезбедуваат со кредит од Банката за развој при Советот на Европа (Проект F/P 1674). Останатите 50%, како и изградбата на деловниот простор и трошоците за ДДВ ќе бидат финансирани од страна на Владата на Република Македонија со средства од Буџетот за 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година, како и со средства на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје од сопствено работење.

До крај на 2016 година платени се средства во висина од 1.259.789.734,00 денари кои се обезбедени од следните извори:

- 700.674.775,00 денари платени од страна на Република Македонија (од досегашните Буџети на Република Македонија и средства од сопствано работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје);
- 559.114.959,00 денари од кредитот од Советот на Европа

Во 2017 година потребни се средства во висина од 292.000.000,00 денари.

- 292.000.000,00 денари предвидени средства за изградба на социјални станови во Буџетот на Република Македонија за 2017 година од Заеми - кредит од Банката за развој при Советот на Европа

II.6. Финансиски показатели за изградба на станови за реализација на Законот за денационализација

Вкупното чинење на изградбата на 57 стана, кои ќе се градат заради спроведување на Законот за денационализација, изнесува 128.000.000 денари плус ДДВ.

Средствата ќе бидат обезбедени со кредит од домашните банки за целиот износ, со државна гаранција, согласно Законот за јавен долг.

Само во 2017 година потребни се средства во висина од околу 2.000.000,00 денари.

II.7. Финансиски показатели за довршување и изградба на објекти по Одлуки на Владата на Република Македонија

Вкупното чинење за довршување и изградба на објектите по Одлуки на Владата на Република Македонија изнесува 2.802.872.894,00 денари плус ДДВ. До крај на 2016 година вложени се средства во висина од 1.608.987.539,00 денари плус ДДВ. За целосно довршување на овие објекти потребни се уште 1.193.855.354,00 денари плус ДДВ, а во 2017 година ќе бидат вложени средства во висина од 740.587.960,00 денари плус ДДВ. Изворите на средства за овие објекти се наведени во Глава III од оваа програма.

За изградба на Источна и Западна трибина на Национална Арена Филип II Македонски, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Национална Арена Филип II Македонски, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште) на Национална Арена Филип II Македонски, довршување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Национална Арена Филип II Македонски во Скопје (борилиште и поттрибинскиот простор) и учество во изградбата на инфраструктурна мрежа на објекти како и за изградба на TV COMPOUND - паркинг за репортажни коли за Национална арена Филип II Македонски во Скопје, за целосно ставање во функција на реконструираниот спортски терен и борилишта, поставување на UPS модуларни системи, преградување на подтрибинскиот простор за потребите на UEFA, и фасадно обликување и илуминација и партер на северна трибина, во 2017 година потребни се средства во висина од 293.450.000,00 денари плус ДДВ, кои се обезбедуваат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма.

Вкупното процентуално учество на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје на изградбата на објектот на улица Бихачка под реден број 3 од истата табела, изнесува 11.528.182,00 денари плус, до крај на 2016 година вложени се средства во висина од 5.255.725,00 денари плус ДДВ, а останатите 6.272.458,00 денари плус ДДВ ке бидат вложени во 2017 година, кои се обезбедуваат од предвидените извори на финансирање во Глава III од оваа програма.

Вкупното чинење на објектот за потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје изнесува 575.799.927,00 денари плус ДДВ. До крај на 2016 година вложени се средства во висина од 199.934.425,00 денари плус ДДВ. За целосно завршување на објектот потребни се средства во висина од 375.865.502,00 денари плус ДДВ. Во 2017 година се очекува да се вложат средства во висина од 375.865.502,00 денари плус ДДВ, кои се обезбедуваат со банкарски кредит.

За изградба на катна гаража во Охрид во 2017 година ќе бидат вложени средства во висина од 65.000.000,00 денари плус ДДВ. Истите се обезбедуваат со банкарски кредит.

Рекапитуларот на финансиски средства е даден во Прилог 9 на оваа програма.

ГЛАВА III
ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ВО ДЕЛОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН ПРОСТОР НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

За реализација на програмата во делот за изградба на станбен простор, во 2017 година вкупно потребни се средста во висина од 1.281.637.362,00 денари, кои се обезбедуваат од следните извори на финансирање:

За изградба на станови за лица во социјален ризик:

-292.000.000,000 денари предвидени средства за изградба на социјални станови во Буџетот на Република Македонија за 2017 година од Заеми - кредит од Банката за развој при Советот на Европа

-2.000.000 денари за изградба на станови за реализација на Законот за денационализација се обезбедуваат со кредит од домашните банки за целиот износ, со државна гаранција, согласно Законот за јавен долг.

За изградба на објектот ГП 7.1.1 мал ринг за потребите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

-375.865.502,00 денари од банкарски кредит.

За изградба на катна гаража во Охрид

-65.000.000,00 денари од банкарски кредит.

ОСТАНАТИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Останатите 546.771.860,00 денари потребни за реализација на програмата во 2017 година се обезбедуваат од следните извори на финансирање:

III. 1. Приходи од ануитети за 2017 година од продадени станови, деловни простории, гаражи и подруми со одложено плаќање.

Ануитети од продадени станови, деловни простории, гаражи и подруми во износ од 70.448.000,00 денари:

Ануитети 70.448.000,00 . . . . . **70.448.000,00 денари**

Вкупно III.1. 70.448.000,00 денари

III 2. Приходи од закупнина на станбен и деловен простор за 2017 год. за проширување на материјалната основа.

Закупнина за станбен простор .
41.010.000,00 денари x 23,5%. . . . . 9.637.350,00 денари

Закупнина за деловен простор
119.792.000,00 денари x 23,5% . . . . . 28.151.120,00 денари

Вкупно III.2. 37.788.470,00 денари

III. 3. Од продажба на станови, гаражи и подруми во објекти во градба:

- Од објекти во РЦ Аеродром, Радиобран, Објект 3.1. и Париска 214.150.000 214.150.000,00 денари

Вкупно III.3. 214.150.000,00 денари

III. 4. Од продажба на деловен простор: 99.000.000,00 денари

Вкупно III.4. 99.000.000,00 денари

III.5. Паркинг, Стадион и Катни гаражи:

33.300.000,00 денари

Вкупно III.5. 33.300.000,00 денари

III.6. Приливи од наплатени утужени побарувања:

15.000.000,00 денари

Вкупно III.6. 15.000.000,00 денари

III.7. Побарувања по основ на ДДВ:

48.428.687,00 денари

Вкупно III.7. 48.428.687,00 денари

III.8. Побарување – Тутунски комбинат Прилеп:

25.240.620,00 денари

Вкупно III.8. 25.240.620,00 денари

III. 9. Од продажба на станови, гаражи и подруми во објекти на залиха:

Очекувани приходи 3.430.000,00 денари

Вкупно III.9. 3.430.000,00 денари

Извори на финансирање	(денари)
III.1 Приходи од ануитети	70.448.000,00
III.2 Приходи од закупнина на станбен и деловен простор	37.788.470,00
III.3 Од продажба на станови деловен простор,гаражи и подруми во објекти во градба	214.150.000,00
III. 4. Од продажба на деловен простор	99.000.000,00
III.5. Паркинг, Стадион и Катни гаражи	33.300.000,00
III.6. Од наплатени утужени побарувања	15.000.000,00
III.7. Побарувања по основ на ДДВ	48.428.687,00
III.8. Побарување – Тутунски комбинат Прилеп	25.240.620,00
III. 9. Од продажба на станови, деловен простор гаражи и подруми во објекти на залиха:	3.430.000,00
Вкупно:	546.785.777,00

Потребни средства за реализација на програмата во делот на станбена изградба за 2017 година	546.771.860,00 денари
Очекувани приходи од извори на финансирање за реализација на програмата во делот на станбена изградба за 2017 година	546.785.777,00,00 денари

Разликата од 13.917,00 денари ќе се користи како фонд за ликвидност.

ТРЕТ ДЕЛ

Продажба на станови сопственост на Република Македонија

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката врши продажба на станови сопственост на Република Македонија и тоа:

1. Станови кои се градат или се изградени по претходни програми и со оваа програма, наменети за продажба;
2. Станови кои се користат од лица без соодветен акт за доделување и користење, согласно Законот за домување;
3. Станови за кои во актот за доделување и/или во договорот за закуп е утврдено право на откуп, согласно Законот за домување:
4. Продажба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“;
5. Продажба на станови во општествена сопственост за кои корисниците не го остварале правото на откуп, односно правото на пренос на правото на користење на стан согласно член 131 и 132 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13,42/14, 199/14, 146/15 и 31/16) како и согласно членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14).

1.Станови кои се градат или се изградени по претходни програми и со оваа програма, наменети за продажба

1.1 Станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица)

Становите наменети за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица), ќе се продаваат согласно Одлуката за продажба на станови на кои права, должности и одговорности во поглед на располагањето има Република Македонија.

Становите ќе се продаваат на млади брачни двојки, со возраст на двајцата сопружници најмногу до 38 години и кои се во брак најмногу 10 години во зависност од бројот на децата, и самохрани родители во зависност од период на самохран родител и бројот на децата, инвалидизирани лица, самци и други станбено необезбедени лица кои се државјани на Република Македонија и кои не поседуваат стан, куќа или куќа за одмор и рекреација во лична сопственост, во сопственост на брачниот другар и децата на територија на Република Македонија. Предност при купување на овие станови ќе имаат брачните парови, самохрани родители, инвалидизирани лица, самци и други станбено необезбедени лица кои имаат постојано место на живеење во местото каде е изграден станот. Спроведување на постапката за распределба на становите во зависност од бројот на бодови ќе се врши по електронски пат во Министерството за транспорт и врски. Постапката и начинот на плаќање ќе се врши согласно Одлуката за продажба на станови на кои права, должности и одговорности во поглед на располагањето има Република Македонија.

Физичките показатели се дадени во Прилог 3 на оваа програма.

1.2 Станови изградени и во градба од претходни програми

Станови изградени и во градба од претходни програми, наменети за продажба, ќе се продаваат со 100% плаќање од пазарната продажна цена и во постапка определена со акт на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката.

Физичките показатели се дадени во Прилог 1 на оваа програма.

1.3 Станови наменети за продажба во објекти предвидени за изградба согласно оваа програма

Становите наменети за продажба во објекти предвидени за изградба согласно оваа програма, ќе се продаваат со 100% плаќање од пазарната продажна цена и во постапка определена со акт на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката.

Физичките показатели се дадени во Прилог 2 на оваа програма.

За реализација на ваквиот начин на продажба на становите од точка 1.2 и точка 1.3, од особена важност се одредбите на Законот за катастар на недвижности и неговата примена.

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, може да ја организира продажбата на становите преку користење на финансиски услуги од деловните банки, како и странски (меѓународни) финансиски институции или конзорциуми.

2. Предмет на продажба се станови сопственост на Република Македонија кои се користат од лица без соодветен акт за доделување и користење на станот

Продажбата на овие станови се врши во готово или на одложено плаќање со учество од 30% од цената на станот, а остатокот од цената се исплатува најмногу до 180 еднакви месечни рати со годишна камата од 7,2%.

Вредноста на станот се определува согласно со Уредбата за методологијата за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп, закуп на станови за определена намена.

Во вака утврдената продажна цена се додава и надоместок за претходното користење на станот која се пресметува во висина на закупнината којашто важела во периодот на користењето на станот.

Неплатениот надоместок за претходното користење на станот може во цел износ да се додаде на продажната цена на станот.

Од влегување во сила на Законот за домување во месец август 2009 година, голем дел од постапките за откуп на станот кои се водат пред Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје како и постапките за закуп на станот кои се водат пред Комисијата за станбени прашања при Влада на Република Македонија се завршени, така што се очекува во 2017 година финално да се реализира продажбата и закупот на станови по овој основ.

3. Продажба на станови за кои во актот за доделување и/или во договорот за закуп е утврдено право на откуп

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.163/13) е предвидена продажба на станови за кои во актот за доделување и/или во договорот за закуп е утврдено право на откуп.

Продажбата на овие станови се врши во готово или на одложено плаќање со учество од 30% од цената на станот, а остатокот од цената се исплатува најмногу до 180 еднакви месечни рати со годишна камата од 7,2%.

Вредноста на станот се определува согласно со Уредбата за методологијата за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп, закуп на станови за определена намена.

Во вака утврдената продажна цена се додава и надоместок за претходното користење на станот која се пресметува во висина на закупнината којашто важела во периодот на користењето на станот.

Неплатениот надоместок за претходното користење на станот може во цел износ да се додаде на продажната цена на станот.

Во евиденцијата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје има станови за кои во актот за доделување и/или договорот за закуп е уврдено право на откуп. Барањето за откуп на станот, овие лица имаат право да го поднесат во рок од една година од влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.163/13), а доколку не поднесат барање за откуп, ќе се сметаат за лица кои користат стан во сопственост на Република Македонија под закуп.

Поголем дел од постапките за продажба на овие станови се завршени, така што се очекува во 2017 година финално да се реализира продажбата на становите по овој основ.

4. Продажба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“

Согласно Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по “Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“ од Владата на Република Македонија под бр.42-8897/1 од 02.12.2014 година („Службен весник на РМ“ бр.181/2014), корисниците на станови изградени по Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“ ФП 1340, барањата за откуп на станот можеа да ги поднесат до Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје до 31.03.2015 година.

Условите за откуп на станот се предвидени во зависност од висината на приходите во семејното домаќинство и тоа:

- Лица со ниски приходи – со минимално учество од 5%, рок на отплата на станот 30 години, со фиксна каматна стапка 4%

- Лица со просечни приходи – со минимално учество од 20%, рок на отплата на станот 30 години, со фиксна каматна стапка 4%

- Лица со високи приходи - минимално учество од 30%, рок на отплата на станот 30 години, со фиксна каматна стапка 4%

И корисниците кои поднеле барање за закуп, а спаѓаат во некоја од трите категории, исто така имаат право на откуп на станот во иднина со тоа што во договорот за закуп им е предвидено и тоа право.

5. Продажба на станови во општествена сопственост за кои корисниците не го остариле правото на откуп, односно правото на пренос на правото на користење на стан согласно член 131 и 132 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16) како и согласно членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14).).

Корисниците на станови во општествена сопственост кои не го остариле правото на откуп, односно правото на пренос на правото на користење на стан согласно член 131 и 132 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16) како и согласно членот 7 од Законот за изменува и дополнување на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14)., се категоризираат во четири групи по однос на остварени приходи во заедничкото домаќинство, и тоа:

1. Лица во социјален ризик - кои се приматели на социјална или постојана парична помош;

2. Лица со ниски приходи - чиј што вкупен приход во заедничкото домаќинство е максимум една и пол просечна нето плата (според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на Република Македонија);

3. Лица со просечни приходи - чиј што вкупен приход во заедничкото домаќинство изнесува помеѓу една и пол просечна нето плата и две и пол просечни нето плати (според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на Република Македонија) и

4. Лица со високи приходи - чиј што вкупен приход во заедничкото домаќинство изнесува над две и пол просечни нето плати (според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на Република Македонија).

Овие лица може да поднесат барање за откуп на стан до Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Вредноста на овие станови се определува согласно Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, простор-

ните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закуп на станови за определена намена.

Доколку овие лица имаат заостанат долг по основ на закупнина, истиот заедно со засметаната камата може да го платат пред склучување на договорот за купопродажба на стан или истиот во целост може да се додаде на продажната вредност на станот.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

Стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и негово инвестиционо и тековно одржување

ГЛАВА I

Стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката

Инвестиционо и тековно одржување на станбен простор

1. Оцена за состојбите

Оцената за состојбите во врска со одржувањето на станбениот простор во оваа програма се прикажува преку: физичките показатели наведени во Прегледи на станови по „квалитет на градбата" „структура на станови", „вкупно станови со вкупна површина" и според „статус на користење".

1.1 Физички показатели за станбените згради и станови

Состојбата на станбениот фонд кој е предмет на инвестиционо одржување искажан преку физички показатели врз основа на 05.10.2016 година според квалитетот на градба, структурата на станови, бројот на вкупно станови со вкупна површина и според статус на користење се прикажува како што следи:

1.1.1 Бројот на станови според квалитетот на градба

Табела 1

Реден број	Подружница	Квалитет на станови			Вкупно станови
		тврда	монтажна	субстандардни	
1	2	3	4	5	6
1	Скопје	1.131	492	323	1.946
2	Битола	425	7	25	457
3	Охрид	151	10	5	166
4	Прилеп	315	0	0	315
5	Кичево	109	18	21	148
6	Кочани	274	0	0	274
7	Куманово	131	4	112	247
8	Штип	436	0	3	439
9	Кавадарци	50	1	47	98
10	Струмица	219	8	68	295
11	Тетово	192	6	66	264
12	Велес	226	18	22	266
	вкупно:	3.659	564	692	4.915

Вкупниот број на станови сопственост на Република Македонија според кавалитетот на градба искажани со состојба 05.10.2016 година година изнесува 4.915 од кој број искажани според квалитетот на градба се:

- бројот на станови од тврда градба изнесува 3.659 стана;
- бројот на станови монтажна градба изнесува 564 стана;
- бројот на станови во субстандардна состојба изнесуваат 692 стана

1.1.2. Број на станови според структурата

Табела 2

Ред. број	Подружница	Собност на станови					Вкупно станови	Вкупно гаражи	Вкупно станови и гаражи	Вкупна површина на станови и гаражи
		1*	2*	3*	4*	гарсоњери				
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1	Скопје	633	538	256	57	462	1.946	323	2.269	95.748,71
2	Битола	143	241	41	18	14	457	0	457	25.115,50
3	Охрид	32	113	8	0	13	166	0	166	8.631,00
4	Прилеп	197	102	12	4	0	315	0	315	15.815,00
5	Кичево	43	65	38	2	0	148	0	148	6.878,32
6	Кочани	104	128	41	1	0	274	0	274	15.919,00
7	Куманово	94	107	44	2	0	247	0	247	13.203,90
8	Штип	113	149	34	8	135	439	2	441	22.750,00
9	Кавадарци	16	75	3	1	3	98	0	98	4.950,00
10	Струмица	77	147	24	1	46	295	0	295	15.703,95
11	Тетово	78	123	42	14	7	264	0	264	14.032,93
12	Велес	85	134	41	6	0	266	0	266	15.460,00
	вкупно:	1.615	1.922	584	114	680	4.915	325	5.240	254.208.31

Бројот на двособни станови е најголем и изнесува 1.922 стана, бројот на еднособни станови изнесува 1.615 бројот на трособни станови изнесува 584 бројот на четирисобни станови е 114 стана и бројот на гарсоњери изнесува 680 стан.

1.1.3. Површина на становите

Табела 3

Реден број	Подружница	Вкупно станови	Површина во м²
1	2	3	4
1	Скопје	1.946	91.127,25
2	Битола	457	25.115,50
3	Охрид	166	8.631,00
4	Прилеп	315	15.815,00
5	Кичево	148	6.878,32
6	Кочани	274	15.919,00
7	Куманово	247	13.203,90
8	Штип	439	22.714,00
9	Кавадарци	98	4.950,00
10	Струмица	295	15.703,95
11	Тетово	264	14.032,93
12	Велес	266	15.460,00
	вкупно:	4.915	249.550,85

Вкупната површина на становите сопственост на Република Македонија искажано врз основа на состојба 05.10.2016 година година изнесува 249.550,85 м2

Според површината на становите може да се констатира дека најголем број на станови има во Скопје 1.946 со површина од 91.127,25 м2, што претставува 36,52 % од вкупната површина.

1.1.4. Бројот на станови според статусот на користење

Табела 4

Ред. бр.	Подружница	Со станарско право	Со времено решение	Без соодветен акт за доделување и користење на станот	Друг вид корисник	Вкупно станови
1	2	3	4	5	6	7
1	Скопје	360	452	425	727	1.964
2	Битола	112	223	55	27	417
3	Охрид	24	113	3	26	166
4	Прилеп	96	143	54	22	315
5	Кичево	9	61	30	48	148
6	Кочани	6	175	36	57	274
7	Куманово	56	91	19	81	247
8	Штип	39	158	98	144	439
9	Кавадарци	11	31	24	32	98
10	Струмица	80	117	66	32	295
11	Тетово	57	18	44	145	264
12	Велес	33	165	11	57	266
	вкупно:	883	1.747	865	1.398	4.893

Разликата во вкупниот број на станови (од 18 стана) која се јавува за Подружница Скопје во претходните табели 1, 2 и 3 (1.946 стана), споредено со податоците во Табела 4 (1.964 стана), произлегува од состанарски однос на станарите и 40 за станови во Битола кои во претходната табела се прикажани а истите се празни, рушени или од друга причина без корисник.

Бројот на становите искажан со состојба 05.10.2016 година година според статусот на користењето од страна на корисниците на становите со статус на станарско право изнесуваат 883 стана.

За разлика од останатиот број на станови за кои не е решен статусот на корисниците, овој број на корисници во пракса не предизвикува посебни проблеми, затоа што е решен нивниот статус во однос на користењето. Меѓутоа, за останатите видови на корисници, статусот на користењето на становите е проблематичен се до неговото конечно решавање.

Рекапитуларниот приказ на корисниците со нерешен статус на користењето е следниот:

- корисници на станови со времени решенија	1.747
-корисници на станови без соодветен акт за доделување и користење на станот	865
-корисници на станови со друг вид на користење	1.398
ВКУПНО:	4.010

Корисници на станови со времени решенија

Во оваа категорија на корисници на станови со времени решенија во најголем број случаеви се станови ангажирани за реализација „Програмите за уредување на градежно земјиште на Општините“, како и станови ангажирани за ранливи категории на граѓани, распределени станови по Проект ФП 1340 и Проект ФП 1674.

Корисници на станови без соодветен акт за доделување и користење на станот

Во оваа категорија согласно Законот за домување под користење на стан сопственост на Република Македонија без соодветен акт за доделување и користење, се подразбира користење на стан од страна на лице кое е вселено и користи стан во сопственост на Република Македонија без акт за доделување и користење на станот издаден од надлежен орган и без Договор за користење односно закуп на станот.

Друг вид на корисници:

Во категорија друг вид на корисници спаѓаат становите во сопственост на поранешните ЈУ Републики, како и станови издадени по основ на закуп согласно на Законот за домување, станови на хаусмајстори, нераспределени станови согласно Проектот ФП 1340 и Проект ФП 1674, лица со Решенија за закуп и право на откуп по услови на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Извори на средства

Основен извор за финансирањето на активностите околу одржувањето на станбен простор претставува закупнината како цена на услугите за користење на становите наменети за одржување.

Висината на средствата од закупнината со кои се реализира оваа Програма, во делот за одржување на станбен простор се утврдува со Одлука на Одбор на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Поаѓајќи од ваквите основи, апсолутните износи на финансиските средства во 2017та година за одржување на станбен простор на ниво на Република Македонија изнесуваат вкупно 12.408.880,50 денари или поединечно по Подружници:

Табела 5

Ред. број	Подружница	Број на станови	Површина во $м^2$	Вкупно планирана наплатена закупнина	Одржување на станбен простор планирани 25%
1	2	3	4	5	6
1	Скопје	1.900	90.000,00	19.000.000,00	4.750.000,00
2	Битола	457	25.115,50	3.902.400,00	975.600,00
3	Охрид	154	8.158,00	1.812.000,00	453.000,00
4	Прилеп	310	14.708,00	2.700.000,00	675.000,00
5	Кичево	158	7.321,78	1.579.900,00	394.975,00
6	Кочани	317	17.819,00	3.650.000,00	912.500,00
7	Куманово	240	13.000,00	2.200.000,00	550.000,00
8	Штип	410	21.150,00	5.160.000,00	1.290.000,00
9	Кавадарци	98	4.950,00	1.040.000,00	260.000,00
10	Струмица	285	1.517,55	4.805.100,00	1.201.275,00
11	Тетово	217	11.010,22	1.180.000,00	295.000,00
12	Велес	266	15.460,00	2.606.122,00	651.530,50
	вкупно:	4.812	230.210,05	49.635.522,00	12.408.880,50

Распределбата на планираните средства наменети за одржување на станбен простор по Подружници е направена согласно планираниот број на становите и планираната наплатена закупнина за 2017та година, а согласно актот на Акционерското друштво за изградба со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, што е и основна рамка за вложувањата и интервенциите од страна на Подружниците.

ГЛАВА II

Инвестиционо и тековно одржување на деловен простор од значење за Републиката

I.ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБИТЕ

1.Преглед на деловен простор од значење за Републиката според територијална распределеност

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, покрај станбениот простор стопанисува и со деловен простор од значење за Републиката, прикажан во физички показатели во следниов табеларен преглед:

Табела 1

Реден број	Подружница	Вкупно деловен простор	
		број	површина во $м^2$
1	2	3	4
1	Скопје	528	86.044,88
2	Битола	432	25.660,13
3	Охрид	12	1.374,00
4	Прилеп	16	3.834,00
5	Кичево	10	307,33
6	Кочани	7	111,21
7	Куманово	150	7.001,79
8	Штип	21	1.045,00
9	Кавадарци	18	1.034,12
10	Струмица	20	1.173,00
11	Тетово	15	860,11
12	Велес	27	629,00
	Дирекција	1	220,00
	Трансформација	39	27.738,00
	вкупно:	1.296	157.032,57

Бројот на деловните единици на ниво на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на 05.10.2016 година година изнесува вкупно 1.296 деловни единици со вкупна корисна површина од 157.032,57 м2.

Согласно оваа табела најголем број деловни единици има во Скопје 528 со вкупна површина 86.044,88 м2 и Битола со 432 деловни единици со вкупна површина 25.660,13 м2.

Табела 1.А.

Ред. бр.	Подружница	ТРАЕН КАРАКТЕР		ВРЕМЕН КАРАКТЕР		Вкупно деловен простор на стопанисување
		Тврда	Монтажна	Тврда	Монтажна	
1	2	3	4	5	6	7
1	Скопје	344	0	50	134	528
2	Битола	377	0	23	32	432
3	Охрид	8	0	0	4	12
4	Прилеп	16	0	0	0	16
5	Кичево	10	0	0	0	10
6	Кочани	7	0	0	0	7
7	Куманово	64	0	7	79	150
8	Штип	19	0	0	2	21
9	Кавадарци	13	0	5	0	18
10	Струмица	13	0	0	7	20
11	Тетово	14	0	0	1	15
12	Велес	8	0	0	19	27
	Дирекција	1	0	0	0	1
	Трансформација	37	0	0	2	39
	вкупно:	931	0	85	280	1.296

Според квалитет на градба од вкупно 1.296 деловни единици:

- 931 деловни единици се од траен карактер;
- 365 деловни единици се од времен карактер.

II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Основен извор на средства за финансирање на активностите околу тековното и инвестиционото одржување на деловните згради и деловните простори претставува закупнината.

Мерките и активностите кои во текот на 2016та година беа превземени за зголемување на висината на наплатата на закупнината, планираните средства за 2017та година кои ќе бидат ангажирани за одржување на деловните згради и деловните простории на ниво на Република Македонија, се прикажани во табелата број 2.

Табела 2

Ред. бр.	Подружница	Број на деловни единици	Површина на деловниот простор во м²	Вкупно планирана наплатена закупнина	Одржување на деловен простор планирани 16%
1	2	3	4	5	6
1	Скопје	528	86.044,88	80.000.000,00	12.800.000,00
2	Битола	432	25.660,13	34.560.000,00	5.529.600,00
3	Охрид	15	1.452,00	600.000,00	96.000,00
4	Прилеп	23	4.164,00	1.300.000,00	208.000,00
5	Кичево	15	568,68	1.344.000,00	215.040,00
6	Кочани	7	111,21	100.000,00	16.000,00
7	Куманово	150	7.001,79	8.000.000,00	1.280.000,00
8	Штип	21	1.045,00	436.000,00	69.760,00
9	Кавадарци	18	1.034,12	288.000,00	46.080,00
10	Струмица	20	1.173,00	511.185,00	81.789,60
11	Тетово	15	860,11	210.000,00	33.600,00
12	Велес	27	629,00	1.194.147,00	191.063,52
	Дирекција				0,00
	Трансформација	39	27.738,00	0,00	0,00
	вкупно:	1.310	157.481,92	128.543.332	20.566.933,12

Според прикажаната табела вкупните планирани средства за одржување на деловните згради и деловни простории изнесуваат 20.566.933,12 денари.

III. МЕРКИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОЛИТИКА НА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА

Мерки за одржување

При реализацијата на оваа Програма треба да се имаат во предвид следните мерки заради обезбедување на подобри услови за одржување на деловниот простор:

1. Да се склучат Договори за тековно и инвестиционо одржување со можен обем на работи, согласно определбите на Законот за јавни набавки и истиот ќе служи како основа за утврдување на пресметките за реализација на работите на одржувањето.

2. Заради избегнување на појава од одредени можни штети, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје треба да ги превземе сите мерки на обезбедување и осигурување, со цел да се спречат ваквите појави, дефинирајќи ги заемните обврски со корисниците на деловните простории како закупци, како и преку другите надлежни органи во Републиката.“

ГЛАВА III

Подобрување на условите на домувањето во постојните станбени згради и станови

Поаѓајќи од досегашното искуство како и од утврдените обврски, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје при реализација на оваа програма, а заради обезбедување подобри и поефикасни услови за одржување на постојните станбени згради и станови, треба да го спроведе следното

1. При спроведувањето на јавната набавка за инвестиционо одржување како оперативно дејствие во одржувањето на станбените згради и станови, треба да се поаѓа од претходно извршена анализа на станбените згради и станови преку изготвување на техничка документација со предмер на количините на работа и нивната вредност.

2. Планот за јавни набавки треба да кореспондира со паричните средства наменети за одржување на станбените згради и станови утврдени во оваа програма.

3. При интервенциите за одржување на повеќестанбените објекти-станбени згради, со мешовита сопственост, од особена важност е досегашно дефинирање на делот на интервенциите кои се на терет на средствата предвидени со оваа програма.

Реалното дефинирање на средствата за делот што се однесува за становите во сопственост на Република Македонија во повеќестанбените објекти-станбени згради, во секој случај, треба да биде и облигационо регулирано, преку соодветен договор за интервенции во одржувањето со сопствениците на посебните делови, почитувајќи го притоа донесениот План за одржување на станбената зграда.

За реализација на предходното во станбените згради со мешовита сопственост потребна е соработка со заедницата на сопственици, односно со управителот на станбените згради кои на собирот на сопственици донеле одлука со зградата да управува управител, се со цел да се постигне рационална, економична и ефикасна реализација на интервенциите во одржувањето на станбениот објект.

4. Заради избегнување на одредени можни штети од негрижата од одржувањето на станбените објекти од било кои субјективни или објективни причини, (заедница на сопственици, поединци, сопственици и друго) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје да покрене иницијатива за остранување на причините кои би довеле до можни штети.

При отстранување на причините за можните штети, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје е должно да ги користи сите овластувања што се дадени со позитивните законски прописи, а особено одредбите на Законот за домување како основен нормативен акт од областа на домувањето, да и ги информира и да инсистира органите надлежни за оваа област да интервенираат за остранување на причините кои би довеле до можни катастрофи.

ПЕТТИ ДЕЛ

Реализација на програмата

Оваа програма ќе ја реализира Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбениот простор и со деловниот простор од значење за Републиката - Скопје, согласно Законот за домување и претставува основа за отпочнување на постапка за добивање на одобрение за градење, согласно прописите за градење на објекти.

ШЕСТТИ ДЕЛ

Завршна одредба

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7752/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

ГРУПА НА ОБЈЕКТИ	Земјиште (експропријација) (ден)	Геомеханички работи (ден)	Проектирање урбанистички, идеен основен проект (ден)	Ревизија (ден)	Надоместок за уредување на градежно земјиште (ден)	Вредност на градежно занаетски работи и инсталации (ден)	Надворешни приклучоци, партерно уредување, ограда, контрола на бетон (ден)	Трафостаници (ден)	Дополнителни непредвидени работи и разни такси (ден)	Вкупно чинење на објектите (ден)	Исплатено до крај на 2016 год. (ден)	Потребни средства за вкупно довршување (ден)	Потребни средства само за 2017 год. (ден)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
II.1 Довршување на станови во градбасд, предходни програми наменети за продажба	0	86.000	876.375	133.000	10.160.292	43.087.222	170.949	1.200.000	2.420.210	58.134.048	11.409.943	46.724.105	23.362.053
II.2 Изградба на објекти со станови наменети за продажба	71.951.066	401.450	14.773.293	1.314.489	90.956.547	461.847.429	1.790.296	6.911.559	8.671.465	658.617.595	5.321.422	653.296.173	139.818.534
II.2.1 Повеќегодишни проекти за изградба на објекти со станови наменети за продажба	115.592.000	6.902.242	96.664.347	12.019.913	670.356.714	4.485.788.988	18.232.727	106.036.412	91.978.492	5.603.571.836	14.065.683	5.589.506.152	22.280.127
II.3 Станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, инвалидизирани лица, самохрани родители, самци и други станбено необезбедени лица)	0	452.590	4.007.923	674.131	27.633.955	213.370.462	1.005.059	7.307.547	4.698.930	259.150.588	10.423.160	248.727.428	41.588.689
II.4 Изградба на објекти за индивидуално домување	0	0	1.437.729	0	10.779.925	116.500.000	873.706	1.660.500	2.330.000	133.581.860	1.389.408	132.192.452	20.000.000
II.5 Изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи	6.839.551	4.703.124	41.927.629	2.248.621	236.540.648	2.557.429.583	10.847.154	81.035.715	49.383.810	2.990.955.834	1.259.789.734	1.731.166.100	292.000.000
II.6. Изградба на станови за реализација на Законот за денационализација	0	141.720	2.247.411	7.643	9.600.715	109.816.635	445.979	3.641.600	2.098.296	128.000.000	207.553	127.792.447	2.000.000
II.7. Довршување на објекти по Одлуки на Влада на РМ										2.602.872.394	1.608.987.539	1.193.885.354	740.587.960
СЕ ВКУПНО	**194.382.617**	**12.687.127**	**161.934.708**	**16.397.797**	**1.056.028.796**	**7.987.840.310**	**33.365.870**	**207.793.333**	**161.581.203**	**12.634.884.655**	**2.911.594.442**	**9.723.290.212**	**1.281.637.362**

4386.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот на националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/14 и 106/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоцијата на националната инфраструктура на просторни податоци, креирањето на метаподатоци, хармонизацијата и стандардизацијата на просторните податоци и услуги.

II

Активностите за остварување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) се:

II.1. Хармонизација на националното со европското законодавство

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија е транспонирана европската директива INSPIRE (2007/2/EC). За целосна хармонизација на националното со европското законодавство, се планирани следните активности:

Р.бр.	Активност	Временска рамка	
		почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Донесување на Уредбата за договорот за размена на збирките просторни податоци и услуги	јануари 2017	март 2017
2	Изготвување на Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барањето и дозволата за поврзување на трета страна со НИПП	јануари 2017	мај 2017
3	Изготвување на Правилник за стандарди на метаподатоци	јануари 2017	мај 2017
4	Изготвување на Правилник за спецификации и протоколи за размена на просторни податоци	јануари 2017	мај 2017
5	Изготвување на Правилник за мрежни услуги	јануари 2017	мај 2017
6	Изготвување на Стратегија за НИПП за периодот 2017-2019 година	јануари 2017	април 2017

II.2. Подигнување на јавната свест и разбирање на визијата, концептите и придобивките од НИПП

За подигнување на јавната свест се планирани следните активности:

Р.бр.	Активност	Временска рамка	
		почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Разгледување и донесување на планот за промоција на НИПП за период 2017-2019	јануари 2017	мај 2017
2	Одржување две работилници со субјектите во НИПП со цел понатамошна промоција на НИПП во нивните институции	јануари 2017	декември 2017

II.3. Креирање метаподатоци

За креирање метаподатоци за просторните податоци, на националниот геопортал е поставена веб-алатка уредувач на метаподатоци која е достапна за користење за сите субјекти на НИПП. Креираните метаподатоци директно се сместуваат во каталогот за метаподатоци.

Р.бр.	Активност	Временска рамка	
		почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Одржување на две работилници за креирање метаподатоци за субјектите на НИПП-Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017
2	Креирање метаподатоци за сообраќајната мрежа во размер 1:250000 - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017
3	Креирање метаподатоци за ортофото карта - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017
2	Креирање метаподатоци за заштитените подрачја во Република Македонија – Министерство за животна средина и просторно планирање	јануари 2017	декември 2017
4	Креирање метаподатоци за адресен модел на Град Скопје – Град Скопје	јануари 2017	декември 2017
5	Креирање и објавување метаподатоци на националниот геопортал за археолошките локалитети: Скупи, Стоби и Хераклеја – Управа за заштита на културното наследство	јануари 2017	декември 2017
6	Креирање метаподатоци за просторниот план на Република Македонија – Агенција за планирање на просторот	јануари 2017	декември 2017
7	Креирање метаподатоци за 8 тематски геолошки карти во размер 1:200000 – Геолошки завод на Република Македонија	јануари 2017	декември 2017
8	Креирање метаподатоци за 3 тематски геолошки карти во размер 1:500000 - Геолошки завод на Република Македонија	јануари 2017	декември 2017
9	Креирање метаподатоци за концесии за минерални суровини - Министерство за економија	јануари 2017	декември 2017
10	Креирање метаподатоци за податоците за население – Државен завод за статистика	јануари 2017	декември 2017
11	Креирање најмалку еден метаподаток од страна на секој од субјектите во НИПП	јануари 2017	декември 2017

II.4. Хармонизација и стандардизација на просторните податоци и услуги

Националниот геопорталот обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски податоци согласно член 5 од Законот на националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија, кои се сообразни со INSPIRE. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни две збирки на податоци и услуги, во 2017 ќе се одвиваат активности за стандардизација на податоците и услугите наведени во следната табела:

Р.бр.	Активност	Временска рамка	
		почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Хармонизација и стандардизација на збирката просторни податоци за сообраќајна мрежа во размер 1:250000 - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017
2	Хармонизација и стандардизација на ортофото карти - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017
3	Креирање и објавување веб-услуги за преглед и за преземање на податоците за сообраќајна мрежа во размер 1:250000 - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017

4	Креирање и објавување веб-услуги за преглед и за преземање на ортофото карти - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017
5	Креирање услуга за преглед (WMS) на просторниот план на Република Македонија – Агенција за планирање на просторот	јануари 2017	декември 2017
6	Дигитализација и стандардизација на геопросторните податоци за заштитените подрачја во Република Македонија – Министерство за животна средина и просторно планирање	јануари 2017	декември 2017
7	Усогласување и стандардизација на дигитални геопросторни податоци за FWI-Fire Weather Index согласно со европската INSPIRE- директива – Центар за управување со кризи	јануари 2017	декември 2017
8	Креирање WMS услуга за основната геолошка карта на РМ во размер 1:500000 – Геолошки завод на Република Македонија	јануари 2017	декември 2017
9	Креирање WMS услуга за концесии за минерални суровини - Министерство за економија	јануари 2017	декември 2017

II.5. Создавање технички предуслов

За реализација на програмските цели како технички предуслов е планирана следната активност:

Р.бр.	**Активност**	**Временска рамка**	
		почеток (месец/година)	**крај** (месец/година)
1	Одржување и надградба на националниот геопортал - Агенција за катастар на недвижности	јануари 2017	декември 2017

III

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во рамките на предвидените средства за секоја институција и се прикажани во следната табела:

Назив на институција	Програма	Ставка	Износ на финансиски средства во денари
Агенција за катастар на недвижности Министерство за економија	2А 20	485230 485	984.000,00 124.000,00
Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство	20	482630	30.000,00
Министерство за животна средина и просторно планирање	30	425	93.000,00
Центар за управување со кризи	20	485230	180.000,00
Геолошки завод на Република Македонија	21	425	200.000,00

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени и во буџетот на Град Скопје во програмата ЕЕА, ставка 485230 во износ од 30.000,00 денари, како и од сопствените финансиски средства на Агенцијата за просторно планирање во висина од 1.845.000,00 денари.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7754/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4387.

Врз основа на член 5 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14 и 61/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, видот и обемот на Основните геолошки истражувања за 2017 година.

II

Средствата за финансирање на проектите предвидени во оваа програма се во износ од 3.610.000 (три милиони шестотини и десет илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, раздел - 10001, програма 2, потпрограма 21 - Геолошки завод, од кои 2.500.000 (два милиони петстотини илјади) денари од категорија 48 - капитални расходи, ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства и 1.110.000 (еден милион сто и десет илјади) денари од категорија 42 - стоки и услуги, ставка 425 - договорни услуги.

III

Средствата по предложените проекти кои се предмет на реализација со оваа програма се со цел обезбедување на основни геолошки карти и податоци за геолошкиот состав и структурата на земјината кора и ќе се користат за следните намени:

Ред. број	Вид позиција	Износ (денари)
1.	Основна геолошка карта на Република Македонија во размер 1:50 000 (ОГК-2) - Изработка на Проект за натамошни активности за реализација на ОГК-2 на целата територија на Република Македонија, со акционен план и формирање на листовите/секциите во размер 1:50 000	500.000
2.	Изработка на проект за хидрогеолошки истражувања и испитувања за изнаоѓање на геотермални води на територијата на општина Демир Капија	370.000
3.	Обработка на податоците во дигитална форма и изработка на Основната хидрогеолошка карта на Република Македонија (ОХГК) 1: 100 000 и со Толкувачот за лист Гостивар (IV фаза - реализација)	800.000
4.	Изработка на 4 проекти за усогласување на пограничната геологија со соседните држави (прва фаза), и тоа: - помеѓу Република Македонија и Република Србија - помеѓу Република Македонија и Република Косово - помеѓу Република Македонија и Република Албанија - помеѓу Република Македонија и Република Бугарија	830.000
5.	Стручна оцена (ревизија) на Проектот за натамошни активности за реализација на ОГК-2 на целата територија на Република Македонија, со акционен план и формирање на листовите/секциите во размер 1:50 000	60.000
6.	Стручна оцена (ревизија) на дигитални основни геофизички (гравиметриски и геомагнетни) карти на Република Македонија и толкувачи (IV фаза)	300.000
7.	Стручна оцена (ревизија) на Основна хидрогеолошка карта на Република Македонија (ОХГК) 1:100 000 за лист Охрид-Подградец	300.000
8.	Стручна оцена (ревизија) на Основната хидрогеолошка карта на Република Македонија (ОХГК) 1: 100 000 и Толкувачот за лист Гостивар	300.000
9.	Стручна оцена (ревизија) на проектот за хидрогеолошки истражувања и испитувања за изнаоѓање на геотермални води на територијата на општина Демир Капија	30.000
10.	Стручна оцена (ревизија) на проектите за усогласување на пограничната геологија помеѓу Република Македонија и соседните држави, и тоа: - Проект за усогласување на пограничната геологија помеѓу Република Македонија и Република Србија (прва фаза) - Проект за усогласување на пограничната геологија помеѓу Република Македонија и Република Косово (прва фаза) - Проект за усогласување на пограничната геологија помеѓу Република Македонија и Република Албанија (прва фаза) - Проект за усогласување на пограничната геологија помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (прва фаза)	120.000
	ВКУПНО:	3.610.000

IV

Реализацијата на проектите под реден број 1, 2, 3 и 4 од делот III на оваа програма ќе ги врши Геолошки завод на Република Македонија во соработка со правни субјекти врз основа на склучени договори, а кои ќе се изберат по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги и стоки. Со најповолните понудувачи Геолошки завод на Република Македонија ќе склучи договор за јавна набавка.

Стручната оцена (ревизија) под реден број 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од делот III на оваа програма ќе ја врши Комисија за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација, формирана согласно член 34 од Законот за минерални суровини.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7757/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4388.

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16 и 106/16) Владата на Република Македонија на седница одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ЗА 2017 ГОДИНА

Финансирањето за изградба и реконструкција на спортските објекти се врши согласно членот 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16 и 106/16).

Како еден од основите за финансирање во изградбата и реконструкцијата на спортските објекти, воедно и приоритети на Владата на Република Македонија во дејноста спорт е обезбедување на услови за реализација на наставата по физичко воспитување во основното и средното образование, спортување и рекреација на студентите, за функција на спортските клубови и спортски федерации, како и рекреативните активност на граѓаните и спроведување на децентрализација на спортот. Затоа, приоритет во капиталните инвестиции во спортската инфраструктура е изградба на современи објекти за спортот и реконструкција на веќе постоечките.

Со Програмата за изградба и реконструкција на спортските објекти се планира завршување на градбите и отопчнување на нови и реконструкции, во рамките на средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

Средствата за реализација на оваа Програма во вкупен износ од 334.000.000 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, на Раздел 16101 – 15229-637-16 Агенција за млади и спорт, Програма 2– спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, ставка 482 – други градежни објекти.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2– спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти:

ОПИС НА АКТИВНОСТИ	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Изградба, реконструкција и санација на спортски објекти за започнати градби и нови градби, реконструкција и санација на спортски објекти кои ќе започнат во 2017 година	321.000.000
Техничка документација, елаборати и трошоци за обезбедување на податоци за изградба и реконструкција на спортски објекти; Проектирање и ревизија за изградба и реконструкција на спортски објекти и Стручно-технички надзор при изградби и реконструкција на спортските објекти	10.000.000
Стандарден приклучок на спортските објекти со електрична енергија	3.000.000
ВКУПНО	334.000.000

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7770/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4389.

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16 и 106/16) и член 40 став (3) од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Владата на Република Македонија на седница одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со планираните средства во оваа програма ќе се реализираат приоритетни програми со кои се остварува јавниот интерес на државата утврдени во членот 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16 и 106/16), при што определба е одржување на националниот систем на натпревари и учество на националните тимови и спортистите поединци во рамки на меѓународните натпревари, одржување меѓународни спортски натпревари и манифестации во Република Македонија, научна поддршка на спортот и реализација на проекти од областа на спортот.

Согласно утврдените средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во раздел 16101 – Агенцијата за млади и спорт се определува истите да се користат за:

I. Програма 4, Потпрограма 40 – Меѓународна програма, ставка 463 – Трансфер до невладини организации за кои се утврдени средства во износ од 24.822.000,00 денари.

I. Раздел 161.01 - Агенција за млади и спорт
Програма 4
Потпрограма 40 - Меѓународна програма
Ставка 463 - Трансфер до невладини организации

Реден бр.	Опис	Износ во денари
1.	Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации	14.822.000,00
2.	Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации	4.700.000,00
3.	Партиципација за научна поддршка на спортот за изведување на фундаментални истражувања во сите сегменти на дејноста спорт – Институт за спорт	1.000.000,00
4.	Партиципација за реализација на проект „Стручна специјализација на македонски тренери во странство"	1.500.000,00
5.	Партиципација за подготвки на спортисти од Република Македонија за учество на Зимски Олимписки Игри – Пјонг – Јанг 2018	800.000,00
6.	Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Македонија	2.000.000,00
	Вкупно:	24.822.000,00

1) Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации. Планирана е партиципација во реализацијата на програмите на националните спортски федерации за учество во меѓународниот систем на натпревари. Во 2017 година, наши спортисти, национални тимови и спортски клубови ќе настапат во рамки на регионални првенства, европски и светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид меѓународни натпревари за што се утврдени средства во износ од 14.822.000,00 денари.

2) Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации.Во Република Македонија се одржуваат поголем број традиционални спортски натпреварии и манифестации во повеќе спортови. Некои од нив се дел од Календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации, со што се валоризира и нивната вредност и значење, за што се утврдени средства во износ од 4.700.000,00 денари.

3) Партиципација за научна поддршка на спортот за изведување на фундаментални истражувања во сите сегменти на дејноста спорт. Планирани се развојни и апликативни проекти од јавен и локален интерес за националниот и врвниот спорт, спортските клубови, училишните спортски клубови, националните спортски федерации и меѓународните спортски асоцијации – Институт за спорт за што се утврдени средства во износ од 1.000.000,00 денари.

4) Партиципација за реализација на проект „Стручна специјализација на македонски тренери во странство“. Планирана е партиципација за финансирање на националните спортски федерации за поддршка на македонски тренери заради нивно упатување на стручна специјализација во странство во познати светски спортски центри за што се утврдени средства во износ од 1.500.000,00 денари.

5) Партиципација за подготвки на спортисти од Република Македонија за учество на Зимските Олимписки Игри – Пјонг – Јанг 2018. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за подготовки на евидентните кандидати за учество на Зимските Олимписки Игри – Пјонг – Јанг 2018 за што се утврдени средства во износ од 800.000,00 денари.

6) Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Македонија. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на европски и светски првенства во Република Македонија за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7772/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4390.

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), а во врска со член 16 став (7) од Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Со оваа програма Агенцијата за млади и спорт ќе партиципира во реализација на приоритетите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година и Програмата за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/13 и 190/14). Средствата ќе се насочат за реализација на приоритетни програми со кои се остварува јавниот интерес на државата утврдени во членот 22 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16 и 106/16), при што определба е одржување и модернизација на националниот систем на натпревари, поддршка на националните спортски федерациии и реализација на проекти на Агенцијата за млади и спорт.

Средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во раздел 16101 – Агенцијата за млади и спорт се определува да се користат за:

I – а Раздел 161.01 – Агенција за млади и спорт

Програма 2
Потпрограма 20 – спорт
Ставка 463 – Трансфер до невладини организации

Реден број	Опис	Износ во денари
1.	Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради обезбедување нивна функционалност и за функционирање на националниот систем на натпревари	10.200.000,00
2.	Партиципација за финансирање на националните спортски федерации за борбата против допингот во спортот	1.000.000,00
3.	Партиципација за финансирање на националните спортски федерации за стручна работа со спортисти поединци и национални тимови	2.000.000,00
4.	Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации и Агенцијата за млади и спорт	4.000.000,00
Вкупно:	17.200.000,00	

1. Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради обезбедување нивна функционалност и за функционирање на националниот систем на натпревари. Средствата се наменети за партиципација заради обезбедување на функционалност на националните спортски федерации за: стручна работа на генералните секретари и административци; функција на органи и тела; функционирање на националниот систем на натпревари за што се утврдени средства во износ од 10.200.000,00 денари.

2. Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради остварување активности поврзани со борбата против допингот во спортот. Средствата се наменети за спроведување допинг контроли и управување со резултатите од извршените допинг контроли за што се утврдени средства во износ од 1.000.000,00 денари.

3. Партиципација за финансирање на националните спортски федерации за стручна работа со спортисти поединци и национални тимови. Средствата се наменети за националните спортски федерации за партиципација во финансирањето на стручна работа со спортисти поединци и национални тимови во националните спортски федерации за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

4. Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации и Агенцијата за млади и спорт. Средствата се наменети за реализација на проекти на националните спортски федерации и Агенцијата за млади и спорт за унапредување и развој на спортот во Република Македонија во сегменти од Програмата за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017 година, за што се утврдени средства во износ од 4.000.000,00 денари.

I – б Раздел 161.01 – Агенција за млади и спорт
Програма 2
Потпрограма 20 – спорт

Ставка 463 – Трансфер до невладини организации

Реден број	Опис	Износ во денари
1.	Партиципација за финансирање на Програмата Бокс – 2017-2020 година, на Боксерската федерација на Македонија.	42.000.000,00
Вкупно:		42.000.000,00

1. Партиципација за финансирање на програмата Бокс – 2017-2020 година, на Боксерската федерација на Македонија. Со средствата ќе се партиципира во зајакнување на материјалната база за развој на боксот, со обезбедување на опрема, реквизити, рингови; реализација на националниот систем на натпревари; партиципација за спортско усовршување и награди на натпреварувачите; техничка и стручна поддршка за реализација на националниот систем на натпревари; за тренинг и натпревари на клубовите; за спортски кампови; за учество во меѓународен систем на натпревари; за едукација на тренери, за што се утврдени средства во износ од 42.000.000,00 денари.

I – в Раздел 161.01 – Агенција за млади и спорт
Програма 2
Потпрограма 20 – спорт
Ставка 464 – Разни трансфери

Реден број	Опис	Износ во денари
1.	Партиципација за финансирање програми за поддршка на талентирани млади спортисти	3.500.000,00
Вкупно:	3.500.000,00	

1. Партиципација за финансирање програми за поддршка на талентирани млади спортисти. Средствата се наменети за партиципација за поддршка и промоција на проекти на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот кои ќе промовираат и реализираат активности за откривање, рана спортска специјализација и грижа за млади талентирани спортисти во повеќе спортови. Во 2017 година, приоритет има развојот на училишниот спорт за реализацијата на спортски кампови организирани за талентирани млади спортисти од страна на националните спортски федерации за што се утврдени средства во износ од 3.500.000,00 денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7773/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4391.

Врз основа на член 121 став 2 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07,103/08, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15 и 52/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2017 – 2018 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат основните цели на политиката за заштита на потрошувачите, мерките и активностите за промоција и информирање на потрошувачите, советување, едукација, како и потребните финансиски средства за реализирање на програмата.

II. ЦЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Основната цел на политиката за заштита на потрошувачите утврдена е унапредување и заштитата на правата на потрошувачите.

Согласно Програмата за потрошувачи на Европската унија за периодот 2014–2020 година, приоритетите на политиката на заштитата на потрошувачите утврдени во оваа програма, се однесуваат на:

- подобрување на законодавството за заштитата на потрошувачите;
- подобрување на информираноста и едукацијата на потрошувачите, како и подигање на свеста за нивните права;
- остварување на правата на потрошувачите со подобрување на пристапот до алтернативно решавање на спорови и
- зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор во делот на заштитата на потрошувачите.

Приоритетите од ставот 2 на овој дел имаат за цел:

1. Обезбедувањето на повисоко ниво на заштита на потрошувачите, преку компаративна анализа на Законот за заштита на потрошувачите со новите директиви на Европската Унија;
2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите;
3. Натамошна хармонизација на законодавството за заштита на потрошувачите и олеснување на пристапот до алтернативно решавање на спорови и
4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

III. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2017 И 2018 ГОДИНА

А. А К Т И В Н О С Т И З А 2 0 1 7 Г О Д И Н А

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија активностите ќе ги реализира во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите по пат на објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства во висина од 550.000 денари за реализација на програма (проект) и тоа за:

Цел 1. Обезбедувањето на повисоко ниво на заштита на потрошувачите, преку компаративна анализа на Законот за заштита на потрошувачите со новите директиви на Европската Унија.

Планирани активности:

1.1. Презентација на компаративната анализа на Законот за заштита на потрошувачите со директивите на Европската Унија со предлог насоки за доусогласување на Законот за заштита на потрошувачите.

Организирање на семинар во Скопје.

Учесници:

Државен пазарен инспекторат, Министерство за здравство-Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за животна средина, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, Агенција за лекови и медицински средства, Државен инспекторат за труд, Царинска Управа на Република Македонија, стопанските комори, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организација на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 120.000 денари

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување подршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:

2.1. Подготовка и печатење на летоци и брошура за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите.

Потребни средства: 65.000 денари

2.2. Промоција на летоците од областа на заштитата на потрошувачите

Организирање на прес конференција во Министерството за економија.

Учесници:

Државен пазарен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Министерство за здравство- Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерство за образование и наука- Биро за развој на образованието, Агенција за електронски комуникации ,стопанските комори, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организација на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 0 денари

2.3. Поддршка на невладините организации за заштитата на потрошувачите за спроведување на следното:

-подигање на потрошувачката свест и култура;

- информирање и советување на потрошувачите во рамки на советите за потрошувачи формирани во локалните самоуправи и локалните, односно националните невладини организации за заштита на потрошувачите;

- правни совети на потрошувачите;

- медиумски кампањи;

- доставување на мислења и иницијативи за доуредување на законската регулатива;

- консултанска поддршка на локалните совети за заштита на потрошувачите и

- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите.

Учесници: Невладините организации за заштитата на потрошувачите.

Потребни средства: 180.000 денари

2.4. Објавување на јавен повик во два весници за финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите.

Потребни средства: 15.000 денари

2.5. Финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите - BEUC и Светската потрошувачка организација - Consumers International.

Потребни средства: 80.000 денари

Цел 3. Натамошна хармонизација на законодавството за заштита на потрошувачите и олеснување на пристапот до алтернативно решавање на спорови.

Планирани активности:

3.1. Информирање за алтернативните форми за решавање на потрошувачките спорови (медијација и др.), во случаи на настанати спорови помеѓу трговците и потрошувачите при купувањето на производи или услуги.

Организирање на регионални семинари во Тетово, Кочани и Штип.

Учесници:

Министерство за правда, Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, трговски друштва, стопанските комори, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 60.000 денари

Цел 4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и подршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

Планирани активности:

4.1. Организирање на работна средба со институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и невладиниот сектор за заштита на потрошувачите за унапредување на соработката и координацијата на активностите.

Учесници:

Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, Биро за развој на образованието и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 0 денари

4.2. Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Македонија со Советите за заштита на потрошувачите од поодделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.

Организирање на две работни средби во Скопје и Охрид.

Учесници:

Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерство за локална самоуправа, Биро за развој на образованието, Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, стопанските комори, Организацијата на потрошувачите на Македонија, градот Скопје, општините во Република Македонија и претставници од Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Македонија.

Потребни средства: 30.000 денари

Вкупно потребни средства: 550.000 денари

2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

2.1. Државен санитарен и здравствен инспекторат

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:
2.1. Понатамошно имплементирање на Законот за заштита на правата на пациентите од страна на инспекторите во подрачните одделенија.
Организирање на регионални средби во Кичево, Охрид, Берово, Делчево, Струмица, Дебар, Струга, Куманово, Крива Паланка и Кратово.

Учесници:
Фонд за здравствено осигурување на Македонија, Министерство за здравство и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 75.000 денари

2.2. Согледувањето на состојбите од областа на заштитата на правата на пациентите, правата и обврските на здравствените установи, здравствените работници и правата и обврските на пациентите.

Организирање на работни средби во Скопје.

Учесници:
Фонд за здравствено осигурување на Македонија, претставници на здравствените установи, здравствени работници, Лекарска Комора, Македонско лекарско здружение и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 30.000 денари

2.3. Организирање на работни средби на инспекторите во подрачните одделенија со претставници на локалната самоуправа во општините кои се обврзани согласно Законот за заштита на правата на пациентите да формираат Комисија за заштита на правата на пациентите.
Организирање на работни средби во Куманово, Крива Паланка, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Струга, Дебар, Кратово и Пробиштип.

Учесници:
Државен санитарен и здравствен инспекторат, претставници на локалната самоуправа, претставници на здравствените установи, здравствените работници и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 60.000 денари
2.4. Активности во врска со имплементирањето на Правилникот за безбедност на детски играчки.
Организирање на работна средба во Скопје.

Учесници:
Министерството за економија, Институтот за јавно здравје, Организацијата на потрошувачите на Македонија и трговски друштва.

Потребни средства: 20.000 денари

Цел 4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и подршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

4.1. Изготвување на извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите континуирано во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори на шест месеци, согласно Законот за заштита на правата на пациентите.

Потребни средства: 0 денари

Вкупно потребни средства: 185.000 денари

3. Агенција за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство активностите ќе ги реализира во соработка со невладиниот сектор /граѓански здруженија кои се активни на полето на потрошувачкото право, со цел јакнење на соработката и поддршка на политиките за заштита на потрошувачите.

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:
2.1. Изготвување, печатење и промовирање на едукативно информативна публикација на темата „ Информации поврзани со храната наменети за потрошувачите”.
Публикацијата ќе се печати во 5000 примероци

Организирање на трибина во Скопје.

Учесници:

Претставници од сите граѓански здруженија кои се активни на полето на потрошувачкото право во државата и Советот на потрошувачи на градот Скопје.
2.2. Истражување на етикетите/декларациите на одредени прехранбени производи во малопродажната мрежа во државата, во однос на информации значајни за потрошувачите, пред се заради детектирање на неправилности кои произлегуваат од етикетите.
Одржување на настан на кој ќе се презентираат резултатите од истражувањето

Учесници:
Претставници од бизнис заедницата и невладини здруженија, кои ги застапуваат интересите на потрошувачите

Потребни средства: 500.000 денари

Вкупно потребни средства 500.000 денари

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

4. Биро за развој на образованието
Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:
2.1. Стручни посети и работилници во основните училишта за поддршка на наставниците со разработка на модули согласно прирачникот за наставници.

Работилници во основни училишта во Скопје (три), Штип (едно) и Куманово (едно).

Учесници:
Биро за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 0 денари

2.2. Предавања/дебати за актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги со ангажирање на експерти од Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации и Дирекција за заштита на лични податоци.
Предавањата/дебатите ќе се организираат за наставници, воспитувачи и ученици од најразлични возрасни групи од основното и средното образование во Скопје две предавања, едно во Велес и едно во Прилеп.
Учесници:
Биро за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 10.000 денари

Вкупно потребни средства: 10.000 денари

Б. АКТИВНОСТИ ЗА 2018 ГОДИНА

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Министерството за економија активностите ќе ги реализира во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите по пат на објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства за реализација на програма (проект) и тоа за:

Цел 1. Обезбедувањето на повисоко ниво на заштита на здравјето на потрошувачите и безбедноста во однос на производи и услуги кои не претставуваат храна, преку натамошна координација на надзорот на пазарот и активности во однос на безбедноста на производите.
Планирани активности:
1.1. Организирање трибини за информирање на потрошувачите за безбедноста на производите кои се пуштаат на пазарот и за законските прописи со кои се регулира оваа област.
Трибините ќе се одржат во Скопје и Прилеп.
Учесници:
Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за труд, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, Агенција за лекови, Царинска управа на Република Македонија, стопанските комори, трговски друштва, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 60.000 денари

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.
2.1. Информирање на потрошувачите за можностите за електронско тргување и заштита на нивните права.
Организирање на работни средби во Скопје и Охрид.
Учесници:
Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за електронски комуникации, Агенција за храна и ветеринарство, трговски друштва, стопанските комори, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 60.000 денари

2.2. Поддршка на невладините организации за заштитата на потрошувачите за спроведување на следното:
- подигање на потрошувачката свест и култура;
- информирање и советување на потрошувачите во рамки на советите за потрошувачи формирани во локалните самоуправи и локалните, односно националните невладини организации за заштита на потрошувачите;
- правни совети на потрошувачите;
- медиумски кампањи;
- доставување на мислења и иницијативи за доуредување на законската регулатива;
- консултанска поддршка на локалните совети за заштита на потрошувачите и
- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите.

Учесници:
Невладините организации за заштитата на потрошувачите

Потребни средства: 180.000 денари

2.3. Објавување на јавен повик во два весници за финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите.

Потребни средства: 15.000 денари

2.4. Финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите (BEUC) и Светската потрошувачка организација (Consumers International).

Потребни средства: 80.000 денари

Цел 3. Имплементација на усогласеното законодавство за заштита на потрошувачите и олеснување на пристапот до решенија, вклучувајќи алтернативно решавање на спорови.
3.1. Информирање за новиот Закон за заштита на потрошувачите.
Организирање на трибини и прес конференција во: Скопје, Битола и Тетово.
Активноста ќе се реализира во соработка со: Државен пазарен инспекторат, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за здравство-Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Министерство за образование и наука- Биро за развој на образованието, бизнис заедницата, стопанските комори, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 85.000 денари

3.2. Подготовка и печатење на две брошури за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите.

Потребни средства: 60.000 денари
Цел 4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и подршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.
Планирани активности:

4.1. Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата со Советите за заштита на потрошувачите од поодделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.

Организирање на две работни средби во Скопје.

Учесници:

Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерство за локална самоуправа, Биро за развој на образованието, Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, стопанските комори, Организацијата на потрошувачите на Македонија, градот Скопје, општините во Република Македонија и претставници од Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Македонија.

Потребни средства: 10.000 денари

Вкупно потребни средства: 550.000 денари

2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

2.1. Државен санитарен и здравствен инспекторат

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:

2.1. Понатамошно имплементирање на Законот за заштита на правата на пациентите од страна на инспекторите во подрачните одделенија.

Организирање на регионални средби во Кичево, Охрид, Берово, Делчево, Струмица, Дебар, Струга, Куманово, Крива Паланка и Кратово.

Учесници:

Фонд за здравствено осигурување на Македонија, Министерство за здравство и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 75.000 денари

2.2. Согледувањето на состојбите од областа на заштитата на правата на пациентите, правата и обврските на здравствените установи, здравствените работници и правата и обврските на пациентите.

Организирање на работни средби во Скопје.

Учесници:

Фонд за здравствено осигурување на Македонија, претставници на здравствените установи, здравствените работници, Лекарска Комора, Македонско лекарско здружение и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 30.000 денари

2.3. Организирање на работни средби од страна на инспекторите во подрачните одделенија со претставници на локалната самоуправа во општините кои се обврзани согласно Законот за заштита на правата на пациентите да формираат Комисија за заштита на правата на пациентите.

Организирање на работни средби во Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Гевгелија, Дојран, Кичево и Охрид.

Учесници:

Државен санитарен и здравствен инспекторат, претставници на локалната самоуправа, претставници на здравствените установи, здравствените работници и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 60.000 денари

2.4. Активности во врска со имплементирањето на Правилникот за безбедност на детски играчки.

Организирање на работна средба во Скопје.

Учесници:

Министерство за економија, Институт за јавно здравје и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 20.000 денари

Цел 4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и подршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

4.1. Изготвување на извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите континуирано во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори на шест месеци, согласно Законот за заштита на правата на пациентите.

Потребни средства: 0 денари

Вкупно потребни средства: 185.000 денари

3. Агенција за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство активностите ќе ги реализира во соработка со невладиниот сектор /граѓански здруженија кои се активни на полето на потрошувачкото право, со цел јакнење на соработката и поддршка на политиките.

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:

2.1. Воспоставување на електронски билтен на веб страницата на невладино здружение, кое во тековната 2018 година ќе објави најмалку 10 билтени за поврзаноста на здравјето и храната односно исхраната со цел подигање на свеста на целокупната популација и ќе воспостави линк со веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Содржината на билтените ќе биде изготвувана во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство, научни институции и други институции.

Потребни средства: 500.000 денари

Вкупно потребни средства: 500.000 денари

---

4. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

4.1. Биро за развој на образованието

Цел 2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

Планирани активности:

2.1. Унапредување на процесот за едукација на младата популација од областа на заштита на потрошувачите, од најмала возраст/градинки па се до средношколската младина.

Работилници и предавања ќе се организираат во основни училишта од две општини во Скопје, два ученички дома за средношколска младина во Скопје и еден ученички дом во Велес.

Учесници:
Биро за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

2.2. Стручни посети за поддршка на наставниците во основното образование кои го реализираат наставниот предмет вештини за живеење или слободни ученички активности на таа тема.

Стручните посети ќе се организираат во основно училиште „Вера Циривири" во општина Карпош и „Гоце Делчев "во општина Центар.

Учесници:
Биро за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 0 денари

2.3. Предавања/дебати, работа на ученички проекти, слободни ученички активности на актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги за училиштата и ученичките домови.

Предавања/дебати ќе се организираат во две основни училишта во Скопје, едно средно училиште во Скопје и еден ученички дом во Скопје.

Учесници: Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Потребни средства: 0 денари

Вкупно потребни средства: 10.000 денари

IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Мерките и активностите од оваа програма ќе се реализираат во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 и 2018 година.

Надлежните министерства и институции поодделните активности од оваа програма ќе ги реализираат од сопствени буџетски средства одобрени за тековната година.

За 2017 година за реализација на активностите од оваа програма потребни се вкупно 1.245.000 денари.

За 2018 година за реализација на активностите од оваа програма потребни се вкупно 1.245.000 денари.

V. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7777/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4392.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за конкурентност, иновации и претприемништво во вкупен износ од 11.990.000,00 (единаесет милиони и деветстотини и деведесет илјади) денари и тоа :

- 8.890.000,00 (осум милиони и осумстотини и деведесет илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, - Потпрограма ДГ– Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставки 425, 426, 462 и 464, наменети за развој на мали и средни претпријатија;
- 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставки 425, 462 и 464, наменети за имплементација на мерки од индустриската политика на Република Македонија 2009-2020 и
- 1.600.000,00 (еден милион и шестотини илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставка 462, наменети за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија.

Средствата од Буџетот наменети за Програмата, ги распоредува Министерството за економија.

II

Програмата се состои од мерки во следните области:

А. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За мерките од областа А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија се наменети средства во износ од 8.890.000,00 (осум милиони и осумстотини и деведесет илјади) денари и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка на занаетчиството во Република Македонија во вкупен износ од 2.510.000,00 денари.

1.1.Субвенционирање на трошоци на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност во вкупен износ од 1.600.000,00 денари.

Предмет на мерката е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност државјани на Република Македонија преку кофинансирање до 70% од докажаните трошоци, но не повеќе од 150.000,00 денари, направени за следните активности:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување и подобрување на деловниот простор;
- Изработка на визуелен идентитет на производот/услугата (веб страна, дизајн на логотип, рекламен материјал);
- Дизајн на производ;
- Надоместување на трошоци за здобивање со Мајсторска титула;
- Стручно оспособување на занаетчиите.

1.2.Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и еснафите за развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија во вкупен износ од 910.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и еснафите кои се однесуваат на развој и промоција на занаетчиството во Република Македонија. Максималниот износ на кофинансирање на трошоците по проект изнесува 150.000,00 денари.

Финансиската поддршка се однесува за следните видови на проекти:

- Организирање на обуки;
- Организирање на форуми,
- Консултантски услуги и
- Промотивни активности (организирање на саеми и манифестации).

МЕРКА 2. Финансиска поддршка за женско претприемништво во вкупен износ од 2.400.000,00 денари.

Предмет на мерката е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, државјани на Република Македонија, преку кофинансирање на 70% од докажаните трошоци но не повеќе од 120.000,00 денари, направени за следните намени:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор и
- Грижа/чување на деца од предшколска возраст за жени кои отпочнуваат сопствен бизнис (60% од трошоците за градинка или дадилка, но не повеќе од 30.000,00 денари).

МЕРКА 3. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди во вкупен износ од 800.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди и тоа 70% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

МЕРКА 4. Финансиска поддршка за тренинг на HACCP тим за воведување, одржување и модификација на HACCP систем во вкупен износ од 300.000,00 денари.

Предмет на мерката е финансиска поддршка за тренинг на HACCP тим, за воведување, одржување и модификација на HACCP систем, за обука до три лица од деловниот субјект, при што за секое обучено лице ќе се доделат до 20.000,00 денари.

МЕРКА 5. Финансиска поддршка за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 1.400.000,00 денари.

Предмет на мерката е финансиска поддршка за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем, и тоа 70% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

МЕРКА 6. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во Република Македонија во вкупен износ од 1.200.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на фондации и здруженија на граѓани кои се однесуваат на развој и поддршка на МСП како и проекти за промоција на претприемништвото во Република Македонија. Максималниот износ на кофинансирање на трошоците по проект изнесува 150.000,00 денари.

Финансиската поддршка се однесува за следните видови на проекти:

- Промоција и обуки за алтернативни извори на финансирање на МСП
(бизнис ангели, франшизинг, факторинг);
- Промоција и обуки за социјално претприемништво;
- Промоција, обуки и форуми за женско претприемништво;
- Б2Б средби;
- Вмрежување и
- Промотивни активности (организирање на саеми и манифестации).

МЕРКА 7. Промотивни активности во вкупен износ од 280.000,00 денари.

Предмет на мерката е промовирање на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година преку организирање презентации во осумте плански региони.

При распределбата на средствата од дел II, област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 1 точка 1.1 и мерки 2, 3, 4 и 5 ќе се имаат предвид критериумите согласно член 3 од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година.

Постапката за доделувањето на средства од дел II, област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од оваа програма ќе се изврши преку објавување на јавни повици на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Б. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА

За мерките од областа Б. Имплементација на индустриската политика се наменети средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија во вкупен износ од 1.200.000,00 денари преку следните мерки:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар во вкупен износ од 900.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 75 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 180.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата за следните активности:

1.1.1 Изработка на нови организациони модели врз основа на ИКТ;

1.1.2 Изработка на техничка документација за нов производ односно за подобрување на постојниот производ;

1.1.3 Изработка на идејно решение и/или печатење на: нова амбалажа, етикетирање, лого на производ и промотивни печатени материјали;

1.1.4 Изработка на студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд;

1.1.5 Изработка на проекти за енергетска ефикасност и/или воведување на стандард за енергетски менаџмент ISO 50001 и

1.1.6 Изработка на проекти за зголемување на продуктивноста, ефикасноста и ефективноста.

Финансиската поддршка е наменета за деловните субјекти за вршење на производствени дејности во рамки на секторот Преработувачка индустрија, согласно Националната класификација на дејностите – НКД рев. 2.

Деловните субјекти може да поднесат само едно барање од наведените активности.

При распределбата на средствата од дел II, област Б. Имплементација на индустриската политика, мерка 1, точка 1.1, ќе се имаат предвид критериумите согласно член 3 од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година.

Износот на трошоците на барателот кои ги надоместува Министерството за економија, ќе се зголеми за процентот на учеството на државната помош за регионален развој на соодветниот регион на кој припаѓа барателот.

1.2. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија во вкупен износ од 300.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање за организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија од страна на Министерството за економија, во согласност со оваа програма, во износ од 300.000,00 денари.

За активностите од оваа мерка, делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките и тоа:

- детален Извештај за реализација на обуките, со индикатори за успешност врз основа на прашалник дистрибуиран до учесниците, со број на учесници и име на компании;
- соодветни докази за реализација на обуките (фактури и сл.) и детален извештај за бројот на учесници и
- името на компаниите – учесници на обуките.

Постапката и критериумите за доделување на средства од дел II, област Б. Имплементација на индустриска политика, мерка 1, точка 1.2 од оваа програма ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

МЕРКА 2. Поддршка на патенти во вкупен износ од 300.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на иноваторите во износ од 75 % од докажаните трошоци, но не повеќе од 75.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата за следните активности:

1.1 Истражување на пазарот за комерцијализација на патенти;

1.2 Трошоци за учество на домашни и меѓународни настани за иновации и

1.3 Трошоци за аплицирање за испитување на патенти во меѓународни организации

Финансиската поддршка е наменета за иноваторите физички лица државјани на Република Македонија, кои се занимаваат со истражување и развој на нови производи, процеси и услуги или подобрување на веќе постојните производи, процеси и услуги.

Постапката за доделување на средства од дел II, област Б. Имплементација на индустриската политика, од оваа програма ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Трошоците наменети за реализација од дел II, област Б. Имплементација на индустриската политика, мерка 1, точка 1.1 и мерка 2 од оваа програма ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерствтото за економија.

В. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА КЛАСТЕРСКОТО ЗДРУЖУВАЊЕ

За мерките од областа В. Поддршка и развој на кластерското здружување се наменети средства во вкупен износ од 1.600.000,00 денари и тоа за:

МЕРКА 1: Поддршка на проекти од кластерските здруженија во износ од 1.600.000,00 денари за следните активности:

- поврзување на кластерите со универзитетите,
- развој на иновативни и брендирани производи,
- интернационализација на кластерските здруженија, преку организирање на меѓународни настани за вмрежување
- стратегии за кластерски базиран економски развој
- развивање на стандарди за квалитет и прилагодување со барањата на ЕУ-пазарите,
- организирање на обуки,
- промотивни активности,
- размена на искуства.

Постапката и критериумите за доделување на средства од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, мерка 1 од оваа програма ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Кластерските здруженија може да поднесат само по едно барање од наведените активности од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, мерка 1 од оваа програма.

За активностите од дел II, област Б. Поддршка и развој на кластерското здружување мерка 1 од оваа програма, делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од проект, но не повеќе од 400.000,00 денари поединечно за секој барател по апликација.

Трошоците наменети за реализација од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување од оваа програма, ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

IV

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2018 година, до Владата на Република Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7778/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4393.

Врз основа на член 57 став (3), од Законот за ветеринарно здравство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2017 ГОДИНА

I

Средствата за здравствена заштита на животните од заразни болести во 2017 година се утврдуваат во износ од 382.641.000,00 денари и тоа од следните извори:

1.	Средства од Буџетот на Република Македонија, раздел 140.05 Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464	382.641.000,00

II

Средствата за здравствена заштита на животните во 2017 година, ќе се користат за:

1.	Заостанати обврски од претходните години (2013, 2014, 2015 и 2016 година)	170.500.000,00
2.	Здравствена заштита на животните за 2017	212.141.000,00

III

Заостанати обврски од претходните години (2013, 2014, 2015 и 2016 година)

1	Заостанати обврски од претходните години	170.500.000,00
1.1	Плаќање на заостанати обврски од претходните години (2013, 2014, 2015 и 2016 година) по основ на активности за здравствена заштита на животните	170.500.000,00

IV

Активностите за здравствена заштита на животните во 2017 година, ги опфаќаат следните ставки:

Ред. бр	Вид на мерка	Износ во денари
1.	Надзор на болести кај свињите	1.750.000,00
1.1	Вакцинација и сузбивање на класичната чума кај свињите вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на болеста	250.000,00
1.2	Дијагностичко испитување на класичната чума кај свињите	1.500.000,00
2.	Надзор на болести кај живината	6.500.000,00
2.1	Земање на мостри и брисеви за мониторинг на присуство на авијарната инфлуенца кај домашната и комерцијална и дива и водна живина	2.000.000,00
2.2	Дијагностичко испитување на авијарна инфлуенца со серолошки и молекуларни тестови	2.500.000,00
2.3	Дијагностичко испитување на Њукастелска болест	100.000,00
2.4	Дијагностичко испитување на салмонелоза кај живината	1.900.000,00
3.	Надзор на заразни болести кај копитарите	500.000,00
3.1	Вакцинација на копитари против Антракс	50.000,00
3.2	Мониторинг на присуство на западно нилска треска	450.000,00
4.	Надзор на болести кај пчелите	600.000,00
4.1	Испраќање на материјал за испитување на Американска чума на пчелно легло	200.000,00
4.2	Дијагностичко испитување на Американска чума на пчелно легло	300.000,00
4.3	Дијагностичко испитување на други заразни болести кај пчели	100.000,00
5.	Надзор и контрола на вектори	500.000,00
5.1	Мониторинг и контрола на вектори (броење и идентификација)	500.000,00
6.	Надзор на заразни болести кај дивечот	4.100.000,00
6.1	Испраќање на мостри за дијагностичко испитување на беснило	1.000.000,00
6.2	Дијагностичко испитување на беснило	1.000.000,00
6.3	Дијагностичко испитување на класичната чума кај дивите свињи	1.500.000,00
6.4	Дијагностичко испитување на други заразни болести кај дивечот	600.000,00
7.	Надзор на заразни болести кај кучињата	100.000,00
7.1	Дијагностичко испитување на беснило	100.000,00
8.	Надзор на заразни болести кај рибите	7.000.000,00
8.1	Дијагностичко испитување на заразни болести кај рибите	7.000.000,00
9.	Надзор на заразни болести кај овците и козите	84.200.000,00
9.1	Земање, пакување и испраќање на материјал за лабараторискo испитување на бруцелозата кај овците и козите	27.000.000,00
9.2	Дијагностичко испитување на бруцелозата кај овците и козите	43.000.000,00
9.3	Вакцинација против бруцелоза кај овците и козите	13.500.000,00
9.4	Превентивна вакцинација против антракс	500.000,00
9.5	Дијагностичко испитување на скрепи	200.000,00
10.	Надзор на заразни болести кај говедата	89.500.000,00
10.1	Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на бруцелозата кај говедата	17.000.000,00
10.2	Дијагностичко испитување на бруцелозата кај говедата	16.000.000,00
10.3	Превентивна вакцинација против Антракс	500.000,00
10.4	Дијагностичко испитување на спонгиоформна енцефалопатија кај говедата	12.000.000,00
10.5	Туберкулизација и ретуберкулизација на говедата	20.000.000,00
10.6	Вакцинација против болест на чореста кожа	24.000.000,00
11	Надомест за заклани/еутаназирани животни	9.000.000,00
11.1	Надомест за заклани/еутаназирани заболени животни заради сузбивање на заразни болести	9.000.000,00
12.	Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и деритизација при искоренување на заразните и други болести кај животните	1.000.000,00
12.1	Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и деритизација при сузбивање на заразни и други болести кај животните	1.000.000,00
13.	Дијагностика и превентивни мерки за сузбивање на особено опасни болести и болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство, а кои не се предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните	3.391.000,00

14.	Надзор на особено опасни болести и болести од економски интерес за државата соглано член 49 од Законот за ветеринарно здравство	4.000.000,00
	Вкупно	212.141.000,00

V

Средствата од точка IV потточките 1.1, 2.1, 3.1, 3.2, 4.1, 5.1, 6.1, 9.1, 9.3, 9.4, 10.1, 10.3, 10.5, 10.6, 12.1, 13 и 14 на оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарните друштва.

Средствата од точка IV потточките 1.2, 2.2, 2.3, 2.4, 3.2, 4.2, 4.3 5.1, 6.2, 6.3, 6.4, 7.1, 8.1, 9.2, 9.5, 10.2, 10.4, 10.5, 13 и 14 ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и лаборатори.

Средствата точка IV потточка 6.1 од оваа програма ќе се исплаќаат на правни лица врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Македонија).

Средствата од точка III потточка 1.1 ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство со ветеринарните друштва, лаборатории и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Македонија).

Средствата од точка III потточка 1.1 и точка IV потточка 11 од оваа програма ќе се исплаќаат на правни или физички лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и по донесено решение од Агенцијата за храна и ветеринарство.

VI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја доколку се појават заразни болести во поголем обем.

VII

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1.1.2017 година.

Бр. 42-7784/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4394.

Врз основа на член 70 став (5) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија", бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 72/2015, 123/2015, 129/2015, 213/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА МОНИТОРИНГ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во износ од 4.500.000,00 денари и тоа од следните извори:

1. Средства од Буџет на Република Македонија, раздел 14005, Програма 3, Потпрограма 30,ставка 464, сметка 637	4.500.000,00

II

Средствата за реализација на оваа програма ќе бидат искористени за плаќање на тековни активности опишани и утврдени во оваа програма и за заостанати обврски од Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2016 година.

III

Целта на оваа програма е одредување на присуството и концентрациите на контаминентите во храната, утврдување на присуство на резидуи од пестициди во и на храната, миграцијата на одделни супстанции од материјалите и производите кои доаѓат во контакт со храната, мониторирање на можно присуство на ГМО храна, мониторирање на органските производи, утврдување на безбедноста на храна за различни други параметри, микробиолошки критериуми и други опасности во храната, како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот.

IV

Мониторингот на безбедноста на храната се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната. Во рамки на оваа програма планирани се следните активности:

IV.1 Мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми на одредени категории на прехранбени производи - планирани се 180 мостри храна;

IV.2. Мониторинг на безбедноста на храната за определување на присуство на резидуи од пестициди во однос на максимално дозволеното ниво (МДН) во зеленчук и овошје – планирани се 192 мостри храна;

IV.3. Мониторинг со определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:

- преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца; и
- почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња - планирани се 63 мостри храна;

IV.4. Мониторинг за определување на присуството на тешки метали и нитрати во одредени видови прехранбени производи – планирани се 117мостри;

IV.5. Мониторинг за определување на присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи - планирани се 216 мостри;

IV.6. Мониторинг на материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната – планирани се 90 мостри ;

IV.7. Мониторинг во однос на утврдување на присуството на ГМО храна – планирани се 66 мостри и

IV.8 Мониторинг на производи од органско производство во Република Македонија - планирани се 45 мостри .

Во согласност со планот за спроведување на мониторинг програмата, вкупниот број на мостри храна или материјали и производите што доаѓаат во контакт со храната кои ќе бидат земени и анализирани изнесува 969.

IV.1 Мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми на одредени категории на прехранбени производи

Во согласност со Законот за безбедност на храната и препораките на Европската Унија за мониторирање на штетните агенси во храната, а со цел производство, промет и пуштање на безбедна храна на пазарот како и заштита на здравјето на потрошувачите, посебно внимание оваа програма посветува на определување на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми.

Ваквиот приоритет е во согласност со трендот на Европските програми за мониторинг, препораките на Светска Здравствена Организација, како и резултатите добиени со анализа на податоците за земените мостри од храна за период од 2007 до 2015 год. како и податоците за заразните болести кои се пренесуваат преку храната. Најголем број од акутните заболувања кои потекнуваат од храна се должат на микробиолошки предизвикувачи на алиментарни заболувања кои се пренесуваат преку храната. Од анализите произлегува дека микробиолошката контаминација е доминантна во споредба со останатите параметри.

Согласно со Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, мониторирањето на микробиолошките критериуми за безбедност на храната ќе биде во согласно со приложените табели, во кои е определена поврзаноста на одделни прехранбени производи и микроорганизми кои ќе се бараат во нив.

Според оваа програма, планирано е да се земат по 27 мостри од 6 вида храна и 18 мостри од храна за доенчиња и мали деца предвидена за анализа на присуството на микробиолошките критериуми кои согласно Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната треба да ги исполнуваат, односно вкупно 180 мостри, и тоа: храна готова за консумирање наменета за доенчиња и храна готова за консумирање наменета за специјални медицински цели, сладолед, слаткарски производи, термички необработен пилешки стек и производи од мелено месо пред термичка обработка во угостителски објекти или во малопродажни објекти, мајонез, претходно исечкан зеленчук.

Табела бр.1. Категории производи во кои се спроведува мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми

Категорија на храна	Микроорганизми нивни токсини и метаболити	План на мострирање		Граници		Аналитички референтен метод	Фаза на која се однесува критериумот
		n	c	m	M		
1.Храна готова за консумирање наменета за доенчиња и храна готова за консумирање наменета за специјални медицински цели	Listeria monocytogenes	2	0	Отсуство во 25g		ISO 11290-1	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
2.Сладолед	Salmonella	3	0	Отсуство во 25g		ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
3.Слаткарски производи	Salmonella	3	0	Отсуство во 25g		ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Listeria monocytogenes	3	0	Отсуство во 25g		ISO 11290-1	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
4.Производи од живинско месо наменети за консумација по термичка обработка: - пилешки стек	Salmonella	3	0	Отсуство во 10g		ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
5. Мелено месо и подготовки од месо произведени од сите останати видови освен живина, наменети за јадење по термичка обработка: - Плескавица; - Ќебапи; - Свинска вешалица;	Salmonella	3	0	Отсуство во 10g		ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
6. Мајонези, преливи со мајонез и салати со мајонез	Salmonella	3	0	Отсуство во 25g		ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Listeria monocytogenes	3	0	Отсуство во 25g		ISO 11290-1	
7. Претходно исечкан зеленчук: сечкани домати; сечкани краставици; сечкана зелка.	Salmonella	3	0	Отсуство во 25g		ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Listeria monocytogenes	3	0	Отсуство во 25g		ISO 11290-1	

Мониторингот ќе се спроведува по вид прехранбен производ, а ќе се земаат мостри од следните објекти за производство и промет со храна:

1. објекти во кои се продаваат производите од точка 1 од Табелата 1;
2. објекти во кои се произведуваат, послужуваат и продаваат сладолед и различни видови слаткарски производи од точка 2 од Табелата 1;
3. угостителски објекти или во малопродажни објекти во кои се продаваат, подготвуваат или послужуваат производите од точки 3, 4, 5, 6 и 7 од Табелата 1.

Табела бр.2 Преглед на временскиот период, количините на земени мостри и паричните средства потребни за спроведување на мониторирањето на микробиолошки критериуми на храната.

Активност	Индикатор	Временски период за реализација на активноста	Количество на мостра од секој производ кој ќе се земе	Планирани средства од буџетот
I. Земање на мостри од производи предвидени за анализа на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми	Број на мостри од видовите храна кои ќе бидат земени	јануари декември 2017	Количество на мостра од секој производ кој ќе се земе	Вкупно планирани средства за мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми 208.000 МКД
1.Мостри од храна готова за консумирање наменета за доенчиња и храна готова за консумирање наменета за специјални медицински цели	18 мостри од храна за доенчиња и за специјални медицински намени	Јануари –декември 2017	18 мостри по 250 гр. храна готова за консумирање наменета за доенчиња и храна готова за консумирање наменета за специјални медицински цели	27.000 МКД
2. Мостри од сладолед	27 мостри од сладолед	Мај – октомври 2017	27 мостри по 150 мл сладолед	30.160 МКД
3. Мостри од слаткарски производи	27 мостри од слаткарски производи	Јануари - декември 2017	27 парчиња слатки од 100-150 г	30.160 МКД
4. Мостри од производи од живинско месо за консумација пред термичка обработка – пилешки стек.	27 мостри од пилешки стек	Јануари - декември 2017	27 парчиња од 150-200 г	30.160 МКД
5. Мостри од мелено месо освен од живина (плескавица, ќебапи, свинска вешалица)	27 мостри од овие производи	Јануари - декември 2017	27 мостри од по 150-200 г	30.160 МКД
6. Мајонез, преливи од мајонез и салати со мајонез	27 мостри	Јануари - декември 2017	27 мостри од по 500 г	30.160 МКД
7. Претходно исечкан зеленчук	27мостри	Јануари - декември 2017	27 мостри од по 400-500 г	30.160 МКД

IV.2 Мониторинг на безбедноста на храната за определување на присуство на резидуи од пестициди во однос на максимално дозволеното ниво (МДН) во зеленчук и овошје

Спроведувањето на мониторирањето на безбедноста на храната во однос на максимално дозволените нивоа на активни материи - резидуи од пестициди, ќе опфати земање на мостри од растителни производи (овошје и зеленчук) и лабораториско квалитативно и квантитативно определување на присуството на резидуи од пестициди или нивни метаболити во храната. Мострите се земаат од местата на откуп на земјоделските производи или од зелените пазари за земјоделски производи.

Мострите од секоја од предвидените видови на овошје и зеленчук, ќе се земат во специфичниот период на берба односно во сезоната карактеристична за производот. Земањето на мостри од предвидените видови на овошје и зеленчук, ќе се врши во определените региони карактеристични за раст на зеленчукот или овошјето.

Предмет на мониторирање ќе бидат вкупно 32 вида на овошје и зеленчук, при што секој од нив ќе биде лабораториски анализиран за присуство на остатоци на активните материи од производите за заштита на растенијата – резидуи од пестициди, од најчесто употребуваните регистрирани производи за заштита на растенијата. Од 27 земјоделски производи во свежа, непреработена состојба, ќе се земаат по 2 мостри од три региона, а од 5 земјоделски производи во свежа, непреработена состојба, ќе се земаат по 3 мостри од три региона со вкупна тежина на секоја мостра во согласност со најдените количини и репрезентативноста на мострата согласно Правилникот за начинот и постапката за земање примероци за определување на резидуи од пестициди во храната во рамки на официјалната контрола.

Мониторирањето ќе ги опфати следните земјоделски производи, распределени по региони, земајќи го во предвид периодот на берба на производот – сезоната.

1. Домат

- Мострите се земаат во текот на месец август, септември -октомври од продажните пунктови или зелените пазари во Скопскиот, Струмичкиот регион и Гевгелиско – Валандовскиот регион;
- Планирано е да се земаат мостри од раноградинарското производство на домати одгледувани во оранжерии и домати одгледувани на отворено, во текот на берба, од април до август, од Скопскиот, Струмичкиот регион и Гевгелиско – Валандовскиот регион;
- Мострите се анализираат за присуство на активни материи од следниве најчесто употребувани производи за заштита на растенијата/пестициди наведени во Табела 3.

2. Пиперки

- мониторинг на хигиенската исправност и квалитетот на храната од животинско потекло	500.000,00
- мониторинг на хигиенската исправност и квалитет на храната од животинско потекло при увоз	500.000,00

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари, ќе се користат за:

- мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на храната за животни и други производи за исхрана на животните	1.000.000,00
- мониторинг на безбедноста и хигиенската исправност на храната за животни и други производи за исхрана на животните од увоз	1.000.000,00

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 1.000.000.00 денари, ќе се користат за:

- мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло	1.000.000,00

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари, ќе се користат за:

- мониторинг на критериумите за сирово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето	1.000.000,00

X

Средствата од дел III точка 7 од оваа програма во износ од 500.000,00 денари, ќе се користат за:

- утврдување и следење на безбедноста и хигиенската исправност на нус производите од животинско потекло	500.000,00

XI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуството на резидуи во суровините и производите од животинско потекло.

XII

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7787/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4396.

Врз основа на член 5 став (4) од Законот за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистраен гасовод, Делница „Клечовце-Блок станица 5" („Службен весник на Република Македонија" број 13/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД, ДЕЛНИЦА „КЛЕЧОВЦЕ-БЛОК СТАНИЦА 5" ЗА 2017 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата потребни за изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце-Блок станица 5" за 2017 година, во износ од 72.135.000,00 денари кои се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.191/16), Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 425-Договорни услуги и ставка 482-Други градежни објекти, како и начинот на нивното користење.

II

Средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.191/16), утврдени во Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 482-Други градежни објекти, во износ од 54.135.000,00 денари, ќе се користат за:

II.1 Изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце-Блок станица 5" со должина од 60,7 км, со дијаметар DN=500 мм, во чиј состав се седум блок станици и отпремна чистачка станица со дијаметар DN=500 мм, по должина на трасата, во износ од 13.527.470,00 денари и

II.2 Вршење на надзор над изградба на магистрален гасовод на Република Македонија, лот 1, Делница „Клечовце-Штип-Неготино"; Одобрување на проектна документација за измени на дел од градбата во тек на изградба на магистрален гасовод на Република Македонија, лот 1, Делница „Клечовце-Штип-Неготино" и Вршење на консултативен надзор кој ќе опфаќа ревизија на проектна документација за измени на дел од градбата во тек на изградба на магистрален гасовод на Република Македонија, лот 1, Делница „Клечовце-Штип-Неготино", во износ од 40.607.530,00 денари.

III

Средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.191/16), утврдени во Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 425-Договорни услуги, во износ од 18.000.000,00 денари, ќе се користат за:

III.1 Дополнителни инвестициони вложувања и оперативно работење на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост (МЕР АД Скопје), во износ од 18.000.000,00 денари.

IV

Средствата од потточките II.1 и III.1 од оваа програма ќе се исплатуваат врз основа на договор склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост.

V

Средствата од потточката II.2 од оваа програма ќе се исплатуваат од страна на Министерството за транспорт и врски, по претходно доставени фактури од страна на вршителите на услугите врз основа на договори склучени помеѓу Министерството за транспорт и врски и вршителите на услугите.

VI

За спроведување на потточките II.1 и III.1 од оваа програма се грижи Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост (МЕР АД Скопје).

VII

За спроведување на потточката II.2 од оваа програма се грижи Министерството за транспорт и врски.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7789/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4397.

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.191/16), а во врска со член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А
ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА**

I. Оваа програма се остварува во согласност со член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/1, 145/, 154/15, 30/16 и 53/16) и Законот за поттикнување и помагање на техничката култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/00).

Со оваа програма се финансираат активностите од научно-истражувачката работа и тоа за:

1. Програми на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети
2. Национални научно-истражувачки проекти
3. Билатерални научно-истражувачки проекти
4. Издавачка дејност (печатење на научни книги)
5. Организација на научни собири
6. Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство
7. Студиски престои во странство и престој на странски научни истражувачи во Република Македонија
8. Објавување на научни трудови во странство
9. Објавување на научни трудови во странство (со импакт фактор)
10. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:
- стипендии за студии од втор циклус во земјата,
- стипендии за студии од трет циклус во земјата,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,
- еднократен надомест за одбрана на докторски труд
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,
- стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид,
- стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,
- стипендии за втор циклус студии за Франклин универзитетот, Охајо САД подружница во Прилеп- Република Македонија,
- објавување на творечки субвенции за творечки дејности,
- стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,
- стипендии „Борис Трајковски“ студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд,
- стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата
11. Техничка култура
12. Државна награда „Гоце Делчев“
13. Контрибуција разни членарини во меѓународни организации;
14 ЦЕЕПУС
15. Други расходи-исплата на експертски и советодавни тела, рецензии за проекти и наплата на фактури за објавени конкурси и други активности.

1. Програми на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети

Од Програмата за научно-истражувачка работа за јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети ќе се финансираат следните научно-истражувачки активности: научно-истражувачки проекти, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири, студиски престои во странство, научно-истражувачка инфраструктура и престој на странски научни истражувачи во Република Македонија. Овие научно-истражувачки активности се од јавен интерес на државата од областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите што живеат во Република Македонија.

2. Научно-истражувачки проекти (национални)

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки и хуманистички науки, претставува перманентна ориентација. Државните високо образовни установи вршат фундаментално, развојно и применето истражување, а кои се од големо значење за афирмирање на научно-истражувачката работа во нашата држава. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката работа се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно-истражувачката работа превентивно делува на “одливот на мозоци” од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

3. Билатерални научно-истражувачки проекти

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки и хуманистички науки, претставува перманентна ориентација. Државните високо образовни установи вршат фундаментално, развојно и применето истражување а кои се од големо значење за афирмирање на научно-истражувачката работа во билателарната соработка со: Словенија, Хрватска, Турција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Кина, Албанија, Австрија, Полска, Чешка, Босна и Херцеговина, Франција и др. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката работа се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно-истражувачката работа превентивно делува на “одливот на мозоци” од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

4. Издавачка дејност (научни книги)

Резултатите од научно-истражувачката работа се главен индикатор за активноста на научните работници. Тие се верификуваат преку нивно објавување во форма на трудови во печатени научни книги и научни списанија, печатеното издаваштво е незаменлив начин на комуникација на научниот работник со соодветна научна јавност но и пошироко.

5. Организација на научни собири

Програмата предвидува финансиска поддршка за организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер во Република Македонија каде што се презентираат најновите достигнувања во соодветна научна област преку презентација на научни трудови (орална и постер презентација).

6. Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство

Усовршувањето на домашни истражувачи на научни собири во странство се остварува преку нивно активно учество на конгреси, конференции, симпозиуми и семинари. За овие учества на научни собири во странство се покриваат дел од патните трошоци.

7. Студиски престои во странство и престој на странски научни истражувачи во Република Македонија

Еден од инструментите за поддршка на усовршувањето на домашните научно-истражувачки кадри во странство е кофинасирањето на студиските престои. Во доделувањето на овие средства ќе се применат критериумите за селекција на апликантите за ваков вид на поддршка врз основа на должината на престојот, статусот на институцијата каде ќе се престојува, програмата на престојот и др.

8. Објавување на научни трудови во странски научни списанија

Се доделуваат средства за објавување на научните трудови на наши научни истражувачи во странство кои се обајавуваат во научни списанија кои се издаваат во странство.

9. Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор)

Се доделуваат средства за печатење на научните трудови на наши научни истражувачи во странски научни списанија (вреднувани со импакт фактор).

10. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:

- стипендии за студии од втор циклус во земјата,
- стипендии за студии од трет циклус во земјата,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,
- еднократен надомест за одбрана на докторски труд,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,
-стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид,
- стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,
- стипендии за втор циклус студии за Франклин универзитетот, Охајо САД подружница во Прилеп- Република Македонија,
- објавување на творечки субвенции за творечки дејности,
- стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,
- стипендии „Борис Трајковски“ студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд,
- стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.

11. Програма за техничка култура за 2017 година

Потребните средства за поттикнување и помагање на техничката култура се определени врз основа на предлог-програмите за работа/проектите, изготвени од носителите на техничката култура кои имаат јавни овластувања за вршење на оваа работа доделени од Министерството за образование и наука.

- Обука за техничка култура (програмски активности–програми за работа/проекти)

Средствата ќе се наменат за обука преку: организирање семинари и курсеви во домовите за техничка култура и струковите сојузи; организирање и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари на талентирани ученици од основните и средните училишта во областа на природните и техничките науки; организирање и одржување собири, фестивали и изложби од државен и меѓународен карактер и други активности поврзани со развојот и унапредувањето на техничката култура.

Со средствата од Буџетот за 2017 година ќе се поддржат и следните конкретни активности на државно ниво: Државен натпревар на млади техничари и природници; Државен натпревар „Наука на младите“; Државен натпревар на млади и возрасни трактористи; Државен собир на радиоаматерите; Државен собир на воздухопловните и ракетните моделари; Државна изложба; Денови на македонската фотографија „Денови на македонската фотографија’’; Државен фестивал на непрофесионалниот филм; летни фото и филмски школи; МАКИНОВА 2017; ЕКОНОВА 2017; Посета и организирање на саемски манифестации од областа на техничката култура на Државно и меѓународно ниво и Изложба на наградени истражувачки и иновативни проекти на ученици од основното и средното образование од областа на техничката култура.

Со средствата од Буџетот за 2017 година ќе се финансираат и потребите за задолжителна котизација во меѓународните организации од областа на техничката култура.

- Материјални трошоци

Средствата за материјални трошоци за реалните потреби за остварување на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура во Република Македонија за 2017 година се предвидува да се обезбедат од страна на носителите на работата.

12. Државна награда „Гоце Делчев“

Согласно Законот за државни награди („Службен весник на Република Македонија” бр.52/06, 54/07 и 74/12) преку Министерството за образование и наука, во Република Македонија се доделува државната награда „Гоце Делчев”, со која се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес за државата, во областа на науката. Во една календарска година се доделуваат најмногу три награди.

13. Контрибуција разни членарини во Меѓународни организации

Министерството за образование и наука преку уплатата на овие контрибуции-членарини во Меѓународните организации обезбедува учество на наши научни институции да можат да конкурираат за добивање на проекти од меѓународен карактер исто така се врши исплата на фактури за објавени конкурси.

14. ЦЕЕПУС

Ќе се подржува престојот на постдипломци, универзитетски професори во Република Македонија во рамките на ЦЕЕПУС програмата за 2017 година.

15. Други расходи-исплата на експертски и советодавни тела, рецензии за проекти, наплата на фактури за објавени конкурси и други активности

Се врши исплата на рецензии на научни работници кои извршиле рецензирање на нови проекти, годишни извештаи и заврщни извештаи за национални и меѓународни проекти. Ќе се одвојуваат средства и за советодавни тела во областа на науката и др.

Табела 1. Преглед на распределба на средства за научно-истражувачката дејност за 2017 година

ПРЕГЛЕД
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА
ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЛНОСТ ОД ПРОГРАМАТА 7-НАУКА
ПОТПРОГРАМА 71-НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ЗА 2017 ГОДИНА

		БУЏЕТСКИ СТАВКИ							ВКУПНО
Реден број	АКТИВНОСТИ	420-патни и дневни трошоци	421-Комуникални услуги, греење, комуникации и транспорт	423-Материјали и ситен инвентар	424-Поправки и тековно одржување	425-Договорни услуги	426-Други тековни расходи	464-Рани трансфери	РАСПОРЕД НА БУЏЕТ-2017
1	Програма за развој и работа на јавни научни установи (научните институти),научно-истражувачки пртоекти, научно-иструвачка инфраструктура, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство, престој на странски научни истражувачи во Република Македонија	0	1.300.000	300.000	900.000	100.000	0	0	2.600.000
2	Научно-истражувачки проекти-факултети (национални)	0	1.200.000	300.000	900.000	100.000	0	0	2.500.000
3	Научно-истражувачки проекти (билатерални)	2.600.000	1.100.000	1.200.000	1.200.000	900.000	0	0	7.000.000
4	Издавачка дејност (научни книги)	0	0	0	0	0	0	0	0
5	Организација на научни собири	0	0	1.400.000	0	0	0	0	1.400.000
6	Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство	700.000	0	0	0	0	0	0	700.000
7	Студиски престои во странство и престој на странски научни работници во РМ	0	0	0	0	0	0	0	0
8	Објавување на научни трудови во странски научни списанија	0	0	0	0	0	0	0	0
9	Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор)	0	0	0	0	6.500.000	0	0	6.500.000

10	Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство: - Стипендии за студии од втор циклус во земјата, - Стипендии за студии од трет циклус во земјата, - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа, - Стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа, - Еднократен надомест за одбрана на магистерски труд, - Еднократен надомест за одбрана на докторски труд - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката, -Стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид - Стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка, - Стипендии за втор циклус студии за Франклин универзитетот, Охајо САД подружница во Прилеп-Република Македонија, - Објавување на творечки субвенции за творечки дејности, - стипендии за студии од втор и трет циклус на одгудни на странски државјани кои престојуваат во Република Македонија по основ на билатералната и мултилатералната меѓународна соработка, - Стипендии „Борис Трајковски" студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд, - Стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.	0	0	0	0	0	0	96.700.000	96.700.000
11	Техничка култура	0	0	0	0	6.000.000	0	0	6.000.000
12	Државни награди (награда Гоце Делчев)	0	0	0	0	200.000	0	500.000	700.000
13	Контрибуција за разни членарини во меѓународни организации.	0	0	0	0	0	3.000.000	0	3.000.000
14	ЦЕЕПУС	0	0	0	0	100.000	0	300.000	400.000
15	Други расходи исплата на експертски и советодавни тела, исплата на рецензенти, објавување на огласи, конкурски и други активности.	0	0	0	0	300.000	0	0	300.000
	БУЏЕТ ЗА 2017 ГОДИНА	3.300.000	3.600.000	3.200.000	3.000.000	14.200.000	3.000.000	97.500.000	127.800.000

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7790/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4398.

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16 и 178/16) и член 39 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2017 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2017 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард.

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 45 од Законот за студентскиот стандард (“Службен весник на Република Македонија” број 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16 и 178/16).

Сместување и исхрана на студенти во Република Македонија се остварува во осум државни студентски домови, во три приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив се сместуваат околу 5.550 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е организирано според Правилникот за начинот на прием на студенти во државните студентски домови (“Службен весник на Република Македонија” број 89/13, 98/13 и 130/16).

Месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа Министерството за образование и наука изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината.

Министерството за образование и наука целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови, односно 6.820 денари за еден студент за најмногу 10 месеци во годината и тоа за студенти кои се сместени во студентските домови а се деца: без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40 % од вкупниот број на расположиви места во студентските домови.

Со Програмата, опфатени се следните видови на стипендии за студенти и тоа:

- стипендии за студенти-стари корисници запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 3.630 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на студиски програми по информатика на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија, со месечна стипендија од 6.050 денари месечно за девет месеци во годината;

- стипендии Тип “А” за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 4.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип “Б” за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 3.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип „В” за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 2.500 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип “В” за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија-нови корисници почнувајќи од студиската 2012/2013 година ќе примаат месечна стипендија од 3.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии „Прва група” - стипендии за студенти од социјалните категории со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината;

- стипендии „Втора група” - стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на приватните универзитети и високообразовни установи, за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50 за студентите запишани на техничките факултети и медицинските науки, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех, со месечна стипендија од 4.400 денари за девет месеци во годината;

- стипендии „Втора група” - стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

- стипендии “Трета група” - стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината;

- стипендии „Трета група” - стипендии за студенти кои се запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија, од научното подрачје на природно-математиките науки, на студиски програми по математика, хемија или физика, со месечна стипендија од 18.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на еден од првите сто рангирани универзитети, односно првите двеста рангирани универзитети од областа на техничките науки според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет (школарина и месечен износ на стипендија – кои вклучуваат трошоци за сместување и исхрана, годишно здравствено осигурување и др., како и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите);

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Македонија (школарина и месечен износ на стипендија – кои вклучуваат трошоци за сместување и исхрана, годишно здравствено осигурување и др.);

- стипендии за студенти од други држави, кои одлично го познаваат англискиот јазик и ќе студираат на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” – Охрид, а потекнуваат од: САД, Кина, Индија, Јапонија, Русија, Чешка, Естонија, Летонија, Литванија, Полска, Словачка, Шпанија, Португа-

лија, Хрватска, Украина, Грузија, Ерменија, Азербејџан, Казахстан, Узбекистан, Индонезија, Малезија, Виетнам, Пакистан, Шри Ланка, Монголија, Тајланд, Лаос, Израел, Тунис, Мароко, Либан, Алжир, Египет, Катар, Кувајт, Обединети Арапски Емирати, Саудиска Арабија, Оман, Габон, Сенегал, Ангола, Камерун, Гана, Етиопија, Нигерија и Танзанија (согласно листата на земји која ја изготвува Министерството за надворешни работи) со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; како и бесплатно школување, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, здравствено осигурување и повратен авионски билет;

- стипендии за студенти согласно CEEPUS програма, меѓународна размена на студентистипендисти и тоа 3.400 денари месечно за стипендирање и превоз, додека за сместување и исхрана во студентски домови цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

- стипендии за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

- стипендии за студенти - деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија" број 02/02, 17/03, 30/04 и 66/07), со месечна стипендија од 3.630 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

- 25 стипендии за најдобрите студенти запишани на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со месечна стипендија од 5.150 денари за девет месеци во годината;

- 20 стипендии за студенти од Египет со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; како и бесплатно школување, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, здравствено осигурување, повратен авионски билет, како и месечен автобуски билет во местото на школување;

- стипендии за студенти од Кина, Русија, Украина, Унгарија, Шведска, Данска, Норвешка, Литванија, Латвија, Естонија, Финска, Катар, Филипини, Виетнам, Монголија, Индија, Малезија, Индонезија, Египет, Либија, Мароко, Казахстан, Алжир, Азербејџан, Таџикистан, Узбекистан, Туркменистан, Пакистан, Сирија, Камерун, Мали, Португалија, Кипар, Шпанија, Ерменија, Бразил, Мексико, Белорусија, Чад, Судан, Шри Ланка, Тајланд, Камбоџа, Либан, Израел, Либан, Јордан, Фиџи, Лаос, Тунис, Грузија, Романија, Грција (согласно листата на земји која ја изготвува Министерството за надворешни работи), со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; бесплатно школување на македонски јазик на државните универзитети во Република Македонија, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, здравствено осигурување, повратен авионски билет, како и месечен автобуски билет во местото на школување;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на Универзитетот во Бостон, Соединетите Американски Држави на студии од областа на информатиката (трошоци за сместување и исхрана во студентски дом, школарина, годишно здравствено осигурување и месечен износ за стипендија);

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција (трошоци за сместување и исхрана во студентски дом, школарина, годишно здравствено осигурување и месечен износ за стипендија) и

- стипендии по други основи.

Со Програмата 6 – Студентски стандард согласно расположивите средства за 2017 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

Во Потпрограма ТК – Изградба и реконструкција на студентски домови се планира продолжување со реконструкција на дел од студентските домови.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2017 година вкупните финансиски средства од раздел 16001 – Министерство за образование и наука за Програма ТК – Реконструкција на студентски домови се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	ОПИС	НАМЕНА	ИЗНОС
Програма 6			**ВКУПНО:**	**735.859.000**
Потпрограма 60	420	Стоки и услуги	Патни и дневни расходи	13.000.000
Потпрограма 60	421	Стоки и услуги	Комунални услуги, греење, комуникации	8.000.000
Потпрограма 60	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	800.000
Потпрограма 60	464	Разни трансфери	Стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови	611.544.000
Потпрограма 60	480	Капитални расходи	Купување на опрема и машини	11.515.000
Потпрограма 60	482	Капитални расходи	Други градежни објекти	16.000.000
Потпрограма 60	483	Капитални расходи	Купување на мебел	75.000.000
	Ставка	ОПИС	НАМЕНА	ИЗНОС
Потпрограма ТК	482	Капитални расходи	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ	**325.000.000**
			СЕ ВКУПНО Програма 6 и Потпрограма ТК:	**1.060.859.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7792/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4399.

Врз основа на член 7 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16) и член 39 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2017 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2017 година е изготвена согласно Законот за ученичкиот стандард и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

Финансирањето на ученичките домови се врши согласно член 73 став 1 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16).

Во Република Македонија постојат 18 ученички домови, од кои четири ученички домови се наменети за ученици со посебни образовни потреби и тоа за ученици: со оштетен вид, со оштетен слух и говор и ученици со пречки во развојот.

Сместувањето и исхраната на учениците во ученичките домови е организирано според Правилникот за начинот и постапката за прием на ученици во јавните ученички домови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/10, 49/11, 50/15 и 59/16).

Во ученичките домови во Република Македонија сместување и исхрана користат околу 2.700 ученици. Месечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, за еден ученик од средното образование е 7.500 денари, за најмногу 10 месеци во годината.

Со Програмата, опфатени се следните видови на стипендии за ученици и тоа:

- стипендии за талентирани ученици-спортисти од средното образование со месечна стипендија од 2.970 денари за девет месеци во учебната година;
- стипендии за ученици со посебни потреби од средното образование во износ од 2.750 денари за девет месеци во годината;
- стипендии за социјална поддршка на ученици од средното образование во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;
- стипендии за ученици-деца без родители од средното образование во износ од 2.750 денари за девет месеци во годината;
- стипендии за талентирани ученици од средното образование со месечна стипендија од 2.970 денари за девет месеци во учебната година;
- стипендии за ученици-деца на бранителите од средното образование, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" број 02/02, 17/03, 03/04 и 66/07) по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука и добиваат износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;
- стипендии за ученици-деца на починатите припадници на АРМ и МВР во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;
- стипендии за ученици од средното образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината и
- стипендии по други основи по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука.

Со Потпрограмата 50 – Ученички стандард согласно расположивите средства за 2017 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

Во Потпрограма ТИ – Реконструкција на ученички домови, се планираат санациони зафати кај дел од ученичките домови.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001 – Министерство за образование и наука за Потпрограма 50 – Ученички стандард и Потпрограма ТИ – Реконструкција на ученички домови, се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	ОПИС	НАМЕНА	ИЗНОС
Програма 5			**ВКУПНО:**	**217.780.000**
Потпрограма 50	421	Стоки и услуги	Комунални услуги, греење, комуникации	3.000.000
Потпрограма 50	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	300.000
Потпрограма 50	464	Разни трансфери	Стипендии за подршка на талентирани ученици, сместување и исхрана на ученици во ученички домови	213.980.000
Потпрограма 50	480	Капитални расходи	Купување на опрема и машини	500.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма ТИ	482	Капитални расходи	**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ**	**5.000.000**
			СЕ ВКУПНО Програма 5 и Потпрограма ТИ:	**222.780.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7794/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4400.

Врз основа на член 112 став 11 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ И ПЕЧАТЕЊЕ СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА - 50 УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИЦИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ НА ПРВИТЕ ДЕСЕТ РАНГИРАНИ УНИВЕРЗИТЕТИ СОГЛАСНО СО ШАНГАЈСКАТА ЛИСТА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа програма се уредува преведувањето и печатењето на стручна литература - 50 универзитетски учебници кои се употребуваат на првите десет рангирани универзитети согласно со Шангајската листа за 2017 година.

Во текот на 2017 година е планирано преведување и печатење на стручна литература – учебници наменети за Правен факултет, Рударско-геолошки факултет и Технолошко – металуршки факултет.

Со Програмата опфатени се следниве преводи на книги по области:

од областа на правото

Реден број	Наслов на книгата	Автор на книгата	Научно поле
1	International law	Malcolm Evans	општествени науки
2	Commercial law	Nicholas Ryder, Margaret Griffiths, Lachmi Singh	општествени науки
3	Criminal Law	Nicola Padfield	општествени науки
4	Family Law	Mary Welstead, Susan Edwards	општествени науки
5	An Introduction to International Criminal Law and Procedure	Robert Cryer, Håkan Friman, Darryl Robinson, Elizabeth Wilmshurst	општествени науки
6	A Sociology of Constitutions Constitutions and State Legitimacy in Historical-Sociological Perspective	Chris Thornhill	општествени науки
7	Medical Law and Medical Ethics	Nils Hoppe, José Miola	општествени науки
8	The International Law on Foreign Investment	Muthucumarswamy Sornarajah	хуманистички науки
9	Investigative Journalism	Hugo de Burgh	хуманистички науки
10	Labour Law	Hugh Collins, Keith Ewing, Aileen McColgan	општествени науки
11	Modern Treaty Law and Practice	Anthony Aust	општествени науки
12	Contract Law	Catherine Elliott, Frances Quinn	општествени науки
13	Financial Law	Joanna Benjamin	општествени науки
14	Constitutional and administrative law	Neil Parpworth	општествени науки
15	On Civil Procedure	John Anthony Jolowicz	општествени науки
16	An introduction to international institutional law	Jan Klabbers	општествени науки
17	Mcnae's essential law for journalists	Mark Hanna, Mike Dodd	општествени науки
18	Criminal Law	Nicola Padfield	општествени науки

19	An Introduction to Law	Phil Harris	општествени науки
20	An Introduction to International Criminal Law and Procedure	Robert Cryer, Håkan Friman, Darryl Robinson, Elizabeth Wilmshurst	општествени науки

од областа на рударско-геолошките науки:

Реден број	**Наслов на книгата**	**Автор на книгата**	**Научно поле**
1	SME Mining Enginering Handbook	Peter Darling	Технолошко-технички науки
2	Coal Gasification and Its Applications	David A. Bell , Brian F. Towler , Maohong Fan I	Технолошко-технички науки
3	Mine Safety: A Modern Approach	Balbir S. Dhillon	Технолошко-технички науки
4	Essentials of Geology (11th Edition)	Frederick K. Lutgens, Dennis Ta Edward J. Tarbuck	Технолошко-технички науки
5	Mining and Rock Construction Technology Desk Reference: Rock Mechanics, Drilling & Blasting	Agne Rustan , Claude Cunningham , William Fourney , Alex Spathis , K.R.Y. Simha	Технолошко-технички науки
6	Principles of Computer Aided Design and Manufacturing (2nd Edition)	Farid M. Amirouche	Технолошко-технички науки
7	Open Pit Mine Planning and Design	William A. Hustrulid, Mark Kuchta , Randall K. Martin	Технолошко-технички науки
8	Minerals: Their constitution and Origin	Hans-Rudolf Wenk and Andrei Bulakh	Технолошко-технички науки
9	Geochemistry and mineralogy of technogene deposits at the salair mining and beneficiation works	Bortnikova, S. B., Airivants, A. A., Kolonin	Технолошко-технички науки
10	Handbook of Coal Analysis	James G. Speight	Технолошко-технички науки
11	Mining Engineering Analysis 2nd Edition	Christopher J. Bise	Технолошко-технички науки
12	Practical Engineering Geology	Steve Hencher	Технолошко-технички науки
13	Environmental and engineering geophysics	Prem V. Sharma	Технолошко-технички науки
14	Environmental Engineering: Principles and Practice	Richard O. Mines, Jr	Технолошко-технички науки
15	Mining Environmental Handbook Effects of Mining on the Environment and American Environmental Controls on Mining	Jerrold J Marcus	Технолошко-технички науки

од областа на технолошко-металуршките науки:

Реден број	Наслов на книгата	Автор на книгата	Научно поле
1	Metallurgy Fundamentals: Ferrous and Nonferrous	Daniel A. Brandt, Jarius C. Warner	Технолошко-технички науки
2	Nanostructures and Nanomaterials: Synthesis, Properties and Applications, 2nd edition	Guozhong Cao, Ying Wang	Технолошко-технички науки
3	Environmental Impact of Fertilizer on Soil and Water	William L. Hall, Jr. and Wayne P. Robarge American Chemical Society	Технолошко-технички науки
4	Introduction to Phase Equilibria in Ceramics	Clifton G. Bergeron, Subash H. Risbud	Технолошко-технички науки
5	The chemistry of soils, second edition	Garrison Sposito	Технолошко-технички науки
6	Microbial Production of food ingredients, enzymes and nutraceuticals	Brian McNeil, David Archer, Ioannis Giavasis, L. Harvey	Технолошко-технички науки
7	Physical Metallurgy Principles, Third Edition	Robert E. Reed-Hill, Reza Abbaschian	Технолошко-технички науки
8	Nanostructures, Nanomaterials&Nanotechnologies to Nanoindustry (AAP Research Notes on Nanoscience and Nanotechnology)	Vladimir I. Kodolov, Gennady Efremovich Zaikov, A. K. Haghi	Технолошко-технички науки
9	Principles of Polymer Engineering, second edition	N. G. McCrum, C. P. Buckley, C. B. Bucknall	Технолошко-технички науки
10	Steels: Microstructure and Properties, third edition	H.K.D.H. Bhadeshia and R.W.K. Honeycombe	Технолошко-технички науки
11	The Science and Practise of Welding	A C Davies	Технолошко-технички науки
12	Castings, second edition	John Campbell	Технолошко-технички науки
13	Fundamentals of materials science and engineering, 4th edition SI Version	Callister, William D and david Rethwisch	Технолошко-технички науки
14	Natural Wastewater Treatment Systems (second ed)	Ronald W. Crites; E. Joe Middlebrooks; Robert K. Bastian	Технолошко-технички науки
15	Chemical & Biochemical Reactors & Process Control, Volume 3, third edition	D G Peacock, J.F. Richardson	Технолошко-технички науки

2. За реализација на оваа програма ќе се користат средства обезбедени со Програмата 4, Потпрограмата 4А, Ставка 425 (Високо образование) од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во вкупен износ од 76.250.000,00 денари.

ОПИС НА ПРОГРАМАТА	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Превод и печатење на 20 наслови на универзитетски учебници кои се употребуваат на првите десет рангирани универзитети согласно со Шангајската листа од областа на правните науки	70.000.000,00
Превод и печатење на 15 наслови на универзитетски учебници кои се употребуваат на првите десет рангирани универзитети согласно со Шангајската листа од областа на рударско-геолошките науки	52.500.000,00
Превод и печатење на 15 наслови на универзитетски учебници кои се употребуваат на првите десет рангирани универзитети согласно со Шангајската листа од областа на технолошко-металуршките науки	60.000.000,00
ВКУПНО	182.500.000,00

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.“

Бр. 42-7795/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4401.

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА
СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16).

Со оваа програма се планира завршување на градбите и реконструкциите на отпочнатите училишни објекти, отпочнување на нови градби, доградби, реконструкции, санации, исплата на средства задржани по основ на депозит, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 55.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, на Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта и ТД- Реконструкција на средни училишта, ставка 482.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта:

ОПИС НА АКТИВНОСТИ	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Продолжување на започнати градби и започнување на нови изградби, доградби и надградби на училишни објекти во 2017 година	22.700.000
Средства за враќање на задржан депозит	300.000
Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти	800.000
Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции	1.200.000
ВКУПНО	**25.000.000**

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени на Потпрограма ТД –Реконструкција на средни училишта:

ОПИС НА АКТИВНОСТИ	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти	28.000.000
Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти	800.000
Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции	1.200.000
ВКУПНО	**30.000.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7796/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4402.

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од основното образование се врши согласно член 162 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16).

Со оваа програма се планира завршување на градбите и реконструкциите на отпочнатите училишни објекти, отпочнување на нови градби, доградби, реконструкции, санации, исплата на средства задржани по основ на депозит, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 250.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, на Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТА – Изградба и ТБ- Реконструкција на основни училишта, ставка 482.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТА – Изградба на основни училишта:

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТА – Изградба на основни училишта:

ОПИС НА АКТИВНОСТИ	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Продолжување на започнати градби и започнување на нови изградби, доградби и надградби на училишни објекти во 2017 година	192.300.000
Средства за враќање на задржан депозит	2.200.000
Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти	2.500.000
Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции	3.000.000
ВКУПНО	**200.000.000**

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени на Потпрограма ТБ –Реконструкција на основни училишта:

ОПИС НА АКТИВНОСТИ	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти	47.000.000
Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти	1.200.000
Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции	1.800.000
ВКУПНО	**50.000.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7797/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4403.

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува распределбата на средствата потребни за финансирање на железничката инфраструктура, кои се обезбедени во Разделот 130.01 Министерство за транспорт и врски, Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфрструктура, категорија 48 Капитални расходи, на ставката 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации средства во износ од 220.000.000 денари.

2. Средствата од точка 1 на оваа програма ќе се користат за следните намени:

1. Машинско одржување на пруги и свртници 32.500.000 денари

Машинско регулирање на 75 километри колосек и 100 парчиња свртници заради подобрување на геометриските параметри на колосекот и свртниците во однос на стабилноста, смерот, надвишувањето и ширината на колосекот и свртниците со што се подобрува општата состојба на пругите и се обезбедува сигурен и безбеден железнички сообраќај и машинско планирање на толчаник-засторна призма на 110,55 километри колосек, заради оформување на толчаничката призма по ранг и категорија на пруга.

2. Одржување на горен строј 68.402.334 денари

Замена на дотраени дрвени и метални елементи на колосекот и свртниците, инвестиционо, тековно одржување и средни поправки на горен строј на пругите на територија на Република Македонија заради подобрување на геометриските параметри на колосекот и свртниците во однос на стабилноста, смерот, надвишувањето и ширината на колосекот и свртниците со што се подобрува вкупната состојба на пругите и се обезбедува сигурен и безбеден железнички сообраќај и тоа:

- Комплетна замена на шини со нови:

Комплетна замена на шини со нови ќе се изврши на изабаните шини во кривини заради подобрување на сигурноста на сообраќајот. Комплетна замена на шини со нови ќе се изврши на пругите: Табановци-Скопје, Скопје-Велес, на пругите на Скопски јазол, на пругата Блаце-Скопје, Ѓ.Петров-Кичево, Велес-Гевгелија, Велес-Битола и Велес-Кочани во вкупна количина од 371,22 тони.

- Замена на колосечни дрвени прагови со нови:

Замената на колосечни дрвени прагови со нови ќе се изврши рачно и машински на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 6000 парчиња.

- Замена на толчаник:

Замената на толчаник ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 5962м³.

- Замена на комплет свртница (метални) делови со нова (без граѓа):

Замената на комплет свртница (метални) делови со нова (без граѓа) ќе се изврши на територија на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје во количина од 4 парчиња.

- Замена на метални делови на свртница со нови:

Замената на металните делови на свртница со нови ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 22,00 тони.

- Замена на свртнички прагови со нови:

Замената на свртничките дрвени прагови со нови ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина 161,3 м³.

- замена на комплет свртница со нова (со граѓа).

Замената на комплет свртница (метални) делови со нова (без граѓа) ќе се изврши на на територија на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје во количина од 1 парчиња.

- замена на мостовска граѓа со нова

Замената на мостовска граѓа со нова ќе се изврши рачно на сите пруги на територија на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје во количина од 36м3.

- Заварување на шини:

Заварувањето на шините ќе се изврши по замена на шини нови и половни и заварување на изолирани лепени состави на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 300 Алумино термитски (АТ вара).

- Лепење на изолиран состав на лице место:

Лепењето на изолирани лепени состави на лице место ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 30 парчиња.

- Замена на изолиран состав со нов:

Замена на изолирани лепени состави со нови ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 30 парчиња.

- планирање на засторна призма по машинско регулирање.

Планирањето на засторна призма по машинско регулирање ќе се изврши на сите пруги на територија на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје во количина од 5000м.

- Собирање на стар толчаник:

Собирањето на толчаникот ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 4970 м³.

- Одржување на железнички постројки –чистење на свртници:

Одржување на железнички постројки –чистење на свртници ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 2412 парчиња.

- Поправка на свртници:

Поправка на свртници ќе се изврши во количина од 400 парчиња на територија на сите пруги на Република Македонија.

- Замена на метални делови на свртница со половни:

Замена на метални делови на свртница со половни ќе се изврши во количина од 63,00 тони на свртниците на сите пруги на територија на Република Македонија.

- Замена на шини со половни:

Замена на шини со половни ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 354,86тони.

- Замена на прагови со половни

Замена на праговите со половни ќе се изврши рачно и машински на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 3000 парчиња .

- Рачно чистење на вегетација на отворена линија:

Рачното чистење на вегетација на отворена линија ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 4142 м'.

- Рачно чистење на вегетација на станични колосеци:

Рачното чистење на вегетација на станични колосеци ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 3416 м'.

- Чистење на вегетација со хемиски средства на отворена линија:

Чистењето на вегетацијата со хемиски средства на отворена линија ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 70часови.

- Чистење на вегетација со хемиски средства на станични колосеци:

Чистењето на вегетацијата со хемиски средства на станични колосеци ќе се изврши на сите пруги на територија на Република Македонија во количина од 60-часови.

- Преместување на поедини елементи од горен строј на отворена линија и станични колосеци:

За сите горе наведени позиции од точка 2 одржување на горен строј (отворена линија и станични колосеци) на пругите на територија на Република Македонија. ќе се користи механизација (ТМД и Грајфери).

3.Одржување на долен строј 29.097.666 денари

Сечење на дрва и вегетација покрај пруга од лева и десна страна, кастрење на гранки од дрва покрај пруга од лева и десна страна, чистење на снег и мраз во тунели, чистење на снег и отпаден матерјал на свртници и станични колосеци, тековно одржување на канали, тековно одржување на нанос од канали, чистење на камени косини, усеци, засеци склони на паѓање, чистење на земјани косини, усеци, засеци склони на паѓање , рачно и машински со машина ровокопач Вениери 10.33, машина грајфер Геисмар КГТВ 4654 и машина грајфер Донели ДСФ 1500 кои ќе се вршат на пругите на цела територија на Република Македонија. Со оваа позиција се обезбедува видливост на пругата и светлосната сигнализација како и слободен проток на водата по штитните и одводни канали и пропусти.

4. Одржување на електротехнички постројки 90.000.000 денари

Одржувањето на електротехнички постројки вклучува одржување на сигнално сигурносните постројки, телекомуникациони, енергетски и постројки за електровлеча и тоа:

- Станични сигнално сигурносни постројки:

Секоја осигурана станица со електрорелејни системи се состои од: релејни рамови со изведена инсталација за поврзување на релејни групи, комплетна гама на релејни групи, моторни релеа, шпуреви, напојни елементи, напојна ватоматика, фреквентни претворувачи, батериски претворувачи, претворувачи од КМ, стационарни акумулаторски единици со голем инсталиран капацитет, надворешна сигнална опрема, главни сигнали, маневраски сигнали, латерни, сигнални ормари, напојни и релејни глави, свртнички поставни справи.

- Сигнално сигурносни постројки на патни премини со полубраници, светлосна и звучна сигнализација подразбира:

Сигнална постројка за осигурување на патен премин во ниво со (блок куќичка, поставни справи, надворешни сигнални елементи, електронски сигнални контакти, механички контакти, полубраници, електро релејни сигнални групи, напојни елементи, друмски сигнални знаци, железнички сигнални знаци)

- Сигнално сигурносни постројки на АПБ делници.

Сигнално сигурносни постројки со релејни рамови, блок куќичка, релејни групи, напојни елементи, пригушници, електронски контакти, сигнали и повторувачи на сигнали со задолжителна сигнална опрема.

- Електро енергетски постројки

Главни разводни и командни ормари и опрема за енергетско напојување во напонско ниво до 0,4 KV, дизел агрегати за резервно напојување, автоматика за пратење и вклучување на основни и резервни извори за напојување.

Енергетски постројки, мерно регулациона опрема за напонско ниво до 10 KV, трансформаторски постројки со раставувачка и заштитна опрема, енергетски кабли.

- Телекомуникациони постројки

Телефонски централи, високофреквентни уреди, оптички мултиплекс уреди со пристапна опрема IP, PBX и мрежна опрема, оптички и бакарни кабли и инсталации, пружна телефонија, видео надзор, радио станици, предаватели, антенски инсталации за радио станици, локални мрежи со свичеви и рутери.

- Постројки за електро влеча.

Електро влечни постројки со опрема за 110 KV, опрема за 25 KV, заштитни системи за диференцијална, дистантна, опрема за секционирање, прекинувачи, енергетски трансформатори во ЕВП, енергетски трансформатори за ПС и ПСН, мерно регулациони уреди за 110 KV, мерно регулациони уреди за 25 KV.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година “.

Бр. 42-7806/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4404.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 61/15, 154/15 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2017 година се однесува на:

I. Скрининг рак на грло на матка 2015-2017година

II. Опуртунистички скрининг на колоректален карцином во Република Македонија

III. Преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилијарен ризик од 45-50 години

IV. Организиран скрининг за рана детекција на рак на дојка

V. Улога на Институтот за јавно здравје на Република Македонија

VI. Формирање на тимови за конзилиарно мислење (тумор борд) за секој заболен од малигно заболување

I. Скрининг рак на грло на матка 2015-2017 година

1. Цели на програмата

1.1 Општа цел

Намалување на инциденца и смртност на жената од рак на грло на матка во Република Македонија

1.2 Специфични цели

- Вклучување на сите матични гинеколози на ниво на цела држава во организираниот скрининг
- Подигање на свеста на жената за важноста на редовни прегледи и рано откривање на промените на грлото на матката и информирање за важноста од скрининг
- Обезбедување на поддршка на Програмата на ниво на држава
- Дефинирање на улогата на јавно здравствените установи на сите нивоа на здравствена заштита во превенција и лечење на ракот на грлото на матка

2. Методологија на скринингот

На ниво на целата држава, за жените кои имаат избрано матичен гинеколог скринингот го вршат гинеколозите од ПЗУ согласно превентивните цели пропишани од ФЗОМ: гинеколошки преглед, земање на брис, припрема и доставување на материјалот за цитолошка анализа.

Земениот материјал за цитолошка анализа се испитува во цитолошката лабораторија во болниците низ цела држава, цитолошки лаборатории кои имаат склучено договор со ФЗОМ за здравствена услуга читање на ПАП тест како и Клиниката за гинекологија и акушерство. Фактури и извештаи за извршените активности се доставуваат до Министерството за здравство квартално.

Согласно доктринарните ставови целна група за скрининг се жени на возраст од 24-60. Препорачан временски интервал за изведување на скринингот е 3 години.

Оваа година со скринингот се предвидени жените на возраст од 46 - 60 години. Со скринингот, исто така ќе се опфатат и жените на возраст од 24-60 кои во текот на 2016 година не направиле ПАП тест.

Како извршители на Програмата се околу 140 матичните гинеколози на ниво на цела држава, односно апроксимативно се прикрепени 500 000 пациентки

3. Индикатори на спроведување на програмата

3.1 Индикатори на процес на спроведување и следење

- Број и процент на жени кои се јавиле на повикот после првиот или наредниот повик кај матичниот гинеколог
- Број на жени кај кои е направен ПАП тест
- Број и процент на жени кои не се јавиле на повикувачките писма
- Број и процент на позитивни тестови
- Број на пронајдени ASC-US
- Број на пронајдени ASC-H
- Број на пронајдени endo CIN1
- Број на пронајдени HPV
- Број на пронајдени CIN 1
- Број на пронајдени endo CIN2
- Број на пронајдени CIN 2
- Број на пронајдени CIN 3
- Број на пронајдени AGC
- Број на пронајдени CIS
- Број и процент на негативни тестови

Наведените процесни и индикатори на успешност се елементи за пишување на периодични извештаи за спроведените активности на сите нивоа на здравствена заштита.

Показателите на успешност на спроведување на скринингот се елементи со кои се планираат понатамошни активности на здравствениот систем со цел намалување на инциденца и смртност од рак на грло на матка.

4. Финансирање на програмата

ред број	Вид на мерка	извршител	обем на активност	цена по услуга	вкупно
1	Координирање на активностите, со останатите извршители, промоција на скринингот, повикување на жените на возраст од 24-60 години Активност на матични гинеколози (оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ)	Матични гинеколози	Поканување на околу 20.000 жени Дополнителни трошоци за преглед и доставување на материјал на 20.000 жени	30,00 покана 200,00 од земен ПАП	600.000,00 4.000.000,00
2	Партиципација за цитолошка анализа (активност за Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ за здравствената услуга читање на ПАП тест	Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ	20.000 жени	60,00	1.200.000,00
3	Координација на скринингот од страна на 10-те центри за јавно здравје	10-те ЦЈЗ (10х 30.000,00)	10	40.000,00	400.000,00
4	Активности со мобилна гинеколошка ординација во соработка со НВО од областа	Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со ФЗОМ како и матични гинеколози кои ќе даваат услуги	Жени од рурална средина		500.000,00
	ВКУПНО				6.700.000,00

Министерството за здравство ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи, приватните здравствени установи кои имаат потпишано договор со ФЗОМ и други извршители на активностите за реализација на скринингот на рак на грло на матка квартално, врз основа на доставени фактури и извештаи.

Активности со мобилна гинеколошка ординација во соработка со НВО од областа на здравството

- совети за превенција од сексуално преносливи инфекции
- дијагностицирање на сексуално преносливи инфекции
- лекување на сексуално преносливи инфекции
- ПАП тест
- гинеколошки ехо – преглед

5. Извршители на програмата

- Институт за јавно здравја на РМ
- Општи болници на ниво на цела држава
- Цитолошки лаборатории со потпишан договор со ФЗО за здравствена услуга читање на ПАП тест.
- Матични гинеколози на ниво на цела држава
- Општи болници на ниво на цела држава, Клинички болници на ниво на цела држава, како и Клиника за гинекологија и акушерство и Специјална болница за гинекологија и акушерство ‘’ Мајка Тереза‘’ - Скопје
- Мобилна гинеколошка ординација во кординација со НВО од областа на здравството.

6. Мониторинг и евалуација

Мониторинг и евалуација се планира да спроведува Институтот за јавно здравје на Република Македонија врз основа на базата на податоци која ја поседува за организиран скрининг и изготвување на периодични извештаи како сублимат од извештаите од Цитолошките лаборатории.

Основна обврска на овластените извршители на Програмата се континуирано внесување, праќање и ажурирање на податоците за организиран скрининг

Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи, врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

II. Опуртунистички скрининг на колоректален карцином во Република Македонија

1. Цел на програмата

Целта на програмата е намалување на морбилитетото и моратлитетот на населението во Република Македонија од рак на дебело црево. Стратегијата за подобрување на раното откривање на ракот на дебло црево подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на ракот на дебелото црево и едукација на здравствениот кадар за самата програма.

Активности:

2. Спроведување на скринингот

- Скринирањето ќе се изведува со тестот за детекција на окултно крварење-ФОБТ (Fecal Occult Blood Test – FOBT). Министерството за здравство ги набавуваат ФОБ тестовите ги распоредува по Центрите за јавно здарвје според бројот на жители на подрачјето кое го покриваат.
- Секој граѓанин на возраст од 50-70 години можат да си го оставарат правото на бесплатен ФОБ тест одејќи во ЦЈЗ одговорно за нивното подрачје.
- Центарот за јавно здравје ќе врши анализа на доставениот материјал со примена на ФОБ- тестот - за резултатот го известува пациентот и го упатува на консултација кај матичниот лекар.
- На пациентите/семејствата со покачен ризик за заболување ќе бидат советувани и упатувани на колоноскопија од страна на матичните лекари.
- Координатор на скринингот ќе биде Институтот за Јавно здравје на Република Македонија, кој ќе биде задолжен за координација на сите активности во државата, стручно методолошка помош на Центрите за јавно здравје, изготвување и водење на Регистер за КРК. Институтот за Јавно здравје ќе доставува до Министерството за здравство тромесечни извештаи и фактури за извршениот скрининг во Република Македонија. Министерството за здравство ќе доставува финансиски средства и до извршителите-Центрите за јавно здравје.
- Центрите за Јавно здравје ќе бидат задолжени за координација на активностите на своето подрачје
- Очекуваниот одзив на поканите за скрининг од вкупниот број на испитаници на возраст од 50-70 години е околу 10.000 испитаници, за кои ќе бидат потребни по 3 теста за испитаник.

3. Едукација на матичните лекари од ПЗЗ за советување на пациентите за употреба на китовите за ФОБТ, идентификација на пациентите со висок ризик како и за упатување до Центрите за јавно здравје. Оваа активност ја изведуваат Центар за семејна медицина Медицински факултет.

4. Иникатори на спроведување на програмата
4.1 Индикатори на процес на спроведување

- Број и процент на луѓе кај кои е направен ФОБТ тест
- Број и процент на луѓе кои го земале резултатот
- Број и процент на неадекватни тестови

4.2 Индикатори на успешност на спроведување на скринингот се:
- Број и процент на опфаени лица со Програмата
- Број и процент на позитивни тестови
- Број и процент на лица препратени на колоноскопија

5. Финансирање на програмата

Табела 2. финансиски средства за реализација на скрининг на колоректалниот карцином (крк)

Ред.број	мерки	извршители	финансиски средства
2	Анализа на ФОБ тест, известување, водење евиденција	10-те ЦЈЗ	10.000 x 50,00= 500.000,00
3	Координација на скринингот од страна на 10-те центри за јавно здравје	10-те ЦЈЗ (10x 30.000,00)	300.000,00
4	Едукација на матични доктори	Центар за семејна медицина Медицински факултет	100.000,00
	ВКУПНО		900.000,00

Министерството за здравство ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите за реализација на скринингот на колоректален карцином, врз основа на доставени фактури и извештаи, по завршена и реализирана активност.

6. Извршители на програмата

- Институт за јавно здравја на Република Македонија
- 10- те Центри за јавно здравје
- Матични лекари на ниво на цела држава
- Центар за семејна медицина – Медицински факултет

7. Мониторинг и евалуација

Мониторинг и евалуација се планира да спроведува Институтот за јавно здравје на Република Македонија врз основа на базата на податоци која ја поседува за организиран скрининг и изготвување на пародични извештаи како сублимат од извештаите од Центрите за јавно здравје.

Основна обврска на овластените извршители на Програмата се континуирано внесување, праќање и ажурирање на податоците за организиран скрининг

Краткорочната проценка на успешноста на спроведување на Програмата се вреднува со одзивот на населението, брзината на известување за позитивен наод и упатување на колоноскопија, каков е односот према понатамошните испитувања на лицата кај кој е најден позитивен тест.

Долгорочна проценка на спроведување на Програмата се однесува на намалување на стапката на морталитет, морбилитет и инциденца.

Индикатори на следење на Програмата се: ниска стапка на популација заболена од рак на дебело црево, број на извештаи за направени превентивни прегледи предвидени со Програмата, број на едуцирани здравствени работници, број на здравствени установи кои се опремени за спроведување на систематски прегледи.

Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи, врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

III. Преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилијарен ризик од 45-50 години

Министерството за здравство од оваа програма ќе ја плаќа партиципацијата за ПСА тестот и за дигитален ректален преглед за возрасна група 50-55 години и оние со фамилијарен ризик од 45-50 години.

Матичните доктори ќе препорачуваат на сите мажи на возраст од 50-55 години и оние со фамилијарен ризик од 45-50 години да направат превентивен преглед на секундарно ниво и за истото ќе им издадат упат.

Табела 3 гласи:

Ред.број	мерки	извршители	услуга	финансиски средства
1	ПРЕВЕНТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ПАЦИЕНТИ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА (ВОЗРАСНА ГРУПА 50-55 ГОДИНИ) со фамилијарен ризик од 45-50 години	Универзитетски клиники, Општи болници Клинички болници	Партиципација за ПСА тест и ректално туше 50,00 x 20.000 мажи	100.000,00
	ВКУПНО			100.000,00

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите преглед на пациенти за рано откривање на карцином на простата (возрасна група 50-55 години) со фамилијарен ризик од 45-50 години, врз основа на доставени фактури и извештаи.

IV. Организација на мамографски скрининг за карцином на дојка

1. Општа цел

Скрининг мамографијата претставува периодично правење на мамографија на здрава женска популација, без присутни симптоми, со цел да се открие рак на дојката во неговиот претклинички стадиум.

Со раната детекција се продолжува животот на жената и се намалуваат трошоците за скапото лекување.

Ракот на дојка е најчесто малигно заболување кај жената и водечка причина за смртност. Една од осум жени ќе се соочи со ова заболување во својот животен век. Не постои превенција од рак на дојка. но раната детекција на карциномот ќе ја намали смртноста и до 30%.

Единствена метода со најголема специфичност за рана детекција е мамографијата која радиологот ја интерпретира.

Со мамографијата може да се детектира карциномот во неговата предклиничка фаза преку директни и индиректни знаци од обучен радиолог по технички добро направена мамографија од обучен радиолошки технолог на современ мамомат.

Министерството за здравство следејќи ги европските и светските насоки почна со организирана „ Национална скрининг програма за рана детекција на рак на дојка“ во април 2015 во соработка со мамоматските кабинети во јавните здравствени установи и Управата за електронско здравство.

Набавени се нови дигитални мамомати во повеќе јавни здравствени установи.,беше оформена работна група која во април 2016 се реорганизира во „Канцеларија за скрининг“ составена од радиолози, торакални хирурзи, патолози, онколози, радиолошки технолози, медицински физичар, лекар по општа медицина, радиолошки технолози и информатичари.

Квалитетот на скинингот се обезбедува преку следните активности кои се реализираат од страна на „Канцеларијата за скрининг“:

1. Спроведување на едукација преку семинари, предавања од експерти од Македонија и странство
2. Сертифицирање на радиолози и радиолошки технолози вклучени во скринингот
3. Континуирана контрола на технички квалитет на мамоматите во Македонија
4. Континуирана контрола на квалитет на вршење на мамографски преглед и интерпретација на мамографски наод
5. Евиденција и статистичка обработка на резултати од дијагностичка и скрининг мамографија
6. Редовни состаноци и активности на Канцеларијата за скрининг
7. Зголемена информираност на населнието и матичните лекари .

2. Спроведување на скринингот

2.1. Мамографскиот скрининг се изведува во јавните здравствени установи кои имаат мамографски апарати (дигитални и аналогни). Мамографските кабинети при јавните здравствени установи одредуваат денови во текот на неделата во кои ќе вршат скрининг кој ќе биде истакнат на видно место во јавната здравствена установа.

2.2. Жени на возраст од 50-69 години се поканууваат за мамографски преглед на две години преку повикувачки писма/покани, кои се испраќаат по пошта користејќи податоци од компјутерски софтвер и хардвер кој е есенцијален елемент за повикување на жените, со кој се обезбедува повикување на жените кои никогаш немаат извршено мамогравски преглед.

2.3. Повиканите жени потребно е со себе да понесат покана - повикувачки флаер и здравствена книшка/лична карта заради личните податоци.Резултатите наодите се внесуваат во електронскиот регистар.

3. Индикатори на успешност на спроведување на скринингот се:

- Број и процент на повикани жени со Програмата,
- Процент на излезеност.

4. Финансирање на активностите и извршители

Преглед на активностите и потребните финансиски средтсва за реализација на активнсотите дадени се во табела број 1.

Табела број 4

	активност	извршител	Финансиски средства
1.	Одржување и надградба на компјутерски софтвер за формирање на е-регистер за карцином на дојка и матка	Управа за електронско здравство	500.000,00
2.	Обезбедување на флаери	Управа за електронско здравство	40.000,00
4.	Обезбедување на средства за работа на Канцеларија за скрининг	Управа за електронско здравство	300.000,00
5.	Обезбедување средства за организација и повикување на жените и доставување на наоди	Управа за електронско здравство	601.000,00
6.	Обезбедување на средства за мамографски скрининг активности	Јавни здравствени установи	8570 x 700,00ден 5.999.000,00
	ВКУПНО:		7.440.000,00

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите за мамографски скининг врз основа на доставени фактури и извештаи, верификувани и одобрени од страна на Управата за електронско здравство.

V. Улога на Институтот за јавно здравје на Република Македонија

Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе биде одговорен за организација, координација, мониторинг и евалуација, како и изготвување на публикација за состојбата и постигнатите резултати на програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2017 година за делот скрининг на рак на грло на матка, опурунистички скриниг на дебело црево, превентивните прегледи за рана детекција на рак на простата и организиран скрининг на рак на дојка.

Институтот за јавно здравје извештаите ќе треба да ги доставува на кавртално ниво заедно со фактура.

Табела број 5 Потребни финансиски средства за Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за координаторот Институт за јавно здравје на Република Македонија

ред.број	вид на активност	обем на услуга	вкупно
1	Скрининг на рак на грло на матка скрининг на рак на грло на матка, опурунистички скриниг на дебело црево, превентивните прегледи за рана детекција на рак на простата и организиран скрининг на рак на дојка, организација, координација, мониторинг и евалуација. Известување до Министерство за здравство месечно за текот на активностите.	12 месеци x 10.000,00	120.000,00
2	Квартални извештаи за скрининг на рак на грло на матка, опурунистички скриниг на дебело црево, превентивните прегледи за рана детекција на рак на простата и организиран скрининг на рак на дојка, за состојбата и постигнатите резултати, евалуација и мониторинг за 2017 година	60.000,00 x 4 квартали	240.000,00
	ВКУПНО		360.000,00

VI. Формирање на тимови за конзилиарно мислење (тумор борд) за секој заболен од малигно заболување. Тимовите ќе бидат формирани од страна на Универзитетски клиники, Клинички болници и општи болници во Република Македонија.

Табела број 6 гласи:

Ред.број	мерки	услуга	финансиски средства
1.	ТИМОВИ ЗА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ ЗА СЕКОЈ ЗАБОЛЕН ОД МАЛИГНО ЗАБОЛУВАЊЕ	конзилијарно мислење	1.500.000,00
	ВКУПНО		1.500.000,00

Тумор борд е тело составено од доктори од повеќе специјалности кое ќе ги разгледува сите случаи на карцином од соодветната специјалност и преку мултидисциплинарен пристап ќе го одредува текот на лекувањето и терапијата.

ЗБИРНА ТАБЕЛА Потребни финансиски средства

ПРОГРАМА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА	Временска рамка		Потребни ресурси
	Почеток	Крај	Финансиски ресурси
СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛО НА МАТКА	2017	2017	6.700.000,00
ОПОРТУНИСТИЧКИ СКРИНИНГ НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ	2017	2017	900.000,00
СКРИНИНГ НА РАК НА ДОЈКА	2017	2017	7.440.000,00
ПРЕВЕНТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ПАЦИЕНТИ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА (ВОЗРАСНА ГРУПА 50-55 ГОДИНИ) со фамилијарен ризик од 45-50 години	2017	2017	100.000,00
ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РМ	2017	2017	360.000,00
ТИМОВИ ЗА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ ЗА СЕКОЈ ЗАБОЛЕН ОД МАЛИГНО ЗАБОЛУВАЊЕ	2017	2017	1.500.000,00
ВКУПНО 1+2+3+4+5+6 ЗА ЦЕЛАТА ПРОГРАМА	2017	2017	17.000.000,00

Неизмирените обврски од Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија за 2016 година ќе се исплаќаат од Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија за 2017 година.

Финансирање на програмата:

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија наменети за Програмата за рана детекција на малигните заболувања во Република Македонија во висина од 17.000.000,00денари.

Распределбата на средствата по оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство на јавните здравствените установи, приватни здравствени установи кои имаат потпишано договор со ФЗОМ на РМ и други извршители на активностите наведени во Програмата, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7809/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4405.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Вовед

Со воведувањето на вакцинацијата како мерка за заштита на населението од заразни болести постигнати се најдобрите резултати во историјата на медицината. Бројни заразни болести се искоренети во светски рамки, голем број од нив се елиминирани, а голем број на заразни болести се ставени под контрола, при што само во одредени реони во светот се регистрираат поединечни случаи.

Задолжителната имунопрофилакса и хемиопрофилакса во Република Македонија се спроведува согласно законската и подзаконската регулатива од оваа област, односно согласно Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16) и Правилникот за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација („Службен весник на Република Македонија" бр.177/15) (во натамошниот текст: Правилникот).

II. Моментална состојба

Спроведувањето на задолжителната имунизација во Република Македонија со години и децении наназад бележи висок опфат ≥95% за поголемиот број на вакцини, согласно препораките на Светската здравствена организација (СЗО) и други референтни меѓународни институции, со ретки (одвреме навреме и само за одредени вакцини, во одредени региони) падови на опфатот кај примарната вакцинација или ревакцинација под 95%, а уште поретко под 90%.

Меѓутоа, во текот на 2015 година, опфатот на примарната вакцинација и ревакцинација генерално бележи пад во однос на претходните години. Примовакцинациите со вакцина против Хепатит Б, ДиТеПер (дифтерија,тетанус,пертузис) и ОПВ (орална полио вакцина), ревакцинацијата со ДиТе (дифтерија,тетанус) III, ОПВ I и ОПВ II, како и МРП (морбили,рубеола,паротитис) ревакцинацијата бележат пад под 95%, Вакцината против ХПВ (хуман папилома вирус) инфекцијата вообичаено бележи најнизок опфат од сите вакцини, како и во претходните четири години.

Примовакцинацијата со вакцина против Хепатитис Б има опфат од 91,8 %, а вакцинацијата со ОПВ и ДиТеПер, бележи опфат од 92,1% односно 91,3%. Вакцинацијата против заболувања кои ги предизвикува хе-

мофилус инфлуенца тип Б има опфат 88,6%, а примовакцинацијата со МРП има уште понизок опфат, 88,8%. Вакцинацијата против ХПВ (хуман папилома вирус) има најмал опфат кој изнесува 42,2%.

Опфатот на извршената ревакцинација во Републиката во 2015 година е под препорачаните 95% за следните вакцини, освен ОПВ втора ревакцина 96,3%.

III. Мерки кои треба да се превземат за подобрување на состојбите

Имајќи го предвид фактот дека во Република Македонија, во текот на 2015 година генерално се бележи пад на опфатот со одредени вакцини и ревакцини, како во однос на 2014 година, така и во однос на претходните години, потребно е интензивирање на мерките и активностите за достигнување на препораките од Светската здравствена организација за опфат ≥ 95%. За подобрување на состојбата со задолжителната вакцинација во Република Македонија, потребно е да се спроведат следните мерки и активности:

- Континуирано одржување на опфат над 95% со вакцинација и ревакцинација за вакцините кои имаат опфат над 95%, а зголемување на опфатот со сите останати вакцини кои бележат понизок опфат од 95%, на секоја одделна територија („микро"- „макро" реон) и во целата Република;
- Организирање на кампања на ниво на држава за подигање на свеста на родитеите за безбедноста на вакцините и бенефитите од истите.
- Организирање на едукативни работилници со здравствени работници за комуникациски вештини со родители.
- Континуиран надзор и контрола над спроведувањето на имунизацијата од страна на надлежните институции (Центар за јавно здравје/подрачна единица (ЦЈЗ/ПЕ), Институт за јавно здравје (ИЈЗ), Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ);
- Континуирано и навремено снабдување со соодветни количини на квалитетни вакцини, согласно препораките на Светската здравствена организација;
- Воведување на единствен софтвер со дата база за имунизацијата во Република Македонија.
- Спроведување на имунолошки студии со цел утврдување на имуниот статус на вакцинираните лица, за утврдување на недостатоци при изведувањето на вакцинацијата.

IV. Цели на програмата

Основна цел на Програмата е постигнување на опфат над 95% на национално, регионално и локално ниво со сите вакцини, согласно Календарот за имунизација во 2017.

Оваа цел ќе се постигне преку ажурно спроведување на рутинската, задолжителна континуирана вакцинација, како и дополнителните активности за зголемување на опфатот (национални и субнационални денови на имунизација, Европска недела на имунизација едукативни кампањи и др.).

Дополнително, како важна цел на Програмата е и постигнување на што поголем опфат кај тешко достапните популации во руралните средини, во ромската популација и кај лицата кои често го менуваат своето место на живеење и престојување (мобилни групи), мигранти, бегалци, преку активности за изнаоѓање на неевидентирани, невакцинирани и некомплетно вакцинирани лица и нивна вакцинација (теренски активности за прочешлување на теренот, повикување, вакцинација од врата на врата и др.).

V.Мерки и активности, очекувани резултати (индикатори на успешност)

Активностите предвидени во Програмата за имунопрофилакса и хемиопрофилакса против одредени заразни болести на населението во Република Македонија во 2017 година, ќе се спроведуваат во согласност со Правилникот, при што опфатот со сите вакцини треба да биде над 95% на национално, регионално и локално ниво. Тоа ќе претставува основен индикатор за успешноста на вакцинацијата односно реализација на Програмата.

V.1. ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Имунизацијата против одредени заразни болести се спроведува како:

1. Задолжителна активна имунизација на лица на одредена возраст, која се спроведува континуирано, во текот на целата година против: акутен вирусен хепатит Б (Hepatitis B), туберкулоза (Tuberculosis), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б (Hib), дифтерија (Diphtheria), тетанус (Tetanus), голема кашлица (Pertussis), детска парализа (Poliomyelitis acuta), мали сипаници (Morbilli), заразни заушки (Parotitis epidemica), црвенка (Rubeola) и инфекции предизвикани од хуман папилома вируси (HPV) за сите лица на одредена возраст.

1.1.Имунизација против акутен вирусен хепатитис Б

Задолжителна активна имунизација против акутниот вирусен хепатит Б се врши со давање на три дози НВ (хепатитис Б)вакцина, како поединечна или во состав на поливалента вакцина.

А) Вакцинација се врши:

На сите новородени деца во 2017 година, на возраст определена со Календарот за имунизација за 2017:
- Првата доза на вакцина се дава во родилиште како поединечна НВ вакцина, во тек на првите 24 часа по раѓање, а децата кои не се родени во родилиште треба да се вакцинираат веднаш, во надлежната установа која спроведува вакцинација.
- Втората доза на вакцина се дава на растојание не пократко од еден месец по давањето на првата доза.
- Третата доза на вакцина се дава на растојание не пократко од шест месеци после давање на првата доза, односно не пократко од два месеца после давање на втората доза.

Сите деца кај кои не е отпочната вакцинација до 18 месеци од животот, се вакцинираат најдоцна до отпочнување на основното образование, со давање на три дози НВ вакцина по шема 0, 1 и 6 месеци.

Децата кои не се потполно вакцинирани до 18 месеци од животот, ги примаат преостанатите дозите на вакцина до отпочнување на основното образование.

1.2. Имунизација против туберкулоза

Задолжителна активна имунизација против туберкулоза се врши со давање на една доза вакцина против туберкулоза (BCG вакцина) како примовакцинација.

А) Вакцинацијата се врши:

- На сите новородени деца во 2017 година, при отпуштање од родилиште. Децата кои не се родени во родилиште се вакцинираат до навршени 2 месеци од животот. Сите невакцинирани деца до крајот на првата година од животот, се вакцинираат до навршување на 12 месеци.

Вакцинацијата кај деца до 12 месеци од животот се врши без претходно туберкулинско тестирање.

- На сите деца од навршена една година до наполнети 14 години од животот кои претходно не биле вакцинирани, после извршено туберкулинско тестирање. Се вакцинираат само децата со негативна туберкулинска реакција.

Ревакцинација против туберкулоза не се спроведува.

1.3. Имунизација против заболувања причинети од хемофилус инфлуенца тип Б

Имунизација против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б се врши со давање на три дози на вакцина против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б (Hib вакцина) како примовакцинација и една доза Hib вакцина со цел ревакцинација, како поединечна вакцина или во состав на поливалентна вакцина.

А) Вакцинација се врши:

На сите деца родени од 01.11.2016 до 31.10.2017, до навршени 6 месеци од животот, со давање на три дози Hib вакцина на растојание од 1 до 3 месеци.

- На сите деца со навршени 6 месеци од животот кои претходно не биле вакцинирани, со давање на две дози вакцина на растојание не пократко од еден месец, а најдоцна до навршени 12 месеци.
- На сите деца со навршени 12 месеци од животот кои претходно не биле вакцинирани, со давање на една доза вакцина, најдоцна до навршени 5 години.

Б) Ревакцинација се врши:

- На сите деца кои се примовакцинирани до 12 месечна возраст, со една доза Hib вакцина која се дава 6 месеци од последната примена доза, препорачливо до навршени 18 месеци, може и подоцна.
- Ревакцинација не се врши кај децата кои биле вакцинирани по навршување на 12 месеци од животот.

1.4 Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица

Задолжителна активна имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши со давање на:

- Три дози комбинирана вакцина против дифтерија, тетанус и голема кашлица ацелуларна или целуларна (DTaP или DTwP вакцина), како поединечна или во состав на поливалентна вакцина (примовакцинација).
- Една доза на DTaP или DTwP вакцина, како поединечна или во состав на поливалентна вакцина како (I ревакцинација).
- Две дози комбинирана вакцина против дифтерија и тетанус (DT или dT вакцина за возрасни - про адултус (II и III ревакцинација).
- Една доза вакцина против тетанус (TT) или вакцина против дифтерија и тетанус – про адултус (dT вакцина), како V ревакцинација.

А) Вакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши:

- На сите деца родени од 1.11.2016 година до 31.10.2017 година, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2017 година.
- На сите деца најдоцна до навршени 5 години од животот, кои до таа возраст не биле уредно вакцинирани, а не прележале голема кашлица.

Децата со навршени 2 месеци од животот до навршување на 5 години, кај кои ќе се утврди постоење на контраиндикација за примена на целуларна вакцина против дифтерија, тетанус и голема кашица (DTwP вакцина) заради тешка поствакцинална компликација на претходната доза DTwP вакцина, ќе се вакцинираат понатаму со вакцина која не содржи пертусис компонента, односно вакцина против дифтерија и тетанус (DT вакцина) или пак со комбинирана вакцина против дифтерија, тетанус со ацелуларна пертусис компонента (DTaP вакцина), согласно заклучокот и издадената документација од страна на Стручниот тим за утврдување на трајни контраиндикации и поствакцинални компликации при ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје (во понатамошниот текст: Стручен тим).

- Вакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се спроведува и кај деца од навршени 5 до навршени 14 години од животот, ако дотогаш не биле вакцинирани или ако нема докази дека се вакцинирани против овие болести, со давање на три дози комбинирана вакцина (DT, DTaP или dT вакцина), на растојание утврдено согласно Правилникот.

Б) Ревакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши:

- На сите деца комплетно вакцинирани против дифтерија, тетанус и голема кашлица во 2016 година, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2017 година;
- На сите деца до навршување на 5 години од животот, ако од комплетирањето на вакцинацијата поминала најмалку една година;

В) Вакцинација против дифтерија и тетанус се врши:

- На сите деца до навршени 5 години од животот кои не се вакцинирани, а ја прележале големата кашлица;
- На сите деца од навршени 2 месеци до навршени 5 години од животот, кај кои Стручниот тим ќе утврди постоење на трајна контраиндикација за примена на DTP вакцина (целуларна или ацелуларна) поради посебна контраиндикација за вакцинација против голема кашлица.

Вакцинацијата во овој случај се спроведува со давање на комбинирана вакцина против дифтерија и тетанус (DT вакцина), на начин како со DTP вакцина.

- На сите деца родени од 2003 година наваму, ако не биле уредно вакцинирани против дифтерија и тетанус, на растојание утврдено согласно Правилникот.

Г) Ревакцинација против дифтерија и тетанус:

- На сите деца на 7-годишна возраст, односно во II (второ) одделение на основното училиште, кои претходно се уредно вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус, според важечкиот Календар за имунизација.

- На сите деца на 14-годишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште кои претходно се уредно вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус, според важечкиот Календар за имунизација.
- На сите деца до 14-годишна возраст, вакцинирани против дифтерија и тетанус прв пат во 2016 година, ако од вакцинацијата поминала една година.

Имунизацијата на деца постари од 7-годишна возраст се врши со посебна вакцина против дифтерија и тетанус за возрасни (dT вакцина – pro adultus).

Д) Вакцинација против тетанус се врши:

- На сите лица од навршена 14 годишна возраст до навршена 18 годишна возраст, ако дотогаш не биле вакцинирани против тетанус или ако нема докази за вакцинирање, со давање на три дози вакцина против тетанус – тетанусен токсоид (ТТ вакцина), на растојание утврдено со Правилникот.

Ѓ) Ревакцинација против тетанус се врши:

- На сите лица на 18-годишна возраст, односно во завршната година на средното образование, ако дотогаш биле уредно вакцинирани и ревакцинирани против тетанус, согласно важечкиот Календар за имунизација.
- На сите лица од 14-годишна возраст до 18-годишна возраст, кои во 2014 година прв пат биле вакцинирани против тетанус, ако од вакцинирањето поминала една година.

1.5. Имунизација против детска парализа

Задолжителна активна имунизација против детска парализа се врши со давање:
- Три дози вакцина против детска парализа со, жива двотипна орална полио вакцина (во понатамошниот текст: OPV2), и/ или мртва тритипна инактивирана полио вакцина (во понатамошниот текст: IPV) како поединечна или во состав на поливалентни вакцини (примовакцинација).
- Една доза на OPV2 или IPV како поединечна или во состав на поливалентна вакцина (I ревакцинација)
- Една доза на OPV2 или IPV (II и III ревакцинација).

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца родени од 01.11.2016 до 31.10.2017, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2017 година;
- На сите деца родени 2003 година наваму, кои порано не биле вакцинирани против детска парализа.

Б) Ревакцинација се врши:

- На сите деца комплетно вакцинирани против детска парализа во 2016 година, ако од потполната вакцинација поминала една година.
- На сите деца на 7-годишна возраст, односно во II (второ) одделение од основното образование, кои претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според Календарот за имунизација.
- На сите деца на 14-годишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште, кои претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според важечкиот Календар за имунизација.

1.6. Имунизација против мали сипаници, заушки и црвенка - рубеола

Задолжителна активна имунизација против мали сипаници, заушки и црвенка - рубеола се врши со давање на една доза комбинирана жива вакцина против мали сипаници, заушки и црвенка – рубеола (MRP вакцина), како и една доза MRP вакцина со цел ревакцинација.

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца со навршени 12 месеци од животот, најдоцна до навршени 15 месеци;
- На сите деца после навршување на 15 месеци до 14 годишна возраст, кои претходно не биле вакцинирани со MRP вакцина.

Б) Ревакцинација се врши:

- На сите деца на 6-годишна возраст, односно во I (прво) одделение од основното образование, на почетокот на учебната година, а најдоцна до крајот на месец октомври со MRP вакцина.
- На сите деца после 6-тата година од животот до навршување на 14-годишна возраст, ако дотогаш не биле ревакцинирани со MRP вакцина.

Децата кои од било кои причини не биле вакцинирани согласно важечкиот Календар, ќе примаат две дози МРП вакцина на растојание од најмалку 30 дена, најдоцна до 14-годишна возраст.

1.7. Имунизација против инфекции од хуман папилома вируси – ХПВ

Задолжителната активна имунизација против инфекции причинети од хуман папилома вируси (ХПВ) се врши со давање на две или три дози на вакцина против хуман папилома вируси (ХПВ вакцина).

А) Вакцинација се врши:

- На сите женски деца на 12 годишна возраст, односно на сите девојчиња во VII (седмо) одделение од основното образование, со давање на две дози вакцина, на растојанија согласно Календарот за имунизација во 2017 година;
- На сите женски деца најдоцна до 14 годишна возраст, а кои претходно не биле вакцинирани со оваа вакцина, со давање на три дози вакцина, на растојанија согласно Правилникот.

Задолжителната активна имунизација против определени заразни болести на лица на одредена возраст, согласно оваа програма се спроведува согласно Календарот за имунизација во 201 година, даден во продолжение на текстот:

КАЛЕНДАР ЗА ИМУНИЗАЦИЈА ВО 2017 ГОДИНА

* Возраст на лица што подлежат на задолжителна имунизација	ВАКЦИНИ	КОМЕНТАР
24 часа од раѓање [1]	• Хепатитис Б	Вакцинирање
до 12 месеци [2]	• БЦГ	Вакцинирање
2 месеци [3]	• Ди Те Пер • ХиБ • Хепатитис Б • Полио	Вакцинирање / шестовалентна или поединечна вакцина
3,5 месеци [4]	• Ди Те Пер • ХиБ • Полио	Вакцинирање / петовалентна или поединична вакцина
6 месеци [5]	• Де Те Пер • ХиБ • Хепатитис Б Полио	Вакцинирање / шестовалентна или поединечна вакцина
12 месеци [6]	• МРП	Вакцина
18 месеци [7]	• Ди Те Пер • ХИБ • Полио	I Ревакцинирање/ петовалентна или поединична вакцина
6 години [9]	• МРП	Ревакцинирање
7 години [10]	• ДиТе-адултна • Полио	II Ревакцинирање
12 години [11]	• ХПВ	Вакцинирање
14 години [12]	• Ди Те-адултна • ПОЛИО	III Ревакцинирање
18 години [13]	• ТТ	IV Ревакцинирање

* Појаснување – возраст во месеци - (се мисли со наполнети месеци) возраст во години - (се мисли со наполнети години)

ИНСТРУКЦИИ – ПОЈАСНУВАЊЕ

[1] Во првите 24 часа од раѓање детето се вакцинира со Хепатитис Б вакцина.

[2] До крајот на првата година детето се вакцинира со БЦГ вакцина без претходно туберкулинско тестирање.

[3] Со полни 2 месеци детето се вакцинира со шестовалентна вакцина која содржи (ДиТеПер ацелуларна, ХиБ, Хеп Б и ИПВ) или со поединечни вакцини.

[4] Со полни 3,5 месеци детето се вакцинира со петтовалентна вакцина која содржи (ДиТеПер ацелуларна, ХиБ, и ИПВ) или со поединечни вакцини.

[5] Со полни 6 месеци детето се вакцинира со шестовалентна вакцина која содржи (ДиТеПер ацелуларна, ХиБ, Хеп Б и ИПВ) или со поединечни вакцини.

[6] Со полни 12 месеци детето се вакцинира со МРП вакцина.

[7] Со полни 18 месеци детето се вакцинира со петтовалентна вакцина која содржи (ДиТеПер ацелуларна, ХиБ, и ИПВ) или со поединечни вакцини како I ревакцина.

[8] Со полни 6 години детето се вакцинира со МРП ревакцина.

[9] Со полни 7 години детето се вакцинира со Ди-Те адултна вакцина како II ревакцина и со ОПВ како II ревакцина.

[10] Со полни 12 години се вакцинираат само девојчињата со ХПВ вакцина.

[11] Со полни 14 години детето се вакцинира со Ди-Те адултна вакцина како III ревакцина и со ОПВ како III ревакцина.

[12] Со полни 18 години детето се вакцинира со Тетанус IV ревакцина.

2. Задолжителна имунопрофилакса на лица експонирани на одредени заразни болести по епидемиолошки индикации, се спроведува кај сите експонирани лица по епидемиолошки индикации, сé додека истите траат и тоа како: активна и пасивна имунизација против акутен вирусен хепатит Б (Hepatitis B), активна и пасивна имунизација против беснило (Lyssa), активна и пасивна имунизација против тетанус (Tetanus) кај повредени лица и активна имунизација против цревен тифус (Typhus abdominalis).

2.1. Активна имунизација против туберкулоза

На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат здравствени работници и друг помошен персонал, при вработување во здравствени установи во кои се врши дијагностика и лекување на болни од туберкулоза, ако туберкулинскиот тест им е негативен.

2.2. Активна имунизација против мали сипаници

Задолжителна имунизација против мали сипаници ако постојат епидемиолошки индикации се врши и кај деца на возраст од 6 до 12 месеци од животот, но тие повторно треба да се вакцинираат од 15 до 24 месечна возраст.

На задолжителна имунизација против мали сипаници подлежат и деца од навршени 15 месеци до 14 години од животот, кои се имунизирани против мали сипаници, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации (заболување на вакцинирани, епидемија на мали сипаници кај деца од таа возраст), што ги утврдил надлежниот орган и ако од претходната вакцинација против мали сипаници поминало повеќе од една година.

2.3. Активна и пасивна имунизација против акутен вирусен хепатитис Б

А) Активната имунизација против вирусен хепатитис Б се спроведува кај:

- Сите невакцинирани и непотполно вакцинирани лица вработени во здравствените установи, вклучувајќи ги и учениците и студентите во здравствено образовните струки (медицина, стоматологија, фармација) кои доаѓаат во непосреден контакт со инфективен материјал (крв или серум);
- Хемофиличари;
- Болни на хемодијализа;
- Полови партнери на HBsAg позитивни лица;
- Штитеници на установи за социјална заштита;
- Лица кои инјектираат дроги;
- Инсулин зависни болни од шеќерна болест;
- Болни од хроничен хепатит Ц;
- Лица со ХИВ/СИДА;
- Лица со регистрирани сексуално преносливи инфекции (СПИ) и нивни сексуални партнери;
- Лица кои имале инцидент со инфективен материјал (крв или серум).

Лица кои се HbsAg и анти HbsAg негативни, а живеат во близок контакт со носители на HbsAg исто така треба да се вакцинираат со НВ вакцина, при што приоритет имаат нивните полови партнери.

За вакцинација на деца помлади од 10 години се дава педијатриска доза вакцина (0,5 ml), на лицата постари од 10 години им се дава доза за возрасни (1ml), додека за вакцинација на пациенти на дијализа се дава двојна доза вакцина за определена возраст.

Бројот на потребните дози вакцина против акутен вирусен хепатитис Б кај експонирани лица и растојанието меѓу нив, како и времето на давање се пропишани со Правилникот.

Ревакцинација се спроведува кај случаи на имунодефициенција и кај болните на дијализа, со една доза на НВ вакцина, 5 години после потполната вакцинација.

Б) Пасивна имунизација против вирусен хепатитис Б се спроведува со давање на хепатитис Б имуноглобулин (HBIG) на:

- невакцинираните и непотполно вакцинираните лица кои имале инцидент со инфективен материјал (крв или серум) и
- новородени деца на HBsAg позитивни мајки.

HBIG се аплицира интрамускулно, во количина која ја препорачува производителот, веднаш по инцидентот, односно по раѓањето, а најдоцна 12 часа од моментот на инцидентот, односно на раѓањето.

По исклучок, ако хепатитис Б имуноглобулинот (HBIG) кај новородени деца од HBsAg позитивни мајки не е даден во првите 12 часа, може да се даде најдоцна до 7 дена од раѓањето.

HBIG се дава истовремено со првата доза вакцина, на спротивниот екстремитет.

2.4. Активна и пасивна имунизација против беснило

А) Активната имунизација против беснило се спроведува со давање на современи инактивирани вакцини против беснило за хумана употреба, произведени на култура на клетки и препоračани од Светската здравствена организација, со потенцијал од најмалку 2,5 I.E. по поединечна доза.

1. Предекспозициона вакцинација против беснило се спроведува кај лица кои непосредно професионално се изложени на инфекција со вирусот на беснило, согласно одредбите на Правилникот.

Предекспозициона вакцинација се спроведува со давање на три поединечни дози на вакцина против беснило интрамускулно, во пределот на делтоидниот мускул, наизменично на спротивната рака, по шема: 0, 7 и 21 ден.

2. Постекспозициона задолжителна имунизација против беснило се спроведува кај:

- Лице кое го каснало или на друг начин повредило бесно или на беснило сомнително диво или домашно животно;
- Лице кое го каснало куче или мачка на непознат сопственик, што не можат да се подложат на десет дневен ветеринарен надзор;
- Лице кое го каснало куче или мачка, што во рок од десет дена од денот на повредата на лицето ќе покажат знаци на беснило, ќе пцовисаат, ќе бидат убиени или ќе заскитаат, а беснилото на животното не може да се исклучи со лабораториски преглед;
- Лице кое можело да се зарази со вирусот на беснило преку слузница или оштетување на кожата.

Постекспозициона имунизација против беснило се спроведува веднаш после утврдувањето на индикациите, со давање на 5 поединечни дози на вакцина против беснило интрамускулно, во делтоидниот мускул (кај малите деца во предно-надворешниот дел на натколеницата), наизменично на спротивниот екстремитет, по шема: 0, 3, 7, 14 и 28 дена.

А) Пасивната имунизација против беснило се спроведува истовремено со давањето на првата доза вакцина, во сите случаи, со примена на хуман антирабичен имуноглобулин (HRIG).

HRIG се дава еднократно, во дози од 20 I.E./ kg TT. Се инфилтрира во самата рана и околу раната, а остатокот од потребната количина се дава интрамускулно, во глутеалната регија.

HRIG се аплицира во сите случаи, без разлика на времето поминато од експозицијата на вирусот на беснило.

Доколку постекспозиционата имунизација е започната со давање само на вакцина, додатното давање на HRIG може да се примени најдоцна до осмиот ден од започнатата вакцинација.

Комплетно вакцинираните лица против беснило, после повторно утврдена индикација согласно Правилникот, се вакцинираат со давање на две поединечни дози на вакцина против беснило во делтоидниот мускул, по шема: 0 и 3 дена, без давање на HRIG.

Кај некомплетно вакцинираните лица, како и лицата кај кои не постои документација за вакцинација или кај кои постои докажана имуносупресија, после повторно утврдената индикација, се спроведува комплетна активна и пасивна имунизација согласно Правилникот.

Истовремено со имунизацијата против беснило се врши и имунизација и против тетанус, согласно Правилникот.

2.5. Активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица

Имунопрофилакса против тетанус кај повредени лица се спроведува со аплицирање на адсорбирана TT (тетанус токсоид) вакцина или dT вакцина (активна имунизација), како и со давање на хуман антитетанусен имуноглобулин (HTIG) (пасивна имунизација), во дози и на начин кој зависи од претходниот имунолошки статус за тетанус, согласно критериумите пропишани со Правилникот.

Вакцината (TT или dT) и хуманиот антитетанусен имуноглобулин (HTIG) се даваат истовремено, интрамускулно, во различен екстремитет.

Во продолжение на текстот е дадена шема за активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица.

Активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица

Вакцинален статус на повредениот	Растојание од последната доза до повредата	Вакцинација	Имунопрофилакса
Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст	Од последна примена доза до повреда - < 5 години	Не е потребна вакцинација	Нема потреба од HTIG
Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст	Од последна примена доза до повреда - > 5 години <10 години	Една доза TT (или dT) вакцина веднаш по повредата	Нема потреба од HTIG
Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст	Од последна примена доза до повреда - > 10 години	Една доза TT (или dT) вакцина веднаш по повредата	250 I.E. HTIG
Непотполно вакцинирани, односно лице кои примило помалку од три дози TT(dT)		Продолжува со вакцинација до комплетирање на вакцинирањето (растојанието меѓу дозите да не е помало од 1 месец ниту подолго од 3 месеци)	250 I.E. HTIG
Невакцинирани лица или лица со непознат вакцинален статус или лица без документација на увид при повредата		Прва доза TT (или dT) вакцина веднаш по повредата, втора доза на растојание не помало од 1 месец ниту подолго од 3 месеци, трета доза 6 месеци после втората доза, а ревакцинација се врши со давање една доза, една година после давање на третата доза	250 I.E. HTIG веднаш по повредата заедно со првата доза

2.6. Активна имунизација против цревен тифус

Активна имунизација против цревен тифус по епидемиолошки индикации се спроведува кај:

- Лица вработени на чистење на канализација и септички јами и на отстранување на смет и други отпадни материи од населени места;
- Лица кои живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;
- Лица вработени на ексхумација на тела на умрени лица;
- Лица припадници на други целни групи, согласно одлука на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, на предлог на надлежната епидемиолошка служба, за одредена територија.

Вакцинацијата се спроведува со давање на една доза вакцина според препораките на производителот.

Ревакцинација на вакцинираните лица по епидемиолошки индикации се спроведува со давање на една доза вакцина, после три години од вакцинацијата и се повторува на секои три години, сé додека трае индикацијата.

3. Активна имунизација по клинички и епидемиолошки индикации, се спроведува против: грип (Influenzae), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип „Б“ (Hib), заболувања предизвикани од Streptococcus pneumoniae (пнеумокок), менингококен менингит (Meningitis meningococcica), голема кашлица (Pertusis).

Во оваа смисла, имунизација може да се спроведува и против други заразни болести и возрасни групи, врз основа на одлука на министерот и согласно Правилникот.

3.1. Активна имунизација против грип

Вакцинација против грип се спроведува по клинички и по епидемиолошки индикации.

По клинички индикации, вакцинацијата се спроведува кај лица постари од 6 месеци кои имаат хронични заболувања на белите дробови и кардиоваскуларниот систем, метаболни пореметувања (вклучително и шеќерната болест), состојби на имунодефициенција, бубрежна дисфункција, хемоглобинопатија, имуносупресија и друго.

По епидемиолошки индикации вакцинација се спроведува кај:

- Лица сместени во геронтолошки центри и кај лицата вработени во овие центри;
- Млади и стари лица сместени во установи за социјална заштита и кај лицата вработени во тие установи;
- Лица вработени во здравствени установи, кои даваат здравствени услуги и спроведуваат здравствена дејност, а особено вработените во одделенија со зголемен ризик, стационари за хронично заболени лица и друго;
- Лица вработени во јавни служби кои се посебно експонирани на инфекција и
- Лица на возраст над 65 години.

Кај деца кои прв пат се вакцинираат, вакцинацијата се врши со давање на две дози вакцина на растојание од 30 дена, а наредните години се дава само по една доза вакцина, согласно упатството на производителот.

3.2. Активна имунизација против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б

Вакцинација против заболувања предизвикани со хемофилус инфлуенца тип Б се спроведува со Hib вакцина, според клиничките индикации, кај деца постари од 2 години без оглед на претходниот вакцинален статус, во случај на:

- Трансплантација на органи и ткива;
- Спленектомија и српеста анемија;
- Хемиотерапија и терапија со зрачење кај малигни тумори;
- Симптоматски и асимптоматски HIV инфекции;
- Кај други клинички утврдени состојби на имунодефициенција.

Бројот на потребните дози вакцина против хемофилус инфлуенца тип Б според клинички индикации, како и растојанието меѓу нив, пропишани се со одредбите на Правилникот.

Индикациите за спроведување на оваа вакцинација по клинички индикации, ја поставува доктор специјалист клиничар.

3.3. Активна имунизација против заболувања предизвикани со Streptococcus pneumoniae (пнеумокок)

Вакцинацијата против заболувања предизвикани со Streptococcus pneumoniae (пнеумокок) се врши со коњугирана или полисахаридна вакцина, во зависност од возраста, според клиничките индикации – кај лица во зголемен ризик од инвазивно пнеумококно заболување, односно лица со:

- Анатомска или функционална аспленија;
- Српеста анемија;
- Хронично кардиоваскуларно и белодробно заболување;
- Шеќерна болест;
- Хронично заболување на црниот дроб;
- Хронично заболување на бубрезите;
- Нефротски синдром;
- Алкохоличари;
- Симптоматска и асимптоматска HIV инфекција;
- Трансплантација на органи и ткива;
- Малигно заболување;
- Ликворна фистула;
- Клиничка историја на потврдена или суспектна пневмококна пневмонија;

- Кои примаат имуносупресивна терапија, вклучувајќи системски кортикостероиди;
- Постари од 65 години и деца под 5 годишна возраст кои се сместени во колективни установи (домови за згрижување на стари лица и градинки).
- Деца под 5 годишна возраст со намален имунитет со чести инфекции на респираторниот систем.
- Децата под 2-годишна возраст се вакцинираат со коњугирана пневмококна вакцина, а деца постари од 2 години и возрасни се вакцинираат со полисахаридна вакцина.

Ревакцинацијата се спроведува со давање на една доза пневмококна вакцина 5 години после вакцинацијата.

Двете пневмококни вакцини (и коњугираната и полисахаридната) се даваат во дози од 0,5 ml интрамускуларно или субкутано во делтоидната регија, согласно упатството на производителот.

3.4. Активна имунизација против менингококен менингит

Вакцинација против менингококен менингит по клинички индикации се спроведува со полисахаридна менингококна вакцина, и се дава кај деца постари од 2 години и кај возрасни. Само кај лица постари од 11 години со висок ризик од појава на ова заболување се користи коњугирана менингококна вакцина.

Клиничките индикациите за спроведување на вакцинација против менингококен менингит кои ги поставува доктор специјалист клиничар се:

- Анатомска и функционална аспленија (спленектомија, српеста анемија) и
- Имунодефициенција на комплемент (C5 – C9).

Вакцинација против менингококен менингит по епидемиолошки индикации се спроведува со коњугирана вакцина против менингококен менингит.

Индикацијата за спроведување на целна вакцинација, како и целните групи кои ќе подлежат на вакцинација против менингококен менингит по епидемиолошки индикации, на предлог на надлежната епидемиолошката служба за одредена територија, ја поставува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Вакцинацијата против менингококен менингит со двата вида вакцина се спроведува со давање на една доза, веднаш по утврдувањето на индикацијата.

Лицата кои се професионално експонирани на причинители на менингококен менингит или со својата работа можат да го пренесат причинителот на други лица, се вакцинираат со една доза четиривалентна полисахаридна вакцина.

Ревакцинација се спроведува со давање на полисахаридна вакцина на растојание од 5 години после извршената вакцинација, во случај ако индикациите и по-

натаму постојат. Ревакцинацијата со полисахаридна вакцина може да се спроведе и доколку лицето е претходно вакцинирано со конјугирана вакцина.

Вакцината против менингкокниот менингит се аплицира во доза од 0,5 ml субкутано, во делтоидната регија.

3.5. Активна имунизација против голема кашлица

Вакцинацијата на децата од 2 месеци до 5 години живот, со ацелуларна вакцина против голема кашлица (DTaP) се спроведува врз основа на следниве клинички индикации:

- Температура (ректална) 40оС и поголема од 40оС, во рок од 48 часа од претходната доза на DTwP вакцина, а која неможе да се доведе во врска со друга можна причина;
- Упорно и континуирано плачење кое трае 3 и повеќе часа, а се јавува во рок од 48 часа од претходната доза на примена DTwP вакцина.
- Колапс или слична состојба на шок (хипотонички – хипосензитивни епизоди) во рок од 48 часа од претходно примена доза на DTwP вакцина.
- Конвулзии, било да се фебрилни или афебрилни кои се јавуваат до 3 дена од претходно примена доза DTwP вакцина.

Клиничките индикации за давање на DTaP вакцина ги утврдува Стручниот тим после разгледувањето на пријавата за поствакцинална компликација по имунизација на претходно дадена DTwP вакцина.

Вакцината DTaP се аплицира на начин кој е предвиден со упатството на производителот.

Вакцината DTaP е контраиндицирана кај еволутивни невролошки заболувања (неконтролирана епилепсија, инфантилни спазми, прогресивна енцефалопатија), како и за DTwP вакцина, се додека невролошкиот статус не се разјасни или стабилизира, за што одлучува Стручниот тим.

4. Активна имунизација на патници во меѓународен сообраќај ќе се спроведува согласно Меѓународниот здравствен правилник (IHR), против следните заразни болести: жолта треска (Febris flava), менингококен менингит (Meningitis meningococcica), црвен тифус (Typhus abdominalis), колера (Cholera), дифтерија (Diphtheria).

Активна имунизација на патници во меѓународниот сообраќај ќе се врши и против други заразни болести (акутен вирусен хепатит Б - Hepatitis B, беснило - Lyssa, тетанус - Tetanus, мали сипаници - Morbilli и друго).

Патниците во меѓународниот сообраќај подлежат на активна имунизација ако патуваат во ризични и ендемични зони или во земји кои бараат вакцинација против одредена заразна болест, и по епидемиолошки индикации, согласно Меѓународниот здравствен правилник.

4.1. Имунизација против жолта треска

Се спроведува со давање на една доза вакцина, најдоцна 10 дена пред патување во ендемското подрачје.

Повторна вакцинација или ревакцинација против жолта треска, согласно најновите насоки на Светската здравствена организација не се врши.

4.2. Имунизација против менингококен менингитис

Вакцинација против менингококен менингитис се врши најдоцна 10 дена пред патување во ризичното/ендемското подрачје, со соодветна вакцина.

Се аплицира соодветен број на дози, во зависност од видот на вакцината која ги содржи соевите, кои на тие територии предизвикуваат заболување.

4.3. Имунизација против колера

Вакцинација против колера се спроведува со орална вакцина против колера, најдоцна 14 дена пред патувањето. Се дава во две дози на растојание од една недела, а се очекува заштитата да се манифестира една недела после втората доза.

Повторна вакцинација против колера се врши со давање на една доза орална вакцина против колера, после 10 години.

4.4. Имунизација против други заразни болести

Вакцинација на патници во меѓународен сообраќај може да се врши по епидемиолошки индикации и против: црвен тифус, дифтерија, акутен вирусен хепатит Б, беснило, тетанус, мали сипаници и други заболувања.

Апликацијата на овие вакцини се врши согласно препораките на производителот на соодветната вакцина.

V. 2. ХЕМИОПРОФИЛАКСА НА ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Хемиопрофилакса против одредени заразни болести се спроведува против: туберкулоза, маларија, менингококен менингит, скарлатина, како и против други заразни заболувања - по епидемиолошки индикации и по препорака на надлежната епидемиолошка служба на локално, регионално и национално ниво, за соодветната територија.

1. Хемиопрофилакса против туберкулоза

Хемиопрофилакса против туберкулоза се спроведува со соодветни дози на лекови против туберкулоза и времетраење, согласно меѓународни препораки:

1. Кај деца кои се во близок контакт со заболен од директно микроскопски потврдена туберкулоза, позитивна туберкулоза или тешки форми на белодробна туберкулоза;

2. Кај HIV позитивни лица и други состојби на имуносупресија.

Одлуката за хемиопрофилакса против туберкулоза се донесува после направена консултација со лекар пнеумофтизиолог, интернист пулмолог и педијатар.

2. Хемиопрофилакса против маларија

Хемиопрофилаксата против маларија се спроведува кај лица пред одењето, за време на целиот период на престој и по враќањето од земјата, односно подрачјата каде постои ендемија на маларија.

Препораки за изборот на видот и дозирањето на лековите за хемиопрофилакса против маларија, во согласност со препораките на Светската здравствена организација, на епидемиолошките служби на Центрите за јавно здравје и подрачните единици (ЦЈЗ/ПЕ) им доставува епидемиолошката служба на Институтот за јавно здравје на Република Македонија (ИЈЗ).

3. Хемиопрофилакса против менингококен менингит

Хемиопрофилакса против менингококен менингит се спроведува кај одредени целни групи по епидемиолошки индикации.

Индикациите, како и целните групи кои ќе подлежат на хемиопрофилакса против менингококен менингит по епидемиолошки индикации, на предлог на епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за својата територија, Центар за јавно здравје Скопје (ЦЈЗ -

Скопје) за Град Скопје и Институтот за јавно здравје за територијата на Република Македонија ги поставува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Изборот на видот на лековите, нивното дозирањето според возраста, начинот на апликација на лекот и времетраењето на хемиопрофилаксата против менингококен менингит се во согласност со пропишаните критериуми во Правилникот.

4. Хемиопрофилакса против скарлатина

Хемиопрофилакса против скарлатина се спроведува во времетраење од 10 дена и е задолжителна:

1. Кај деца, во семејства во кои некој член од семејството има анамнеза на ревматска треска, а кои живеат во лоши социјални услови.

2. При појава на скарлатина или стрептококен тонзилофарингит во колективи, по претходна консултација и препорака на епидемиолошката служба при надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за своето подрачје и ЦЈЗ- Скопје за град Скопје.

Хемиопрофилаксата се врши со давање на пеницилински препарат, а кај лица преосетливи на пеницилин се дава еритромицин.

5. Хемиопрофилакса против други заразни заболувања

Хемиопрофилакса по епидемиолошки индикации, може да се спроведува и против други заразни заболувања, кај лица изложени на тие заразни заболувања, а врз основ на препораките на епидемиолошката служба на надлежниот Центарот за јавно здравје/подрачна единица за своето подрачје, Центарот за јавно здравје - Скопје за Град Скопје и Институтот за јавно здравје за територијата на Република Македонија.

V.3. ИМУНИЗАЦИЈА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО ПОСЕБНИ УЛОВИ И ПРИ ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

Имунопрофилакса и хемиопрофилакса на населението може да се спроведува и за други заразни болести и тоа во случај на вонредни состојби, како што се природни и други несреќи, изложеност или сомнение на изложеност на заразни болести, тероризам со биолошки агенси и друго.

Имунопрофилакса и хемиопрофилакса во вакви случаи, на предлог на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, се одредуваат од страна на министерот за здравство.

VI. Индикатори

За оценување на успешноста на предвидените активности со оваа програма, ќе се користат следните индикатори на успешност:

- Опфат над 95% од подлежачката популација за сите видови задолжителни вакцини;
- Шестмесечен извештај за спроведената имунизација на подрачјето на Центарот за јавно здравје/подрачна единица и Центарот за јавно здравје - Скопје, по истекот на шестмесечјето се доставуваат до Институтот за јавно здравје;
- Шестмесечен табеларен извештај за спроведената имунизација во Република Македонија, изготвен од Институтот за јавно здравје, со опфат по видови вакцини и територијална распределба Центарот за јавно здравје/подрачна единица;
- Годишен извештај за спроведената имунизација на подрачјето на Центарот за јавно здравје/подрачна единица и Центарот за јавно здравје - Скопје доставен до Институтот за јавно здравје, со опфат по видови вакцини и територијална распределба;
- Годишен табеларен извештај за спроведената имунизација во Република Македонија, изготвен од Институтот за јавно здравје, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центарот за јавно здравје/подрачна единица;
- Годишен извештај за спроведената имунизација во Република Македонија со епидемиолошки коментар, изготвен од Институтот за јавно здравје, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центарот за јавно здравје/подрачна единица;
- Теренските посети и увиди во пунктовите за вакцинација во Република Македонија со цел надзор и контрола на спроведувањето на имунизацијата од сите аспекти и изготвени информации за состојбата на теренот, со констатации и предлог мерки.

VII. Финансирање на програмата

Во табела VII-1, прикажани се финансиски средства за 2017 година за обезбедување на потребни количини вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации.

VII-1 Вакцини за континуирана имунизација за 2017

		Вкупна вредност
1.	Набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за 2017 година	180.000.000,00 денари

Исплата на неизмирени обврски за набавка на вакцини од 2016 година.

Вкупните средства за реализација на оваа програма за 2017 година изнесуваат 180.000.000,00 денари.

Од Буџетот на Република Македонија за 2017 година ќе се обезбедат финансиски средства за набавка на потребни количини на вакцините за 2017 година.

Вакцините и серуми по клинички и епидемиолошки индикации за заштита и лекување на пациенти, или заштита на своите вработени лица, ги обезбедуваат јавните здравствени установи од сопствените буџети.

Финансиските средства за обезбедување на вакцини и хемиопрофилактички средства за спроведување на имунизацијата на патници во меѓународниот сообраќај ги обезбедуваат институциите овластени за вршење на оваа вакцинација.

Набавените вакцини од страна на Министерството за здравство, ќе се дистрибуираат од страна на добавувачите до овластените здравствени установи -извршители, врз основа на доставени списоци од Министерството за здравство согласно искажаните потреби од вакцини на здравствените установи.

Финансиските средства потребни за реализација на оваа програма се доставуваат до најповолните добавувачи на вакцини, по достава и прием на вакцините.

VIII. Извршители на Програмата

Активностите предвидени со оваа програмата ги спроведуваат превентивните тимови при здравствените домови во Република Македонија, Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и Универзитетската клиника за детски болести, инфективните одделенија при општите и клиничките болници во Република Македонија, други здравствени установи во Република Македонија овластени за вршење на вакцинација, како и центрите за јавно здравје и нивни-

те организациони единици и Институтот за јавно здравје на Република Македонија и Државниот санитарен и здравствен инспекторат кои се надлежни за следење на реализацијата на активностите предвидени со оваа програма. Координација на активностите и следење на извршување на истите ја спроведува Министерството за здравство.

IX. Доставување на годишни извештаи и рокови

Центарот за јавно здравје/подрачна единица и Центарот за јавно здравје- Скопје, збирните годишни извештаи за спроведената имунизација на својата територија ги доставуваат до Институтот за јавно здравје за сите вакцини, а за спроведена имунизација против туберкулоза и до Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза до 1.2.2017 година, за спроведената имунизација во 2016 година.

Институтот за јавно здравје на Република Македонија ги обработува и евалуира прибраните годишни извештаи, изготвува посебна анализа и извештај за состојбата со спроведената имунизација во 2016 година и опфатот со одделни вакцини на локално, регионално и национално ниво во Републиката кој го доставува до Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и други надлежни институции, до 28.2.2017 година.

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза доставува годишен извештај за спроведената имунизација против туберкулоза на територијата на Република Македонија во 2016 година, до Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје на Република Македонија, најдоцна до 28.02.2017 година.

X. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)

Реализација на оваа програма ќе биде перманентно следена од страна на епидемиолошките служби при Центарот за јавно здравје/подрачна единица (координатори за имунизација) и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како и од страна на одделението за контрола и надзор на имунизацијата при Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Интензитетот на следењето ќе се спроведува на месечно ниво, од страна на Центарот за јавно здравје/подрачна единица, а квартално од страна на Институтот за јавно здравје на Република Македонија и Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

XI. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7815/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4406.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и се на прво место како причини за смрт во генералната популација во Република Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми – ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на атеросклероза во коронарните артерии.

Најновите испитувања покажуваат дека атеросклеротичните промени на крвните садови настануваат уште во најраната возраст (после втората година од животот) така што со превенција треба да се започне што е можно порано. Многу студии укажуваат на тоа дека со менување на начинот на живеење во многу развиени земји успеано е морбидитетот и морталитетот од кардиоваскуларните болести да се намали за 40%. Се проценува дека 2/3 од падот на морталитетот се должи на промените на лошите животни навики постигнато преку едукативни програми наменети за генералната популација.

Од посебен интерес и значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидалното, интрацеребралното и друг вид крвавење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението, а се тесно поврзани со болестите на срцето.

Цереброваскуларниот инфаркт е водечка причина за морталитет и морбидитет во светот. Во Република Македонија, годишно има околу 5000 пациенти со цереброваскуларен инфаркт (мозочен удар). Повеќе од 80% одовие инфаркти се од исхемичен тип, предизвикани поради оклудирачки тромб во мозочна артерија. Во светот, ендоваскуларниот третман се користи преку 10 години, а постојат различни направи за негово изведување. Според протоколите на Американската Асоцијација на неврохирурзи, ендоваскуларниот третман би требало да биде прв избор бидејќи е минимално инвазивен, го намалува бројот на денови на болнички престој и дава одлични резултати на долг рок.

Министерството за здравство континуирано ја развива кардиолошката мрежа, преку набавка на нова модерна опрема – ангиографи и отварање на оддели за интервентна кардиологија во повеќе јавни здравствени установи во Република Македонија. Заради непречено функционирање на одделите по интервентна кардиологија се обезбедуваат доктори од странство кои континуирано континуирано едуцираат и работат заедно со нашите доктори.За успешно тековно функционирање и обавување на едукативната дејност за потребите на јавните здравствени установи каде што е набавен ангиограф, како и за работа во ангиосалите и на интензивната нега, неопходно е тимот да биде составен од доктори (интернисти, кардиолози, радиолози и интензивисти) и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки и радиолошки технолози).

Ангиографијата е медицинска техника за визуелизација на внатрешноста, или луменот на крвните садови во телото, со посебен интерес кон артериите, вените и коморите од срцето. Ова традиционално се прави со инјектирање на радио-контрастно средство во крвните садови и добивање на слика со помош на техники кои користат Х-зраци.

Самиот апарат – Ангиограф овозможува користење на оваа техника за визуелизација на различни крвни садови и затоа оваа техника може да биде:

1. Коронарна ангиографија – визуелизација на коронарните артерии

2. Невроваскуларна ангиографија – визуелизација на крвните садови во мозокот

3. Периферна ангиографија – визуелизација на периферните крвни садови (крвни садови на екстремитетите).

Важно е да се истакне дека покрај визуелизацијата односно дијагностичката примена на ангиографот, истиот има и терапевтска односно интервентна намена. Станува збор за поставување на стентови – стентирање во случаеви на присутна стеноза кај артерија како и коил-емболизација кај аневризми и артериско-венски малформации на крвните садови на мозокот, постапки кои се итни и се изведуваат во текот на прегледот.

Од друга страна, кардиохируршките операции се едни од најсложените хируршки интервенции. Бројот на болни кои имаат потреба од кардиохируршка интервенција е во постојан пораст. Како кардиохируршки интервенции се подразбираат интервенциите на отворено срце помеѓу другите реконструкција на срцеви залистоци, замена на срцеви залистоци, аорто – коронарен бајпас и ред други интервенции помеѓу кои врвот го зазема трансплантацијата на срце од кадаверичен дарител.

Како и секоја друга гранка од хирургијата, кардиохирургиијата бара искусен тим од кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, кардиолози и среден персонал (инструментарки, медицински сестри, анестетичари, перфузионисти).

Со цел навремено дијагностицирање и третман на кардиолошките заболувања кај педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во развојот на педијатриската кардиохирургија и интензивна нега. Воведувањето на педијатриската кардиохирургија и интензина нега е неопходно во Република Македонија, од причина што значителен број пациенти се упатуваат во странство, или пак доколку тоа не може да се направи за оптимално време, починуваат во Република Македонија, со што влијаат на доенечкиот морталитет, еден од главните индикатори за нивото на здравствена грижа во одредена земја.

Преку соработката со тимот на педијатриските кардиохирурзи од Америка, тимот при Институтот за здравствена заштита на мајки и деца, Белград, Србија, Клинички Центар Србија, Белград, Болница Звездара, Белград и други установи, се намалува бројот на интервенции на деца кои се лекуваат во странство, а воедно и се едуцира македонскиот тим. Тимот за неонатална кардиохирургијае составен од: кардиохирурзи, анестезиолози, интензивисти, интернисти, медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега.

Со овие интервенции се врши трансфер на know-how на нашиот тим за неонатална кардиохирургија, со што овие интервенции во иднина би ги вршеле самостојно нашите специјалисти во Република Македонија.

За зајакнување на нивото на потребното знаење на населението, со акцент на лица со постоење на фамилијарна историја на КВЗ, ќе се одржат едукативни работилници за потенцирање на ризикот и последиците од КВЗ како и начините за нивна успешна превенција со практикување на здрав животен стил. Ќе се спроведуваат и тренинзи на млади лекари за епидемиологијата на КВЗ, економскиот товар на овие заболувања врз јавно здравствениот буџет како и неопходната потреба од имплементација на мерките за нивно превенирање т.е. ефикасно рано спречување како и нивно редовно пријавување.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главни цели на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2017 година се:

- Превенција на факторите на ризик;
- Навремено препознавање на КВБ;
- Намалување на смртноста и инвалидитетот;
- Одржување на семинари/работилници со презентирање на најновите сознанија во превенцијата, патологијата и лекувањето на КВБ;
- Едукацијата на тимот од државната кардиохирургија од страна на едукатори кои со своето искуство и знаење ќе го надоградат и пренесат на останатите инволвирани колеги. Тимот се состои од специјалисти по кардиохирургија и анестезија и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки и перфузионисти);
- Едукација на здравствените работници од јавнитездравствениустановиод Република Македноијакадешто е набавенангиограф, од страна на тимот кој е составен од доктори (интернисти, кардиолози, радиолози и интензивисти) и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки и радиолошки технолози)

- Едукација на нашиот тим за неонатална кардиохирургија од страна на тимот кој е составен од доктори (кардиохирурзи, анестезиолози, интензивисти, интернисти) и среден медицински персонал (медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега)
- Обезбедување поддршка на професионалците почесто практикување на ендоваскуларни и васкуларни интервентни процедури преку обезбедување едукација и специфичен потрошен материјал кој се користи во овие процедури;
- Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот ин¬фаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години;

- Подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво;
- Подобрување на квалитетот на живот кај пациентите со кардиоваскуларни болести
- Зајакнување на здравствениот систем на Република Македонија, како би бил во состојба да одговори на се поголемото оптеретување на населението со кардиоваскуларни болести.

III. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на активностите на Програмата се:
- Министерство за здравство
- Универзитетската клиника за кардиологија – Скопје
- Универзитетската клиникадржавна кардиохирургија –Скопје
- Универзитетска клиника за радиологија – Скопје
- Универзитетска клиника за неврохирургија – Скопје
- ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје
- Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје
- Универзитетска клиника за детски болести – Скопје
- Медицински факултет Скопје
- Општи, клинички и специјални болници
- Здравствени домови
- Избрани лекари на примарно ниво на здравствена заштита
- Институт за јавно здравје – Скопје
- Центри за јавно здравје
- Професионални здруженија и невладини организации
- Државен завод за статистика

Медицинскиот потрошен материјал за ендоваскуларните и васкуларни интервентни процедури ќе ги набавува Министерството за здравство врз основа на јавна објава, а дистрибуирањето до јавните здравствени установи извршители на активностите, врз основа на доставената потреба за извршување на здравствените услуги или процедури, ќе ги обезбедуваат добавувачите кои ќе бидат избрани како најповолни на јавниот повик. Јавните здравствени установи, извршители на здравствените услуги ќе водат евиденција за пациентите и дадената терапија. Видот на материјалот е специфициран согласно потребите за интервенциите – коили, жици и катетри за церебрални крвни садови, балони, интродјусери и конектори, неуростентови и балони, сетови за аспираciска тромбектомија и други потребни потрошни материјали.

IV. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАНА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести во Република Македонија за 2017 година потребни се следните средства:

	Активност	Реализатори	Износ
1.	Формирање и одржување на база на податоци за пациентите кои се опфатени со рехабилитационитот третман	Универзитетска клиника за кардиологија Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања	30.000,00
2.	Одржување на семинари/работилници со референтните кардиолози со цел запознавање со новите индикации за имплементација на сите типови на пејсмејкери и ехокардиографија низ Републиката	Универзитетска клиника за кардиологија Македонско лекароко друштво	20.000,00
3.	Обука за ракување со дефибрилатор	Универзитетска клиника за кардиологија	50.000,00
4.	Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државната кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија.	Министерство за здравство Универзитетска клиника за државна кардиохирургија	12.900.000,00
5.	Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој континуирано работи на развојот на кардиолошката мрежа и ставање во функција на ангиосалите во повеќето јавни здравствени установи во Република Македонија	Министерство за здравство Градска општа болница „8-ми Септември" Клиничка болница Тетово Клиничка болница Битола Клиничка болница Штип Општа болница Струмица	2.000.000,00
6.	Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот на педијатриски кардиохирурзи од Америка, Институтот за здравствена заштита на мајки и деца, Белград, Србија, Клинички Центар Србија, Белград, Болница Звездара, Белград кои континуирано ги воведуваат и развиваат неонаталните кардиохируршки интервенции и интензивната нега	Министерство за здравство Универзитетска клиника за детска хирургија Универзитетска клиника за детски болести	3.000.000,00
7.	Обезбедување на медицински потрошен материјал за ендоваскуларните и васкуларни интервентни процедури – механички тромбектомии и емболизација на церебрални аневризми	Универзитетска клиника за радиологија Универзитетска клиника за неврохирургија Градска општа болница „8-ми Септември"	3.000.000,00
8.	Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крварење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години	Јавни здравствени установи во Република Македонија	2.000.000,00
	ВКУПНО:		23.000.000,00

V. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Јавните здравствени установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 31.1.2018 година да достават до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2017 година, предвидени со оваа програма.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година во вкупен износ од 23.000.000,00 денари, од кои 5.000.000,00 денари од основниот буџет и 18.000.000,00 денари од Буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Со програмата ќе се врши и исплата на неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2016 година.

VII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари.2017 година.

Бр. 42-7816/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4407.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Цели на Програмата

Општа цел

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност преку координирано спроведување на есенцијалните јавно-здравствени функции врз основа на дефинираните приоритети идентификирани преку редовен мониторинг на нивната здравствената состојба, со посебен фокус на ранливите групи население и со почитување на принципот на еднаква достапност до сите на кои им е услугата потребна.

Специфични цели

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита
2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнателен и во доенечкиот период, со фокус на ранливите групи жени (жени Ромки, жени од руралните подрачја)
3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите групи жени
4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца
5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на сите релеванатни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајките и децата особено во намалувањето на бариерите и зголемувањето на достапноста на услугите

II. Мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбите

1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:

- Стручно- методолошки надзор- теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромските здравствени медијатори;
- Функционирање на Државен центар за репродуктивно здравје; Стручно-методолошка помош од страна на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство на породилиштата низ државата; Изработка на софтвер за внес на податоци и Подготовка на Перинатален Извештај.
- Евидентирање на податоци за секоја смртност на доенче и родилка од страна на здравствените установи и достава до Државен центар за репродуктивно здравје;
- Собирање, обработка и анализа на доставените податоци од породилиштата за перинатална грижа од страна на Државен центар за репродуктивно здравје во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца и задолжително доставување на квартални извештаи до Комитетот за безбедно мајчинство при Министерство за здравство.

2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување:

Едукација на населението и промотивни кампањи

- Промоција на Европската недела на имунизација, вклучително локални активности фокусирани на ромските заедници и руралните средини,
- Промоција на Светската Недела на доење

Психофизичка подготовка на бремени

- Организирање на јога вежби за бремени

3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:

- јакнење на капацитети на Општа болница - Струмица со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на Општина Ново Село,
- јакнење на капацитети на СГАБ Чаир - Скопје со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на Општина Шуто Оризари,
- -Регионални работилници за патронажната служба и Ромските здравствени медијатори за семејно планирање со цел јакнење на нивните капацитети за информирање и советување на жените во репродуктивен период за значењето и бенефитот од семејното планирање како дел од безбедното мајчинство со акцент на жените кои имаат отежнат пристап, (жените од руралните подрачја, жените Ромки);
- Регионални работилници за здравствени работници – од превентивните тимови и од породилиштата за советување за доење.

4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:

- Спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија,
- Детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација кај 2000 деца кои амбулантски и хоспитално се третираат на Клиника за детски болести.

5. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница

- Одржување на работилница за претставување на активностите на оваа програма, за мајки и деца на потенцијалните партнери во реализација на оваа програмата особено во работата со ранливите групи до кои е потешко да се пристапи,
- одржување на координативни состаноци со претставници од единиците на локалната самоуправа, граѓански здруженија, претставници на ромски заедници, ромски невладини организации, женски организации, Организацијата на Обединетите нации, УНФПА, Светската здравствена организација и УНИЦЕФ.

III. Очекувани резултати

Со целосно реализирање на активностите предвидени со оваа програма се очекува постигнување на следните резултати:

1. Идентификирани приоритети за делување базирани на континуирано и ефикасно следење на здравствениот статус и обемот на здравствена заштита на мајките и децата,
2. Унапредени животни стилови и подобрено здравствено однесување од аспект на безбедното мајчинство, со фокус на ранливите групи жени и деца (зголемен процент на жени кои имаат избрано матичен гинеколог, зголемен процент на мајки кои дојат ексклузивно, одржување на висок опфат со имунизација, навремена и редовна антенатална и постнатална заштита и др),
3. Подобрен пристап и квалитет на здравстените услуги за мајките и децата, со фокус на ранливите групи жени и деца,
4. Намалени бариерите и зголемена достапност до услуги преку зајакнато партнерство и соработка во заедницата,
5. Унапредено здравјето на децата, доенчињата и жените во репродуктивен период и намалени разлики кај поедини ранливи групи мерено преку индикаторите за морбидитет, морталитет и искористеност на здравствените услуги.

IV. Потребни финансиски средства за реализација на Програмата

Табела 1. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма

	Активности	Извршител	Количина	Цена	Вкупно
1.	Тиреоиден скрининг на сите новородени деца	Универзитетска клиника за детски болести	25.000	120,00	3.000.000,00
2.	Детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација	Универзитетска клиника за детски болести	2.000	/	2.000.000,00
3.	Фолна киселина за секоја бремена	Министерство за здравство - здравствени домови	25.000	/	120.000,00
4.	Државен центар за репродуктивно здравје Национален координатор (12x6.000 денари) 25 медицински сестри /акушерки во породилишта за внесување на податоците (12x3.000 денари за секоја акушерка/медицинска сестра) Изработка на Софтвер	Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство и породилиштата низ државата 16 Општи болници вклучувајќи ги и приватните породилишта	1	1.000.000,00	1.000.000,00
5.	Зајакнување на капацитети на Општа болница Струмица со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на Општина Ново Село	Општа болница Струмица	48 недели	5.000	240.000,00

6.	Зајакнување на капацитети на СГАБ Чаир- Скопје со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на Општина Шуто Оризари	Специјална гинеколошко акушерска болница-Чаир	48 недели	5.000	240.000,00
7.	Регионални работилници (30 слушатели) за патронажната служба и Ромски здравствени медијатори за семејно планирање и антенатална грижа	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје	2	10.000,00	20.000,00
8.	Регионални работилници за здравствени работници – од породилиштата за советување за доење	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје,Комитет за доење	2	10.000,00	20.000,00
9.	Стручно- методолошки надзор- тересни посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромски здравствени медијатори	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје	4	5.000,00	20.000,00
10.	Промоција на Европската недела на имунизација	Министерство за здравство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца	1	20.000,00	20.000,00
11.	Промоција на Светската недела на доењето	Министерство за здравство,Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца	1	20.000,00	20.000,00
12.	Организирање на јога вежби за трудници	Министерство за здравство, Спортски центар Борис Трајковски	/	150.000,00	150.000,00
13.	Организирање на јога вежби за трудници во четири града низ државата	Министертсво за здравство Јога сојуз на Македонија	/	150.000,00	150.000,00
14	Бесплатни прегледи во тек на бременост бесплатно породување за неосигурени бремени	Министерство за здравство, јавни здравствени установи низ државата	/	3.500.000,00	3.500.000,00
	Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија				9.000.000,00
	Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство				1.500.000,00
1-15	Вкупно				10.500.000,00

V. Финансирање

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година. Направените долгови кон извршителите за 2016 година ќе бидат исплетни во тек на 2017 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство квартално на извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Извршители на Програмата

Извршители на оваа програма се Министерството за здравство, Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетската клиника за детски болести - Скопје, Ромските здравствени медијатори, Државниот центар за репродуктивно здравје и други партнерски организации, Светската здравствена организација, УНФПА, УНИЦЕФ.

Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)

Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за здравство.

VI. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7817/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4408.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ/СИДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Вовед

Оваа програма ќе се спроведе согласно со предвидените стратешки насоки и препораките од организациите на Обединети Нации. Оваа програма ќе продолжи да финансира компоненти од Националната Стратегија за превенција од ХИВ/СИДА, кои досега не беа финансирани со Програмата за ХИВ/СИДА во Република Македонија, подржана со Глобален Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија. Во исто време, оваа програма ќе започне со финансирање на компоненти од Стратегијата за кои Република Македонија се обврзува да превземе дел од финансирањето на програмата за ХИВ/СИДА финансирана од Глобалниот Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, пред се во делот на интервенциите насочени кон групите под најголем ризик. Во тој контекст Министерството за здравство ќе ја продолжи долгогодишната соработка со Граѓанските организации кои работат со популации изложени на најголем ризик од ХИВ и лицата кои живеат со ХИВ.

II. Моментална состојба

Стапката на преваленцата на ХИВ се задржа на ниско ниво во Република Македонија вклучувајќи ја и преваленцата помеѓу популациите за кои се смета дека е под најголем ризик. До декември 2015 година, вкупно 270 лица се регистрирани како случаи на ХИВ/СИДА.

Во последните години се бележи пораст во бројот на случаи на ХИВ кај мажи кои имаат секс со мажи (МСМ), речиси 80% од сите регистрирани случаи се од машки пол, а 86,6% се лица кои живеат во град и 13,4% во село.

Повеќе од една половина од случаите се пријавени во последниве 8 години. Дел од зголемениот број на регистрирани лица може да се објасни и со зголемената достапност на службите за доброволно доверливо советување и тестирање (ДДСТ) во земјата, воспоставени во 10-те Центри за јавно здравје и мобилните ХИВ ДДСТ служби зајакнати преку грантот од Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија.

III. Цели на Програмата

Оваа програма ги структурира активностите според следните стратешки цели од Националната стратегија за превенција од ХИВ/СИДА и тоа:

1) Координација и развивање на капацитети;

2) Собирање и употреба на стратегиски информации;

3) Превентивни стратегии и активности за целни групи и популации под најголем ризик;

4) Обезбедување на третман, грижа и психосоцијална подршка на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА.

1) Координација и развивање на капацитети

Координација и развивање на капацитети опфаќа задачи поврзани со планирањето на програмските активности: подготовка и избор на организации за имплементација на програмата и прибирање, анализа и одобрување на годишни работни планови со буџети на сите чинители кои ја имплементираат програмата за ХИВ/СИДА, континуирана едукација на здравствените работници и лицата вклучени во имплементација, како и нивно редовно следење и проценка во текот на целата година:

Имплементатори на задачите во оваа стратешка област се:

- Институтот за јавно здравје на Република Македонија;
- Центри за јавно здравје (Скопје, Тетово, Куманово, Охрид, Велес, Битола, Кочани, Струмица, Штип и Прилеп);
- Универзитетска Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби;
- Институт за епидемиологија при Медицински факултет Скопје;
- Комисија за ХИВ/СИДА.

2) Собирање и употреба на стратегиски информации

Собирање и употреба на стратегиски информации опфаќа спроведување на научни истражувања, задачи поврзани со прибирање и обработка на стратегиски информации врз основа на кои се имплементира програмата, како и за идно планирање на интервенциите во согласност со епидемилошките и бихејвиоралните податоци:

Имплементатори на задачите во оваа стратешка област се:

- Единицата на Глобал Фонд која е одговорна за развивање методологија, теренско истражување анализа на податоците и подготовка на извештаи, во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Македонија и Институт за епидемиологија при Медицински факултет Скопје.

3) Превентивни стратегии и активности за целни групи и популации под најголем ризик и млади

Превентивни стратегии и активности за целни групи и популации под најголем ризик опфаќа задачи за превенција на ХИВ/СИДА помеѓу групите под најголем ризик и кај младата популација. Со цел да се обезбеди подобра достапност и опфат, превентивните активности насочени кон популациите изложени на најголем ризик од ХИВ ќе продолжат да се спроведуваат во соработка со здруженија кои работат со овие популации. Приоритет на оваа програма е подобрување на опфатот со доброволно советување и тестирање, но и на дистрибуција на средства за превенција и едукација.

Задачи на јавно здравствените установи од кои дел ќе се реализираат во рамките на постоечките буџети на јавните здравствени установи:

- Вршење на доброволно и доверливо советување и тестирање (ДДСТ) на лица, со цел да се утврди инфекција со ХИВ вирусот;
- Дефинитивна лабораториска дијагноза за носителство на ХИВ за дефинитивна конфирмација;
- Тренинг на студентската популација за надминување на стигмата и дискриминацијата кон лицата со ХИВ/СИДА/ХЦВ како и за важноста од надминување на оваа појава
- Спроведување на истражувачка студија под назив "Анализа на ХИВ/СИДА/ХЦВ стигмата и дискриминацијата во здравствените средини"
- Спроведување на стручни предавања во училиштата за превенција на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции помеѓу младата популација.
- дистрибуција на кондоми и лубриканти кај ризични целни групи и популации под најголем ризик и млади.Изработка, печатење и дистрибуција на флаери и друг едукативен материјал потребно е да се заврши најдоцна до месец март 2017 година. Истите да се подготвуваат во координација со Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Имплементатори на задачите во оваа стратешка област се:

- Институтот за јавно здравје на Република Македонија;
-Центри за јавно здравје (Скопје, Тетово, Куманово, Охрид, Велес, Битола, Кочани, Струмица, Штип и Прилеп);
- Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни болести;
-Институт за епидемиологија при Медицински факултет - Скопје
- Граѓански сектор кој е вклучен во програмата на Глобал Фонд.

4) Обезбедување на третман, грижа и психосоцијална подршка на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА

Обезбедување на третман на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА ги опфаќа следните задачи:

Задачи на Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

- Набавка на антиретровирусна терапија за лицата кои живеат со ХИВ/СИДА и тестови за следење на ХИВ инфекцијата според доставените побарувања за терапија од Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби;
-Администрирање на антиретровирусна терапија за лицата кои живеат со ХИВ/СИДА
- Обезбедување на психо-социјална поддршка на лицата кои живеат со ХИВ

Во обезбедувањето на психо-социјална поддршка за лица кои живеат со ХИВ ќе бидат вклучени и здруженија кои работат со оваа популација, со дел од средства кои веќе се обезбедени од програмата на Министерството за здравство преку Глобалниот фонд за борба против СИДА туберкулоза и маларија.

Имплементатор на задачите во оваа стратешка област е:

- Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби
- Здруженија кои работат со лица кои живеат со ХИВ

IV. Мерки кои треба да се превземат за одржување и подобрување на состојбите

Со цел да се задржи состојбата на ниска преваленција на ХИВ во земјата, потребна е континуирана имплементација на Националната Стратегија за ХИВ/СИДА во однос на предвидените работни планови. Активностите од овие планови треба да се финансиски подржани од тековната апликација добиена од Глобалниот фонд за ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, како и од оваа програма.

Мерките и активностите се насочени кон:

- Превенција на ХИВ трансмисија кај лицата кои инјектираат дроги
- Превенција на ХИВ трансмисија кај сексуални работници
- Превенција на ХИВ трансмисија кај мажи кои имаат секс со мажи
- Превенција на ХИВ трансмисија кај осудени лица
- Тестирање и советување
- Дистрибуција на кондоми, лубриканти и едукативни материјали
- Сексуално преносливи инфекции – дијагноза и третман

V. Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) - Табела 1

Бр.	Активност	Извршител	Количина	цена	вкупно
1.	Набавка на антиретровирусна терапија за лицата кои живеат со ХИВ/СИДА и тестови за следење на ХИВ инфекцијата	Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	1	10.000.000,00	10.000.000,00
2.	Обезбедување на психо-социјална поддршка на лицата кои живеат со ХИВ	Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	12	25.000,00	300.000,00
3.	Спроведување на повик за соработка со здруженија согласно изработени стандарди и формиран регистар на здруженија како имплементатори на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА.	Министерство за здравство	1	30.000,00	30.000,00
4.	Вршење на доброволно и доверливо советување и тестирање (ДДСТ) на лица, со цел да се утврди инфекција со ХИВ вирусот	Институтот за јавно здравје на Република Македонија	200	500,00	100.000,00
5.	Вршење на доброволно и доверливо советување и тестирање (ДДСТ) на лица, со цел да се утврди инфекција со ХИВ вирусот	10 Центри за јавно здравје	500	500,00	250.000,00
6.	ДСТ кај новооткриени пациенти со туберкулоза	Институтот за јавно здравје на Република Македонија	250	500,00	125.000,00
7.	Дефинитивна лабораториска дијагноза за носителство на ХИВ за дефинитивна конфирмација	Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	20	5.000,00	100.000,00
8.	Дефинитивна лабораториска дијагноза за носителство на ХИВ за дефинитивна конфирмација	Институтот за јавно здравје на Република Македонија	20	5.000,00	100.000,00
9.	Спроведување на стручни предавања во училиштата за превенција на ХИВ/СИДА и СПИ помеѓу младата популација	10- Центри за јавно здравје	300 предавања	3.000,00	900.000,00
10.	Активности за превенција на ХИВ помеѓу МСМ, СР и ЛИД и активности за грижа и поддршка на лицата коишто живеат со ХИВ –намалување на штети	Здруженија	1	7.300.000,00	7.300.000,00
11.	Активности за превенција на ХИВ кај популации изложени на најголем ризик од ХИВ – ДСТ, едукации	Здруженија	1	7.300.000,00	7.300.000,00
12.	Тренинг на лекарите од примарна и секундарна здравствена заштита за надминување на дискриминацијата и диспаритетите кон лицата со ХИВ/СИДА/ХЦВ како и за важноста од надминување на оваа појава.	Институт за епидемиологија – Медицински факултет	5 работилници /опфатени 125 партиципанти	40.000,00	200.000,00
13.	Спроведување на истражувачка студија под назив "Перцепцијата на генералната популација за неправедностите и диспаритетите при остварувањето на здравствената заштита на лицата со ХИВ/СИДА/ХЦВ".	Институт за епидемиологија – Медицински факултет,	Спроведена студија	295.000,00	295.000,00
	Средства обезбедени од основниот Буџет				7.000.000,00
	Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство				20.000.000,00
1-13	**Вкупно**				27.000.000,00

VI. Финансирање (извори на обезбедување на средствата – Буџет на Република Македонија донации и други извори)

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 27.000.000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од основниот Буџет на Република Македонија за 2017 година, од кои 7.000.000,00 денари од основен буџет, 20.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство за одредени активности наведени во табелата, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките буџети на јавните здравствени установи. Направените долгови кон извршителите за 2016 година ќе бидат исплатени во тек на 2017 година.

За потребите на финансирањето на имплементацијата на Националната Стратегија за ХИВ/СИДА на Република Македонија, за фискалната 2017 година се обезбедени средства од грантот подржан од Глобалниот фонд за ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија (Табела 2), според следната динамика на употреба на средствата:

Средства - донација за ХИВ/СИДА кои се обезбедени од страна на Глобален

Фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија - Табела 2

Табела 2

опис на буџетска категорија	износ во МКД
Стоки и услуги	38.209,000,00
Капитални расходи	8.556,000,00
ВКУПНО за 2017 година:	**46.765,000,00**

VII. Извршители на Програмата

Извршители на оваа програма се Министерство за здравство, Комисијата за ХИВ/СИДА, Институтот за јавно здравје на Република Македонија, Центрите за јавно здравје, Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Институт за епидемиологија при Медицински факултет Скопје, здруженија.

VIII. Доставување на Годишни извештаи и рокови

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство, квартално на јавните здравствените установи извршители на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури со уредно пополнети извештаи за имплементација на активностите, поддржани со останати материјали (фотографии, аудио и видео снимки, написи, списоци на учесници, докази за извршена набавка, договори и друго).

IX. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евулација)

Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за здравство во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година .

Бр. 42-7818/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4409.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I
ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на оваа програма со терапија и лекови кои досега се применувани во лекување на некој од ретките болести се очекува дека за 2017 година ќе бидат потребни средства во вкупен износ од 210.000.000,00 денари:

Активности	Вкупен износ
Лекување на пациенти со ретки болести без разлика на статусот на осигурување	210.000.000.00
Вкупно:	210.000.000.00

II
ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 50.000.000,00 денари кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година и 160.000.000.00 денари обезбедени од сопствени приходи на Министерство за здравство.

III
ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство врз основа на јавна објава, а дистрибуирањето до јавните здравствени установи извршители на активностите, врз основа на доставена потреба за спроведување на терапијата, ќе ги обезбедуваат добавувачите кои ќе бидат избрани како најповолни на јавниот повик, додека јавните здравствените установи кои се извршители на активностите задолжително ќе водат евиденција за пациентите и дадената терапија.

IV
СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Министерството за здравство го следи спроведувањето на оваа програма и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

V
ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Јавните здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 31.01.2018 година да достават до Министерството за здравство годишни извештаи за реализираните мерки и активности во 2017 година, предвидени со оваа програма.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7819/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4410.

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 8 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

1. БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Пациентите со хроничната бубрежна инсуфициенција мора да се лекуваат со хемодијализа за нивното оспособување за вршење на секојдневните активности.

Со средствата од оваа Програма се обезбедува здравствена заштита за лицата кои се опфтени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки, како и терцијарна превенција кај лицата со хемофилија.

Согласно горенаведената Спогодба, во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга се дијализираат 20 странски државјани кои се на хроничната дијализна програма.

2. ПРЕВЕНЦИЈА НА КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Доколку овие лица адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив може да настанат сериозни компликации.

Според податоците на Центарот за хемофилија при Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија, регистрирани се 211 лица со хемофилија А и 104 лица со хемофилија Б (вкупно 315 лица).

Светската федерација за хемофилија препорачува лекување со концентрат на фактор VIII или IX. Ран третман на крварењата (во првите два часа) ја намалува потрошувачката на концентратите на коагулациските фактори, како и потребата од болничко лекување.

Покрај активностите за лекување на лицата со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап. Целта е подобрување на состојбата на овие лица преку рано препознавање и навремено лекување, нивна едукација и едукација на нивните семејства и други активности. Затоа Центарот за хемофилија при ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина заедно со НВО ги проширува досегашните активности со цел да прерасне во Центар за сеопфатна грижа.

2.1	Потребни средства за секундарна и терцијарна превенција на хемофилијата	500.000,00

Рекапитулар	*Денари*
Потребни средства за дијализа за 20 лица-странски државјани кои се опфтени со Спогодбата	10.000.000,00
Потребни средства за секундарна и терцијарна превенција на хемофилијата	500.000,00
Пациенти со хронична буврежна инсуфициенција кои мора да се лекуваат со хемодијализа за нивното оспособување за вршење на секојдневните активности	500.000,00
Вкупно средства од основниот буџет	**11.000.000,00**
Вкупно средства од буџет на самофинансирачки активности	**2.000.000,00**
ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА:	**13.000.000,00**

Исплата на неизмирени обврски за реализирани активности во 2016 година.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2017 година ќе се реализира во обем и содржина согласно одобрените средства од основен буџет, во висина од 11.000.000,00 денари и 2.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршител на Програмата се здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа и ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина.

НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Во прилог на фактурите здравствената установа има обврска да достави пресметка, за секој пациент поединечно соодветно на цената на услугата која е предвидена во Програмата.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на Програмата, најдоцна до 10 во месецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности, а најдоцна до 15 февруари 2018 и годишен извештај за реализирани активности за 2017 година до Министерството за здравство.

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли најмалку на секои три месеци во јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности согласно оваа програмата.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7820/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4411.

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13. 164/13.39/14. 43/14, 132/14, 184/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

ВОВЕД

Проблемите во менталното здравје стануваат се поочигледни во светот.Тие претставуваат сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици по поединецот, семејството и општеството во целост.

Овие заболувања имаат економско влијание на општеството и големо влијание на квалитетот на животот како на поединците, така и на нивните семејства, а стануваат се поочигледни како во светот така и кај нас.

Околу 20% од вкупниот број на пациентите во примарната здравствена заштита имале едно или повеќе ментални заболувања. До 2020 година се очекува процентот на менталните заболувања да се зголеми до 50 %.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

Значаен момент е и трендот на сè поголем број случаи на суицид во Република Македонија.

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

1) Згрижување и лекување на на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд „задолжително лекување и чување во психијатриска установа“

Во психијатриските болници се лекуваат 130 лица со изречена судска мерка. За овие пациенти болниците не се во можност да обезбедат средства и согласно Законот за извршување на санкции, трошоците за здравствената заштита на овие лица ги обезбедува Министерството за здравство преку соодветна програма.

2) Обезбедување на партиципација за дневно болничко лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје

Во Република Македонија приближно 700 душевно болни пациенти се лекуваат дневно-болнички во следните центри за ментално здравје:

- 3 (три) Центри за ментално здравје на територијата на Град Скопје во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ УК за психијатрија Скопје
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ КБ Тетово
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ ЗД Струмица
- Центар за ментално здравје во рамнки на ЈЗУ ОБ Гевгелија
- Центар за ментално здравје Демир Хисар во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар
- Центар за ментално здравје Прилеп во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар

3) Развој на Центрите за ментално здравје како вонисниституционална форма на лекување

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек, т.е. периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

Поради наведените состојби, во изминатиот период, третманот на овој сериозен социо-медицински проблем беше скоро целосно препуштен на медицинските, т.е. психијатриските институции и се одвиваше на товар на здравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати. Имено, долготрајниот болнички третман во психијатриските установи, во изминатиот период, од една страна беше поврзан со значителни финансиски средства кои претежно беа на товар на здравственото осигурување, а од друга страна придонесуваше долготрајно болнички третираните лица да бидат дополнително стигматизирани, маргинализирани и социјално исклучени. Ваквата хоспитализација предизвикуваше и дополнително влошување на здравствената состојба.

Ваквиот пристап се покажа како недоволно ефикасен, економскине оправдан и не успеа да обезбеди похуман пристап и третман на лицата со душевни растројства во нивната социјална средина.

Следејќи ги и препораките на СЗО, во Република Македонија се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н. Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен се опфатен дневноболнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, на времено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во план е и отварање на нов Центар за ментално здравје во Град Битола, кој ќе функционира во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

4) Обезбедување на средства за здравствените домови каде функционираат центри за депресија

5) Превземени обврски од Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства за 2016 година.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цели на оваа програма се:

- обезбедување на здравствена заштита и згрижување на пациентите кои се со од надлежен суд суд изречена мерка „задолжително лекување и чување“
- обезбедување на здравствена заштита на близу 700 пациенти кои се лекуваат во Центрите за ментално здравје низ републиката
- развивање на различни форми на вонинституционално и вон болничко лекување.
- подобрување на системот за брзо препознавање на депресијата кај младата и средовечна популација и превземање на мерки за намалување на стапката на самоубиства во Република Македонија во прв ред преку работење на центрите за депресија

МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Активностите во оваа програма претставуваат:

1) Лекување и згрижување на пациентите кои се со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“, вкупно 130 и се наведени погоре во текстот од кои: 60 пациенти воЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, 40 во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ Скопје и 30 во ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“ - Гевгелија). Со оглед на фактот дека бројката на лицата со изречена мерка од суд “задолжително лекување и чување“ не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

2) Обезбедување на средства за партиципација при лекувањето на пациентите во центрите за ментално здравје,

3) Активности за навремено дијагностицирање на депресијата и намалување на стапката на самоубиства

- Функционирање на регионалните центри за депресија во рамки на здравствените домови

4) Организациски активности за отварање на нови Центри за ментално здравје низ републиката (во Град Битола и во Град Кичево, во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар). Овие активности се во надлежност на Министерството за здравство и не побаруваат финасиски средства.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават пресметка за секој пациент поединечно и листа на референтни цени на услуги на ФЗОМ согласно кои е извршено фактурирањето за оние услуги кои се предвидени со програмата.

Извршители на Програмата се: Универзитетската клиника за психијатрија, Психијатриските болници и останатите здравствени установи кои имаат психијатриски одделенија или Центар за ментално здравјево својот состав, како и Јавните здравствени установи каде функционираат центрите за депресија и тоа:

1) Здравствените установи кои ги лекуваат лекуваат лицата со изречена мерка „задолжително лекување и чување“ (ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ Скопје, ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“ - Гевгелија и ЈЗУ Психијатриска болница „Демир Хисар“).

2) Јавните здравствени установи кои имаат центар за ментално здравје како организациона единица

3) Јавните здравствени установи каде функционираат центри за депресија

4) Универзитетската клиника за психијатрија, Здружение на психијатри на република Македонија и Здружение на психолози на Република Македонија

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

1) Финансиските трошоци за обезбедување на болничка здравствена заштита на душевно болните лица кои се со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“ опфаќаат:

- болнички ден (сместување и исхрана во стандардни болнички услови) за стационарни пациенти.
- лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки.
- лекови кои се наоѓаат на болничката листа,
- потрошен материјал за ординирање на терапијата
- психосоцијален третман на пациентите како и
- помош и нега на пациентите

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават пресметка за секој пациент поединечно и листа на референтни цени на услуги на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, согласно кои е извршено фактурирањето за оние услуги кои се предвидени со програмата.

Здравствените установи кои се извршители на овие активности од Програмата, најдоцна до 15.1.2018 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2017 година.

2) Финансиските трошоци плаќање на партиципација за лекување на пациентите кои ги посетуваат центрите за ментално здравје.

3) Финансиски трошоци за активностите за навремено дијагностицирање на депресијата

4) Финансиски трошоци за подмирување на заостанатите обврски од Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2016 година

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2017 година потребни се следните средства:

		Износ
1.	Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување)	36.700.000,00
2.	Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје	2.000.000,00
3.	Средства за ЈЗУ каде функционираат центри за депресија	300.000,00
	ВКУПНО:	39.000.000,00

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година во висина од 39.000.000,00 од кои 24.000.000,00 денари од основниот буџет и 15.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпоче да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7821/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4412.

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 5 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Употребата и злоупотребата на различни психоактивни супстанци, легални и нелегални дроги, негативно се рефлектира на севкупното живеење и функционирање на индивидуален, професионален, семеен и социјален план, предизвикувајќи големи страдања и загуби.

Особено загрижувачко е постојаното намалување на просечната возраст на злоупотреба на недозволени дроги и возраста на започнување.

Според достапните извори на податоци се претпоставува дека во Република Македонија вкупниот број на лица што употребуваат дроги е повеќе од 20.000-30.000 лица, а во рамките на која се и 6.000-8.000 зависници од хероин со сериозни здравствени и социјални проблеми. На ниво на град Скопје според проценката на Институтот за јавно здравје има 3600 (3200-4000) лица кои инјектираат дроги.

Од легалните психоактивни супстанци во Република Македонија најчесто и најмасовно злоупотребуван е алкохолот. Се смета дека околу 60.000 лица имаат проблеми поврзани со консумирање алкохолни пијалоци. Производите од алкохол се одговорни за околу 9% од вкупниот морбидитет во европскиот регион, зголемувајќи го ризикот за појава на хепатална цироза, одредени видови на карцином, хипертензија, инсулт и конгенитални малформации.

Социјално-медицинското значење на болестите на зависност се должи на следните каратеристики: широка распространетост на нивна употреба, последици по здравје на лицето кое ги употребува, високо учество во морбидитетот и морталитетот, телесно, душевно и социјално пропаѓање на личноста, инвалидитет, апсентизам, професионален и друг вид на травматизам, слаби можности за рано откривање и доцнење во започнување со терапија (од разни причини), потреба од долготрајно лекување, рехабилитација, ресоцијализација, проблеми во семејството и заедницата, економски и социјални последици од нивна употреба, повзраност со криминал и насилство, потреба од мултидисциплинарен и мултисекторски пристап во превенцијата на зависностите (со вклучување на низа структури во општеството) и друго.

МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Третманот на лицата зависни од алкохол актуелно е со доминантна психијатриjска ориентација и се одвива пред се во болнички услови, во трите големи психијатриски болници во државата (Скопје, Демир Хисар и Негорци), а се врши болнички и дневно-болнички на повеќе од 400 лица.

Третманот на лицата зависни од дроги е расположливо во рамките на националната мрежа во здравствени установи.

Системот на лекување вклучува дневно-болнички третман, болничко лекување, детоксификација и третман со супституција. Најголемиот дел од корисниците на дроги кои се лекуваат се на дневно-болнички третман, каде се нуди третман со супституција, психо-социјални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психо-терапија.

Во текот на 2016 година во овие установи со метадонска супституциона терапија беа вклучени 1382 пациенти (август 2016 година) во бесплатен државен програм. Во приватните здравствени установи бројот на третирани пациенти е околу 150 на метадонска супституциона терапија и овие пациенти самостојно се финансираат, односно не се дел од државаната програма за бесплатно лекување.

На Универзитетската Клиника за токсикологија – Скопје, во 2016 година беа опфатени 240 лица во третман на зависници од опиоиди со препаратот со генеричко име Бупренорфин, финансиран од Програмата на Министерството за здравство. Од ноември 2015 година со третман со бупренорфин започна и ЈЗУ Психијатриска болница Скопје со околу 20 пациенти. Во приватните здравствени установи бројот на третирани пациенти е околу 30 пациенти на терапија со бупренорфин и овие пациенти самостојно се финансираа, односно не беа дел од државаната програма за бесплатно лекување.

МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Во организирањето на терапевтските програми за лицата зависни од дроги, секогаш мора да се земе во предвид дека зависноста од дрога е комплексен социјален и (ментално) здравствен проблем со хроничен, рецидивантен и прогресивен тек.

Лекувањето на лицата зависни од дроги е долготраен процес во фази, кој дава оптимални резултати кога е био-психо-социјално ориентиран, направен според индивидуалните потреби и можности на лекуваните лица и спроведен од страна на мултипрофесионални тимови.

Со цел да се има соодветен одговор на потребите на целната група потребно е планирање и понатамошно проширување на мрежата на служби како и воведување на нови модели за лекување на лицата зависници од дрога, така што ќе се работи во согласност со начелата на медицината која се заснова врз докази со истовремено вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона терапија.

Начело на достапност и економичност - Зголемено покритие и достапност на ефективни, економични и различно профилирани служби и програми насочени кон одговорот на проблемите со користење на дрога, овозможени преку процесот на дисеминација, согласно актуелните потреби, со едновремено вмрежување во еден национален систем и координација на активностите на хоризонтално и вертикално ниво.

Искуството стекнато до сега ни кажува дека е потребна постојана едукација која треба да ја водат професионалци од релевантни институции и организации во земјата во врска со феноменот на дрога, како и јакнењето на партнерските односи меѓу јавниот и општествениот сектор.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин, со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности. Ефикасноста на супституционата терапија на одржување со метадон се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање.

Метадонските програми за одржување се економски оправдани и докажано ефикасни за поединецот-пациентот и за јавното здравје. Метадонските програми ги привлекуваат пациентите и пред сé ги чуваат во контакт со службите кои даваат и други услуги, како советување, социјални услуги и др.

Овие служби се засновани на принципите на мултидисциплинарност, со што овој проблем се третира не само како медицински туку и како општествен и проблем на заедницата.

Во рамките на овие служби функционираат тимови кои се состојат од медицински лица и тоа еден специјалист по психијатрија, еден општ лекар и две медицински сестри, како и социјален работник и психолог кои обезбедуваат соодветна психосоцијална поддршка, која е неопходна за одржување на стабилна состојба кај корисниците и го зајакнува мотивот за нивна натамошна вклученост во третманот.

Цел на програмата е на лицата што употребуваат дроги или се зависни од нив да им се пружи помош и подршка преку широко достапни, ефикасни, флексибилни и индивидуално прилагодени интервенции што ќе го подобрат нивното здравје и ќе им овозможат социјално созревање и функционирање, без нивно натамошно стигматизирање и маргинализирање.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ)

Напредок во однос на намалување на листи на чекање преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги и вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин. Со овие мерки, ќе се овозможи:

- постигнување апстиненција
- намалување на зачестеноста и острината на рецидивите
- намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опиоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема
- подобрување на физичкото и психолошкото здравје;
- намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога;
- овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието;
- унапредување на социјалното функционирање.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Третманот на зависноста од дроги и лекувањето во дневни болници и болничко лекување на за¬висници од алкохол и дрога над 30 до 90 дена и зависници - судски случаи претставува комбинација на: фармакотерапија (биолошка терапија – лекови, лекови за смирување на болки, за подобрување на апетитот, регулирање на расположението, сонот и др, лекови со слично дејство на дрогата), психотерапија која се спроведува во зависност од проценката на потребите на зависникот и семејството и социотерапија која претставува учење на социјални вештини за возобновување или подобрување на социјалното функционирање.

Согласно, доктринарните ставови и медицината заснована на докази, финансиските трошоци за обезбедување на дневно-болничка и болничка здравствена заштита на лицата со болести на зависности опфаќаат:

	ПАКЕТИ ЗА ЗАВИСНОСТИ И АЛКОХОЛИЗАМ	Цена на пакет услуги
1.	ПАКЕТ БР. 1	
	(Услуги од доктор и медицинска сестра) - вербална интервенција - земање анамнеза кај психички болен (хетероанамнеза) - опсервација (следење на пациент при одредување на терапија) - спремање и издавање на супституциона терапија - супервизија при пиење на терапија - мерење на витални знаци (пулс и крвен притисок) - писмен извештај	1300,00 денари
2.	ПАКЕТ БР. 2	
	(Услуги од психијатар, доктор и медицинска сестра) - психијатриски статус - вербална интервенција - земање анамнеза кај психички болен (хетероанамнеза) - опсервација (следење на пациент при одредување на терапија) - спремање и издавање на супституциона терапија - супервизија при пиење на терапија - мерење на витални знаци (пулс и крвен притисок) - писмен извештај	1600,00 денари
3.	ПАКЕТ БР. 3	
	(Услуги од доктор, психијатар, медицинска сестра, социјален работник или психолог) - вербална интервенција - земање анамнеза кај психички болен (хетероанамнеза) - опсервација (следење на пациент при одредување на терапија) - спремање и издавање на супституциона терапија - супервизија при пиење на терапија - мерење на витални знаци (пулс и крвен притисок) - теренска работа од социјален работник, писмени и телефонски јавувања или - психотерапевтска седница - писмен извештај	1900,00 денари
4.	ПАКЕТ БР. 4 Болничко лекување на пациенти	
	- болнички ден за стационарни пациенти (сместување и исхрана во стандардни болнички услови, лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки и психосоцијален третман на пациентите)	550,00 денари

Во цената на пакетите не се влезени скрининг тестовите, потрошниот медицински материјал за ординирање на терапијата, лековите и лабораториските испитувања, кои дополнително ќе се фактурираат со пакетите.

За реализација на мерките и активностите предвидени со оваа програма предвидени се средства за:

- обезбедување на метадон за 1378 лица и бупренорфин за 250 лица со болести на зависности
- лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 до 90 дена и зависници - судски случаи

Имајќи ги предвид ризиците од ХЦВ и потребите за итна превенција од понатамошно ширење на ХЦВ и за лекување на луѓето позитивни на ХЦВ, особено кај лицата кои инјектираат дроги. Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија во 2010 година ѝ додели на Република Македонија средства за лекување на 47 пациенти кои инјектираат дроги, со предуслов по завршувањето на Грантот, финансирањето на терапијата да биде целосно превземено од страна на одбрените средства од програмата. Средствата доделени од Глобалниот фонд беа предвидени за набавка на лекови за Хепатит Ц и за набавка на тестови и анализи пред почетокот на терапијата кои се неопходни да се направат пред пациентите да бидат ставени на соодветна терапија.

Со програмата се обезбедуваат и средства за ЈЗУ Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Скопје кои се потребни за набавка на потребна терапија и тестови за Хепатит Ц.

1.	Метадон / бупренорфин	Количини
1.1.	Набавка на метадон за 1378 лица со болести на зависности 10 мг/мл (пакување од 1000 мл)	36 000 000 мг.
1.2.	Набавка на бупренорфин за 250 лица со болести на зависности Таблети од 2 мг. – 224 112 мг. Таблети од 8 мг. – 1870 912 мг.	1 095 024 мг.
1.3	Набавка на лекови и тестови за лекување на Хепатит Ц	
2.	Лекување во дневни болници и болничко лекување	
2.1.	Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена	
2.2.	Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена	
2.3.	Лекување на зависници-судски случаи	
2.4.	Партиципација	
	ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА:	72.000.000,00

Исплата на неизмирени обврски за набавка на метадон и бупренорфин за 2015 година и за реализирани програмски активности за 2016 година.

Пресметките за потребните количини на метадон и бупренорфин се направени врз основа на податоците за бројот на пациентите и динамиката на потрошувачката на метадонска супституциона терапија и терапија со бупренорфин во 2016 година и залихите на бупренорфин. За да се добие проектирана вредност на фискалните импликации земени се цените на чинење на метадон и бупренорфин во 2016 година.

Доколку во 2017 година се отворат нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Република Македонија, лицата кои ќе бидат опфатени со метадонска супституциона терапија и со терапија со бупренорфин во истите, ќе бидат дел од оваа програма.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности ќе се реализира во обем и содржина согласно одобрените средства од основниот буџет наменети за оваа Програма, во висина од 62.000.000,00 денари и 10.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на Програмата во третманот со метадонската супституциона терапија и терапија со бупренорфин се: Психијатриските болници Скопје, Демир Хисар и Негорци, Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје и Службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги кои функционираат во рамките на болниците во Тетово, Куманово, Струмица, Штип, Гевгелија, Охрид, Битола, Велес, Кавадарци, ГОБ 8-ми Септември Скопје и КПУ Идризово - Скопје.

НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програмата.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават пресметка за секој пациент поединечно согласно дадените упатства во чија цена ќе влезе соодветниот пакет за извршени услуги, набавената цена на скрининг тестовите, потрошниот медицински материјал за ординирање на терапијата, лековите и лабораториските испитувања.

Набавените количини на метадон и бупренорфин ќе се дистрибуираат до овластените здравствени установи извршители на програмата, врз основа на извештај за извршени услуги и доставени потреби од количини на неделно/месечно ниво.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на Програмата, имаат обврска најдоцна до 15 во месецот да достават фактура и месечен извештај за реализирани активности, а најдоцна до 15.2.2018 година и годишен извештај за реализирани активности за 2017 година до Министерството за здравство.

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли на три месеци во јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности согласно оваа програма и контрола на динамиката на потрошувачката на супституциона терапија – метадон и бупренорфин и увид во медицинската документација.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7822/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4413.

Врз основа на член 41 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16) и член 150-г став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ И ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ ЗА 2017 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Министерството за здравство, за работа со новата медицинска опрема за дијагностика и лекување која ја набави за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија, за стручните лица кои директно ќе работат со постојната опрема организира стручно оспособување и усовршување како во земјава, така и во странство. Целта на министерството е оптимална искористеност на опремата, зголемување на квалитетот на здравствените услуги и пред се инвестирање во она што е најважно, а тоа е едуциран и оспособен медицински кадар.

Заложбата на Министерството за здравство е и професионалното усовршување, односно специјализацијата на медицинскиот кадар која долгорочно го подигнува квалитетот на здравствените услуги во државата. На оваа област Министерството за здравство се фокусира-

ше на недоволниот број на специјализации кој беше повеќегодишен проблем со кој се соочуваше здравствениот систем, така што дел од докторите воопшто немаа можност да бидат упатени на специјализација или повеќе години чекаа за истата. Токму затоа, се обезбедуваат што е можно поголем број специјализации за македонските доктори, имајќи предвид дека нивната специјализација овозможува и поголема достапност до специјалистички услуги за граѓаните, како и подобра искористеност на медицинската опрема.

Со цел стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, подигнување на нивото на стручно знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите облици на здравствена заштита во секојдневната пракса, како и продуцирање на нови стручни лица во државата, Министерството за здравство ангажира врвни странски лекари, еминентени медицински професионалци од најразлични области од медицината.

Со Програмата за едукација на лекари и медицински персонал за 2017 година се опфатени:

I. ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ ЗА 2017 ГОДИНА

Програмата е изготвена согласно искажаните потреби за едукација на лекари и медицински персонал од здравствени установи во Република Македонија.

Со оваа програма се опфатени потребите од едукацијана лекари и медицински персонал за 2017 година, со цел продлабочување на постојните знаења и стекнување на нови во дијагностиката и лекувањето, воведување на нови методи, со опфаќање на хируршките, интернистичките дејности, стоматологијата и фармацијата, и тоа:

1. Ортопедија и трауматологија
2. Урологија
3. Абдоминална хиругија
4. Кардиохирургија
5. Неонатална кардиохирургија
6. Торакална и васкуларна хирургија
7. Неврохирургија
8. Анестезија и интензивно лекување
9. Пластична и реконструктивна хирургија
10. Гинекологија и акушерство
11. Хематологија
12. Педијатрија
13. Физикална медицина
14. Офталмологија
15. Микробиолошка дијагностика
16. Интерна медицина (кардиологија, нефрологија, пулмологија, гастроентерохепатологија)
17. Оториноларингологија
18. Психијатрија
19. Неврологија
20. Ендокринологија
21. Дерматологија
22. Радиодијагностика
23. Клиничка биохемија
24. Инфективни болести
25. Фармакологија
26. Патологија
27. Радиотерапија и онкологија
28. Молекуларна биологија
29. Максилофацијална хирургија
30. Нуклеарна медицина
31. Кардиологија
32. Стоматологија
33. Фармација
34. Симулациски Центар
35. Пет центар
36. Традиционална кинеска медицина и други

- Во трауматологија и ортопедија се опфатени процедурите: хирургија на шака, хирургија на рбетен столб, артроскопија на колено, артроскопија на рамо, траума на рбетен столб и др.
- Во урологија - лапараскопија на уринарен тракт, TUR на простата, ендоурологија, лапараскопска урологија, ендоскопска урологија TUR и др.
- Во абдоминална хирургија - базична лапараскопија, онколошка хирургија, лапараскопска хирургија (колон, холециста), колоректална хирургија, лимфаденектомија при карцином на колон и др.
- Во торакална и васкуларна хирургија - хирургија на дојка (карциноми), лимфна биопсија кај карцином на дојка и др.
- Во неврохирургијата - ендоваскуларен третман на васкуларните аномалии на мозочните крвни садови, преоперативен неуро-мониторинг, васкуларна неврохирургија и др.
- Во анестезиологија, реанимација и интензивно лекување - регионални блокови, третман на болка, палијативна нега, епидурална анестезија во обстетрија, третман на хронична болка, анестезија за артроскопски процедури, ЕХО за поставување на ЦВК, анестезиологија за лапараскопска хирургија на колон и др.
- Во пластична и реконструктивна хирургија - пластична и реконструктивна хирургија и др.
- Во кардиохирургија – дијагноза, операции, пред- и пост-оперативна нега на пациенти со срцеви заболувања и др.
- Во неонатална кардиохирургија – дијагноза, операции, пред- и пост-оперативна нега на педијатриски пациенти со срцеви заболувања и др.
- Во гинекологија и акушерство – откривање на малформации на плодот со 4D Ехо апарат, гинеколошка лапараскопија, лапараскопска хистеректомија, 4D Ехо метода и др.
- Во хематологија - проточна цитометрија, трансплантација на хематопоетски матични клетки и др.
- Во педијатрија - дијагностика и лекување на акутни леукемии, трансплантација, акутни и касни компликации одтретман на акутни леукемии, дијагноза и терапија на солиднитумори, дијагностички методи во област на миелопластичен Sy и анемични Sy, изведување на SIT специфична имунотерапија, неонатологија, пулмоалергологија, ехо на срце и др.

- Во физикална медицина – ласеротерапија, ЕХО на меки ткива, лимфна дренажа и др.
- Во офталмологија – фако хирургија на катаракта, витректомија, кера-топластика, ласер фотокоагулација, ЕХО на око А и В скен, компјутерска периметрија, фако метода и ехосонографија, Аргон ласер и Јаг ласер, индиректна офталмологија, ендокринолошка офталмологија и др.

- Во микробиолошка дијагностика – молекуларна дијагностика за ХЦВ и др.
- Во интерна медицина - EUS-ендоскопски ултразвук за дигестивен тракт, трансезофагеална ехокардиографија, бронхоскопија со EBUS, ЕХО доплер на периферни крвни садови, терапија на сангвинантни крваречки лезии на гастроинтестинален пат, алергологија – дијагностика, ехо на бели дробови, фиберброн хоскопија со термокаутер (поставување на стент и агрон плазма), електрофизиолошко иследување и аблација при постоење на акцесорни патишта, коморни тахикардии и атријална фибрилација и др.
- Во оториноларингологија – рана детекција на фаринголарингеални карциноми и хирургија на истите, пластика на лице, ласер хирургија во ОРЛ, радикални блок дисекции на врат, FESS хирургија и др.
- Во неврологија и психијатрија – сонотромболиза, механичка тромболиза, ЕМГ, ЕП, МЕП, употреба на DUODOPA препарат за континуирана гастроинтести-

нална апликација, цереброваскуларни болести, генетски испитувања на епилепсии, прехируршкаевалуација на епилепсии, полисомнографија, електроконвулзивна терапија, детско и адолесцентно ментално здравје, неуромониторингinvaziv / noninvaziv, тромболиза + сонотромболиза и др.

- Во ендокринологија – дензитометрија (DXA) на коска и дебелина, пункциона биопсија на тироидна жлезда, неурохормони, дијабет и др.
- Во дерматологија – дерматохирургија, хистопатологија, трихологија, актинотерапија, дермоскопија, склерозација на вени со пена и др.
- Во радиодијагностика – КТ ангиографија, неурорадиологија, мускулоскелетна радиологија, интервентни процедури и др.
- Во клиничка биохемија – PCRтехника за детекција и генотипизација на вируси, PCR техника за анализа на DNA/RNA и др.
- Во инфективни болести - анализа на пнеумослајд, фиброскен и др.
- Во фармакологија – стандардни процедури на предапликативна подготовка на цитотоксични лекови и др.
- Во стоматологија – ортодонција, детска стоматологија, орална хирургија, пародонтологија, фиксна и мобилна протетика, ресторативна стоматологија и ендодонција и др.

Во 2017 година во план е реализација на напредни фокусирани обуки во следните области:

1. Хирургија на рамо и колено, ќе се едуцираат лекари од Универзитетска клиника за ТОАРИЛУЦ ОЕ Ортопедија и ОЕ Трауматологија, „ГОБ 8-ми Септември“ и Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ - Охрид
2. Офталмологија ќе се едуцираат лекари од Универзитетска клиника за очни болести и „ГОБ 8-ми Септември“
3. Дигестивна хирургија ќе се едуцираат лекари од Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, ГОБ „8-ми Септември“ и Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.
4. Ендокринохирургија ќе се едуцираат лекари од Универзитетска клиника за ендокринологија и ГОБ „8-ми Септември“.
5. Неврологија и неврохирургија ќе се едуцираат лекари, невролози од Универзитетска клиника за неврологија и неврохирурзи од Универзитетска клиника за неврохирургија.
6. Неонаталогија ќе се едуцираат лекари од Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство и Универзитетска клиника за детски болести.

За овие шест области ќе се спроведат обуки во Европа (Австрија, Германија, Италија и др.), Канада, САД и Јапонија.

Обуката за хируршките операции е предвидена да биде со времетраење од шест месеци до една година. Првиот месец треба да работат на кадавер, симулатор или животни како би се здобил со теоретска подготовка, потоа да биде прв асистент и последните шест месеци да биде главен хирург.

Во текот на 2017 година ќе се реализираат и фокусирани обуки од областа на минимално инвазивна лапароскопија на Универзитетот во Стразбург, Франција. Планот и програмата за реализација на овие обуки се изготвува од страна на Универзитетот во Стразбург, а во предвид се земени јавните здравствени установи во Република Македонија кои располагаат со соодветна опрема, како и македонските тимови кои ги изведуваат минимално инвазивните лапароскопски интервенции.

II. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ, СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ И ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА ЛЕКАРИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Покрај едукациите на лекари и останатиот медицински персонал од Република Македонија во странство, со оваа програма опфатени се и специјализациите, супспецијализациите и докторските студии на лекари од Република Македонија во реномирани медицински центри/факултети/универзитети во странство.

III. АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА ОД СТРАНСТВО

Со оваа програма се опфатени трошоците кои произлегуваат од ангажирањето на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство во текот на 2017 година со цел едукации/тренинзи/обука на медицинскиот кадар во јавните здравствени установи во Република Македонија.

IV. ЕДУКАЦИИ ВО УСТАНОВАТА МЕДИЦИНСКИ СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Со оваа програма се опфатени и едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје, кои се наменети за стекнување практични вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, дел од процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит, дел од процесот на стекнување на практични вештини за стекнување со стручно звање специјалист и супспецијалист, дел од полагањето на практичниот дел на специјалистичкиот и супспецијалистичкиот испит и дел од процесот на продолжување на лиценца на докторите на медицина. Средствата ќе се исплаќаат периодично, согласно потребата и динамиката на реализација на едукациите. Установата Медицински симулациски центар Скопје до Министерството за здравство ќе доставува месечни и/или периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот за којшто се известува.

V. КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ

Покрај едукациите на лекари и останатиот медицински персонал и специјализациите, супспецијализациите и докторските студии на лекари од Република Македонија во странство со оваа програма е опфатена и можноста за кофинансирање на здравствените работници и здравствените соработници кои не се вработени во јавна здравствена установа, односно дел од надоместокот за овие специјализации ќе го покриваат согласно оваа програма.

Средствата за кофинансирање ќе бидат дистрибуирани во зависност од потребата за определени специјалистичко-консултативни услуги во конкретна општина, односно јавна здравствена установа, како и врз основа на податоците од електронската листа на закажани прегледи, како и бројот и старосната структура на специјалистите, односно супспецијалистите во општината или установата.

Со оваа програма се определува бројот на слободни места за специјализација или супспецијализација по општини и јавни здравствени установи, како и износот на средства за кофинансирање. Предвидено е запишување на специјализанти на кофинансирана приватна специјализација заради довршување на започната специјализација или пак целосно започнување и завршување на истата.

Докторите на медицина кои навреме ќе ја завршат специјализацијата, имаат гарантирано склучување на договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за избран лекар педијатар, односно гинеколог, со гарантиран месечен надоместок и за нив капитацијата ќе се пресметува стимулативно во вредност од 1000 поени на месечно ниво.

Програмата за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени има за цел:

1) Да се постигне балансирана дистрибуција на специјалисти на територијата на целата држава, што сериозно ќе влијае на обезбедувањето на специјалистичка здравствена заштита и решавање на проблемот со недостаток на специјалисти во некои општини во Македонија.

2) Значително да се подобри статусот на приватните специјализанти преку зголемување на нивните редовни приходи.

3) Да се стимулираат здравствените работници и здравствените соработници, а особено младите доктори на медицина да запишуваат специјализации по гинекологија и педијатрија и на тој начин да се надмине недостатокот на гинеколози и педијатри во секоја општина во Македонија.

4) Да се подигне стандардот на младите доктори кои преку учество во програмата за кофинансирање ќе добиваат загарантиран приход по завршувањето на специјализацијата, односно супспецијализацијата.

2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за реализација на активностите предвидени со оваа програма се предвидени за:

- трошоци за обука (надоместок за едукацијата или котизација по доставена фактура или слично),
- надомест на трошоците за превоз (автомобил – признавање на трошокот во висина на автобуска карта, автобус, воз или авион до и од местото на обука,
- сместување во местото на обука,
- месечен надомест за престој по лице за времетраењето на обуката за лицата кои ќе заминат на обука во надлежна институција од областа на здравството во странство е во износ од 500 (петстотини) евра, освен за лицата кои ќе заминат во Република Франција и Обединетото Кралство кој е во износ од 800 (осумстотини) евра по лице и за лицата кои ќе заминат на двегодишна субспецијализација во Универзитетската болница во Кембриџ, Обединето Кралство, кој е во износ од 1.500 (илјада и петстотини) евра по лице,
- сите трошоци кои произлегуваат од специјализациите/супспецијализациите во странство,
- сите трошоци кои произлегуваат од процесот на изготвување на докторски студии во странство,
- сите трошоци кои произлегуваат од реализација на фокусирани напредни обуки на македонските лекари во странство,
- дополнителни трошоци кои произлегуваат од законските прописи од земјата каде се обавува обуката, специјализацијата / супспецијализацијата или докторските студии со доставување на соодветен документ,
- средства наменети за објавување на трудови во научно списание со импакт фактор на доктор на медицина, доктор на стоматологија или фармацевт на терцијарно ниво кој е должен да објави најмалку еден труд во научно списание со импакт фактор или да биде носител или координатор на национален, регионален или меѓународен научно истражувачки проект на секои десет години по истекот на периодот на мониторинг од членот 179-а став (1) од Законот за здравствена заштита,
- трошоци поврзани со ангажирање на странски доктори/тимови од еминенти медицински центри од странство и тоа: трошоци за пат, сместување и надоместок за извршената едукација,
- трошоци за едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје после доставени месечни и/или периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот во висина од 6.000.000,00 денари,
- трошоци за спроведување на постапка за селекција на здравствените работници, односно здравствените соработници кои се пријавиле на јавниот оглас за запишување на кофинансирана приватна специјализација, односно супспецијализација (објавување на јавен оглас, полагање на стручен испит и испит за познавање на англиски јазик),
- трошоци за покривање на дел од средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата и за полагање на специјалистички, односно супспецијалистички испит на здравствените работници и здравствените соработници преку кофинансирање.

Програмата за едукација на лекари и медицински персонал ги опфаќа и дополнителните трошоци кои произлегуваат од едукацијата на лекари и други здравствени работници и соработници од Република Македонија во странство, напредните фокусирани обуки, трошоци за специјализации/супспецијализации во странство, докторски студии во странство, ангажирање на странски доктори/тимови со цел едуцирање на нашите доктори и медицинскиот кадар, како и едукациите кои се обавуваат во Медицинскиот симулациски центар Скопје.

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година во вкупен износ од 65.500.000,00 денари од кои 30.500.000,00 денари од основниот буџет и 35.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Заостанатите обврски од 2016 година ќе се измират во 2017 година.

3. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7823/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4414.

Врз основа на член 54 став 2 од¬ Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 и 37/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Трансплантацијата претставува медицинска процедура со која се заменува одреден орган или дел од орган – ткиво/клетки со друг. Самата интервенција е хируршка постапка која се применува или во животно загрозувачки состојби или во насока на подобрување на квалитетот на живот на пациентот.

Органи и ткива/клетки кои се трансплантираат: срце, бели дробови, бубрези, црн дроб, панкреас, црева, желудник и кожа; рожница, лангерхансови клетки, коскена срцевина, крвни садови, срцеви залистоци.

Видови на трансплантација:

- Автотрансплантација е трансплантација кога донорот е воедно и примател на трансплататот (кожа земена од еден дел на телото и имплантирана на друг дел).
- Изотрансплантација е трансплантација кога донорот и примателот се со иста ткивна сродност – еднојајчани близнаци.
- Алотрансплантација е трансплантација кога трансплантатот се зема од една единка и се имплантира на друга единка од ист вид.
- Ксенотрансплантација е трансплантација кога донорот и примателот припаѓаат на различни видови (од животно на човек).

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за трансплантација за 2017 година има за цел да го зголеми бројот на донори од починато лице преку зголемување на активности, и тоа преку:

1. Олеснување на постапката на трансплантацијата на органи и ткива во интерес на пациентите;
2. Зголемување на бројот на пресадувања на органи и ткива од човечкото тело заради лекување;
3. Да се изгради систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата преку:
- Формирање на листа за чекање според видот на органи кои ќе се базираат на транспарентни, објективни и медицински критериуми,
- Електронски систем за алоцирање на органи и ткива,
- Воспоставување на систем кој ќе гарантира квалитет, следливост и безбедност на постапките.
4. Подигање на свеста кај населението за донирање на органи и ткива, особено преку информирање на јавноста за важноста на трансплантацијата на органи и ткива;
5. Воспоставување на мрежа на болници спремни во секој момент да препознаат потенцијален дарител, болници кои можат да го извадат органот и да осигураат дека истиот ќе стигне во центрите каде би се изведувале трансплантациите;
6. Воспоставување и одржување на централен информатички систем за вршење на дејностите за земање, обработка, испитување на совпаѓање на ткивата, чување, заменување и пресадување.

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Со донесувањето на Законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради пресадување и подзаконските акти, како и со назначувањето на Националниот координатор за трансплантација, направени се сите предуслови, покрај трансплантација на бубрези од жив донор, да се започне и со трансплантација од кадавери како и заживување на трансплантацијата на црн дроб.

Мерките и активностите на Програмата се следни:

1. Обезбедување на финансиски средства кои се наменети за ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се на дијализен третман и се подготвуваат за трансплантација на бубрег од жив дарител и/или починато лице. Пациентите за сите испитувања се ослободуваат од партиципација, по обезбедена Потврда за ослободување од партиципација за пациенти кои се подготвуваат за трансплантација на бубрег од жив дарител и/или починато лице издадена од Министерството за здравство;
2. Изработка и операционализација на централен информатички систем за вршење на дејностите за земање, обработка, испитување на совпаѓање на ткивата, чување, заменување и пресадување;
3. Зголемување на свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи преку правилно информирање и медиумски кампањи за зголемување на јавната свест за самата постапка на пресадување на органи и зголемување на јавната свест и едукација за придобивките од трансплантациите и за тоа што значи да се донираат органи, како кај населението така и кај лекарите;
4. Изготвување на проект за семинари на кои на лекарите од примарното и секундарното здравство, кои не се директно поврзани во мрежата за трансплантација, ќе им бидат образложени законските одредби кои го регулираат пресадувањето на органи, како и подзаконските акти кои регулираат специфични делови од оваа проблематика;
5. Зголемување на знаењето и комуникациските вештини на здравствените работници околу проблематиката поврзана со трансплантациите;
6. Развивање на јавната свест кај групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите кои можат да бидат вклучени во постапката за промоција на придобивките од постапките на пресадување на органи, а понатаму да бидат и промотори за донирањето органи;
7. Организирање на кампањи за подигнување на јавната свест, со презентација на информации кои се однесуваат на правата на граѓаните, а пред се на пациентите во однос на донирањето на органи.

ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Извршувањето на Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2017 година се врши од страна на:

- Министерство за здравство,
- ЈЗУ Здравствен дом Скопје,
- ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија,
- ЈЗУ Универзитетската клиника за урологија Скопје,
- ЈЗУ Универзитетската клиника за дигестивна хирургија Скопје,
- ЈЗУ Универзитетската клиника за детска хирургија Скопје,
- Здравствени установи кои се овластени за пресадување на делови од човечкото тело заради лекување, согласно закон и се во Мрежата на здравствени установи во Република Македонија.

Финансиски средства:

1. Финансиски средства за трошоците за ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се на дијализен третман и се подготвуваат за трансплантација на бубрег од жив дарител и/или починато лице;
2. Финансиски средства за ангажирање на:
1. Националниот координатор за трансплантација преку соодветен договор;
2. Заменик национален координатор за трансплантација преку соодветен договор и
3. Национален координатор за крвотворни матични клетки преку соодветен договор;

3. Финансиски средства за зголемување на свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи преку медиумски кампањи и промотивен материјал за органодарителство;
4. Средства за стимулација на тимовите за трансплантација и за други активности поврзани со унапредување, регулирање и евалуација на системот за трансплантација (едукации од областа на трансплантацијата, комисии, работни групи и други);

5. Средства за стимулација на болничките координатори односно донор координатори;
6. Финансиски средства за погребни трошоци за кадаверот, согласно Закон;
7. Средства за неизмирени обврски за 2016 година.

Табела: Финансиски средства за реализација на Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2017 година

Активност	Извршител	Износ
ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се на дијализен третман и се подготвуваат за трансплантација на бубрег од жив дарител и/или починато лице и лекови за трансплантирани пациенти	Министерството за здравство, Универзитетските клиники, и други ЈЗУ	3.859.280,00
Ангажирање на - Национален координатор за трансплантација - Заменик на национален координатор за трансплантација - Национален координатор за крвотворни матични клетки	Министерството за здравство	500.000,00
Медиумски кампањи за зголемување на свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи.	ЈЗУ Здравствен дом Скопје, ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерството за здравство	500.000,00
Средства за стимулација на тимовите за трансплантација и за други активности поврзани со унапредување, регулирање и евалуација на системот за трансплантацијата (едукации од областа на трансплантацијата, комисии, работни групи и други).	Универзитетските клиники, други ЈЗУ, Министерството за здравство	4.000.000,00
Средства за стимулација на болничките координатори	Министерството за здравство	480.000,00
Финансиски средства за погребни трошоци (10 кадавера по 66.072,00 денари)	Министерството за здравство	660.720,00
ВКУПНО		**10.000.000,00**

Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2017 година ќе се финансира согласно одобрените средства во висина од 10.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7824/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4415.

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 7 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во Република Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Македонија, а со помош на стручни тимови од Институтот за трансфузиологија, Скопје.

Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено - воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања.

Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

II. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на планираните мерки и активности во оваа програма потребни се следните финансиски средства:

1.1. За активности на Црвениот крст на Република Македонија

1.1.1. Организирање и подготвување на крводарителски акции

- Надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции на општинските организации на Црвениот крст на Република Македонија:

За 2017 година се планирани 55,000 крводарувања, а за секоја единица крв е предвидено по 100,00 денари за организација за крводарувањето.

За планирани 55.000 крводарувања на ООЦК	100,00 ден	5.500.000,00
Вкупно:		5.500.000,00

Во рамките на изготвувањето на здравствено - воспитните, пропагандните материјали и мотивациските средства се планира реализација на следните активности:

1.1.2. Изготвување на здравствено-воспитни, пропагандни материјали

Реден број	Здравствено-воспитни и пропагандни материјали	Количина	Единечна цена	Вкупно
1	Плакат "повик"	10.000	5.00	50.000,00
2	Плакат за 17 Март	1.000	10.00	10.000,00
3	Евидентни листови за крвни акции	10.000	2.00	20.000,00
4	Флаер/агитка	20.000	3.00	60.000,00
5	Картички за повик	40.000	1.20	48.000,00
6	Одбележување на 17 Март и 14 Јуни	-	-	100.000,00
7	Активности на дневен центар за крводарување	-	-	70.000,00
				358.000,00

1.1.3. Изготвување на мотивациски средства за крводарителите

Реден број	Јубилејни признанија и мотивациони средства	Количина	Единечна цена	Вкупно
1	Значка за 5-то дарување	1.500	40.00	60.000,00
2	Значка за 10-то дарување	1.000	40.00	40.000,00
3	Значка за 25-то дарување	800	40.00	32.000,00
4	Плакета за 50-то дарување	145	900.00	130.500,00
5	Плакета за 75-то дарување	50	900.00	45.000,00
6	Плакета за 100-то дарување	20	900.00	18.000,00
7	Признанија за општини со исполнет план за крводарителство	20	2000.00	40.000,00
8	Печатење на Јубилејни благодарници	5.000	7.00	35.000,00
				400.500,00

1.1.4. Организирање на едукативни форми

Републички семинари за едукација на мотиватори на крводарителство	200.000,00

1.2. Активности на Институт за трансфузиона медицина

Реден број		Количина	Единечна цена	Вкупно
1.	Медицински прашалници при секое дарување	55.000	1,00	55.000,00
2.	Крводарителски книшки	20.000	6,00	120.000,00
3	Картони за евиденција на дарителите на крв	2.000	21,00	42.000,00
4.	Медицински потврди	20.000	1,00	20.000,00
	Вкупно:			**237.000,00**

1.3. Средства за надоместок за партиципација

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се трансферираат квартално секое тромесечие до здравствените установи за 6.000 крводарители по пресметана партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител и годишно се трансферираат средства во вкупен износ од 9.000.000,00 денари.

Партиципација за крводарители по приложени пресметки	7.304.500,00

Вкупно потребни средства:

1.1.1.	Организација на крводарителство	5.500.000,00
1.1.2.	Здравствено-воспитни и пропагандни материјали	358.000,00
1.1.3.	Јубилејни признанија и мотивациони средства	400.500.00
1.1.4.	Организирање на едукативни форми	200.000,00
1.2.	Активности на Институт за трансфузиона медицина	237.000,00
1.3.	Средства за партиципација	7.304.500,00
ВКУПНО:		**14.000.000,00**

III. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И НИВНИ ЗАДАЧИ

Министерството за здравство, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија и Заводот за трансфузиона медицина, до Владата на Република Македонија предлагаат Програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија, го следат спроведувањето на програмата и преземаат соодветни мерки за нејзино доследно спроведување.

Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Министерството за здравство ги обезбедува финансиските средства и врз основа на доставени фактури и извештаи, врши исплата.

Црвениот крст на Република Македонија во областа на крводарителството, при реализација на Програмата, ги врши следните задачи:

- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв;
- Учество на волонтери на самата акција за прифаќање на дарителите на крв;
- Евиденција на крводарителските акции на посебни формулари;
- Изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Министерството за здравство;
- Доделување на признанија на крводарителите.

Институтот за трансфузиона медицина и трансфузиолошките служби, при реализација на Програмата, ги вршат следните задачи:

- Ги утврдуваат потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Македонија, заедно со Министерството за здравство;
- Вршат организирано прибирање на крв од доброволни дарители со мобилни екипи и во службите за трансфузиологија при болничките центри;
- Вршат контрола на крв, приготвување на крвни компоненти, нивно чување и експедиција;
- Во соработка со клиниките или болничките центри при медицинските центри вршат контрола на употребените крвни продукти;
- Обезбедуваат стандарди за прибирање на крв (стандарден состав на екипи, опременост, минимални ресурси за работа, стандарден број на единици кои треба да се прибираат дневно, месечно, годишно);
- Вршат здравствена контрола и се грижат за здравјето на дарителите на крв;
- Водат национален регистар за дарители на крв (според местото на давање, крвни групи, ретки крвни групи, типизирани, одбиени крводарители, дарители на плазма и клеточни елементи);
- Изготвуваат книшка за дарители на крв (со код за секој крводарител, крвна група, картон за возач со крвна група);
- Учествуваат во здравствено-воспитна, мотивациска, истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството;
- Обезбедуваат унифициран благодарен оброк за дарители на крв.

Заеднички активности на Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина:

- Планирање и организирање на крводарителските акции, како и изготвување на програма, оперативни планови, обврски и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство;
- Планирање и утврдување на термин за изведување на крводарителска акција во одредена средини;
- Редовни контакти и посети во средина во која се планира да се изведе акцијата;
- Договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- Евалуација на постигнатите резултати, на терен и во установите за прибирање крв;
- Предлози за измени и дополнувања на програмата за организирање и унапредување на крводарителството;

- Прилагодување на новонастанати состојби и потреби од крв и крвни продукти (вонредни акции, сезонски потреби, ретки крвни групи);
- Организирање на вонредни крводарителски акции во случај на недостиг на единици на крв;
- Учество во работа на комисиите за крводарителство на разни нивоа;
- Редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно информирање;
- Постојано осовременување на промотивни материјали за крводарителство и соработка со размена на искуства од други земји;
- Севкупна анализа и конкретен тримесечен увид во извршените активности и нивното финансиско обезбедување.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 14.000.000,00 денари.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година во износ од 14.000.000,00 денари, од кои 9.000.000,00 денари од основниот буџет и 5.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Од овие средства ќе се плаќаат и неизмирените обврски за 2016 година.

V. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

Распределбата на средствата по Програмата ќе ја врши Министерството за здравство квартално на Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиологија како извршители на активностите, врз основа на доставени извештаи и фактури за реализација на мерките и активностите содржани во Програмата, и тоа за активностите во последниот квартал од 2016 година и за првите 3 квартали од 2017 година. Црвениот крст на Република Македонија најдоцна до 31.01.2018 година доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за 2017 година.

Црвениот крст на Република Македонија, согласно сопствената евиденција на податоци на крводарители (електронска обработка на податоци и пишани формулари) добиени од страна на општинските организации на Црвениот крст на Република Македонија за реализиран број на крводарувања, изготвува месечни прегледи за реализиран број на крводарувања во Република Македонија и квартално за секое тромесечие во годината подготвува извештаи и фактури и ги доставува до Министерството за здравство за контрола и исплата на средства.

VI. СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се трансферираат квартално секое тромесечие до здравствените установи за 6.000 крводарители по пресметана партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител, во вкупен износ од 8.500.000,00 денари.

VII. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг и евалуација за спроведување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството континуирано во текот на годината ќе врши Црвениот крст на Република Македонија и за тоа во извештаите ќе го информира Министерството за здравство.

Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Институтот за трансфузиона медицина формира стручен тим кој заедно со комисијата за развој и унапредување на крводарителството при Црвениот крст на Република Македонија ќе ги следи и проценува зацртаните цели во Програмата и ќе предлага мерки за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените задачи и активности во Програмата за крводарителство во 2017 година.

VIII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7825/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4416.

Врз основа на член 16 ставовите 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2017 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Со Законот за здравственото осигурување е уредено здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно осигурување. Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите државјани на Република Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со Закон.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжителното социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат

придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

2. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Со Законот за здравственото осигурување се утврдува кои категории на лица се задолжително здравствено осигурани меѓу кои се и државјаните на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, горепосочената категорија на граѓани на Република Македонија се утврдуваат како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување, а како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот е Министерството за здравство.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со донесувањето на оваа програма се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување. Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување ќе може на месечна основа да го плаќа придонесот. Согласно тоа, овие лица ќе имаат редовно уплатен придонес и со тоа непречено користење на здравствените услуги односно здравствената заштита.

4. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Според податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, државјани на Република Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување се околу 237.000, а придонесот за задолжително здравствено осигурување на месечно ниво, за еден осигуреник е 852,00 денари.

5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување според оваа програма, обезбедени се средства во износ од 2.353.549.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, од кои ќе бидат измирени и заостанатите обврски од 2016 година.

6. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведување на Програмата за плаќање придонес на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2017 година врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7826/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4417.

Врз основа на член 16 став 1 точка 10 и став 3од¬ Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16)Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕСОТ ЗА 2017 ГОДИНА

Во Република Македонија Diabetesmellitusпретставува едно од најчестите заболувања и според податоците од Националниот систем за електронски евиденции од областа на здравството - МојТермин дијагностицирани се околу 85,000 пациенти со дијабетес мелитус (јули-2016)

1.Diabetesmellitus- тип 1 Овој вид на дијабетес е вообичаено се јавува на помлада возраст и застапен кај околу 3000 лица.

2. Diabetesmellitus-тип 2 опфаќа 96% од сите дијагностицирани случаи од кои 47% се на инсулинска терапија, а останатите користат орална антидијабетична терапија.

1. СОСТОЈБА СО ИНСУЛИН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во состав на ЈЗУ постојат Кабинети за дијабетес (вкупно 41), кои се во состав на универзитетски клинки, клинички болници, општи болници и здравствени домови.

Бројот на регистрирани лица со дијабетес кои се на инсулинска терапија во моментов во Република Македнонија е 39,500 од кои 3,000 се лица со тип 1 дијабетес и 36,500 со тип 2. Овој број секоја година расте. Согласно податоците од Интернационалната Дијабетолошка Федерација вкупната преваленца (дијагностициран и недијагницирaн дијабетес) на дијабетесот изнесува 9.8% од населението на возраст од 25-70 години.

2. ПРЕДНОСТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА ЦЕНТРАЛИЗИРАНА ЈАВНА НАБАВКА НА ИНСУЛИН ЗА 2016 ГОДИНА

Министерството за здравство ја спроведува Програмата за обезбедување на инсулин за 2017 година преку придржување до измените на Законот за здравствена заштита во делот за дијабетес мелитус, активностите на Националната комисија за дијабетес, интегрирањето на грижата за дијабетесот во МојТермин, Националното упатство за третман на дијабетес мелитус тип 2, како и останатите упатства за третман на дијабетес мелитус, контролите на лице место во инсулинските аптеки, контрола на залихите на инсулини редовните состаноци со докторите, фармацевтите и медицинските сестри вклучени во процесот на издавање на инсулинот.

3. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2017 ГОДИНА

Износот на финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот, потрошен материјал за инсулински пумпи за 2017 година се 620.000.000,00денари,

A10AB Хумани инсулини и аналози со кратко дејство

Бр.	ATC kod	Генерика	Фармацевтска дозажна форма	Јачина	Количинаво скатули
1	A101B01	Хуман кристален инсулин	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	1482
2	A10AB05	Инсулин – аналог Aspart	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	17,186
3	A10AB05 A10AB04	Инсулин – аналог Aspart Инсулин – аналог Lispro	Флакон	100IE/1ml; 10ml	873
4	A10AB06	Инсулин – аналог Glulisine	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	5716
5	A10AB04	Инсулин – аналог Lispro	Наполнетоинјекцископенкало/ патронсопенкалозаповеќекратнаупотреба*	100IE/1ml; 5*3ml	2003
6	A10AD01	Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство (70/30 или 75/25) инсулин	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	42.402
7	A10AD05	Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со инсулин aspart(70/30)	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	137.882
8	A10AD04	Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со инсулин lispro(75/25) инсулин	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	16.892
9	A10AD04	Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со инсулин lispro(50/50) инсулин	Наполнетоинјекцископенкало/ патронсопенкалозаповеќекратнаупотреба*	100IE/1ml; 5*3ml	4.688
10	A10AC01	Хуман инсулин со средно проложено дејство	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	42.052
11	A10AE05	*Инсулин аналог до долго дејство detemir	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	42.130
12	A10AE04	Инсулин аналог до долго дејство glargine	Наполнетоинјекцископенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба*	100IE/1ml; 5*3ml	31.414

H04 Панреатични хормони

Бр	ATC kod	Генерика	Фармацевтска дозажна форма	Јачина	Количина
13	H04AA01	Глукагон	Медицински инјекционен шприц прашок и вехикулум за раствор за инјектирање	1mg/1ml	1335

Инсулински игли

Бр.	ATC kod	Генерика	Фармацевтска дозажна форма	Јачина	Количина
14		Игла за инсулинско пенкало	Инсулинска игла	6-9mm	2.804.256

Ленти за мерење на шеќер во крв

Со Програмата за 2017 година потребно е да се обезбедат и ленти за мерење на шеќерот во крвта. Во Програмата се предвидени 125 ленти месечно за секој пациент со дијабетес тип 1 . За лицата со дијабетес тип 2 предвидени се 350 ленти годишно.

Ленти за мерење шеќер

Лентизамерењешеќервокрв (виднаглукометар) *	Количина (пакување/50 ленти) 357.000

Во програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2017 година е предвидено снабдување на 180 пациенти со дијабетес тип 1, согласно медицината базирана на докази и важеќките прописи, со инсулински пумпи и потрошни материјали.

Потрошен материјал за инсулински пумпи	Пакување
Инфузиски сет (9/6 мм канила и 109/58 цм пластичноцрево,А 1/10	1.606
Резервоар за инсулин (1.8/3.0 мл) А 1/10	1.606
Сензор за гликозно мониторирање со агол од 90 степени	400
Систем за континуирана испорака на инсулин	25
Систем линк за поврзување со сензор	6

1. Камп за едукација на деца со дијабетес– 185.000,00 денари

Кампот е во организација на ЈЗУ УК за детски болести. Целта на кампот е едукација на лица со дијабетес тип 1 кај кои не е постигната добра гликорегулација, како и кај лица со дијабетес каде е потребно интервенција во терапијата. Основната идеја е преку едукативни сесии да бидат опфатени сите аспекти на дијабетес како што се прифаќање на состојбата, учење за правилна исхрана, физичка активност, подесување на доза на инсулин и секојдневно живеење со дијабетесот.

2. Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта- 60.000,00 денари.

Предвидено е одржување на едукативнио сесии по основни и средни училишта со учениците и студентите од страна на специјалисти. Едукацијата се состои од т.н. структурирани едукативни сесии (дијабетес, хипогликемија, хипергликемија, инсулин, подесување на инсулинска доза за време на болести, физичка активност, исхрана, бременост, алкохол), спортски активности како и културни социјални настани. На овој начин се овозможува интервенција во иднината на младите, каде ќе се заштити нивното здравје.Едукацијата е во организација на Министерство за здравство.

3. Изработка на брошури и флаери за дијабетес- 100.000, 00 денари

Изработка на брошури и флаери во боја со симптоми за хипогликемија и хипергликемија (ниско ниво на шеќерот во крвта и високо ниво на шеќерот во крвта), како би им се олеснило на лицата со дијабетес полесно да научат да ја препознаваат состојбата на хипогликемија и на хипергликемија.Симптомите треба да бидат означени сликовито и со детален опис и како да се препознае кој симптом индицира хипогликемија, а кој хипергликемија.Изработка на брошура (џебно издание) каде што би се наброиле сите прехрамбени артикли достапни на пазарот на Република Македонија, па и пошироко со тоа кој колку јаглени хидрати содржи и како делува врз нивото на шеќер во крвта. Брошурата е замислена да биде џебно издание како би можел секој оној што има дијабетес да може да ја носи со себе, секаде и во секое време.

Изработката е во организација на Министерство за здравство.

Рекапитулар	*Денари*
Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2017 година	619.655.000,00
Камп за едукација на деца со дијабетес	185.000,00
Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта	60.000,00
Изработка на брошури и флаери за дијабетес	100.000,00
Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Македонија	620.000.000,00

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7830/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4418.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

I. Цели на програмата

Генерална цел на оваа програма е спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето на територијата на целата Република.

Притоа, основни цели на годишната Програма се:

1. Намалување на инциденцата на бруцелоза кај луѓето;
2. Спречување на појава на компликации, хронични форми и инвалидитет;
3. Спречување на појава на рецидиви;
4. Намалување на стапката на смртност;
5. Микробиолошка потврда на секој сомнителен случај;
6. Континуирана медицинска едукација, обновување на знаењата на здравствените и ветеринарните работници;
7. Информираност и здравствена едукација на општата популација и на професионално експонираните лица, со цел превенција на бруцелоза.

Овие цели, во 2017 година ќе се остваруваат преку следните активности:

1. Спроведување на мерките и активностите за спречување на појавата, понатамошно ширење на бруцелозата и нејзино сузбивање на територија на целата република, особено во критичните региони;
2. Епидемиолошко следење и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата;
3. Рано и активно откривање на заболените лица, нивно пријавување до надлежните институции, анкетирање, информација и едукација;
4. Рано и адекватно лекување на заболените;
5. Задолжително лабораториско докажување на бруцелозата;
6. Континуирана медицинска едукација на здравствените работници;
7. Информирање и здравствено едукативна дејност.

II. Активности, очекувани резултати (индикатори на успешност)

За остварување на целите утврдени со оваа програма, во 2017 година ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

1. Изготвување на работни оперативни планови на регионално ниво, од страна на 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје (Скопје, Велес, Куманово, Тетово, Битола, Прилеп, Штип, Кочани, Струмица и Охрид), со квартално реализирање, локација и целна група на активностите за спречување и сузбивање на бруцелозата во 2017 година на територијата на подрачјето кое го покриваат, врз основа на епидемиолошката состојба на таа територија.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје, во соработка со ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија (во натамошниот текст:ИЈЗ на РМ).

Индикатор: Број на изготвени и доставени оперативни планови до Министерството за здравство.

Рок на известување : 15 јануари 2017

2. Организирање на регионални советувања/работилници на тема бруцелоза – епидемиолошка и епизоотолошка состојба, на кои здравствените работници од Републиката (епидемиолози, инфектолози, микробиолози, матични доктори, претставници од Државен санитарен и здравствен инспекторат и претставници од ветеринарната медицина) на регионално ниво ќе се запознаат со раширеноста на бруцелозата во Република Македонија, со епизоотолошката и епидемиолошката состојба, со клиничката слика, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и со мерките и активностите кои треба да се спроведуваат за нејзино сузбивање. ИЈЗ на РМво соработка со Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика подготвува и доставува детален план (датум, место на одржување, планирани здравствени институции - учесници) за 4-те семинари, агенда со теми планирани и листа на предавачи до Министерството за здравство.

Извршители: ИЈЗ на РМ и Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика.

Индикатор: Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани регионални семинари.

Рок на известување: 15.01.2017 година - доставен план, квартално.

3. ЈЗУ Центри за јавно здравје на својата територија организираат предавања за населението во руралните средини како и предавања за ризични групи на работници со цел запознавање на населението со оваа болест, начините на превенција и опасностите.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје.

Индикатор: Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани предавања.

Рок на известување: 15.01.2017 година - доставен план, квартално.

4. Активен епидемиолошки надзор на терен преку епидемиолошко извидување и епидемиолошки истражувања за секој откриен случај на бруцелоза кај луѓето или добиен податок од страна на ветеринарни инспектори од Агенцијата за храна и ветеринарство за заболен добиток на одредена територија, како и за рано откривање и дијагноза, евидентирање, пријавување и анкетирање на сите сомнителни и дијагностицирани случаи на бруцелоза со цел да се откријат сите заболени лица во таа населба и навреме да се подложат на медицински третман. 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје земаат материјали за серолошка дијагностика и изготвуваат информации.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје, во соработка со ветеринарните инспектори од Агенцијата за храна и ветеринарно здравство.

Индикатор: Број на епидемиолошки увиди за надзор и следење на бруцелозата и изготвување на информација за најдената состојба и број на епидемиолошки анкети, број на лабораториски тестирања.

Рок на известување: Квартално.

5. Секој случај на заболување од бруцелоза се пријавува задолжително до епидемиолошката дејност на територијата каде е регистрирана болеста. Епидемиолошките служби при 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје ги обработуваат и евидентираат пријавите и за секој случај ги известуваат –ИЈЗ на РМ, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и ветеринарната инспекција надлежна за одредена територија.

10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје изработуваат епидемиолошка анкета за секој заболен и заедно со пријавата ги доставуваат до ИЈЗ на РМ, каде се врши внесување во датабаза, обработка и анализа на пријавите и епидемиолошките анкети на заболените, врз база на што се изработуваат извештаи.

Извршители: Здравствените установи на сите нивоа на здравствена заштита, 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје, ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на доставени и обработени пријави/анкети за заболени од бруцелоза.

Рок на известување: Квартално.

6. Здравствен надзор над ветеринарните работници, сточарите, работниците во кланиците, млекарниците и во кожарската индустрија ќе се врши преку систематски здравствени прегледи, во кои се вклучени клиничко-серолошки испитувања на бруцелоза.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на здравствени прегледи, број на лабораториски тестирања на професионално експонирани лица.

Рок на известување: Квартално.

7. Во случај на зголемен број на заболени или појава на епидемија на бруцелоза, 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје ќе прават епидемиолошки увиди за следење на состојбата на теренот во соработка со ИЈЗ на РМ и ќе предлагаат мерки за спречување на понатамошно ширење/сузбивање на епидемијата кои ги доставуваат во вид на информација до Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и други надлежни институции.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје во соработка со ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на теренски увиди и доставени информации при епидемии.

Рок на известување: Квартално.

8. Микробиолошко - лабораториска дијагностика на бруцелозата кај луѓето ќе се врши во лабораториите на 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје. и во лабораториите на ИЈЗ на РМ.

Извршители: Микробиолошките лаборатории при 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје.

Индикатор: Извештај за број на направени тестови

Рок на известување: Квартално.

9. Лабораториска конфирмација и верификација на сомнителните и позитивните серолошки наоди од 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје ќе се врши во микробиолошката лабораторија на –ИЈЗ на РМ , со примена на PCR-дијагностика.

Извршители: –ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Извештај за број на конфирмирани/верифицирани лабораториски наоди.

Рок на известување: Квартално.

10. ИЈЗ на РМ обезбедуваа стручно-методолошка помош од областа на следење и надзор над состојбата со бруцелоза преку теренски увиди – во ЈЗУ Центри за јавно здравје, односно во оние региони каде се регистрирани поголем број на заболени лица или епидемии на бруцелоза и преку други средства за комуникација со 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и други здравствени установи (веб страна, електронска пошта), како и информирање за состојбите со ова заболување кај нас и во светот, за што ќе бидат изработени различни информации, упатства и стручни мислења.

Извршители:–ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на увиди, изработени информации, препораки, упатства и стручни мислења.

Рок на известување: Квартално.

11. Здравствено воспитување и едукација на населението се врши преку водење на разговори (при теренски посети и анкетирање на лица и домаќинства), потоа по пат на организирани предавања во установи и институции, во населени места од страна на 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје, преку средствата за јавно информирање (печатени медиуми, радио и ТВ емисии), постоечките веб-страни на ИЈЗ на РМ и 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и– ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на остварени посети на семејства на заболени лица (анкети), број на предавања во различни установи/населби, број на настапи во медиуми, написи и интервјуа во јавни гласила, информации на интернет, број на поделени флаери.

Рок на извршување: квартално

11.1 ИЈЗ на РМ и 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје во текот на првиот квартал ќе подготват и испечатат флаери за населението со цел запознавање со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата кои ќе бидат дистрибуирани во текот на спроведувањето на здравствено едукативните активности.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на отпечатени флаери и примерок.

Рок на извршување: прв квартал

12. Медицински факултет Скопје -Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика ќе одржи две акредитирани предавања од областа на интервентна теренска епидемиологија со цел јакнење на капацитетите на епидемиолошките служби.

Извршители: Медицински факултет-Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика.

Индикатор: Број на одржани предвања,број на слушатели.

Рок на извршување: прв и трет квартал

Табела број 1 :Приказ по обем и вид на активности по извршители

ЦЈЗ извршители	анкети	надзори	БАБ тест	Brucella capt.test	PCR	Вк.број предавања во рурални средини и за работници	Регионални семинари	Стручно методолошка помош	Интервентна епидемиологија	Бр.ој на отпечатени брошури
ЦЈЗ Штип	70	80	100	80	0	20	/	/	/	1496
ЦЈЗ Скопје	47	47	47	50	0	10	/	/	/	1000
ЦЈЗ Велес	60	98	100	100	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗ Прилеп	50	60	100	80	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗ Тетово	30	60	80	60	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗ Струмица	50	80	80	50	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗ Куманово	50	60	80	50	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗ Битола	30	55	80	40	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗ Охрид	30	50	80	40	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗ Кочани	25	35	50	40	0	16	/	/	/	1000
ИЈЗ на РМ	0	0	100	80	50	0	3	10	/	3000
Мед.фак.	/	/	/	/	/	/	3	/	2	0
вкупно	**442**	**625**	**897**	**670**	**50**	**170**	**6**	**10**	**2**	**16296**

III. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Согласно предвидените активности, во извршувањето на оваа програма, ќе бидат вклучени следните институции:

- ИЈЗ на РМ
- 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје
- Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика

IV. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на активностите предвидени во оваа програма доставуваат тромесечни и годишни извештаи за спроведените активности.

ЈЗУ Центри за јавно здравје и нивните подрачни единици, треба да подготват и да достават четири тромесечни и еден годишен извештај за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности за нејзино спречување и сузбивање до ИЈЗ на РМ, во точно определени рокови.

ЈЗУ Центри за јавно здравје доставуваат тромесечни извештаи до ИЈЗ на РМ во рок од седум дена по истекот на тромесечјето.

ИЈЗ на РМ подготвува и доставува квартални /тромесечни извештаи до Министерството за здравство во рок од десет дена по завршувањето на кварталот.

ЈЗУ Центри за јавно здравје годишниот извештај за реализација на активностите од оваа програма го доставуваат до ИЈЗ на РМ најдоцна до 15 јануари 2018 година.

ИЈЗ на РМ доставува до Министерството за здравство комплетен извештај за реализираните мерки и активности, предвидени со оваа програма најдоцна до 31 јануари 2018 година.

1.1.1.1.1. V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 2017 година, потребни се следните средства:

Број	Назив	Количина (вкупно)	Единечна цена (ден)	Вкупно Износ во денари	Извршители
1.	*Епидемиолошки надзор на терен и истражување*	625	500,00	312.500,00	10-теЦЈЗ
2.	Епидемиолошки анкети	442	100,00	44.200,00	10-теЦЈЗ
3.	BAB тест	897	220,00	197.340,00	ЦЈЗ и ИЈЗ
4.	Brucella capt.тест	670	900,00	603.000,00	10-те ЦЈЗ, ИЈЗ на РМ
5.	PCR	50	3500,00	175.000,00	ИЈЗ на РМ
6.	Семинари едукативни	6	25.000,00	150.000,00	ИЈЗ на РМ и Медицински факултет -Скопје
7.	Предавања за население во рурални средини и експонирани работници	170	1.500,00	255.000,00	10-те ЦЈЗ
8.	Стручно методолошка помош	10	5.000,00	50.000,00	ИЈЗ на РМ
9.	Специфична едукација по интервентна епидемиологија	2	25.000,00	50.000,00	Медицински факултет - Скопје
10.	Печатење на флаери	16.296	10,00	162.960,00	10-те ЦЈЗ, ИЈЗ на РМ
Б.	ВКУПНО	**2.000.000,00 денари**			

Исплатата на средствата по Програмата ќе се врши квартално од страна на Министерството за здравство, врз основа на доставените фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата и согласно работниот план.

Фактурирањето ќе се врши по утврдени цени на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и одобрени програмски цени.

Фактурирањето ќе се врши по утврдените програмски цени кои се составен дел на оваа програма, на стандарден образец за фактура, објавен на веб страната на Министерството за здравство со извештај во прилог.

Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Реализацијата на програмските активности на регионално и локално ниво ја спроведуваат ЈЗУ Центрите за јавно здравје.

Направените долгови кон извршителите за 2016 година ќе бидат исплатени во тек на 2017 година.

Оваа програма ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година во висина од од 2.000.000,00 денари, од кои 1.500.000,00 денари од основен буџет и 500.000,00 денари од сопствени средства на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7832/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4419.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
„ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ“ ЗА 2017 ГОДИНА

В О В Е Д

Кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението како во светски рамки така и во Република Македонија.

Зголемениот крвен притисок, зголемени маснотии во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана, недоволната физичка активност, злоупотребата на алкохол и тутун се најчести ризик фактори за настанување на кардиоваскуларните заболувања. Најзначајните ризик фактори за појава на незаразни болести, можат да се спречат и да се контролираат.

Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет ширум светот.

Причинители на висока зачестеност на масовни незаразни болести во последните децении од дваесеттиот век и почетокот на овој век се значајните и брзи промени во начинот и стилот на живот на современиот човек. Најмногу се изразени промените во начинот на исхрана, нивото на физичка активност, зголемената употреба на алкохол и тутун. Во интеракцијата на физичката активност, храната, исхраната и на здравјето на луѓето, вклучени се следните релевантни аспекти: енергетската потрошувачка преку физичката активност како важна компонента на енергетската рамнотежа што ја определува телесната тежина.

Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, одредување шеќер и маснотии во крвта се битен елемент за навремено спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања.

Едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување болести.

Параметри на здравјето кои е потребно да се следат се: крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и маснотии во крвта. На граѓаните потребно е во исто време да им се даваат и конкретни совети за грижа за сопственото здравје како совети за промоција на здрави животни стилови, поддршка за откажување од штетни животни навики, одвикнување од пушење, за начинот на исхрана и заштита од високите температури, важност на превентивните прегледи.

1. Спроведување на акции за бесплатни прегледи од страна на здравствени домови- по една акција на секои два месеци

Со оваа активност на сите граѓани им се дава можност да извршат бесплатен превентивен преглед и тоа независно од нивниот статус на здравствено осигурување.

Активностите се состојат во бесплатни лекарски прегледи, мерење крвен притисок, телесна тежина и висина, индекс на телесна маса, одредување шеќер и маснотии во крвта и други лекарски совети. Резултатите од мерењата се соопштуваат на лице место.

При прегледите се даваат и совети за грижа за здравјето, начин на исхрана, заштита од високите температури, а се делат и промотивни печатени едукативни материјали за правилен начин на живот и исхрана.

Активностите се спроведуваат на отворен и затворен простор во зависност од временските прилики, а за местото, денот и времето на спроведување на прегледите, населението ќе биде известено преку локалните медиуми и месните заедници.

Секој Здравствен дом треба да обезбеди по шест акции на годишно ниво, во рурално подрачје.

Динамиката на спроведување на активностите ќе биде еднаш на два месеци и тоа по една акција во следните периоди - (од 01.01.2017 до 28.02.2017год), (од 01.03.2017 до 30.04.2017 год), (од 01.05.2017 до 30.06.2017 год), (од 01.07.2017 до 30.08.2017 год), (од 01.09.2017 до 30.10.2017 год) и (од 01.11.2017 до 31.12.2017 год).

Здравствените тимови ќе бидат составени од лекар медицинска сестра и возач.

Резултатот од анализата ќе се евидентира во евидентен лист и се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

2. Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови кои ќе бидат спроведени од страна на сите здравствени домови.

3. Проект „Ало докторе“

Целта на функционирањето на телефонска линија за медицински совети „Ало докторе“ е обезбедување советодавни здравствени услуги, односно консултации и упатства за граѓаните при појава на првични симптоми за кои е неопходен итен медицински третман (главоболка , настинка, покачена телесна температура).

Граѓаните кои се јавуваат во повикувачкиот центар на телефонската линија 15123, имаат можност во тек на 24 часа да добијат стручен медицински совет и доколку има потреба пациентот се упатува до Итната медицинска помош или се советува да закаже преглед кај соодветен специјалист.

4. Трошоци за гориво за Рурални Концесионери (над 25 км оддалеченост и минимум 400 пациенти. За остварување на оваа активност ќе се обезбедат трошоци за гориво за руралните доктори (над 25 км оддалеченост и минимум 400 пациенти) со месечна исплата преку здравствените домови по реално направени трошоци (10% од цената на литар гориво за соодветното возило на поминат километар, сметано според видот на горивото што го користи возилото).

5. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на Програмата е активен пристап до граѓаните од руралните средини, контрола на нивното здравје, навремено и соодветно лекување и препораки за превенција на здравјето.

6. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За време на припремните активности за целосно и навремено спроведување на Програмата се организираат средби со одговорните лица на здравствените установи – извршители на активностите. Воедно, навремено се обезбедуваат потребните медицински материјали, промотивни материјали и друг потребен инвентар. За таа цел ќе се спроведат следните активности:

Список со одговорни лица по здравствени установи и нивни телефонски броеви.

Координатори на активностите се Здравствените домови за своето подрачје.

Календар со локалитети за поставување на пунктови за вршење на превентивните прегледи (на два месеци).

Евидентен лист за индивидуалниот превентивен преглед, со содржината за антропометриските мерења за определување на индексот на телесна маса, мерење на нивото на шеќерот и холестеролот во крвта и крвниот притисок.

Набавка на апарати за анализа, ленти за одредување на шеќерот и холестеролот во крвта и ланцети.

Подготовка на анкетните листи во постоечкиот софтвер.

7. ЕВАЛУАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Секој извршен превентивен преглед се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува до Институтот за јавно здравје Скопје.

По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период Институтот за јавно здравје на Република Македонија изготвува студија за добиените резултати од превентивните прегледи по здравствени домови на ниво на државата со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните.

8. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Ред бр.	Активност	Единица/вредност	Извршители	Износ во денари
1	Надоместок за ангажирање на тимовите кои ќе одат на терен	3.000,00 ден (една посета - тим лекар, сестра и возач) (по 6 посети годишно) 33*6*3.000,00ден	33 Здравствени домови	594.000,00
2	Обработка на податоци од мерењата при здравствениот преглед и извештај	100.000,00 ден (годишно)	Институтот за јавно здравје на Република Македонија	100.000,00
3	Материјални трошоци (кутии, алкохол,бензин, вода, безалкохолни пијалоци и друго)	33*25.000,00ден (годишно)	33 Здравствени домови	825.000,00
4	Печатење на промотивен материјал	10.000 по 10,00 ден	Здравствен дом Скопје	100.000,00
5	Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови	33*10.000,00 ден (годишно)	33 Здравствени домови	330.000,00
6	Проект Ало докторе	22 доктори, просечно по 10.000,00 ден месечно, вкупно 220.000,00 денари, за 12 месеци 220.000,00 *12	Здравствен дом Скопје	2.640.000,00
7	Трошоци за гориво за Руралпни доктори (над 25 км оддалеченост и минимум 400 пациенти)	По поминат километар (10% од цената на литар гориво за соодветното возило на поминат километар ,сметано според видот на горивото што го користи возилото)	33 Здравствени домови (руралните доктори)	200.000,00
8	Проект за одвикнување од пушење		Министерство за здравство	211.000,00
	ВКУПНО			5.000.000,00ден

А. Средствата од точките 1, 3, 4, 5, 6 и 7 од табелата од оваа програма се доставуваат до здравствените домови извршители на активностите.

Б. Средствата од точка 2 од табелата од оваа програма се доставуваат до Институтот за јавно здравје на Република Македонија по завршување на активностите од оваа програма и по доставен извештај со резултати од активностите. Направените долгови кон извршителите за 2016 година ќе бидат исплатени во тек на 2017 година.

Програмата ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година во износ од 5.000.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7834/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4420.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15,17/16 и 37/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

I. Вовед

Туберкулозата се уште претставува глобален медицински проблем пред се во неразвиените земји и земјите во развој. Денес,една третина од светската популација е инфицирана со туберкулозниот бацил. Кај 10% од инфицираните во текот на животот се развива болест.Според податоците на Светската здравствена организација, секоја година во светот се регистрираат над 8 милиони нови случаи на туберкулоза, а умираат над 2 милиони. Појавата на резистентни форми на туберкулоза чиј број континуирано се зголемува, е една од причините која придонесува за големината на проблемот со туберкулозата. Денес во светот има приближно половина милион заболени од резистентни форми на туберкулоза. Епидемијата на ХИВ/СИДА во светот придонесе за значително зголемување на бројот на болни од туберкулоза.ХИВ инфекцијата е најмоќен познат фактор што овозможува прогресија на туберкулозната инфекција во болест.

II. Моментална состојба

Во 2015 година во Република Македонија регистрирани се 285 случаи на туберкулоза. Од регистрираните 218 (76,1%) случаи се со белодробна форма на туберкулоза а 67(23,9%) со вонбелодробна. Инциденцата изнесува 13,8/100 000 население, и е значително намалена во однос на 2013 година, кога изнесувала 15,6/100 000 население. Намалена е и стапката на детска туберкулоза 5,4/100 000 население (19болни). Бројот на умрени од туберкулоза во 2014 година изнесуваше 23(0,9/100 000 население). Во 2014 година во Република Македонија регистрирани се два нови случаи со мултирезистентна форма на туберкулоза.

Во последните години во Република Македонија бележиме подобрување на епидемиолошката состојба со туберкулозата. Но, лошата социјално економска состојба поради невработеноста, сиромаштијата, стигмата, големиот број на хронични незаразни болести се фактори кои придонесуваат проблемот со туберкулозата во Република Македонија и натаму да перзистира. Ова наметнува потреба од постојана активност од надлежните институции одговорни за контрола на болеста.

III. Мерки кои треба да се превземат за подобрување на состојбите

Со цел за што поуспешна контрола на туберкулозата во Република Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на Mycobacterium tuberculosis, спречување на коинфекција меѓу туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се превземат сите расположиви превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

IV. Цели на Програмата

Целите на Програмата се зацртани со секоја програмска активност.

1.1. Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија:

Со цел рано откривање на болните од туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања се врши селективно радиофотографско снимање на лица кај кои постои поголема опасност од заболување од туберкулоза. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи: затвореници, болни во психијатриски болници, привремено раселени лица, бездомници, популација со поголема стапка на заболување од туберкулоза во однос на националата(Роми), подрачја со поголема стапка на заболување од туберкулоза, корисници на дроги и сл.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

1.2. Дообработка на сомнителни ртг наоди: цел на активноста е прегледаните лица со радиофотографско снимање и сите сомнителни ренгенолошки наоди дополнително да се обработуваат. Во 2017 година се планира со дообработка да бидат опфатени 100 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

2. Активно откривање на болни од туберкулоза(преглед на контакти)

Како контекти се испитуваат:

- Сите лица кои биле во контакт со болен од микроскопски позитивна туберкулоза
- Сите членови на семејството на болен од микроскопски негативна туберкулоза
- Родителите и другите членови на семејството на болно дете (до 14 годишна возраст)

Минимум испитувања за преглед на контакти:

- Возрасни: рентгенграфија на бел дрон и директна микроскопија два искашлока
- Деца: испитувањето се состои од туберкулинско тестирање по методата на Манту и квантиферон тест по индикација поставена од лакар, рентгенграфија и директна микроскопија два искашлока.

За испитаните контакти се пополнува формулар кој се доставувавоИнститутот за белодробни заболувања и туберкулоза за обработка

Извршители: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, стационарите и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза.

3. Мониторинг-евалуација и стручно методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза со цел да се подобри организацијата на работата, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведување на превентивни мерки, водење на медицинската документација за случаите со туберкулоза и сл.

Тимот за мониторинг и евалуација го сочинуваат експерти од Институтотза белодробни заболувања и туберкулоза. Се мониторира и евалуира по два пати годишно работата на 25 установи и тоа: 4 болници, 15 диспанзери, 3 психијатриски болници, 3 Казнено-поправни установи во Скопје, а по потреба идруги Казнено поправни установи во Македонија.

За извршениот стручно методолошки надзор се изготвува Извештај со предлог мерки за надминување на идентификуваните проблеми за секоја установа посебно

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

4. Работилница за БЦГ имунизација, дијагноза и лекување на Латентна туберкулозна инфекција за здравствени работници. Со цел да се освежат знаењата, се презентираат новините и практично се проверуваат знаењата во врска со БЦГ имунизацијата, дијагнозата и лекувањето на латентната туберкулозна инфекција и превенцијата на туберкулозата.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

5. ДОТ активности имаат за цел непосредно да се контролира лекувањето на болните од туберкулоза, со цел да се спречи прекин и несоработка на болниот во текот на лекувањето.

Под ДОТ активности се подразбира непосредна контрола на лекувањето и следење на болните со туберкулоза, како и здравствено просветување преку разговор со болните и нивните семејства во домот на болниот.

За извршената посета, медицинското лице кое ја реализирало посетата, да пополнува формулар кој ги содржи наодите од посетата. Истиот треба да биде потпишан од болниот и членовите на семејството присутни при посетата. Формуларите се доставуваат тековно до Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза каде се обработуваат.

Извршители: Институтот за белодробни болести и туберкулоза, Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза

6. Печатење на пропаганден материјал има за цел да го подигне нивото на знаење за туберкулозата во селектирани групи на население и општа популација.

Во текот на 2017 година ќе биде подготвен, отпечатен и дистрибуиран пропаганден материјал наменет за различни целни групи и општа популација.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

7. Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза. Има за цел да го спречи ширењето на туберкулозата преку лекување на новооткриените случаи на туберкулоза според стандардни режими на лекување препорачани од Светската здравствена организација.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

8. Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на болни со резистентни форми на туберкулоза има за цел да го спречи ширењето на резистентните форми на туберкулоза, чие лекување е долготрајно, скапо и честопати неуспешно.

Иако, бројот на мулти и полирезистентни форми на туберкулоза во Република Македонија не е голем, сепак, неопходно е да се превземат сите превентивни мерки за спречување на појава на овие форми на туберкулоза. Нелекувањето на овие болни претставува можност за ширење на инфекција со тешки форми на болеста чие лекување трае најмалку 2 години со неизвесен исход и последици од лекувањето. Годишно, во Македонија се регистрираат 2-3 нови случаи на мулти или полирезистентна туберкулоза.

Резистентните форми на туберкулоза (РР, мулти и полирезистентните) се лекуваат исклучиво во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза. Набавката и чувањето на лекови за овие форми на туберкулоза се врши од страна на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза врз основа на бројот на лица кои се лекуваат со нив.

Извршител:ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

9. Одржување на софтверот за туберкулоза

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза раководи со базата на податоци за случаите на туберкулоза во Република Македонија.Софтверот кој е лоциран во Институтот има потреба од континуирано одржување.

10. Надомест на патни трошоци

Лицата кои се лекуваат од туберкулоза, во тек на континуираната фаза од лекувањето треба да дојдат на 3 контролни прегледи во Институтот за што е потребно да им се надоместат патните трошоци.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни болести и туберкулоза

11. Набавка на квантиферон тест

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни болести и туберкулоза

V. Финансирање

Извор на средства за реализирање на планираните активности во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението во Република Македонија за 2017 година е Буџетот на Република Македонија за 2017 и тоа 25.000.000.00денари,од кои 20.000.000,00 денари од основен Буџет и 5.000.000,00 денари од сопствени средства на Министерството за здравство.

VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Табела 1

Бр	Активности	Извршители	Единечна цена (денари)	Индикатори	Вкупен износ (денари)
1	Спроведување на ПАЛ во пракса на општи лекари _Годишно советување на општи лекари		18.000,00	2	36.000,00
2	Адекватна обработка на спутум- Организација на транспорт (Гориво за собирање на спутум)	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	64,00	1920	122.880,00
3	Редовна надворешна проверка на квалитет (ЕКА)- Надзорни посети	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	28	28.000,00
4	Испраќање примероци до СНРЛ Милано	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	30.000,00	2	60.000,00
5	Трошоци за скрининг на сомнителни од ТБ (партиципација)	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	600,00	210	126.000,00
6	Континуитет на ДОТ активности- 3 ДОТ сестри Скопје	Здруженија	30.750,00	18	553.500,00
7	Континуитет на ДОТ активности- 1 ДОТ сестра Тетово	Здруженија	30.750,00	6	184.500,00
8	Континуитет на ДОТ активности- 1 ДОТ сестра Гостивар	Здруженија	30.750,00	6	184.500,00
9	Континуитет на ДОТ активности- 1 ДОТ сестра Куманово	Здруженија	30.750,00	6	184.500,00
10	Континуитет на ДОТ активности- Ангажирање на 2 ДОТ сестри за супервизија	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	18	18.000,00
11	Континуитет на ДОТ активности- Одржување на 6 возила на ДОТ	Министерство за здравство	54.000,00	6	324.000,00
12	Континуитет на ДОТ активности- Набавка на гориво за ДОТ	Здруженија	64,00	6528	417.792,00
13	Континуитет на ДОТ активности- Годишно советување за реализација на ДОТ активности спроведени од ДОТ сестри	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	450,00	10	4.500,00
14	Експанзија на ДОТ активности на територија на Македонија	Здруженија	432.000,00	1	432.000,00

15	Идентификација на пациенти кои примаат прехранбени и хигиенски пакети _ Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	72	72.000,00
16	Набавка на прехранбени и хигиенски пакети за ТБ пациенти	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	2.500,00	1000	2.500.000,00
17	Одржување и надградба на софтвер за електронска обработка на податоци за ТБ пациенти во Република Македонија	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.200.000,00	1	1.200.000,00
18	Редовни Мониторинг посети- Посета на 16 ТБ диспанзери и 4 ТБ стационари	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	80	80.000,00
19	Редовни Мониторинг посети- Посета на 12 поправни институции и 4 психијатриски установи	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	32	32.000,00
20	Редовни Мониторинг посети- Посета на 7 лаборатории	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	28	28.000,00
21	Спроведување на ПАЛ во пракса на општи лекари _ Мониторинг и евалуација	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	60	60.000,00
22	Редовни Мониторинг посети- Одржување на возило	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	54.000,00	1	54.000,00
23	Редовни Мониторинг посети- Гориво за M&E посети	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	64,00	1752	112.128,00
24	Годишен состанок на претставници од институции кои спроведуваат контрола на ТБ	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.150,00	27	31.050,00
25	Тренинг за ВСТ	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.150,00	22	25.300,00
26	Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на специјалисти за ТБ	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.300,00	27	35.100,00
27	Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на медицински сестри кои работат со контрола на ТБ	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.300,00	42	54.600,00

28	Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на општи лекари	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	23.400,00	4	93.600,00
29	Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Тренинг на медицински кадар во затвори и поправни домови	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.300,00	22	57.200,00
30	Тренинзи во земјата на различни здравствени профили _Акредитација на тренинг за специјалисти за ТБ и општи лекари	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	49.300,00	2	98.600,00
31	Тренинг за јакнење на капацитетите на здруженија во лобирање и застапување	Здруженија	1.300,00	22	28.600,00
32	Тренинг за јакнење на капацитетите на здруженија во прибирање на финансиски средства од разни извори	Здруженија	1.300,00	22	28.600,00
33	Тренинг за јакнење на капацитетите на здруженија во прибирање на финансиски средства од разни извори	Здруженија	11.000,00	1	11.000,00
34	Набавка на медицински потрошен материјал - (солидни тврди подлоги-Ловенстен Јенсен)	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	80,00	5000	400.000,00
35	Набавка на медицински потрошен материјал - течни подлоги за Бактек Мигит 320"	Министерство за здравство	41.650,00	20	833.000,00
36	Набавка на медицински потрошен материјал-лабораториски	Министерство за здравство	685.180,00	1	685.180,00
37	Набавка на лабораториски материјали и потрошен лабораториски материјал	Министерство за здравство	330.000,00	1	330.000,00
38	Набавка на потрошен материјал за Гене Х перт	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	800,00	250	200.000,00
39	Набавка на Квантиферон тест	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	2.400,00	300	720.000,00
40	Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрирани случаи на туберкулоза	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	2.003.190,00	1	2.003.190,00

41	Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на резистентни форми на туберкулоза	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000.000,00	1	1.000.000,00
42	ХИВ помеѓу ТБ пациенти- Советување (вцт)	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	30.000,00	2	60.000,00
43	ВЦЦТза ТБпациенти	Министерство за здравство		0	0,00
44	ТБ/ХИВ Активности за соработка - Квартални трошоци	Министерство за здравство	18.000,00	1	18.000,00
45	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Набавка на гориво за флуоробус	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	64,00	2400	153.600,00
46	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Одржување на возило за флуорографско снимање (флуоробус)	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	62.000,00	1	62.000,00
47	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи - флуорографско снимање и читање на резултати на терен	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000,00	160	160.000,00
48	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -4 лица за дистрибуција на покани за флуорографско снимање кај ризични групи	Здруженија	600,00	320	192.000,00
49	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Мотивациони пакети за мобилизирање на таргетираните ризични групи	Здруженија	200,00	8000	1.600.000,00
50	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Печатење информативен материјал (постери и покани)	Здруженија	510.000,00	1	510.000,00
51	Доработка на сомнителни РТГ наоди со актвно пронаоѓање на случаи	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	2.900,00	250	725.000,00
52	Активно пронаоѓање случаи кај ризични групи -Преглед на контакти	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	893,00	1000	893.000,00
53	Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - Набавка на респиратори	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	295,00	3600	1.062.000,00
54	Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - Набавка на маски и ракавици	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	5,00	83000	415.000,00

55	Набавка на услуги за ДДД	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	90.000,00	1	90.000,00
56	Проценка на ресурсите и адресирање на препораките од АЦСМ Стратегија - Состанок на Националната Комисија за ТБ	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.300,00	25	32.500,00
57	Медиа кампања и ПР активности за лобирање и социјална мобилизација	ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза	1.000.000,00	1	1.000.000,00
58	Имплементација на локални акциони планови за одржливост на програмата	Здруженија	1.418.711,00	1	1.418.711,00
59	ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Координација на активноста	Здруженија	18.000,00	6	108.000,00
60	ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Спроведување на скрининг	Здруженија	300,00	600	180.000,00
61	ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Мониторинг посети	Здруженија	1.000,00	12	12.000,00
62	ТБ превенција и скрининг помеѓу Ромска популација со посредство на ромски медијатори - Административни и канцелариски трошоци	Здруженија	4.100,00	6	24.600,00
63	Едукација на ТБ пациенти и членови на семејства	Здруженија	987.200,00	1	987.200,00
64	Едукативни активности и скрининг кај високоризични групи (ИДУ, затвореници, сексуални работници, ПЛВХА, лица од ромска заедница, лица на ММТ, бегалци и азиланти)	Здруженија	925.500,00	1	925.500,00
65	Едукативни активности за високоризични групи	Здруженија	200.000,00	1	200.000,00
66	Човечки ресурси за превентивна програма - Програмско следење	Министерство за здравство	50.961,00	3	152.883,00
67	Човечки ресурси за превентивна програма - Финансиско следење	Министерство за здравство	50.961,00	6	305.766,00
68	Човечки ресурси за превентивна програма - Мониторинг и Евалуација	Министерство за здравство	43.820,00	6	262.920,00
	ВКУПНО:				25.000.000,00ден

VII.Средства – донации од глобален фонд

Исто така независно од Буџетот на Република Македонија се предвидени и средства за предвидените активности финансирани од програмата на Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и малариј за периодот до 30.06.2017 година (табела 2).

Табела 2

Планиран буџет за 2017

Приходи	Подставка	742119		157.306.000,00
Расходи	Ставка	420		6.053.000,00
		421		10.265.000,00
		423		31.800.000,00
		424		2.532.000,00
		425		78.417.000,00
		426		3.840.000,00
		480		14.700.000,00
		481		8.500.000,00
		483		0,00
		485		1.199.000,00
		486		0,00
Вкупно				157.306.000,00 ден

Вкупно:157.306.000,00 денари

VIII. Извршители на Програмата

Извршители на Програмата се ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата-Козле, Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза во Македонија и Институтот по епидемиологија и биостатистика. Во имплементација на активностите финансирани од Глобален фонд, покрај Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза се вклучени и 6 здруженија на граѓани, и тоа: Невладина организација Хера, Невладина организација Хопс, Невладина организација Мерц, Невладина организација Доверба, Невладина организација (ЕЦДКОР) и Црвен крст на Република Македонија.

IX. Доставување на Годишни извештаи и рокови

Секој извршител, податоците за своите реализирани активности тековно ги доставува до Централната единица на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза каде се обработуваат и се изготвуваат кварталнии извештаи. Кварталните извештаи се доставуваат до Министерството за здравство - Сектор за примарна и превентивна здравствена заштита, најдоцна 15 дена по завршување на кварталот.

Врз основа на кварталните извештаи, ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза изготвува Годишен извештај кој се доставува до Министерството за здравство - Сектор за примарна и превентивна здравствена заштита во првата половина на декември во тековната година.

X. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евулација)

Реализацијата на оваа програма се следи временски: квартално и годишно, преку зацртаните квантитативни цели. Централната единица на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза врши контрола на квалитетот на реализираните активности преку евалуација на доставените индивидуални информации од извршителите, врз основа на кои се изработуваат кварталните извештаи.

Направените долгови кон извршителите за 2016 година ќе бидат исплатени во тек на 2017 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7835/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4421.

Врз основа на член 16 ставовите 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија за 2017 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите како и обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

Со Програмата се опфатени корисниците на старосна, инвалидска и семејна пензија, чијашто пензија е пониска од 12.600 денари и се со живеалиште на територијата на Република Македонија. Со Програмата се опфатени случаите на болничко лекување во болничките здравствени установи во Република Македонија непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест.

Со Програмата не се опфатени членовите на семејството на корисникот на пензијата, корисници на пензија кои остваруваат право на пензија од друга држава како и случаите на:

- специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување,
- сместување во геронтолошка установа и
- дневното болничко лекување (дневна болница).

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Македонија за покривање на учеството (партиципацијата) при користењето на болничката здравствена заштита на граѓаните односно пензионерите со пензија пониска од 12.600 денари.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување на грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите како и обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира со финансиски средства во висина од 48.000.000,00 денари. Од основен буџет на Република Македонија за 2017 година одобрени се 18.000.000,00 денари, а останатите 30.000.000,00 денари од самофинансирачки средства на Министерството за здравство.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени заостанатите обврски.

4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7836/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4422.

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција („Службен весник на Република Македонија" бр. 119/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ДОМАШНАТА ЗАБАВНА И НАРОДНА МУЗИКА ВО 2017 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува распределбата на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, за финансирање на 200 нови композиции, односно 150 композиции од областа на забавната и народната музика и 50 детски композиции, за кои Јавното претпријатие „Македонска радио-телевизија" – Скопје објавува квартални конкурси.

2. Во Буџетот на Република Македонија за 2017 година се обезбедуваат средства на сметката на Министерството за култура 180100042663712, во бруто износ од 31.768.000,00 денари и тоа за:

КОНКУРС I и II (месец декември 2016 година и април 2017 година)

- по основ на исплата на надомест на изведувачи на композиции за категориите: „таленти", „афирмиран изведувач", „истакнат изведувач", „врвен изведувач", „композиции со кои се афирмираат семејните вредности во општеството или многудетните семејства", „композиции со кои се афирмира историјата на Македонија", „детски композиции", како и композиции во изведба на „ѕвезди" – средства во бруто износ од 14.796.900 денари (240.600 евра) односно во бруто износ од 7.398.450 денари (120.300 евра) по конкурс. Средствата се наменети за реализација на 94 композиции во сите категории на двата конкурси односно 47 композиции по конкурс.

- по основ исплата на надомест за членовите на комисијата која одлучува по доставените пријави на конкурсите, во бруто износ од 140.000 денари (2.276,50 евра) за двата конкурси (за седум члена комисија).

КОНКУРС III и IV (месец јуни и септември 2017 година)

- по основ на исплата на надомест на изведувачи на композиции за категориите: „таленти", „афирмиран изведувач", „истакнат изведувач", „врвен изведувач", „композиции со кои се афирмираат семејните вредности во општеството или многудетните семејства", „композиции со кои се афирмира историјата на Македонија", „детски композиции" како и композиции во изведба на „ѕвезди" – во бруто износ од 16.691.100 денари (271.400 евра) односно во бруто износ од 8.345.550 денари (135.700 евра) по конкурс. Средствата се наменети за реализација на 106 композиции во сите категории за двата конкурси односно 53 композиции по конкурс.

- по основ исплата на надомест за членовите на комисијата која одлучува по доставените пријави на конкурсите, во бруто износ од 140.000 денари (2.276,50 евра) за двата конкурси (за седум члена комисија).

3. Следење на реализацијата на оваа програма врши Министерството за култура.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7844/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4423.

Врз основа на член 26 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, Подпрограма 21- Инвестиции во животната средина, Подпрограма 25-Канализациони мрежи и одводни канали, Подпрограма 2А Каскадни прегради на река Вардар и канализациона мрежа во Велешта и Отља, за 2017 година.

II

Средствата за реализирање на Програмата инвестиции во животната средина за 2017 година (во натамошниот текст: Програма) се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година од сметка 637-12, во износ од 228.600.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на:

1) Јавни набавки кои ги објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за јавни набавки. Средствата ќе се наменат за финансирање на тековни проекти како и кофинансирање на тековни донаторски проекти од областа животна средина.

2) Наменски дотации за општините од средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива за 2016 година. Средствата ќе се наменат за финансирање на проекти од областа животна средина, доставени од општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир.

3) Капитални дотации до ЕЛС за изградба на пречистителна станица за Демир Хисар и околните населени места, ќе се реализираат врз основа на јавни набавки кои ќе ги спроведе општина Демир Хисар.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Финансирање на повеќегодишен Проект за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за населено место Трпејца , општина Охрид, (со вкупна проценета вредност на Проектот од 78.356.514,00 денари) во износ од 25.000.000,00 денари за 2017 година;

2. Кофинансирање на Проект за третман на отпадни води во Кочани, со донација од Државниот секретаријат за економски работи на Швајцарија, SECO - Швајцарска влада и буџетски средства во износ од 15.000.000,00 денари за 2017 година;

3. Финансирање на повеќегодишен Проект за чистење на речното корито на реката Вардар од населено место Туденце, општина Јегуновце, по Заклучокот на Владата на Република Македонија бр. 42-924/1 од 17.2.2015 година, (со вкупна проценета вредност на Проектот од 401.000.000,00 денари) во износ од 39.000.000,00 денари за 2017 година;

4. Кофинансирање на повеќегодишен Проект за изградба на систем за водоснабдување и прочистување на отпадни води во Делчево - фаза 1 (со вкупна пресметковна вредност од 16.481.000 CHF, од кои 14.457.000CHF донација од Швајцарска влада преку SECO и локална контрибуција од 1.194.000 CHF или 108.640.000,00 денари од Министерството за животна средина и просторно планирање и 840.002 CHF од општина Делчево) во износ од 4.000.000,00 денари за 2017 година;

5. Финансирање на повеќегодишен Проект за изградба на канализациона мрежа во општина Арачиново (со вкупна проценета вредност на Проектот од 2.000.000,00 Евра) во износ од 35.000.000,00 денари за 2017 година;

6. Финансирање на Проект за проектирање и уредување на речно корито од с. Бојане до с. Глумово, општина Сарај во износ од 10.000.000,00 денари за 2017 година;

7. Финансирање на Проект изградба на потпорен зид во општина Тетово во износ од 21.000.000,00 денари за 2017 година;

8. Финансирање на проектирање и регулирање на одводни канали за одводнување во загрозени подрачја од поплавите во Сингелиќ во износ од 20.000.000,00 денари за 2017 година;

9. Финансирање изработка на Основен проект за изградба на канализациона мрежа во Шипковица во износ од 1.000.000,00 денари за 2017 година;

10. Финансирање на повеќегодишен Проект за изградба на пречистителна станица во н.м. Крушопек, општина Сарај (со вкупно проценета вредност од 128.983.000,00 денари) во износ од 15.000.000,00 денари за 2017 година;

11. Финансирање на изградба на канализациона мрежа во с.Велешта, општина Струга во износ од 5.000.000,00 денари за 2017 година;

12. Финансирање изградба на канализациона мрежа во с. Отља, општина Куманово, во износ од 10.000.000,00 денари за 2017 година;

13. Наменски дотации на општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир за проекти од областа животна средина во износ од 23.600.000,00 денари за 2016 година и

14. Капитални дотации до општина Демир Хисар за изградба на пречистителна станица за Демир Хисар и околните населени места во износ од 5.000.000 денари.

V

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од правни лица врз основа на јавна набавка, за намени од дел IV точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на оваа програма.

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир врз основа на наменски дотации и спроведени јавни набавки од страна на општините, за намени од дел IV точка 13 на оваа програма.

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од општината Демир Хисар, врз основа на спроведена јавна набавка, за намени од дел IV точки 14 на оваа програма.

VI

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 1) на оваа програма ќе се врши согласно Договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и правните лица.

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 2) на оваа програма ќе се врши согласно Договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир.

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 3) на оваа програма ќе се врши согласно Договорите што општината Демир Хисар ќе ги склучи со изведувачот за посочениот проект согласно Законот за јавни набавки.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7849/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4424.

Врз основа на член 52 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со Програмата за унапредување на животната средина за 2017 година се утврдува намената на средствата утврдени во Раздел 121.01-Министерство за животна средина и просторно планирање, Подпрограма С1-Унапредување на животна средина и тоа средства од донации во вкупен износ од 4.370.000,00 денари.

II

Средствата за реализирање на Програмата за унапредување на животната средина за 2017 година (во натамошниот текст: програма) се приходи од:

1.Донаторски средства-сметка 785 (подсметки 785 - 28, 785-Х0, 785-А9, 785 И5, 785-Д2, 785-85, 785-32, 785-Ј0 и 785-09) во вкупен износ од 4.370.000,00 денари и тоа од следни приходи:

- 742 111-Приходи од Обединети Нации во износ од 2.295.000,00 денари,
- 742 114- Приходи од Европска Унија во износ од 1.800.000,00 денари и
- 742115 – Приходи од Европски Држави во износ од 275.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на јавни набавки и конкурси, за ангажирање на правни и физички лица (експерти од пооделни области) кои ги објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за јавните набавки.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распределуваат за следните намени:

1. Финансирање на Проект Канцаларија Озон, донација од Обединетите нации, во висина од 380.000,00 денари;
2. Финансирање на Проект за ефикасна дистрибуција на енергија – Компонента 4, донација од Државниот секретаријат за економски работи на Швајцарија, SECO, Швајцарска Влада, во висина од 125.000,00 денари;
3. Финансирање на Проект ПОПс, донација од Глобалниот еколошки фонд на Обединетите Нации, во висина од 1.230.000,00 денари;
4. Финансирање на Проект за стабилизација на ПОПс во депонии, донација од Глобалниот еколошки фонд на Обединетите Нации, во висина од 235.000,00 денари;
5. Финансирање на Проект Зајакнување на капацитетот за учество во клириншка куќа, донација од Глобалниот еколошки фонд на Обединетите Нации во висина од 300.000,00 денари;
6. Финансирање на проект Мониторинг на реките, донација од Швајцарската Влада, во висина од 150.000,00 денари;
7. Финансирање на Проект Унеско, донација од Обединетите Нации, во висина од 125.000,00 денари;
8. Финансирање на Проект за соработка во животната средина и одржливиот развој (Подпроекти: „Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Македонија,“ и „Зајакнување на капацитетите за олеснување на спроведувањето на Европската шема за трговија со емисии во Република Македонија,“), донација од Кралството Норвешка во висина од 1.800.000,00 денари и
9. Финансирање на Проект Емералд мрежа, донација од Обединетите Нации во висина од 25.000,00 денари.

V

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да ги користат правни и физички лица врз основа на јавни набавки и конкурси, за намените од дел IV на оваа програма.

VI

Исплатата на средствата од дел II став 1 на оваа програма ќе се врши согласно Договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и правните и физички лица.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7850/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4425.

Врз основа на член 218 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кој имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготовка и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

II

Средствата за извршување на работите наведени во глава I на оваа програма, од член 206, член 213, член 214 и член 215 согласно Законот за водите ќе се остварат од следните извори:

Изворни приходи	
1.	Надоместок за користење на водите од:
1.1	Правни лица кои произведуваат електрична енергија од хидроелектрични централи за секој произведен киловат час 1,0% од производната цена
1.2	Правни лица кои произведуваат електрична енергија од термоелектрични централи за секој произведен киловат час 0,5% од производната цена
1.3	Правни лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за консумирање, за секој употребен или искористен метар кубен искористена вода - 2% од утврдената цена од давателот на услугата
1.4	Правните или физички лица, кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за комерцијални цели (флаширање на вода) 0,5% од продажната цена на производот
1.5	Правните или физички лица, кои користат вода за производство на храна , пијалоци и технолошки потреби - 2% од цената на метар кубен искористена вода во јавниот водоснабдителен систем
1.6	Правни и физички лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем на геотермални води 7 денари од утврдената цена за метар кубен искористена вода
1.7	Имателите на рибници - 3% од продажна цена на килограм риба
1.8	Правни и физички лица кои користат вода за наводнување - 2% од утврдена цена на метар кубен од за хектар земјиште
1.9	Правни и физички лица кои користат вода за одводнување - 1% од утврдена цена на метар кубен од давателот на услугата
2.	Надоместок за испуштање на води од:
2.1	Правни и физички лица кои испуштаат непречистени отпадни води и води со променливи својства и отпадни материи и супставнции во реципиентите, а немаат уреди за прочистување - 1% од утврдената цена за собирање и третман на отпадни води
3.	Надоместок за вадење песок, чакал и камен од:
3.1	Правни и физички лица кои со дозвола вадат песок, камен и чакал од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела, и површините кои во катастарот за недвижности се заведени “под води” - 7% од цената на метар кубен изваден песок, камен и чакал
4.	Закупнина на државно земјиште дадено под закуп, што во катастарот на недвижности се води “под води”
5.	Средства од Буџетот на Република Македонија (трансфер)
6.	Буџетите на општините, општините во градот Скопје, градот Скопје
7.	Други приходи во согласност со закон

III

Вкупно планираните средства во оваа програма ќе се распределуваат спрема одредените проценти по намени согласно член 212 од Законот за водите и тоа како следи:

	Намена	%	Планирани средства во (денари)
1	- изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти - уредување и реконструкција на коритото на река Вардар на потегот од мостот Сарај во должина од 500 м	36	**8.000.000,00** **2.000.000,00**
2	- изработка на студија за МХЕ - изработка на План за управување и заштита од ризик од поплави на сливот на река Лепенец - изработка на План за управување и заштита од ризик од поплави на сливот на река Треска - Проект за уредување на коритото на река Треска на подрачјето на влив во река Вардар заради заштита и подобрување на режимот - изработка на студија за флаширање на вода за комерцијални потреби - хемикалии за спроведување на мониторинг на Југохром	64	**4.500.000,00** **1.000.000,00** **1.000.000,00** **1.500.000,00** **1.000.000,00** **8.600.000,00**
	ВКУПНО	100	**27.600.000,00**

Критериуми за распределба на средствата од точка 1 дел 1 се следни:

А) Подрачје во кое се наоѓа
- Урбана средина
- Рурална средина

Б) Досегашен начин на водоснабдување на населението
- Од водоводна мрежа
- Од јавна чешма
- Од бунари
- Останато

В) Финансиско учество на локалната самоуправа и јавните комунални претпријатија во изградбата на системот за водоснабдување.

IV

Средствата од глава III точка 1 алинеа 1 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за "Изградба на нови и одржување и унапредување постојните јавни водоснабдителни објекти ".

Барање може да поднесат единиците на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија најдоцна до 30.03.2017 година.

Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Дозвола за користење на вода;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа и
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.

Средствата од глава III точка 1 алинеа 2 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за "Уредување и реконструкција на коритото на река Вардар на потегот од мостот Сарај во должина од 500 м ".

Барање може да поднесе единицата на локална самоуправа надлежна за реализација на овој проект најдоцна до 30.03.2017 година.

Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Водостопанска согласност;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.

V

Средствата од глава III точка 2 од оваа програма ќе се користат за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно со член 212 став 3 и став 6 од Законот за водите.

VI

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7852/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4426.

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Средствата за реализација на Програмата за финансирање на изработка на просторен план на Република Македонија за 2017 година, се обезбедени во раздел 12101, програма 3, подпрограма 30, категорија 42, ставка 425 договорни услуги, утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година во износ од 6.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

2.1. Заостанати обврски од Годишната програма за финансирање на изработката на просторен план на Република Македонија за 2016 година. 1.000.000,00 ден.

2.2.СОВЖС (Стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето) за просторни планови. 900.000,00 ден.

2.3.Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија за 2016 година. 2.000.000,00 ден.

2.4.Изработка на Програма за спроведување на Просторниот план. 2.100.000,00 ден.

3. За начинот и динамиката на спроведување на Програмата ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7853/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4427.

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2017 година.

II

Средствата за реализирање на Програмата за инвестирање во животната средина за 2017 година (во натамошниот текст: Програма) се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животната средина, во износ од 122.800.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина. Дел од средствата ќе се наменат за кофинансирање на тековни проекти од областа животна средина.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и реализирање на проекти и активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 43.000.000,00 денари;
2. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 3.000.000,00 денари;
3. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари;
4. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 5.000.000,00 денари;
5. Кофинансирање на Проект за зајакнати граѓански организации за партиципативно транспонирање и спроведување на ЕУ 2020 пакетот за клима и енергија во износ од 1.000.000,00 денари;
6. Кофинансирање на тековни проекти од областа животна средина во износ од 29.000.000,00 денари;
7. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмата за инвестирање за 2015 и 2016 год во износ од 30.000.000,00 денари и
8. Трошоци за спроведување на програмата во износ од 3.800.000,00 денари.

V

(1) Средствата од дел II став 1 на оваа програма врз основа на поднесена и одобрена апликација можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да користат средства за намени од дел IV точка 1 на оваа програма;

2) Правни и физички лица можат да користат средства за намени од дел IV точка 2, 3 и 4 на оваа програма;

3) Непрофитни и невладини организации можат да користат средства за намени од дел IV точка 2 и 3 на оваа програма:

4) Научни и образовни институции можат да користат средства за намени од дел IV точка 2 и 4 на оваа програма;

(2) Висината на финансиската поддршка преку оваа програма е во согласност со Законот за контрола на државна помош.

(3) Средствата од дел IV точка 5 на оваа програма ќе се реализираат со потпишување на Договор за кофинансирање.

(4) Средствата од дел IV точка 6 на оваа програма ќе се реализираат со потпишување на Договори за кофинансирање.

(5) Средствата од дел IV точка 7 на оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2015 и 2016 година.

(6) Средствата од дел IV точка 8 на оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;
2) Закуп на постојни згради;
3) Трошоци направени пред 1 јануари 2017 година;
4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;
5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од Програмата;
6) Општи и административни трошоци на апликантот;
7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции, и останати чисто финансиски трошоци;
8) Законските обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Исплатата на средствата од дел II став 1 на оваа програма ќе се врши согласно договор склучен меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и корисникот.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7854/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4428.

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 и 53/16) и член 9 став 2 од Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за развој на туризмот во Република Македонија за 2017 година.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 191/16), раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 14 – Развој на туризмот во Република Македонија, на категориите 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери, планирани се во Буџетот на Република Македонија за 2017 година финансиски средства во износ од 54.635.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за следните активности:

1. Меѓународна и билатерална соработка во туризмот

Зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др., учество на саеми, како и билатералните соработки во областа на туризмот (потпишување на договори, регионални конференции, средби и др.), како и плаќање на членарина за Светската туристичка организација.

Оваа активност ќе се реализира континуирано во текот на цела 2017 година.

2.635.000,00 денари

2. Едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството

Ќе се реализираат активности кои се однесуваат на системот на едукација и тренинг обуки на човечките ресурси во двата сектори, како и систем на информирање на населението за користење на средствата од предпристапните ИПА фондови на ЕУ посебно во делот на проектите од руралниот туризам.

Врз основа на барања од здруженија и асоцијации за туризам за потребата од одржување на обуки и презентации за многу области во туризмот, се организираат обуки со ангажирање на сите релевантни институции, факултети, меѓународни организации, како и претставници од приватниот сектор.

Ќе се реализираат обуки под покровителство на Светската туристичка организација при Обединетите Нации и други меѓународни организации.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2017 година.

2.000.000,00 денари

3. Организирање на регионална конференција „Балканот како туристичка дестинација"

Регионалните конференции се една од главните алатки за подобрување на туристичката клима во регионот, со организирањето на ваквите конференции ќе се овозможи заеднички пристап во подобрувањето на туристичката понуда во регионот. Исто така конференциите имаат и едукативен карактер, ќе се видат искуствата од земјите во регионот и новите трендови во туризмот. Активноста ќе се реализира во Скопје и на истата ќе бидат поканети претставници од туристичкото стопанство од Република Србија, Република Бугарија, Република Црна Гора, Република Албанија, Република Косово, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска.

Оваа активност ќе се реализира во септември 2017 година.

1.000.000,00 денари

4. Субвенции за угостителските објекти за добивање на ознака за Националните ресторани-меани

Субвенционирање на угостителски објекти за добивање на ознака за Национален ресторан – меана преку кофинансирање до 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 120.000 денари кои ќе се направат за следните намени:

- Набавка на опрема, алати и инвентар;
- Печатење на промотивен материјал;
- Учество на обуки, семинари и презентации;
- Уредување/подобрување на деловниот простор и

Средствата од субвенциите не се наменети за кофинансирање на следните трошоци:

- Набавка на потрошен материјал и возила;
- Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара кофинансирањето,
- Царина за намените/трошоците за кои се бара кофинансирањето;
- Курсни разлики;
- Закупнина за деловен простор и сл.

Разгледувањето на апликациите и утврдување на исполнувањето на условите од јавните повици Комисиите ќе го прават запазувајќи го принципот „прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на средствата.

Кај мерката ќе се земаат во предвид само докажаните трошоци настанати во периодот од 01.01.2017 година до крајниот рок на аплицирање утврден во јавниот повик и за кои соодветната Комисија при увид на лице место ќе констатира дека трошокот е реално направен и е во согласност со приложените финансиски докази.

Увидот на лице место Комисијата ќе го направи во рок од два месеци по истекот на рокот за аплицирање утврден во јавниот повик по што ќе следи исплата на средства од страна на Министерството за економија за апликантите кои во целост ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Апликантите кои бараат кофинансирање на трошоците за набавка на опрема кај оваа мерка се обврзани набавената опрема да не ја оттуѓат во рок од две години од денот на најзината набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2017 година.

1.000.000,00 денари

5. Субвенции за туристички цели на селски домаќинства

Со цел поттикнување на развој на туризмот во руралните средини во наредниот четиригодишен период за прв пат предвидуваме финансиска поддршка при градење или адаптација на селски домаќинства кои ќе даваат угостителски услуги во согласност со Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката во селските домаќинства во руралните средини.

Финансиската поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари, ќе биде наменета за набавка на опрема и инвентар, како и за уредување на просторот на селски домаќинства. Критериуми кои треба да ги исполнат домаќинствата се: објектот да е уреден и опремен согласно традицијата на крајот во кој се наоѓа, да подготвува и послужува топли и ладни јадења, пијалоци и напивки вообичаени за крајот во кој се наоѓа селското домаќинство, да нуди услуги за сместување (најмногу до 5 соби), надворешниот изглед на куќата да биде без оштетување и знаци на дотраеност, а околината да биде уредена. Ваквите семејни домаќинства ќе добијат ознака на која има „сончоглед", како потврда дека станува збор за селско домаќинство во рурална средина кои вршат угостителска дејност.

Со поддршка на селските домаќинства обезбедуваме самовработување за лица во рурални средини и зголемување на автентична туристичка понуда, со можност за промоција на локалните вредности.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец октомври 2017 година.

2.500.000,00 денари

6. Туристичка сигнализација

Поставување на туристички табли во позначајните туристички места во Република Македонија на регионалните и магистралните патишта.

Одбележување на културни знаменитости и локалитети со адекватна туристичка сигнализација, како и замена на уништените табли и знаци со нови, во постоечките туристички локалитети.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од март до месец август 2017 година.

2.000.000,00 денари

7. Поддршка на руралниот туризам преку организирање на регионална конференција

Регионалните конференции се една од главите алатки за подобрување на туристичката клима во регионот, со организирањето на ваквите конференции ке се овозможи заеднички пристап во подобрувањето на туристичката понуда во регионот. Исто така конференциите имаат и едукативен карактер, ќе се видат искуствата од земјите во регионот и новите трендови во туризмот.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец мај 2017 година.

500.000,00 денари

8. Унифицирање на излозите и рекламите во Старата Скопска Чаршија и други стари чаршии во различни градови во Република Македонија

Министерството за економија во 2015 и 2016 година по подготвување на техничка документација за 60 дуќани во Старата скопска чаршија, истите ги субвенционираше во делот на уредување на излозите и рекламите. Со цел враќање на автентичноста на објектите – оваа година ќе се продолжи со проектот со кој ќе бидат опфатени што е можно поголем број на дуќани.

Мерката „Унифицирање на излозите и рекламите во Старата Скопска Чаршија" предвидува субвенционирање на трошоците за имплементирање на проектното решение за конзервација, санација и адаптација на излозите и рекламите во Старата скопска чаршија.

Разгледувањето на апликациите и утврдување на исполнувањето на условите од јавните повици комисиите ќе го прават запазувајќи го принципот "прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на средствата.

Комисијата ќе изврши увид кај подносителите на апликациите во рок од два месеци по истекот на рокот за аплицирање утврден во јавниот повик по што ќе следи исплата на средства од страна на Министерството за економија за апликантите кои во целост ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Средствата предвидени во оваа мерка Министерството за економија ќе ги распредели во следните ставки:

- за изготвување на проектно решение за Старата Скопска Чаршија, Охридската Чаршија, Битолската Чаршија и Струшката Чаршија– 5.000.000,00 денари.
- за санација и адаптација на излозите и рекламите во Старата скопска чаршија – 25.000.000,00 денари и
- за санација и адаптација на излозите и рекламите во Битолската, Струшката и Охридската чаршија – 5.000.000,00 денари

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец август 2017 година.

35.000.000,00 денари

9. Обезбедување на податоци од областа на туризмот и подготовка на модел за проекција на идни показатели

Со системска анализа и собирање на разни податоци, анкети, прашалници и интервјуа за време на целата сезона кога низ државата гравитираат туристи, ќе се изработи статистички систем на правилно следење на податоците од туризмот кои се од голема важност за туристичкиот сектор заради добивање на јасна слика и информации за потребите, можностите, позитивните и негативните интереси на туристите кои ја посетуваат Република Македонија. Активноста ќе се спроведува во соработка со Народна банка на Македонија, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика и Министерството за финансии.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2017 година.

1.000.000,00 денари

10. Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот

Со оваа активност ќе се субвенционираат разни локални туристички манифестации, проекти и бизнис форуми кои се одржуваат од страна на туристичкото стопанство, за кои немаат доволно сопствени финансиски средства и бараат поддршка или субвенционирање од владините институции, а се интересни за развојот на туризмот.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец април 2017 година.

3.000.000,00 денари

11. Одбележување на Светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот

По повод 27 септември – Светскиот ден на туризмот, се организира настан, каде што се доделуваат признанија за најуспешните во категоријата: хотели, туристички агенции, ресторани, уредени плажи и манифестации.

Оваа активност ќе се реализира во месец септември 2017 година.

1.000.000,00 денари

12. Проект рурални туристички развојни зони

Изготвување на Студија, анализа и подготовка на документација за општините кои имаат потенцијал за рурален туристички развој.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец август 2017 година.

500.000,00 денари

13. Финансиска поддршка за бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам

Со овој проект ќе се поттикнат студентите од факултетите за туризам и угостителство да се пријават на оглас со интересни идеи и предлози поврзани со проекти за развој на туризмот во Република Македонија. Најдобриот проект ќе биде награден со 60.000, второнагрaдениот со 40.000 и третиот најдобар проект со 20.000 денари. Условите кои ќе треба да ги исполнува проектот кој ќе биде оценет за најдобар е истиот да биде иновативен, да придонесува за зголемување на туристичката понуда и да биде апликативен. На тој начин владините институции би добиле интересни проекти кои би им помогнале во развојот на туризмот, а од друга страна би им се дала можност на идните високообразовани работници во областа на туризмот да бидат креативни и вклучени во владините проекти.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец мај до месец август 2017 година.

500.000,00 денари

14. Печатење на промотивни материјали од областа на туризмот

Оваа активност се однесува на печатење на веќе постоечкиот промотивен материјал за потребите на Министерството за економија и други органи и организации и тоа:

-Изработка (печатење) на промотивни туристички брошури по разни сегменти (изработка на брошура за рурален туризам, брошура за верски туризам, вински туризам) на повеќе странски јазици, флаери за туристичките потенцијали на Република Македонија, постери, ќеси и папки.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2017 година.

2.000.000,00 денари

ВКУПНО: 54.635.000,00 денари

III

ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Активност	Временски период	Начин на реализација
Точка 1	Тековно цела година	Исплата на членарина за СТО
Точка 2	Март - Мај	Во соработка со стопанските комори и факултетите за туризам
Точка 3	Септември	Во соработка со стопанските комори
Точка 4	Март - Септември	Со објавување на Јавен повик
Точка 5	Февруари-Октомври	Со објавување на Јавен повик
Точка 6	Март - Август	Со објавување на Јавен повик
Точка 7	Февруари - Мај	Во соработка со стопанските комори и факултетите за туризам
Точка 8	Февруари - Август	Со објавување на Јавен повик
Точка 9	Март - Мај	Во соработка со НБРМ, МВР и ДЗС и МФ
Точка 10	Февруари - Април	Со објавување на Јавен повик
Точка 11	Септември	Во соработка со стопанските комори
Точка 12	Февруари - Август	Во соработка со стопанските комори
Точка 13	Мај - Август	Во соработка со факултетите за туризам
Точка 14	Март - Мај	Со објавување на Јавен повик

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31.3.2018 година до Владата на Република Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7856/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4429.

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 и 11/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува финансирањето на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

II

Во текот на 2017 година планирано е да се реализираат инвестициони активности во вкупен износ од 424.185.000,00 денари кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, од кои средства од основен буџет во износ од 110.050.000,00 денари, од самофинансирачки активности во износ од 1.150.000,00 денари и средства од Заемот од Банката за развој на Совет на Европа во износ од 312.985.000,00 денари.

III

ГРАДЕЖНИ РАБОТИ И НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПНА ВИСИНА ОД 61.150.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 60.000.000,00 ДЕНАРИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ И 1.150.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

1. КПД ИДРИЗОВО

1.1 Набавка на мебел и опрема за потребите на Установата

2. ЗАТВОР СКОПЈЕ

2.1 Набавка на опрема

3. ЗАТВОР ПРИЛЕП

3.1 Доизработка на проектна документација и започнување со изведба на градежни работи и надзор на изведба на градежни работи за санација и доградба на Установата

4. ЗАТВОР КУМАНОВО

4.1 Набавка на опрема

5. ЗАТВОР БИТОЛА

5.1 Набавка на опрема

6. ВПД ТЕТОВО

6.1 Набавка на мебел и опрема за потребите на домот

7. ЗАТВОР СТРУМИЦА

7.1 Инсталирање на сончев колектор

IV

ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ИЗВЕДБА И НАДЗОР НАД ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПЕН ИЗНОС ОД 363.035.000,00 ДЕНАРИ ОД ЗАЕМОТ И ОД БУЏЕТСКОТО УЧЕСТВО НА ЗАЕМОТ

1. КПД ИДРИЗОВО
Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање и ревизија

2. ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО
Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање и ревизија

V

За реализација на оваа програма ќе се користат средства обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Раздел 07002 - Управа за извршување на санкциите, Сметка 637 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А – изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи , ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 14.000.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 2.000.000,00 денари, сметка 787 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А- изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи , ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 500.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 500.000,00 денари, ставка 482 – други градежни објекти во износ од 150.000 денари, сметка 637, Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 481 - Градежни објекти во износ од 50.050.000,00 денари и од заемот сметка 786 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 481 - градежни објекти во износ од 312.985.000,00 денари.

VI

За извршувањето на оваа програма се изготвува извештај во рокот предвиден за составување на годишна сметка на Управата за извршување на санкциите.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7881/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4430.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 129/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Заради обезбедување на здравствена заштита на граѓаните од одделни заболувања, како и заради грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките и на доенчињата се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствените услуги на товар на средствата од Буџетот на Република Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство.

За реализација на мерките и активностите предвидени во оваа програма, се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство, за покривање на партиципацијата при користењето на здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија за заболувањата предвидени со оваа програма.

Со донесувањето на оваа програма, се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита:

1. НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ ЗА СЛЕДНИТЕ ОСНОВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување)
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови.

2. НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА:

1. Ревматска грозница
2. Прогресивни, нервни и мускуларни заболувања;
- Duchenne – ова мускулна дистрофија,
- Паркинсонова болест,
- Миотгонии,
- Митохондриални мниопатии,
- Мијастении,
- Спинални мускулни атрофии,
- Амиотрофична латерална склероза – болести на моторен нервон,
- Хередитарни сензомоторни невропатии;
3. Прогресивна системска склероза (Sclerodermia);
4. Церебрална парализа;
5. Мултиплекс склероза;
6. Цистични фибрози;
7. Епилепсија;
8. Пемфигус и лупус еритематодес;
9. Дислексија, дисграфија и дислалија;
10. Афонија (Aphonija)
11. Заразни болести:
- ХИВ/СИДА,
- беснило (Lyssa; Rabies),

- цревен тифус (Typhus abdominalis),
- црвенка (Rubeola),
- детска парализа (Poliomyelitis anteror acuta),
- бруцелоза (Brucellosis)
- дифтерија (Diphtheria),
- дизентерија (Dysenteria bacillaris),
- туберкулоза (Tuberculosis)
- ехинококоза (Echinococcosis),
- заразно воспаление на мозочните обвивки (Meningitis),
- заразно воспаление на мозокот (Encephalitis),
- голема кашлица (Pertussis),
- мали сипаници (Morbilli),
- овчи сипаници (Varicella),
- шарлах (Scarlatina),
- тетанус (Tetanus),
- хепатитис (Hepatitis),
- заушки (Parotitis epidemica),
- салмонелоза (Salmonellosis),
- колера (Cholera asiatica),
- маларија (Malaria),
- карантински заболувања (големи сипаници, вирусни хеморагични трески, чума),
- рововска грозница (Q - treska),

12. Испитувања за време на бременост

- здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита.

3. НА БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Основен критериум за започнување на лекувањето со дијализа претставува хроничната бубрежна инсуфициенција во терминален стадиум, односно потполно отсуство на функцијата на бубрезите. Единствен начин на надоместување на функцијата на бубрезите претставува дијализата, процес со кој се врши намалување на деградационите продукти (депурација и елиминација на вишокот на вода) од крвта, со цел овозможување живот на пациентот.

Согласно доктринарните ставови на медицинската наука, за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој пациент треба да биде три пати неделно третиран со дијализа, односно потребни се 156 дијализи за еден пациент годишно. За секоја дијализа потребен е: еден дијализер (се користи еднократно), потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со Нормите и стандардите за водење на дијализата.

Пациентите дијализираат (амбулантски) во дијализните центри во Република Македонија и тоа: ЈЗУ ГОБ„8-ми Септември“ Скопје, ЈЗУ У Клиника за нефрологија Скопје, ПЗУ Специјална болница за нефрологија и хемодијализа Диамед Скопје, ПЗУ - Центар за дијализа Диамед Македонија и ПЗУ- Центар за дијализа Систина Нефроплус Кавадарци.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на дијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна дијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

Вкупните трошоци по пациент на дијализа (дневна дијализа и обавезни трошоци) се 5.400,00 денари.

Со оглед на тоа што годишно за еден пациент потребни се 156 дијализи, просечно вкупните трошоци за еден пациент на годишно ниво се 842.400,00 денари.

По оваа програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа се признава 1 (еден) денар.

Бројот на заболени на оваа болест постојано е во пораст и моменталната состојба на заболени е 1500.

4. ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ

Планот и програмата за работа на Универзитетските клиники во Скопје, а почитувајќи ги просторните и кадровските можности и ограничувања, бројот на трансплантациите зависи и од обезбедување на бубрези кои би можеле да се трансплантираат од жив донор или со кадаверична трансплантација.

За успешноста на трансплантацијата покрај кадровските, просторните и техничките можности, потребно е да се обезбедат и имуносупресивни лекови кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот – Micophenolic acid, Cyclosporine. Истите се примаат во континуитет во понатамошниот период.

Трансплантација на бубрези се врши на Универзитетската клиника за урологија во соработка со Универзитетската клиника за нефрологија и други клиники, а по претходна типизација на ткивата на давателот и примателот во Републичкиот завод за трансфузиологија. Посттрансплантациониот рехабилитационен третман ќе се обавува на Клиниката за нефрологија.

Во 2017 година планирано е да се извршат нови пресадувања на коскена срцевина. Трансплантацијата на коскената срцевина ќе се врши на Универзитетската клиника за хематологија. За успешноста на трансплантацијата на коскена срцевина за сите болни, потребно е да се обезбеди имуносупресивниот лек Cyclosporin.

Осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување согласно Законот за здравственото осигурување. Секој што доброволно дарувал ткиво или орган се ослободува од плаќање на партиципација при користењето на здравствени услуги.

За прифаќање на трансплантатот се користат следните лекови:

Caps. Micophenolic acid a 250mg., filmtableti od 500mg., tabl. od 180mg, 360mg, како i Caps. Cyclosporine a 25mg., 50mg, 100mg., sol.Ciclosporin a 100mg/1ml.

5. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Малигните заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза. Во Република Македонија, малигните заболувања се на второ место по застапеност веднаш по кардиоваскуларните болести.

Во лекувањето на заболените од малигни болести учествуваат Институтот за онкологија и радиотерапија, Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники и други здравствени установи во Републиката. Здравствената заштита се состои од рано откривање и ефикасно лекување на заболените.

Програмата опфаќа лекување на малигните болести со хируршки третман, зрачење и апликација на хемиотерапија (цитостатици). Видот и начинот на третманот зависи од природата и стадиумот на болеста.

Со оваа програма се обезбедуваат средства за партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

6. ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ - ДИАБЕТЕС МЕЛИТУС

Диабетес мелитус е метаболен синдром на висок шеќер во крвта, како резултат на апсолутен или релативен недостаток на инсулин и/или инсулинска резистенција со пореметен метаболизам на јаглени хидрати, масти и протеини и претставува едно од почестите заболувања во Републиката. Примарно се карактеризира со хипергликемија, како и појава на микроваскуларни (ретинопатија, нефропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (коронарна срцева болест, цереброваскуларна болест и периферна васкуларна болест), со зголемен морталитет и морбидитет и со намален квалитет на живот.

Истовремено се напоменува дека за секој инсулинозависник пациент потребно е на секои два месеци да се врши по еден специјалистички контролен преглед или годишно шест прегледи по пациент.

7. ХОРМОН ЗА РАСТ

Хормонот за раст се користи кај децата, кај кои што е пореметен процесот на растење пред се заради неостаток на овој хормон. Со неговата употреба се воспоставува рамнотежа на сите функции во организмот.

Во Република Македонија годишно околу 63 деца имаат потреба од хормонска терапија. Вкупната бројка на деца кои примаат хормон за раст се определува врз медицински критериуми. Хормонот за раст се користи за децата кај кои не е завршено затворање на епифизните рскавици.

Децата се третираат на клиниката за детски болести во Скопје.

За лекување на децата со проблеми во процесот на растење се користи Nordipin-nordilet ампули од 5мг - 1.5мл, 10мг - 1.5мл и 15мг - 1.5мл.

8. ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Неспособноста на организмот за создавање на овие фактори предизвикува крварења од микро и макротраумите кои не можат да се сопрат освен со употреба на нив, така да доколку овие болни адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив можат да настанат сериозни компликации, смрт како и траен инвалидитет.

Лекувањето на пациентите се врши во Републичкиот завод за трансфузиологија, Клиниката за детски болести, Клиниката за хирургија, Клиниката за хематологија и останатите здравствени установи во Републиката. Европската и светската асоцијација на хемофиличарите препорачуваат лекување со фактор VIII или фактор IX. Употребата на фактор VIII или фактор IX е неопходна во лекувањето на овие болни заради минимизирање на ризикот од трансмисија на вируси, особено на ХИВ - вирусот, поефикасно лекување на болните со што би се намалиле трошоците за болничко лекување, намалување на последиците кај болните во однос на инвалидитет, можност за нивно вклучување во секојдневниот живот.

Покрај активностите на лекувањето на пациентите со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап, со цел подобрување на состојбата на пациентите преку рано препознавање и навремено лекување на овие пациенти, едукација на нивните семејства и др. За таа цел Центарот за хемофилија при Институтот за трансфузиона медицина заедно со НВО ги проширува досегашните активности со цел прераснување во центар за сеопфатна грижа.

Превенција на компликации кај лицата со хемофилија во Македонија се спроведува со редовни (6-12 месечни) контролни прегледи и континуирана едукација на медицинскиот персонал и лицата со хемофилија и членовите на нивните семејства.

Превентивните прегледи кај лицата со хемофилија се:

- контрола на присуство на вирусни маркери - a-HIV, a-HCV i HBsAg
- определување на нивото на коагулациските фактори
- определување на присуство на инхибитори
- хепатални иследувања.

Потребно е продолжување на континуираната медицинска едукацијата на медицинскиот персонал кој е вработен во Центарот за хемофилија, и зајакнување на соработката помеѓу Центарот за хемофилија и Граѓанското здружение на лицата болни од хемофилија – Хемолог.

9. ПРЕГЛЕДИ ВО СЛУЖБИ ЗА СПОРТСКА МЕДИЦИНА

Во програмата се планира ослободување од партиципација за основен пакет прегледи во службите за спортска медицина (партиципацијата е 80,00 ден.), за млади лица на возраст од 14-29 години кои ќе се занимаваат со рекреативни спортски активности.

Прегледите ќе се реализираат со упат од матичен лекар, во служби за спортска медицина, и тоа:

1. Здравствен дом Скопје
2. Медицински факултет Скопје
3. Здравствен дом Гостивар
4. Здравствен дом Прилеп
5. Здравствен дом Битола
6. Здравствен дом Струга
7. Здравствен дом Кавадарци
8. Здравствен дом Струмица

Целта на ослободувањето на партиципација на прегледи во служби за спортска медицина е да се подигне свеста кај младите дека прегледите на спортска медицина се подеднакво важни за заштита на здравјето, како и самата спортска рекреативна активност.

Многу е важно младите да ги следат препораките на лекарите за тоа кој вид на спортска активност им одговара според здравствената состојба и физичката подготвеност, за да можат навистина да ги почувствуваат здравствените придобивки од спортската рекреација“.

ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

1. За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст потребни се сретства за:

1. Интрапартална заштита на родилки	
а) неоперативно породување – х 1.250 денари	10.320.000,00
б) оперативно породување-царски рез – х 4.200	12.040.000,00
2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - х 40 денари	430.000,00
3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – х 40 денари	430.000,00
4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови	2.580.000,00
Вкупно:	**25.800.000,00**

2. За лекување во врска со наведените заболувања од точка 2 на оваа програма, потребни се средства за :

1. Специјалистички лекарски преглед	2.580.000,00
2. Основни дијагностички испитувања: -здравстени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита - лабараторија ЛУ 1 - рендген	 4.300.000,00 430.000,00 430.000,00
3. Лекување во болнички услови	4.300.000,00
Вкупно:	**12.040.000,00**

3. За болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа од точка 3 од оваа програма потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени лица кои се третираат со дијализа - х 1,00 денар	200.970,00
	Вкупно:	**200.970,00**

4. За трансплантација на органи од точка 4 од оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за трансплантација	5.290.530,00
	Вкупно:	**5.290.530,00**

5. За малигни заболувања од точка 5 од оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени лица - х 2.700,00 денари (максимум)	19.600.000,00
	Вкупно:	**19.600.000,00**

6. За шеќерна болест – диабетес мелитус од точка 6 од оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за специјалистички контролни прегледи x 40 денари	3.300.000,00
	Вкупно:	**3.300.000,00**

7. За хормон за раст од точка 7 од оваа програма потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени 55 лица x 2.700,00 денари (просечна партиципација на годишно ниво)	148.500,00
	Вкупно:	**148.500,00**

8. За хемофилија од точка 8 од оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени лица x 6.000,00 денари	2.220.000,00
2.	За секундарна и терцијарна превенција на хемофилија	1.000.000,00
	Вкупно годишно за хемофилијата се потребни	**3.220.000,00**

9. За прегледи во служби за спортска медицина од точка 9 од оваа програма потребни се средства за:

1.	Партиципација за прегледи во служби за спортска медицина (за млади лица од 14-29 години) 80,00 денари	400.000,00
	Вкупно:	**400.000,00**

Вкупно за точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 потребни се 70.000.000,00 денари и тоа: 22.000.000,00 денари од основниот Буџет и 48.000.000,00 денари од Буџетот на самофинансирачки активности.

Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма се 70.000.000,00 денари за партиципација на осигурените лица во врска со лекувањето на одделни заболувања, породувањата и здравствената заштита на доенчињата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до јавните здравствени установи согласно планираните средства утврдени во табелите поединечно по основ на сите услуги на здравствена заштита врз основа на фактички документирана евиденција за ослободување од партиципација на корисниците на здравствените услуги за основите наведени во оваа програма.

Во програмата предвидени се средства за неизмирени обврски од минати години кои средства ќе се измируваат согласно обезбедените средства за реализација на програмата.

Здравствените установи имаат обврска најдоцна до 25 јануари 2018 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализацијата на средствата и наменското користење на истите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7902/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4431.

Врз основа на член 43-к став 2 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И ПРОЦЕНИ НА БИРОТО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СУДОВИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ОСНОВАНИ ОД ДРЖАВАТА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува обемот на предмети и областите на вештачење и процени за потребите на судовите, јавните обвинителства, државните органи, јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата за 2017 година.

II

За потребите на наведените субјекти во делот I од оваа програма, Бирото за судски вештачења на нивно барање ќе изработува вештачења и процени за следниот обем на предмети:

Реден број	Субјект	Број на изработени вештачења
1	Судови	220
2	Јавни обвинителства	500
3	Органи на државна управа	150
	Вкупно изготвени вештачења:	870
Ред.бр.	Субјект	Број на изработени процени
4	Државни органи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од државата	1000
	Вкупно изготвени процени:	1000
	ВКУПНО:	1870

III

Во рамки на дел II од оваа програма, Бирото за судски вештачења со внатрешните ресурси и со надворешни соработници изработува вештачења и процени од следните области:

- материјално, сметководствено и финансиско работење,
- медицина (психијатрија, невропсихијатрија, хирургија, гинекологија, кардиологија, ортопедија и други),
- ветеринарство,
- градежништво и архитектура,
- електротехника,
- информатички технологии,
- машинство и сообраќај,
- земјоделство, шумарство и водостопанство,
- графологија,
- геодезија,
- рударство,
- технолошко инженерство,
- заштита на животната средина и екологијата,
- заштита на културното наследство,
- заштита на авторското право и други сродни права и права од интелектуална сопственост.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7911/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4432.

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, 156/10, 59/12, 187/13 и 41/2014) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.10.2016 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија за 2017 година.

Потребните средства за реализација на програмата се предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година и изнесуваат 192.336.000,00 денари од кои 149.622.000,00 на сметка 637, 40.500.000,00 денари на сметка 631 и 2.214.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 – капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на ова програма се наменуваат за промотивни активности и активности на поддршка на туризмот и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменуваат вкупно 42.200.000,00 денари и тоа за:

1. Подготовка, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал, брошури подготвени на 16 странски јазици и тоа: англиски, француски, германски, италијански, шпански, јапонски, руски, полски, холандски, чешки, арапски, кинески, турски, бугарски, српски и албански јазик, како и подготовка, печатење и дистрибуција на водичи, мапи, карти и друг промотивен материјал (пенкала, марами, кравати, привезоци, разни стаклени производи и др.).

се наменуваат 4.000.000,00 денари.

2. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Утрехт, Истанбул, Њујорк, Братислава, Цирих, Љубљана, Брисел, Тел Авив, Прага, Софија, Хернинг, Белград, Будимпешта, Берлин, Москва, Гетеборг, Загреб, Приштина, Тирана, Дубаи, Токио, Париз, Сингапур, Римини, Лондон, Варшава, Шангај, Барселона, Измир, Букурешт, Скопје и други, како и учество и организација на маѓународни, регионални, и локални инвестициски форуми од областа на туризмот во Дубаи, Истанбул, Лондон, Манчестер, Скопје и други, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Македонија;

се наменуваат 22.000.000,00 денари.

3. Организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонски туризам во странство, презентации и роудшоуа во странство, организирање на информативни патувања во Република Македонија за странски туроператори и новинари (активности кои тековно произлегуваат од остварени средби и деловни контакти, барања на промоторите и амбасадите на Република Македонија), како и организација на презентации и настани во Македонија;

се наменуваат 3.500.000,00 денари.

4. Аутдоор кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами), реклами во печатени медиуми, електронска промоција - интегрирана платена електронска промоција на туристичките производи на Република Македонија на најпознатите електронски медиуми (Facebook, Google, TripAdvisor, Youtube, Vimeo и дру-

ги) во Република Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Франција, Велика Британија, Белгија, Полска, Чешка, Словачка, Австрија, Германија, Русија, Македонија и други;

се наменуваат 11.000.000,00 денари.

5. Изработка на IOS, Android и Windows базирани софтверски мобилни апликации – туристички електронски водичи и нивна дистрибуција преку соодветни електронски пазари на апликации (Play store, Apple store и други), како и хостирање на истите и нивна промоција;

се наменуваат 600.000,00 денари.

6. Редизајнирање на постоечката веб страница на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија, нејзино мапирање, имплементирање на банери, фотографии, информации, поставување на Facebook, Google, TripAdvisor, Youtube, Vimeo, Twitter, Instagram и Linkedin, превод на повеќе јазици, нејзино хостирање и техничка поддршка за нејзино непречено функционирање;

се наменуваат 600.000 денари

7. Креирање на фотоархива - Обезбедување на фотографии од туристичките потенцијали на Република Македонија со цел формирање на „Фото-Архива“ за потребите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.

се наменуваат 500.000 денари

б) За активности за поддршка на туризмот се наменуваат вкупно 10.000.000,00 денари и тоа за:

1. Проект „Планинарски патеки” – уредување, означување и одбележување на постојни и создавање на нови планинарски патеки како и промоција на истите со цел збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на руралниот туризам, активниот и севкупниот туризам во државата;

2. Проект „Планински велосипедски патеки” – уредување, означување и одбележување на постојни и создавање на нови велосипедски патеки како и промоција на истите со цел збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на руралниот туризам, активниот и севкупниот туризам во државата;

3. Проект „Македонска источна пешачка патека“ прва пешачка патека во Република Македонија која треба да влезе на картата на европски патеки, на потегот од влезот кај Прохор Пчински, до излез кај местото Ново село и до излез кај планината Беласица. Проектот опфаќа утврдување на европските стандарди за оваа намена, мапирање на патеката, започнување со уредување и одбележување на истата и врзување со постоечки патеки, како и изградба на пропратни објекти, како и промоција на истата патека преку изработка на посебна карта за оваа намена;

4.Проект „Реконструкција на ловно рекреативниот дом Смоларе“, со туристичко рекреативен карактер, кој произлегува од изработена Студија за проценка на капацитетите за развој на ловен и планински туризам, во соработка со Јавното претпријатие,, Македонски шуми,,- Скопје;

5. Финансиска поддршка на препознатливи културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани туристички настани избрани преку објавување на јавен повик, а со цел зголемување и потикнување на туристичката понуда на Република Македонија;

6. Водич „In your pocket“ проект за позицирање на туризмот на Република Македонија, во еден од светските реномирани туристички водичи, каде на специфичен начин на презентација согласно стандардите на овој реномиран бренд, ќе биде целосно изработен и испечатен водич од страна на компанијата „In your pocket“;

7. Изработка на водич за Отоманските споменици на македонски и албански јазик како и на неколку странски јазици, англиски, турски, арапски и др. Целта на овој проект е користење на овие културно историски споменици и нивно ставање во функција на туризмот за целна група на посетители.

8. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони (Љубаништа 1, Љубаништа 2, Градиште, Калиште, Треска, Стар Дојран, Нов Дојран, Крушево и Берово);

9. Јакнење и развој на туристичката понуда на Република Македонија – организирање на информативни работилници и обуки наменети за работниците во туристичката индустрија, во функција на подобрување на сервисните услуги, како и создавање услови за отварање на нови пазари;

10. Остварување на меѓународна соработка со разните меѓународни организации за туризам, зачленување во истите, како и вклучување во заеднички проекти за промоција и развој на туризмот;

11. Формирање на авто кампови и нивна промоција – зголемување на туристичката понуда, развој на автокапмперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови;

12. „Создавање мрежа на кластери за развој на нови туристички производи„ во Република Македонија проект кој се аплицира во новата ЕУ програма “BALKANMED”, за развој на вински патишта и друг вид на туризам поврзан со виното и органската преработка, со учество од 15% кофинансирање на средства предложени во проектот;

13. Проект „Откривање на Балкански рути“ проект кој се аплицира во ИНТЕРЕГ ИПА прекуграничната програма Грција –Македонија 2014-2020, за развој на туристички рути, нивна промоција и друг вид на регионален туризам, со учество од 15% кофинансирање на средства предложени во проектот;

в) Финансиски средства кои се наменуваат за функционирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (кирии, комунални услуги, поправка и одржување, канцелариски материјали, опрема и машини, обуки, правни и сметководствени услуги и др.) се наменуваат 7.166.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 76.000.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 40.500.000,00 денари се обезбедуваат од игри на среќа.

Член 4

Реализацијата на уплатите наведени во член 2 точка 2 од оваа програма се врши најмалку три месеци пред почетокот на меѓународните саемски манифестации.

Член 5

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот на Република Македонија.

Член 6

Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот на Република Македонија за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Македонија како и постигнатите резултати со образложение за евентуални одстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2018 година.

Член 7

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7950/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4433.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Вовед

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината. Промените во правец на стекнување поголема независност придружено со склоноста кон експериментирање со нови животни стилови и активности, креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето. Поради тоа, раната детекција на здравствените како и на психо-социјалните, развојните и бихејвиоралните ризици треба да претставува приоритет во грижата за училишните деца и младина. Најчестите причини за морбидитет и морталитет кај оваа возрасна група се намерните и ненамерни повреди, последиците од ризичното сексуално однесување, пореметувања на менталното здравје (депресија, анорексија, булимија), недоволна физичка активност и неправилна исхрана.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца.

При систематскиот преглед се врши и редовна имунизација против заразни заболувања според Календарот за имунизација на Република Македонија.

Посебно вулнерабилната група на деца и адолесценти е онаа која е надвор од образовниот систем. Здравствениот сектор во соработка со патронажната служба, Институтот за јавно здравје и невладините организации превзема активен пристап во откривањето на овие деца и нивно упатување до превентивните тимови кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита на децата. Овој проблем е особено голем кај децата Роми кои не ги посетуваат редовно основните и средни училишта.

Целта на систематскиот преглед е:

- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување - детекција на бихејвиорални ризици,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
- Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација.

Возраст на вршење на систематски прегледи:

Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ви и 4-ти клас (или 3-та завршна година), а студентите во 1-ва година. Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот.

Содржина на систематскиот преглед:

1. Општ лекарски преглед:
- мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ;
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- мерење на пулсот и крвниот притисок;
- испитување на вид, слух и говорот;
- земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и menarha (кај ученички и студентки);
- земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацепција и заштита од СПИ;
- земање на податоци за употреба и злоупотреба на супстанци (пушење, алкохол, таблети, дроги);
- земање податоци за рано откривање на знаци на депресија и други пореметувања на менталното здравје
- земање на податоци за постоење на насилно однесување (булинг);
- давање препорака за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус.

Наодите од систематскиот преглед се евидентираат во Картонот за систематски прегледи на училишни деца, изготвен од Заводот за здравствена заштита на мајки и деца; отстапувањата се запишуваат во картонот со преземање на соодветни мерки за санирање и следење.

Контролни и целни прегледи: Во зависност од констатираните претходни состојби, се вршат контролни и целни прегледи за поедини видови на однесување или заболување/состојба.

2. Лабораториски преглед
- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина

3. Стоматолошки преглед
- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
- евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон.
- задолжителен преглед за сите ученици секоја учебна година од прво одделение во основно образование до завршна година на образование во средното образование.

4. Превентивна стоматолошка заштита

Согласно Националната Стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата до 14 години во Република Македонија за периодот 2008-2018 година, превентивните стоматолошки тимови од јавните здрав-

ствени установи-здравствени домови во Република Македонија ги спроведуваат следните превентивни активности, меѓу другите:

- залевање на фисурите и јамичките (кај сите деца кои посетуваат прво одделение), при што се залеваат 4-те први трајни молари.
- Кај дел од децата со специјални потреби кај кои има висок кариес ризик, потребни се материјали за локална заштита на нивните заби со троен ефект.

За извршување на овие активности и набавка на потребните материјали одговорни се ЈЗУ Здравствени домови во Република Македонија и нивните превентивни тимови (стоматолог-сестра).

5. Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас.

Стручен тим од ЈЗУ„Заводот за рехабилитација на слух,говор и глас“-Скопје,оставен од лекар специјалист, логопед и ортодонт ќе спроведуваат превентивни прегледи на децата од 4-6 годишна возраст во насока на рана дијагностика на пречки во развојот на слухот ,говорот и гласот. Прегледите ќе се спроведуваат од страна на стручниот тим на територијата на целата држава. Целта на овие прегледи е рано откривање на деца со:

- Пречки во развојот на говорот од полесна до најтешка форма;
- Лесно до најтешко оштетување на слухот;
- Ортодонтски аномалии;
- Аутистичен спектар на симптоми и аутизам.

II. Моментална состојба

Според последните податоци добиени од Институтот за јавно здравје на Република Македонија, во учебната 2015/2016 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле прегледани, согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2017 година изнесува 117.491 или 95,1% од подлежните. Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 97.6%. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 93,8%, а кај студентите е 98,9%.

III. Мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбите

Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младината, како и обезбедување на одржлив систем на надзор врз подобрување на здравјето, потребно е извршување на следните мерки:

1. Мерки за подобрување на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младина

- Систематски прегледи во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение како и во 1-ва и 4-та година (завршна) година од средното образование.
- Систематски прегледи на студенти во 1-ва година факултет.
- Дополнителни превентивни контролни и целни прегледи кај учениците каде е најдено отстапување.
- Превентивни стоматолошки прегледи.

2. Следење и евалуација на здравствената состојба на децата и адолесцентите:

- унапредување на системот на раководење со податоци за превентивна здравствена заштита на деца од училишна возраст и младина;
- воспоставување на систем за документирање на наодите од систематските прегледи преку примена на Картони за систематски прегледи кај училишни деца;
- техничка и стручна подршка (теренски посети) на превентивните тимови, патронажната служба и Институтот за јавно здравје за правилно користење на картоните за систематски прегледи;
- изготвување на Извештај за здравствена состојба и заштита на децата со предлог мерки за унапредување на состојбата.

IV. Цели на програмата

Главна цел на Програмата е да обезбеди услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето.

1. Специфични цели:

1.1. Превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето на учениците и студентите.

1.2. Јакнење на капацитетите на здравствените работници од превентивните тимови.

1.3. Подигање на степенот на информираност на учениците и студентите за здрави животни стилови со цел рана превенција на незаразни заболувања.

1.4. Документирање на податоци за здравствената состојба и здравственото однесување на учениците и студентите во национална база на податоци која ќе послужи како основа за креирање на навремени и соодветни јавно-здравствени интервенции.

V. Очекувани резултати (индикатори на успешност)

1.1. Обем на извршени систематски прегледи (над 90%)

1.2. Број на откриени и прегледани деца вон образовниот систем на терен.

1.3. Број на изготвени едукативно-промотивни материјали наменети за учениците и родителите.

1.4. Број на извршени теренски посети за стручно-методолошка поддршка- проценка.

1.5. Број (процент) на залеани заби кај ученици од прво одделение во однос на вкупниот број на деца.

1. Проценка на бројот на ученици и студенти за 2017 година

Бројот на учениците и студентите кои треба да бидат систематски прегледани во 2017 година е добиен од Министерство за образование и наука и Државниот завод за статистика.

1.1. Основно образование:

Во 2017 година со систематски прегледи треба да бидат опфатени 64.011 ученици од основните училишта, од кои:

- 20.837 ученици во 1 одделение.
- 20.248 ученици во 3 одделение.
- 20.174 ученици во 5 одделение.
- 20.952 ученици во 7 одделение.

1.2. Средно образование:

Во средните училишта во текот на 2017 година, со систематски прегледи ќе бидат опфатени 38.821 ученици и тоа:

- 19.875 ученици во први клас
- 18.946 ученици во четврти клас.

1.3. Високо образование:

Во 2017 година, со систематски прегледи ќе бидат опфатени 16.860 студенти од прва година високо образование.

Вкупно ученици (основно и средно) како и студенти кои треба да бидат опфатени со систематски прегледи се 104.518.

VI. Потребни финансиски средства

	ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ	Потребни ресурси човечки Финансиски
1	Партиципација за осигурани студенти и ученици како и за лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем за извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ	**4.570.000,00**
2	2.1. Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем. 1000 x 400,00 ден.	**400.000,00**
3	3.1. Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение.	**2.000.000,00**
	3.2. Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот).	**1.500.000,00**
4	Теренски посети за проценка на превентивната служба за систематски прегледи во здравствените домови. (Завод за мајки и деца) 10 посети x 5.000,00 ден.	**50.000,00**
5	Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во равојот на слух , говор и глас кај деца (Завод за рехабилитација на слух,говор и глас) 2000 прегледи x 500,00ден.	**1.000.000,00**
6	Изготвување на промотивно-едукативни материјали за ученици на теми поврзани со здравјето на адолесцентите и младите (тутун, алкохол, дрога, сексуално и репродуктивно здравје, ментално здравје). 50.000 примероци x 4 ден. (Здравствен дом Скопје и Завод за мајки и деца)	**200.000,00**
7	Доставување на извештај со анализа и коментар за систематски прегледи извршени во 2017 година (ИЈЗ)	**50.000,00**
	Од основен Буџет на Република Македонија за 2017 година	**7.000.000,00**
	Од самофинансирачки средства на Министерството за здравство	**2.000.000,00**
	Од буџетот на донации	**770.000,00**
	ВКУПНО	**9.770.000,00**

VII. Финансирање

Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2017 година, ќе се реализира со финансиски средства во висина од 9.770.000,00 денари. Од основен буџет на Република Македонија за 2017 година одобрени се 7.000.000,00 денари, 2.000.000,00 денари се обезбедени од самофинансирачки средства на Министерството за здравство, додека 770.000,00 денари обезбедени се од буџетот на донации.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени заостанатите обврски од предходните години.

Распределбата на средствата по Програмата ја врши Министерството за здравство квартално на ЈЗУ - извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

VIII. Извршители на Програмата

Систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивните тимови од ЈЗУ- здравствени домови (доктор-сестра), а за студентите од универзитетите систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивни тимови од здравствените домови како и специјализирани тимови за таа дејност во рамките на универзитите во градовите каде се наоѓаат универзитетите.

Превентивната стоматолошка заштита ќе ја извршуваат превентивните стоматолошки тимови (стоматолог-сестра) од ЈЗУ здравствени домови.

Здравствено промотивната активност ќе ја извршуваат истите тимови во соработка со Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе изработи прирачници за едукативно-промотивни материјали за учениците и родителите.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца ќе изготви Прирачник за водење на психосоцијално интервју при работа со адолецсенти и млади со цел навремено откривање на бихејвиорални ризици и навремено справување со ризичните видови на однесување (ризично сексуално однесување, депресија, пореметување во исхраната, насилно однесување).

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца ќе изведува теренски посети за стручно-методолошки надзор на превентивните служби за систематски прегледи и имунизација во ЈЗУ - здравствените домови во Република Македонија и ќе изготви извештај за проценката.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со поливалентната патронажна служба и Институтот за јавно здравје ќе учествува во откривање на семејства кои имаат деца надвор од образовниот систем со цел вклучување на истите во здравствениот систем заради изведување на систематски прегледи вакцинација и унапредување на нивното здравје.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со превентивните тимови и членовите на локалните заедници и граѓанскиот сектор ќе учествуваат во здравствена едукација на деца од училишна деца и младина кои живеат во рурални средини или припаѓаат на ромските заедници и не посетуваат училиште.

IX. Доставување на Годишни извештаи и рокови

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе достави Информација за извршување на мерките од Програмата до Министерството за здравство на Република Македонија.

Институтот за Јавно здравје на Република Македонија ќе изготви извештај за наодите од систематските прегледи и ќе го достави до Министерството за здравство на Република Македонија најдоцна до 30.12.2017 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7967/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4434.

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА И ГРОБОВИ НА ПАДНАТИ БОРЦИ ВО АНТИФАШИСТИЧКАТА ВОЈНА И ДРУГИТЕ НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНИ ВОЈНИ ВО МАКЕДОНИЈА ПОГРЕБАНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се обезбедуваат потребни средства за уредување и одржување на индивидуалните гробови и заеднички гробници на паднати борци во Антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни во Македонија, погребани на територијата на Република Македонија, согласно член 9 став 2 од Законот за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96).

II

Средствата за остварување на оваа програма во висина од 1.200.000,00 денари за уредување и одржување на индивидуалните гробови и заеднички гробници на паднати борци, ќе се обезбедат од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика – Раздел 15001, Програма 53, Ставка 471.

III

Средствата од точка II на оваа програма се распоредуваат за уредување и одржување на индивидуални гробови и заеднички гробници на општините:

Општина	Индивидуални гробови		Заеднички гробници		Износ во денари
	За уредување	Одржување	За уредување	Одржување	
1	2	3	4	5	
Берово		5		4	90.000
Битола		4		2	60.000
Дебарца	1	1			40.000
Брвеница		1			10.000
Демир Капија		6			60.000
Демир Хисар		6		1	70.000
Кочани	1	4			70.000
Кривогаштани		4			40.000
Крушево		3			30.000
Маврово и Ростуше		10		1	110.000
Ресен		25			250.000
Јегуновце		3		2	50.000
Гостивар	1				30.000
Радовиш		4			40.000
Прилеп	2				60.000
Пласница	3				90.000
Струга		10			100.000
Штип					
Вкупно	8	86		10	1.200.000
Се вкупно					1.200.000

IV

Средствата утврдени во точка III од оваа програма, Управата за прашања на борците и воените инвалиди преку Министерството за труд и социјална политика, ги пренесува на општините по претходно поднесено барање за извршените работи.

V

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за труд и социјална политика преку Управата за прашања на борците и воените инвалиди.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7983/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4435.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) и член 33 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/2016) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Вовед

Заштитата на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата се остварува согласно со Законот за заштита на децата и подзаконските акти.

Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува со оваа програма која е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на

децата. Остварувањето на оваа програма е во согласност со утврдените програми со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, како и врз основа на одредбите во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година во делот на надоместоците за детска заштита.

II. Цели и приоритети на развојот на заштитата на децата

Основна цел на дејноста заштита на децата и во текот на 2017 година е обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата, како и на зголемен опфат на децата со згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и другите ресурси, како и на создадените услови за други форми на згрижување и воспитание на популацијата деца до 6 години живот.

Активностите во насока на подобрување на заштитата на децата во 2017 година ќе бидат насочени кон остварување на следните основни задачи:

- заокружувањето на процесот на децентрализацијата во дејноста заштита на децата ќе продолжи преку соработка со органите на единиците на локалната самоуправа, односно со продолжување на давањето поддршка за основање на општински детски градинки со цел самостојно функционирање на објектите на јавните установи за деца кои се лоцирани на нивната општина, како и основање на нови јавни установи за деца со помал капацитет и усогласен со потребите на општината, давање поддршка на општините и општините во градот Скопје во создавањето и обезбедувањето на нови или дополнителни просторни услови – детски градинки/центри за ран детски развој за давање услуги згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, давање на препораки и насоки и воспоставување на партнерски однос во реализирање на развојот на дејноста;
- плурализација во дејноста преку функционирање на приватниот сектор со основање на нови приватни установи за деца, како и во рамките на со закон создадените услови за давање можност и на други физички и правни лица да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст како професионална дејност со посебен акцент на: функционирањето на вршењето на одредени работи од дејноста на физички лица во давањето услуги чување и нега на деца од предучилишна возраст (до пет деца) во сопствениот дом; чување и нега на деца од страна на физичко лице ангажирано од страна на родител во домот на родителот (со склучување на договори за начинот на вршењето на услугата); функционирање на агенции основани од домашни физички и правни лица за давање услуги на повик за чување и нега на деца од предучилишна возраст, од страна на ангажирани квалификувани и лиценцирани лица, привлекување на инвестиции за изградба на установи за деца - детски градинки со создадени стимулативни мерки: намалени трошоци за уредување на градежното земјиште од 95%, продажба на градежно земјиште по почетна цена од 1 ЕУР за 1 м2; поволни кредитни линии и субвенции за изградба и опремување на установи за деца - детски градинки;
- изградба на нови објекти, доградба, реконструкција и одржување на објектите во дејноста на заштитата на децата, со приоритетно, целосно и рационално искористување на сите кадровски, просторни и други ресурси, како и развој на разни видови програми за дејноста со различно траење и цена на чинење;
- обезбедување на поквалитетни услуги во јавните детски градинки со воведување на други програмски активности, од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, рекреативни и слободни активности и спорт, според нови програми;
- со поддршка на УНИЦЕФ ќе продолжат отпочнатите активности за електронско поврзување на јавните установи за деца со Министерството за труд и социјална политика во делот на водење на педагошката евиденција и документација и реализација на програмските активности како и ќе се отпочне со активности за давање можност за електронско аплицирање за запишување на децата од предучилишна возраст во јавните установи за деца;
- обезбедување на редовна и навремена исплата на со законот утврдени парични права за децата.

1. Права за заштита на децата

Правата за заштита на децата како парични надоместоци, под услови утврдени со Законот за заштита на децата ги обезбедува државата со средства од Буџетот на Република Македонија.

Поголем обем на права од определените права во Законот може да обезбеди општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Паричните надоместоци согласно Законот се остваруваат како право на: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете и истите имаат за цел преку обезбедувањето на материјална помош на родителите да им помогнат за издржување, подигање, грижа и заштита на детето.

Во рамките на средствата утврдени со Буџетот на Република Македонија за 2017 година се предвидува парични примања на деца да користат во просек околу 60.000 деца, како придонес во остварувањето на примарната одговорност на родителите во обезбедувањето на услови за живот, потребен за развој на детето, односно животен стандард што одговора на неговиот физички, ментален, душевен, морален и социјален развој.

а) Детски додаток - е право на детето кое може да го оствари еден од родителите на детето, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија, за дете државјанин на Република Македонија кое е на редовно школување во Република Македонија, во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството како и другите услови утврдени со Законот за заштита на децата.

Правото на детски додаток во 2017 година се очекува да го остварат во просек околу 15.000 деца од околу 7100 корисници-семејства.

б) Посебен додаток - право на посебен додаток има еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, со постојано место на живеење во Република Македонија, ако е детето државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија до навршени 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата.

Правото на посебен додаток во 2017 година се очекува да го остварат околу 7400 деца од околу 7250 семејства.

в) Еднократна парична помош за новороденче - се обезбедува на семејството за прво новородено дете на мајката. Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.

Во 2017 година се предвидува правото на еднократна парична помош за новороденче да се оствари за околу 9.100 деца од околу 8800 семејства.

г) Партиципација - е ослободување на дел од цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца. Правото на партиципација се остварува за дете на кое материјалната состојба на семејството е нарушена поради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес и друго).

Во 2017 година се предвидува правото на партиципација да се оствари за околу 2000 деца.

д) Родителски додаток за дете - е право кое го остварува мајка за своето трето живо дете и која е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија последните три години пред поднесување на барањето согласно условите утврдени во Законот и подзаконските акти.

Родителски додаток за дете /за трето и четврто дете/ и во 2017 година ќе продолжи да се обезбедува и за децата за кои е остварено/стекнато ова право.

Во 2017 година се предвидува правото на родителски додаток за дете да се оствари/продолжи за околу 26.500 деца.

2. Облици на заштита на децата

а) Згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст - како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование и се обезбедува и остварува во детска градинка.

Дејноста се остварува и во центри за ран детски развој, кои спроведуваат програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште.

Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца, можат да вршат и правни и физички лица.

Дејноста на детските градинки ќе се остварува преку организирање и спроведување на програми кои според времетраењето на програмата се програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програма за продолжен престој, вонинституционални форми на активности со деца, а во центрите за ран детски развој според времетраењето ќе се организираат и спроведуваат скратени програми за деца од 3 до 6 години во траење од три часа дневно, со флексибилно работно време според потребите на родителите и заедницата.

Во состав на јавна детска градинка ќе се формираат советувалишта за деца и родители, во функција на социјализација на децата и рано откривање на пречки и проблеми во раниот детски развој како и пружање помош на родителите.

Мрежа на установи за децата

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст на почетокот на 2017 година ќе се остварува во вкупно 65 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 54 општини во 266 објекти. Покрај тоа во 26 села односно населени места и во четири општини ќе функционираат групи за згрижување на деца во други просторни услови и тоа: во состав на детската градинка „7 Септември"- Пехчево во селата Робово, Умлена и Чифлик и Црник; во состав на детската градинка „Гоце Делчев" – Виница во с.Блатец, во с. Трсино; во состав на детската градинка „Естреја Овадија Мара" – Битола во селата Бистрица, Кравари, Кукуречани и Долно Оризари; во состав на детската градинка „8 Март"- Кисела Вода во с. Зеленикови во општина Зелениково; во состав на детската градинка „Ацо Караманов"- Радовиш во с. Воиславци и с Калуѓерица.; во состав на детската градинка „Калинка"- Валандово во Пирава и Јосифово; во состав на детската градинка „Младост" Тетово во с.Нераште (општина Теарце) и во с.Боговиње (општина Боговиње); во состав на детската градинка "Наша Иднина" Прилеп во с.Тополчани (општина Прилеп), во состав на детската градинка „11 Септември" Ресен во с.Јанковец (општина Ресен); во состав на детска градинка „Фемо Кулаков" Неготино во с.Криволак, во с. Тремник и во с.Пепелиште (општина Неготино); во состав на детска градинка „Павлина Велјанова"-Кочани во с. Бели (општина Кочани), во состав на детска градинка „Детелинка" –Крива Паланка во с. Ранковце (општина Ранковце); во состав на детска градинка „Димче Мирчев"- Велес во с. Градско (општина Градско), во состав на детска градинка „Јасна Ристеска "-Охрид во с. Велгошти, с.Лескоец, с. Пештани и во населба Радојца Новачиќ и во состав на детска градинка „Брешиа "- Дебар во с. Могорче.

Во рамките на 10 јавни општински установи за деца има 24 центри за ран детски развој и тоа во:„Буба Мара"Аеродром-Скопје во Д.Лисиче; „Гоце Делчев"-Пробиштип во с. Ратовица; „Детска радост" – Гостивар во с. Дебреш и н. Циглана, општина Гостивар; „Младост" – Тетово во с. Фалиште, с. Селце, Голема Речица, н.м. Поток и н.м. Теќе, општина Тетово; во подрачното ОУ „Димитар Влахов", општина Штип, во состав на ЈОУДГ „Астибо„- Штип, во н.м Шеин Маале, во с. Јаргулица и во с. Подареш, општина Радовиш, во состав на ЈОУДГ „Ацо Караманов"- Радовиш, во подрачното ОУ „Тоше Перев" с. Десово, општина Долнени, во состав на ЈОУДГ „Наша Иднина" - Прилеп, во состав на ЈОУДГ "Анѓел Шајче"-Куманово во општина Куманово, во Општина Битола во состав на ЈОУДГ "Мајски цвет"-Битола во просториите на ОУ „Ѓорги Сугарев" и УЗ „Таки Даскало" и во состав на ЈОУДГ "Естреја Овадија Мара"-Битола во с. Горно Оризаре, с. Карамани и с. Логоварди, а има и четири јавни центри за ран детски развој и тоа во: објект во с. Конче, општина Конче, објект во о. Жупа, објект во о. Могила и н.м. Обршани општина Кривогаштани.

Во текот на 2017 година, како резултат на исполнетите услови со Законот и со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, ќе се зголеми бројот на јавни детски градинки.

Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст на почетокот во 2017 година ќе се остварува во 21 приватна установа за деца-детска градинка, во седум приватни установи за деца-центри за ран детски развој и шест детски градинки организирани како организациони единици во состав на правни лица -две и четири во рамки на приватни средни училишта.

Во 2017 година во системот на заштита на децата ќе се зголеми бројот на приватни детски градинки како резултат и на создадените пакет мерки за привлекување на инвестиции за изградба на установи за деца – детски градинки и можноста за јавно-приватно партнерство.

Со цел поттикнување на приватниот сектор за развој и проширување на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во 2017 година ќе се продолжи со реализација на Проектот: Приватни установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој и тоа преку: намалени трошоци за уредува-

ње на градежно земјиште при изградба на детска градинка за 95%; поволни кредитни линии со каматна стапка од 5,5% годишно за изградба и опремување на установи за деца-детски градинки преку кредитна линија на Македонска банка за поддршка на развојот; поврзување со мерките што се нудат од страна на Агенцијата за поддршка на претприемништвото; општините во земјата и општините во градот Скопје во Деталните урбанистички планови предвидоа градежно земјиште (локација) со намена на изградба на установи за деца-детски градинки по почетна продажна цена од 1 евро за 1 м2 и објекти кои ќе можат да се стопанисуваат преку моделот на јавно приватно партнерство. Ќе продолжат промотивните активности и потребната поддршка за отворање приватни детски градинки и центри за ран детски развој.

Заложбите на Владата на Република Македонија за подобрување на бизнис климата како и заложбите за активни мерки за вработување, придонесоа да се зголеми интересот за згрижување на децата во детските градинки. Со ваквата определба на Владата на Република Македонија, во одделни региони веќе се чувствуваат резултати односно зголемен интерес за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во детски градинки. Се очекува ваквата тенденција да продолжи и во 2017 година.

Трендот на зголемување на опфатот на децата ќе продолжи и во 2017 година со адаптација од страна на Министерството за труд и социјална политика на други просторни услови (основни училишта и други просторни услови) во детски градинки во рурални средини, формирање на групи на деца во други просторни услови кои би функционирале во состав на постојните општински јавни установи – детски градинки.

Во 2017 година максималното подобрување и приближување на квалитетот на згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст ќе биде и преку зголемен опфат на децата, а особено со акцент на децата од 3 до 6 години од руралните средини со отворање на групи во други просторни услови и на центри за ран детски развој (како јавни установи за деца или како објекти во состав на јавните општински детски градинки).

Со цел за поцелосно искористување на капацитетите во јавните детски градинки, ќе се продолжи со обезбедувањето престој и исхрана и за деца од над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

Согледувајќи го значењето на раниот детски развој на децата особено за децата од ранливите групи на населението, во рамки на Декадата на Ромите, во 20 општини во Република Македонија и во 2017 година, ќе продолжи да се имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи". Финансирањето на овој проект се реализира со средства на Министерството за труд и социјална политика, РЕФ (Ромски едукативен фонд) и со средства на единиците на локалната самоуправа.

Во рамки на мултикултурализмот и почит кон различностите преку регионалната Програма на ПРЕЦЕДЕ мрежата односно Партнерството за помирување преку ран детски развој и образование во Европа, во јавни установи за деца–детски градинки од општини со различен етнички состав ќе продолжат да се реализираат активностите за почитување на разликите и градењето на мир, директна работа со децата и родителите, пилотирање на прирачници и сл., во правец на истакнување на важноста на мултикултурализмот преку градење култура на мир и почитување на различностите низ инклузивен процес за ран детски развој.

Вработени во јавните установи за деца-детски градинки

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ќе ја вршат вработени од следните профили: негователи, воспитувачи, стручни соработници (виши медицински сестри, социјални работници, музички педагози, ликовни педагози, педагози по физичко воспитание, странски јазик и книжевност), стручни работници (педагог, психолог, социјален работник, логопед, доктор на медицина и доктор на стоматологија, правник, економист, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор) и други профили на вработени (готвачи, пом.готвачи, и др.) и административен кадар.

Во 2017 година се очекува статусната структура на вработените во детските градинки, да се подобри како и да се продолжи со решавање на статусот на ангажирани лица со договор на дело. Оваа определба треба да биде во контекст на имплементацијата на политиката на Владата на Република Македонија за преземање на дополнителни мерки и активности за поголема грижа и заштита за најмладата популација, како и определбата за зголемен опфат на деца со крајна цел за усогласеност на семејните и работните обврски на родителите.

Во функција на подигнување на квалитетот на услугите, ќе продолжи да се врши лиценцирање на стручниот кадар и на раководниот кадар, а ќе се организираат и обуки за вработените за прашања кои се во функција на поквалитетна заштита на децата.

Изградба, опремување и одржување на објектите за заштита на децата

Проширувањето на мрежата на јавните установи за деца - детски градинки во 2017 година ќе се реализира согласно со Програма која ќе ги опфати приоритетите за изградба, доградба и реконструкција на простор наменет за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст. Се предвидува акцент да се стави на руралните населби, но и во општини каде капацитетите се под потребите на родителите и децата за овој вид на заштита во функција на поцелосен опфат на оваа популација деца од предучилишна возраст, со посебен акцент на опфатот на генерацијата деца од пет до шест години живот.

Проширувањето на мрежата на јавните детски градинки ќе се поддржи од страна на Министерството за труд и социјална политика со процесот на преадаптација на слободни простории во детски градинки во рурални средини и групи/објекти во други просторни услови.

Со цел понатамошно унапредување, подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот и во 2017 година ќе се инвестира во изградбата на детски градинки и адаптација и реконструкција на постоечки објекти во детските градинки со што ќе се продолжи во континуитет со реализацијата на мерката на Владата на Република Македонија „ 40 нови детски градинки, објекти и групи во други просторни услови" отпочната 2014 година и која треба да се спроведе до 2017 година.

Во рамки на расположливите материјални можности во дел од постојните детски градинки ќе се интервенира со проширување на капацитетите преку доградба и адаптација на просторот.

Одржувањето на објектите ќе се остварува во рамки на расположивите средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година со приоритетно извршување на неопходните работи заради обезбедување на нормално и безбедно функционирање и вршење на дејноста (замена на кровови, поправки на водовод, канализација и санитарни чворови, замена на дотраена дрвена столарија и термотехничка инсталација).

3. Одмор и рекреација на децата

Во периодот на зимскиот и летниот распуст од учебната 2016/2017 година, а во функција на продолжување на реализација на новиот пакет на економско – социјални мерки за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток ќе се организира во детски одморалишта/туристички објекти седум дневен одмор на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и слично (до 3000 деца/корисници).

4. Други облици на заштита на децата

Во рамките на системот на заштитата на децата ќе се спроведуваат и други програмски активности со кој се унапредува дејноста, меѓу кои се:

- спроведување на проекти за деца со пречки во телесниот и интелектуалниот развој;
- спроведување на проекти, програми и едукација на стручниот и друг кадар;
- програмски активности за оспособување на згрижувачко-воспитниот, воспитно-образовниот и друг кадар со најновите современи сознанија во работите кои ги вршат овие вработени и согласно закон (професионален развој на кадрите);
- програмски активности на соработка за унапредување на исхраната на децата, хигиено-техничките и здравствени услуги, дидактички материјал.

III. Финансирање на заштитата на децата

Програмата за развој на заштитата на децата за 2017 година ќе се реализира со средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година од Раздел 15001 Министерство за труд и социјална политика и тоа:

1. Програма 3 Детска заштита со средства од 39.888.000 денари, од кои 35.338.000 денари буџетски средства и 4.550.000 денари средства од самофинансирачки активности и истата се однесува на:

- Потпрограмата 30 Установи за детска заштита со 10.232.000 денари, од кои 5.682.000 денари се буџетски средства и 4.550.000 денари средства од самофинансирачки активности
- Потпрограмата 3А Изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита со 29.656.000 денари.

Финансиските средства обезбедени со Потпрограмата 30 ќе бидат наменети за:

а) Расходна категорија 40 - Плати и надоместоци за вработените во установите за детска заштита како и за

б) Расходна категорија 42- Стоки и услуги

в) Расходна категорија 46- Субвенции и трансфери

Финансиските средства обезбедени со Потпрограмата 3А ќе бидат наменети за:

а) градежни објекти .....17.896.000 денари и

б) купување на опрема и машини ..... 11.760.000 денари.

Финансирањето на функцијата на установите за детска заштита ќе се обезбедува и со средствата кои се наменети за блок дотации за делегирани надлежности на општините за детската заштита и тоа:

- Блок дотации……..….. 1.373.870.000 денари.

2. Од Програма 5 Надоместоци и права од социјалната област или

- Потпрограма 52 Надоместоци за детска заштита со ..... 3.357.000.000 денари ќе бидат наменети за исплата на утврдените парични права со Законот за заштита на децата (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете) како и за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток.

Распределбата на средствата за секое од овие права ќе биде во рамки на расположивите средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година. Во 2017 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права од 2016 година.

IV. Мерки и активности за развој на заштитата на децата

За остварување на основните цели и задачи утврдени во оваа програма ќе се преземат следните мерки и активности:

1. Имплементирање на новиот концепт на доградениот систем на заштита на децата, особено во делот за организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес во современи услови и со признавање на плурални односи во вршењето на дејноста; доследно респектирање на правата на децата, на обврските на родителите и на локалната и државната власт во однос на семејството и на заштитата на децата; заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата да се остварува преку грижа и заштита на децата, нивниот ран развој и запознавање со современи концепти на подигање на нивото и квалитетот на развој и на можностите и условите кои им се обезбедуваат на децата; зајакнување на стручните тимови; формирање на советувалишта за деца и родители; професионално усовршување на кадарот; лиценцирање; зајакнување на контролните механизми во државата и општината за спречување на секакви злоупотреби на деца и институционално јакнење на инспекциите, стручниот надзор и контрола; поврзување на заштитата на децата во информатички систем кој би продуцирал дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, како и други податоци преку кои би се реализирале целите во овој домен во установите и другите облици на заштита на децата; создавање на пазарни можности и поттикнување на повеќе учесници да се јавуваат во обезбедување на услуги за децата;

2. Соработка со општините и општините во Градот Скопје при имплементацијата на процесот за децентрализација, а со општините во кои не се изградени објекти - детски градинки, ќе продолжи да се дава поддршка за остварување за организирано згрижување и воспитание на деца во други просторни услови давање поддршка на општините и општините во градот Скопје во создавањето и обезбедувањето на нови или дополнителни просторни услови – детски градинки за давање услуги згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;

3. Вклучување на поголем број на деца од популацијата деца од 0 до 6 години живот со изградба на нови детски градинки како и проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки како и на други објекти и просторни услови;

4. Доближување на детските градинки до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини;

5. Поттикнување и давање поддршка на општините и приватниот сектор (правни и физички лица) за изградба на нови капацитети како и за реконструкција и адаптација на постојните капацитети;

6. Вклучување во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на центрите за ран детски развој со формирање на центри за ран детски развој во склоп на детските градинки и основање на центри за ран детски развој со што им се овозможува на родителите од општините во кои нема капацитети за згрижување на децата како и во руралните средини децата од 3-6 годишна возраст да бидат опфатени со оваа форма на згрижување и воспитание на деца со цел зголемување на опфатот на оваа популација деца;

7. Реализација на програма за седум дневен одмор на деца од семејства со социјален ризик (социјална парична помош, постојана парична помош, детски додаток, родителски додаток) и деца корисници на посебен додаток (до 3000 деца/корисници во периодот на зимскиот и летниот распуст од учебната 2016/2017 година);

8. Спроведување кампања за подобрување на ставот на родителите кон предучилишното воспитание и сфаќање на неговото значење за развојот на децата од оваа возраст;

9. Реализација на програми во јавните детски градинки со цел обезбедување на поквалитетни програмски активности, од областа на културата, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, традиционални игри, основни животни навики, запознавање со занимања, рекреативни и слободни активности и спорт;

10. Зголемување на фондот на логички игри и сложувалки во јавните детски градинки согласно Акциониот план за набавка на логички игри и сложувалки за јавните детски градинки во 2017 година;

11. Поцелосно искористување на расположивите капацитети со промовирање на скратени програми за децата од недоволно развиени подрачја и региони, со што ќе се реализира принципот на достапност и правичност на јавната услуга. Доколку родителите искажат потреба за згрижување на децата во втора смена и во сабота, Министерството ќе даде поддршка на единиците на локалната самоуправа во поширока реализација на таквата определба;

12. Надзор, спроведување и следење на остварувањето на Законот, како и мониторинг и евалуација на преземените активности и

13. Обезбедување на редовна исплата на паричните примања на децата.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7984/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4436.

Врз основа на член 213-д став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ПЛАТЕНИ КАКО ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И АКЦИЗА ЗА НАБАВКА НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ ЗА ЛИЦА СО НАЈМАЛКУ 80% ИНВАЛИДНОСТ НА ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ, ЛИЦА СО УМЕРЕНА, ТЕШКА И ДЛАБОКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЗА ПОТПОЛНО СЛЕПИ ЛИЦА СО ПРИДРУЖНИК И ЗА ПОТПОЛНО ГЛУВИ ЛИЦА ЗА 2017 ГОДИНА

Со оваа програма се уредуваат мерките, носителите, начинот на спроведување, потребната документација и обезбедените средства за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2017 година.

I. Корисници

Корисници на оваа програма се следните лица:

- лице со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети,
- лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост,
- потполно слепо лице со придружник и
- потполно глуво лице.

II. Мерки

Рефундирањето на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се врши во рамките на обезбедените средства со оваа програма.

Со оваа програма се предвидуваат средства за рефундирање во износ не поголем од 180.000 денари по одобрено барање.

III. Носители

Оваа програма ја спроведуваат Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа.

IV. Начин на спроведување

Барањето за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се поднесува од страна на лицето со инвалидност, негов родител или старател од 1 јануари, а најдоцна до 30 септември во тековната година по објавен јавен повик. Барањето со потребната документација се поднесува преку надлежниот центар за социјална работа до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил со потребната документација.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, се врши увид најдоцна 30 дена од доставување на барањето.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, записникот за извршен увид и барањето со приложената документација се доставува до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил најдоцна десет дена од извршениот увид.

Од страна на Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил, по истекот на рокот за поднесување на барањата се разгледуваат доставените барања за рефундирање на средства со приложената документација, и најдоцна 30 дена по истекот на рокот се врши:

- електронско внесување на податоците,
- изготвување на предлог ранг - листа на лицата кои имаат поднесено барање за рефундирање на средствата по категории кориснички групи,
- изготвување на предлог до министерот за труд и социјална политика за исполнетоста на условите за рефундирање на средства и донесување на решение по барањата.

При утврдување на ранг - листата на лицата кои имаат поднесено барање за рефундирање на средствата платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил и ги исполнуваат условите од оваа програма, максималниот број на бодови изнесува 100 бода, и тоа:

- лице со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, потполно слепо лице со придружник и потполно глуво лице – 50 бода.
- дополнителни членови на семејство со инвалидитет – 30 бода:
- еден член во семејство со инвалидитет – 15 бода
- два и повеќе члена во семејство со инвалидитет – 30 бода.
- доколку лицето остварува приходи помали од просечната нето плата во државата за претходната година– 10 бода.
- доколку лицето е редовен студен, активен барател на работа или вработено лице – 10 бода.

V. Потребна документација

Кон барањето се поднесува следната документација:

- Наод, оцена и мислење од надлежна комисија за утврдено телесно оштетување од најмалку 80% на долните екстремитети, за утврдена умерена, тешка и длабока ментална попреченост, за потполно слепило и потполна глувост (или копија од документот заверена на нотар),
- Примерок или заверена копија од царинска декларација не постари од 12 месеци од денот на подмирување на царинските давачки и акцизи при увоз на патнички автомобил, издадени од царински орган.
- Доказ за платен данок на додадена вредност при набавка на патничкиот автомобил,
- Наод и мислење за друг член на семејството со инвалидност (или копија од документот заверена на нотар),
- Потврда за остварени приходи од Управата за јавни приходи за претходната година,
- Потврда за редовен студент (доколку лицето е студент),
- Потврда за заснован работен однос (доколку лицето е во работен однос),
- Потврда за регистриран активен барател на работа (доколку лицето е невработено лице).

VI. Обезбедени средства

Средствата за реализација на оваа програма се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2017 година во износ од 6.000.000,00 денари, на Раздел 15001, потпрограма 50, ставка 464.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7985/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4437.

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16) и член 32 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2017 ГОДИНА

I. ПОЈДОВНА ОСНОВА

Остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија во 2017 година се заснова на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за вработување на инвалидните лица, Законот за употреба на знаковниот јазик, Законот за инвалидски организации, Законот за цивилни инвалиди од војната, кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

Со оваа програма поблиску се уредуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението од социјална помош и заштита, социјалната превенција и средствата за остварувањето на социјалната заштита.

Со оваа програма се предвидува подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните.

Оваа програма се заснова на политиките и определбите на Владата на Република Македонија за 2017 година, со која се имплементираат стратешките приоритети на Републиката за тековната година, Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2017 година, Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија 2008-2018 година, Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2017 година, Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија, согласно со реадмисионите договори, ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година, Националната стратегија за старите лица 2010 – 2020 година, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020

година, Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година и Буџетот на Република Македонија за 2017 година. Во 2017 година ќе се имплементира на новата Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2015-2025 година, согласно со Акцискиот план за спроведување во 2017 година.

Во остварувањето и развојот на социјалната заштита во 2017 година, значајно место ќе имаат меѓународните документи, конвенциите и препораките, меѓу кои се: Стратегијата за социјална кохезија на Европскиот комитет за социјална кохезија, Милениумските развојни цели на ОН во делот на првата развојна цел: намалување на сиромаштијата и други препораки врз основа на кои ќе се врши постапно приближување кон законодавството на ЕУ.

II. ПОДРАЧЈА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита се остварува преку систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Социјалната заштита во 2017 година ќе се реализира преку обезбедување на:

- услуги и мерки за социјална превенција, воннституционална заштита и институционална заштита за граѓаните кои се изложени на основните социјални ризици и
- права на парична помош од социјална заштита, и тоа:
- социјална парична помош,
- постојана парична помош,
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа,
- парична помош на згрижувач,
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- еднократна парична помош и помош во натура,
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот,
- додаток за глувост,
- парична помош на самохран родител кој има дете со пречки во развојот,
- парична помош за социјално домување,
- право на здравствена заштита и
- додаток за слепило и мобилност.

Во 2017 година се предвидува да бидат опфатени со услугите и мерките на социјалната заштита следниве корисници на социјална заштита:

- малолетни лица:
- без родителска грижа до 18 годишна возраст,
- деца во ризик,
- малолетни лица со воспитно социјални проблеми ,
- ставени под старателство,
- сместени во згрижувачко семејство,
- сместени во установи за социјална заштита,
- сместени во дневен центар за деца на улица,
- сместени деца во дневен центар за деца со пречки во развојот,
- возрасни лица
- лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, до навршување на 26 години,
- бездомни лица,
- жрви на семејно насилство,
- корисници на дрога,
- лица со инвалидност,
- стари лица,
- возрасни лица ставени под старателство,
- сместени во згрижувачко семејство,
- лица со попреченост во менталниот развој над 18 години, сместени во станбени единици за организирано живеење со поддршка,
- сместени во установи за социјална заштита за стари лица,
- сместени во установи за социјална заштита,
- лица од семејства со нарушени односи во семејството,
- возрасни лица со општествено негативни навики ,
- лица со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, нови барателе на азил сместени во установа, лица вратени по однос на договори за реадмисија, и
- други полнолетни лица корисници на услуги.

Корисниците на социјалната заштита се корисници на парични права од социјална заштита и корисници на социјални услуги за згрижување во установа за социјална заштита, воннституционална заштита и друг вид на услуги и мерки, согласно со Законот за социјалната заштита.

Во рамките на реформските процеси во социјалната заштита, ќе се реализира Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2016/2017 и за учебната 2017/2018 година, со цел подобрување на пристапот и квалитетот на образованието за учениците во средното образование од домаќинствата, корисници на право на социјална парична помош. Со оваа програма, ќе се обезбедат дополнителни парични надоместоци за учениците, кое право е условено со запишување и посетување на средното образование и има за цел да го зголеми бројот на лица запишани во средно образование од домаќинства - корисници на правото на социјална парична помош, како и реализацијата на задолжителното средно образование во Република Македонија. Средствата за спроведување на оваа програма се обезбедени преку Договор за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во текот на 2017 година, ќе продолжи имплементацијата на мерките за намалување на енергетската сиромаштија за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош, преку Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија.

Ќе започне реализацијата на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата. Со оваа програма ќе се обезбедат средства за рефундирање на трошоци платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил од корисниците во текот на 2017 година.

III. ПОТРЕБИ НА НАСЕЛЕНИЕТО И СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА

1. Развој на социјалната заштита

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе ја следи и оценува Координативно тело, врз основа на донесениот Оперативен план за имплементација оваа програма за 2017 година.

Во 2017 година ќе продолжат активностите за изготвување на нова регулатива за социјално претпиемништво.

2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост

Ќе продолжи имплементацијата на ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година, така што ќе се изготви и реализира Оперативен план за 2017 година со конкретни мерки и активности, а во насока на реално утврдување на локалните проблеми и потреби на граѓаните, со посебен акцент на преземање на конкретни активности на локално ниво.

Процесот на деинституционализација на лицата со попреченост во менталниот развој, во 2017 година ќе продолжи со функционирање на постоечките 17 станбени единици за организирано живеење со поддршка и тоа 9 станбени единици во Неготино и 8 станбени единици во Град Скопје, во кои се сместени вкупно 81 корисници со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст.

Согласно Акцискиот план за проширување на мрежата на станбени единици, во 2017 година се планира отворање на три нови станбени единици за организирано живеење со поддршка за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години во кои ќе бидат сместени до 15 корисници.

Во Детскиот дом „11 Октомври – Скопје, ќе продолжи функционирање на четири станбени единици со поддршка од стручни лица, за децата без родители и родителска грижа на начин близок на семејното живеење.

Согласно Програмата за работа на патролни социјални работници, во 2017 година ќе продолжи имплементација на Програмата.

Министерството за труд и социјална политика, почнувајќи од 2007 година, во континуитет го имплементира проектот „Народни кујни", а согласно со Програмата на Владата на Република Македонија во 2017 година ќе продолжи функционирањето на воспоставените народни кујни.

Во 2017 година ќе продолжат активностите за изградба на пристапни рампи, лифтови и подвижни платформи во институциите од јавен карактер.

Комисијата за развој и афирмација на знаковниот јазик, ќе продолжи со активности за негово унапредување од лингвистички, фонолошки и морфолошки аспект, синтакса и негова стандардизација, согласно со Законот за употреба на знаковниот јазик. Обезбедена е финансиска поддршка на Комисијата при Сојузот на глуви и наглуви на Македонија за организирање на обуки за изучување на знаковниот јазик, која ќе организира обуки за изучување на знаковниот јазик и за граѓани коишто сакаат да го изучуваат знаковниот јазик, така што бројката од постојните 12 сертифицирани толкувачи на знаковен јазик ќе биде зголемена и рамномерно распределена во различни региони од државата.

Се планира подобрување на вонинституционалната заштита на деца со пречки во развојот преку отворање на Дневен центар за деца со даунов синдром во Град Скопје, Дневен центар за рана интервенција за деца со попреченост од 0-3 години во Општина Карпош, Дневен центар за деца со попреченост во Општина Демир Хисар , Дневен центар за возрасни лица со тешка и најтешка телесна попреченост во Општина Битола , Дневен центар за деца со попреченост во Општина Свети Николе „ како и во други општини во зависност од потребите и можностите.

Во функција на подигнување на грижата кон старите лица, имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година ќе се спроведе согласно со Оперативен план за 2017 година, во кој активностите ќе се насочат особено кон проширување на мрежата на дневни центри за стари лица во Општина Велес и Општина Тетово, како и во други општини во зависност од потребите на корисниците.

Во насока за подобрување на состојбата со институционалната заштита на старите лица, во 2017 година ќе продолжат активности за изградба на Дом за стари лица во Општина Гази Баба.

Исто така, ќе се продолжи со мерките и поволностите за поттикнување на изградба на приватни домови за социјална заштита на стари лица.

Социјалната заштита на децата во ризик, ќе се реализира во насока на почитување на стандардите за социјална интеграција во општеството и почитување на правата на децата утврдени со Конвенцијата за правата на децата на ООН. Во оваа насока, ќе се јакнат капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита за превенција и имплементација на Законот за правата на децата и ќе се направат напори за развивање на специјализирани згрижувачките семејства за деца во ризик, отворање на едукативни центри за групна работа со родители и воведување на менторство, како една од мерките за помош и заштита на децата во ризик и децата во судир со законот.

3. Активности поврзани со приближување на законодавството во областа на социјалната заштита кон законодавството на ЕУ

Во доменот на социјалната заштита, континуирано ќе се следат документите, практиките и препораките на ЕУ, со цел истите постапно да бидат имплементирани во системот на социјалната заштита.

Во текот на 2017 година, имплементацијата на ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година, ќе се следи преку воспоставениот национален координативен механизам за прашања поврзани со политиките за социјално вклучување во Република Македонија.

Во текот на 2017 година, се планира да започне имплементацијата на Националната стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2016-2018 година.

Национално координативно тело против семејно насилство ќе ги следи и анализира состојбите со семејното насилство, ќе ги координира активностите на надлежните институции и ќе предлага мерки за унапредување на националните политики и мерки за имплементација на националните политики.

Воспоставеното Национално координативно тело, ќе продолжи со следењето на имлементацијата на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, преку донесен Оперативен план за спроведување на мерките за 2017 година.

4. Тековни активности во социјалната заштита

Во областа на социјалната заштита се спроведуваат активности во насока на подобрување на заштитата на граѓаните, подобрување на квалитетот на услугите и социјалната превенција.

- Превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца

Во 2017 год ќе се продолжи со активности за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија, како и превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца.

- Вклучување на здруженија, на приватната иницијатива и на физички лица во социјалната заштита.

Ќе продолжи соработката со инвалидските организации и националните сојузи на лица со инвалидност на Република Македонија, согласно со одредбите од Законот за инвалидски организации.

По заокружувањето на законските прописи со кои се создадени услови за вклучување на невладиниот сектор во вршењето на одредени работи од социјалната заштита, во 2017 година, Министерството за труд и социјална политика, ќе продолжи со активности за развивање на партнерски однос со здруженијата. Бројот на договорените партнерства ќе биде во зависност од расположивите буџетски средства, додека изборот на здруженијата на кои ќе им биде доверена одредена социјална функција, ќе се спроведе по објавен конкурс, со целосно почитување на транспарентноста на постапката.

Ќе се настојува, партнерски однос за одредени работи од социјалната заштита да се изгради и со физичи лица кои ги исполнуваат пропишаните законски услови.

- Социјална заштита на бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица и повратници од реадмисиони договори

Покрај редовната грижа за внатрешно раселените лица, активностите на Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе бидат насочени кон програми со кои ќе се стимулира враќањето на овие лица во местото на живеење и трајно решавање на проблемот на одреден број на внатрешно раселени лица. Во однос на бегалците, односно лицата со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, Министерството за труд и социјална политика и Центарот за интеграција на бегалци и странци ќе преземат мерки за олеснување на процесот на интеграција на овие лица, согласно со новиот Акциски план за имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2015-2025 година и Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2017 година. За сите овие лица, во текот на 2017 година ќе се направат напори за имплементација на поголем број на активности предвидени со Акцискиот план за интеграција на бегалци и странци и Програмата.

За лицата вратени во однос на договорите за реадмисија, кои при враќањето се судираат со одредени проблеми во рамки на "Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратниците во Република Македонија согласно со реадмисионите договори" предвидени се сет мерки и активности, со кои ќе им се овозможи олеснет пристап на овие лица до социјалните права.

- Инспекциски надзор

Со инспекцискиот надзор во социјалната заштита, во 2017 година се очекува понатамошно активно спроведување на надзорот над применувањето и спроведувањето на законските прописи, со кои се уредени работите од социјалната заштита, надзор над остварувањето на правата и исполнувањето на обврските на корисниците на правата, исполнување на условите за вршење на дејности од социјалната заштита, предвидени со Законот за социјалната заштита. Од работата во инспекцискот надзор се очекуваат понатамошни позитивни резултати, особено во примената на Законот во делот на парична помош од социјална заштита и социјалните услуги.

IV. Средства за остварување на социјална заштита

Средствата за остварување на Програмата за социјална заштита за 2017 година во Буџетот за 2017 , се предвидени на Раздел 150.01, на следниве буџетски подпрограми:

1. Потпрограма 40 – Центри за социјална работа и Завод за социјални дејности. Во 2017 година на оваа потпрограма, се предвидени буџетски средства во износ од 493.955.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 850.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 2.650.000 денари и средства од донации во износ од 550.000 денари.

2. Потпрограма 41 – Дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита. Во Буџетот за 2017 година, на оваа потпрограма се планирани 97.723.000 денари средства од основен буџет, средства од самофинансирачки активности во износ од 2.060.000 денари и средства од донации во износ од 835.000 денари.

3. Потпрограма 42 – Установи за институционална социјална заштита. Во Буџетот за 2017 година на оваа потпрограма се планирани 214.792.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 20.000.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 50.350.000 денари и средства од донации во износ од 2.650.000 денари.

4. Потпрограма 44 – Програма за условени парични трансфери. Во Буџетот за 2017 година на оваа потпрограма се планирани средства од заем од Светска банка во износ од 123.000.000 денари и средства од основен буџет (приходи) во износ од 530.000 денари.

5. Потпрограма 4А – Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита. Во Буџетот за 2017 година на оваа потпрограма се планирани 32.974.000 денари.

6. Потпрограма 50 – надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот за 2017 година на оваа потпрограма се планирани 4.620.787 денари за социјални надоместоци на ставка 471, 104.240.000 денари трансфери до Фондот за здравствено осигурување на ставка 433 и 94.000.000 денари за енергетска сиромаштија на ставка 464.

а) На ставката 471-Социјални надоместоци во износ од 3.980.000.000 денари, ќе бидат распоредени за:

Постојана парична помош - се исплаќа на лицата кои се неспособни за работа и материјално необзбедени, кои не можат да остварат средства за егзистенција согласно со други прописи. Во 2017 година се очекува бројот на овие корисници да изнесува 5.800 корисници, при што висината на ова право ќе се зголеми за 5% отпочнувајќи со исплатата на ова право во месец јули 2017 година. За исплатата на постојаната парична помош ќе бидат реализирани 357.000.000 денари;

Социјална парична помош - се исплаќа на домаќинства чии членови се способни за работа, но се материјално необезбедени. Во 2017 година се очекува да бидат опфатени околу 32.000 домаќинства, при што висината на ова право ќе се зголеми за 5% отпочнувајќи со исплатата на ова право во месец јули 2017 година. За исплатата на социјалната парична помош ќе бидат реализирани 1.270.000.000 денари.

Паричен надоместок за помош и нега од друго лице - се исплаќа на лица над 26 годишна возраст, кои не можат да ги вршат основните животни потреби без помош од друго лице (лица со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лица со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепи лица, како и лица со трајни промени во здравствената состојба). Во 2017 година се очекува правото да го стекнат просечно околу 26.500 корисници. Потребните средства за задоволување на правото ќе изнесуваат 1.585.000.000 денари.

Право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот - ова право кое е утврдено со Законот за социјалната заштита и со Законот за работни од-

носи, го остварува еден од родителите на хендикепирано дете, доколку родителите се во работен однос. За оваа намена во 2017 година се предвидени 4.700.000 денари.

Еднократна парична помош и помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства коишто се нашле во положба на социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална загрозеност, како и дете или младинец без родители или родителска грижа по напуштање на установата или згрижувачкото семејство. За оваа намена во 2017 година се предвидени 26.000.000 денари.

Право на домување -право на паричен надоместок за домување согласно со Законот за социјалната заштита има лице без родители и родителска грижа до 18 годишна возраст, односно по престанување на старателството најмогу до 26 годишна возраст. Паричен надоместок за домување се обезбедува и за лицата со признат статус на бегалец, согласно со одредбите од Законот за азил и привремена заштита, се до периодот на преземање на оваа одговорност од страна на локалната самоуправа. За оваа намена во Буџетот за 2017 година се предвидени 1.600.000 денари.

Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа - со правото можат да се стекнат лицата со стекнат статус на дете без родители и родителска грижа, доколку по полнолетството се без средства за егзистенција, односно се на редовно школување, до навршување на 26 годишна возраст. Во рамките на ова право, се обезбедува и дополнителна помош за лицата кои се запишани по прв пат на студиска година од прв, втор и трет циклус - докторски студии, како редовни или вонредни студенти на јавните високообразовни установи. Во 2017 година, вкупниот број на овие корисници се предвидува да изнесува околу 180 лица. За оваа намена во Буџетот за 2017 година се предвидени 47.000.000 денари.

Правото на додаток за слепило се обезбедува за потполно слепо лице над 26 годишна возраст, а правото на додаток за мобилност се обезбедува на лице над 26 годишна возраст со 100 % телесен инвалидитет или лице со квадриплегија, лице со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој и коешто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволи основните животни потреби, утврдени од стручен орган и со решение на центарот за социјална работа. Додаток за глувост се обезбедува за тотално глуво лице со навршени 26 години, коешто има потполно згасната слушна перцепција и истото не може да ги задоволи своите животни потреби без толкувач на знаковен јазик. За оваа намена во Буџетот за 2017 година се предвидени 634.100.000. денари.

Право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство- ќе се исплатува на семејствата кои во семејството ќе згрижат лице, корисник на социјална заштита. Ова право во 2017 година се предвидува да го остварат околу 180 семејства кои ќе згрижат околу 290 лица, за што се предвидени 42.000.000 денари;

Сместување во ученички домови или други установи на деца без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете) и дете со нарушено поведение, а за кои центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, воспитување, образование и нормален развиток на детето. За оваа намена во Буџетот за 2017 година се планирани 1.600.000 денари.

Партиципација за здравствена услуга во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита согласно Законот за здравствено осигурување за корисници децата со посебни потреби, корисници на постојана парична помош, лицата сместени во установи за социјална заштита и во друго семејство, кои остваруваат право на здравствена заштита според прописите за социјална заштита. За оваа намена во Буџетот за 2017 година се планирани 10.000.000 денари.

Парична помош за згрижувач за лица кои по престанокот на згрижување лица во своето семејство, не се вработени и не остариле право на пензија. За оваа намена во Буџетот за 2017 година се планирани 1.000.000 денари.

б) На ставката 433-Трансфери до Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ од 104.240.000 денари, ќе бидат распоредени за остварување право на здравствена заштита на корисниците на социјална заштита на следниве права: постојана парична помош, сместување во згрижувачко семејство, паричен надоместок за помош и нега од друго лице, сместување во установи за социјална заштита, парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со Законот за семејството и лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка.

в) На ставката 464 – разни трансфери, дел од средствата во износ од 94.000.000 денари се наменети за програма за субвенционирање на електрична енергија.

7. Потпрограма 51 – надоместоци за цивилни инвалиди од војната. Во Буџетот за 2017 година на оваа потпрограма се планирани 75.600.000 денари.

8. Потпрограма 54 – надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот за 2017 година на оваа потпрограма се планирани вкупно 64.250.000 денари, од кои 23.500.000 средства од основен буџет наменети за исплата на права за лицата со признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и барателите на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија и 40.750.000 на сметка донации за проект за мигранти финансиран со грант од Совет на Европска Банка за развој.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, со напомена дека во 2017 година ќе се измират и неизмирените обврски по основа на правата од 2016 година.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7987/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4438.

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

I. Појдовна основа

Со оваа програма се врши субвенционирање на потрошувачката на енергија (електрична енергија, огревно дрво, јаглен, екстра лесно масло за домаќинства/ нафта за домаќинство и централно греење) во 2017 година.

Со оваа програма се обезбедува континуитет во субвенционирањето на потрошувачката на енергија, врз основа на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/16 и 160/16).

II. Корисници

Корисници на оваа програма се домаќинства кои се корисници на право на социјална парична помош и семејства корисници на правото на постојана парична помош (во понатамошниот текст: корисник).

Домаќинства на кои поради работно ангажирање за извршување на јавни работи времено им мирува правото на социјална парична помош, не се сметаат за корисници на оваа програма.

Корисникот го остварува надоместокот по основа на субвенција на дел од потрошената енергија (електрична енергија, огревно дрво, јаглен, екстра лесно масло за домаќинства/нафта за домаќинство и централно греење), доколку:

- остварува право на социјална парична помош или постојана парична помош, согласно со Законот за социјалната заштита,
- извршил плаќање во период од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година, за електрична енергија или централно греење и
- набавил огревен материјал (дрво, јаглен или екстра лесно масло за домаќинства /нафта за домаќинство), во период од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година.

III. Мерки

Надоместокот за субвенција за потрошена енергија ќе се исплаќа на месечна основа.

Висината на месечниот надоместок за субвенција изнесува 900 денари, за доставена платена сметка за електрична енергија или централно греење или платена сметка (фискална сметка) и сметкопотврда за останатите енергенси од 1 јануари до 30 јуни 2017 година.

Висината на месечниот надоместок за субвенција изнесува 1000 денари, за доставена платена сметка за електрична енергија или централно греење или платена сметка (фискална сметка) и сметкопотврда за останатите енергенси од 1 јули до 31 декември 2017 година.

IV. Модалитети на субвенции

Модалитетите на субвенциите ќе зависат од видот на енергенсот за кој ќе се определи корисникот за оставрување на надоместокот за субвенционирање на трошокот.

За остварување на субвенционирање на потрошена енергија (електрична енергија или централно греење), ќе се земаат предвид платените сметки во период од јануари - декември 2017 година, без оглед на периодот за кој се однесува сметката.

Набавката на огревно дрво, јаглен или екстра лесно масло за домаќинства/нафта за домаќинство треба да биде извршена во период од јануари - декември 2017 година.

Надоместокот за субвенција корисникот го остварува во месечен износ од 900, односно 1000 денари. Доколку износот на сметката е помал од висината на субвенцијата, на корисникот му се исплаќа надоместокот за субвенција за потрошена енергија до износот на сметката.

- Надоместокот за потрошена електрична енергија ќе се исплаќа за секоја платена месечна сметка за потрошена електрична енергија, која соодветствува со адресата на која живее корисникот. Во случај кога на иста адреса со едно електрично броило живеат повеќе корисници-домаќинства, надоместок за субвенција сразмерно ќе го оствари секој корисник, до висината на сметката.
- Надоместокот за централно греење ќе се исплаќа за секоја платена месечна сметка за централно греење која соодветствува со адресата на која живее корисникот. Во случај кога на иста адреса живеат повеќе корисници-домаќинства, надоместок за субвенција сразмерно ќе го оствари секој корисник, до висината на сметката.
- Надоместокот за останатите енергенси, за кои не се плаќа месечна сметка, ќе се исплаќа по приложена платена сметка, на име на носителот на правото или член на неговото семејство/домаќинство. Надоместокот за субвенција се остварува во месечен износ од 900, односно 1000 денари до износот на приложената сметка, во кој период се исклучува од надоместок за субвенција за друг енергенс.

Во периодот на важење на оваа програма, корисникот може да поднесе барање за надоместокот за субвенција за различни енергенси, со тоа што во еден месец правото на субвернционирање на трошоците се остварува за еден вид на енергенс, во месечна висина од 900, односно 1000 денари.

V. Носители

Оваа програма ќе ја спроведе Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа.

Корисниците може да поднесат барање за остварување на надоместокот за субвенција за потрошена енергија од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година.

Барањето се поднесува до надлежниот центар за социјална работа, според местото на живеење на корисникот.

Кон барањето се поднесува следнава документација:

- платена сметка за електрична енергија или централно греење, или
- платена сметка (фискална сметка) и сметкопотврда за останатите енергенси, која гласи на име на носителот на правото или член на неговото семејство/домаќинство. За екстра лесното масло за домаќинството, платената сметка и сметкопотврдата ќе се земаат во предвид за период согласно со прописите за продажба на овој вид енергенс.

Субвенционирањето на потрошувачката на енергија престанува во следниве случаи:

- со престанување на користење на социјална парична помош или постојана парична помош и
- доколку субвенцијата е остварена врз основа на невистинити или нецелосни податоци, односно со злоупотреба на истата.

Корисникот треба да известува за секоја промена која се однесува на:

- промена на носителот за исплата и
- промена на домашната адреса.

Исплатата може да се врши во еден месец, кумулативно и за повеќе платени сметки во периодот на важење на оваа програма.

Исплатата за огревен материјал (огревно дрво и јаглен) и екстра лесно масло за домаќинства/нафта за домаќинство се врши по поднесена сметка за период од датата на платената сметка, а најдоцна до 31 декември 2017 година.

Центарот за социјална работа води евиденција за корисниците за искористениот надоместок за субвенција на месечна основа.

VI. Извори на средства

Програмата за воведување на субвенции за трошоци за потрошена енергија за 2017 година ќе предизвика фискални импликации во висина од 94.000.000 денари, обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, со напомена дека во 2017 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на надоместок за субвенционирањето на потрошувачката на енергија од 2016 година.

Средствата за субвенционирањето на потрошувачката на енергија ќе се исплаќаат од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика - Раздел 15001, Потпрограма 50, ставка 464, месечно или во динамика договорена со Министерството за финансии.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7990/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4439.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08,82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/2016) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПЕНИ И ВГРАДЕНИ СОНЧЕВИ ТЕРМАЛНИ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМИ ВО ДОМАЌИНСТВАТА И ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПЕНИ И ВГРАДЕНИ ПВЦ ИЛИ АЛУМИНИУМСКИ ПРОЗОРЦИ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 годинапотпрограма 32 – Развој на енергетиката, ставка 464 – Разни трансфери, наменети за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година.

II

Средствата од дел I на оваа програма во вкупен износ од 36.000.000,00 денари ќе се користат за:

- надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата до 30%, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2017 година и тоа во износ од 16.000.000 денари и

- за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата до 50%, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2017 година во износ од 20.000.000 денари.

Средствата од Буџетот наменети за програмата, ги распоредува Министерството за економија.

III

Надоместокот на дел од средствата за купени и вградени сончеви термални колекторски системи од дел II алинеја 1 од оваа програма ќе го остварат лицата кои:

- имаат купено и вградено во своите домови колекторски систем по денот на објавувањето на Јавниот оглас до завршување на Јавниот оглас од дел IV на оваа програма, што се докажува со документација од став 2 на овој дел.

- го немаат искористено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на сончеви термални колекторски системи во својот дом врз основа на претходните јавни огласи на Министерството за економија за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи објавени во 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година, што се докажува со документација од став 2 на овој дел.

За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од став 1 на овој дел се исполнети, барателот до Министерството за економија ги доставува следните документи:

1. пополнет образец за барање (кој во себе содржи изјава дека барателот го нема искористено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на сончев термален колекторски систем врз основа на претходните Јавни огласи на Министерството за економија во 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014 , 2015 и 2016 година). Образецот на барањето може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk,

2. доказ во оригинал дека е извршено купувањето на сончев термален колекторски систем, и тоа:

- фискална сметка, или

- фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на огласот.

Доколку купувачот достави доказ во оригинал за направените трошоците за вградувањето на соларниот колектор (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на овој оглас), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колектори.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

IV

За спроведување на транспарентна постапка при добивање надомест на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата, доделувањето на средствата ќе се одвива на следниот начин:

1. Министерството за економија со цел за стимулирање на користењето на сончевата енергија во Република Македонија од сончеви термални колекторски системи, во месец јануари 2017 година ќе распише јавен оглас во два дневни весници и истиот ќе биде отворен до 31 август 2017 година.

2. На 22 септември 2017 година ќе се одржи јавно извлекување на лицата кои ќе го остварат правото на надомест на дел од трошоците направени за купен и вграден соларен колектор. За времето и местото на из-

влекувањето Министерството за економија ќе даде соопштение кое ќе биде објавено во два дневни весници и на национална телевизија со кое сите барателиќе бидат поканети на јавниот настан. Секој барател кој има доставено барање за надоместување на дел од трошоците може доколку сака да присуствува на јавното извлекување.

3. За спроведување на активностите за реализација на мерката за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2017 година министерот за економија ќе формира пет комисии кои ќе бидат составени од три члена и нивни заменици. Комисиите по пристигнувањето на сите барања за надомест на дел од трошоците доставени за времетраењето на јавниот оглас односно најдоцна до 31 август 2017, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања. Пристигнатите коверти во присуство на сите членови на комисиите ќе бидат ставени во унифицирани коверти на Министерството за економија.

4. Извлекувањето од точка 3 на овој дел ќе се одвива на следниот начин:

- извлекувањето ќе биде снимено и за истото Министерството за економија ќе има видеозапис и секој заинтересиран барател може да побара увид во видеозаписот од извлекувањето за што треба да достави писмено барање до Министерството за економија,
- унифицираните коверти во присуство на сите членови на комисиите ќе се стават во посебен сад,
- лицето кое го врши извлекувањето, секој извлечен коверт го предава на една од Комисиите,
- претседателот на секоја одделна комисија го соопштува името на барателот, по што комисијата пристапува кон проверка на документите доставени од страна на барателот и соопштува дали барањето е во согласност односно не е во согласност со условите и барањата од оваа програма,
- за времетраење на извлекувањето ќе се составува листа која ќе содржи податоци за извлеченият барател, за износот на надоместокот и за персоналниот данок на доход,
- во оној момент кога ќе се извлечат барателите чиј збир на износот на надоместоци и на износот на персоналниот данок на доход ги ангажира средствата наменети за оваа намена, ќе заврши извлекувањето на барателите кои имаат комплетна и уредна документација, по што ќе следи отворање на ковертите и читање на имињата и презимињата на останатите подносители и
- листата на извлечени барателикои имаат уредна и комплетна документација за времетраењето на извлекувањето ќе биде достапна на видеобим на местото на извлекувањето,

5. Избраните лица кои немаат уредна и комплетна документација неможе да остварат надомест.

V

Министерството за економија, пред објавувањето на листата на барателиод став 3 на овој дел, ги проверува извлечените барателикои имаат уредна и комплетна документација дали го искористиле правото на повратна дел од средствата врз основа на претходните јавни огласи на Министерството за економија за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи објавени во 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година.

Доколку се констатира дека некои од извлечените барателикои имаат комплетна и уредна документација веќе го искористиле правото на надомест, истите нема да бидат објавени на листата на барателиод став 3 на овој дел и нема да може да остварат надомест за 2017 година.

Листата на барателикои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена од денот на извлекувањето, по што ќе следи исплатата на средствата.

Средствата наменети за извлечените барателикои имаат комплетна и уредна документација за кои по извршената проверка ќе се констатира дека веќе го искористиле правото на надомест во 2007, 2009, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година ќе се вратат во Буџетот на Република Македонија.

VI

Надоместокот на дел од средствата за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци од дел II алинеја 2 од оваа програма ќе го остварат лицата кои:

- имаат купено и вградено во своите домови ПВЦ или алуминиумски прозорци по денот на објавувањето на Јавниот оглас до завршување на Јавниот оглас од дел VII на оваа програма, што се докажува со документација од став 2 на овој дел.

За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од став 1 на овој дел се исполнети, барателот до Министерството за економија ги доставува следните документи:

1. пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk,
2. доказ во оригинал дека е извршено купувањето на ПВЦ или алуминиумски прозорци, и тоа:

- фискална сметка, или
-фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на огласот.

Доколку купувачот достави доказ во оригинал за направените трошоци за вградувањето на ПВЦ или алуминиумски прозорци (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на овој оглас), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен''.

VII

За спроведување на транспарентна постапка при добивање надомест на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата, доделувањето на средствата ќе се одвива на следниот начин:

1. Министерството за економија со цел за стимулирање на користењето на мерката за замена на ПВЦ или алуминиумски прозорци, во месец јануари 2017 година ќе распише јавен оглас во два дневни весници и истиот ќе биде отворен до 31 август 2017 година.
2. За спроведување на активностите за реализација на мерката за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата министерот за економија ќе формира пет комисии кои ќе бидат составени од три члена и нивни заменици.
3. Комисиите со записник ќе го утврдат точниот број на барања доставени за времетраењето на јавниот оглас односно најдоцна до 31 август 2017 година, како и точниот број на барања кои ги исполнуваат условите за надоместување на дел од средствата утврдени во дел VI од оваа програма.

4. Комисиите ќе имаат за цел да ја утврдат исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година од приложената документација и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација неможе да остварат надомест.

Исплатата на средства во износ до 50%, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2017 година ќе се врши врз основа на донесено решение од Министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Македонија за оваа намена.

Листата на барателите кои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија најдоцна до 31 октомври 2017 година.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7996/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4440.

Врз основа на член 43 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

За поттикнување на рамномерен регионален развој на Република Македонија во 2017 година, во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Раздел 280.01-Биро за регионален развој, Потпрограма ОА-Рамномерен регионален развој, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, се утврдени средства во износ од 97.691.000 денари.

Член 2

Средствата од членот 1 од оваа програма се користат за следните намени:

Вкупно денари

Намена	
1.Неизмирени обврски од 2016 година	10.000.000
2.Неповратно учество во финансирање проекти во планските региони	59.843.700
3. Неповратно учество во финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби	17.098.200
4. Неповратно учество за финансирање проекти за развој на селата	8.549.100
5. Исплата на средства за плаќање на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање	2.000.000
6. Исплата на средства за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити	200.000
Вкупно:	97.691.000

Член 3

Средствата од член 2 точка 1 од оваа програма во износ од 10.000.000 денари ќе се користат за финансирање на неизмирени обврски од 2016 година (регионални проекти, проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проекти за развој на селата) .

Член 4

Средствата од член 2 точка 2 од оваа програма во износ од 59.843.700 денари ќе се користат за финансирање проекти на планските региони, врз основа на предложени проекти од советите на планските региони.

Член 5

Средствата од член 2 точка 3 од оваа програма во износ од 17.098.200 денари ќе се користат за финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој согласно член 41 од Законот за рамномерен регионален развој.

Член 6

Средствата од член 2 точка 4 од оваа програма во износ од 8.549.100 денари ќе се користат за финансирање проекти за развој на селата.

За користење на средствата од ставот 1 на овој член за одобрени проекти од општина со седиште во град, локалната самоуправа обезбедува учество од 50% од вредноста на проектот.

Одобрените проекти од член 2 точка 4 од оваа програма од општина со седиште во село немаат обврска за кофинансирање на проектите.

Член 7

Средствата од член 2 точка 5 од оваа програма во износ од 2.000.000 денари ќе се користат за исплата на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лицата кои имаат стекнато право на плаќање заклучно со 31 декември 2007 година, согласно член 71 од Законот за рамномерен регионален развој и истите продолжуваат да го користат до остварувањето на правото на пензија согласно закон.

Член 8

Средствата од член 2 точка 6 од оваа програма во износ од 200.000 денари ќе се користат за исплата на обврските за одобрените регреси на дел од камати по користени кредити заклучно со 31 декември 2007 година согласно член 72 од Законот за рамномерен регионален развој и истата продолжува до завршувањето на отплатата на кредитите.

Член 9

Средствата од член 2 точки 2, 3 и 4 од оваа програма ќе се одобруваат согласно утврдените принципи, цели и приоритети на регионалниот развој во Република Македонија и дефинираните мерки, инструменти и финансиски и други средства за нивна реализација утврдени со Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, Програмата за развој на планските региони, стратешките документи на општините и подзаконските акти за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 10

Средствата од член 2 точки 2, 3 и 4 од оваа програма, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој се доделуваат, согласно член 42 од Законот за рамномерен регионален развој.

Член 11

Следење на користењето на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој според оваа програма врши Бирото за регионален развој преку извештаи за реализација на проектите за кои се доделени финансиски средства подготвени од центрите за развој на планските региони и носителите на проектите.

Член 12

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година".

Бр. 42-8001/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4441.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 53/2011, 51/2015 и 149/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2017 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа Програма во 2017 година во износ од 100.042.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија", бр.191/16), раздел 14003-Управа за хидрометеоролошки работи (во понатамошниот текст: УХМР) ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Назив на програмски активности	Износ на средства
1.	Програмски активности од областа на администрација	91.302.000,00
2.	Програмски активности од областа на хидрологија	3.451.000,00
3.	Програмски активности од областа на метеорологија	3.073.000,00
4.	Програмски активности од областа на прогноза и предупредување	1.336.000,00
5.	Програмски активности од областа на квалитет на води	880.000,00
	Вкупно:	**100.042.000,00**

II

Средствата од Дел I точка 1 од оваа програма во износ од 91.302 .000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Активности за обезбедување на услови од правен, финансиски аспект, меѓународна соработка и активности од областа на човечки ресурси и внатрешна ревизија за реализација на другите програми во УХМР.	91.302.000,00

III

Средствата од Дел I точка 2 од оваа програма во износ од 3.451 .000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Хидролошки набљудувања и мерења во мрежата на станици за површински и подземни води	2.000.000,00
2.	Хидрометриски и контролни хидролошки мерења во мрежата на станици за површински и подземни води и спроведување на договори и меѓународни активности	730.000,00
3.	Осовременување на хидролошкиот мониторинг систем за подобрување на хидролошките следења, мерења и информации, како и развој на методи од областа на хидрологијата	300.000,00
4.	Изработка на хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води	211.000,00
5.	Одржување на хидролошки станици за спроведување на континуирани хидролошки мерења на површински и подземни води.	210.000,00

IV

Средствата од Дел I точка 3 од оваа програма во износ од 3.073.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Мерења и набљудувања во мрежата на метеоролошки станици и спроведување специјални мерења и набљудувања во мрежата на метеоролошките станици	1.820.000,00
2.	Редовна обиколка, контрола и интервенции на метеоролошките станици во Република Македонија и спроведување на активности на меѓународен план во областа на метеорологијата	340.000,00
3.	Тековно одржување на мрежата на метеоролошките станици за спроведување на континуирани мерења на метеоролошките параметри.	653.000,00
4.	Осовременување на метеоролошкиот набљудувачки систем за воспоставување на информационен систем за климатски услуги.	150.000,00
5.	Изготвување на дневни, декадни, месечни,сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи	110.000,00

V

Средствата од Дел I точка 4 од оваа програма во износ од 1.336.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Одржување на системот за радарски мониторинг на облачните системи и меѓународни активности во областа на прогнозата на времето	150.000,00
2	Меѓународна размена на метеоролошки податоци во рамките на глобалниот метеоролошки систем	200.000,00

3.	Изработка на редовни временски прогнози, метеоролошки билтени и информации,вонредни прогнози и предупредувања за опасни временски непогоди врз основа на радарскиот мониторинг, издавање на аларми во Европскиот систем МЕТЕОАЛАРМ	120.000,00
4.	Функционирање на системот за радарски мониторинг , информатичкиот систем и интегрираниот систем за рана најава на пожари	480.000,00
5.	Осовременување на радарскиот мониторинг и сателитскиот прием на податоци	386.000,00

VI

Средствата од Дел I точка 5 од оваа програма во износ од 880.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1	Меѓународни активности од областа на квалитет на води	90.000,00
2	Земање на примероци на вода од мрежата за квалитет на води во Република Македонија(12 пати годишно)	200.000,00
2.3	Спроведување на хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води	445.000,00
4	Осовременување на теренски мерења	145.000,00

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8025/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4442.

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија”, бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ
ВО 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, контрола над производството на сертифициран семенски и саден материјал, чување на семенски и саден материјал, имплементација на подзаконски акти од областа на семенски и саден материјал и нивно изготвување и усогласување со ЕУ законодавството.

II

Средствата од оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари се обезбедуваат од:

	денари
Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Раздел 14001, Програма 5, Потпрограма 52, Категорија 46 - Субвенции и трансфери, Ставка 464 - Разни трансфери	**2.000.000,00**

III

Средствата утврдени во дел II на оваа програма ќе се користат за:

Намена	**денари**
1. Финансиска поддршка за внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа	**300.000,00**
2. Финансиски средства за постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе	**600.000,00**
3. Финансиски средства за функционирање на ген банки	**400.000,00**
4. Финансиска поддршка за усогласување и имплементација од областа на семенски и саден материјал	**700.000,00**
ВКУПНО	**2.000.000,00**

IV

(1) Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 300.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор	140.000,00
- Надоместок за работата на Комисијата за национална сортна листа	30.000,00
- Изготвување, техничка обработка и печатење на Билтен, како и изготвување, техничка обработка и печатење на Национална сортна листа на Република Македонија	100.000,00
- Статистичка обработка на добиените резултати од испитувања на сортите	30.000,00
Вкупно	**300.000,00**

(2) Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 600.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Организирање на постконтрола во опитни полиња на репрезентативен примерок од партии на семе, вклучувајќи и увезени партии на семе	600.000,00
Вкупно	**600.000,00**

(3) Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 400.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка	400.000,00
Вкупно	**400.000,00**

(4) Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 700.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Измени и дополнувања на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, како и изготвување и изменување на подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон	100.000,00
- Студиски посети во странство за поблиско запознавање со проблематика од областа на семенски и саден материјал	600.000,00
Вкупно	**700.000,00**

V

Исплатата на средствата од оваа програма го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Правата и обврските на корисниците на средствата по оваа програма од дел III се утврдуваат на следниот начин:

а) со договор што го склучува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со правно лице за намените од дел IV став (1) алинеи 1, 3 и 4, став (2) алинеја 1 и став (3) алинеја 1 од оваа програма и

б) со решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за намените од дел IV став (1) алинеја 2 и став (4) алинеи 1 и 2 од оваа програма.

Средствата од дел IV став (4) алинеја 2 за реализација на студиски посети во 2017 година ќе бидат од следните модули:

- Процедури за сертификација на семенски и саден материјал на земјоделски растенија;
- Постконтола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе;
- Постапки и методи за испитување на различноста, еднообразноста и стабилноста (DUS – тест) на сорти кај земјоделските растенија; и
- Функционирање на ген банките во регионот и Европската унија.

VI

Средствата од оваа програма се неповратни.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8026/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4443.

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 191/16) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија”, бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 53/16, 120/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2017 ГОДИНА

I

(1) Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година во вкупен износ од 2.247.243.000 денари се обезбедени согласно, Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 191/16), раздел 14004 -Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст Агенцијата), програма 2-Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 440.000.000 денари и потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 1.807.243.000 денари.

II

(1) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 2.023.743.000 денари ќе се користат за следните мерки за финансиска поддршка на руралниот развој:

2) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 201.027.570 ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

I. МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ			
Код на мерка	**Дел**	**НАЗИВ НА МЕРКА**	**ИЗНОС (во денари)**
111	**IV**	**Обука и информирање на земјоделските производители**	**10,000,000.00**
112	**V**	**Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност**	**100,000,000.00**
114	**VI**	**Советодавни услуги во земјоделството:**	**5,000,000.00**
121	**VII**	**Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства:**	**425,000,000.00**
		набавка на приплоден добиток	145,000,000.00
		подигнување на нови насади	14,000,000.00
		набавка на пчелни матици	30,000,000.00
		набавка наземјоделска механизација за житни и индустриски култури	50,000,000.00
		набавка на систем за наводнување капка по капка вклучително и бунари	186,000,000.00
122	**VIII**	**Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите**	**10,000,000.00**
123	**IX**	**Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи**	**18,000,000.00**
124	**X**	**Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството:**	**705,800,000.00**
		Капитални инвестиции во водостопанската инфраструктура	405,000,000.00
		останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура	188,000,000.00
		Инвестиции во пасишта во државна сопственост	78,300,000.00
		пристап до земјоделско земјиште	30,000,000.00
		Консолидација на земјоделско земјиште	4,500,000.00
131	**XI**	Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност	**60,000,000.00**
211	**XII**	Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)	**31,000,000.00**
213	**XIII**	Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики	**20,000,000.00**
214	**XIV**	**Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток:**	**13,000,000.00**
		активносги за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви	1,000,000.00
		воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток	12,000,000.00
215	**XV**	**Органско производство**	**61,000,000.00**
321	**XVI**	**Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини**	**301,000,000.00**
322	**XVII**	**Обнова и развој на селата**	**200,943,000.00**
323	**XVIII**	**Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја**	**51,000,000.00**
413	**XIX**	**Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини**	**10,000,000.00**
431	**XX**	**Поттикнување на локален развој на рурални средини**	**2,000,000.00**
I. ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ			**2,023,743,000.00**

2) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 201.027.570 ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

РЕДЕН БРОЈ	НАЗИВ НА МЕРКА	ИЗНОС (во денари)
1	Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој	169,000,000.00
1.1	Организирање и спроведување на манифестации и саеми	30,000,000.00
1.2	Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители	
1.3	Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи	23,000,000.00
1.4	Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија	500,000.00
1.5	Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој:	3,000,000.00
1.6	Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери	6,000,000.00
1.7	Воспоставување и спроведување на истражувања се доделува за трошоци за спроведување на истражувања	10,000,000.00
1.8	Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	96,500,000.00
2.	Помош за плодоуживатели	1,000,000.00
3.	Субвенционирање на каматна стапка	31,027,570.00
II. ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ		201,027,570.00

(3) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 22.472.430 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој согласно член 26 од Законот за иновациска дејност.

III

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 111 „Обука и информирање на земјоделските производители" од оваа програма се спроведуваат согласно член 66 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за организирање и одржување на обуки и информативни сесии од следните области:

- успешно организирање и раководење на земјоделското стопанство;
- воведување на дополнителни дејности на земјоделско стопанство;
-воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики;
- трансфер на знаења за постигнати научно-истражувачки резултати;
- користење на информатички технологии за земјоделско производство;
- примена на пропишаните стандарди од областа на заштита на животната средина, заштита и здравје на луѓето, заштита и здравје на растенијата, заштита на здравјето и благосостојба на животните и примена на хигиенски пракси;
- примена на мерките за поддршка за вршење на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина и руралните предели и
- воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

(2) Корисници на поддршката се давателите на обуката и на информативните сесии.

(3) Висината на поддршката од став (1) на овој дел изнесува 100% од вредноста на прифатливите и направените трошоци.

(4) Поддршката е наменета за земјоделските стопанства регистрирани во ЕРЗС.

IV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство согласно член 67 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

(2) Висината на поддршката од став (1) на овој дел изнесува до 600.000 денари за период на реализација на деловниот план и се исплаќа на годишно ниво во најмногу три рати.

(3) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 90.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 112 „Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

V

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 114 „Советодавни услуги во земјоделството“ од оваа програма, се спроведуваат согласно член 69 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка наменета за:

- воспоставување на систем на советодавни услуги преку основање на правни лица за вршење на нестопанска дејност од областа на советодавни, консултативни и информативни услуги во земјоделството и шумарството и достигнување на соодветни квалификации на кадровскиот потенцијал, административни и технички капацитети за извршување на услугите, со исклучок на инвестиции во основни средства и
- годишна програма за советодавни услуги- програма за квалитет на млекото со која се дефинира видот и обемот на советодавните услуги кои се спроведуваат преку Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

(2) Корисници на поддршката од став (1) алинеја 1 на овој дел се:

- јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачка работа за земјоделство и шумарство,
- национални здруженија на земјоделски производители и приватни сопственици на шуми и
- правни лица основани за вршење на дејност од областа на советодавни услуги во земјоделството.

(3) Поддршката од став (1) алинеја 2 од овој дел ја спроведува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

(4) Финансиската помош од став (1) алинеја 1 на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 30% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

VI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 121 за „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од оваа програма се спроведуваат согласно член 70 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- набавка на високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата буша), педигрирани машки и женски приплодни грла овци, педигрирани машки и женски приплодни грла кози и педигрирани свињи (нерези и назимки), за сите како оригинали или хибриди;
- подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини;
- набавка на пчелни матици и опрема за пчеларство;
- набавка на земјоделска опрема и механизација за житни и индустриски култури и
- набавка на опрема за систем за наводнување-капка по капка за пченка, сончоглед и фуражни култури вклучително и бунари за наводнување.

(2) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за набавени високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата буша), педигрирани машки и женски приплодни грла овци, педигрирани машки и женски приплодни грла кози, и педигрирани свињи (нерези и назимки), за сите како оригинали или хибриди, за периодот од 01 октомври 2016 до 31 декември 2016 година е 29 февруари 2017 година.

(3) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за подигнати нови повеќегодишни лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини, за периодот од 01 октомври 2016 до 31 декември 2016 година е 29 февруари 2017 година.

(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за инвестициите од ставот (1) алинеи 1 и 2 од овој дел за периодот од 01 Јануари 2017 година до 30 септември 2017 година е 30 септември 2017 година.

(5) За реализација на мерките од став (1) алинеи 3, 4 и 5 од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка.

(6) Висината на поддршка од ставот (1) од овој дел изнесува 50% од прифатливите и направените трошоци.

(7) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот, може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(8) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 125.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите" од оваа програма се спроведуваат согласно член 71 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка наменета за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

(2) Корисници на поддршката се приватни сопственици на шуми или здруженија на приватни сопственици на шуми.

(3) Висината на поддршката изнесува 50% од вредноста на прифатливите и направените инвестиции.

VIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од оваа програма се спроведуваат согласно член 72 став 1 алинеја 3 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка наменета за инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности или активности за собирање и чување на примарни земјоделски производи за нивна натамошна намена.

(2) Корисници на поддршката се трговски друштва и задруги кои исполнуваат услови за вршење на дејноста согласно со закон, државни субјекти, јавно приватно партнерство или единици на локалната самоуправа.

(3) Висината на поддршката не може да надмине 50% од вредноста на прифатливите и направените трошоци, освен кога е наменета за јавни инвестиции, кога висината на поддршката ја утврдува Владата на Република Македонија.

(4) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 8.000.000 денари се наменети за неподмирените обрвски од мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

IX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од оваа програма се спроведуваат согласно член 73 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура;
- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;
- инвестиции за поставување на громобранска заштита во бачилата;
- системи за снабдување со вода вклучително и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и
- консолидација на земјоделско земјиште.

(2) Корисник на средствата од став (1) алинеја 1 од овој дел е. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст: Министерството).

(3) Корисник на средствата од став (1) алинеја 2 од овој дел е акционерско друштво во државна сопственост АД Водостопанство на Република Македонија.

(4) Корисник на средствата од став (1) алинеја 3, 4, 5 и 6 од овој дел е Јавно Претпријатие за стопанисување со пасиштата во државна сопственост.

(5) Корисник на средствата од став (1) алинеја 7 и 8 од овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(6) Средствата за инвестициите од ставот (1) може да ги спроведува Министерството по доставен предлог за инвестиции од страна на корисниците на средствата, по пат на јавна набавка.

(7) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(8) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот, може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(9) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 125.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

X

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 15 и 16 од Законот за земјоделски задруги како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- помош за основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на земјоделски задруги при Министерството;
- помош за премии за осигурување, во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурување на производните капацитети на земјоделската задруга од мал обем и 80% за осигурување на производните капацитети на земјоделската задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000 денари на годишно ниво и
- инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на набавката.

(2) Поддршката од став (1) алинеја 1 на овој дел за направени прифатливи трошоци се исплаќа квартално по доставено барање за исплата и тоа:
- за прв квартал најдоцна до 15 април 2017 година;
- за втор квартал најдоцна до 15 јули 2017 година;
- за трет квартал најдоцна до 15 октомври 2017 година и
- четврт квартал најдоцна до 31 декември 2017 година.

(3) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 4.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од оваа програма програма се спроведуваат согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна финансиска поддршка во висина до 15% за директните плаќања по површина, грло добиток или единица производ за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 30.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство како неповратната финансиска поддршка и тоа:

- во висина од 80% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 01.11.2016 до 31.10.2017 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) кое се наоѓа во населени места со надморска висина поголема од 700 метри односно регистрираните одгледувалишта каде се одгледува добитокот да се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри и

- во висина од 40% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 01.11.2016 до 31.10.2017 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) кое се наоѓа во населени места со надморска висина под 700 метри односно регистрираните одгледувалишта каде се одгледува добитокот да се наоѓаат во населени места со надморска висина под 700 метри.

(2) Помошта од став (1) на овој дел се исплаќа за најмногу 20 вработени лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) при што за 10 вработени лица се исплаќа 80% за помошта од став 3 алинеја 1 на овој дел, односно 40% за помошта од став 3 алинеја 2 на овој дел, а за вработените лица над 10 помошта се намалува за 50%.

(3) За помошта од став (1) на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е во следниов сооднос:

- за одгледување на овци во сооднос 1 вработено лице на 150 овци;
- за одгледување на кози во сооднос 1 вработено лице на 50 кози и
- за одгледување на говеда во сооднос 1 вработено лице на 80 говеда.

(4) Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година по годината за која е исплатена поддршката.

(5) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став (1) на овој дел изнесува не повеќе од 300.000 денари по вработено лице.

(6) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 10.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 214 „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток" од оваа програма се спроведуваат согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- активносги за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви и
- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток.

(2) Средствата од став (1) од овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од областа на сточарството, семе и саден материјал и здравје и заштита на растенијата.

(3) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 6.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 214 за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 215 „Органско производство" од оваа програма се спроведуваат согласно член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 60.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 215 „Органско производство" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- изградба на локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе населени места во руралните средини во должина до 5 км;
- изградба на локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места во руралните средини со регионален пат или со населено место - град во должина до 7 км;
- изградба на водоснабдителни и канализациони системи во населени места во руралните средини до 1.850 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Македонија;
- изградба на објекти, вклучително и набавка на опрема за организирање на продажба на жив добиток во населени места во руралните средини;
- модернизација на постоечките пазари за жив добиток за постигнување на повисоки стандарди за благосостојба на животните и
- изградба на објекти и опрема за домови за деца и млади, домови на култура во населени места во руралните средини.

(2) Корисници на средствата од став (1) од овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа

на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став (2) од овој дел.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(5) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 300.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 322 „Обнова и развој на селата" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- изработка на урбанистички планови за населени места во руралните средини;
- изградба и/или реконструкција на улици во населени места во руралните средини (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1км и
- изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во населени места во руралните средини.

(2) Корисници на средствата од став (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став (2) од овој дел.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(5) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 199.943.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 322 „Обнова и развој на селата" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој за инвестиции за следните намени:

- изградба на локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места во рурални средини со локалитет од значење за начинот на живот и работа на руралната популација во должина до 2 км;
- означување на културни и природни знаменитости во рурални средини;
- уредување на излетнички места во рурални средини, вклучително и нивно поврзување со мрежи за снабдување со електрична енергија, вода за пиење и канализација;
- изградба или реконструкција на патна инфраструктура за пристапност до и околу природни знаменитости во рурални средини вклучително и нивно уредување и воведување на комплементарни содржини - пешачки, велосипедски и останати спортски патеки и шеталишта и
- озеленување на површини покрај природни езера и магистрални патишта во рурални средини.

(2) Корисници на средствата од став (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Корисник на средствата од став (1) алинеи 2, 3 и 4 од овој дел може да биде и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија.

(4) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 5 од овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост Македонски шуми.

(5) Средствата од мерката од став (1) алинеја 4 од овој дел ги спроведува Министерството за транспорт и врски, преку спроведување на постапка на јавна набавка.

(6) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел, се доделува во висина од 100% од вкупната вредност од прифатливите трошоци и се исплаќа во висина на износот утврден согласно договорите за јавни набавки склучени од корисниците од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој дел.

(7) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) од овој дел, по барање на корисникот, може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(8) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 50.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 413 „ Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно член 87 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка наменета за реализација на стратегии за локален развој на рурални средини кои предвидуваат спроведување на мерки согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Корисник на поддршката од став (1) од овој дел е Локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Стратегиите за локален развој на рурални средини од став (1) од овој дел мора да ги исполнуваат условите утврдени во член 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Висината на поддршката за прифатливи трошоци по корисник, без данок на додадена вредност и други даноци и јавни давачки изнесува до 4.000.000 денари годишно.

XIX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 431 „Поттикнување на локален развој на рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно член 87 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка наменета за работата на ЛАГ за развој на руралните средини.

(2) Корисник на поддршката од став (1) од овој дел е ЛАГ основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XX

(1) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 1. „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во вкупен износ од 71.500.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(3) Средствата од дел II став (2) потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми“ и потточка 1.2. „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители“ се наменети за следните манифестации и саеми:

- „Prowein China“ за вино, Шангај-Народна Република Кина;
- „Prodexpo“саем за пијалоци, Москва-Руска Федерација;
- „World Food (Мир Питание)“ за овошје, зеленчук и преработки, Москва –Руска Федерација;
- „Fruitlogistica“ за свежо овошје и зеленчук, Берлин-Сојузна Република Германија;
- „ProWein“ за вино, Дизелдорф-Сојузна Република Германија;
- „Sial “ за преработки од овошје и зеленчук, Париз-Република Франција;
- „Sial Middle East“ за преработки од овошје и зеленчук;
- Промоција на македонското вино на таргетирани пазари во ЕУ;
- Промотивни настани за промоција на македонската преработувачка индустрија на овошје и зеленчук на таргетирани пазари во ЕУ и
- Промоција на македонското вино преку безцаринските зони во Хуанџо и Шангај и во „China National Exibition Center“ – Република Кина и
- Промотивни настани за промоција на македонското вино во САД.

(4) Средствата од дел II став (2) потточка 1.7 “Воспоставување и спроведување на истражувања“ се спроведуваат согласно член 10 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој наменета за истражувања во времетраење до шест месеци, краткорочни истражувања во времетраење од 12 месеци и долгорочни истражувања во времетраење не повеќе од 36 месеци, за трошоци за спроведување на истражувања, трошоци за инвестиции во основни средства и опрема за спроведување на иновативни практики во примарното земјоделското производство и трошоци за апликација на научно-истражувачки достигнувања од областа на растителното и сточарското производство.

(5) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 2. „Помош за плодоуживатели" од оваа програма, се спроведуваат согласно член 106-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

(6) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 3. „Субвенционирање на каматна стапка’’ од оваа програма, се спроведуваат согласно член 98-а став 2 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XXI

(1) За реализација на мерките од оваа програма Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка или барања за исплата на финансиска поддршка, доколку поинаку не е уредено со оваа програма.

(2) Рокот за објавување на отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка од оваа програма по мерки изнесува 30 работни дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(3) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од оваа програма, освен за мерките од дел VIII, IX, XV, XVI и XVII во кои еден корисник - единица на локалната самоуправа и/или Центрите за развој на планските региони може да поднесат најмногу три барања.

(4) Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

XXII

(1) Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8027/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4444.

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година во вкупен износ од 90.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Македонија за 2017 година (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 191/16) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст Агенција), потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 50.000.000,00 денари и согласно потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 -

капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 40.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

1.	Финансиска поддршка во рибарството	19.000.000,00
2.	Финансиска поддршка во аквакултурата	48.000.000,00
3.	Техничка помош	1.000.000,00
4.	Пилот - проекти	1.000.000,00
5.	Развој на нови пазари и промотивни кампањи	500.000,00
6.	Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата од претходните години	20.500.000,00
	Вкупно	90.000.000,00

II

(1) Средствата од дел I точка 1 на оваа програма наменети за финансиска поддршка во рибарството во износ од 19.000.000,00 ќе се користат за реализација на следните активности:

1.	Финансиска поддршка во рибарството		
	Мерка	Опис	Средства
1.1.	Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја	100% од прифатливи трошоци	11.800.000,00
	- Охридско Езеро со подмладок од Охридска пастрмка		10.000.000,00
	- Дојранско Езеро со подмладок од крап		900.000,00
	- Преспанско Езеро со подмладок од крап		900.000,00
1.2.	Финансиска поддршка за порибување на води без концесионер и риболовни зони	100% од вредноста на набавениот подмладок	500.000,00
	- води без концесионер со подмладок од пастрмка и крап		300.000,00
	- вештачко езеро – акумулација Шпилје со подмладок од пастрмка и крап		200.000,00
1.3.	Риболовни пунктови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови	100% од вредноста на инвестицијата или од надоместот за услугата	1.000.000,00
1.4.	Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал	100% од прифатливи/одобрени трошоци	2.000.000,00
1.5.	Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба на Дојранското Езеро	100% од прифатливи/одобрени трошоци	1.200.000,00
1.6.	Дополнителна заштита на рибите во риболовните води	100% од прифатливи трошоци	2.500.000,00
	Вкупно	19.000.000,00	

(2) Средствата од став (1) потточка 1.1. се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја предвидени во Програма за изведување вештачки мрест и порибување.

(3) Средствата од став (1) потточка 1.2. од овој дел се наменети за обезбедување на порибителен материјал и порибување на риболовните зони, како и за надомест на трошоци за обезбедување на порибителен материјал и порибување на риболовни зони и риболовни води без концесионер.

(4) Средствата од став (1) потточка 1.3. од овој дел се наменети за инвестиции во изградба на нови и реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, како и за исплата на надомест за услуга за користење на постоечки пунктови кои се во приватна сопственост. Средствата за изградба на нови и реконструкција на постоечки риболовни пунктови се наменети за инвестиции кои се однесуваат на:

- изработка или промена на урбанистички проект за определување на локација за изградба на риболовен пункт;
- изработка на проект за изградба на риболовен пункт;
- набавка на материјали за изградба и
- изведување на изградба на риболовен пункт.

Средствата за адаптација на постоечки риболовни пунктови (сопствени или сопственост на други правни или физички лица), а се наменети за инвестиции кои се однесуваат на подобрување на условите за истовар, манипулација, складирање и продажба на рибите од риболовниот пункт и тоа:

- обезбедување на довод на вода и електрична енергија;
- набавка на опрема за поправки и одржување на опремата во пунктот и риболовна опрема;
- опремување со компјутери за водење на евиденции;
- подобрување на работните и сигурносните услови и
- складирање и третман на отпадот.

Средствата за исплата на надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се наменети за користење на пунктови кои се во сопственост на други правни или физички лица, а концесионерите ги користат за вршење стопански риболов.

(5) Средствата од став (1) потточка 1.4. од овој дел се наменети за рехабилитација, доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал во регистрираните репроцентри и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- изградба и обновување на рибни базени - градежни работи;
- обновување на мрестилишна сала - градежни и занатски работи;
- обновување и опремување на рибни базени;
- набавка и инсталирање на опрема (филтри, апарати за аерација, UV стерилизатори, заштитни мрежи и друга потребна опрема);
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и /или подигнување нови базени, кади, матични базени, одгледувалишта, растилишта и младичници;
- набавка на градежни метеријали и елементи за конскструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во мрестилишта;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на жива риба;
- набавка на опрема за аерирање на вода;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер;
- набавка и инсталирање на опрема за следење на хемиски карактеристики на вода;
- набавка на агрегат за струја и
- набавка на пумпи за вода на течни горива.

(6) Средствата од став (1) потточка 1.5. од овој се наменети за изградба на нови или обновување на постоечките објекти (мандри) за лов на риба на Дојранското езеро и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- изведба на работите.

(7) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во риболовната основа и донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 Ноември 2016 година до 30 Септември 2017 година.

(8) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел ќе се користат за надомест на направени трошоци и тоа за:

- услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице;
- набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот или даден на користење на концесионерот;
- набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот и
- изнајмување на пловни објекти од трети лица.

(9) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, не треба да го надминат износот од:

- 30. 000,00 денари - за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони;
- 150.000,00 денари – за заштита на риболовни зони и
- 400.000,00 денари – за заштита на риболовни подрачја.

(10) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.1., 1.2. и 1.4. од овој дел се субјекти – регистрирани репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал, кои изведуваат вештачки мрест и порибуваат риболовни води со определени видови риби.

(11) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.3. од овој дел наменети за инвестиции за изградба на нови и реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови се единиците на локални самоуправи за реализирање на предвидениот предмет на работа или услуга (субјекти кои се избрани како најповолни понудувачи за реализирање на предвидената активност, а корисници на средствата за надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се концесионерите на рибите).

(12) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.5. од овој дел се единицата на локална самоуправа или концесионерите на риби за вршење стопански риболов на Дојранското Езеро.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел се концесионерите на рибите од риболовните води. Еден концесионер може да користи средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов.

III

(1) Средствата од дел I точка 2 на оваа програма наменети за финансиска поддршка во аквакултурата во вкупен износ 48.000.000,00 денари ќе се користат за:

2.	Финансиска поддршка во аквакултурата		
	Мерки	Опис	Средства
2.1.	Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата	50% од вредноста на инвестицијата	10.000.000,00
2.2.	Финансиска поддршка за порибителен материјал	40% од вредноста на набавениот или сопствен подмладок	7.000.000,00
2.3.	Финансиска поддршка за произведена и продадена риба на пазарот	20,00 денари/кгр	31.000.000,00
	Вкупно	48.000.000,00	

(2) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции во аквакултурата се наменети за:

- изградба на нови капацитети за аквакултура,
- проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура;

- изградба на нови капацитети за преработка на рибите и
- набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите.

(3) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;
- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во рибници;
- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;
- набавка на ледомати;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;
- набавка на опрема за автоматско или полу автоматско сортирање на риба;
- апарати за за додавање на течен кислород во водата;
- товарно возило со кабина со минимум три места за седење, погон 4х4, отворен товарен простор на четири тркала, , носивост најмалку 1000 кг и сила на моторот до 140 кс;
- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000 кг;
- цистерна до два тона вода, опрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород- распрскувачи, манометри, челиќни боци за складирање на кислородот или (специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба) ;
- специјализирани товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 1500 кг;
- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 м и ширина до 2.5 м, со јачина мотор до 12 коњски сили;
- набавка на опрема за пратење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглероден диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.) ;
- набавка на агрегат за струја до 10 киловати и
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за преработка на рибите можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект,
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

(5) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на риба можат да бидат наменети за:
- прием и чистење на рибата,
- обескостување и филетирање,
- димење (топло и/или ладно) на рибата,
- пакување и вакумирање на риба,
- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема вклучително и софтвер.

(6) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за инвестиции во аквакултурата од став (1) потточка 2.1. од овој дел не може да го надмине износот од 3.500.000,00 денари, за прифатени инвестиции од 7.000.000,00 денари независно од вкупната вредност на инвестицијата.

(7) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел кои се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции можат да се зголемат во следниве случаи:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство,
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје и
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

(8) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се наменети за набавка на порибителен материјал.

(9) Висината на вредноста на поддршката од став (1) потточка 2.2. од овој дел наменета за купен или сопствен подмладок изнесува 40% од просечната пазарна цена на подмладокот утврдена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст Министерството) на предлог на овластените установи од областа на рибарството без разлика на набавната (фактурната) вредност на подмладокот.

(10) Вкупната вредност на исплатени средства за финансиска поддршка од став (1) потточка 2.2. на овој дел по поединечен корисник на годишно ниво не може да го надмине утврдениот износ од 300 000, 00 денари независно од вкупната вредност на набавениот (сопствениот) подмладок.

(11) Средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел се наменети за произведена риба, која е продадена во периодот од 1 ноември 2016 година до 31 октомври 2017 година.

(12) Висината на вредноста на поддршката по килограм произведена и продадена риба ќе изнесува 20,00 денари по килограм.

(13) Средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел се исплаќаат скалесто и тоа:

- за килограм произведена и продадена риба во рибник до 25.000 килограми - 100 % од 20,00 денари,

- за килограм произведена и продадена риба во рибник од 25.000 до 50.000 килограми - 75 % од 20,00 денари,
- за килограм произведена и продадена риба во рибник од 50.000 до 100.000 килограми - 50 % од 20,00 денари и
- за килограм произведена и продадена риба во рибник над 100.000 килограми - 25 % од 20,00 денари.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1., наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура, или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството.

Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитет.

Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2016 - декември 2017 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот како и субјекти запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството кои имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет.

(16) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. од овој дел се субјекти запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството и немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2016 - декември 2017 година од видот риба за која ја бараат финансиската поддршка.

IV

(1) Средствата од дел I точка 3 на оваа програма наменети за техничка помош во вкупен износ 1.000.000, 00 денари, ќе се користат за реализација на следните активности:

3.	Техничка помош		
	Мерки	Опис	Средства
3.1.	Размена на информации, зголемување на соработка и подигнување на свест	100% од прифатливи/одобрени трошоци	500.000,00
3.2.	Воспоставување, поврзување и работа на информатички системи за управување, следење, инспекција и процена	100% од прифатливи/одобрени трошоци	500.000,00
	Вкупно		1.000.000,00

(2) Средствата од став (1) на овој дел се наменети за финансирање на мерки кои се однесуваат на подготвителни, административни и технички активности и активности за следење, размена на информации, проценка и ревизија во областа на рибарството и аквакултурата.

(3) Корисник на средствата од став (1) потточка 3.1. од овој дел е Министерството за надомест на трошоци за спроведување на активностите поврзани со Размена на информации, зголемување на соработка и подигнување на свест во областа на рибарството и аквакултурата.

(4) Корисник на средствата од став (1) потточка 3.2. од овој дел е Министерството за надомест на услуга за одржување на софтвер во делот на водење на евиденција на улов во рибарството.

V

(1) Средствата од дел I точка 4 на оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари за развојни, истражувачки и апликативни пилот проекти особено се наменети за:
- зголемување на производството на риба,
- заштита на рибите и животната средина,
- развој на риболовниот туризам и
- за истражување на пазарот и маркетинг на риби и производи од риби.

(2) Вкупната вредност на одобрени пилот проекти од став (1) од овој дел по поединечен корисник не може да го надмине износот од 500.000,00 денари независно од вкупниот износ на проектот.

(3) Корисници на средствата од ставот (1) од овој дел се овластени институции од областа на рибарството, научни и/или образовни установи од областа на рибарството, рибарски и риболовни здруженија, организации на производителите, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура.

(4) Доколку истражувачките и апликативните пилот проекти од став (1) од овој дел ги реализират рибарски и риболовни здруженија и организации на производители, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура, задолжително содржат соодветна научна верификација.

(5) Резултатите од пилот проектите финансирани од помошта од став (1) на овој дел задолжително се публикуваат во технички извештаи достапни за јавноста.

VI

(1) Средствата од дел I точка 5 на оваа програма наменети за Развој на нови пазари и промотивни кампањи во вкупен износ од 500.000,00 ќе се користат за организација и/или учество на меѓународни манифестации, саеми и натпревари.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) потточка 5.1. на овој дел се рибарски и риболовни здруженија, организации на произведители запишани на регистарот кој се води во Министерството за реализација на активности.

VII

(1) Средствата од дел I точка 6 на оваа програма се наменети за исплата на пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата од претходните години во вкупен износ од 20.500.000,00.

VIII

(1) Барањата за склучување на договори за порибување на риболовни подрачја и за порибување на води без концесионер и риболовни зони од дел II потточки 1.1. и 1.2. се доставуваат до Министерството најдоцна до 30.04.2017 година. Кон барањето за склучување до-

говор од дел II потточка 1.1. се доставува и Програмата за изведување вештачки мрест и порибување од дел II став 2 на оваа програма.

(2) Барањата за користење средства од дел II потточки 1.1. и 1.2., дел IV став (1), дел V став (1) и дел VI став (1) од оваа програма се поднесуваат до Министерството најдоцна до 10.11.2017 година.

(3) Барањата за користење на средства од дел II потточки 1.3., 1.4., 1.5. и 1.6., и дел III став (1) од оваа програма се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик.

IX

(1) Исплатата на средства од дел II точка 1 потточка 1.1. од оваа програма се врши по фази по доставено известување од Министерството до агенцијата на барање поднесено од регистрираниот репроцентар. Фазите се утврдени во Договор за изведување вештачки мрест и порибување кој Министерството го склучува со регистриран репроцентар. Средствата предвидени за првата фаза од договорот не треба да надминат 60% од вкупните средства предвидени во Договорот и се исплаќаат авансно со потпишување на договорот, кој министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето.

Средствата предвидени за втората фаза се исплаќаат по нејзина реализација. Во прилог на барањето за исплата на втората фаза регистрираниот репроцентар доставува извештај за реализација и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на подмладокот пред порибување од официјален ветеринар, кои Министерството ги доставува до Агенцијата во прилог на Известувањето.

Исплатата на средствата од дел II потточка 1.2. се врши по извршено порибување. Министерството склучува договор за обезбедување на порибителен материјал и изведување на порибување со регистриран репроцентар. За исплата на средствата Министерството доставува известување до Агенцијата во чиј прилог е извештај за реализација на порибувањето и записник од Државниот инспекторат за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на подмладокот пред порибување од официјален ветеринар кои регистрираниот репроцентар ги доставува до Министерството во прилог на барањето за исплата.

(2) Исплатата на средствата од дел II потточки 1.3., 1.4., и 1.5. дел III потточка 2.1., од оваа програма се реализира врз основа на одобрени барања за исплата по објавен јавен повик од Агенцијата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(3) Исплатата на средствата од дел II точка 1 потточка 1.6. и дел III точка 2 потточки 2.2. и 2.3. од оваа програма се врши врз основа на доставено барање со потребна документација по објавен јавен повик од Агенцијата. Во јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(4) Исплатата на средствата од дел II точка 1 потточка 1.6 од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2016 до 20 март 2017 година и
- за вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април до 15 јули 2017 година.

(5) Исплатата на средствата од дел III точка 2 потточка 2.2. за насадување на рибниците со подмладок се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за насадување на рибниците во периодот од 01 февруари до 31 мај и
- за насадување на рибниците во периодот од 01 јули до 30 септември.

(6) Исплатата на средствата од дел III точка 2 потточка 2.3. од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за произведена риба која е продадена во периодот од 1 ноември 2016 година до 31 јануари 2017 година;
- за произведена риба која е продадена во периодот од 1 февруари до 30 април;
- за произведена риба која е продадена во периодот од 1 мај до 31 јули и
- за произведена риба која е продадена во периодот од 1 август до 31 октомври.

(7) Исплатата на средствата од дел IV се врши врз основа на известување за исплата по предходно спроведена постапка за јавна набавка од Министерството, кое се доставува до Агенцијата најдоцна до 25.11.2017 година.

(8) Исплатата на средствата од дел V и дел VI се врши врз основа на известување за исплата по предходно спроведен јавен повик од Министерството, кое се доставува до Агенцијата најдоцна до 25.11.2017 година.

(9) Висината на финансиската поддршка по корисник за дел II точка 1 потточка 1.1., 1.2. и дел V од оваа програма се определува во зависност од планираната количина порибителен материјал наменет за порибување и во зависност од техничките потреби за реализација на пилот проектот.

(10) За барањата за користење на средства кои се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик, контролите на лице место ги врши Агенцијата.

X

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата на трансакциски или жиро сметки на барателите најдоцна до 30.06.2018 година.

XI

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8028/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4445.

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 191/16), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 - Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финанансираат, извршителите на работите, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2017 година.

II

За извршување на работите и мерките од дел I на оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа од:

Ред. број	Извор	Износ (денари)
1.	Буџет на Република Македонија	8.000.000,00
	Вкупно:	8.000.000,00

III

Средствата од делот II на оваа програма во износ од 8.000.000,00 денари ќе се користат за следните работи/мерки:

Ред. бр.	Вид на работа / мерка	Извршител	Количина и единечна мерка	Цена по единечна мерка (денари)	Износ (денари)
1.	**Пошумување на голини и ерозивни земјишта**				
1.1	Во државна сопственост	ЈП„Македонски шуми" и образовни институции од областа на шумарството	60,00 ха	60.000,00	3.600.000,00
1.2	Во приватна сопственост	Сопственици на приватни шуми	31,67 ха	60.000,00	1.900.000,00
2.	**Нега со прореди**	ЈП„Македонски шуми"	100,00 ха	15.000,00	1.500.000,00
3.	**Заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници**				
3.1	Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)	Шумарски факултет - Скопје	/	/	1.000.000,00
	Вкупно:				**8.000.000,00**

Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.1 од табелата, ќе се врши првенствено на локации со поголема површина и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми, а пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.2 од табелата, ќе се врши на локации кои се поголеми од 0,50 ха.

Нега со прореди од точка 2 од табелата, ќе се врши во шумски култури, насади подигнати со пошумување и на пренаменети природно пошумени површини до 30-годишна возраст.

За реализација на мерките од точка 1 и 2 од табелата, извршителите на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за секоја работа посебна оперативно - стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци.

Заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба) за шумите во Република Македонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16-километарска мрежа на територијата на Република Македонија од точка 3 потточка 3.1 од табелата. Шумарскиот факултет – Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2017 година со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на Република Македонија за 2017 година.

IV

Исплатата на средствата за реализација на работите од дел III на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8029/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4446.

Врз основа на член 42-а став (2) од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија", бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13, 10/15, 129/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И РЕЗИДУИ ОД ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ВО ПРОИЗВОДИ ОД ПРИМАРНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство.

II

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 800.000 денари се утврдени во Раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 Заштита на растенија и семе и саден материјал, Подпрограма 51 Заштита на растенијата, ставка 46, Субвенции и трансфери, подставка 464 Разни трансфери, сметка 637.

III

Мониторингот на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуите од производи за заштита во примарните земјоделски производи од растително потекло се спроведува на следните параметри:

1. Мониторинг на производство и преработка на производи за заштита на растенијата кој опфаќа:

- употреба на активни компоненти во процесот на производство и преработка на производи за заштита на растенијата.

2. Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, а со цел утврдување на неправилности кои опфаќа:

- испитување на сообразноста на декларираната количина на активна компонента во соодветниот производ за заштита на растенијата.

3. Мониторинг на употреба на производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на производите за заштита на растенијата на правилен начин кој опфаќа:

- проверка на присуство на резидуи од производи за заштита на растенија кои се користени за заштита на примарните земјоделски производи од растително потекло.

Вкупниот број на мостри кои ќе бидат земени и анализирани согласно оваа програма изнесува 147 мостри.

IV

Мониторинг на производство и преработка на производи за заштита на растенијата во висина од 18.085,00 денари, се спроведува согласно следниот план:

активна компонента	вкупен број на мостри	временски период за реализација на активноста	количество на мостра од секој прозвод кој ќе се земе
White minerale oil бело масло	1	континуирано	500 мл
производи за заштита на растенија	3	континуирано	во оригинална амблажа
ВКУПНО	**4**		

V

Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, а со цел утврдување на неправилности во промет на големо и мало и на граничен премин во висина од 332.260,00 денари се спроведува согласно следниот план:

ред. бр	активна компонента	вкупен број на мостри	Вкупна цена на чинење во денари (единечна цена од анализа е 6.645,20 денари)
1	Abamectin	2	13.290,40
2	Acetamiprid	2	13.290,40
3	Boscalid	2	13.290,40
4	Captan	2	13.290,40
5	Chlorothalonil	2	13.290,40
6	Cymoxanil	2	13.290,40
7	Glyphosate	2	13.290,40
8	Difenoconazole	2	13.290,40
9	Dimethoate	2	13.290,40
10	Dithianon	2	13.290,40
11	Cypermethrin	2	13.290,40
12	Mancozeb	2	13.290,40
13	Metalaxyl	2	13.290,40
14	Metrafenon	2	13.290,40
15	Methiocarb	2	13.290,40
16	Myclobutanil	2	13.290,40
17	Penconazole	2	13.290,40
18	Pendimethalin	2	13.290,40
19	Pirimicarb	2	13.290,40
20	Pirimiphos-methyl	2	13.290,40
21	Propamocarb	2	13.290,40
22	Propiconazole	2	13.290,40
23	Pyrimethanil	2	13.290,40
24	Folpet	2	13.290,40
вкупно		**48**	**318.969,60**
ред. бр	**Релевантна нечистотијаво производи за заштита на растенијата**	**вкупен број на мостри**	**Вкупна цена на чинење во денари (единечна цена од анализа е 6.645,20 денари)**
1	Etylen thyourea во Mancozeb 25	2	13.290,40
	вкупно	**2**	**13.290,40**

VI

Мониторинг на правилна употреба на производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на производите за заштита на растенијата на правилен начин и утврдување на површините со најголем ризик во однос на правилна употреба на производи за заштита на растенија во висина од 449.655,00 денари, се спроведува согласно следниот план:

Растение или растителен производ	Број на мостри	Временски период на реализација на активноста	Количина на примерок	Реон на земање на мостри	Вкупна цена на чинење (единечна цена за анализа е 4.835,00 денари)
ЗЕЛЕНЧУК					
домати	15	март - ноември	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Гевгелија Валандово Струмица Кочани и Штип	72.525,00
пиперки	10	март - ноември	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Гевгелија Валандово Струмица и Прилеп	48.350,00
краставици	5	март - ноември	најмалку 5 единици (плодови) не помалку од 2 кг	Струмица Гевгелија Валандово, Кочани и Штип	24.175,00
зелена салата	5	февруари - ноември	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Струмица Гевгелија Валандово Скопје и Кочани	24.175,00
зелка	5	февруари – ноември	најмалку 5 единици (плодови) не помалку од 2 кг	Струмица, Скопје Тетово Велес, Гевгелија, Штип и Валандово	24.175,00
лубеница/диња	5	јули - септември	најмалку 5 единици (плодови)	Гевгелија, Валандово, Струмица и Скопје	24.175,00
млад кромид	3	јуни - јули	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Струмица, Кочани и Гевгелија	14.505,00
ОВОШЈЕ					
грозје	15	јули-октомври	најмалку 5 единици (гроздови) не помалку од 2 кг	Кавадарци, Неготино, Велес, Скопје, Струмица, Гевгелија, Валандово и Штип	72.525,00
јаболка	15	септември-октомври	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Тетово, Ресен, Охрид, Струмица, Гевгелија, Скопје, Струга	72.525,00
праска	5	јуни-септември	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Росоман Кавадарци, Неготино Скопје, Струмица, Гевгелија, Валандово	24.175,00
цреша/вишна	5	мај - јули	1кг	Охрид, Ресен, Струга	24.175,00
сливи	5	август - септември	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Скопје, Берово, Делчево Струмица, Гевгелија и Валандово	24.175,00
вкупно	**93**				**449.655,00**

VII

Мониторинг на производство и преработка на производи за заштита на растенијата опфаќа земање на мостри кај производителот при самото производство и преработка на производот за заштита на растенијата непосредно пред полнењето на производот.

Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, а со цел утврдување на неправилности опфаќа земање на мостри при увоз и во објектите каде што се врши пласирање на пазар на големо и мало на производи за заштита на растенијата.

Мониторинг на употреба на производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на производите за заштита на растенијата на правилен начин опфаќа земање на примероци на отворено поле или заштитени простори.

VIII

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа ја координира реализацијата на оваа програма. Надлежни институции за реализација на активностите од деловите IV, V и VI од оваа програма се Државниот инспекторат за земјоделство и Државната фитосанитарна лабораторија. Лабораториските анализи ги спроведува Државната фитосанитарна лабораторија, а мострите ги земаат инспекторите од Државниот инспекторат за земјоделство.

IX

Средствата од деловите IV, V и VI на оваа програма ќе се исплатат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно доставен извештај за спроведените активности.

X

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8030/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4447.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/15 и 142/2016) и член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011, 69/2013, 43/2014,158/2014, 149/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА
ВО 2017 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитарната политика во 2017 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдуваат во Буџетот на Република Македонија за 2017 година во износ од 6.800.000,00 денари и тоа од следниве извори:

1. Средства од Буџетот на Република Македонијаза 2017 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери, подставка 464 - Разни трансфери, сметка 637	2.800.00,00
2. Средства од Буџетот на Република Македонијаза 2017 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери, подставка 464 - Разни трансфери, сметка 631	4.000.000,00

III

Средствата во вкупен износ од 2.800.000,00 денари утврдени во дел II точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

Намена	денари
1. Фитосанитарен мониторинг за 2017 година	999.470,00
2. Потреби за Државниот инспекторат за земјоделство за спроведување на мониторинг програми (обезбедување на опрема и технички материјали за вршење на здравствени прегледи и земање на примероци за лабораториска анализа), обезбедување на техничка помош за унапредување на работата на Државниот инспекторат за земјоделство при реализација на фитосанитариот мониторинг, како и затековна реализација на системот на пасоши на растенија.	1.200.530,00
3. Активности кои произлегуваат од мерки за сузбивање на штетни организми (глодари и други штетници)на земјоделските и шумски растителни видови и активности за унапредување на фитосанитарниот систем (научни симпозиуми, советувања за заштита на растенија и слично), како и активности поврзани со реализација на системот на пасоши на растенија.	600.000,00
вкупно	2.800.000,00

IV

Средстваво вкупен износ од 4.000.000,00 денари утврдени во дел II точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

намена	денари
1. Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика, активности кои се однесуваат на следење, прогноза и дијагноза на штетни организми, воспоставување на фитосанитарниот информативен систем, обука на засегнатите страни во системот за пасоши на растенија и негова тековна реализација и неподмирени обврски за 2016 година и развој на научните достигнување во областа на фитосанитарната политика (советувања, семинари и обуки, студиски посети итн.).	4.000.000,00
вкупно	4.000.000,00

V

Средствата во вкупен износ од 999.470,00 денари утврдени во дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

Намена	денари
1. Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир	250.640,00
2. Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза	446.650,00
3. Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури на отворено и во затворен простор	196.250,00
4. Фитосанитарен мониторинг за тутун	105.930,00
вкупно	999.470,00

VI

Средствата во вкупен износ од 250.640,00денари утврдени во дел V точка 1 од оваа програма фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир ќе се користат за:

Компир						
Производни региони и гранични премини	**Цена на единечна анализа (во денари)**	**Штетен организам**	**Број на визуелни здравствени прегледи**	**Број на испитани штетни организми**	**Вид на земени примерци**	**Трошок за извршена анализа**
Скопски	850,00	***Ralstonia solanacearum***	18	6	кртоли (5) вода(1)	5.100,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		6	кртоли	5.100,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	18	6	кртоли, цели растенија или почва	6.480,00
	490,00	***Globodera pallida***	18	6	Почва	2.940,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		6		2.940,00
	Вкупно		**54**	**30**		**22.560,00**
Пелагониски	850,00	***Ralstonia solanacearum***	12	4	Кртоли	3.400,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		4		3.400,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	6	2	кртоли, цели растенија или почва	2.160,00
	490,00	***Globodera pallida***	12	4	Почва	1.960,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		4		1.960,00
	Вкупно		**30**	**18**		**12.880,00**
Полошки	850,00	***Ralstonia solanacearum***	12	4	Кртоли	3.400,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		4		3.400,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	6	2	кртоли, цели растенија или почва	2.160,00
	490,00	***Globodera pallida***	12	4	Почва	1.960,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		4		1.960,00
	Вкупно		**30**	**18**		**12.880,00**
Вардарски	850,00	***Ralstonia solanacearum***	6	2	Кртоли	1.700,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		2		1.700,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	3	1	кртоли, цели растенија или почва	1.080,00
	490,00	***Globodera pallida***	6	2	Почва	980,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		2		980,00
	Вкупно		**15**	**9**		**6.440,00**

Источен	850,00	***Ralstonia solanacearum***	63	21	кртоли (20) вода(1)	17.850,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		21	кртоли	17.850,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	24	8	кртоли, цели растенија или почва	8.640,00
	490,00	***Globodera pallida***	63	21	Почва	10.290,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		21		10.290,00
	Вкупно		**150**	**92**		**64.920**,00
Југоисточен	850,00	***Ralstonia solanacearum***	18	6	Кртоли	5.100,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		6		5.100,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	9	3	кртоли, цели растенија или почва	3.240,00
	490,00	***Globodera pallida***	18	6	Почва	2.940,00
	490	***Globodera rostochiensis***		6		2.940,00
	Вкупно		**45**	**27**		**19.320**,00
Североисточен	850,00	***Ralstonia solanacearum***	30	10	кртоли (9) вода(1)	8.500,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		10	кртоли	8.500,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	24	8	кртоли, цели растенија или почва	8.640,00
	490,00	***Globodera pallida***	30	10	Почва	4.900,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		10		4.900,00
	Вкупно		**84**	**48**		**35.440**,00
Југозападен	850,00	***Ralstonia solanacearum***	6	2	Кртоли	1.700,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		2		1.700,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	3	1	Почва	1.080,00
	490,00	***Globodera pallida***	6	2	Почва	980,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		2		980,00
	Вкупно		**15**	**9**		**6.440**,00
Гранични премини	850,00	***Ralstonia solanacearum***	66	22	Кртоли	18.700,00
	850,00	***Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus***		22		18.700,00
	1080,00	***Synchytrium endobioticum***	30	10	кртоли, цели растенија или почва	10.800,00
	490,00	***Globodera pallida***	66	22	Почва	10.780,00
	490,00	***Globodera rostochiensis***		22		10.780,00
	Вкупно		**162**	**99**		**69.760,00**
вкупно			**585**	**349**		**250.640,00**

VII

Средствата во вкупен износ од 446.650,00 денари утврдени во дел V точка 2 од оваа програма фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лозаќе се користат за:

Винова лоза						
Регион	**Цена на единечна анализа (во денари)**	**Штетен организам**	**Број на визуелни здравствени прегледи**	**Број на испитани штетни организми**	**Вид на земени примерци**	**Трошок на извршена анализа**
Вардарски	850,00	***Xylella fastidiosa***	30	10	корен, листови, ластари, плодови	8.500,00
	850,00	***Xylophilus ampelinus***	30	10	корен, листови, цветови, ластари, плодови	8.500,00
	810,00	***Tobacco ringspot virus***	60	20	листови, ластари, плодови	16.200,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***	60	20	листови, ластари, плодови	16.200,00
	2200,00	***Grapevine flavescence doree***	3	1	листови, ластари	2.200,00
	Вкупно		**183**	**72**		**51.600**,00
Југоисточен	850,00	***Xylella fastidiosa***	9	3	корен, листови, ластари, плодови	2.550,00
	850,00	***Xylophilus ampelinus***	9	3	корен, листови, цветови, ластари плодови	2.550,00
	810,00	***Tobacco ringspot virus***	12	4	лисови, ластари плодови	3.240,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***	12	4	лисови, ластари плодови	3.240,00
	Вкупно		**42**	**14**		**11.580**,00
Источен	850,00	***Xylella fastidiosa***	15	5	корен, листови, ластари, плодови	4.250,00
	850,00	***Xylophilus ampelinus***	15	5	корен, листови, цветови, ластари, плодови	4.250,00
	810,00	***Tobacco ringspot virus***	27	9	листови, ластари, плодови	7.290,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***	27	9	листови, ластари, плодови	7.290,00
	Вкупно		**84**	**28**		**23.080**,00

Гранични премини	850,00	***Xylella fastidiosa***	15	5	лозов садник, подлога и калем гранка	4.250,00
	850,00	***Xylophilus ampelinus***	15	5	лозов садник, подлога и калем гранка	4.250,00
	810,00	***Tobacco ringspot virus***	30	10	лозов садник, подлога и калем гранка	8.100,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***	30	10	лозов садник, подлога и калем гранка	8.100,00
	2200,00	***Grapevine flavescence doree***	3	1	лозов садник, подлога и калем гранка	2.200,00
	Вкупно		**93**	**31**		**26.900,00**
ВКУПНО			**492**	**164**		**113.160**,00

Јаболко/Круша						
Пелагониски	850,00	***Erwinia amylovora***	36	12	листови, цветови, гранки, плодови	10.200,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	740,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	21	7	листови, цветови, гранки, плодови	7.560,00
	2200,00	***Apple proliferation mycoplasm***	3	1	листови, цветови, гранки, плодови	2.200,00
	Вкупно		**66**	**22**		**20.700**,00
Југозападен	850,00	***Erwinia amylovora***	15	5	листови, цветови, гранки, плодови	4.250,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	1.480,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	15	5	листови, цветови, гранки, плодови	5.400,00
	2200,00	***Apple proliferation mycoplasm***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	4.400,00
	Вкупно		**48**	**16**		**15.530**,00
Полошки	850,00	***Erwinia amylovora***	18	6	листови, цветови, гранки, плодови	5.100,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	1.480,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	18	6	листови, цветови, гранки, плодови	6.480,00
	Вкупно		**48**	**16**		**13.060**,00
Гранични премини	850,00	***Erwinia amylovora***	12	4	садник	3.400,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	15	5	садник	5.400,00
	Вкупно		**27**	**9**		**8.800,00**
ВКУПНО			**243**	**84**		**58.090**,00

Сливи						
Источен	850,00	***Xanthomonas arboricola pv.pruni***	9	3	листови, цветови, гранки, плодови	2.550,00
	850,00	***Pseudomonas syringae pv.persicae***		3	листови, цветови, гранки, плодови	2.550,00
	810,00	***Plum pox potyvirus***	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	3.240,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***		4	листови, цветови, гранки, плодови	3.240,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	2.160,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	740,00
	Вкупно		**33**	**18**		**14.480,00**
Југоисточен	850,00	***Xanthomonas arboricola pv.pruni***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	1.700,00
	850,00	***Pseudomonas syringae pv.persicae***		2	листови, цветови, гранки, плодови	1.700,00
	810,00	***Plum pox potyvirus***	9	3	листови, цветови, гранки, плодови	2.430,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***		3	листови, цветови, гранки, плодови	2.430,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	2.160,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	3	1	листови, цветови, гранки, плодови	370,00
	Вкупно		**24**	**13**		**10.790**,00
Североисточен	850,00	***Xanthomonas arboricola pv.pruni***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	1.700,00

	850,00	*Pseudomonas syringae pv.persicae*		2	листови, цветови, гранки, плодови	1.700,00
	810,00	*Plum pox potyvirus*	9	3	листови, цветови, гранки, плодови	2.430,00
	810,00	*Tomato ringspot virus*		3	листови, цветови, гранки, плодови	2.430,00
	1080,00	*Monilinia fructicola*	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	2.160,00
	370,00	*Quadraspidiotus perniciosus*	3	1	листови, цветови, гранки, плодови	370,00
	Вкупно		**24**	**13**		**10.790**,00
Гранични премини	850,00	*Xanthomonas arboricola pv.pruni*	21	7	садник	5.950,00
	850,00	*Pseudomonas syringae pv.persicae*		7	садник	5.950,00
	810,00	*Plum pox potyvirus*	15	5	садник	4.050,00
	810,00	*Tomato ringspot virus*		9	садник	7.290,00
	1080,00	*Monilinia fructicola*	9	3	садник	3.240,00
	Вкупно		**45**	**31**		**26.480**,00
ВКУПНО			**138**	**79**		**62.540**,00
Праски						
Вардарски	850,00	*Xanthomonas arboricola pv.pruni*	18	6	листови, цветови, гранки, плодови	5.100,00
	850,00	*Pseudomonas syringae pv.persicae*		6	листови, цветови, гранки, плодови	5.100,00
	810,00	*Plum pox potyvirus*	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	3.240,00
	810,00	*Tomato ringspot virus*		4	листови, цветови, гранки, плодови	3.240,00
	1080,00	*Monilinia fructicola*	3	1	листови, цветови, гранки, плодови	1.080,00
	370,00	*Quadraspidiotus perniciosus*	9	3	листови, цветови, гранки, плодови	1.110,00
	Вкупно		**42**	**24**		**18.870**,00

Скопски	850,00	***Xanthomonas arboricola pv.pruni***	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	3.400,00
	850,00	***Pseudomonas syringae pv.persicae***		4	листови, цветови, гранки, плодови	3.400,00
	810,00	***Plum pox potyvirus***	18	6	листови, цветови, гранки, плодови	4.860,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***		6	листови, цветови, гранки, плодови	4.860,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	3	1	листови, цветови, гранки, плодови	1.080,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	4	2	листови, цветови, гранки, плодови	740,00
	Вкупно		**37**	**23**		**18.340**,00
Југоисточен	850,00	***Xanthomonas arboricola pv.pruni***	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	3.400,00
	850,00	***Pseudomonas syringae pv.persicae***		4	листови, цветови, гранки, плодови	3.400,00
	810,00	***Plum pox potyvirus***	15	5	листови, цветови, гранки, плодови	4.050,00
	810,00	***Tomato ringspot virus***		5	листови, цветови, гранки, плодови	4.050,00
	1080,00	***Monilinia fructicola***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	2.160,00
	370,00	***Quadraspidiotus perniciosus***	6	2	листови, цветови, гранки, плодови	740,00
	Вкупно		**39**	**22**		**17.800**,00
Гранични премини	850,00	***Xanthomonas arboricola pv.pruni***	12	4	садник	3.400,00
	850,00	***Pseudomonas syringae pv.persicae***		4	садник	3.400,00
	810,00	***Plum pox potyvirus***	12	4	садник	3.240,00

	810,00	*Tomato ringspot virus*		4	садник	3.240,00
	1080,00	*Monilinia fructicola*	3	1	садник	1.080,00
	Вкупно		**27**	**17**		**14.360**,00
ВКУПНО			**317**	**194**		**69.370**,00

Вишни						
Источен	850,00	*Xanthomonas arboricola pv.pruni*	12	4	листови, цветови, гранки, плодови	3.400,00
	850,00	*Pseudomonas syringae pv.persicae*		4	листови, цветови, гранки, плодови	3.400,00
	810,00	*Plum pox potyvirus*	15	5	листови, цветови, гранки, плодови	4.050,00
Начинот на користење на деловниот простор од страна на правните лица кои вршат дејности кои се поврзани со царинското работење и чие присуство на граничните премини е неопходно, ќе се регулира со склучување поединечни договори за закуп согласно Законот за Царинската управа.

VIII
ПЛАН ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ПОД ЗАКУП

Деловниот и рекламниот простор, Царинската управа ќе го издава под закуп по пат на јавен оглас за прибирање на понуди и спроведување на постапка за јавно наддавање, при што се предвидува склучување на договор со правното лице кое ќе излицитира највисока цена за закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај, а врз основа на почетна цена утврдена во согласност со Закон за процена од страна на Бирото за судски вештачења.

IX
ВИД НА УСЛУГИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ И ЦАРИНСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ ЗА КОИ СЕ НАПЛАТУВА НАДОМЕСТОК

Видот на услугите на граничните премин и царинските терминали за кои се наплатува надоместок се:

- Издавање на објекти и локации за рекламен простор под закуп и
- Извршени услуги – надоместок за влез и користење на терминал и терминални услуги и услуги за утовар и истовар на стока.

X
ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8042/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4452.

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој во Република Македонија, планирани во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Раздел 191.01, - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма ОА - Рамномерен регионален развој, ставка 464 – Разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма се распределуваат според табелата бр.1.

табела бр.1	денари
Вкупно средства	130.000.000,00
1. Активности преку Министерството за локална самоуправа	
1.1 Расходи за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за тековната година	9.600.000,00
1.2 Финансиска поддршка на осумте регионални бизнис-центри, во рамки на центрите за развој на планските региони	3.200.000,00
2. Активности преку Бирото за регионален развој	
2.1 Пренесени обврски од 2016 година	15.000.000,00
2.2 Финансиско учество на Министерството за локална самоуправа во функција на поврзување на средства од буџетот на министерството со средства од донации обезбедени од Меѓународната донаторска заедница во Република Македонија, за финансирање на проекти за регионален развој	10.000.000,00
2.3 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на планските региони	64.540.000,00
2.4 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби	18.440.000,00
2.5 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на селата	9.220.000,00

Член 3

Средствата од член 2 точка 1 потточка 1.1 од оваа програма, се распределуваат за осумте центри за развој на планските региони со намена финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за тековната година.

Од средствата од став 1 на овој член за секој центар за развој на планскиот регион се распределуваат по 1.200.000,00 денари.

Активностите и задачите на центарот за развој на планскиот регион за тековната година се утврдуваат со договор склучен помеѓу министерот за локална самоуправа и градоначалниците на општините од планскиот регион, основачи на центарот за развој на планскиот регион.

Во договорот од став 3 на овој член ќе се дефинираат конкретните активности и задачи за секој центар, со утврдени рокови и износи на средства за нивна реализација, како и начинот на трансфер на средства за спроведените активности и задачи.

Член 4

Средствата од член 2 точка 1 потточка 1.2 од оваа програма ќе се користат за финансиска поддршка на бизнис центрите во рамки на осумте центри за развој на планските региони, во функција на обезбедување услуги за мали и средни претпријатија во планскиот регион.

Член 5

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на пренесени обврски од претходната 2016 година.

Член 6

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.2 од оваа програма ќе се користат за здружување со средства обезбедени од донации, за финансирање на проекти за регионален развој.

Средствата од став 1 на овој член се распределуваат и доделуваат во согласност со одредбите од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/07, 187/13, 43/14 и 215/15) и условите од договорот за донации.

Член 7

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.3 од оваа програма ќе се користат за финансирање на проекти за развој на планските региони, предложени од осумте совети за развој на планските региони.

Член 8

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.4 од оваа програма, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, се доделуваат на општините во Република Македонија за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, определени со акт од Владата на Република Македонија.

Член 9

Средствата од член 2 точка 2 потточка 2.5 од оваа програма, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија се доделуваат на општините во Република Македонија за финансирање на проекти за развој на селата.

Општините со седиште во град обезбедуваат 50% учество за реализација на проекти од средствата од ставот 1 на овој член.

Член 10

За спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за локална самоуправа.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8065/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4453.

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕТО ПЛОШТАД СКЕНДЕРБЕГ ВО СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат активностите, носителот на активностите, намената на износот на планираните средства и начинот на исплата на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, утврдени во Раздел 191.01 - Министерство за локална самоуправа, Потпрограма 4А - Плоштад Скендербег, ставка 488 - Капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, во вкупен износ од 210.000.000,00 (двеста десет милиони денари).

Член 2

Со средствата од членот 1 од оваа програма е опфатено финансирањето на делот од втората фаза од проектот „Изградба на спомен - обележјето Плоштад Скендербег, во Скопје - Надземен пешачки премин - Плато“, кој ќе се реализира во 2017 година.

Во рамките на обезбедените средства ќе се финансира изведбата на градежните и градежно - занаетчиските работи за изградба на втората фаза на проектот од ставот 1 на овој член, согласно Динамичкиот план за изведбени работи на објектот Надземен пешачки премин - Плато - Спомен обележје Скендергбег – Фаза 2 – Скопје, за изведба на работите во 2017 година.

Член 3

Средствата од членот 1 од оваа програма ќе се користат за изградба на спомен - обележјето Плоштад Скендербег во Скопје.

Изградбата ќе се реализира од страна на Општината Чаир.

Општината Чаир месечно доставува извештаи до Министерството за локална самоуправа за:

- изведените градежни активности,
- извршениот надзор над изградба и
- искористеноста на средствата.

Член 4

За реализацијата на оваа програма се грижи Министерството за локална самоуправа, преку:

- следење на користењето на капиталната дотација;
- исплаќање на средствата за реализација на оваа програма, сукцесивно, по доставувањето на заверени времени ситуации за извршените градежни работи од страна на Општината Чаир, по претходно спроведена постапка за јавна набавка;
- доставување извештаи за степенот на реализација на средствата до Владата на Република Македонија, најмалку два пати годишно.

Во случај на ненаменско користење на средствата доделени согласно со оваа програма, истите да се уплатат како приход во Буџетот на Република Македонија.

Член 5

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8067/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4454.

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр.52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 50.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку грантови за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

	Опис на приоритет	Вкупен износ во денари	Број на грантови	Износ на средства по грант
I	Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, преку: • Подобрување на конкурентноста на македонските производи; • Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и зголемување на енергетската ефикасност; • Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги; • Развој и унапредување на земјоделството и руралниот развој; • Намалување на социјалната исклученост на различни социјални ризични групи преку креирање политики за намалување на сиромаштијата, инклузивни политики за поголема социјална сигурност на населението и креирање на демографски политики; • Одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување на здравствена заштита на населението и подобар квалитет на здравствените услуги на населението; • Стимулирање на креативниот уметнички потенцијал на сите граѓани на Република Македонија независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност; • Континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје; • Подигнување на јавната свест и едуцирање на јавноста за правата и обврските во насока на заштита на животната средина, природата, водите и просторот.	31.250.000,00	50	625.000,00
II	Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО, преку: • Натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување; • Афирмација на националната култура во земјите од регионот, од Европската унија и од светот;	6.250.000,00	10	625.000,00

	• Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор и социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките; • Вклучување на родовата перспектива и недискриминација во креирањето и спроведувањето на политиките на централно и локално ниво и унапредување на еднаквите можности на сите нивоа.			
III	Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото, преку: • Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал; • Јакнење на владеењето на правото; • Создавање на ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи и нивна заштита; • Понатамошен развој на демократските принципи на полициското работење за подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права; • Унапредување на институционалните механизми за превенција од трговија со луѓе и заштита на жртвите на трговијата со луѓе.	6.250.000,00	10	625.000,00
IV	Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење преку: • Осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на труд и развој на економијата; • Развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето; • Намалување на дигиталниот јаз со создавање олеснети услови за пристап до информатичко комуникациски технологии и зголемување на информатичко-комуникациските вештини на граѓаните.	6.250.000,00	10	625.000,00

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31 јануари 2018 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2018 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8073-1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4455.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 17.10.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2016 ГОДИНА

I

Во Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2016 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.2/16), во Делот I во воведната реченица износот „102.607.000,00“ се заменува со износот „104.897.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

Ред. бр.	Назив на програмски активности	Износ на средства
1.	Програмски активности од областа на администрација	93.545.000,00
2.	Програмски активности од областа на хидрологија	3.860.000,00
3.	Програмски активности од областа на метеорологија	4.350.000,00
4.	Програмски активности од областа на прогноза и предупредување	1.485.000,00
5.	Програмски активнсоти од областа на квалитет на води	1.625.000,00
6.	Програмски активности од областа на стручно оспособување и усовршување	32.000,00
	Вкупно:	**104.897.000,00**

II

Во делот II во воведната реченица износот 93.455.000,00 се заменува со износот „93.545.000,00’’.

Табелата се менува и гласи:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Активности за обезбедување на услови од правен, финансиски аспект, меѓународна соработка и активности од областа на човечки ресурси и внатрешна ревизија за реализација на другите програми во УХМР.	**93.545.000,00**

III

Во делот III во воведната реченица износот „3.090.000,00’’ се заменува со износот „3.860.000,00’’.

Табелата се менува и гласи:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Хидролошки набљудувања и мерења во мрежата на станици за површински и подземни води	**2.290.000,00**
2.	Хидрометриски и контролни хидролошки мерења во мрежата на станици за површински и подземни води и спроведување на договори и меѓународни активности	**710.000,00**
3.	Осовременување на хидролошкиот мониторинг систем за подобрување на хидролошките следења, мерења и информации, како и развој на методи од областа на хидрологијата	160.000,00
4.	Изработка на хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води	**400.000,00**
5.	Одржување на хидролошки станици за спроведување на континуирани хидролошки мерења на површински и подземни води.	**300.000,00**

IV

Во делот IV во воведната реченица износот „3.300.000,00’’ се заменува со износот „4.350.000,00’’.

Табелата се менува и гласи:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Мерења и набљудувања во мрежата на метеоролошки станици и спроведување специјални мерења и набљудувања во мрежата на метеоролошките станици	2.230.000,00
2.	Редовна обиколка, контрола и интервенции на метеоролошките станици во Република Македонија и спроведување на активности на меѓународен план во областа на метеорологијата	**350.000,00**
3.	Тековно одржување на мрежата на метеоролошките станици за спроведување на континуирани мерења на метеоролошките параметри.	**970.000,00**
4.	Осовременување на метеоролошкиот набљудувачки систем за воспоставување на информационен систем за климатски услуги.	580.000,00
5.	Изготвување на дневни, декадни, месечни,сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи	**220.000,00**

V

Во делот V во воведната реченица износот „1.365.000,00’’ се заменува со износот „1.485.000,00’’.

Табелата се менува и гласи:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Одржување на системот за радарски мониторинг на облачните системи и меѓународни активности во областа на прогнозата на времето	**130.000,00**
2	Меѓународна размена на метеоролошки податоци во рамките на глобалниот метеоролошки систем	345.000,00
3.	Изработка на редовни временски прогнози, метеоролошки билтени и информации,вонредни прогнози и предупредувања за опасни временски непогоди врз основа на радарскиот мониторинг, издавање на аларми во Европскиот систем МЕТЕОАЛАРМ	**130.000,00**
4.	Функционирање на системот за радарски мониторинг , информатичкиот систем и интегрираниот систем за рана најава на пожари	**600.000,00**
5.	Осовременување на радарскиот мониторинг и сателитскиот прием на податоци	280.000,00

VI

Во делот VI во воведната реченица износот „865.000,00’’ се заменува со износот „1.625.000,00’’.

Табелата се менува и гласи:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1	Меѓународни активности од областа на квалитет на води	**149.000,00**
2	Земање на примероци на вода од мрежата за квалитет на води во Република Македонија(12 пати годишно)	**180.000,00**
3	Спроведување на хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води	**1.160.000,00**
4	Осовременување на теренски мерења	**136.000,00**

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8089/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4456.

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија бр. 22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и член 16 точки 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Вовед:

Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2017 година (во натамошниот текст: Програмата) е стандарден пакет на мерки и активности кои ги спроведуваат: Институтот за јавно здравје на Република Македонија (во натамошниот текст: ИЈЗ на РМ) и 10-те Центри за јавно здравје (во натамошниот текст: ЦЈЗ), како и активности кои ги спроведуваат Институтот по медицина на трудот на Република Македонија (во натамошниот текст: ИМТ на РМ), Медицински факултет Скопје– Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика и ЈЗУ„Завод за физикална медицина и рехабилитација "Скопје.

Програмата содржи мерки, задачи и активности за следење и проценка на здравјето и добросостојбата на населението, идентификување, предвидување, испитување, ублажување на здравствените проблеми и опасности во заедницата.

Во Програмата е утврден видот на задачите, содржината, обемот и роковите за нивно извршување и известување, системот на координација на активностите, мониторинг и евалуацијата, како и финансиските средства за реализација на Програмата. Во целина, оваа програма претставува здравствена безбедност на граѓаните во државата.

Цел на Програмата:

Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје, преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институциите, единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, за да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно здравствена потреба и итност и појава на јавно здравствена вонредна околност, обезбедување и спроведување на меѓународните здравствени правила, се со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението.

Со задачите од оваа програма се обезбедува остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси на сите граѓани што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на ЦЈЗ и ИЈЗ на РМ, утврдени со член 48 од Законот за здравствената заштита и препораките на Светска здравствена организација (СЗО).

Извршители на Програмата

Програмските активностите предвидени со оваа програма ги спроведуваат следниве извршители:

А. Центрите за јавно здравје за територијата за која се основани;

Б. Институтот за јавно здравје на Република Македонија;

В. Медицинскиот факултет Скопје - Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика;

Г. ЈЗУЗавод за физикална медицина и рехабилитација Скопје.

Сите извршители треба да подготват и достават до Министерството за здравство (во натамошниот текст: МЗ) работен план со наведена точна динамика и распоред за реализација на активностите кој е во согласност со стручно методолошките упатства најдоцна до **15. 01. 2017** година.

10-те ЦЈЗ работниот план го доставуваат и до ИЈЗ на РМ како одговорна институција за координација, следење, стручно методолошка помош, мониторинг, евалуација, квартална верификација и известување за реализацијата на програмските активности.

10-те ЦЈЗ најдоцна до **31.01.2017** година треба да достават до ИЈЗ на РМ, комплетен годишен извештај за реализација на Националната годишна програма за јавно здравје за 2016 година за територијата за која се основани.

ИЈЗ на РМ треба најдоцна до **15.02.2017** година да достават до МЗ комплетен извештај за реализација на Националната програма за јавно здравје во Република Македонија за 2016 година, со анализа и стручен коментар за добиенти резулатати како и со предлог мерки за подобрување на состојбата.

10-те ЦЈЗ треба да достават до ИЈЗ на РМ предлог Национална годишна програма за јавно здравје за 2018 година, најдоцна до **30.09.2017** година.

ИЈЗ на РМ врз основа на предлог програмите на извршителите од 10-те ЦЈЗ треба да подготват и достават до Министерството за здравство предлог текст на активности за „Национална годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2018 година", најдоцна до **30.10.2017** година.

Мерки, активности, очекувани резултати и индикатори за реализација на програмските цели

Реализирањето на задачите и активностите се врши организирано во подолу наведените четири основни превентивни јавно здравствени дејности:

I. Социјално-медицинската дејност со здравствена статистика и промоција на здравје;
II. Санитарно-хигиенската дејност со здравствена екологија;
III. Епидемиолошката дејност;
IV. Безбедност и здравје на работа и превентивна здравствена заштита на работниците и земјоделците.

10-те ЦЈЗ ги спроведуваат активностите од првите три превентивни јавно здравствени дејности, согласно утврдена методологијата и начин на работа, врз основа на донесени стручно методолошки упатства и со координација и стручно методолошка помош од страна на експерти при ИЈЗ на РМ од сите области.

Програмските активносте за „Безбедност и здравје при работа и превентивна здравствена заштита на земјоделците“, ги спроведува Институтот за медицина на труд на Република Македонија.

Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицински факултет Скопје, ќе спроведе програмски задачи за следење на интрахоспитални инфекции како неопходни постапки кон приклучување на Република Македонија на стандардите на ЕУ за согледување на реалната состојба и следење на болничките инфекции.

ЈЗУЗавод за физикална медицина и рехабилитација Скопје ќе го реализира „Пилот проект за промоција на физичка активност и развивање на спортски вештини во пливање кај деца со Даунов синдром“.

А. ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (ЦЈЗ)

Активностите во сите дејности се реализираат врз основа на „стручно методолошките упатства за секоја дејност“. Спроведувањето на програмските активности и нивната реализацијата се реализира со координација и со стручно методолошка помош од страна на ИЈЗ на РМ.

За потребите на државата и на општините за чие подрачје се основани ги спроведуваат програмски следниве задачи и активности по дејности:

I. Социјално-медицинска дејност со здравствена статистика и промоција на здравје

Во 10-те ЦЈЗ ќе се прибираат и обработуваат збирни и индивидуални статистички извештаи доставени од здравствените установи преку одделенијата за здравствена статистика и информатика каде ќе се спроведе софтверска обработка на податоците според утврдени апликативни програми и врз основа на стручно методолошките упатства.

По извршената логичка и математичка контрола и компјутерски внес на обработените податоци за утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничките и диспанзерски дејности ќе се изготват извештаи/анализи и информации кои содржат податоци со кои се прикажува работата на здравствените установи во Република Македонија, кадарот вработен во нив во амбулантно-поликлиничка, диспанзерска и болничка дејност, како и информации за утврдени заболувања и состојби.

1.Од областа на здравствена статистика и информатика од обработените податоци од електронскиот здравствен систем „ мој термин “и извештаите од ЦЈЗ ќе изготват:

1.1 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес од збирните извештаи за IV тромесечие 2016 година

Рок на изготвување: I квартал 2017

1.2. Изготвување на полугодишни збирни извештаи за кадар и посети и утврдени заболувања и состојби за II полугодие 2016 година

Рок на изготвување: I квартал 2017

1.3. Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од годишни збирни извештаи за кадар здравствени установи за 2016 година

Рок на изготвување: I квартал 2017

1.4. Изготвување и вршење на логичка и математичка контрола, компјутерски внес и обработка на податоци за збирните извештаи од кадар и посети од I тромесечие 2017 година

Рок на изготвување: II квартал 2017 година

1.5. Изготвување на полугодишни извештаи за кадар и посети и утврдени заболувања и состојби за I полугодие 2016

Рок на изготвување: III квартал 2017 година

1.6 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од збирни извештаи II тромесечие за 2017 година

Рок на изготвување: III квартал 2017 година

1.7. Прибирање, вршење на логичка контрола на податоците од индивидуални извештаи за декември 2016 година и јануари-ноември 2017 година, компјутерски внес и обработка на податоците

Рок на изготвување: континуирано

1.8. Изготвување на публикација "Збирен извештај за вработен кадар во здравствените установи за 2016 година

Рок на изготвување: мај 2017 година

2. Од областа на социјална медицина со промоција на здравје, ќе се изготват извештаи/анализи и информации кои содржат податоци со кои се прикажува работата на здравствените установи во Република Македонија, кадарот вработен во нив и информации за утврдени заболувања и состојби:

2.1 Годишен извештај за евалуација на Националната годишна програма за јавно здравје во 2016 година за подрачјето на Центарот за јавно здравје
Рок на изготвување: 15 јануари 2017 година

2.2 Анализа на амбулантно-поликлиничкиот морбидитет во 2016 година за подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје
Рок на изготвување: јули 2017 година

2.3 Извештај за здравјето на населението во 2016 година на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје
Рок на изготвување: октомври 2017 година

2.4 Анализа за искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи во 2016 година за подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје
Рок на изготвување: март 2017 година

2.5 Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во 2016 година на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје
Рок на изготвување: јуни 2017 година

2.6 Информација за болест или состојба по избор на секој Центар, во зависност од актуелноста, односно застапеноста во регионот во 2016

Извршител-ЦЈЗ	Болест/состојба
Битола	Малигни неоплазми
Велес	Респираторни болести
Кочани	Болести на дигестивен систем
Куманово	Кардиоваскуларни болести
Охрид	Хронична бубрежна инсуфициенција
Прилеп	Зависност од дроги
Скопје	Повреди
Струмица	Болести на кожата и на поткожното ткиво
Тетово	Дијабет
Штип	Алергични болести

Рок на изготвување: март 2017 година

2.7 Информација за една вулнерабилна група, по избор на секој Центар, во зависност од актуелноста и приоритетите за превенција во регионот

Извршител-ЦЈЗ	Вулнерабилна група
Битола	Деца
Велес	Училишни деца и младина

Кочани	Стари лица
Куманово	Мигранти
Охрид	Жени и деца
Прилеп	Доенчиња
Скопје	Млади адолесценти
Струмица	Лица со посебни потреби
Тетово	Жени во репродуктивен период
Штип	Роми

Рок на изготвување : ноември 2017

Индикатор: под точки 1-7 информации, извештаи и анализи се доставуваат до ИЈЗ на РМ

3. Спроведување на здравствена едукација преку едукативни предавања за целни групи на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје

Во рамките на службите за социјална медицина во центрите за јавно здравје, согласно законските одредби, се планираат, програмираат, извршуваат и евалуираат активности од здравствено-воспитната дејност со населението на подрачјето на Центарот. Во оваа смисла, се изготвуваат годишни програми и извештаи, повремени информации и анализи за спроведените здравствено-воспитни активности во одредени периоди, но исто така се пружа стручно-методолошка помош на здравствените установи на подрачјето, се координираат активности со повеќе владини и невладини организации, се одржуваат предавања, трибини, семинари и други форми на здравствено-промотивна активност.

Здравствено-воспитната активност на ниво на ЦЈЗ е со координиран пристап со единиците на локалната самоуправа и насочени се кон: предучилишни и училишни установи, здравствени установи, претпријатија, здруженија, јавни гласила.

Едукативните активности треба да бидат точно дефинирани во работниот акционен план на следниве теми:

- превенција на акутни и хронични незаразни болести општа популација,
- исхрана и здравје-здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана (во сите основни и средни училишта),
- здравствениот бенефит од спроведување на редовна физичка активност (во сите основни училишта и предучилни установи),
- активности во периодот на детството, адолесценцијата и раниот адултен период (во секоја паралелка од средното образование се организираат поединечни предавања),

Секој ЦЈЗ треба да достави работен -акционен план до ИЈЗ на РМ и МЗ , во кој се наведени: место/локација на одржување, број/ количина, време/час на одржување и планиранаопфатена популација најдоцна до 15 јануари2017година.

Рок на реализирање: квартално

Индикатор : извештај за број на реализирани едукации со број на учесници на наведена тема

3.1 Одржување на четири трибини (по една во секој квартал) со јавно здравствена проблематика од интерес за подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје.

Рок на изготвување: квартално

Индикатор : извештај за одржана трибина на тема со број на учесници

3.2 Печатење на агитки или брошури на наведените теми за четирите трибини

Рок на изготвување: квартално

Индикатор : доставена брошура

Организирањето на здравствено едукативни активности, промоции и трибини треба да се во корелација со изготвениот промотивен едукативен материјал за здравствено воспитување на населението (агитки и брошури) согласно работниот план и координиран од ИЈЗ на РМ и МЗ.

3.3 Задолжително одбележување на светските денови, недели (Светски ден на срцето, Светски ден на дијабетот, СИДА, туберкулоза, Ден на борба против пушење, Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи, ден за борба против насилство врз жената и други) координирана активност со ИЈЗ на РМ и МЗ.

Рок на изготвување: квартално

Индикатор: Извештај за број на реализирани одбележувања

3.4 Работа на советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје и советувалишта за одвикнување од пушење.

Во рамките на 10-те ЦЈЗ ќе продолжат да функционираат советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје, каде младите и адолесцентите ќе добиваат бесплатни совети ,ќе се спроведуваат доброволните ХИВ тестирања како и советувалиштата за одвикување од пушење кои ќе ги спроведуваат активностите согласно програмата и акциониот план.

Рок на извршување: континуирано
Индикатор: квартални извештаи со број на советувани млади луѓе, спроведени тестирања, реализирања едукации

3.5 „Проект за промоција на физичка активност и развивање на спортски вештини по пливање кај деца со Даунов синдром“,

Пилот проект за промоција на физичка активност и развивање на спортски вештини по пливање кај деца со Даунов синдром е со цел подобрување на нивната психолошка и физичката состојба, емоционално достигнување на нивната граница на задоволство и инклузија во средината.

Елементите на физичко воспитување, игри, спорт и рекреација се употребуваат како многу корисни средства против инвалидитетите од било кој вид, а особено кај децата со Даунов синдром кои бараат континуирана грижа за трајна присхофизичка рехабилитација.

Активностите ќе се реализираат преку ЈЗУЗавод за физикална медицина и рехабилитација Скопје со организирање на часови по пливање за деца со Даунов синдром.

Едукацијата ќе ја спроведуваат врвни спортски тренери и асистенти со завршен Факултет по физичка култура Скопје, 4 дена во неделата по еден час. Децата кои ќе ги посетуваат часовите по пливање, пред започнување со часовите по пливање потребно да направат соодветен здравствен преглед.

Вид на активност	Единица цена (месечно)	вкупно
Трошоци за одржување на базенот	30.000,00	360.000,00
Ангажирање на тренер	20.000,00	240.000,00
Ангажирање на асистент	10.000,00	120.000,00

Рок на извршување: јануари -декември 2017година
Индикатор: квартални извештаи со број на одржани часови и едуцирани деца
Извршител: ЈЗУЗавод за физикална медицина и рехабилитација Скопје

II САНИТАРНО-ХИГИЕНСКА ДЕЈНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА ЕКОЛОГИЈА

Активностите во сите дејности ќе се реализираат врз основа на „стручно методолошките упатства за секоја дејност“. Спроведувањето на програмските активности и нивната реализацијата се реализира со координација и со стручно методолошка помош од страна на ИЈЗ на РМ.

1. Процена на здравствено-еколошкиот ризик и приоритетни јавно-здравствени проблеми поврзани со здравствената екологија

1.1 Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење и водоснабдувањето како и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето

Во текот на годината секој ЦЈЗ врши редовни санитарно-хигиенски теренски извидувања на јавните водоснабдителни објекти со оценка за сигурност на објектот и можност за евентуални загадувања и ризик по здравјето на населението. По хигиено-епидемиолошки индикации се вршат санитарно-хигиенски теренски извидувања и на индивидуални водоснабдителни објекти.

На секој градски водовод се врши санитарно-хигиенски увид 4 пати годишно, локалните селски водоводи и селата без локални водоводи најмалку 1 теренски увид годишно. Останатите јавни објекти - крајпатни чешми, споменички чешми, чешми во рекреативни подрачја и други ќе бидат опфатени најмалку еднаш годишно. Квалитетот на водата се контролира со земање мостри за бактериолошка и физичко-хемиска анализа и се издава стручно мислење.

За оние јавни водоснабдителни објекти со кои стопанисува организација за водоснабдување, обемот и бројот на анализи ќе биде утврден со договор помеѓу ЦЈЗ и јавните комунални претпријатија.

За сите јавни водоснабдителни објекти каде не стопанисува организација за водоснабдување, односно: села со сопствен водовод, села со други видови на водоснабдителни објекти, води со посебни својства - природни минерални, лековити , локални јавни водоснабдителни објекти во и вон населените места (чешми, бунари, извори, и др.), обемот и бројот на следење на квалитетот на вода за пиење согласно програмата рамковно е даден во Табела 1.1.

Секој центар изработува „Анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење, согласно програмските активности и извршените увиди и анализи спроведени со договор помеѓу центрите и организациите за јавно водоснабдување, како составен дел од Годишниот извештај за остварените активности доставена до ИЈЗ на РМ.

Табела број 1.1

Центар за јавно здравје	Број на селски населби	Планиран годишен број на:	
		Санитарно-хигиенски увиди	Лабораториски анализи Физичко-хемиски Бактериолошки
Битола	181	75	900
Куманово	90	90	770
Кочани	86	50	444
Охрид	121	70	460
Прилеп	182	110	1100
Скопје	125	80	500
Струмица	47	47	440
Тетово	180	100	600
Велес	250	162	860
Штип	36	36	800
ИЈЗ на РМ	/	50	300
Вкупно РМ:	1172	1136	7174

Индикатор : Анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење и извештај за број на реализирани увиди и земени мостри

Извршители: 10-те ЦЈЗ

Фреквенција на известување : квартално до МЗ и извештај со коментар во 2^{ро} и 4^{то} тромесечие до ИЈЗ-на РМ

1.2 Следење на состојбата со водоснабдување, санитација и хигиена во училиштата

Проценатa на ризикот поврзан со фактори во училишна средина врз здравјето на децата и младите во РМ со посебен акцент на пристапот до безбедна вода за пиење, санитација и хигиена на училиштата и училишните тоалети и креирање на солидна база на податоци за санитарно-хигиенската состојба во училиштата и податоци за пристапот до безбедна вода за пиење во училиштата во РМ, а со цел предлагање и превземање мерки за зачувување и унапредување на здравјето на оваа вулнерабилна популација.

Активноста ќе се реализира преку санитарно-хигиенски увид во селектираните училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности со примена на методологија согласно посебно изработено стручно методолошко упатство од страна на ИЈЗ на РМ. Земените примероци вода се во рамките на редовниот мониторинг согласно Програмата и договорните обврски со јавните комунални претпријатија.

Врз основа на утврдениот статус како и добиените резултати од тестирање на примероците вода, ќе се изврши идентификација на ризик факторите по здравјето на училишната популација.

Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Република Македонија со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Извршители: 10-те ЦЈЗ

Фреквенција на известување: 30 ноември 2017

1 Процена на здравствено-еколошкиот ризик од квалитетот на површинските води од јавно-здравствен аспект

Процена на ризикот е врз основа на утврдениот статус и извршени лабораториски испитувања на површинските води, а особено водите за рекреативно капење од здравствен аспект.

Бројот на увиди и на земање на мостри за бактериолошка и физичко-хемиска и микробиолошка анализа ќе биде најмалку 2 пати годишно даден (Табела 2.1), но истиот може да се зголемува во зависност од актуелни хигиенско-епидемиолошки состојби.
Центарот подготвува „Годишна информација за санитарно-хигиенската состојба и квалитет на водите за капење на подрачјето на Центарот со мерки за асанација за заштита и/или намалување на здравствениот ризик“ која ја доставува до ИЈЗ на РМ.

Табела 2.1 Следење на квалитетот на површински води

Центар за јавно здравје	Санитарно-хигиенски увиди	Планиран годишен број Пример вода за физичко хемиска и бактериолошка анализа
Битола	18	36
Куманово	10	20
Кочани	10	20
Охрид	40	150
Прилеп	10	20
Скопје	35	70
Струмица	14	28
Тетово	26	52
Велес	23	52
Штип	9	18
Вкупно РМ:	195	568

Индикатор за следење: извештај за број на реализирани увиди и земени мостри
Извршители: 10-те ЦЈЗ
Фреквенција на известување: квартално до МЗ и извештај со коментар во 2^{ро} и 4^{то} тромесечие до ИЈЗ на РМ

2.1 Процена на здравствено-еколошкиот ризик на хигиенскиот квалитет на воздухот

Остварување на задачата се одвива со проценка на здравствено-еколошкиот ризик преку стационарен и мобилен мониторинг систем на Министерството за животна средина и ИЈЗ на РМ како и испитување на следните видови загадувачки материи во мрежата на центри за јавно здравје:

- Во сите ЦЈЗ ќе се следи вкупен аероседимент на 81 мерни места, а во Велес и присуство на Pb, Cd, Zn, Ni и Fe во аероседимент, како и во Куманово Pb, Cd и Zn во аероседимент со вкупно 972 месечни примероци;
- Во ЦЈЗ Скопје и Велес ќе се следат лебдечки честички (чад) и SO2-сулфур двооксид на 9 мерни места со 5475 дневни примероци;
- Олово, кадмиум и цинк во воздухот ќе се следи во Велес на 2 мерни места со вкупно 413 дневни примероци, а во Скопје само олово на 1 мерно место со 14 дневни примероци;
- CO-јаглерод моноксид ќе се следи само во Скопје на 4 мерни места со 56 примероци.

Задачата ќе се реализира со стандардни методи на земање примероци атмосферски воздух и стандардни методи на лабораториска дијагноза. Наодите за чад, SO_2, олово, кадмиум и цинк ќе се презентираат како 24-часовен просек во мг/м^3 воздух, јаглерод моноксидот како часовен просек во мг/м^3 воздух, а аероседиментот како месечен просек во мг/м^2 површина.
Мерните места и бројот на примероци од следењето на аерозагадувањето е даден во табела бр.2.2

Табела бр 2.2

Центар за јавно здравје	Аероседимент		Чад и SO2		Pb, Cd и Zn		CO	
	Број на :		Број на :		Број на :		Број на :	
	Мерни места	Месечни примероци	Мерни места	Дневни примероци	Мерни места	Дневни примероци	Мерни места	Дневни примероци
Битола	6	72						
Куманово	4*****	48						
Кочани	4	48						
Охрид	7	84						
Прилеп	9	108						
Скопје	30	360	6	4330	1*	14	4**	56
Струмица	4	48						
Тетово	4	48						
Велес	11***	132	3	1095	2****	413		
Штип	4	48						
Вкупно РМ	**81**	**996**	**9**	**5425**	**3**	**427**	**4**	**56**

* Олово се следи 2 пати годишно по 7 дена во април/октомври во Скопје,
** Јаглерод моноксид се следи 2 пати годишно по 7 дена во април/октомври само во Скопје,
*** Аероседимент се следи во Велес на 7 м.м. како вкупен аероседимент и со присуство на Pb,Cd и Zn и во Кавадарци на 4 м.м. како вкупен аероседимент и со присуство на Ni и Fe,
**** Олово, кадмиум и цинк во цврсти честички со високоволуменски узоркува; на воздух на едно м.м. се следи секој ден, а на другото м.м. еден ден во неделата, во Велес,
***** Аероседимент се следи во Куманово на 4 м.м. како вкупен аероседимент и со присуство на Pb Cd и Zn.

Индикатор: квартален извештај за извршени мерења до МЗ и ИЈЗ на РМ
Фреквенција на известување: Извештај со коментар во 2^{ро} и 4^{то} тромесечие до ИЈЗ на РМ

2.2 Проценката на ризикот од хигиенскиот квалитет на воздухот врз здравјето кај предучилишна и училишна популација

Проценката на ризикот од хигиенскиот квалитет на воздухот врз здравјето на изложеното население се врши врз основа на добиените вредности од извршениот мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух релацијата со податоците за годишната стапка на морбидитетот од неспецифични респираторни заболувања J00 - J99, со исклучок на J10-J18, според МКБ -10 кај предучилишни (0-6 годишна возраст) и училишни деца (7-14 годишна возраст) во град и села.

Во случаи на акутни состојби на загаденост на воздухот на ниво на аларм од прв, втор или трет степен, од страна на територијално надлежниот Центар за јавно здравје во најкус рок и по најкус пат ќе се известува Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Индикатор за следење: Оцена на морбидитетот на респираторните заболувања кај предучилишни (0-6 годишна возраст) и училишни деца (7-14 годишна возраст) во град и во село, како и на национално ниво по методологијата на СЗО.

Извршители: Центрите за јавно здравје
Фреквенција на известување: Годишно, во 1 тромесечие

2 Безбедност на храна од јавно здравствен аспект

2.1 Следење на безбедноста на храната наменети за одредени популациони групи со цел да се превенираат болестите поврзани со небезбедна храна

Следење на безбедноста на храната наменета за одредени популациони групи со цел да сепревенираат болестите поврзани со небезбедна храна ќе се врши лабораториска контрола на храната и чистотата на објектите во кои се приготвува храната за предучилишни, училишни установи, ученички, студентски домови, болнички установи и домови за згрижување на стари лица, согласно табела 3.1, 3.2 и 3.3 во продолжение. Активноста ќе се изведува согласно Правилникот за микробиолошка безбедност на храната и упатството изработено од страна на ИЈЗ на РМ.

Табела број 3.1,,Следење на безбедноста на храната во образовни установи“

Центар за јавно здравје	Број на образовни установи	Број на годишни тестирани оброци	Број на годишни брисеви
Битола	6	48	60
Куманово	10	80	100
Кочани	6	48	60
Охрид	5	40	50
Прилеп	5	40	50
Скопје	15	120	150
Струмица	6	48	60
Тетово	10	100	100
Велес	11	88	110
Штип	7	56	70
Вкупно	**81**	**668**	**850**

Табела број 3.2 Следење на безбедност на храната во болници

Извршители ЦЈЗ	број на објекти	Број на годишни примероци за бактериолошка анализа	Број на брисеви
Скопје	6	48	120
Битола	4	32	40
Велес	6	48	120
Тетово	2	16	40
Куманово	2	16	40
Кочани	1	8	20
Штип	1	8	20
Струмица	1	8	20
Прилеп	1	8	20
Охрид	3	24	60
Вкупно	**28**	**216**	**500**

Табела бр.3.3. Следење на безбедност на храната во домови за згрижување на стари лица

Центар за јавно здравје	Број на објекти	Број на примероци за бактериолошка анализа	Број на брисеви
Скопје	2	12	20
Битола	1	6	10
Куманово	1	6	10
Прилеп	1	8	20
Вкупно	5	30	50

Индикатор : Извештај со број на земени анализа и превземени мерки од небезбедна храна, доставени до МЗ и ИЈЗ на РМ.
Фреквенција на известување: квартално

3.2. Проценка на хемиската контаминација на храна од пазар од домашно земјоделско производство во различни региони

За проценка на хемиската контаминација во 2017 година ќе се врши лабораториско тестирање и проценка на контаминацијата со пестициди и микотоксини. Центрите за јавно здравје во Битола, Куманово и Велес ќе земат и испитаат примероци на прехранбени производи од домашно производство за присуство на пестициди, според табелата бр 3.4.

Табела бр. 3.4. Дистрибуција на примероци за анализа на резидуи на пестициди

Група	ЦЈЗ Куманово	ЦЈЗ Битола	ЦЈЗ Велес	ИЈЗ на РМ
Овошје и нивни производи	10	10	10	30
Зеленчук и нивни производи	20	20	20	30
Жита, брашно, и нивни производи	10	10	10	40
Вкупно	40	40	40	100

ЦЈЗ во Скопје, Битола, Куманово и Велес ќе земат и испитаат по примероци на прехранбени производи од домашно производство за присуство на микотоксини, според табелата бр 3.5.

Табела бр.3.5 Дистрибуција на примероци за анализа на микотоксини

Група	ЦЈЗ Скопје	ЦЈЗ Куманово	ЦЈЗ Битола	ЦЈЗ Велес	ИЈЗ на РМ
Млеко и производи од млеко	10				
Жита, брашно и нивни производи	10	10	10	10	20
Кикирики и слични производи	10	10	10	10	20
Суво овошје	10	10	10	10	20
Кафе, какао, чај, зачини	10	10	10	10	20
Вкупно	50	40	40	40	80

Индикатор за следење: Извештај со анализа на контаминираната храна, доставени до МЗ и ИЈЗ на РМ.
Рок на известување: 2-ро и 4-то тромесечие

3..3. Следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, основни училишта, ученички/студентски домови и домови за згрижување на стари лица

Биолошкиот квалитет на исхраната вклучува испитување на енергетската вредност, како и содржината на макронутриенси (јаглени хидрати, масти и протеини) и микронутриенси (витамини и минерали) во единица оброк кој се користи во исхраната на популациите опфатени со следењето.

Во 2017 година, ЦЈЗ во РМ, по утврдена методологија базирана на база на податоци за состав на храната, ќе ја испитуваат нутритивна вредност на исхраната која се подготвува во овие установи, и тоа:

- во предучилишните установи ќе се испитуваат по пет дневни оброци во 4 сезони (пролет, лето, есен, зима),
- во училиштата со организирана целодневна исхрана ќе се испитуваат по пет дневни оброци во две сезони и тоа во пролет (март-април) и есен (ноември-декември),
- во ученичките/студентските домови ќе се испитуваат по седум дневни оброци во две сезони и тоа во пролет (март-април) и есен (ноември –декември),
- во домовите за згрижување на стари лица ќе се испитуваат по седум дневни оброци во четири сезони (пролет, лето, есен, зима).

10-те ЦЈЗ ќе достават извештај за извршените активности, согласно стручно методолошкото упатство за квалитетот на исхраната во установите на подрачјето до ИЈЗ на РМ во 4-ти квартал (најдоцна до 1.12.2017 година).

Табела бр.3.3.1 Преглед на број на објекти и оброци по ЦЈЗ

Регион на Центар за јавно здравје	Број на објекти	Број на испитани оброци
Битола	8	156
Куманово	6	116
Кочани	8	140
Охрид	6	108
Прилеп	6	116
Скопје	13	202
Струмица	4	68
Тетово	6	88
Велес	11	192
Штип	6	108
Вкупно	74	1294

Индикатор за следење: извештај за број на земени оброци
Рок на известување: квартално

3.4. Следење на нутритивниот статус кај предучилишни и училишни деца во функција на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања

На определен репрезентативен примерок деца од секој регион поединечно за Центрите за јавно здравје, презентирани во табела број 3.4.1 ќе се вршат испитувања за соодветните популациони групи.

Табела бр.3.4.1 Вкупен број на ученици кои ќе бидат опфатени за проценка на нутритивен статус

Регион на Центар за јавно здравје	Деца од предуч. установи (4-5 год.)	Второ одделение (7-8 год.)	Петто одделение	Прва година средно
Битола	141	314	314	150
Велес	250	324	324	150
Кочани	70	281	281	100
Куманово	100	325	325	150
Охрид	100	307	260	110
Прилеп	70	286	286	70
Скопје	250	365	300	150
Струмица	70	289	260	70
Тетово	200	348	348	150
Штип	70	264	264	70
Вкупно	1321	3103	2962	1170

Антропометриски испитувања за определување на растот и нутритивниот статус ќе се вршат со мерење на телесна висина и телесна тежина кај деца од предучилишна возраст, второ одделение, петто одделение и прва година средно образование .

За сите популации на деца извештаите ќе се доставуваат електронски до ИЈЗ на РМ, во ексел документи, по претходно доставен формат на документ од страна на ИЈЗ на РМ.

Извршување на активностите и испраќање на извештаи од извршените активности за процена на нутритивниот статус, по популациски групи, 10-те ЦЈЗ ќе ги доставуваат до ИЈЗ на РМ.

Индикатор за следење: Извештаи до МЗ и ИЈЗ н аРМ за извршените активности
Рок на известување: Квартално

- Во првиот квартал на 2017 за децата од предучилишни установи (извештај до ИЈЗ на РМ најдоцна до 1.04.2017);
- Во вториот квартал за децата од второ одделение (извештај до ИЈЗ на РМ најдоцна до 1.07.2017);
- Во третиот квартал за учениците од петто одделение (извештај до ИЈЗ на РМ најдоцна до 1.10.2017);
- Во четвртиот квартал за децата од прва година средно образование (извештај до ИЈЗ на РМ најдоцна до 1.12.2017).

3.5. Следење на нутритивна вредност на стандардната болничка исхрана

Во 2017 година ЦЈЗ ќе ја испитуваат нутритивната вредност на стандардната исхрана во стационарните установи во Република Македонија и при клиниките на Клиничкиот центар во Скопје, Специјалната болница за гинекологија „Мајка Тереза“, Институтот по белодробни заболувања кај децата - Козле и Градската болница „8. септември“ по стандардна методологија, со динамика на испитување на 3 оброци месечно, во текот на сите 12 месеци во 2017 година.

Испитувањето на биолошкиот квалитет на исхраната вклучува испитување на енергетската вредност, како и содржината на макронутриенси (јаглени хидрати, масти и протеини) и микронутриенси (витамини и минерали) во единица оброк кој се користи во исхраната на болните без специфични нарушувања на органските системи кои би продуцирале исхрана според специфична диета.

ЦЈЗ во извештаите ќе наведат за кои болни е подготвувана храната, односно на кои одделенија е поделена, имајќи ја предвид забелешката од претходниот пасус при одбирање на оброците за анализа.

10-те ЦЈЗ ќе достават извештај за извршените активности, согласно стручно методолошкото упатство за нутритивниот квалитет на болничката исхрана до ИЈЗ на РМ во 4-ти квартал (најдоцна до 01.12.2017 година)

Обемот на активностите за секој регион на ЦЈЗ прикажан е во табела бр. 3.5.1

Табела бр.3.5.1 Следење на нутритивниот квалитет на болничката исхрана

Центар за јавно здравје	Број на об-јекти	Број на испитани оброци
Битола	4	144
Куманово	2	72
Кочани	1	36
Охрид	3	108
Прилеп	1	36
Струмица	1	36
Скопје	4	144
Тетово	2	72
Велес	3	108
Штип	1	36
Вкупно	22	792

Индикатор за следење: Извештаи за број на земени оброци до МЗ и ИЈЗ на РМ
Рок на известување: Квартално

4. Проценка на здравствениот ризик од бучавата во животната средина
Центарот за јавно здравје Скопје ќе врши мониторинг на бучава на 14 мерни места во Скопје, два пати годишно со одредување на индикаторите за изложеност Lден, Lвечер, Lноќ, во тек на пролет и есен. Во текот на годината ќе извршат проценка на индикаторите за ефекти, вознемиреност и нарушување на спиењето кај репрезентативен примерок од возрасната популација .

Центарот за јавно здравје Битола ќе врши мониторинг на бучава на 15 мерни места во Битола и Кичево, два пати годишно со одредување на индикаторите за изложеност Lден, Lвечер, Lноќ, во тек на пролет и есен. Во текот на годината ќе извршат проценка на индикаторите за ефекти, вознемиреност и нарушување на спиењето кај репрезентативен примерок од возрасната популација.

Центарот за јавно здравје Куманово ќе врши мониторинг на бучава на 10 мерни места во Куманово, два пати годишно со одредување на индикаторите за изложеност Lден, Lвечер, Lноќ, во тек на пролет и есен. Во текот на годината ќе извршат проценка на индикаторите за ефекти, вознемиреност и нарушување на спиењето кај репрезентативен примерок од возрасната популација.

Извршители: ЦЈЗ Скопје ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Куманово
Индикатор за следење : Извештаји за извршените активности со анализа и проценка на здравствениот ризик од бучавата, доставени до МЗ и ИЈЗ на РМ
Рок на известување : 2 ро и 4 то тромесечие

III.. ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

Активностите од епидемиолошката дејност ќе се реализираат со цел обезбедување на стабилна и мирна епидемиолошка состојба, а врз основа на „стручно методолошкото упатството за епидемиолошка дејност“. Спроведувањето и реализацијата на програмските активности се координирани и со стручно методолошка помош од страна на ИЈЗ на РМ.

1. **Следење, анализа, спроведување и евалуација на мерките за заштита на населението во услови на појава на заразни и други заболувања, епидемии и други вонредни состојби и вршење на активна и пасивна имунизација**

1.1 **Годишен извештај за заразните заболувања во 2016 година по пол и возраст** на заболените и по месец на заболувањето, за подрачјето кое го покрива Центарот, со епидемиолошки коментар.
Индикатор: извештај доставен до ИЈЗ на РМ
Рок на известување: 15.01.2017 година

1.2 **Месечни билтени за движењето на заразните болести со епидемиолошки коментар** врз основа на теренски епидемиолошки увиди, секојдневно прибирање, обработување и анализирање на пријавите за заразни болести и евидентирање во книга за евиденција на заразните заболувања.

Индикатор: 12 изготвени и доставени месечни билтени до ИЈЗ на РМ и Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ).
Рок на известување : до десетиот работен ден во тековниот месец за изминатиот месец,

1.3 **Следење на пријавувањето и евиденцијата на заразните заболувања и микробиолошките изолатати**, во здравствените установи, со изработка на писмени информации со предлог мерки кои ќе се доставуваат до здравствената установа каде е направен увидот, до ДСЗИ ,МЗ и ИЈЗ на РМ .

Индикатор: извештај доставен до ИЈЗ на РМ и МЗ
Рок на известување : квартално

2. **Изготвуваат регионални оперативни планови со противепидемиски мерки и активности при појава на зголемен број на заразни заболувања или епидемија**, учествуваат во нивното реализирање и стручно раководат со здравствената дејност во нивното спроведување за подрачјето кое го покрива ЦЈЗ.

Индикатор: Извештај за реализирани активности и оперативен план до МЗ, ДСЗИ и ИЈЗна РМ
Рок на известување : Веднаш , континуирано

3. **Епидемиолошки теренски увиди , анкетирање и лабораториска дијагностика по епидемиолошки индикации** при појава на зголемен број заболени од заразно заболување во воспитно образовни институции, затворени колективи, населби и друго согласно позитивната законска регулатива од областа.

Индикатор: Извештај за епидемиолошки увид, број на епидемиолошки анкети, број на извршени лабораториски анализи за идентификација на причинителот .
Рок на известување : кавартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

4. **Епидемиолошки увид и лабораториско испитување за идентификација на причинителот ќе се врши задолжително при појава на зголемен број на заболени со епидемиолошка поврзаност или епидемија од ентероколит**.

Индикатор: Извештај за епидемиолошки увид со број на извршени лабораториски анализи за идентификација на причинителот за ентероколити.
Рок на известување : кавартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

5. Епидемиолошки испитувања, анкетирање и лабораториска дијагностика за секој случај на вирусен хепатит како и диференцијална дијагноза за типот на вирусниот хепатит.

Индикатор: Извештај за број на извршени анкети, теренски увиди и број на лабораториски анализи
Рок на известување : квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

6. Епидемиолошки анкети направени при следење на бацилоносителството врз основа на законските прописи, на лицата кои прележале цревен тифус, паратифус, бациларна дизентерија, салмонелози.

Индикатор: Број на извршени епидемиолошки анкети .
Рок на известување: квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

7. **Активности при појава на алиментарните токсиинфекции и салмонелозите**. Центрите за јавно здравје веднаш телефонски го информираат ИЈЗ на РМ, ДСЗИ, АХВ и МЗ, спроведуваат епидемиолошки увиди во соработка со Државната санитарна и здравствена инспекција и Агенција за храна и ветеринарство (АХВ) која ќе мострира примероци на храна и предмети кои доаѓаат во контакт со храната, брисеви од работни површини и од вработениот персонал, во објектите каде се произведува, складира, подготвува и дистрибуира храната, а кои ќе бидат соодветно лабораториски /микробиолошки анализирани. За најдената состојба ќе се изработи и достави информација со стручно мислење и предлог мерки.

Индикатор: Број на земени мостри и брисеви за микробиолошка анализа доставена до МЗ, ДСЗИ, АХВ и ИЈЗ на РМ
Рок на извештување: Информација за извршен увид доставена веднаш до ИЈЗ на РМ и МЗ

8. **Континуирано следење на спроведување на задолжителна имунизација од страна на регионалниот координатор за имунизација,** преку квартални теренски увиди во сите вакцинални пунктови на територијата на ЦЈЗ и пружање на стручна методолошка помош од областа на имунизацијата (одржување и примена на ладен ланец, температурен мониторинг, чување на вакцини, евиденции и извештаи, употреба на мултидозни виали на вакцина и безбедна апликација согласно календарот за имунизација).

Индикатор: Извештај со коментар и предлог мерки од реализирани теренски увиди во вакцинални пунктови доставен до МЗ, ДСЗИ и ИЈЗ на РМ
Рок на известување : квартално

9. **Следење на опфатот на задолжителната вакцинација** преку следење на реализацијата на планот за имунизација и изработка на извештај за опфатот со епидемиолошки коментар , кој ќе биде доставен и до раководителот на здравствената организација која е задолжена за спроведување на задолжителната вакцинација.

Индикатор: извештај со евалуација на опфатот до МЗ, ИЈЗ на РМ, ДСЗИ и здравствената установа.
Рок на известување: 2ри и 4ти квартал

10. **Ставање под контрола на останати заболувања против кои се спроведува задолжителна имунизација**

Активен епидемиолошки надзор над секој случај или сомнение на заболување против кое се спроведува задолжителна вакцинација при што се врши проверка на вакциналниот статус, опфатот со имунизација на територијата каде е регистрирано заболувањето, задолжителна лабораториска дијагноза и итно пријавување до ИЈЗ на РМ, согласно епидемиолошко медицински знаења и доктринарни процедури за контрола на заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација.

Индикатор: број на извршени активни епидемиолошки надзори и серолошки анализи
Рок на известување : веднаш и квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

11. **Активности за одржување на резултатите постигнати со ерадикација на детската парализа** во координација со ИЈЗ на РМ согласно усвоениот акционен план за следење на АФП случаи

ЦЈЗ ги продолжуваат своите активности во врска со спроведувањето на активниот надзор над детската парализа, по обработка на добиените неделни извештаи од здравствените установи на територијата која ја покриваат, еднаш неделно доставуваат „Неделни извештаи за активен надзор на АФП “ до ИЈЗ на РМ.

При регистрирање на АФП случај, епидемиолог од ЦЈЗ врши теренско епидемиолошко истражување, пополнува епидемиолошка анкета, го проверува вакциналниот статус на заболениот и блиските контактите во надлежната служба за вакцинација, прави проверка на опфатот со ОПВ вакцина на подрачјето каде живее АФП случајот. За најдената состојба од теренските истражувања изготвува информација и веднаш ја доставува до ИЈЗ на РМ и МЗ.

Од блиските контакти на АФП случајот - деца на возраст до 15 години, се зема фецес за вирусолошко испитување, кој заедно со доставениот фецес за АФП случајот се транспортира до вирусолошката лабораторија при ИЈЗ на РМ.

Индикатор: број на доставени неделни извештаи за активен надзор на АФП, број на извршени посети, број на земени материјали доставени до ИЈЗ на РМ
Рок на известување : веднаш, квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

12. **Активности за елиминација на автохтоните морбили и конгенитална рубеола** во координација со ИЈЗ на РМ, согласно усвоениот ажуриран акционен план „*Програма за елиминација на автохтоните мали сипаници и рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција (КРИ)* “.

Епидемиолошки надзор над спроведувањето на задолжителната имунизација согласно по пат на епидемиолошки увиди,контрола врз водењето на соодветна евиденција и документација, изготвени извештаи за вакцинација.

Изготвување на информации од извршените теренски увиди од страна на ЦЈЗ/ПЕ со предлог мерки.

При појава на случај со клиничка слика компатибилна на мали сипаници и рубеола епидемиолошката служба на ЦЈЗ, веднаш го известува ИЈЗ на РМ и МЗ, прави епидемиолошка анкета и обезбедува материјал за серолошка потврда на заболувањето кој се доставува до вирусолошката лабораторија при ИЈЗ на РМ.

Индикатор: број на извршени епидемиолошки увиди и анкети, број на земени материјали за лабораториско докажување
Рок на известување : квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

13. **Одржување на состојба на елиминација на тетанусот кај новороденчињата**

- Перманентен увид на ЦЈЗ/ПЕ во вакциналните служби во однос на опфатот со Те-Ал вакцина на женската популација на 18 годишна возраст/репродуктивен период, како и на гинеколошко - акушерските одделенија преку повремени теренски увиди;
- Изготвување на информација за најдената состојба при теренскиот увид со заклучоци и предлог мерки;
- Комплетна обработка и иследување на секој случај на неонатален тетанус и итна пријава до ИЈЗ;

Индикатор: број на лабораториски анализи на лица ставени под здравствен надзор
Рок на известување : квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

14. Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на маларијата во Република Македонија

- Активности за одржување на резултатите постигнати со ерадикација на маларијата во Република Македонија преку редуцирање на опасноста од внесување и ширење на маларија и други заболувања кои се пренесуваат преку вектори, со примена на превентивни мерки на теренска и аеродезинсекција;
- Задолжителна хемиопрофилакса за лицата кои патуваат во земји каде постои ендемија или епидемија на маларија согласно препораките на СЗО (Меѓународен сообраќај и здравје) и законските прописи. ЦЈЗ/ПЕ ќе вршат здравствен надзор и лабораториско испитување на маларија на сите лица кои пристигнуваат од овие земји. На лицата ставани под здравствен надзор за маларија им се зема периферна размаска и густа капка крв за паразитолошко испитување;

  При појава на случај на маларија или позитивен лабораториски резултат, епидемиолошките служби на ЦЈЗ/ПЕ ќе направат епидемиолошка увид, анкета и ќе подготват информација до ИЈЗ на РМ, ДСЗИ и МЗ.

Индикатор: број на лабораториски анализи на лица ставени под здравствен надзор
Рок на известување : квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

15. Епидемиолошко следење и контрола на природно жаришните инфекции преку теренски увиди и анкети и превземање на соодветни превентивни мерки.

Индикатор: број природно жаришни инфекции,број на превземени превентивни мерки против природно жаришни инфекции
Рок на известување : квартално до ИЈЗ на РМ и МЗ

16. Активности за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции.

Ќе се реализираат согласно изготвениот координиран пристап и методологија изработена од страна на ИЈЗ на РМ за земање материјали, (брисеви од стерилен материјал, работни површини, стерилност на воздух и друго), од стационарните здравствени установи, по еднаш во секој квартал при што земените материјали ќе бидат микробиолошки обработени во сопствените лаборатории на ЦЈЗ.
За најдената состојба ќе се изготви извештај со епидемиолошки коментар и предлог мерки и активности кој веднаш ќе се достави до ИЈЗ на РМ, ДСЗИ и здравствените установи каде се направени увидите.

Индикатор : број на извршени увиди и земени мостри доставен до МЗ
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

17. Спроведуваат дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) - по епидемиолошки индикации согласно законските прописи, на своето подрачје и на подрачјето на оние општини каде оваа дејност не е развиена.

Индикатор: површина која е опфатена со ДДД активности
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

18. Активности за епидемиолошко следење и проучување на патиштата за спречувањето и сузбивање на зоонозите (кју треска, туларемија, беснило, лајшманиоза, лептоспирози, хеморагични трески и др.) во соработка со ветеринарната дејност.

Во случај на акумулација на случаи на зоонози, ЦЈЗ вршат теренски увиди во засегнатото подрачје во координација со ветеринарната дејност. Од добиените пријави, извршените увиди и епидемиолошки анкети за зоонози, изготвуваат информации со предлог на противепидемиски мерки и истите ги доставуваат до надлежните институции.

Индикатор: Број на обработени епидемиолошки анкети за зоонози, број на теренски увиди
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

19. Рано известување и предупредување за појава на заразни болести и брз одговор (АЛЕРТ-систем)

Во 2016 година, АЛЕРТ системот продолжува да функционира на територијата на целата држава, како законски регулиран систем за следење на заразни болести.

- ЦЈЗ вршат прибирање на збирни неделни извештаи и даваат стручна помош на здравствените работници - матичните доктори на нивната територија, внесување во посебен софтвер и статистичка обработка и анализа на доставените податоци, кои во електронска форма ќе ги достават како неделен извештај до ИЈЗ на РМ .

Индикатор: Број на обработени неделни извештаи добиени од матичните доктори, број на изготвени неделни, број на епидемиолошки надзори и извештаи доставени до ИЈЗ на РМ.
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

а) При појава на алерт од одреден синдром, епидемиолошката служба при ЦЈЗ е должна да изврши теренски увид за откривање на причините, и да преземе мерки за спречување и сузбивање на заразното заболување. Од извршениот увид ЦЈЗ ќе достави извештај до ИЈЗ на РМ и МЗ за резултатите, причинителот и превземените мерки за сузбивање на заболувањето.

Индикатор: Број на теренски увиди при регистрирање на алерт, број на изготвени информации од теренски увиди.
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

20. Следење на грипот и други вирусни респираторни заболувања во Република Македонија

10-теЦЈЗ со започнување на сезоната на грип (40 недела) рутински ја следат состојбата со грипот на својата територија, преку епидемиолошки увиди во одредени здравствени установи и прибирање на групни пријави за грип.
При зголемен број на заболени или епидемија на грип, ќе се врши засилен надзор (теренски увиди) на подрачјата каде се регистрирани такви состојби. Од теренските увиди ќе се подговуваат информации со предлог мерки за најдената состојба и ќе се доставуваат до ИЈЗ на РМ и МЗ.
10-те ЦЈЗ, во соработка со ЗУ ќе земаат материјали од заболени лица со типична клиничка слика на грип, за вирусолошка дијагностика и утврдување на типот на вирусот на грип кој циркулира во земјата.

Индикатор: Број на направени епидемиолошки теренски увиди, број на доставени информации од увиди, број изготвени неделни групни пријави за грип, број на земени материјали за вирусолошка дијагностика
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

21. ЦЈЗ ќе вршат епидемиолошки увиди при појава на ретки болести, болести кои повторно се појавуваат или непознати/нерегистрирани досега болести во Република Македонија со стручно методолошка помош од ИЈЗ на РМ и за најдената состојба на теренот ќе доставуваат информации до соодветни надлежни институции.

Индикатор: Број на направени увиди, број на изготвени информации.
Рок на известување: веднаш и квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

22. Мерки и активности за спречување на тропски, карантински и паразитарни заболувања

За спречување на внесување и ширење тропски карантински заболувања 10-те ЦЈЗ ќе преземат мерки и активности согласно законските прописи и усвоените протоколи донесени врз основа на Меѓународниот здравствен правилник (МЗП), за што ќе водат редовна евиденција.

Под здравствен надзор ќе бидат ставени лица - повратници од земји во кои се регистрираат овие заболувања во ендемска или епидемиска форма, согласно доставените податоци за земјите од страна на ИЈЗ на РМ од СЗО-Меѓународно патување.

Секој сомнителен случај на колера за дефинитивна лабораториско - микробиолошка дијагноза се испраќа до ИЈЗ на РМ.

Индикатор: Број на направени увиди, број на изготвени информации.
Рок на известување: веднаш и квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

23. 10-те ЦЈЗ навремено обезбедуваат вакцини и вршат вакцинација и хемиопрофилакса по епидемиолошки индикации на определени групи или поединци против хепатитис Б, тетанус, тифус, грип, менингококен менингит, колера, жолта треска, а по потреба и против други заразни заболувања. Ке водат уредна медицинска евиденција и документација врз основа на законската регулатива .
Ке доставуваат соодветни извештаи за спроведената активност до ИЈЗ на РМ.

Индикатор: извештај
Рок на известување: квартално до ИЈЗ на РМ

24. Здравствено – воспитна дејност од областа на епидемиологијата во врска со спречувањето и сузбивањето на заразните болести и важноста и бенефитот од имунизацијата, со цел одржување на опфатот на имунизацијата на 95%, со посебен акцент кон морбили и рубеола, полиомиелит и нововведените вакцини, во училишта, општини и слично, преку организирани предавања, преку средствата за јавно информирање, а врз основа на доставениот работен план.

Индикатор: извештај за број на одржани едукации и присутни слушатели, материјали од предавањето (предавање, брошури/флаери)
Рок на известување: квартално до МЗ и ИЈЗ на РМ

Предвиден годишен обем на работа по поедини програмски активности од епидемиолошката дејност кој во зависност од епидемиолошката состојба може да биде зголемен даден во табела број 1.
Табела број 1

ЦЈЗ	Вкупен број на на земен материјал за ИХИ контрола	вк.број на планирани епидемиолошки активности (увиди, анкети и слично)
Битола	350	250
Куманово	350	250
Кочани	200	200
Охрид	600	350
Прилеп	350	250
Скопје	800	900
Струмица	200	250
Тетово	450	350
Велес	450	350
Штип	200	200
ВКУПНО	**3.950**	**3.350**

Б. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

ИЈЗ на РМ врши координација, следење, мониторирање и евалуација над спроведувањето на програмските јавно-здравствени активности и пружа стручно методолошка помош на 10-те ЦЈЗ.
Институтот за јавно здравје на Република Македонија:

- Ја координира, стручно контролира и насочува работата на Центрите за јавно здравје во Република Македонија;
- Носител е на изготвувањето и имплементацијата на стратешките документи и акциони планови во превентивните дејности;
- Ги координира активностите за изготвување национални прописи и прилагодување кон меѓународните прописи;
- Изготвува доктринарни ставови во методолошкиот пристап и начинот на евалуација на извршените мерки и активности во превентивните дејности;
- Врз основа на спроведени истражувања и добиените податоци од Центрите за јавно здравје, врши мониторинг и дава оценка на здравствено-еколошкиот ризик од одредени фактори во животната средина;
- Ги идентификува приоритетните проблеми и потенцијални ризични состојби по здравјето на ниво на Републиката и го известува Министерството за здравство.

Овие активности ги спроведува континуирано преку квартални теренски увиди во сите здравствено превентивни дејности во секој ЦЈЗ, а врз основа на Упатство со методологија за менаџирање и управување со програмата. За спроведената активност секој сектор во ИЈЗ на РМ подготвува извештај за координација, следење, стручно методолошка помош и реализација на програмските активности од страна на сите извршители и констатирана состојба со коментар.
Индикатор: детален извештај од секој сектор на ИЈЗ на РМ
Рок на известување : квартално

ИЈЗ на РМ како врвна јавно здравствена установа во превентивната медицина, ги обезбедува и располага во текот на цела година со потребните реагенси за дијагностика на причинителите на заразни заболувања согласно програмските активности.

Реализирањето на задачите и активностите се врши организирано во сите превентивни здравствени дејности за што до Министерството за здравство се доставува извештај во рок и фреквенција согласно програмата, а при вонредни околности и јавно здравствени закани, фреквенцијата на известувањето е веднаш.

ИЈЗ на РМ како институција номинирана од Министерството за здравство (МЗ) за координатор во различни меѓународни институции од доменот на јавното здравје, треба да го информираат МЗ за секоја добиена покана за учество на настани/семинари надвор од државата, да го достават на увид материјалот подготвен за учество/презентација на настанот до МЗ - сектор за превентивна здравствена заштита и во рок од пет дена од завршување на настанот да достават информација за заклучоците и препораките од учеството.

Индикатор: доставено известување, материјал, информација
Рок на известување : Веднаш

Подготовка и спроведување на програми за континуирано професионално усовршување во соработка со други образовни институции за вработените во ИЈЗ на РМ и 10-те центри за јавно здравје, како и за други целни групи, во областа на јавното здравје.

Индикатор: годишен акционен план за континуирана едукација и извештај за спроведени едукации

Рок на извршување: прв квартал и континуирано
Извршители: ИЈЗ на РМ, Медицински факултет Скопје и Школа за јавно здравје

I. СОЦИЈАЛНО МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА СТАТИСТИКА И ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО

ИЈЗ на РМ како координатор на активностите во рамките на оваа превентивна здравствена дејност, должен е да го следи, мониторира, верифицира и квартално да го известува МЗ за реализирањето на активностите и доставувањето на извештаи/анализи и информации од страна на 10-те ЦЈЗ .

ИЈЗ на РМ во рамките на оваа дејност, а врз основа на стручно методолошкото упатство за работа ги прибира, подготвува, анализира и води збирки на податоци согласно Законот за евиденции во областа на здравството, како и врз основа на податоците од електронскиот здравствен систем „мој термин“ и доставените и обработените податоци страна на 10-те ЦЈЗ.

Активностите ќе се реализираат преку координација на секторите за: социјална медицина и промоција на здравјето и Центарот за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација (Центар).

Во тек на 2016 година преку 10-те ЦЈЗ, за потребите на државата ќе се изработат следниве збирни извештаи , публикации и информации:

I.а Социјално-медицинска дејност со здравствена статистика

Во тек на 2017 година ќе продолжи спроведувањето на статистичките истражувања од областа на здравството.
Во Центарот ќе се прибираат и обработуваат збирни и индивидуални статистички извештаи доставени од здравствените установи преку одделенијата за здравствена статистика и информатика при 10-те ЦЈЗ во Република Македонија и податоците од електронскиот здравствен систем „мој термин“.

1. Збирни евиденции

Збирните извештаи содржат податоци со кои се прикажува работата на здравствените установи во Република Македонија, кадарот вработен во нив како и податоци за утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничките и диспанзерски дејности.

Во тек на 2017 година од здравствените установи во Република Македонија преку 10-те ЦЈЗ, ИЈЗ на РМ ќе изврши обрабтека на пристигнатите податоци од збирните извештаи за:

- II полугодие за 2017 година, годишни збирни извештаи за 2016 година и збирни извештаи за IV тромесечие за 2016 година за хигиенската исправност на намирниците и предметите за општа употреба и извештаи за несреќи на работа;
- за I полугодие за 2017 година и тромесечни извештаи за I, II и III тромесечие за 2017 година.

Од доставените збирни извештаи по извршената логична и математичка контрола и компјутерски внес на податоците, ќе се изготват годишни збирни извештаи:

1.1 Годишни збирни извештаи за кадар и извршена работа за 2016 година за Републиката
Индикатор: доставени извештаи до МЗ
Рок на изготвување: Мај 2017 година

Од доставените збирни извештаи за 2016 година, по извршената логична и математичка контрола и компјутерски внес на податоците ќе се изготват:

1.2 Полугодишни збирни извештаи на ниво на Република Македонија за 2017 година.

Индикатор: доставени извештаи до МЗ
Рок на изготвување: септември 2017 година

Секторот за статистика преку теренски квартални посети во 10-те ЦЈЗ во Република Македонија ги спроведе стручно методолошка помош за правилната примена на МКБ-10 и примената на другите параметри во збирните извештаи, а со цел квалитетна обработка на податоците од збирните евиденции, како и во здравствените установи во соработка со стручните лица од ЦЈЗ на подрачјата што ги покриваат, што ќе допринесе подобрување во доставувањето на здравствено-статистичките податоци по однос на квалитет и квантитет.

Индикатор: извештај за теренска посета и стручно методолошка помош во ЦЈЗ доставен до МЗ
Рок на известување: квартално

2. Здравствени публикации во Република Македонија за 2017 година

Заради поширока достапност за користење на здравствено-статистичките податоци од збирните и индивидуалните здравствено-статистички евиденции во тек на 2017 година, врз основа на податоците од „мој термин“ и податоците од 10-те ЦЈЗ, ќе бидат изготвени следниве публикации:

2.1 Здравствената карта на Република Македонија за 2016 година, ќе ја презентира состојбата на здравствената заштита во Република Македонија по однос на организационата структура, здравствените дејности и здравствениот кадар, морбидитет и морталитет.

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Октомври 2017 година

2.2 Амбулантно-поликлинички морбидитет во Република Македонија за 2016 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Октомври 2017 година

2.3 Мрежа на болничките здравствени установи за 2016 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: март 2017 година

2.4 Специјалистички служби во Република Македонија во 2016 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: март 2017 година

2.5 Кадар во здравствени установи во Република Македонија во 2016 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: октомври 2017 година

3.Регистри за незаразни болести

Во тек на 2017 година од доставени и обработени индивидуални евиденции од одделенијата за здравствена статистика и информатика преку 10-те ЦЈЗ најдоцна до секој 5-ти во месецот за претходниот месец, како и врз основа на податоци од „ мој термин “, ИЈЗ на РМ ќе ги подготви следните регистри:

3.1 **Регистар за шеќерна болест** на Република Македонија за 2017 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: јуни 2017 година

3.2 **Регистар на професионални заболувања** на Република Македонија за 2016 година
3.3 **Регистер на исхемична болест на срцето** на Република Македонија за 2016 година
3.4 **Регистер на брубрежна инсуфициенција** на Република Македонија за 2016 година
3.5 **Регистер на сообраќаен травматизам** на Република Македонија за 2016 година
Индикатор: доставени регистри
Рок на изготвување: септември 2017 година

4.. Болнички морбидитет во Република Македонија, 2016

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: ноември 2017 година

5.. Морталитет во Република Македонија во 2016 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Октомври 2017 година

I.b Одржување и развој на WEB-страна на ИЈЗ на РМ, изготвување публикации, информации, анализи, брошури и други материјали преку in-design во PDF формат за потребите на Центарот за статистичка обработка на здравствените податоци, публицистика и едукација како и за потребите на сите сектори во ИЈЗ на РМ и МЗ .

Индикатор: квартален извештај за поставени материјали на WEB-страна
Рок на изготвување: Задачата е континуирана

I.б Социјално-медицинска дејност со промоција на здравје

ИЈЗ на РМ како координатор на активностите во рамките на оваа превентивна здравствена дејност, должен е да го следи, мониторира, верифицира и квартално да го известува МЗ за реализирањето на активностите и доставувањето на извештаи/анализи и информации од страна на ЦЈЗ.

Секторот дава стручна методолошка помош од областа на јавното здравје во заштитата на здравјето, унапредувањето на здравјето, скринингот на населението и следењето на болестите.

Секторот за промоција, анализи и следење на незаразни болести во рамките на оваа дејност, а врз основа на стручно методолошкото упатство за работа ќе ги реализира следниве активности:

Извештај за спроведување на годишната Национална програма за јавно здравје во Република Македонија во 2016 година
Индикатор: Изготвен извештај
Рок на изработка: 15.01.2017година

1. **Информација за извршени активности на ИЈЗ на РМ во 2016 година согласно Национален акционен план за родова еднаквост**

Индикатор: Изготвена информација
Рок на изработка: февруари 2017 година

2. **Информација за искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи во Република Македонија во 2016 година**

Индикатор: Изготвена информација
Рок на изработка: јуни 2017 година

3. **Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во Република Македонија**

Индикатор: Изготвена анализа
Рок на изработка: септември 2017

4. **Анализа на работењето на ЈЗУ во Република Македонија во 2017 година**

Индикатор: Изготвена анализа
Рок на изработка: септември 2017 година

5. **Упатство за практикување физичка активност за подобро здравје**

Индикатор: изготвено упатство
Рок на изработка: прв квартал 2017

6. **Извештај за резултатите од студијата за преваленцата на употреба на дроги кај децата на возраст од 16 години во Република Македонија како дел од интернационална студија (ЕСПАД - 2016)**

Индикатор: Изготвен извештај
Рок на изготвување: февруари 2017

7. **Извештај за резултатите од студијата за однесувањето на децата на училишна возраст кон здравјето во Република Македонија како дел од интернационална студија (HBSC - 2015)**

Индикатор: Изготвен извештај
Рок на изготвување: март 2017

8. **Извештај за резултатите од студијата за преваленцата на употреба на тутун од децата на возраст 13-15 години во Република Македонија како дел од интернационална студија(GYTS 2015/2016)**

Индикатор: Изготвен извештај
Рок на изготвување: јуни 2017

9. **Информација за состојбата со болестите на зависност во Република Македонија**

Индикатор: Изготвена информација
Рок на изработка: октомври 2017 година

10. **Извештај за здравствени индикатори " здравје за сите "**

Индикатор: Изготвен извештај
Рок на изготвување: втор квартал 2017

11. **Извештај за здравјето и здравствената заштита на населението во Република Македонија во 2016 година**

Индикатор: Изготвен извештај
Рок на изготвување: ноември 2017

12. **Изготвување извештај за работата на советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје во 10-те ЦЈЗ**

Индикатор: Изготвен табеларен и текстуален извештај
Рок на изготвување: квартално

13. **Извештај за работата на советувалиштата за откажување од пушење во 10-те ЦЈЗ**

Индикатор: Изготвен табеларен и текстуален извештај
Рок на одржување: квартално

14. . **Следење и координација на промотивно-едукативните активности на 10-те ЦЈЗ**

Индикатор: Извештај за активностите на ИЈЗ на РМ и збирен извештај за 10-те ЦЈЗ за реализирани промотивни активности
Рок на извршување: Квартално

15. **Стручно-методолошка помош од областа на социјална медицина со промоција на здравје**

Преку теренски квартални посети во 10-те ЦЈЗ во Република Македонија ќе се спроведе стручно методолошка помош.

Индикатор: извештај до МЗ за теренска посета и стручно-методолошка
Рок за известување: квартално

16. **Квартален мониторинг, координација и верификација на програмските активности на 10-те ЦЈЗ со извештај од областа на социјална медицина со промоција на здравје**

Преку теренски квартални посети во 10-те ЦЈЗ во Република Македонија ќе се спроведе квартален мониторинг.

Индикатор: доставен извештај до МЗ
Рок за известување: квартално

17. **Здравствена промоција – здравствено воспитување врз основа на подготвен и доставен работен план и во координација со Министерството за здравство**

а) Организација и спроведување на промотивни акции и кампањи, предавања и трибини, пропратени со печатен материјал за: правилна исхрана, здрави стилови на живот, превенција на хронични незаразни болести, бенефити од физичка активност, штетноста од пушењето и алкохолот,

б) одбележување на соодветни светски денови, недели (пример:Светски ден на срцето, Светски ден на дијабет, Ден на борба против пушење, Светски ден за сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи, 16 Дена за борба против насилството врз жената и друго) пропратени со печатен материјал,

в) Следење и координација на промотивно едукативните активности на 10-те ЦЈЗ.

Рок на извршување: **квартално**
Индикатор : Извештај за активности на ИЈЗ на РМ и збирен извештај за 10-ЦЈЗ за реализирани промотивно едукативни активности, доставени до МЗ

II. САНИТАРНО ХИГИЕНСКА ДЕЈНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА ЕКОЛОГИЈА

ИЈЗ на РМ како координатор на активностите во рамките на оваа превентивна здравствена дејност, должен е да го следи, мониторира, верифицира и квартално да го известува МЗ за динамиката на реализирањето на активностите и доставувањето на извештаи/анализи и информации од страна на 10-те ЦЈЗ како извршители .

1. Процена на здравствено-еколошкиот ризик и приоритетни јавно-здравствени проблеми поврзани со здравствената екологија

1.1 Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење и водоснабдувањето како и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето преку изработка на анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење, врз основа на извештаите од извршените увиди и анализи од страна на 10-те ЦЈЗ за остварените активности.

Индикатор за следење: Анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење, согласно програмските активности и извршените увиди и анализи спроведени со договор помеѓу центрите и организациите за јавно водоснабдување.
Рок на известување : $2^{ро}$ и $4^{то}$ тромесечие

1.2 Вирусолошка анализа на водата за пиење

Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе спроведе вирусолошка анализа на водата за пиење која е предвидена со Правилникот за безбедност на вода (Службен весник на РМ број 46/08) во дел В, табела: индикаторски дополнителни параметри, испитување на вируси: ентеро, полио, ехо, коксаки, рео, адено, хепатит А вирус и други (пример:. норовирус, ротавирус, хепатит Е вирус-ХЕВ).
Мониторинг на вирусите во водата за пиење ќе ги опфати 7-те града со број на жители над 40.000 и тоа во :

- Куманово, Битола, Прилеп, Тетово, Велес, Охрид и Штип, со по една (1) годишна анализа и
- Скопје со фреквенција еднаш (1) месечно

во период од мај до декември 2017 година (вкупно 8 анализи годишно), преставени со временска рамка и количина во табела број 1 .

Согласно програмските активности и извршените увиди и анализи спроведени со договор помеѓу ИЈЗ на РМ и Јавните комунални претпријатија кои се одговорни за јавно водоснабдување, ќе се изготви „Анализа на проценката на здравствениот ризик од потенцијално присуство на вируси во водата за пиење“ како составен дел од Годишниот извештај за остварените активности.

Табела број 1

Подактивности	Рокови/ временски период	Индикатори	Број
Мониторинг во 7 града со над 40000 жители	Еднаш годишно	Анализирани примероци	7
Мониторинг во Скопје	Еднаш месечно, мај-декември	Анализирани примероци	8
Проценка на здравствен ризик од присуство на вируси во вода за пиење	Два пати годишно, 2. и 4. тромесечие	Извештај	2

Индикатор за следење: Анализа/извештај на проценката на здравствениот ризик од потенцијално присуство на вируси во водата за пиење.
Извршител: ИЈЗ на РМ
Фреквенција на известување: 2 пати годишно, во 2 и 4 тромесечие

1.3 Процена на здравствено-еколошкиот ризик од квалитетот на површинските води од јавно-здравствен аспект

Врз основа на утврдениот статус и извршени лабораториски испитувања на површинските води, а особено водите за рекреативно капење од здравствен аспект извршени од страна на 10-те ЦЈЗ во РМ, ќе се изработат извештаи за санитарно-хигиенската состојба и квалитет на водите за капење на подрачјето на Републиката со мерки за асанација за заштита и/или намалување на здравствениот ризик со проценка на ризикот и истите ќе бидат составен дел од годишниот извештај.

Индикатор за следење: Доставени два извештаја до МЗ
Рок на известување: 2^ро и 4^то тромесечие

1.4 Санитарно-хигиенски увиди и стручна проценка на состојбата на Филтер станиците за кондиционирање на површински води кои се наменети за вода за пиење

Институтот за јавно здравје на Република Македонија ќе врши редовен увид во начинот на функционирање и одржување, а во функција на подобрување на состојбата на филтер станиците за кондиционирање на површински води кои се наменети за вода за пиење во: Берово, Битола, Велес, Виница, Куманово, Пехчево, Пробиштип, Струмица, Свети Николе и Охрид.
Предвидено е да се направат вкупно два (2)увиди во филтер станици во секој квартал, освен во третиот квартал (летната сезона) кога ќе се направат вкупно 4 увиди во филтер станици за кондиционирање на површински води кои се наменети за вода пиење.
Врз основа на извршените увиди ИЈЗ на РМ ќе подготви стручни проценки за начинот на функционирање и одржување на Филтер станиците за кондиционирање на површински води кои се наменети за вода пиење квартално, како и збирен извештај за состојбата како составен дел од Годишниот извештај за остварените активности.

Индикатор за следење: извештај
Рок на известување: квартално

1.5 Проценката на ризикот од хигиенскиот квалитет на воздухот врз здравјето кај предучилишна и училишна популација

Проценката на ризикот од хигиенскиот квалитет на воздухот врз здравјето на изложеното население се врши врз основа на добиените вредности од извршениот мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух релацијата со податоците за годишната стапка на морбидитетот од неспецифични респираторни заболувања J00 - J99, со исклучок на J10-J18, според МКБ -10 кај предучилишни (0-6 годишна возраст) и училишни деца (7-14 годишна возраст) во град и села.
Индикатор за следење: Оцена на морбидитетот на респираторните заболувања кај предучилишни (0-6 годишна возраст) и училишни деца (7-14 годишна возраст) во град и во село, како и на национално ниво по методологијата на СЗО.
Рок на известување: 30 ноември 2017

1.6 Лабораториска анализа на земени примероци со мобилна станица за мерење на аерозагадувањето со PM_{10} и $PM_{2,5}$ во урбани средини

Во случај на индикација за екстремно висок процент поради зголемена емисија на загадувачки материи, ИЈЗ на РМ ќе примени соодветно мерење со мобилна мониторинг станица, при што ќе се земаат примероци со мобилната мерна станица во текот на 10 дена и ќе ги тумачи врз основа на направените лабораториски анализи во овластената лабораторија на Државниот универзитет „Гоце Делчев Штип“ .
Цена на активноста е 50.000,00 денари .

Индикатор: Извештај од извршени анализи со коментар и мислење
Извршител : Универзитет „Гоце Делчев “ Штип - овластена лабораторија за воздух

2. Безбедност на храна од јавно здравствен аспект

2.1 Процена на здравствениот ризик од безбедноста на храната која ја консумира населението

Со цел превенција на болестите поврзани со небезбедна храна ќе бидат анализирани сите достапни податоци за безбедноста на храната која се увезува, произведува и става во промет во РМ, во една интегрирана анализа со приказ на трендови и препораки за надминување на констатираните состојби.
Индикатор за следење: Анализа и проценка на здравствениот ризик на безбедноста на храната и предметите кои се во допир со храната
Рок на известување: 5 декември 2017

2.2 Процена на здравствениот ризик од безбедноста на храната која ја консумираат вулнерабилните групи како што се предшколски и школски деца, болни лица и стари лица во домови.

Со цел превенција на болестите поврзани со небезбедна храна ќе бидат анализирани сите податоци за безбедноста на храната која се припрема и послужува во градинки, училишта, ученички домови, болници, старечки домови од аспект на микробиолошката безбедност и степенот на чистота во институциите во една интегрирана анализа со приказ на трендови и препораки за надминување на констатираните состојби.

Индикатор за следење: Анализа и проценка на здравствениот ризик на безбедноста на храната во образовни, здравствени институции и старечки домови.
Рок на известување: 2-ро и 4-то тромесечје

2.3 Проценка на присуството на хемиска контаминација на храна од пазар од домашно земјоделско производство во различни региони

Лабораториско тестирање на 100 примероци од зеленчук, овошје и нивни производи од пазарите на територијата на Република Македонија, за резидуи на пестициди. Примероците ќе бидат земени од оние региони (Скопје, Тетово, Охрид, Струмица, Кочани), каде што не постои можност да испитуваат Центрите за јавно здравје. Во истите региони ќе бидат земени и анализирани 100 примероци за резидуи на микотоксини, и тоа жита и нивни производи, кикирики и слични производи, суво овошје, зачини.

Проценка на здравствениот ризик од хемиска контаминација на зеленчукот со пестициди и микотоксини, анализирани во Институтот и Центрите за јавно здравје, со препораки за исхрана на населението на Република Македонија.

Индикатор за следење: Извештаји за извршените активности до МЗ
Рок на известување: 2-ро и 4-то тромесечие

3. Исхрана и исхранетост на популациони групи во РМ

3.1. Следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, основни училишта, ученички/студентски домови и домови за згрижување на стари лица

Врз основа на извршените анализи на 10-те ЦЈЗ за одредување на биолошката вредност на целодневни оброци во исхраната која се подготвува во предучилишните установи за престој на деца и за ученици кои имаат организирана целодневна исхрана во основни училишта и ученички/студентски домови, ИЈЗ на РМ ќе изготви целосен извештај на национално ниво за карактеристиките на исхрана во испитуваните популациони групи.

Индикатор: Извештај до МЗ на национално ниво
Рок на известување: 05.12.2017 година

3.2. Следење на нутритивниот статус кај предучилишни и училишни деца во функција на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања

ИЈЗ ќе изготви извештај за состојбите кај децата во однос на степените на зголемена телесна тежина, здебеленост и потхранетост, по региони и на национално ниво за Република Македонија, за популационите групи на деца на предучилишна возраст, ученици од второ одделение, ученици од петто одделение и ученици од прва година средно образование, проследен со проценка на здравствениот ризик.

Индикатор: Извештај на национално ниво до МЗ
Рок на известување: квартално

3.3. Следење на болничката исхрана

Врз основа доставените извештаи на испитаната нутритивна вредност на исхрана во стационарните установи во Република Македонија, ИЈЗ на РМ ќе изготви извештај за нутритивниот квалитет за исхраната во болниците во Република Македонија.

Индикатор: Извештај до МЗ за нутритивниот квалитет за исхраната во болниците во Република Македонија
Рок на известување: 5 декември 2017година

4. Проценка на просечниот дневен внес на макро и микронутриенси на населението во Република Македонија

Врз основа на податоците објавени во публикацијата на Државниот завод за статистика „Потрошувачка на домаќинствата во Република Македонија, 2016“, ИЈЗ на РМ ќе го процени просечниот дневен диететски внес на макро и микронутриенси на населението во Република Македонија.
Индикатор: Извештај до МЗ за просечниот дневен диететски внес на макро и микронутриенси на населението во Република Македонија.
Рок на известување: 5 декември 2017 година

5. Проценка на здравствениот ризик од бучавата во животната средина

Со цел превенција на болестите поврзани со изложеност на зголемено ниво на бучава ќе се изврши анализа на податоците за индикаторите $L_{ден}$ и $L_{ноќ}$, во урбаните средини Скопје, Куманово, Битола и Кичево, согласно стандардизирана методологија. Исто така ќе бидат одредени индикаторите за ефекти кај изложената популација, како што се вознемиреност и нарушување на спиењето.
Индикатор за следење: Анализа и проценка на здравствениот ризик од изложеност на бучава во животната средина со препораки за управување со ризикот.
Рок на известување: 5 декември 2017 година

6. Процена на здравствено-еколошкиот ризик од јонизирачко зрачење

Активностите ИЈЗ на РМ ќе ги реализира преку следење на параметрите од извршените мерења, согласно табеларниот преглед во табела 1, табела 2 и табела 3.

Табела 1. Следење на надворешно гама зрачење

		Амбиентален дозен еквивалент
Надворешно гама зрачење	Скопје	365
	Велес	365
	Неготино	365
	Гевгелија	365
	Струмица	365
	Берово	365
	Крива Паланка	365
	Дебар	365
	Кичево	365
	Крушево	365
	Охрид	365
	Битола	365
ВКУПНО		**4380**

Табела 2. Следење на јонизирачко зрачење на вода, воздух, почва

средини	локации	алфа и бета	Број на годишни анализи	
			гама	^{90}Sr
Воздух	Скопје	48	48	2
	Битола	48	48	2
	Гевгелија	48	48	2
Површинска вода	Р. Вардар	12	12	2
	р. Лепенец	12	12	2
	Охридско езеро	12	12	2
Седимент	Р. Вардар		2	2
	р. Лепенец		2	2
	Охридско езеро		2	2
Почва	Скопје		6	2
	Битола		6	2
	Злетово		6	2
Атмосферски талози	Скопје	365	12	2
	Охрид	12	12	2
	Гевгелија	12	12	2
Водоводи	Охрид	12	4	4
	Скопје	12	4	4
	Битола	12	4	4

Табела 3. Следење на јонизирачко зрачење на храна

Видови Храна	број на анализи	
	гама	^{90}Sr
Градинарски култури	15	15
Добиточна храна	15	15
Лозарски култури	2	2
Овоштарски култури	5	5
Леб, брашно, млеко	20	20
Месо	3	3
ВКУПНО	60	60

Во случај на нуклеарен акцидент мониторингот ќе биде проширен и тоа на подрачје на цела Република, согласно наменски изготвена оперативна Програма.

Индикатор за следење: Изготвена информација за наодите, проценетиот ризик и предлог мерки за санација
Рок на известување: квартално и годишна информација

7. Информација за проценка на експозицијата и идентификација на здравствениот ризик на експонирани работници

Ќе се подготви Информација за проценка на екпозицијата и специфичниот доза-одговор ефект кај 1300 лица професионално експонирани на јонизирачки зрачења, а врз основа на агрегирани податоци од извршени периодични прегледи за следење на здравствената состојба согласно законската регулатива за безбедност и здравје при работа, најмалку еднаш годишно со предлог за минимизирање на здравствениот ризик.

Индикатор за следење: Изготвени информации за наодите, проценетиот ризик и предлог мерки за санација
Рок на известување: 3 ^{то} тромесечие

8. Програма за мониторинг на концентрацијата на радонот во Република Македонија

Етаблирање на континуираниот мониторинг со цел:
- детално мапирање на територијата на Република Македонија во поглед на радонскиот потенцијал,
- определување на ризиците од изложеноста на радонот по географски и геолошки подрачја,
- определување на ризиците од изложеноста на радонот во училишта, градинки, здравствени центри и друго,
- креирање на екстензивна база на податоци која ќе биде корисна основа за ремедијација на радонот од постојни објекти како и градба на нови објекти,
- креирање на база на податоци како основа за корелација и епидемиолошки студии на канцерогени заболувања во Република Македонија.

8.1. Определување на концентрацијата на радонот во затворени простории како домови за живеење, детски градинки, училишта, центри за лекување и рехабилитација

Определувањето на просечната годишна ефективна доза од изложеност на Радонот ќе се врши со:
- поставување на 2000 пасивни детектори во зимски и летен период, согласно табела број 1,
- дополнителни мерења на дозата на јонизирачко зрачење и гамаспектрометрија на лице место.

За објектите каде ќе се измерат вредности над референтните, мерењата ќе бидат верифицирани со повторни мерења на истите локации.

Податоците, по претходна валидација ќе бидат внесени во база на податоци која дополнително ќе содржи информации и за гео-координатите на извршените мерења, вид на градежен материјал на објектот, тип на градба, година на градба, начин на греење, вентилација, катност, број на станари (за објекти за домување) и слично.
Од добиените податоци ќе се креира мапа на Република Македонија за изложеност на населението на радон во објекти за живеење и работа и истата континуирано ќе се ажурира.

Табела број 1. Локации и број на објекти предвидени за тестирање на ниво на радон

Општина	Број објекти за тестирање	Општина	Број објекти за тестирање	Општина	Број објекти за тестирање
Чешиново-Облешево	7	Чаир	43	Струга	46
Берово	16	Чучер Сандево	10	Вевчани	2
Делчево	17	Аеродром	59	Вранештица	2
Карбинци	4	Арачиново	5	Зајас	7
Кочани	35	Бутел	27	Чашка	10
Лозово	3	Центар	46	Демир Капија	4
Македонска Каменица	7	Гази Баба	56	Градско	4
Пехчево	7	Ѓорче Петров	34	Кавадарци	40
Пробиштип	18	Илинден	13	Неготино	18
Штип	45	Карпош	56	Росоман	4
Свети Николе	17	Кисела Вода	50	Велес	52
Виница	16	Петровец	9	Желино	13
Зрновци	3	Сарај	19	Центар Жупа	3
Кратово	12	Сопиште	8	Дебар	11
Крива Паланка	23	Студеничани	11	Дебарца	11
Куманово	83	Шуто Оризари	12	Другово	6
Липково	14	Зелениково	4	Кичево	25
Ранковце	6	Богданци	7	Македонски Брод	11
Старо Нагоричане	8	Босилово	10	Охрид	70
Битола	92	Гевгелија	22	Осломеј	8
Демир Хисар	11	Конче	3	Пласница	3
Долнени	11	Ново Село	10	Боговиње	18
Кривогаштани	5	Радовиш	24	Брвеница	9
Крушево	7	Стар Дојран	5	Гостивар	50
Могила	5	Струмица	45	Јегуновце	7
Новаци	3	Валандово	10	Маврово	12
Прилеп	73	Василево	8	Теарце	14
Ресен	20	Врапчиште		Тетово	

8.2. Определување на концентрацијата на радонот во почвата

Определувањето на концентрацијата на радонот во почвата ќе се врши со теренски мерења со активна метода.
Мерењата ќе бидат извршени на 360 приоритетни локации од геолошки аспект. Селекцијата ќе биде извршена во консултација со Геолошкиот институт на Република Македонија и користење на релевантните геолошки мапи.
Валидираните податоци ќе бидат континуирано внесувани во база на податоци и на мапа на Република Македонија.

8.3. Изработка на информативни материјали

Изработка на информативни материјали за општата популација:
- Запознај го радонот, се работи за твоето здравје;
- Намали го ризикот од радон;
- Уште една причина да престанете со пушењето;
- Изработка и одржување на WEB страница наменета за радонот и ризиците од радонот;
- Изработка на информативен материјал за здравствените работници, приоритет за матичните лекари.

Со цел реализирање на точката 8 од оваа програма - Програма за мониторинг на концентрацијата на радонот во Република Македонија, ИЈЗ на РМ ќе спроведе јавна набавка на 2000 радон детектори модел „RSKS (C39)“ со објава на тендер во јануари 2017 година.

Табела број 3 „Табеларен преглед на активности по цена и количина “

активност	количина	Единечна Цена (ден.)
Лабораториска подготовка,поставување и отчитување на пасивни радон детектори и дозиметрија на лице место	2000	250,00
Мерење на радон во почва	360	300,00
Информативно/едукативен материјал	10.000	10,00
Извештај	2	10.000,00

Индикатор: извештај за спроведени активности
Рок на известување под точка 8: квартално

8.4 Креирање и одржување на Национална радонска база на податоци

Податоците, по претходна валидација ќе бидат внесени во база на податоци која дополнително ќе содржи информации и за гео-координатите на извршените мерења, вид на градежен материјал на објектот, тип на градба, година на градба, начин на греење, вентилација, катност, број на станари (за објекти за домување) и сл.
Од добиените податоци ќе се креира мапа на Република Македонија за изложеност на населението на радон во објекти за живеење и работа и истата континуирано ќе се ажурира.

Извршител: Институт за јавно здравје на Република Македонија
во соработка со Геолошкиот институт на Република Македонија

9.Изработка на мислења и стручна проценка на елаборати од областа на животната средина

Институтот за јавно здравје на Република Македонија, на барање од Министерството за здравство, изработува мислења и стручна проценка на елаборати од областа на животната средина со разгледување на стручната документација.

Индикатор за следење: Подготвени и доставени стручни мислења до МЗ
Рок на известување: веднаш и квартално

10. Спроведување на активности за одговор на климатските промени топлотни бранови и ладно време

Програмските активности предвидени се согласно „Стратегијата за одговор и справување со климатски промени и усвоениот план за одговор при топлотни бранови и ладно време се дадени како преглед во табела 1.

Табела 1

Активност	Цена ден.	Количина
Изработка на Флаери за општа популација со препораки за превенција од штетни ефекти по здравјето од топлотни бранови на македонски и албански јазик во април месец	10,00/флаер	10.000
Изработка на Флаери за општа популација со препораки за превенција од штетни ефекти по здравјето од студено време на македонски и албански јазик во септември месец	10,00/флаер	10.000
Изработка на Флаери за матични лекари, работници со препораки за превенција од штетни ефекти по здравјето од студено време на македонски и албански јазик (1.500 примероци за матични лекари и 1.000 примероци за работници)	10,00/флаер	2.500
Оддржување и функционирање на инфо телефонската линија за 10 месеци (5 во лето и 5 во зима)	3.000,00ден. месечно	10 месеци
Оддржување и функционирање на веб страна и откупување на СМС пораки	1000,00ден. месечно	10 месеци

Индикатор : извештај за реализирани активности
Рок на известување : квартално
Извршител: ИЈЗ на РМ

11. Проценка на хумана експозиција на тешки метали кај населението во Република Македонија

Во рамките на Националната годишна програма за јавно здравје континуирано се следи контаминацијата на медиумите на животна средина (храна, вода, воздух) преку континуиран годишен мониторинг. Во досегашната практика кај нас се уште не е направен биолошки мониторинг за одредување на степенот на присуство на тешки метали во организмот на населението (хуман биомониторинг).

Концентрацијата на тешки метали во организмот на популација зависи од специфичните експозициони услови (место на живеење – географска дистрибуција, пол, возраст, етничка припадност, услови и стил на живот, професионална експозиција).

Утврдување на базичното ниво на изложеност на популацијата на Република Македонија кои живеат во близина на 5 од претходно дефинираните жешки точки на загадување (РЕК Битола, Злетово-акумулатори, ФЕНИ-Кавадарци, челичарница МАКСТИЛ, топилница за олово – Велес) ќе се направи преку одредување на концентрацијата на 4 тешки метали во крв – олово, жива, кадмиум и манган.

Со истражувањето ќе бидат опфатен репрезентативен примерок на населението во секоја од посочените локации и од едно условно неконтаминирано подрачје во РМ (вкупно 1000 жители).

Ова истражување ќе биде прво од ваков тип кај нас, и ќе има за цел да се отпочне со воспоставување на националните стандарди за изложеност на населението на хемиски штетни супстанци кои во организмот се внесуваат преку медиумите на животната и работната средина. Во испитувањето врз основа на одредување на концентрациите на тешките метали во крв на населението ќе се направи и проценка на ризикот во однос на група на лица кои живеат во условно неконтаминирано подрачје во Републиката.

Активноста ќе се реализира во висина од 300.000,00денари.

Извршители: ИЈЗ на РМ
Индикатор: Извештај за хуманата експозиција на тешки метали кај населението во Република Македонија
Рок за извршување: 31 октомври 2017 година

III. ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

ИЈЗ на РМ како координатор на активностите во рамките на оваа превентивна здравствена дејност, го следи, мониторира, верифицира и квартално да го известува МЗ за реализирањето на активностите и доставувањето на извештаи/анализи и информации од страна на 10-те ЦЈЗ .

1. Собирање, обработка и анализа на пријавите за заразни заболувања

Секојдневно прибирање, обработување и анализа на пријавите за заразни заболувања и епидемиолошките анкети, пријавите за изолиран или на друг начин докажан причинител на заразна болест, добиени од ЦЈЗ, врз основ на што ќе бидат подготвувани и доставувани следниве извештаи со епидемиолошки коментар и предлог мерки:

1.1 Годишен извештај за движењето на акутните заразни заболувања во 2016 година;
1.2 Годишен извештај за реализирана имунизација во 2016 година;
1.3 Годишен извештај за движењето на синдромско следење на заболувањата (АЛЕРТ) во 2016 година;
1.4 Годишен извештај за реализација на епидемиолошки активности согласно Националната програма за јавно здравје за 2016 година како составен дел од единствениот извештај на ИЈЗ на РМ;
1.5 Годишен извештај за 2016 за состојбата и контролата на интрахоспиталните инфекции со предлог мерки , во Јавно здравствените и Приватните болници во Република Македонија, според податоците добиени од страна на тимовите за контрола на ИХИ (внатрешна контрола), 10-те ЦЈЗ и Државниот санитарен и здравствен инспекторат при Министерството за здравство на Република Македонија (надворешна контрола);

Индикатор: доставени извештаи
Рок на известување; 15 февруари 2017година

1.6 Годишен извештај за состојбата и заболените од маларија за 2016 кој се доставува до канцеларијата на Светска здравствена организација
Индикатор: доставен извештај до МЗ
Рок на известување; 31.01.2017 година

1.7 седмодневни извештаи (48 табеларни) за движењето на заразните заболувања по ЦЈЗ и подрачни единици;
1.8 месечни билтени (12)со епидемиолошки коментар;

1.9 неделни збирни извештаи за движење на грип од 40-20 недела врз основа на обработени индивидуални пријави;
1.10 Следење на оперативното функционирање на АЛЕРТ системот во целата земја како и визуелизација на сите изготвени документи и извештаи преку интернет страната **www.alert.mk**, со цел за брз одговор при појава на епидемија, кој функционира на територијата на целата држава:

- прибирање на збирни неделни извештаи од ЦЈЗ/ПЕ, статистичка обработка и анализа на доставените податоци, за што ќе изготви неделен АЛЕРТ извештај за републиката;
- Изработка на месечни, тримесечни, шестмесечни и годишен извештај за АЛЕРТ системот врз база на прибраните податоци и информации,кои ќе ги доставува како повратни информации до Државниот санитарен и здравствен инспекторат, надлежните институции, по барање на други релевантни институции и до ЦЈЗ/ПЕ.

Индикатор: доставени извештаи
Рок на известување: неделно, месечно, квартално

2. Спречување на појава на вакцино превентабилни заболувања преку координација и континуирано следење на сите мерки и активности на регионално и локално ниво, како и предлагање и превземање на други мерки и активности за:

2.1 **Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на детска парализа согласно акциониот план за АФП**

- Прибирање и обработка на "Неделните извештаи за активен надзор на АФП";
- Изготвување на збирен неделен извештај на посебен Формулар и доставување до МЗ;
- седмодневни извештаи се доставуваат по електронски пат и до Канцеларијата на СЗО за Европа во Копенхаген, со сите податоци за пријавените АФП случаи во Републиката;.
- По добивање на итна пријава за АФП случај,Веднаш ќе биде направен теренски епидемиолошки увид и анкета од страна на епидемиолошката служба, со проверка на вакциналниот статус на пријавеното лице и неговите блиски контакти;

  Во соработка со ЦЈЗ ќе биде направена контрола на опфатот со вакцинацијата против детска парализа на подрачјето каде е регистрирано заболувањето;

- Ќе се обезбеди материјал за вирусолошко испитување од заболениот и неговите контакти во соработка со ЦЈЗ, кој подготвен согласно меѓународните правила за транспорт на инфективен материјал ќе биде испратен во референтната ентеровирусна лабораторијата на СЗО во Софија, Бугарија;

- Во случај на установување на т.н. "жежок случај" на АФП, ИЈЗ итно ќе го извести МЗ и СЗО – Копенхаген, ќе направи теренски епидемиолошки увид и истовремено ќе предложи дополнителни мерки во смисла на дополнителна или вонредна имунизација, како и други мерки и активности, соодветни на ситуацијата;

  - Изготвување на тримесечни извештаи за АФП случаи и преземени мерки во врска со нивна пријава и доставување до МЗ;
  - Подготвувањето на Годишен Извештај за спроведувањето на надзорот над АФП/полиомиелит во земјата до 15.02.2016година;
  - Ажурирање на Планот за акција за одржување на статусот "ослободен од полио" на Република Македонија до 15.02.2016година.

Извршители: ИЈЗ на РМ во соработка со ЦЈЗ.
Индикатор*:* извештај со сите релевантни наведени индикатори за следење и преземени мерки на теренот.
Рок на известување*:* Веднаш и квартално

2.2 **Имплементација на предвидените активности за елиминација на автохтоните морбили и конгенитална рубеола во Република Македонија**
Изготвување на нов „План за елиминација на мали сипаници и рубеола во Европскиот Регион 2015-2020" и ажурирање постоечката Програма за елиминација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција во Република Македонија 2010-2015, адекватно на актуелната ситуација во земјата и во Европа и светот и новите предизвици на полето на елиминација на морбилите, согласно препораките на Светската здравствена организација.
Континуирано ќе се имплементираат мерките и активностите за елиминација на мали сипаници и рубеола, согласно измените и дополнувањата на регионално и локално ниво, предлагање и превземање на мерки и активности со цел спречување и сузбивање на епидемиското јавување и елиминација на автохтоните мали сипаници и рубеола на територијата на Република Македонија, при што ќе се извршат 10 теренски увиди, и ќе изготви извештаи за најдената состојба со предлог мерки, преку:

- координација и континуирано следење на сите активности на регионално и локално ниво, предлагање и превземање на мерки и активности со цел спречување и сузбивање на епидемиското јавување и елиминација на автохтоните мали сипаници и рубеола на територијата на Република Македонија при што ќе изврши 10 теренски увиди во ЦЈЗ, и ќе изготви извештаи за најдената состојба со предлог мерки,
- континуирано информирање за трендовите на движењето на мали сипаниците кај нас и во светот,
- изработка на месечни извештаи за бројот на заболени од мали сипаници, вакцинален статус, лабораториска потврда и исход на заболувањето, кои се доставуваат до Министерство за здравство, СЗО Канцеларија Скопје и СЗО Регионална канцеларија за Европа–Копенхаген. Истите активности се спроведуваат и за пријавените случаи на рубеола,
- задолжителна лабораториска дијагноза на сите поединечни случаи на заболени од мали сипаници а кои се вакцинирани со МРП вакцина или со вакцина која содржи компонента мали сипаници (М),без разлика на епидемиолошката врска,
- Кај 100 пациенти суспектни на конгенитална рубеола ќе бидат направени 200 анализи за рубеола.
- При сомневање за појава на епидемија на морбили, заболувањето ќе се потврди со лабораториска дијагноза најмалку кај првите 10 случаи од зафатеното подрачје.
- потврдување/отфрлање на дијагнозата врз основа на анализата на доставените материјали во вирусолошката лабораторија при ИЈЗ на РМ за вирусолошко/серолошко испитување од заболениот и контактите,
- Референтната лабораторија при ИЈЗ на РМ врши собирање на бројот на извршени испитувања во другите микробиолошки лаборатории, дијагнозата и добиените резултати еднаш месечно (до 20 наредниот месец) и врши обработка на испитувања за морбили и рубеола. Прибраните и обработени податоци се доставуваат до СЗО – преку CISID дата базата, еднаш месечно.

Индикатор: извештаи, информации
Фреквенција на известување*:* Веднаш и квартално

2.3 **Активности со цел спречување на појава на неонатален тетанус** преку теренска стручно-методолошка помош за спроведување на активностите за остварување на перманентен увид во однос на опфатот со Те-Ал вакцина кај женската популација во генеративниот период во средините со висок ризик со опфат под препорачаното ниво и ќе се препорача дополнителна вакцинација со Те-Ал вакцина кај женската популација со непознат и/или непотполн вакцинален статус, женската популација на 18 годишна возраст, перманентен надзор и во зоните на низок ризик (гинеколошко - акушерските одделенија), при што ќе се контролира вакцинаниот статус на бремените жени и родилките.

Индикатор*:* Информации за најдената состојба и предлог мерки до МЗ
Рок на известување: квартално

2.4 Проучување на патиштата на ширење и сузбивање на вакцино-превентабилни заболувања, зоонози, вектор-преносливи заболувања и природноогнишни инфекции преку епидемиолошки увиди (10) и препорачување на превентивни мерки, при што ќе се зема материјал за микробиолошка потврда (100) на заболувањето во микробиолошките лаборатории на ИЈЗ (по епидемиолошки индикации).

2.5 При појава на ретки болести, болести кои повторно се појавуваат, или непознати/нерегистрирани досега болести во Република Македонија, ќе се прават теренски увиди (3) и за најдената состојба ќе се изготвуваат информации.

3 **Следење, контрола и релизација на плановите за спроведувањето на континуирана имунизација** и изработка на извештаи за вакцинаниот опфат на ниво на Републикат.
Индикатор : Иизвештај за реализиран опфат
Рок на известување: 2 ^{po} и 4 ^{то} тромесечие

4 Подготвува и доставува стандарди и методолошки упатства, односно Програми за контрола, елиминација и ерадикација на определени заразни заболувања, а во согласност со препораките, стандардите и методолошките упатства на СЗО, ЕЦДЦ и др. референтни институции.

5 Информирање за трендовите на движење на заразните заболувања против кои се врши задолжителна имунизација кај нас, во соседните земји, Европа и во светот.

Индикатор: доставени информации, упатства, препораки и стандарди
Рок на известување: квартално

6 Спроведување на мерки за спречување на внесување и сузбивање на маларија, тропски, карантински и паразитарни заболувања во Република Македонија.

6.1 Редовно следење на движењето на маларија,тропски, карантински и паразитарни заболувања во светот а посебно во земјите со кои нашата земја одржува тесни економски, културни и други врски и следење на препораките на СЗО, дадени во документот „Меѓународни Патувања и Здравје“ и информирање за тековната состојба во светски рамки.

6.1.1 По добивање на пријава и епидемиолошка анкета за заболување од маларија/информација за актуелната состојба, се зема материјал за конечна лабораториска дијагноза и се врши проценка на состојбата. За најдената состојба и превземените мерки ќе се извести МЗ и ДСЗИ.

6.2 Пружање на стручно-методолошка помош на здравствени работници и институции кои се вклучени во следење, дијагностика и терапија на карантински заболувања.

6.3 По епидемиолошки индикации ќе се врши епидемиолошко испитување на контактите и суспектните лица на колера (епидемиолошки и лабораториски извидување на евентуално загрозените подрачја на Републиката, испитувања на дијареални заболувања, водата за пиење, како и отпадни води, за што од теренот ќе бидат земани примероци за лабораториско испитување.

6.4 Координација на активности согласно Оперативниот план за справување со вирусот на западен нил (West Nile virus)и лабораториска потврда на 10 материјали од суспектни пациенти согласно насоките усвоени на комисијата за заразни болести.

Индикатор: доставен извештај за извршени епидемиолошки увиди, изготвени упатства/ препораки/ стандарди, број на тестирани примероци
Рок на известување: квартално

7. Следење на грипот и други вирусни респираторни заболувања и лабораториско докажување.

7.1 Континуирано ја следи состојбата во светски, европски рамки и регионално. За актуелната состојба во врска со грипот во Републиката и пошироко и редовно ќе ги известува МЗ и ДСЗИ и Центрите за јавно здравје,

7.2 Врши лабораториски испитувања за докажување на причинители на вирусни респираторни заболувања на 200 земени материјали во текот на сезоната на грип од пациенти суспектни на грип.

7.3 При евентуална појава на пандемија од нов тип на инфлуенца, ќе бидат земени материјали од првите 200 случаи за вирусолошка верификација и субтипизација на вирусот. Анализите ќе бидат извршени во референтната вирусолошка лабораторија при ИЈЗ.

7.4 Во текот на целата година ќе се следат респираторните вируси (Influenza A и B, Adenovirus (Ad), human respiratoren syncytial virus (RSV A, RSV B), human metapneumoivirus (MPV), parainfluenza virus 1 (PIV 1, PIV 2, PIV 3,), rhinovirus A/B, coronavirus 229E/NL63, coronavirus OC43) за која цел ќе се тестираат 300 примероци од пациенти со симптоми слични на грип (ILI – influenza like).

Индикатор: Извештај со број на епидемиолошки увиди, лабораториски анализи како и изготвени информации
Рок на известување: квартално

8. Спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции

8.1 Пружање стручно-методолошка помош, епидемиолошки увиди и насоки за начинот за реализацијата и спроведување на мерките и активностите за спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции, земање по потреба на материјали за микробиолошки анализи со цел контрола на превземените активности од страна на ЦЈЗ на локално ниво. Подготовка на квартален извештај за текот на спроведување на активностите .

Индикатор: квартални извештаи
Рок на известување : квартално

9. **Мониторинг на болничките инфекции како индикатор за квалитетот на здравствената заштита во Република Македонија**

Истражувањето ќе биде спроведено на три оддели за интензивна нега во рамките на Клинички Центар “Мајка Тереза“ - Скопје. Одделите ќе бидат селектирани по пат на случаен избор согласно времето на спроведување на истражувањето. Студијата ќе биде имплементирана во две фази и тоа:

- ретроспективна фаза што ќе опфаќа анализа на постоечката документација за регистрирани болнички инфекции асоцирани со здравствената заштита,
- аналитичка студија на пресек (cross sectional study) која ќе биде спроведена согласно стандардите на ECDC за моментална преваленца (point prevalence). Во период од десет дена, ќе бидат опфатени сите затечени пациенти како и новохоспитализираните до 12.00 часот на првиот ден од почетокот на истражувањето.

Како извор на податоци за студијата ќе биде користена постоечката документација за следење на болнички инфекции на одделите кои ќе бидат предмет на истражувањето, како и стандардизиран прашалник на ECDC за таа цел - применуван во сите земји членки на ЕУ, а препорачан за пилотирање во сите земји кандидати и аспиранти за членство во ЕУ.

Болничките инфекции поврзани со здравствената заштита (Health care associated infection) се оние кои пациентот ги добива во текот на дијагностичките и/или терапевските интервенции. Центарот за контрола на болести во Атланта - CDC и Американската Национална мрежа за безбедност во здравствената заштита – NHSN, во 2008 година предлагаат нова дефиниција за болничките инфекции – инфекции поврзани со здравствената заштита.

Активна болничка инфекција се дефинира:

1. Ако се присутни знаци и симптоми на денот на истражувањето или ако знаците и симптомите постоеле и претходно а пациентот сеуште прима терапија на денот на истражувањето (присуството на знаците и симптомите треба да биде верифицирано пред почетокот на терапијата).

2. Ако почетокот на симптомите е најрано третиот ден од хоспитализацијата или покасно (ден на прием = 1 ден), или доколку болниот е повторно хоспитализиран со знаци на инфекција два дена по отпуштање од болница.

3. Болниот е примен во болница со инфекција или развил симптоми на инфекција во првите три дена од приемот, согласно дефиницијата за инфекција на хируршко место.

4. Болниот е примен во болница или развил симптоми на инфекција со Clostridium difficile во првите три дена од приемот, а во претходните 28 дена не бил хоспитализиран.

Мониторингот на болничките инфекции ќе се спроведе преку реализирање на следните поставени задачи:

1. Следење на инциденцата на интрахоспиталните инфекции во ТОАРИЛ континуирано во текот на цела година.

2. Следење на инциденцата на постоперативните интрахоспитални инфекции на на три оддели за интензивна нега, како и најчестите причини за нивно настанување - пилот студија.

3. Спроведување на 10 акредитираниі едукации на медицинските сестри, техничари и лекари за спречување и сузбивање на болничките инфекции, со стекнување компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.

4. Информирање и едуцирање на хоспитализираните болни за појавата и начините за спречување и самоспречување на болничките инфекции (изработка на 1000 брошури за пациенти).

5. Воведување на специфична компјутерска бази на податоци за интрахоспиталните инфекции која ќе го поврзува ТОАРИЛ со Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика на Медицински факултет,Скопје (ексел статистика, СПСС).
Преглед на реализација на активности е прикажан во табела бр.1

Планирана задача	Активности	Локација	Организации за имплементација	Индикатор	Единечна цена
Задача I	Следење на инциденцата на интрахоспиталните инфекции во ТОАРИЛ континуирано во текот на цела година.	ТОАРИЛ (Ургентен центар, Интензивна нега, Ортопедија и Трауматологија)	Институтот за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет, УКИМ, Скопје; Министерство за здравство на Р.Македонија	Извештај за спроведено истражување, направена статистичка анализа и утврдување на инциденцата и дистрибуцијата на болничките инфекции поврзани со здравствената заштита во ТОАРИЛ	80.000,00
Задача II	Следење на инциденцата на постоперативните интрахоспитални инфекции на една од хируршките клиники, како и најчестите причини за нивно настанување - пилот студија.	ТОАРИЛ (Ургентен центар, Интензивна нега, Ортопедија и Трауматологија)	Институтот за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет, УКИМ, Скопје; Министерство за здравство на Р.Македонија	Извештај за спроведено истражување, направена статистичка анализа и утврдување на инциденцата на постоперативните инфекции на една од хируршките клиники	80.000,00

Задача III	Спроведување на специфична едукација на медицинските сестри, техничари и лекари за спречување и сузбивање на болничките инфекции, со стекнување компетенции хармонизирани на ниво на ЕУ.	ТОАРИЛ (Ургентен центар, Интензивна нега, Ортопедија и Трауматологија)	Институтот за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет, УКИМ, Скопје; Министерство за здравство на Р.Македонија	Организирање и спроведување на две специфични едукации во првиот и третиот квартал на здравственот персонал на ТОАРИЛ за инфекциите поврзани со здравствената заштита како и потребата од редовно вакцинирање на персоналот.	20.000,00
Задача IV	Информирање и едуцирање на хоспитализираните болни за појавата и начините за спречување и самоспречување на болничките инфекции (изработка на брошура за пациенти).	ТОАРИЛ (Ургентен центар, Интензивна нега, Ортопедија и Трауматологија)	Институтот за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет, УКИМ, Скопје; Министерство за здравство на Р.Македонија	Информирање и едуцирање на пациентите преку изработка и дистрибуција на 2000 брошури посебно наменета за оваа цел.	2000x10,00 ден.
Задача V	Воведување на специфична компјутерска база на податоци за ИХИ на ТОАРИЛ.	ТОАРИЛ (Ургентен центар, Интензивна нега, Ортопедија и Трауматологија)	Институтот за епидемиологија и биостатистика, Медицински Факултет, УКИМ, Скопје; Министерство за здравство на Р.Македонија	Изготвување и имплементирање на специфична компјутерска база за ИХИ на ТОАРИЛ.	**80.000,00**

Рок на известување: второ и трето тромесечие Извршител :
Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика на Медицински факултет, Скопје Индикатор:
Доставени извештаи до МЗ

IV. Безбедност и здравје на работа и превентивна здравствена заштита на работниците и земјоделците

1. Оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Македонија со посебен осврт на можните оштетувања на здравјето од употребата на пестицидите

Спроведувањето на оваа програмска активност вклучува изведување **на 300 превентивни медицински прегледи кај земјоделците и руралното население** во неколку места од РМ по случаен избор, со употреба на мобилната клиника која има функција на мобилен дијагностички центар со што се обезбедува достапност на услугите од медицината на трудот и до најоддалечените места. Прегледите ќе се состојат од: преглед од специјалист по медицина на трудот, спирометриско иследување на белодробната функција, ЕКГ наод во мирување, основен лабораториски преглед на крвта и урината, психолошки тестирања и токсиколошки анализи со одредување на серумската холинестераза и концентрација на јаглерод моноксид и карбоксихемоглобин во крв, како и дополнителни испитувања по индикации, кај одреден број на испитаници во ИМТ на РМ (специфични токсиколошки анализи, дополнителни пулмоалерголошки иследувања, офталмолошки, оториноларинголошки, невропсихијатриски преглед и брошура "Ти си земјоделец чувај го своето здравје" - на македонски и на албански јазик).

Вид на активност	**количина**	**Цена (ден.)**	**Вкупно**
Превентивни прегледи	300	400,00	120.000,00
Промотивен материјал	3000 флаери (2500 македонски јазик и 500 албански јазик)	10,00	30.000,00

Рок на извршување: октомври 2017 година
Извршител: ИМТ на РМ Индикатор:
Доставен извештај до МЗ

2. Усвојување и промоција на Националната програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест во Република Македонија

Националната програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест е изработена во 2016 год. Како драфт верзија од страна на експертскиот тим на Институтот за медицина на трудот на Република Македонија, во рамките на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2016 година. Според актуелните препораки елиминирањето на болестите предизвикани од азбест претставува приоритет за заштита на здравјето на работниците, јавното здравје и животната средина, па усвојувањето на Националната програма треба да се темели на одлука на Владата со која ќе се обезбеди нејзината имплементација, согласно обврската која произлегува од Пармска Министерска конференција за здравје и животна средина од 2010 година.
Промоцијата на Националната програма ќе овозможи зголемување на свесноста за проблемот на азбестот во работната и животната средина преку соодветно информирање на клучните партнери од оваа област и пошироката јавност.

Вид на активност	количина	Цена (ден.)	Вкупно
Медиумска кампања печатење на флаери	3000	10,00	30.000,00
Едукативни семинари за здравствени работници	2	15.000	30.000,00
Интерсекторски работилници	2	15000	30.000,00
Тркалезна маса	1	15.000	10.000,00

Соодветно реализираната промоција на Програмата ќе претставува солидна основа за развој на интерсекторски пристап кон проблемот. Мерките за зголемување на свесноста треба да вклучат мултисекторски пристап преку ангажирање на индивидуи од различни таргет групи (експерти во областа, работодавачи, работници, НВО, истражувачи, новинари, креатори на политиките, инспекциски органи и др.).

Во таа насока се планира организација на медиумска кампања, преку организирање на 2 едукативни семинари, 2 интерсекторски работилници и одржување на тркелезна маса како и изработка и дисеминација на флаери, брошури и водичи во кои ќе бидат вклучени начините на експозиција на азбестот и мерките кои треба да се преземат за елиминација на болестите предизвикани од азбестот, наменети за различни целни групи.

Изработка на Национален план за акција за елиминирање на болестите предизвикани од азбест во Република Македонија кој претставува оперативен план со кој се овозможува остварување на целите на Националната програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест.

Акциониот план ќе се изготви како одржлив со дефинирана временска рамка ,со индикатори за следење и ќе спроведе со методата чекор по чекор врз основа на податоците од Националниот профил за азбест и специфичната состојба во Република Македонија.

Индикатор: Извештај за спроведени активности по кварталиИМТ на РМ
Извршител : ИМТ на РМ
Рок на извршување : прво тромесечие – едукативни семинари
Второ тромесечие – интерсекторска работилница, печатење на пропаганден материјал и изработка на акционен план
Трето тромесечие - тркалезна маса

ИЗВЕСТУВАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

ИЈЗ на РМ е задолжен да го следи, насочува и координира изведувањето/учинокот во обем согласно програмата на 10-те ЦЈЗ , преку непосредни теренски увиди кај секој извршител квартално.

ИЈЗ на РМ ја следи и динамиката на реализација на планираното, реализацијата на активностите од страна на 10-те ЦЈЗ од стручно методолошки аспект, како и следење на показателите за успешноста (учинокот).

Верификацијата на технички документи подразбира проверка на квалитетот во однос на општи стандарди за квалитет и/или претходно дефинирани стандарди и се спроведува секој квартал со потпис и печат од страна на верификаторите од ИЈЗ на РМ на извештајот .

ИЈЗ на РМ врши верификација на образец/извештаите за реализирани програмски активности на квартално ниво што ги подготвуваат Центрите за јавно здравје пред доставувањето на истите до Министерството за здравство за исплата. Извештаите ќе се доставуваат во печатена форма на унифицирани/стандардни обрасци со дефинирана форма и содржина на финансискиот и изведбениот дел на извештајот.

ИЈЗ на РМ за спроведениот мониторинг за констатитараната состојба и доставува детален извештај до МЗ на квартално ниво со копии од завршените извештајни обрасци за секој ЦЈЗ по дејности.

Показателите за успешност ќе се дефинираат во 2 групи:

- Показатели за следење на напредокот кои се директно поврзани со активностите и овозможуваат мерење дали предложената активност се изведува според планираното следејќи ги стручно методолошките упатства;
- Показатели на ниво на исходи кои одразуваат резултати што одговараат на намената на програмата или некои нејзини компоненти.

Мониторингот над реализацијата на програмските активности кои ги спроведуваат ИЈЗ на РМ, ИМТ, Институтот за Епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика на Медицински факултет, Скопје и ЈЗУЗавод за физикална медицина и рехабилитација Скопје, ги врши Министерството за здравство преку директен увид во работата и преку континуиран мониторинг за следење на програмата .

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Активностите од Програмата ќе се реализираат врз основ на табеларно прикажаните цени на активностите во табела број 1 за ЦЈЗ и врз основ на табеларно прикажаните цени за активностите во табела број 2 за ИЈЗ на РМ.

Од ставката вонредни состојби ќе се финансираат превентивни активности при појава на јавно здравствена вонредна околности пред и во тек на евентуална епидемија или вонредни состојби согласно заклучок на комисијата за заразни болест, како и превентивни активности и против епидемиските мерки кои ги спроведуваат Центрите за јавно здравје во регионите со прогласена кризна состојба, за справување со зголемен прилив на мигранти во Република Македонија согласно заклучоците на Главниот штаб на Центарот за управување со кризи за спречување на појава на заразни заболувања и епидемии.

Табела број 1

АКТИВНОСТ	Програмски Ценовник по ЦЈЗ				
	Тетово, Велес	Струмица, Штип, Кочани	Куманово, Битола	Скопје	Прилеп, Охрид
1.Годишен извештај за реализација на програмата за 2015 година (еднократно)	100000,00	100000,00	100000,00	100000,00	100000,00
2.Епидемиолошки теренски увиди /анкети	70000,00	40000,00	60000,00	125000,00	50000,00
3.Обработка, анализа и подготовка на извештаи (пријави за заразни, ИХИ, АФП, грип и др.)	70000,00	50000,00	65000,00	100000,00	55000,00
4.Следење на спроведувањето на имунизацијата	50000,00	30000,00	40000,00	100000,00	35000,00
5.Следење на вакцино превентабилни и заразни болести	60000,00	35000,00	50000,00	100000,00	40000,00
6.Дезинфекција по епидемиолошки индикации за $м^2$	5,00	5,00	5,00	5,00	5,00
7.Дератизација по епидемиолошки индикации по мамец	50,00	50,00	50,00	50,00	50,00
8.Дезинсекција ларвицидна по индикации $м^2$	25,00	25,00	25,00	25,00	5000,00
9.Дезинсекција адултна по индикации по хектар	40,00	40,00	40,00	40,00	40,00
10.Микробиолошки анализи по епидемиолошки индикации (единечна цена по анализа)	500,00	500,00	500,00	500,00	500,00
11.Санитарно хигиенски теренски увиди	55000,00	40000,00	45000,00	65000,00	45000,00
12.Физичко/хемиска и бактериолошка анализа на мостри храна	35000,00	30000,00	25000,00	40000,00	20000,00
13.Физичко/хемиска и бактериолошка анализа на мостри вода	200000,00	90000,00	150000,00	120000,00	150000,00
14.Анализа на пестициди во храна	20000,00	0.00	20000,00	0,00	0,00
15.Анализа на микотоксини во производи	15000,00	0.00	15000,00	45000,00	0,00
16.Анализа на мостри брисеви од површини	150000,00	40000,00	90000,00	200000,00	60000,00
17.Антропометрија	65000,00	25000,00	45000,00	60000,00	60000,00
18.Аероседимент	35000,00	20000,00	20000,00	75000,00	20000,00
19.Вкупен аероседимент со тешки метали	55000,00	0.00	20000,00	35000,00	0,00
20. Следење на чад,SO2	5000,00	0,00	0,00	5000,00	0,00
21.Следење на CO	0,00	0,00	0,00	25000,00	0,00
22.Анализа на биолошка вредност на храна	16000,00	10000,00	15000,00	30000,00	18000,00

23.ПрисуствонаPb,Cd и Zn во цврсти честички во висок волуменски честички од воздух	35000,00	0,00	20000,00	15000,00	0,00
24.Анализа на нутритивен квалитет на болничка храна	15000,00	5000,00	9000,00	18000,00	5000,00
25.Анализа на бучава	0,00	0,00	15000,00	30000,00	15000,00
26.Внес и статистичка обработка на податоци и одржување на веб страната	70000,00	50000,00	60000,00	140000,00	55000,00
27.Обработка на пријави за хронични незаразни болести ЦЈЗ	60000,00	35000,00	50000,00	100000,00	45000,00
28.Квартална изработка на Информации, анализи од социјална медицина	80000,00	55000,00	70000,00	140,000.00	60,000.00
29.Споведување на здравствена едукација за целни групи на подрачјето што го покрива, трибини ,брошури, светски денови	60000,00	40000,00	50000,00	100000,00	55000,00
30.Советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје и одвикнување од пушење	45000,00	45000,00	45000,00	100000,00	45000,00
31.Епидемиолошки/санитарно хигиенски увид при вонредни состојби (единечна цена)	1500,00	1500,00	1500,00	1500,00	1500,00

Цените се прикажани како единечна квартална цена, освен под под точките 1,6,7,8,9,10 и 31.

Табела број 2

активност	цена 2016	вид
Годишен извештај за реализација на Национална програма за јавноздравје во РМ за 2015 година за територијата на 10-те ЦЈЗ и ИЈЗ во сите области	500.000,00	еднократно
Годишен извештај за 2015 за движење на заразни,АФП, опфат со имунизација, АЛЕРТ, ИХИ	50.000,00	извештај
Прибирање,обработка и анализа на пријавите ,анкети и друго од областа на епидемиологијата, добиени од ЦЈЗ	100.000,00	квартално
Месечни епидемиолошки извештаи/ билтени (заразни, алерт, АФП)	90.000,00	месечна
квартални епидемиолошки извештаи (алерт,заразни,АФП)	30.000,00	извештај
Седмодневни извештаи / табеларни за движењето на заразните заболувања по ЦЈЗ и подрачниединици	20.000,00	неделно
Седмодневни извештаи за движење на грип од 40-20 недела	20.000,00	неделен

Теренски епидемиолошки увид за превземање мерки во ЦЈЗ поепидемиолошкииндикации и ургентни состојби	30.000,00	увид
теренскиувидизаелиминацијанаавтохтонитеморбили и конгениталнарубеола	30.000,00	увид
Следење на релизација на оперативните планови за елиминација на морбили/рубеола и полиомиелит преку теренски увиди во 10-те ЦЈЗ	30.000,00	квартално
Следење на релизација на плановите за спроведувањето наконтинуирана имунизација преку теренски увиди во 10-теЦЈЗ	30.000,00	квартално
Следење на маларија,тропски и карантински ургентни состојби и институции кои се вклучени во следење, дијагностика и терапија на карантинскизаболувања,	30.000,00	квартално
Информирање за трендовите на движење на заразните заболувања, доставување на стандарди и упатства	25.000,00	квартално
Следење на имплементација на активности согласно Оперативниот план за справување со вирусот наз ападен нил (West Nile virus)	25.000,00	квартално
Следење на грипот и други вирусни респираторни заболувања и лабораториско докажување	25.000,00	квартално
Следење на системот за синдромско пријавување АЛЕРТ	50.000,00	квартално
Следење на активностите за спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции преку теренскиувидиво ЦЈЗ и земање на материјали за микробиолошки анализи по потреба	30.000,00	квартално
Лабораторискапотврдана West Nile virus(10)	1.100,00	анализа
Лабораторискапотврданареспираторнивирусни(200)	1.480,00	анализа
Лабораториска .потврданаморбили,рубеола(100+200)	1.100,00	анализа
Лабораториска .потврданагрип (Real PCR)(200)	4.600,00	анализа
Вирусолошка анализа на вода (15)	4.500,00	анализа
Извештај со проценка за вирусолошка анализа на вода (2)	20.000,00	анализа
Филтер станици увиди со извештај	30.000,00	квартално
Квартален мониторинг,координација и верификација на програмските активности над ЦЈЗ со извештај од областана епидемиологијата	100.000,00	квартално
Стручно методолошка помош одобласта на епидемиологијата	50.000,00	квартално
Внес и компјутерско-статистичка обработка на податоци од интерес согласно закон за евиденции воздравство	100.000,00	квартално
Стручнометодолошкапомошодобластанастатистика	50.000,00	квартално
Збирни извештаи за кадар и извршена работа за 2015 година и 2016 година од областана статистика (2)	25.000,00	извештај
Изработка н а публикации од областа на статистиката (7)	25.000,00	публикација

ИзработканаРегистринапациентиболниодрак , дијабетза РМ за 2015 (6)	30.000,00	регистер
Анализиза: амбулантно поликлинички морбидитет , искористеноста на болничките капацитети и болничкиот морбидитет и морталитет во РМ за 2015	30.000,00	анализа
ИзвештајзаздравјетонанаселениетовоРепублика Македонија во 2015 г.	30.000,00	извештај
Извештаи од делот на социјалнамедицина и промоција (советувалиште репрод.пушење)	50.000,00	квартално
Извештајзареализиранипромотивниактивностиво 10-те ЦЈЗ	25.000,00	квартално
Стручно методолошка помош од областа на социјална медицина со промоција	50.000,00	квартално
Квартален мониторинг, координација и верификација на програмските активности над ЦЈЗ со извештај од областа на социјалн медицина со промоција	100.000,00	квартално
Здравственапромоција – здравствено воспитување (спроведување на промотивни акции и кампањи, едукативни трибини)	100.000,00	квартално
Извештај за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење, согласно програмските активности(2х)	30.000,00	квартално
Извештај здравстениот ризик и квалитет на површински води(2х)	30.000,00	извештај
Извештај со оцена на морбидитетот на респираторните заболувања кај предучилишни и училишни деца на национално ниво	50.000,00	извештај
Извештај за анализа и проценка на здравствениот ризик на безбедноста на храната и предметите кои се во допир со храната.	50.000,00	извештај
со проценка на ризикот од алиментарен дневен внес на хемиски контаминент	50,000,00	извештај
Информација просечниот дневен алиментарен внес на резидуи на пестициди и микотоксини	30.000,00	информација
Извештај за Проценка на ризикот од алиментарен дневен внес на хемиски контаминенти-пестициди,микотоксини	50.000,00	извештај
Извештај за проценка на здравствениот ризик на безбедноста на храната вообразовни, здравствени институции и старечки домови.	50.000,00	извештај
Анализа на пестициди во храна (100)	1.500,00	анализа
Анализа на микотоксини во производи(80)	1.500,00	анализа
Извештај со проценка на просечниот дневен внес на макро и микронутриенси на населението во Република Македонија	50.000,00	извештај
Извештаји за нутритивниот квалитет за исхраната на болните во Република Македонија	50.000,00	извештај
Извештајзасостојбитекајдецатавооднаступенитеназдебеленост/ потхранетост, порегиони и нанационалнонивоза РМ	50.000,00	извештај
Извештај за наодите на ниво на бучава и категоризација на ризикот со мерки за превенција или санација	50.000,00	извештај

Информацијазапроценканаекспозицијата и идентификација на здравствениот ризик на експонирани работници	50.000,00	информација
Следење на јонизирачко зрачење на амбиентале нвоздух- надворешно гама зрачење	300.000,00	квартално
Следење на јонизирачко зрачење на воздух, вода, почва, храна Ср90	75.000,00	квартално
Следење на јонизирачко зрачење ,вода , воздух, почва алфа и бета	300.000,00	квартално
Следење на гама зрачење вода , воздух,почва и храна	6.000,00	квартално
Квартален извештај за наодите со коментар	20.000,00	квартално
Набавка радон детектор (2000)	2.000.000,00	еднократно
Лабораториска подготовка и отчитување на пасивни радон детектори(2000)	250,00	анализа
Мерење на радон во почва	300,00	анализа
извештај за радон активности (2x)	25.000,00	извештај
Оддржување и функционирање на инфо телефонската линија за 10 месеци (5 во лето и 5 во зима)	3.000,00	месечно
Оддржување и функционирање на веб страна и откупување на СМС пораки (10 месеци)	1.000,00	месечно
Печатење на флаер за климатски промени(22.500)и 10.000 за радон)	10,00	флаер
Стручно методолошка помош од областа на санитарна хигиена со здравствена екологија	50.000,00	квартално
Квартален мониторинг,координација и верификација на програмските активности над ЦЈЗ со извештај од областа на санитарнахигиена со здравственаекологија	100.000,00	квартално
Изработка на мислења и стручна проценка на елаборати од аспект заштита на здравјето	50.000,00	квартално
Анализа лабораториска на примерок од мобилна мерна станица	50.000,00	анализа

За реализација на програмата за 2017 година потребни се следните средства по извршители прикажани во табела број 3.
Во зависност од степенот на реализација на активностите, финансиските средства може да се прераспределуваат помеѓу извршителите.

Табела број 3

	Извршители	Вкупен износ (ден.)
А	ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - Скопје	13.500.000,00
Б	Институт за медицина на труд - Скопје	250.000,00
В	Медицински факултет Скопје-Институт за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика	300.000,00
Г	ЈЗУ„Завод за физикална медицина и рехабилитација	720.000,00
Д	Министерство за здравство (вонредни/кризни состојби)	2.500.000,00

Ѓ	ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ	
1.	Центар за јавно здравје – Штип	2.000.000,00
2.	Центар за јавно здравје - Тетово	3.000.000,00
3.	Центар за јавно здравје - Струмица	2.000.000,00
4.	Центар за јавно здравје – Прилеп	2.300.000,00
5.	Центар за јавно здравје – Скопје	5.000.000,00
6.	Центар за јавно здравје – Куманово	3.930.000,00
7.	Центар за јавно здравје – Охрид	2.500.000,00
8.	Центар за јавно здравје – Кочани	2.100.000,00
9.	Центар за јавно здравје – Битола	2.400.000,00
10.	Центар за јавно здравје – Велес	3.500.000,00
	ВКУПНО: Ѓ	28.730.000,00
	ВКУПНО: А+Б+В+Г+Д+Ѓ	46.000.000,00
	Основен буџет	36.000.000,00
	Сопствени средства на МЗ	10.000.000,00

Неизмирени обврски од Програмата за 2016 година ќе се исплатуваат во рамките на планираните средства согласно донесениот буџет за 2017 година.

Вкупните средства за реализација на оваа програма ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2017 година во износ од 36.000.000,00 денари и од сопствени средства на Министерство за здравство во висина од 10.000.000,00 денари.

Исплатата на средствата по Програмата ќе се врши квартално од страна на Министерството за здравство, врз основа на доставените фактури и верифицирани извештаи.

Фактурирањето ќе се врши по утврдените програмски цени кои се составен дел на Програмата, на стандарден образец за фактура, објавен на веб страната на Министерството за здравство, со извештај во прилог.

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Програмата ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2017 година во износ од 46.000.000,00 денари, Раздел 19001-Министерство за здравство, Потпрограма 53-Превентивна здравствена заштита.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-7845/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

4457.

Врз основа на член 4, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, бр.41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016 и 172/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2016 година, донесе

С Т Р А Т Е Ш К И П Л А Н
ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ 2017–2019 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошниот текст АКН) за периодот 2017 - 2019 година е изготвен врз основа на член 4, став (2) од Законот за катастар на недвижности.

АКН со подобрување на администрирањето и управувањето на земјиштето се ориентира ефикасно и ефективно кон корисниците, поддржувајќи го социоекономскиот развој на Република Македонија. Од 2007 година, АКН успешно работи со стратешки бизнис-планови како метод за подобрување на своите активности. Намената на овој документ е да се развие стратегија на АКН за периодот 2017 – 2019 година која ќе биде фокусирана кон корисниците, создавање на ефикасен, сигурен и безбеден електронски геодетско-катастарски информациски систем (во понатамошниот текст ГКИС), како и кон зајакнување на институционалните капацитети.

Пренесувањето на стратешките прашања и условите во бизнис-целите обезбедуваат практична рамка, како и основа за годишното планирање на работата на АКН.

Стратешкиот план е прикажан врз основа на логички метод кој се движи чекор по чекор:

- опишување на моменталната состојба на АКН што вклучува и анализа на силните и слабите страни, можностите и заканите (SWOT-анализа) каде што сите овие елементи беа идентификувани;
- опишување на околната бизнис-средина и трендовите вклучувајќи ги и надлежните закони, политики, директиви и планови, идентификување на потрошувачите и другите чинители вклучувајќи ја нивната ситуација и барања, како и идентификување на засегнатите страни и
- дефинирање на посакуваната идна состојба на АКН, вклучувајќи ја и визијата и стратегиите – и она што е најважно – идентификување на долгорочни и краткорочни цели, активности (вклучувајќи и идентификување на тоа кој, што и кога ќе прави), потребни ресурси, организација и барања за известување на работата.

Мисија

АКН е сервисно ориентирана институција која обезбедува сигурен и ефикасен пристап до дигиталните податоци од ГКИС преку е-сервиси, електронски го одржува катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти, воспоставува Адресен регистар и Регистар на градежно земјиште, создава услови за воспоставување масовна проценка и 3Д-катастар, воспоставува и одржува геодетска референтна инфраструктура по меѓународни стандарди и обезбедува јавен пристап до Националната инфраструктура на просторни податоци, ги јакне човечките ресурси и капацитети со цел соодветно да одговорат на барањата на новите програми, системи и методи, стремејќи се кон целосно самофинансирање.

Визија 2019

АКН е современа самофинансирачка институција со целосно воспоставени примарни и секундарни бизнис-процеси кои овозможуваат размена на високо квалитетни и ажурни дигитални податоци и сервиси на национално и регионално ниво, придонесувајќи кон економски раст и развој на општеството.

2. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АКН

Во рамките на своите надлежности, АКН има свое влијание врз стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, а тие се:

- зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот и
- интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО.

Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија кои се во корелација со АКН се:

- интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување услуги целосно приспособени на граѓаните и бизнис-заедницата.

Согласно со Законот за катастар на недвижности, АКН е надлежна за:

- управување со ГКИС;
- вршење основни геодетски работи;
- вршење премер на недвижностите во функција на катастарот на недвижности;
- вршење премер и одржување на државната граница;
- вршење геодетски работи за посебни намени;
- востановување и одржување на катастарот на недвижностите;
- востановување и одржување инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижностите;
- вршење масовна проценка на недвижностите запишани во катастарот на недвижностите;
- воспоставување и управување со Графичкиот регистар на градежното земјиште;
- изготвување топографски карти;
- водење Регистар на просторни единици;
- водење Графички регистар за улици и куќни броеви;
- воспоставување, одржување и овозможување јавен пристап до Националната инфраструктура на просторни податоци согласно со посебен закон и
- вршење надзор на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи.

АКН функционира врз основа на принципите на легитимност, стручност, ефикасност, транспарентност, сервисна ориентираност, професионалност и одговорност за работата што ја врши и резултатите кои ги постигнува.

Востановениот катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија, како и брзото и квалитетно одржување, неоспорно придонесува за подобрување на правната сигурност за странските и за домашните инвеститори и донесување одлуки за инвестирање во Република Македонија. Зголемениот број странски и домашни инвестиции, пред сè гринфилд инвестиции, имаат директно влијание врз првиот приоритет на Владата на Република Македонија, т.е. зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитетот на живеење.

3. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АКН

Со цел подобро да се исполнат потребите и барањата на општеството, потребно е да се подобрат услугите на АКН. Во принцип, услугите треба да се трансфор-

мираат во современи, пазарно ориентирани услуги кои ќе се фокусираат на потрошувачите и на нивните потреби и барања за да можат да нудат точни, висококвалитетни и навремени услуги и производи во согласност со современите принципи и трендови. За успешна реализација, важно е да се разберат глобалните трендови од областа на информатичката и комуникациската технологија и системите за земјишна администрација.

Глобалните и европските трендови од областа на геопросторните податоци се насочени кон отворање податоци од јавниот сектор и креирање услуги за корисниците, преку воспоставување услужно ориентирана архитектура. Овие иницијативи влијаат како на национално така и на регионално, европско и глобално ниво.

На национално ниво пред сè се подразбира хоризонтално поврзување на институциите. На регионално, европско и глобално ниво се подразбира поврзување на постоечките основни национални услуги со регионалните и европските корисници и корисниците на глобално ниво. На овој начин се овозможува приватниот сектор да гради апликации базирани на богати извори на геопросторни податоци, референтни на европско ниво, за потребите на бизнисот и граѓаните, што пак подразбира паневропска соработка на различни нивоа.

Иницијативите на директивата за повторна употреба на информациите од јавниот сектор, INSPIRE-директивата, развивањето на услугите за глобален мониторинг за заштита на животната средина, управувањето со глобални геопросторни информации (UN-GGIM) за Европа и дигиталната агенда на Европа се во насока кон:

- изградба на дигитален европски пазар преку употреба на географските информации;
- воспоставување интероперабилност и стандардизација преку комбинација со националните извори на податоци;
- создавање доверба и безбедност преку изградба на авторитетни извори на податоци и
- воспоставување глобални механизми за управување со геопросторните информации.

Директивата за повторна употреба на информациите од јавниот сектор која е донесена во 2003 година има цел да се овозможи употреба на информациите од јавниот сектор за комерцијални и некомерцијални цели. Директивата предвидува дека информациите мора се достапни за повторна употреба, и тоа мора да биде направено под недискриминаторски услови. Директивата за информации од јавниот сектор беше реафирмирана во мај 2010 година при промоцијата на Дигиталната агенда за Европа, како нејзина компонента. Под "отворени податоци" во овој контекст се подразбира обезбедување слободни и достапни податоци без рестрикции кои можат да се користат за разни видови иновативни апликации. Целта на оваа политика е владините информации да станат достапни и за други цели, покрај оние за кои се собрани. Ова е една од главните основи на политиките на Дигиталната агенда на ЕУ. Обезбедувањето информации без надомест од Катастарот има финансиски последици. Останува дилемата за тоа кои податоци би се сметале за отворени податоци, како и остануваат прашањата поврзани со правото на приватност, влијанието на пазарот и финансиите. Имено, отворените податоци значат финансиски товар за институциите кои се надлежни за овие податоци. Една од опциите за олеснување е финансирањето на овие трошоци од средства од буџетот на Владата. Сите овие прашања би требало да имаат свој одговор во "планот за имплементација на отворени податоци". Оттаму, АКН би требало да изработи анализа за бариерите кои се идентификувани при објавување на податоците од регистарот за КН, како и потребно е да се идентификуваат правните и финансиските ризици, правото на приватност и влијанието на пазарот. Отворени податоци се податоците кои ги создаваат органите и институциите од јавниот сектор во остварувањето на своите надлежности, а кои се јавно објавени со цел да се овозможи нивно користење од страна на правни или физички лица за создавање нови информации, содржини, апликации или услуги.

Користењето на отворени податоци треба да поттикне:

- иновации и создавање нови информации, содржини и апликации преку комбинирање или вкрстување на податоците;
- создавање нови услуги, креирање работни места и социјална вклученост;
- подобрување на квалитетот на податоците од јавниот сектор;
- развој на информатичкото општество во Република Македонија.

Во рамките на платформата за отворени податоци на Министерството за информатичко општество и администрација, АКН учествува со два податочни сетови, и тоа: статистики по општини и тарифник. Со оглед дека бројот на институции и податочни сетови кои се достапни на платформата отворени податоци е голем, АКН треба да има јасна визија кои нови податочни сетови треба да ги постави на оваа платформа како отворени податоци сметајќи на придобивките од концептот на отворени податоци.

Е-влада и интероперабилност

Агенцијата за катастар на недвижности е учесник во проектот „Интероперабилност како давател на услуги и примател на услуги“.

АКН во делот на давател на услуги учествува со 5 сервиси, и тоа:

податоци за имотен лист, податоци за парцели, документ - Копија од катастарски план, документ – Лист за предбележување градба, документ – Имотен лист.

АКН во делот на примател на услуги добива сервис од Централен регистар за тековната состојба. Со оглед дека е зголемен бројот на корисници и сервиси на платформата Интероперабилност, АКН треба да размисли кои нови сервиси и услуги би биле од корист на АКН за да ги интегрира во својот систем. Иницијативата на Обединетите нации за управување со глобални геопросторни информации (UN-GGIM) има цел воспоставување единствена агенда за развој на глобалните геопросторни информации и употреба на податоците за разрешување на клучните глобални предизвици. Главните цели на Комитетот на ОН се промовирање на заедничките принципи, политики, методи, механизми и стандарди за интероперабилноста и меѓугранично разменување на геопросторните податоци и услуги.

На четвриот форум на Обединетите нации за управување со глобални геопросторни информации (UN-GGIM кој се одржа во Адис Абеба, Етиопија, од 20 до 22 април 2016 г.) учесниците ја објавија - Декларацијата Адис Абеба управување со геопросторните информации кон добро управување со земјиштето. Декларацијата претставува платформа за имплементација на Агендата 2030 - Глобално управување со земјиште и одржлив развој. Преку оваа декларација земјите членки повторно ја реафирмираат важноста од правото на сопственост и користење на земјиштето како основно човеково право. Констатирано е дека предуслов за ипмплементација на Агендата 2030 е воведување модерни системи за управување со земјиштето, а воспоставената земјишна администрација претставува столб во спроведувањето ефикасни владини политики. АКН е членка на Обединетите нации за управување со глобални геопросторни информации - UN-GGIM за Европа од нејзиното основање.Европската инфраструктура на просторни податоци претставува воспоставување база на геопросторни услуги преку кои се овозможува лесен пристап до авторитетни географски референтни податоци. Во оваа насока посебно внимание се посве-

тува на квалитетот на испорачаните услуги (достапноста, перформансите и капацитетот), со цел да им се олесни на потрошувачите да ја користат инфраструктурата на просторните податоци. ЕУЛИС-иницијативата подразбира воспоставување европски сервис за земјишни информации што обезбедува единствен пристап до европските електронски информации сврзани со недвижностите. Со ова се обезбедува пристап до услугите и сервиси за недвижностите од националните портали преку еден единствен портал засновен врз ЕУЛИС-платформата. Развојот на транснационалната размена на информации за недвижностите од националните регистри и нивно интегрирање во поширок европски контекст е препознаен од страна на Европската комисија. Пристапот до овие податоци овозможува на бизнис-секторот вклучување во менаџментот за индустриски ризик, креирање карти за предвидување опасности и за финансиските услуги, како на пример, осигурителните услуги. Евидентно е дека европските бизниси пошироко бараат пристап до катастарската база на податоци, како и до податоците за сопственоста.

На Светскиот конгрес за катастар во Истанбул, на 23.4.2015 година беше потпишана Истанбулска декларација за катастар чиј потписник е и АКН.

Текстот на декларацијата се заснова на изјавите на Обединетите нации и на FIG - Меѓународната федерација на геодети. Преку оваа декларација од Светскиот самит беше упатен глобален повик кон сите земји за важноста од воспоставување функционален катастар кој треба да ја гарантира сопственоста, да ги намали земјишните конфликти, да го поддржи одаточувањето на недвижен имот, да обезбеди гаранција при кредитирањето, да го подобри урбанистичкото планирање, развојот на инфраструктурата и животната средина со цел одржлив развој на општеството во целина.

Учество на АКН во европските проекти

Еурогеографикс е непрофитна асоцијација на националните агенции за катастар и картографија во која членуваат над 46 земји од Европа чија цел е соработка и размена на знаење и најдобри практики од областа на географските информации, катастарот и земјишните регистри.

АКН е полноправна членка на оваа асоцијација од 2007 година и активно е вклучена во проектите кои се поврзани со изработката на паневропските производи, и тоа Euro Boundary Map, Eypo Global Map и Euro Regional Map.

Глобално картирање

Глобалното картирање е меѓународна иницијатива чија цел е развивање хомогени сетови на географски податоци со цел да се придонесе кон одржлив развој на глобално ниво. Преку обезбедување на основниот рамковен сет на географски податоци ќе се следат промените на животната средина во светот. Почнувајќи од 2016 година, оваа иницијатива е координирана директно од страна на Обединетите нации. Следејќи ги европските трендови, АКН се стреми кон воспоставување современ ГКИС базиран на стандардизирани дигитални податоци и информации што ќе овозможи пристап, користење, дистрибуција и издавање во електронска форма потпишани со валиден сертификат. АКН во моментот администрира преку 712 договори за користење на услугата е-шалтер, ги администрира договорите за користење на WMS-сервисите, WACH DOG-услугата, договорите за користење на МАКЕДИТ-софтверот, договорите за користење на МАКПОС-системот. Во моментот кон системот се приклучени 167 правни лица, договори за користење на софтверот за трансформација на координати MAKTRAN. АКН кон крајот на 2015 година го промовира дистрибутивниот систем http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/ преку кој се достапни податоците од катастарот на недвижности, геодетските и картографските податоци, како и податоците од регистарот на просторни единици за целата територија на Република Македонија. Заклучно со 30.06.2016 година на порталот има направено вкупно 5266 барања по електронски пат со вкупно 10360 производи во електронска и/или хартиена форма од правни и физички лица. Активностите на АКН во периодот што следува треба да придонесат кон зголемено задоволство на корисниците преку овозможување побрзи интернет-услуги. Тие исто така ќе придонесат кон зголемување на транспарентноста и на користењето на дигиталните планови и катастарските податоци. Податоците се потребни за просторно и урбанистичко планирање, општествени услуги, заштита на животната средина и друго. Во извршувањето на своите реформски активности, АКН ги следи начелата на современата комерцијална работа, постојано подобрување на услугите и на институционалниот развој со цел да се трансформира во современа и ефикасна национална Агенција за катастар на недвижности, на основа на финансиска независност и цели кон самофинансирање.

За да може АКН да ја постигне својата цел и да стане услужна и кориснички ориентирана, важно е да се фокусира на сегашните и на идните корисници, како и на нивните барања.

3.1. АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ, МОЖНОСТИТЕ И ЗАКАНИТЕ (SWOT)

3.2. Силни страни:

- единствена институција за управување со ГКИС;
- воспоставен и интегриран катастар на недвижности во Македонија;
- нов современ и ефикасен електронски катастарски систем имплементиран на цела територија на Република Македонија;
- имплементиран ИСО стандард;
- функционален систем за електронско плаќање за услугите (пос терминали и интернет виртуелен пос);
- дигитално интегрирани алфанумерички и графички податоци за катастарот на недвижности во единствена централизирана база на податоци;
- овозможен онлајн пристап до податоците на АКН;
- оперативен електронски шалтер за професионалните корисници;
- воспоставена дигитална архива за период од 2014 година до денес;
- воспоставен систем за електронско управување со ресурсите и документите;
- поседување моќна и сигурна хардверска платформа за постоечки и идни софтверски системи;
- изградени капацитети за управување на комплексни проекти;
- корисничко ориентирана институција;
- силна поддршка од Владата на Република Македонија за реформирање на Катастарот;
- подобрен имиџ на Агенцијата како резултат на спроведените реформи;
- поседување архива со геопросторни податоци и збирка на исправи со трајна вредност;
- воспоставен ГНСС-систем кој овозможува примена на модерните технологии за сателитско геопозиционирање;
- воспоставени национални геодетски мрежи по европски стандарди;
- поедноставена процедура за одржување на катастарот на недвижности со искусен геодетски и правен персонал;

- оперативен систем за изработка на стандардизирани дигитални геодетски елаборати (МАК ЕДИТ);
- дистрибуција на геопросторните податоци преку други правни субјекти (нотари, приватни геодетски фирми, локална самоуправа, министерства, извршители, проценители, банки и други);
- изработени дигитални топографски карти во размер 1:25000 и 1:50000 за цела територија на Република Македонија;
- воведена е законска обврска на органите кои вршат јавно овластување (судови, министерства, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа) за доставување на исправите кои содржат правен основ по електронски пат;
- 52 % од предметите се примени по електронски пат;
- намален бројот на корисници на шалтерите на Агенцијата;
- функционален катастар на инфраструктурни објекти, како дел од катастарот на недвижности;
- функционален Регистар на цени;
- АКН е координатор на НИПП-активностите во Република Македонија и го одржува националниот геопортал;
- воспоставена меѓународна соработка (потпишани меморандуми со катастарски институции од регионот и пошироко) и
- членство во меѓународни здруженија и организации од областа на геодезијата, картографијата и катастарот.

3.3. Слаби страни:

- недоволна комуникација - хоризонтална и вертикална;
- не е воведен систем за плаќање преку е–банкарство;
- недостиг на простор за архивската граѓа од трајна вредност;
- недостаток на високообразовен стручен кадар и постоење на голем број вработени со несоодветно образование;
- дел од подрачните одделенија работат со загуба;
- немање план и систем за закрепнување по катастрофи (Disaster Recovery);
- недостиг на поединечни атрибути од клучните регистри во Република Македонија во базата од КН;
- зависност на АКН од надворешни фирми за одржување на ИКТ-системите;
- висока цена за одржување и развој на ИКТ-системите;
- стари персонални компјутери;
- немање соодветни работни простории и услови;
- недоволно обучен кадар и неизедначеност во постапувањето по барањата;
- непостоење на програма за менторство во насока на унифицирање на постапките;
- нецелосно почитување на процедурите за работа.

3.4.Можности:

- воспоставување масовна проценка на недвижностите;
- управување со Графичкиот регистар на градежното земјиште;
- воведување нови е-услуги за подобро опслужување на клиентите;
- продлабочување на соработката со меѓународни донатори и меѓународна соработка за знаење и пренос на искуства;
- давање консултантски услуги и обуки во земјата и во странство;
- продлабочување на соработката со научните институции од соодветни области;
- поврзување со други бази на податоци, а со цел да се подобри квалитетот на податоците во базата на податоци на АКН;
- општите трендови на пазарот создаваат потенцијал за развој на нови производи и услуги;
- воспоставување и управување со Адресниот регистар;
- можност за поврзување со Google, Microsoft, Navteq, Tele Atlas итн. услуги како испорачувач на податоците на АКН вградени во нивните услуги, врз основа на договор;
- можност за примена на софтверски решенија со отворен код;
- развој на модели на ЈПП (јавно приватно партнерство);
- АКН 100 % самофинансирачка непрофитна институција – поголема можност во менаџирањето со сопствените ресурси;
- зголемување на портфолиото на производи преку воведување нови услуги и податоци;
- преструктуирање на АКН преку регионализација со цел да се оптимизираат трошоците и да се зголеми ефикасноста на институцијата.

3.5.Закани:

- промената на пазарните услови, односно економски кризи и сл. води до намален број барања од корисниците;
- конкуренцијата од меѓународни интернет-пребарувачи или испорачувачи на податоци (Google, Microsoft, Open Street Map), како и приватни ГИС-компании;
- ризик од пропаѓање на договорните фирми кои ги одржуваат системите на АКН и
- непостоење на заедничка стандардна владина ИКТ-инфраструктура.

4. СТРУКТУРА НА АКН

4.1.Моменталната позиција на АКН во општеството и на пазарот

4.1.1. Организација

Агенцијата има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за катастар на недвижности.

Со Агенцијата управува Управниот одбор кој е составен од пет члена и тоа по еден член на предлог од Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со Агенцијата раководи директор. Директорот на Агенцијата има заменик.


АКН работите од својот делогруг ги извршува преку Генералната дирекција, Центарот за катастар на недвижности, Регионални сектори за катастар на невижности, одделенија за катастар на недвижности и катастарски шалтери. Работата на секторите која се однесува на катастарот на недвижности за општините во Скопскиот статистички регион според номенклатурата на територијални единици за статистика (НТЕС) ја координира Центарот за катастар на недвижности-Скопје.

Организациската структура е функционално дефинирана и уредена со Правилник за внатрешна организација на АКН.

АКН во рамките на управувањето со човечките ресурси се придржува кон начелото на правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.


КАТАСТАР


АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ



Моментална состојба на вработени

Вкупниот број на вработени во АКН заклучно со 30.06.2016 година изнесува 914 вработени. Во рамките на своите надлежности АКН спроведува континуирани обуки за вработените со цел нивно обучување и усовршување од областа на управувањето и одржувањето на ГКИС. Имено, во рамките на Одделението за мотивација, меѓучовечки односи, оценување, стручно оспособување и усовршување, во периодот од јануари до јуни 2016 година беа одржани вкупно 58 обуки за вработените во АКН кои се однесуваа на запознавање на вработените со новините од областа на катастарот согласно со новиот Закон за катастар на недвижности, Правилникот за премер на недвижности, Правилникот за одржување, Правилникот за геодетски работи, за надградбата на е-кат системот и за инфраструктурниот катастар.






5. ОКОЛНА БИЗНИС-СРЕДИНА

Засегната страна е онаа страна која има интерес во активностите на организацијата, а тука спаѓаат: двигатели и помагачи, снабдувачи на ресурси, потрошувачи и групи на притисок.

АКН како кориснички ориентирана и ценета услужна организација, се фокусира на сегашните и на идните потрошувачи, како и на нивната состојба и барања. Притоа се грижи производите и услугите да ги исполнуваат барањата на потрошувачите, земајќи ги предвид техничките, правните и финансиските услови. Важно е да се забележи дека мора постојано да се биде свесен за барањата на потрошувачите. Накратко, од пресудна важност е да се развие и секогаш да се одржува перспектива за работењето на АКН која гледа „однадвор кон внатре“.

Развојните планови на Агенцијата се дефинираат на начин што најнапред се прави проценка на бизнис-околината во која дејствува Агенцијата, и тоа преку идентификување на засегнатите страни, односно идентификување на тоа кои се двигателите и помагачите на АКН, кои се снабдувачите на ресурси, потрошувачите и групите на притисок и се прави анализа на приоритетите и очекуваните резултати од спроведените реформи на Агенцијата.

Секогаш се земаат предвид резултатите од спроведените анкети на корисниците на услуги, барањата на професионалните корисници кои се идентификуваат преку редовни средби со соодветните професионални комори, министерства, ЗЕЛС итн.



5.1.1. Двигатели и помагачи на АКН:

- Влада на Република Македонија;
- Министерство за финансии;
- донаторска заедница (Sida, холандија G2G и слично);
- Европската Унија (EU) и
- други земји (преку билатерални договори)

Очекувани приоритети на двигателите и помагачите:

Влада на Република Македонија:

- целосна имплементација на годишната програма на АКН;
- ажурирање на податоците во КН;
- подобрување на квалитетот на податоците во КН;
- воведување нови услуги и производи за корисниците;
- почитување на законски утврдените рокови при одржување на КН и издавање податоци од ГКИС;
- навремено и квалитетно извршување на геодетските работи за посебни намени од значење за Република Македонија утврдени со одлука од Владата на Република Македонија;

- ефикасен дистрибуциски систем на АКН за пристап и издавање податоци од ГКИС и нови е-сервиси за професионалните корисници;
- запишување/евидентирање на инфраструктурните објекти во катастарот на недвижности;
- вршење масовна проценка на недвижностите запишани во катастарот на недвижностите;
- управување со Графичкиот регистар на градежно земјиште;
- воспоставување Адресен регистар;
- воспоставен 3Д-катастар;
- стандардизација на системите и интероперабилност со е-Влада;
- водење евиденција за енергетска ефикасност на објектите, гаранција на градба и осигурителни полиси за недвижен имот и
- публикување стандардизирани збирки на просторни податоци и услуги на геопорталот за НИПП.

Министерство за финансии:

- реализирање на активностите поврзани со капиталните трошоци.

ЕУ-фондови:

- TAIEX – зајакнати капацитети на АКН за имплементација на новите функционалности.

Донаторски заедници:

- јакнење на институционалните капацитети на АКН во ажурирањето на NSDI-стратегијата (холандски катастар);
- IMPULSE-проект – регионална размена на геопросторни податоци.

Овие засегнати страни се заинтересирани за ефикасно вршење на работата на АКН, соодветно однесување, поголема продуктивност и солиден финансиски менаџмент без загрозување на квалитетот, непристрасноста и транспарентноста.

5.1.2. Засегнати страни:

- вработените во АКН;
- добавувачи/изведувачи;
- министерства;
- образовни институции;
- трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи;
- нотари;
- општини;

- извршители;
- проценители;
- банки;
- осигурителни компании;
- приватни агенции кои користат геопросторни податоци (агенции за недвижности и др.) и
- граѓани

Очекувани приоритети од:

Вработените во АКН:

- подобрување на условите за работа во поглед на работните простории, техничките помагала и сл.;
- спроведување редовни обуки за теми од делокругот на постапување на АКН;
- стручно оспособување и усовршување на вработените и
- стимулирање на вработените

Добавувачи/изведувачи:

- целосно и навремено исполнување на обврските од склучените договори за добавување на стоки и услуги (навремена исплата)

Министерства/општини:

- учество во проекти со кои се директно засегнати; и
- поедноставување на начинот на наплата при издавање податоци и услуги и
- обуки

Образовни институции:

- заинтересирани се за АКН како иден работодавец на нивните студенти да овозможи соработка во истражувачки и развојни активности и
- обезбедување практични професионални обуки за нивните студенти и нудење тренинг на вработените во АКН

Трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи:

- учество во изготвување на закон и подзаконски акти;
- отворање на нови можности за проширување на приватната геодетска дејност;
- ажурни и точни податоци;
- обуки;
- учество во проекти со кои се директно засегнати и
- поедноставување на начинот на наплата при издавање податоци и услуги

Нотари/извршители/проценители/банки/осигурителни компании/ приватни агенции кои користат геопросторни податоци (агенции за недвижности и др.):

- обуки;
- учество во проекти со кои се директно засегнати;
- ажурни и точни податоци и
- воведување нови функционалности за поефикасно работење.

Граѓани:

- доверлив систем за КН;
- ажурни и точни податоци и
- поефикасна услуга

5.1.3.Групи на притисок:

- медиуми;
- синдикати;
- општини;
- физички и правни лица и
- бизнис-заедница (професионалните комори)

Очекувани приоритети од АКН:

Медиуми:

- транспарентност на АКН кон медиумите и граѓаните и
- информирање на медиумите и граѓаните за новите производи и сервиси на АКН

Синдикати:

- почитување на прописите и законите поврзани со правата и обврските на вработените и
- поголемо учество во изготвување на нормативно-правните акти поврзани со правата и обврските на вработените

Општини:

- ефикасност во услугите на катастарот и премер и запишување на општинските инфраструктурни објекти

Физички и правни лица:

- поголема транспарентност на АКН кон граѓаните и
- информирање на граѓаните за новите производи и сервиси на АКН, преку медиумите и контакт-центарот на АКН

Бизнис-заедница (професионални комори):

- поголема транспарентност на АКН кон граѓаните;
- информирање за новите производи и сервиси на АКН, како и за промените на законската регулатива и
- обуки за законската регулатива и нови сервиси

5.1.4. Корисници

Корисници на податоците и услугите на АКН:

- сопственици на недвижност;
- трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи;
- нотари;
- адвокати;
- проценители;
- извршители;
- финансиски институции;
- судови;
- банки;
- осигурителни компании;
- брокери на недвижности;
- министерства;
- единици на локалната самоуправа и
- невладини организации (НВО)

6. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА АКН


Одржување катастар на недвижности и доставување услуги

Одржувањето на катастарот на недвижностите се врши во седум сектори за катастар на недвижности и во Центарот за КН – Скопје.

АКН бележи тренд на постојан пораст на бројот на предметите, а тоа се должи на зголемената економска активност, раздвижувањето на пазарот на недвижности, востановениот катастар на недвижности, како и сè поголема информираност на граѓаните за потребата од регулирање/ажурирање на своите права на недвижностите.

Вкупниот број на новопримени предмети за периодот јануари 2015-јуни 2016 година изнесува 1.835.656 предмети.

Во графиконот е прикажан вкупниот број примени предмети за периодот јануари 2015-јуни 2016 година.



Е-кат шалтер

Во насока на подобрување на услугите кон крајните корисници, АКН воведе задолжително електронско поднесување на предметите од страна на професионалните корисници со што се овозможи лесно, брзо, сигурно и ефикасно доставување на пријавите и барањата по електронски пат.

Во досегашниот период бројот на склучени договори за е-кат шалтер изнесува 705 договори.

Запишување инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности


Запишувањето на инфраструктурните објекти во инфраструктурниот катастар овозможува нивно ставање во правен промет (купопродажба, закуп, ставање под хипотека). Досега, во инфраструктурниот катастар се запишани линиски ИО 190 км, површински ИО 664 м2 и 465 точкести ИО, предбележани се линиски ИО 347 км и евидентирани се 171 линиски ИО.

Дигитализација на катастарски планови

Од страна на Владата на Република Македонија, а по предлог на АКН, усвоен е Акциски план за дигитализација на архивските оригинали на аналогните катастарски планови по квартали за 1491 КО, заклучно со 30.06.2016 година се завршени вкупно 1439 КО и 41 КО се во фаза на работа.

Проектот за дигитализација на катастарските планови е конверзија на катастарските планови од хартиена форма во векторска форма и нивно сместување во централизирана база на податоци.

Согласно со динамиката за реализација на активностите, предвидено е Проектот за дигитализација да заврши до крајот на 2016 година.



Електронски катастар - графички модул

Заклучно со 30.06.2016 година, во е-кат графика се внесени вкупно 1780 катастарски општини, од кои 403 КО дигитални и 1377 КО аналогни, за кои се изработени и се усогласени дигиталните катастарски планови. Тие се вклучени во е-кат базата на податоци, односно 96,31 % од целата територија на Република Македонија. За 1780 катастарски општини сега е овозможено издавање копија од катастарски план на шалтерите на АКН, веднаш по поднесување на барањето.

МакЕдит софтвер

Во МакЕдит базата, до 30.06.2016 година се импортирани и се одржуваат 1846 КО, од кои 410 КО дигитални и 1436 КО аналогни катастарски општини, односно 98,67 % од целата територија на Република Македонија.
Промените во одржувањето на катастарот на недвижности се спроведуваат врз основа на дигитални геодетски елаборати изработени со МакЕдит софтверот од страна на приватните геодетски фирми. Со МакЕдит софтверот се изработуваат и дигитални геодетски елаборати за сите типови инфраструктурни објекти за евидентирање/запишување и одржување на инфраструктурниот катастар.

Институционален развој

Во насока на обезбедување ефикасни и соодветни услуги за потребите и барањата на граѓаните и професионалните корисници, неопходно е да се осигура институционален развој и поддршка во градењето на капацитетите во АКН. Во таа насока, АКН во континуитет постојните системи редовно ги одржува и ги надградува.

Измени и дополнување на Законот за катастар на недвижности


Во текот на 2015 и 2016 година АКН пристапи кон измени и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2015, 153/2015, 192/2015 и 61/2016).
Со измените на Законот за катастар на недвижности објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2015, АКН започна со реализирањето на три ветени проекти кои претставуваат дел од програма на Владата на Република Македонија:

- премер на недвижностите по службена должност за примателите на социјална и постојана парична помош и на лицата со ниски бруто-примања до 168.000 денари годишно, во постапката на утврдување правен статус на бесправно изградени објекти;
- формирање Регистар на цени и закупнини;
- имплементација на Проектот електронски шалтер „24 часа онлајн Катастар“

Со овие измени се задолжуваат судовите, министерствата, јавните обвинителства, Државното правобранителство на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, нотарите, извршителите и сите други субјекти со пренесени јавни овластувања да ги прибавуваат податоците од ГКИС по електронски пат во постапките што ги водат, а бесплатно е користењето на податоците од ГКИС. Измените на Законот за катастар на недвижности објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/2015 во делот на прекршочните одредби се подготвени заради усогласување со новиот Закон за прекршоци.
Исто така се уредуваат одредбите од членот 172 кои се однесуваат на предбележувањето идна градба, со што се овозможува предбележување и на објектите за кои надлежниот орган не издава одобрение за градење, туку издава решение за изведување градба, односно поставување опрема, а кои согласно со Законот за градење се запишуваат во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.
Со измените на Законот за катастар на недвижности објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 192 од 5.11.2015 година се воведоа одредби со кои се уредуваат одредбите при полагањето и спроведувањето на испитот за овластен геодет, се воведуваат казнени мерки во однос на постапката при спроведување на испитот, како за кандидатите така и за овластените претставници кои учествуваат во спроведување на испитот.
Со измената на Законот за КН објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2016 има цел да се олесни запишувањето во постапката на ажурирање на податоците, во случај кога подносителите на пријавите не можат да извршат идентификација. За недвижностите за кои не е поднесена пријава за ажурирање на податоците за недвижностите по службена должност, АКН може да изврши идентификација и запишување на недвижностите согласно со податоците содржани во службената евиденција од катастарот на земјиште и податоците содржани во геодетскиот елаборат од премерот извршен по службена должност. Недвижностите остануваат со незапишани права само доколку АКН за овие недвижности не може да изврши идентификација.
Воедно, со измената на Законот се врши продолжување на роковите за доставување пријави за запишување/евидентирање на 40 % од вкупно доставените податоци за инфраструктурни објекти од 24 април 2016 на 24 април 2017 година, а рокот за доставување пријави за запишување/евидентирање на преостанатите 60% од доставените податоци за инфраструктурните објекти се поместува од 24 април 2018 на 24 април 2019 година.

Дистрибутивен систем на АКН

Во насока на понатамошен развој на АКН ГИС порталот, АКН на 29.12.2015 година го промовира дистрибутивниот систем што претставува единствена точка за пристап до дигиталните геопросторни податоци.
На порталот http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/ достапни се податоците од катастарот на недвижности, геодетските и картографските податоци, како и податоците од регистарот на просторни единици за целата територија на Република Македонија. Дистрибутивниот систем е достапен онлајн - 24 часа за сите правни и физички лица во земјата и во странство. Корисниците можат да ги добијат бараните податоци во дигитална или во хартиена форма.
Податоците што се издаваат во електронска форма, се јавни исправи кои можат да се користат пред други државни органи, банки и други институции кои имаат информациски системи. Заклучно со 30.06.2016 год. преку системот се направени 5266 барања по електронски пат, со вкупно 10360 податоци во електронска и/или хартиена форма.
Графичкиот регистар за улици и куќни броеви во Република Македонија



Со Законот за катастар на недвижности, АКН ја прошири својата надлежност со воспоставување и управување со Графичкиот регистар на улици и куќни броеви како дел од Адресниот регистар на Република Македонија.

Адресен регистар

Во насока на отпочнување на активностите за воспоставување на Адресниот регистар во Република Македонија, работна група составена од номинирани лица од Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Централен регистар, Управа за

водење матични книги, Статистика, ЗЕЛС и АКН изработи предлог-работна верзија на нов закон за адресен регистар во кој е транспонирана европската директива во делот на просторните податоци, стандардизацијата и интероперабилноста. Во тек е тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на софтверско решение за воспоставување на Адресниот регистар во Република Македонија.

Регистар на градежно земјиште

Агенцијата за катастар е во завршна фаза од воспоставување Графички регистар за градежно земјиште. Со овој регистар ќе се овозможи комплетна стандардизација и унифицираност на сите видови урбанистички планови, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација за целата територија на Република Македонија. Регистарот ќе овозможи лесен и транспарентен пристап до содржината на градежните парцели и површините за градење опфатени со урбанистичките планови и урбанистичко-планските документации преклопени со катастарските парцели, преку веб-портал достапен за сите корисници и заинтересирани страни.
Регистерот ќе овозможи издавање Извод од урбанистички план за граѓаните и компаниите веднаш на шалтер или преку е-шалтер, како и брзо запишување на градежното земјиште во катастарот на недвижности.
Софтверското решение е изработено и поставено на тест-околина и е во фаза на имплементација кај планерите и општините. Направени се обуки на планерите и на вработените во АКН. Во тек се дополнителни обуки за општините и другите корисници на системот.

Воспоставување електронски систем за масовна проценка на недвижностите

Регистарот на цени и закупнини на недвижностите е основа за воспоставување систем за масовна процена на недвижностите, преку кој секоја недвижност во Република Македонија ќе добие сопствена пазарна вредност, која подоцна може да се користи во различни цели. До јуни 2016 година во базата на Регистарот на цени и закупнини се верифицирани 9.993 трансакции, од кои 5.529 продажби, 3.400 закупи, 752 продажби од инвеститор, 41 продажба на лицитација и 271 откуп од Република Македонија. Сите податоци кои ќе ги поминат дополнителните контроли се објавуваат на веб-порталот на АКН ,http://gis.katastar.gov.mk/arec/.

Контрола и надзор на работењето

Согласно со Законот за катастар на недвижности АКН врши континуирана контрола на работата на 29 одделенија за катастар на недвижности и Центарот за катастар на недвижности - Скопје, како и контрола на работењето на 147 приватни геодетски фирми. Контролата се спроведува во согласност со Годишната програма за вршење контрола.
АКН тековно постапува и по пристигнатите претставки и предлози кои се доставени од страна на правни и физички лица, чиј број на годишно ниво изнесува околу 1000 претставки.
Надвор од предвидените активности, континуирано се спроведува и кампањата „Отворено со Катастарот“.

Контакт-центар на АКН

Со воведувањето на новите системи постојано се зголемува бројот на клиенти и потреба од креирање дополнителни функционалности во контакт- центарот.
Бројот на повици за предмети заклучно со 30.06.2016 година, според видот на барањата на клинетите од контакт-центарот се: вкупниот број на примени предмети 38130, бројот на информации дадени веднаш изнесува 19565 и бројот на отворени предмети - 18565. Квантитативно по типови, бројот на предмети изнесува 3098 за хелп деск, 13248 за информации, 2005 за пријави на предмети и 214 закажани состаноци.

Национална инфраструктура на просторни податоци во Република Македонија

Националната инфраструктура на просторни податоци овозможува подобро планирање и носење одлуки, на национално и на локално ниво. Софтверското решение за националниот геопортал НИПП на Република Македонија е реализирано во целост и порталот е достапен за сите корисници на http://nipp.katastar.gov.mk.
Согласно со Извештајот од следењето на напредокот на транспонирање и спроведување на европското законодавство за животната средина за 2016 година, степенот на транспонираност на европската INSPIRE-директива (2007/2/EC) од 65 % се зголеми на 72 %. Тоа се должи пред сè на отпочнувањето изработка на подзаконските акти во кои ќе бидат транспонирани задолжителните членови од директивата поврзани со метаподатоците.
Извршена е хармонизација и стандардизација на збирките на просторни податоци за административните единици и дигиталниот модел на терен и креирање се WMS и WFS веб-услуги.

Геодетска референтна инфраструктура и изработка на топографски карти

Надградба на геодетската референтна инфраструктура

Во периодот јануари 2015 - јуни 2016 година се одвиваа активности поврзани со редовното одржување на националните геодетски референтни мрежи, при што посебен акцент е ставен на МАКПОС-системот како најзначаен сегмент од геодетската референтна инфраструктура. Вкупниот број корисници на МАКПОС-системот во моментов изнесува 167 правни лица со 232 ровери.
Релизиран е Проектот за обработка на податоците од нивелманската мрежа од висока точност на Република Македонија и на почетокот на јули 2016 година, од страна на ангажираниот надворешен извршител на услугата е доставен до АКН финалниот геодетски елаборат за одобрување.

Геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија

АКН врз основа на одлуки донесени од Владата на Република Македонија континуирано работи на вршење на геодетски работи за посебни намени кои се од интерес за Република Македонија.

Државна граница

Согласно со надлежностите кои произлегуваат од Законот за катастар на недвижности АКН континуирано ги врши и работите поврзани со премерот, обележувањето, одржувањето и обновувањето на граничните белези и граничната линија на државната граница, според програмата утврдена од страна на Министерството за надворешни работи, како надлежно министерство.

Изработка на дигитални топографски карти

Во периодот јануари 2015 - јуни 2016 година АКН ја комплетира изработката на дигитални топографски карти во размер 1:50000 (61 лист), а во втората половина на 2015 година, врз основа на претходно изготвените спецификации, започна со изработката на среднoразмерни топографски карти во размер 1:100000 и 1:200000. Досега се изработени 6 листови од топографската карта во размер 1:100000 (од вкупно 21 лист) и 2 листа од топографската карта во размер 1:200000 (од вкупно 8 листови). Паралелно со овие активности, во континуитет се работи на контрола и усогласување на податоците од топографската карта во размер 1:25000, како основна државна карта за ГИС во Република Македонија.

Други картографски активности

АКН активно учествува и во изготвувањето на паневропските Eurogeographics податоци: EBM (EuroBoundariesMap, ERM (EuroRegionalMap) и EGM (Euro Global Map), како и во изготвувањето на глобалната карта на светот - Global Map проектот.
Во рамките на ИМПУЛС-проектот финансиран од шведската влада, се реализираа активности поврзани со хармонизација на основните сетови картографски податоци согласно со INSPIRE-директивата и изработка на соодветни метаподатоци. Извршена е хармонизација на сетовите податоци за административни единици, дигитален модел на теренот и географски имиња, а во почетна фаза се активности за хармонизација на сетот податоци за ортофото карти.

Меѓународна соработка, обуки и едукација за професионалните корисници

Меѓународна соработка
Во периодот 20 - 24 април 2015 година претставници од АКН со директорот г. Славче Трпески учествуваа на Светскиот самит за катастар во Истанбул, Република Турција. Во рамките на овој настан се потпиша ИСТАНБУЛСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА. Со цел воспоставување база на проценки на недвижностите во Република Македонија, на 22.5.2015 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу АКН и Комората на проценувачи на Република Македонија. АКН ја продолжува својата соработка со високообразовните институции во Република Македонија, потпишувајќи го Меморандумот за соработка со Природно-математичкиот факултет, Институтот за географија при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ од Скопје и со Воената академија. Претставници на Агенцијата зедоа активно учество на повеќе меѓународни и регионални конференции и семинари. Во февруари 2016 година, АКН потпиша Меморандум за соработка и партнерство со холандскиот катастар.

Обуки за професионалните корисници

Агенцијата врши обуки врз основа на Годишна програма за спроведување обуки од областа на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите и за геодетските и информатичките работи. Во текот на 2015 година и првиот квартал на 2016 година АКН организира обуки наменети за овластените геодети, како и за останатите професионални корисници, и тоа за Комората на извршители, Министерството за финансии – Управата за имотно-правни односи и за Технолошката индустриска развојна зона (ТИРЗ).

7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АКН

АКН е сервисно ориентирана кон корисниците преку:

- зголемено задоволство и доверба на корисниците од работата на АКН;
- едуцирани и професионални корисници; и
- обезбедување точна и навремена информација.

Во последните години АКН бележи голем напредок, особено на техничко (ИТ) ниво.
АКН во наредниот период ќе се фокусира кон:

- отворена, кориснички ориентирана организација;
- континуирано информирање на корисниците на услугите и производите, како и на целните групи, и тоа граѓаните и професионалните корисници и медиумите за развојните програми и цели кои се насочени кон доставување услуги на начин соодветен на нивните потреби;
- градење имиџ на современа агенција која работи на својот развој и
- подобрување на функционалностите на контакт-центарот и квалитетот на услугите

Со цел и понатаму да се развива во кориснички ориентирана институција, АКН и понатаму ќе инвестира во обуки за вработените, ќе остварува редовни средби и комуникација со засегнатите страни и корисниците на катастарските услуги. Во периодот што следува ќе биде потребно да се професионализираат и да се прошират надворешните комуникации и маркетинг-активностите на Агенцијата.
Со воведувањето на електронските услуги и сервиси се намалува потребата на граѓаните и на професионалните корисници да доаѓаат на шалтерите на АКН. Од друга страна, пак, се зголемува бројот на примени повици во контакт-центарот на АКН. Ова подразбира дека сè повеќе граѓаните и професионалните корисници ја користат оваа услуга за да се информираат за соодветен предмет, да добијат потребни информаци и техничка поддршка за користење на електронските услуги итн. АКН планира до крајот на 2019 година да го намали бројот на шалтерите кои во моментот постојат во подрачните одделенија за катастар на недвижности и Центарот за катастар на недвижности – Скопје и во иднина да претставуваат места кои ќе имаат советодавна – консултативна функција .

Секторот за контрола преку Одделението за контрола на катастарот на недвижности спроведува континуирана контрола над работењето на одделенијата за КН согласно со годишната прпрограма за вршење контроли што се изготвува секоја календарска година.

Одделението за надзор над приватниот сектор континуирано врши контрола над приватните геодетски фирми, во моментот вкупно има 147. Одделението за претставки и предлози постапува по добиените претставки и предлози, во просек бројот на претставки е околу 1000 предмети на годишно ниво.

Надвор од предвидените предмети, АКН секоја година ја спроведува кампањата „Отворено со Катастарот“. Кампањата се одржува низ сите градови во Република Македонија, односно во подрачните одделенија на АКН и ЦКН.

Контакт-центарот на АКН е наменет за поддршка на професионалните корисници (нотари, приватни геодетски фирми, општини, извршители, адвокати, банки итн.) кои ги користат електронските услуги на АКН како е-кат и е-шалтер. Во моментот клиентите имаат пристап до контакт-центарот преку избирање опции за професионали корисници, информации, пријави и приговори, како и агенти на македонски, албански и на англиски јазик секој работен ден 08.30 - 16.30 часот на бесплатната телефонска линија (инфо-линија 0800 80 800), инфо-линија за грижа на корисници, странски инвестиции и домашни бизнис-компании (02 3173 825). Инфо-линијата за професионални корисници на електронскиот шалтер и електронскиот катастар (02 3171 833). Клиентите исто така можат да постават прашање, да остават коментари и сугестии и преку електронската пошта info@katastar.gov.mk.

Сите овие канали се поврзуваат со апликацијата со што се овозможува клиентот да добие навремена и унифицирана информација од едно место за контакт. Апликацијата овозможува следење на сите телефонски повици, историјат на прашања и одговори со што агентите од Одделението за грижа на корисници во секое време имаат пристап до сите информации за клиентот. Во 2016 година контакт-центарот се надгради со два нови модули Календар – Закажи состанок и модул Кампања што овозможуваат масовно информирање на клинетите за одредени теми.

Во тек е постапка за купување два нови модули за потребите на контакт-центарот, и тоа: СМС модул и модул за градење на ИВР стебло (Interactive Voice Response System (IVR).

ИВР-системот е важен дел од целосната структура на Call Center системот, со кој се овозможува поедноставна и побрза комуникација помеѓу корисниците и системот, односно тоа се претходно дефинирани пораки кои можат да бидат на услуга на клиентите и доколку има проблем со системот се вклучува порака која ги информира корисниците за настанатиот проблем при дојдовен повик. Постои можност за дефинирани пораки кои можат да се вклучат по работното време, со насоки за одредени типови проблематики.

Модул за користење на СМС комуникациски канал што ќе биде целосно интегриран во постоечкиот контакт-центар. Во моментов во Агенцијата се користат комуникациските канали телефон и е-пошта, а со надградбата ќе се вклучи и СМС комуникацискиот канал за креирање кампањи и креирање примероци за СМС кампањи итн.

Во моментот се истражува опција за надградба на апликацијата на контакт-центарот со нов модул за испитување на задоволството за решен предмет, односно системот да овозможи откако клиентот ќе се извести преку е-пошта дека неговиот предмет е решен, тој да може да пополни анкета. За подобра комуникација со граѓаните и професионалните корисници, АКН планира во иднина да формира две нови одделенија, и тоа: Одделение за маркетинг и Одделение за управување со договори за корисниците.

Ефикасен, сигурен и безбеден дигитален ГКИС:

- ажурен ГКИС;
- подобрување на квалитетот на податоците на катастарот на недвижности;
- запишување на осигурителните полиси за недвижен имот во катастарот на недвижности;

- запишување гаранција на градба во имотен лист;
- запишување на Сертификатот за енергетска ефикасност во катастарот на недвижности;
- размена на податоци од катастарот на недвижности со базите на недвижнини во општините;
- поврзување на системот за издавање градежни дозволи што го користат општините со електронскиот шалтер на АКН;
- воведена масовна проценка на недвижности;
- одржување современа геодетска референтна основа и воспоставен ETRS89-координатен систем;
- изработени ситноразмерни топографски и наменски карти;
- одржување катастар на инфраструктурни објекти и премер на инфраструктури во државна и општинска сопственост;
- воспоставен 3Д катастар – дигитални етажни скици на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти;
- АКН координатор на НИПП-активностите во Република Македонија;
- управување со Графички регистар на градежно земјиште;
- ортофото снимање и ласерско скенирање на целата територија на Република Македонија и
- воспоставен Адресен регистар

Ажурен ГКИС

Катастарот на недвижности се востановува во периодот од 1991 година до 2012 година и се финализира во 2012 година, со ставање во примена на катастарот на недвижности за катастарската општина Драчево. Востановувањето на катастарот на недвижности во 1912 катастарски општини се реализира со примена на еден од следните начини: систематско запишување, поединечно запишување и конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.

Систематско излагање на податоците на 1250 КО

Систематско излагање на податоците на 1250 КО од вкупно 1912 КО
Систематското излагање на податоците се смета за најквалитетно и со оваа постапка запишувањето се врши врз основа на премер и правни документи. Кога постои стар премер и доколку е извршен нов премер, во одредени случаи се јавува проблем во неусогласеноста на податоците од стариот и новиот премер, бидејќи како правен основ се зема стариот премер, а сопственоста се запишува по новиот премер, што доведува до појава на сосопственост помеѓу соседите. Ажурирањето на податоците за недвижностите по барање на странка е овозможено во Законот за катастар на недвижности. Посебен проблем во оваа постапка е озбезбедувањето изјава заверена од нотар потпишана од страна на сопствениците на соседните парцели, пред сè поради незаинтересираност на соседите, починати лица, иселени лица и друго. Резултатите од примена на ова решение не се на задоволително ниво.
Стратешко решение за надминување на проблемите (претходно наведени) е Програмата за вршење нов премер по барање на странка. Премерот на сите парцели каде што има навлегување на едни соседи кај други, фиктивни делби, грешки на Катастарот, од околу 56.000 катастарски парцели со 222.048 сосопственици, ќе го врши АКН без надоместок. За

реализација на оваа стратешка цел е потребна промена на Законот за катастар на недвижности, со што ќе се овозможи АКН на самото место да направи премер и странките со записник да дадат изјави со цел утврдување на фактичката состојба и разрешување на катастарските проблеми. Предмет на запишување во катастарот во овој случај е фактичката состојба од теренот потврдена со изјава од странките. За реализација на програмата за 1250 катастарски општини, АКН ќе треба да обезбеди геодетска опрема и да се ангажираат 100 геодетски стручни лица. Средствата за вршење нов премер во висина од 620.000.000,00 денари треба да бидат поддржани 50 % од АКН и 50 % од други извори. Во овој стратешки план е планирано да се реализираат 30 % од катастарските парцели.

Систематско излагање на податоците на 267 КО кои биле со пописен катастар - Ажурирање по службена должност за 267 КО

Во оваа категорија посебен проблем се јавува во 267 катастарски општини, каде што во примена бил пописен катастар (блоковски премер), извршен е нов премер и систематско запишување заради востановување на катастарот на недвижности. Во овие катастарски општини поголемиот дел од недвижностите се со назапишани права. За надминување на состојбата, АКН уште во 2013 година отпочна со ажурирање податоци во катастарот на недвижности преку донесување Годишна програма за ажурирање по службена должност во која досега се опфатени 105 катастарски општини кои пред востановувањето на катастарот на недвижности биле со пописен катастар и каде процентот на незапишани права е поголем од 20 %. Резултатите од примената на оваа годишна програма не се на задоволително ниво од следните причини:

- незаинтересираност на сите носители на права на сопственост во рамките на катастарската општина за запишување на имотот (процент на странки кои пројавиле интерес се движи 20-30 %);
- голем дел од странките кои се пријавиле за запишување на сопственоста, не знаат каде се наоѓа нивниот имотот;
- подрачните одделенија имаат недостаток од геодетски кадар за теренски премер и изработка на геодетски елаборати.

Со оглед дека досегашниот начин на запишување не ги даде очекуваните резултати, решение за надминување на состојбата е промена на Законот за катастар на недвижности што ќе треба да овозможи пописниот лист со незапишани права да претставува правен основ за запишување во катастарот, т.е. добивање имотен лист. Постапката ќе се врши по службена должност врз основа на Годишна програма – акциски план за 267 катастарски општини со присуство на странка. Законската измена треба да овозможи толеранција на површината до 40 %, но не повеќе од 2.000 метри квадратни. Покрај наведеното, за запишување е потребно странката да има катастарска парцела евидентирана во поседовниот лист во соодветниот блок. За реализација е потребна измена на Законот за катастар на недвижности што ќе овозможи и судска заштита, со која во рок од 3 години лицата кои имаат „појако право“, тоа да можат да го докажат на суд.

Конверзија на податоци од катастар на земјиште во катастар на недвижности за 660 КО

Со методата на конверзија, податоците од катастарот на земјиште се конвертираат во катастар на недвижности. Проблеми кои се јавуваат во катастарските општини во кои е применета оваа метода, е неусогласеноста со фактичката состојба на теренот, како и со незапишаната етажна сопственост.

Програмата опфаќа премер на сите катастарски парцели каде што има неусогласување на конвертираните парцели со фактичката состојба на терен, по барање на странка. За реализација на оваа стартешка цел, слично како и кај систематското запишување, потребна е промена на Законот за катастар на недвижности со што ќе се овозможи приватна геодетска фирма на самото место да направи премер, а притоа странките со записник да дадат изјави со цел утврдување на фактичката состојба и разрешување на проблемот. Предмет на запишување во катастарот во овој случај е фактичката состојба од теренот, потврдена со изјава од странките. Програмата ќе значи активно вклучување на приватниот геодетски сектор како партнер на АКН.

Поединечното излагање на податоците по барање на странка се реализира паралелно со систематското излагање во 1250 катастарски општини

Во оваа постапка поединечни недвижности беа запишувани во катастарот на недвижности, но и до денес овие имотни листови не се усогласени во електронската база на податоци со систематското запишување. И покрај законската обврска за усогласување на поединечниот упис во катастарот на недвижности, сè уште постојат катастарски општини кои не се усогласени бидејќи е потребно подрачните одделенија за катастар на недвижности во рок од 60 дена да го извршат усогласувањето.

Подобрување на квалитетот на податоците во катастарот на недвижности

Кога станува збор за квалитетот на податоците, треба да се има предвид постојната нестандардизирана структура на записите/податоците содржани во катастарот на недвижности.
Со програмата треба да се подобри квалитетот на податоците од семантички аспект што треба да опфати стандардизација на записите во катастарот на недвижности во делот на лични и адресни податоци. Подобрувањето на личните податоци на титуларот-лист А може да се оствари преку електронско поврзување на АКН со Управата за матична евиденција/МВР за физичките лица и Централниот регистар за правните лица, а адресните податоци можат да се подобрат преку електронско поврзување на катастарот на недвижности со податоците за Адресниот регистар. Исто така, потребно е да се изврши усогласување на шифрите во лист А, Б и В за: право на сопственост, намена на објект и посебен дел од објект, катастарска култура и друго.
Средствата за подобрување на податоците во катастарот на недвижности во висина од 62.000.000,00 денари треба да бидат поддржани од АКН. Подобрувањето ќе се реализира во континуитет со секое поднесено барање, но и со системско прочистување. Индикатор е бројот на подобрени имотни листови.

Запишување на осигурителните полиси за недвижен имот во катастарот на недвижности

Осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) е втора позначајна класа во структурата на бруто пласирана премија. Според податоците од Агенцијата за супервизија на осигурувањето, во текот на 2014 година друштвата за застапување во осигурување реализирале вкупно 54.446 договори за осигурување (полиси)

по сите основи. Во катастарот на недвижности има запишано преку 750 илјади објекти што само зборува за фактот дека минорен е бројот на објекти кои се осигурени. Со овој проект се предвидува договорите за осигурување да се прибележат во катастарот на недвижности и на тој начин да се создаде транспарентност и стимулирање на навиките на граѓаните и бизнис-заедницата да се осигурува недвижниот имот со цел негова благовремена заштита.
За да се овозможи внес на овие податоци во катастарот на недвижности, ќе биде потребно да се изврши промена на Законот за осигурување со што ќе се предвиди обврска за осигурителните компании да ги доставуваат осигурителните полиси по електронски пат до Агенцијата и да се прибележат во ИЛ, како и измени на Законот за катастар на недвижности да се создадат предуслови за запишување на овој податок во катастарот на недвижности.
Оваа услуга која предвидува запишување на осигурителните полиси, повлекува и надградба на е-кат системот и поврзување на сите осигурителни компании со е-кат шалтерот.
Со внес на овие осигурителни полиси во катастарот на недвижности ќе се креира база на осигурени станови што ќе им овозможи на корисниците во секое време да извршат увид дали одредена недвижност е осигурана или не.

Запишување гаранција на градба во имотен лист

Секој новоизграден објект треба да има гаранција за негова квалитетна изградба. Гаранцијата е времен карактер. Со оваа функционалност се предвидува гаранцијата за изградениот објект да се прибележува во катастарот на недвижности со што ќе се придонесе за транспарентност и заштита на купувачите при купување недвижости бидејќи однапред ќе имаат информација за должината и видот на гаранцијата на новоизградениот објект.
Треба да се направи измена на следните закони:
Законот за градење во насока да се предвиди гаранција за квалитетот на изградбата, содржината, формата и времетраењето и задолжителност за запишување во јавните книги, Законот за катастар на недвижности во насока на создавање правна можност на запишување на гаранцијата за квалитетна изградба и др.

Запишување на сертификатот за енергетска ефикасност во катастарот на недвижности

Енергетската ефикасност претставува користење на помалку енергија, без да се намали квалитетот на живеење. Порастот на потрошувачката на енергија во Република Македонија во текот на последната деценија е два пати поголем. Причина за тоа е зголемувањето на индустриската активност, застарени технолошки средства и стара инфраструктура што драстично го забрзува неефикасното користење на енергијата.
Спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност ќе резултира со намалување на сметките за електрична енергија, а со запишување на Сертификатот за енергетски карактеристики во катастарот на недвижности. Со тоа ќе се добие транспарентност и секој купувач на објект однапред ќе биде информиран за енергетската ефикасност на објектот кој е предмет на промет.
Енергетскиот сертификат претставува документ во кој се изнесени енергетските карактеристики на зградата. Сертификатите за енергетски карактеристики на зградите се издаваат со период на важност од десет години.

За да се овозможи запишување на сертификатот во катастарот на недвижности, потребно е да се направат законски измени во Законот за енергетика со што ќе се предвиди обврска за запишување на сертификатот за енергетски карактеристики во јавната книга, измени на Законот за градење, во насока сертификатот да биде задолжителен документ кој ќе се доставува за прибележување во Листот за предбележување, како и за укнижување во јавната книга по електронски пат, измени на Законот за КН во насока на создавање на правна можност на запишување на Сертификатот за енергетска ефикасност.
Ќе се запишува времетраењето на сертификатот (почеток и крај на важноста).

Размена на податоци од катастарот на недвижности со базите на недвижнини во општините

Во делот на соработката со ЗЕЛС, потребно е електронско поврзување на АКН со системите на ЗЕЛС со цел подобро и поефикасна пресметка на данок на имот.

Поврзување на системот за издавање градежни дозволи што го користат општините со електронскиот шалтер на АКН

Во делот на е-градежни дозволи, предвидено е поврзување на системот на издавање градежни дозволи што го користат општините со електронскиот шалтер на АКН за директно преземање на потребната документација за предбележување на градбата за која е издадена градежната дозвола. Со тоа, дополнително ќе се олесни и ќе се забрза постапката за поднесување барање за запишување предбелешка од страна на општината до АКН.

Воведена масовна проценка на недвижностите

Воспоставувањето на системот за масовна проценка претставува главна цел на секоја земјишна администрација и економија поради голем број на причини пред сè фер оданочување, транспарентност на пазарот со недвижности, како и развој на пазарот со хипотеки и осигурување.
Ќе се донесе нов закон за масовна проценка, со кој ќе се дефинираат надлежностите на АКН за воспоставување на ефикасен и доверлив систем за масовна проценка. Основа за воспоставување на системот за масовна проценка е Регистарот на цени и закупнини кој континуирано се полни со податоци за недвижностите врз основа на извршените трансакции.
Се предвидува системот за масовна проценка да се состои од три потсистеми:

- собирање податоци за недвижностите и нивна верификација – Регистар на цени и закупнини – потсистемот е воспоставен;
- систем за моделирање и
- систем за масовно вреднување

Согласно со досегашниот прогрес на проектот, во наредните три години се очекува АКН да ја заврши целосно првата и втората фаза од проектот, односно да го одржува и да го дополнува Регистарот на цени и закупнини и да го воспостави системот за моделирање, односно да изгради доволна база на податоци за недвижностите кои ќе се користат за воспоставување модели од веќе направен софтвер.

Средствата за реализација на проектите за: ажурирање на катастарските парцели втора фаза, ласерско скенирање на територијата на Република Македонија, 3Д катастар на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти, Адресен регистар, Масовна проценка, Премер на инфраструктури во државна и општинска сопственост, ќе се финансираат дел од Буџетот на АКН, а дел ќе се финансира преку средства од достапните фондови на ЕУ, Светска банка и други финансиски меѓународни институции.

Одржување на современа геодетската референтна основа и воспоставен ETRS89-координатен систем

Во периодот 2017-2019 година АКН ќе продолжи со реализација на активности поврзани со надградба на геодетската референтна инфраструктура и усогласување со современите меѓународни стандарди.

АКН ќе работи на создавање предуслови за воведување во официјална употреба на европскиот ETRS89-координатен систем во Република Македонија којшто нашата земја е должна да го имплементира како кандидат за членство во ЕУ.

Националните геодетски референтни мрежи коишто АКН ги воспостави и ги одреди во изминатиот период, со спроведување специјални мерни кампањи ќе бидат поврзани со соодветните геодетски мрежи на соседните земји и вклопени во европските геодетски референтни рамки.

Пред ставањето во официјална примена на новите национални геодетски референтни мрежи ќе претходи процес на нивно поврзување со локалните геодетски мрежи, процес на датумска трансформација на постојните податоци, промена на законската и/или подзаконската регулатива и едукација на засегнатите страни за правилна примена на новите геодетски референтни системи во практиката.

Новите национални геодетски референтни мрежи ќе бидат предмет на редовно одржување со цел да се задржи и да се подобри нивната функционалност.

Врз основа на претходно изготвената стратегија АКН ќе спроведе и активности за одредување прецизен геоид за територијата на Република Македонија и примена во геодетската практика, со цел да се подобри квалитетот на геопросторните податоци коишто се добиваат во постапките на премерување со примена на методите на глобално сателитско позиционирање.

Согласно со модерните европски трендови ќе се изработи и проект за воспоставување повеќенаменска комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред) на територијата на Република Македонија којашто покрај стандардните геодетски потреби, долгорочно ќе служи и за следење на геотектонските движења на Земјината кора.

Во периодот 2017-2019 година АКН континуирано ќе работи на вршење премер во функција на запишување недвижности сопственост на Република Македонија, како и геодетски работи за посебни намени кои се од интерес за Република Македонија, утврдени со одлуки донесени од Владата на Република Македонија (изготвување ажурирани геодетски подлоги, нумерички податоци за недвижности, етажен премер на објекти и друго).

Согласно со одредбите од Законот за катастар на недвижности, АКН ќе ги врши работите поврзани со премерот, обележувањето, одржувањето и обновувањето на граничните белези и граничната линија на државната граница, според програмата утврдена од страна на Министерството за надворешни работи, како надлежно министерство.

Изработени ситноразмерни топографски и наменски карти

Во периодот 2017 – 2019 година АКН ќе ја комплетира изработката на дигитални среднаразмерни и ситноразмерни топографски карти во размер 1:100000, 1:200000, 1:500000 и 1:1000000 со што ќе се заокружи сетот на топографски карти за територијата на Република Македонија во сите основни размери.
Врз основа на податоците од новото ортофото снимање на територијата на Република Македонија коешто е планирано да се реализира во текот на 2017 година, АКН ќе отпочне со постапка за ажурирање на податоците од топографската карта во размер 1:25000, како основна државна карта за ГИС во Република Македонија. Паралелно ќе се работи на автоматизирање на процесот на изработка на топографски карти во поситни размери со примена на искуствата од напредните европски земји, пред сè на Холандија, како и на изработка на одредени наменски карти.
Во периодот што следува АКН ќе работи на градење капацитети кои ќе овозможат примена на далечинската детекција и другите современи мерни технологии со кои на брз и ефикасен начин се доаѓа до ажурни геопросторни податоци во функција на брзо изготвување картографски производи на локално и државно ниво. Во таа насока се планира изработка на студија која ќе има цел да ја утврди потребата од воспоставување современ центар за обработка на податоци од сателитски снимки, снимки направени со беспилотни летала, ласерски скенери и сл., како и потребните ресурси за негово воспоставување (човечки, технички и финансиски).
АКН ќе продолжи активно да учествува и во изготвувањето и одржувањето на паневропските Eurogeographics производи: EBM (EuroBoundariesMap, ERM (EuroRegionalMap) и EGM (Euro Global Map), како и во изготвувањето на глобалната карта на светот - Global Map, чијашто изработка почнувајќи од 2016 година ќе биде координирана од Обединетите нации.
Во рамките на ИМПУЛС-проектот, финансиран од шведската влада, ќе се продолжи со хармонизација на основните сетови картографски податоци согласно со INSPIRE-директивата и изработка на соодветни метаподатоци.

Одржување катастар на инфраструктурни објекти и премер на инфраструктури во државна и општинска сопственост

По воспоставување на системот за запишување на инфраструктурните објекти, создадени се сите правни и технички услови за запишување на сите типови инфраструктурни објекти од областа на: сообраќајна инфраструктура, водоводна инфаструктура (примарна и секундарна мрежа), канализациона инфраструктура, енергетска инфраструктура, електронско-комуникациска инфраструктура и друг вид инфраструктура (ДВИ). Имајќи ја предвид важноста дека сите постојни инфраструктурни објекти кои се во државна, односно општинска сопственост, треба да бидат запишани во катастарот на инфраструктурни објекти, потребно е да се изврши премер на целокупната инфраструктура што е во државна, односно општинска сопственост. Со проектот се очекува да се премерат и да се запишат:

- патна инфраструктура со вкупна должина од 14.182 km, од кои 242 km се класифицирани како автопатишта, 911 km се магистрални патишта, 3.771 km регионални, а 9.258 km се локални патишта (http://www.roads.org.mk/221/patna-mreza);

- железничката инфраструктура со вкупна должина од 925 km (http://www.mzi.mk/index.php?pagename=services&cat=12);
- фекална канализациона мрежа со вкупна должина од 695 km и атмосферска канализациона мрежа 262 km за градот Скопје (https://www.vodovod-skopje.com.mk/MK/delovnost/servisni_informacii.aspx?AspxAutoDetectCookieSupport=1);
- фекална канализациона мрежа со должина од 3000 km и атмосферска канализациона мрежа со должина од 1200 km за другите Единици на локалната самоуправа;
- водоснабдување со пивка вода со должина од 1085 km за градот Скопје (https://www.vodovodskopje.com.mk/MK/delovnost/servisni_informacii.aspx?AspxAutoDetectCookieSupport=1);
- водоснабување со пивка вода со должина од 2535 km за другите Единици на локалната самоуправа;
- 450 km канали за наводнување, одводнување и дотур на вода и
- 10000 km други типови инфраструктури во државна сопственост

Со реализација на овој проект ќе се добие јасна слика за целокупната инфраструктура во државата со што ќе се олесни планирањето на идните инфраструктури и тие ќе се заштитат од можни оштетувања. Покрај државата и општините, се очекува придобивки да имаат и инвеститорите бидејќи точно ќе знаат каде поминуваат инфраструктурните објекти при планирање на инвестицијата, а придобивките за граѓаните ќе бидат во делот на намален број ненајавени прекини заради оштетување на подземната инфраструктура, како и регулирање на службеноста на инфраструктурните објекти кои поминуваат или се во нивните парцели/објекти.

Воспоставен 3Д катастар – дигитални етажни скици на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти

Идентификацијата и соодветната регистрација на нумеричкиот и графичкиот дел на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти, како и правата врз истите, е од големо значење за ефикасно и ефективно управување со катастарскиот систем во Република Македонија. Моменталниот начин на управување овозможува ефикасно одржување на алфанумеричките податоци за згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти, но тоа не се однесува на графичките податоци кои сè уште не се дел од електронскиот катастар. Токму поради оваа причина, како дел од стратегијата на АКН (АКН) на Република Македонија за 2017-2019 година е воспоставување 3Д катастар на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти, односно воведување точна 3Д геопросторна информација. Со воспоставување 3Д катастар ќе се постигне подобрување на сегашниот концепт на регистрирање на зградите, посебните и заедничките делови од зградите и другите објекти како дел од катастар на недвижности, како и правата кои се запишуваат. Тоа подобрување се однесува пред сè на графичките и атрибутните податоци за згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти, подобрување на методологијата за прибирање, евиденција и регистрирање на овие податоци, подетална разработка на законските и подзаконските нормативи, како и изработка на најразлични геопросторни анализи за потребите на катастарот и урбанистичкото планирање.

Со цел да се осигура квалитет на податоците кои ќе се запишуваат во 3Д катастарот, се предвидува воведување геодетски проект кој ќе го изработува
овластен геодет паралелно со изградбата на објектот. Со тоа ќе се обезбедат точни и прецизни тридимензионални податоци за карактеристичните точки на секој од објектите и посебните делови на објектот за секој кат одделно.
Сево ова ќе влијае позитивно на пазарот на недвижности и бизнис-секторот кој дејствува во овој домен како резултат на воведување одредена точна геолокација и единствена нумерација на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти.
Воспоставувањето на 3Д катастар ги опфаќа следниве активности: изготвување бизнис-план за воспоставување 3Д катастар, изготвување софтверски решенија, менување законски и/или подзаконски нормативи и методологии, прибирање податоци од терен, регистрација и издавање податоци од катастарот на недвижности.

АКН координатор на НИПП активностите во Република Македонија

Со НИПП се овозможува зголемување на ефикасноста, подобрување на достапноста и квалитетот на геоинформациите, размена на податоци за подобро планирање и донесување одлуки, на национално и локално ниво, а со тоа и стимулирање на иновациите и поддржување на Проектот за интероперабилност во рамките на проектот за е-Влада. НИПП го поддржува справувањето со кризни ситуации, планирањето и управувањето со транспортот и врските, рационалното управување со ресурсите и нивната заштита, како и меѓународната соработка и приклучување кон паневропските ИПП коишто се развиваат како дел од INSPIRE-директивата на Европската Унија.
Во периодот 2017-2019 АКН ќе работи на ажурирање на Стратегијата за НИПП со финансиска поддршка од Кралството Холандија, а во соработка со холандскиот катастар. Во оваа постапка ќе бидат вклучени субјектите во НИПП, преку воспоставените работни групи.
Паралелно со оваа актвност АКН и субјектите во НИПП континуирано ќе работат на имплементација на Законот на НИПП во делот на креирање метаподатоци, хармонизација на геопросторните податоци согласно со техничките спецификации кои произлегуваат од INSPIRE-директивата, како и на изработката на веб-услуги.

Управување со Графички регистар на градежно земјиште

Графичкиот регистар за градежно земјиште ќе воведе стандардизација на урбанистичките планови во ГИС формат што е предуслов да се овозможи преглед на целокупната урбанистичко-планска документација за целата територија на Република Македонија, како и издавање Извод од урбанистички план за граѓаните и за компаниите веднаш на шалтер или преку е-шалтер, како и брзо запишување на градежното земјиште во катастарот на недвижности.
Со формирањето на Регистарот на градежно земјиште и неговото поврзување со дигиталните катастарски планови ќе има податоци, и тоа: колку има градежно земјиште во Република Македонија, кое е изградено, а кое не е изградено, во чија сопственост е земјиштето итн. Графичкиот регистар за градежно земјиште во комбинација со другите просторни податоци овозможува многу подобро планирање на просторот и заштита на животната средина во Република Македонија.

АКН во периодот од 2017 до 2019 година планира системот да го надгради со функционалности за изработка на дигитални геодетски елаборати за нумерички податоци. Системот ќе биде надграден со модул за приватните геодетски фирми и АКН кои изработуваат елаборати за ажурирана геодетска подлога со што ќе се овозможи на планерите директен увид во ажурираната подлога и податоците од катастарот на недвижности во фазата на изработка на урбанистичкиот план и урбанистичко-планската документација.
Планирана е надградба на системот со функционалности за стандардизација и приказ на инфраструктурните проекти со што секој тип на инфраструктура ќе има точно дефиниран слој и атрибути кои го дефинираат системот.
Се планира поврзување на системот за Графичкиот регистар за градежно земјиште со катастарот на недвижности за поефикасно спроведување на промените во културите на парцелита по основ на усвоен урбанистички план и урбанистичко-планските документации.
Податоците од ГРГЗ ќе бидат достапни за јавен увид преку дистрибутивниот систем на АКН.

Ортофото снимање и ласерско скенирање на целата територија на Република Македонија

Проектот за ортофото снимање и ласерско скенирање на територијата на Република Македонија е дел од Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2014-2018 година. Целта е да се изготват нови прецизни дигитални ортофото карти и висински модели на теренот коишто ќе најдат широка примена во катастарот, урбанизмот, земјоделството, заштитата на животната средина, кризниот менаџмент, одбраната и во други области каде што се користат геопросторните податоци. Средствата за реализација на проектот во износ од околу 2,5 милиони евра, планирано е да се обезбедат од ИПА 2 фондовите и од донации.
За активностите поврзани со ортофото снимање, на територијата на Република Македонија веќе се обезбедени средства од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во износ од околу 700.000 евра во рамките на ИПА ТАИБ националната програма за 2012 година и во тек е постапка за јавна набавка по ПРАГ-правилата на ЕУ. За активностите кои се поврзани со ласерското скенирање, на територијата на Република Македонија е потребно да се обезбедат дополнителни финансиски средства во висина од околу 1,8 милиони евра, од други извори.

Воспоставен Адресен регистар

Со Законот за катастар на недвижности АКН ја прошири својата надлежност со воспоставување и управување со Графичкиот регистар на улици и куќни броеви како дел од Адресниот регистар на Република Македонија.
Работна група составена од претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Управата за водење матични книги, Централниот регистар и АКН, како и претставници од ЗЕЛС и Градот Скопје ги утврди потребните активности за воспоставување Адресен регистар на национално ниво со вклучен геопросторен податок за адресите.
За воспоставување на Адресниот регистар потребно е да се изработи новиот закон за Адресен регистар што ќе биде усогласен со INSPIRE data specification on addresses-D2.8.I.5 Спецификација за адресни податоци - технички упатства, како и измени и дополнување на останатите законски и подзаконски акти кои се референцираат на него.

Планирана е изработка на софтверско решение за Адресниот регистар кое ќе биде реализирано како надградба на е-кат системот со модул за адресни податоци со вклучена графика за улици и куќни броеви, поврзана со графичките податоци од катастарските планови и податоците за адреси евидентирани во имотните листови. Промената на адресните податоци во Адресниот регистар ќе биде директно спроведена во катастарот на недвижности. За воспоставување на Адресниот регистар предвиден е теренски увид и прибирање адресни податоци со што ќе се утврди кој модел на адресирање ќе се примени во конкретното населено место, а притоа да се задоволат пропишаните стандарди со минимален финансиски импакт. Врз основа на воспоставениот Адресен регистар за населеното место ќе се направи нумерирање и обележување на утврдените адреси на терен.

Зајакнување на институционалните капацитети на АКН и соработка на национално и меѓународно ниво:

- нова законска регулатива за АКН и за новите надлежности;
- едуциран и високомотивиран кадар;
- ефективно управување со бизнис-процеси;
- трансформација во самофинансирачка институција;
- формирање центар за консултантски услуги и обуки;
- обучен кадар и обучени професионални корисници;
- регионализација на АКН
- поврзување на катастарот со европските катастри (ЕУЛИС - EULIS)
- поврзување на националниот портал на просторни податоци на АКН со порталите од регионот
- превод на 2 милиони тапии

Со овој приоритет се обезбедува институционален развој и поддршка за градење на капацитетите во АКН, со цел постигнување на ефикасни и соодветни услуги за јавноста и професионалната заедница. АКН е институција која е сè повеќе деловно насочена и ориентирана кон задоволување на потребите на клиентите. Целта на АКН е да стане поефикасна во задоволувањето на потребите и барањата на клиентите, вклучувајќи ги Владата, бизнис-корисниците и јавноста.

Регионализација на АКН

Заради намалување на трошоците на Агенција за катастар на недвижности, унифицираност во работењето и рамномерна распределба на работните задачи, АКН планира проект за регионализација со кој наместо досегашните триесет подрачни одделенија за катастар на недвижности на ниво на Република Македонија, ќе вопостави осум регионални центри за катастар на недвижности вклучувајќи го и Центарот за катастар на недвижности – Скопје.
Со овој проект АКН ќе ги следи начелата за развој на модерна, ефективна и економична администрација со високо ниво на етика, поголема примена на современите информациски и комуникациски технологии и постојано подобрување на услугите.
За таа цел е потребно да се формира работна група којашто ќе направи соодветна анализа во соработка со надворешен консултант и ќе биде основа на којашто ќе се изготви предлог-стратегија. Во стратегијата ќе бидат утврдени активностите што треба да бидат преземени, потребните ресурси (човечки и финансиски), како и временската рамка во која ќе се реализираат активностите.

Поврзување на катастарот со европските катастри (ЕУЛИС - EULIS)


АКН пристапи кон членство во Европската групација на економски интереси (ЕГЕИ). Европската групација на економски интереси е формирана согласно со корпоративниот договор на ЕЕГИ на 3 март 2011 година и е регистрирана како правен субјект во Холандија. Целта на постоењето на оваа асоцијација е воспоставување европски сервис за земјишни информации што обезбедува единствен пристап до европските електронски информации сврзани со недвижностите. АКН смета дека зачленувањето во едно вакво меѓународно здружение ќе обезбеди интегрирање на АКН кон ЕУЛИС-платформата што ќе овозможи пристап до услугите и сервис за недвижностите од националните портали преку еден единствен портал. Развојот на транснационалната размена на информации за недвижностите од националните регистри и нивно интегрирање во поширок европски контекст позитивно ќе влијаат на понатамошниот развој на пазарот на недвижности врз бизнис-секторот, со тоа придонесувајќи кон севкупниот економски развој на државата.

За да се реализира целосно поврзувањето со порталот на ЕУЛИС, потребни се следни чекори:

- Воспоставување комуникација преку веб-сервиси помеѓу АКН и ЕУЛИС со цел да се овозможи пристап до податоци за корисниците
- Транслитерирање на податоците од катастарот на недвижности и превод на одреден дел од шифрарниците во катастарот на недвижности

Поврзување на националниот портал на просторни податоци на АКН со порталите од регионот

АКН и националните агенции за катастар и геодезија од регионот на Западен Балкан, и тоа: Агенција за катастар на Косово, Централната управа за запишување недвижен имот на Република Албанија, Националната управа за геопросторни информации во Албанија, Сојузната управа за геодетски и имотни односи на ФиХ, Републичкиот завод за геодетски и имотни работи на Република Српска, Директоратот за недвижности на Република Црна Гора и Републичкиот геодетски завод на Република Србија во соработка со Шведскиот катастар - Lantmäteriet како твининг партнер и Државната геодетска управа на Република Хрватска како јуниор партнер го имплементираа проектот - ИМПУЛС - Cooperation in the Western Balkan region - Infrastructure for Spatial Information in the region of Western Balkan (IMPULS). Проектот е финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународен развој - Сида и се однесува на имплементација на INSPIRE-директивата, како и развивање инфраструктура со цел меѓугранична размена на геопросторни податоци преку креирање сервиси со цел ефикасно испорачување на услугите во согласност со стандардите на INSPIRE кои го поддржуваат зајакнувањето на регионалната соработка. Регионалното поврзување на НСДИ-геопорталите ќе се заснова на националните геопортали при што ИНСПИРЕ претставува референтна рамка при креирањето на сервисите.



За тестирање на вака воспоставената инфраструктура се идентификувани податоци кои се од интерес на земјите од регионот и се дел од анексите на ИНСПИРЕ-директивата. Преку имплементација на пилот-проектите – use case ќе се овозможи пребарување на податоците барем помеѓу 2 држави преку користење на националниот портал кој е поврзан со националниот портал од соседството. Во моментот се прави тестирање на пилот-проект за кризен менаџмент со можност за пребарување на 4 теми административни единици дигитален модел на терен, ортофото и географски имиња преку сервисите за преглед на податоците и преземање (view and to download the data). За таа цел потпишан е и регионален договор за размена на податоци и сервиси меѓу земјите од Западен Балкан.
Овој проект е планирано да се имплементира до средината на 2018 година.

Превод на 2 милиони тапии

АКН во текот на 2014 година, во рамките на потпишаниот Меморандум за разбирање со Генералниот директорат за земјишна регистрација и катастар на Република Турција, презема мобилен хард диск со податоци од таписката евиденција. Податоците кои ги содржи мобилниот хард диск се однесуваат на примероци од таписката евиденција за административни единици која ја опфаќаат територијата на денешна Република Македонија. Преземениот материјал содржи околу 500.000 листови, односно вкупно 957 записи пишувани на старотурски јазик со арапско писмо. Кон крајот на 2014 година работната група составена од стручни лица од АКН, Државниот архив на Република Македонија и Институтот за национална историја го започна пилот-проектот Таписка книга – 788. Во рамките на овој пилот-проект се преведени, се обработени и се анализирани вкупно 5147 записи кои се однесуваат на каза Гевгелија - Солунскиот вилает. Работниот процес се одвива во период од декември 2014 година до мај 2015 година.
По извршената анализа работната група подготви акциски план за превод, обработка и анализа на целокупниот историски материјал. Земајќи предвид дека станува збор за околу 2 .000.000 записи и доколку се обезбедат сите финансиски и организациски услови, времетраењето за реализација на преводот, обработката на целиот материјал би се одвивал во период од 7 до 10 години и би чинел околу 5,2 милиони евра. Министертсвото за образование и наука на Република Македонија доделува стипендии за студирање старотурски јазик, па претпоставка е дека за 2-3 години бројот на ангажирани преведувачи би можел да порасне до 7-8 лица. Во моментот достапни за превод се тројца овластени преведувачи.
Доколку овој проект со расположливите ресурси би се одвивал во период од 10 години, за да се реализира е потребно да се обезбедат по 500.000 евра годишно за превод, анализа и обработка и 200.000 евра за развој и имплементација на софтверско решение.
Овој проект е од огромно значење за АКН бидејќи ќе се овозможи проширување на базата на податоци за речиси 100 години наназад, а за Државниот архив ќе се обезбеди документација што ќе биде дел од архивските фондови и со тоа ќе се зголеми интересот за научни истражувања. Имајќи го предвид значењето на оваа документација за Република Македонија, како во научна така и во историска смисла сметаме дека не смее да остане неистражена, од причина што тоа е богатство кое ретко се добива и кое е дел од историјата на државата, па во таа насока мора да го добие и заслужениот третман.

8. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

8.1 *А: Оправданост и дизајн на Програмата*

1.Образложение: Програмата „Маркетинг и комуникација“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА:поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: - отворена, кориснички ориентирана организација; - континуирано информирање на корисниците на услугите и производите, како и на целните групи, и тоа граѓаните и професионалните корисници и медиумите за развојните програми и цели кои се насочени кон достава на услуги на начин соодветен на нивните потреби, - градење на имиџ на современа агенција која работи на својот развој и - подобрување на функционалностите на Контакт Центарот и квалитетот на услугите добиени од Контакт Центарот	
Назив на програмата: „Маркетинг и комуникација“	Цел на Програмата: Зголемена информираност и задоволство на корисниците
Показатели за успех на Програмата: Зголемување на задоволството на корисниците од моменталната просечна оценка 3,9 на просечна оценка над 4,5 во скала на задоволство од 1 до 5.	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: Задоволни корисници	Показател за успешност: Оценка повисока од 4,5

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	Човечки	финансиски МКД
1. Изготвување маркетинг стратегија и план за имплементација	Сектор за кординација на национални и меѓународни активности	надворешни корисници	јануари 2017 континуирано	континуирано	надворешен изведувач	1.000.000,00 Надворешен изведувач
2. Спроведување контрола и надзор	Сектор за контрола и надзор	АКН /професионалните корисници	континуирано	континуирано	АКН	2.400.000,00
3. Хелп Центар фаза 2 (надградба на софтверот со нови модули)	Сектор за внатрешна контрола/ Одделение за грижа на корисници	професионалните корисници / АКН	март 2017	декември 2017	надворешен изведувач	2. 300.000,00
4. Анкети преку инфо центарот квартални/полугодишни анкети	Сектор за внатрешна контрола	вработените во АКН и корисниците на услугите	континуирано	континуирано	Одделение за грижа на корисници	/
5. Јавна кампања	Сектор за планирање Сектор за кординација на национални и меѓународни активности	вработените во АКН и корисниците на услугите	јануари 2017	континуирано	надворешен изведувач	
Вкупно за резултат 1:						**5.700.000,00**

8.2	***А: Оправданост и дизајн на Програмата***
1.Образложение: Програмата „ Ажурирање во КН“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА: поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: - Ажурирање на катастарските парцели втора фаза (ажурирање на податоците од систематско излагање, ажурирање на податоците од конверзија), - Премер на инфраструктури во државна и општинска сопственост и - Подобрување на квалитетот на податоците на катастарот	
Назив на програмата: „ Ажурирање во КН “	Цел на Програмата: Ажурни податоци во ГКИС
- Показатели за успех на Програмата: број на ажурирани КО, број на премерени КП, број на запишани инфраструктурни објекти, број на подобрени ИЛ	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: % на ажурирани КО и КП	Показател за успешност: Процент на ажурирани КО и КП
Резултат 2: Премерени инфраструктури во државна и општинска сопственост	Показател за успешност: Количина на премерени и запишани инфраструктурни објекти
Резултат 3: Повисок квалитет на податоци во КН	Показател за успешност: Процент на подобрени податоци по катастарски општини и по имотни листови

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Ажурирање на 1250 КО -премер на 17.000 кп	7 регионални центри и Центар за КН-Скопје	АКН	јуни 2017	декември 2019	внатрешни и надворешни	АКН 15.000.000,00
2. Ангажирање на 100 лица од геодетска струка	7 регионални центри и Центар за КН-Скопје	АКН	јуни 2017	декември 2019	внатрешни и надворешни	АКН 38.000.000,00
3. Набавка на геодетска опрема и возила	АКН	АКН	јуни 2017	декември 2019	надворешни	АКН 24.000.000,00
4. Ажурирање пописен катастар 267 КО	АКН и 7 регионални центри	АКН	јуни 2017	декември 2019	внатрешни	АКН 5.000.000,00 -
5. Ажурирање на податоци на катастарки општини стапени по пат на конверзија	АКН	АКН и други министерства	јуни 2017	континуирано	надворешни	планирано да се обезбедат од други фондови 533.000.000,00
Вкупно за резултат 1:						**АКН 82.000.000,00+ Фондови 533.000.000,00= 615.000.000,00**

Резултат 2: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Премер на инфраструктурни објекти во државна и општинска сопственост	АКН/ засегнати страни	МТВ, Зелс, ЈП за државни патишта,	јануари 2017	континуирано	надворешни изведувачи – АКН координатор	планирано да се обезбедат од други фондови 307.500.000,00
Вкупно за резултат 2:						**307.500.000,00**

Резултат 3: План за спроведување

Активностна	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Подготовка и анализа на акциски план во функција на подобрување на квалитетот на податоците на катастарот -	7 регионални центри и Центар за КН-Скопје	АКН/Засегнати корисници	јануари 2017	декември 2017	внатрешни и надворешни	АКН 1.000.000,00
2.Усогласување на податоци (канцелариски и системски)	АКН и 7 регионални центри Центар за КН-Скопје	надворешни корисници	јануари 2017	континуирано	внатрешни и надворешни	АКН 22.000.000,00
Вкупно за резултат 3:						**23.000.000,00**

8.3	***А: Оправданост и дизајн на Програмата***
1.Образложение: Програмата „ Проширување на базата на КН“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА: поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: - Запишување на осигурителните полиси за недвижен имот во катастарот на недвижности, - Запишување на гаранција на градба во катастар на невижности, - Запишување на серитифкатот за Енергетската ефикасност во катастар на недвижности и - Одржување и надградба на дистрибутивен систем на АКН (OSSP)	
Назив на програмата: „ Проширување на базата на КН “	Цел на Програмата: Проширување на базата на КН преку додавање на нови податоци
- Показатели за успех на Програмата: Број на запишани осигурителни полиси, број на запишани гаранции, број на запишани сертификати за енергетска ефикасност и број на издадени производи и сервиси	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: оперативен систем за запишување на осигурителни полиси	Показател за успешност: Број на запишани осигурителни полиси
Резултат 2: оперативен систем за запишување на гаранции на градба Воведени нови функционалности во КН	Показател за успешност: Број на запишани гаранции
Резултат 3: оперативен систем за запишување на сертификат за енергетска ефикасност	Показател за успешност: Број на запишани сертификати за енергетска ефикасност
Резултат 4: Оперативен и функционален дистрибутивен систем	Показател за успешност: број на издадени производи и сервиси

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. надградба на екат системот	Акн и работна група за електронски катастар	Осигурителни компании/Агенција за супервизија на осигурување	јануари 2018	октомври 2018	АКН/ работна група за електронски катастар	615.000,00
2. Електронско поврзување на осигурителните компании со електронски катастар	ИТ сектор	корисниците	октомври 2018	декември 2018	вработени од ИТ Сектор	/
Вкупно за резултат 1:						**615.000,00**

Резултат 2: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Дефинирање на процедура и надградба на екат системот	АКН и работна група за електронски катастар	МТВ	јануари 2017	декември 2017	АКН/ работна група за електронски катастар	615.000,00
Вкупно за резултат 2:						**615.000,00**

Резултат 3: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Дефинирање на процедура и надградба на екат системот	АКН и работна група за Електронски катастар	Министерство за економија/МТВ	јануари 2018	декември 2018	АКН/ работна група за Електронски катастар	615.000,00
Вкупно за резултат 3:						**615.000,00**

Резултат 4: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. превентивно и адаптивно одржување на електронски катастар и електронски шалтер	АКН и работна група за Електронски катастар	АКН и работна група за Електронски катастар	јануари 2017	декември 2019	надворешни изведувачи – АКН координатор	45.000.000,00
2. превентивно и адаптивно одржување на дистрибутивен систем	АКН и работна група за дистрибутивен систем	АКН и работна група за дистрибутивен систем	јануари 2017	декември 2019	надворешни изведувачи – АКН координатор	6.000.000,00
3. Студија за disaster recovery data center и процедура за опоравување од катастрофи	АКН	АКН, ЦКН и 7 регионални центри	јануари 2017	декември 2019	надворешни изведувачи	1.000.000,00
Вкупно за резултат 4:						**52.000.000,00**

8.4	***А: Оправданост и дизајн на Програмата***
1.Образложение: Програмата „ Нови функционалности во ГКИС“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА: поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: Институционален развој - Графички регистар за градежно земјиште - 3Д катастар - Адресен регистар - Масовна проценка	
Назив на програмата: „ Нови функционалности во ГКИС “	Цел на Програмата: Воведување на нови регистри и системи во функција на подобрување на услугите на АКН
Показатели за успех на Програмата: - воспоставен и оперативен графички регистар за градежно земјиште, воспоставен систем за дигитално запишување на етажните скици (3Д катастар), воспоставен адресен регистар на цела територија на РМ и успешно воведување на масовна процнека	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✓ вертикална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: стандардизирани урбанистички планови во ГРГЗ	Показател за успешност: број на градежни парцели во ГРГЗ
Резултат 2: Воспоставен 3Д катастар	Показател за успешност: Број на запишани градби со дигитални етажни скици во 3Д кататсарот
Резултат 3: Воспоставен и оперативен адресен регистар	Показател за успешност: Број на населени места во кој е воспосатвен адресен регистар
Резултат 4: Воспоставена масовна проценка за целата територија на РМ	Показател за успешност: Број на дефинирани зони на масовна проценка за цела територија на РМ со просечни цени на недвижностите во зоната

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Систем за графички регистар за градежно земјиште (превентивно и адаптивно)	АКН, ЦКН Скопје, 7 регионални центри	МТиВ, КОмора на овластени архитекти и инженери	јуни 2017	декември 2019	внатрешни	5.000.000
Вкупно за резултат 1:						**5.000.000**

Резултат 2: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1.Развој и имплементација на 3Д катастар	АКН, ЦКН Скопје, 7 регионални центри	АКН, Градежен факултет, КОИА	февруари 2017	декември 2018	надворешен изведувач	8.600.000,00
2.Изработка на законски и подзаконски акти	АКН	МТиВ, Комора на овластени геодети	јануари 2017	декември 2017	внатрешни	/
3.запишување на градби во 3д катастар	АКН, ЦКН Скопје, 7 регионални центри	АКН	декември 2018	континуирано	внатрешни	/
Вкупно за резултат 2:						**8.600.000,00**

Резултат 3: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Развој и имплементација на системот за Адресен регистар	АКН, ЦКН Скопје, 7 регионални центри	МТиВ, МВР, ЦРМ, ЗЕЛС,	ноември 2016	декември 2018	внатрешни	15.500.000,00
2. Теренско прибирање на постоечки адреси и утврдување на адресни податоци за секое населено место во РМ	АКН	МТиВ, ЗЕЛС, ЦРМ	декември 2016	декември 2019	надворешни	61.500.000,00 Други надворешни фондови
Вкупно за резултат 3:						**АКН 15.500.000,00+ Фондови 61.500.000,00= 77.000.000,00**

Резултат 4: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1. Изработка на систем за пресметка на зоните на масовна проценка	АКН	Комора на проценители, ..	април 2017	јуни 2019	надворешни	15.000.000,00
2. Теренеско прибирање на податоци за масовна проценка	АКН	Комора на проценители	јануари 2017	декември 2019	надворешни	61.500.000,00 Други надворешни фондови
Вкупно за резултат 4:						**АКН 15.000.000,00+ Фондови 61.500.000,00= 75.500.000,00**

8.5	***А: Оправданост и дизајн на Програмата***
1.Образложение: Програмата „Основни геодетски работи и картографија“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА:поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: - воспоставена современа геодетска референтна инфраструктура, - извршено ортофото снимање и ласерско скенирање на целата територија на РМ, - изработени средноразмерни и ситноразмерни топографски карти и наменски карти и - воспоставен и ставен во примена ETRS89 координатен систем	
Назив на програмата: „Основни геодетски работи и картографија“	Цел на Програмата: Воспоставени геодетски референтни мрежи по меѓународни стандарди во функција на примена на современи мерни технологии и Изработени топографски и наменски карти согласно потребите на пазарот
Показатели за успех на Програмата: Воспоставени и ставени во примена современи геодетски референтни мрежи и изработени средноразмерни и ситноразмерни топографски карти и наменски карти	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ✔ хоризонтална ✔ вертикална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: - функционалност и одржливост на МАКПОС системот - воспоставени современи геодетски референтни мрежи на целата територија на РМ - одреден прецизен геоид за територијата на РМ	Показател за успешност: - зголемен број на регистрирани корисници на МАКПОС системот - ставени во примена и редовно се одржуваат активната и пасивната GNSS мрежа, нивелманската мрежа од висока точност и основната гравиметриска мрежа - ставен во примена прецизен геоид за територијата на РМ

Резултат 2: - извршено ортофото снимање и ласерско скенирање на територијата на Република Македонија	- изработени ортофото-карти и дигитален модел на теренот за целата територија на Република Македонија
Резултат 3: - изработени среднoразмерни и ситноразмерни топографски карти и наменски карти - направен избор на оптимална картографска проекција за територијата на РМ која што ќе го следи ETRS89 координатниот систем - утврдена потреба за воспоставување центар за обработка на податоци од сателитски снимки, снимки направени со беспилотни летала (дронови) и ласерски скенери	Показател за успешност: - број на изработени карти (процент на покриеност на територијата на РМ) - ставена во примена оптимална картографска проекција за територијата на РМ која што ќе го следи ETRS89 координатниот систем - изготвена студија за воспоставување центар за обработка на податоци од сателитски снимки, снимки направени со беспилотни летала (дронови) и ласерски скенери
Резултат 4: - воспоставен ETRS89 координатен систем	Показател за успешност: - ставен во примена ETRS89 координатен систем

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. Одржување на МАКПОС системот	Сектор за геодетски работи	АКН	континуирано	континуирано	надворешен изведувач	18.000.000,00
2. Одржување на националните геодетски референтни мрежи	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2017	континуирано	надворешен изведувач	8.000.000,00
. Одредување на прецизен геоид за територијата на РМ	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2017	декември 2017	надворешен изведувач	1.500.000,00
4. Изработен проект за комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред) на територијата на РМ	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2018	декември 2019	надворешен изведувач	1.000.000,00
Вкупно за резултат 1:						**28.500.000,00**

Резултат 2: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1.Ортофото и ласерско скенирање на територијата на РМ - хоризонтална програма	МЗШВ/АКН	МЗШВ/ АКН /донации/	јануари 2017	декември 2019	надворешен изведувач	155.000.000,00 Други фондови
Вкупно за резултат 2:						**155.000.000,00**

Резултат 3: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	Човечки	Финансиски МКД
1. Изработка на топографска карта на РМ во размер 1: 100 000 и 200 000	Сектор за геодетски работи	АКН	во тек	јуни 2018	внатрешни	1.500.000,00
2. Изработка на топографска карта на РМ во размер 1: 500 000 и 1 000 000	Сектор за геодетски работи	АКН	јуни 2018	декември 2019	внатрешни	500.000,00
3. Ажурирање на податоците од топографската карта во размер 1:25000	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2019	континуирано	внатрешни	2.000.000,00
4. Изготвување и одржување на паневропски (Eurogeographics) картографски продукти и Глобална карта на светот во делот кој ја покрива територијата на РМ	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2017	декември 2019	внатрешни	1.000.000,00

5. Хармонизација на картографските сетови на податоци во согласност со INSPIRE директивата и изработка на соодветни метаподатоци - активност поврзана со НИПП	Сектор за геодетски работи	АКН/ИМПУЛС	Во тек	континуирано	внатрешни	3.000.000,00
6. Изработка на топографски карти по НАТО стандарди	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2018	декември 2019	внатрешни / надворешен изведувач	3.000.000,00 Други фондови или донации
7. Изработка на наменски карти	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2019	декември 2019	внатрешни	1.000.000,00
8. Изработка на студија за избор на оптимална картографска проекција за РМ која што ќе го следи ETRS89 координатниот систем	Сектор за основни геодетски работи	АКН	јануари 2017	декември 2018	надворешен изведувач	500.000,00
9. Изработка на студија за воспоставување центар за обработка на податоци од сателитски снимки, снимки направени со беспилотни летала и ласерски скенери	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2017	декември 2018	надворешен изведувач	1.500.000,00
79, Модернизација на опремата за картографска продукција (набавка на хардвер и софтвер)	АКН	АКН	јануари 2017	декември 2019	надворешен изведувач	15.000.000,00

10. Набавка на беспилотни летала (дронови) со соодветни софтвери за обработка на податоци	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2017	декември 2019	надворешен изведувач/донации	8.000.000,00
Вкупно за резултат 3:						**АКН 34.000.000,00+ Фондови 3.000.000,00= 37.000.000,00**

Резултат 4: План за спроведување

Активност	**Одговорни**	**Консултирани**	**Временска рамка**		**Потребни ресурси**	
			почеток (месец/година)	**крај** (месец/година)	**човечки**	**Финансиски МКД**
1. Воспоставување и ставање во примена на ETRS89 координатен систем	Сектор за основни геодетски работи	АКН	јануари 2017	декември 2019	внатрешни	2.000.000,00
2. Обработка на податоците од спроведените GNSS мерења на EUREF точките во РМ	Сектор за геодетски работи	АКН	јануари 2017	јуни 2018	надворешен изведувач	700.000,00
Вкупно за резултат 4:						**2.700.000,00**

8.6	***А: Оправданост и дизајн на Програмата***
1.Образложение: Програмата „Институционален развој“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА:поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: Воспоставување ефективни и ефикасни процеси преку зајакнување на институционалните капацитети и промена на организациската структура. - Едно-шалтерски систем локално - Поврзување на катастарот со европските катастари (ЕУЛИС - EULIS) - Поврзување на Националниот портал на просторни податоци на АКН со порталите од регионот - Превод на 2 милиони тапии - Размена на податоци од катастарот на недвижности со базите на недвижнини во Општните - Поврзување на системот за издавање на градежни дозволи кој го користат општините со електроснкиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности - Регионализација на АКН	
Назив на програмата: „Институционален развој“	Цел на Програмата: - Поврзување со националните портали од регионот и замјите од ЕУ - Размена на податоци на национално ниво
Показатели за успех на Програмата: националниот геопортал е поврзан со порталите на земјите од ЕУ и регионот, размена на податоци на национално ниво	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	

Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: Едно-шалтерски систем локално	Показател за успешност: број на општини во кои е воспоставен Едно-шалтерски систем
Резултат 2: Поврзување на нционалниот портал на АКН со порталот на (ЕУЛИС - EULIS)	Показател за успешност: Поврзан порталот на АКН со ЕУЛИС
Резултат 3: Поврзување на Националниот NSDI портал на АКН со NSDI порталите на земјите од регионот	Показател за успешност : АКН преку Националниот NSDI портал разменува просторни податоци со порталите на земјите од регионот
Резултат 4: Превод на 2 милиони тапии	Показател за успешност : број на преведени тапии
Резултат 5:Размена на податоци од катастарот на недвижности со базите на недвижнини во Општните	Показател за успешност: Поцент на раменети податоци со базите на недвижности на општините
Резултат 6: Поврзување на системот за издавање на градежни дозволи кој го користат општините со електроснкиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности	Показател за успешност : Електронскиот шалтер е поврзан со системот за издавње на градежни дозволи
Резултат 7: Создавање на нови 8 регионални центри за сметка на постојаните 29	Показател за успешност : Намалување на бројот на подрачни одделнија и намалување на трошоците

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	финансиски МКД
1.Изградба/адаптирање на објекти во кои ке бидат сместени сите државни институции на локално ниво	АКН засегнати страни	АКН	јануари 2020	континуирано	надворешен изведувач	/
Вкупно за резултат 1:						/

Резултат 2: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. измена на законот за КН	АКН	АКН	јануари 2017	јуни 2017		/
2. создавање на технички предуслови за поврзување со европскиот геопортал			јануари 2018	декември 2018		1.850.000,00
Вкупно за резултат 2:						**1.850.000,00**

Резултат 3: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. создавање на технички предуслови за поврзување со европскиот геопортал	АКН/ИМПУЛС	АКН	јануари 2017	јуни 2018		480.000,00
Вкупно за резултат 2:						**480.000,00**

Резултат 4: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1.Превод на тапии	Државен архив и АКН	Државен архив, Институт за национална историја , Министерство за образование	јануари 2017	декември 2019		3.700.000,00
Вкупно за резултат 4:						**3.700.000,00**

Резултат 5: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
2.Размена на податоци од катастарот на недвижности со базите на недвижнини во Општните			јануари 2017	континуирано		300.000,00
Вкупно за резултат 5:						**300.000,00**

Резултат 6: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
Поврзување на системот за издавање на градежни дозволи кој го користат општините со електроснкиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности	АКН/ЗЕЛС	МТВ	јануари 2017	декември 2018		615.000,00
Вкупно за резултат 6:						**615.000,00**

Резултат 7: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. Изработка на Студија за регионализација на АКН	АКН	Работна група од АКН/надворешен консултант	јануари 2017	јули 2017		1.000.000,00
2.Пилот-проект: Формирање на еден регионален центар	АКН		јануари 2018	јуни 2019		6.000.000,00
3.формирање на еден нов регионален центар			јануари 2019	декември 2019		6.000.000,00
Вкупно за резултат 7:						**13.000.000,00**

8.7	***А: Оправданост и дизајн на Програмата***
1.Образложение: Програмата „Консултантски услуги и обуки“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година бр.42-3545/1 од 14 јуни 2016 година: зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО	
2. НПАА:поглавје II Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: Воспоставување ефективни и ефикасни процеси преку зајакнување на институционалните капацитети и промена на организациската структура - едуциран и високомотивиран кадар; - трансформација во самофинансирачка институција; - формирање центар за консултантски услуги и обуки - обучен кадар и обучени професионални корисници и - Промена на постоечката законската регулатива со носење на два нови закони и тоа закон за Агенција за катастар на недвижности и закон за катастар на недвижности	
Назив на програмата: „Консултантски услуги и обуки“	Цел на Програмата: - зголемување на приходите на АКН по основ на извршени консултантски услуги и обуки
Показатели за успех на Програмата: Воспоставен систем за давање консултантски услуги и обуки	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Резултат 1: Спроведени обуки за професионални корисници	Показател за успешност: Број на реализирани обуки
Резултат 2: Континуирани обуки за овластени геодети	Показател за успешност: Број на реализирани обуки
Резултат 3: Вршење на консултантски услуги	Показател за успешност: Број на извршени консултантски услуги
Резултат 4: Изработка на нови законски решенија од областа на надлежноста на АКН и посебен закон за катастар на недвижности	Показател за успешност: Нов закон за АКН, нов закон за катастарските постапки

Б: План за спроведување на Програмата

Резултат 1: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. Реализација на Годишна програма за спроведување обуки	Сектор за координација на меѓународни и национални активности	/	јануари 2017	декември 2017	АКН	250.000,00
Вкупно за резултат 1:						**250.000,00**

Резултат 2: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. Реализација на Годишна програма за спроведување на континуирани обуки	Сектор за координација на меѓународни и национални активности	/	јануари 2017	декември 2017	АКН	250.000,00
Вкупно за резултат 2:						**250.000,00**

Резултат 3: План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)	човечки	Финансиски МКД
1. Вршење консултантски услуги кои вклучуваат канцелариски и теренски, геодетски, правни и информатички работи од областа на премерот, катастарот и геодетски работи за посебни намени	Сектор за координација на меѓународни и национални активности и вработени во АКН	/	јануари 2017	континуирано	АКН	/
Вкупно за резултат 3:						/

9. Финансиските средства за реализација на горенаведениот план се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за период 2017-2019 година.

10. Овој стратешки план влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-8045/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

Цената на овој број е 450 денари.

ISSN 0354-1622
2016192